РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Скопје
Април, 2007 година

**ВОВЕД** ..... **5**

**1 ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ** ..... **6**

1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ..... 6
*1.1.1 Собрание* ..... *6*
*1.1.2 Влада* ..... *8*
*1.1.3 Правосудство* ..... *12*
*1.1.4 Анти-корупциска политика* ..... *13*
1.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВА ..... 13
1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ..... 18

**2 ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ** ..... **22**

**3 СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ** ..... **53**

3.1 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ ..... 53
*3.1.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА* ..... *53*
*3.1.2 ДИРЕКТИВИ ОД НОВИОТ ПРИОД* ..... *59*
*3.1.3 ДИРЕКТИВИ ОД СТАРИОТ ПРИОД* ..... *61*
*3.1.4 НЕХАРМОНИЗИРАНА ОБЛАСТ (член 28, 30)* ..... *65*
3.2 СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ ..... 69
*3.2.1 ПРИСТАП НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ* ..... *69*
*3.2.2 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ* ..... *70*
3.3 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ..... 73
*3.3.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ* ..... *73*
*3.3.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ* ..... *73*
*3.3.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ* ..... *74*
*3.3.4 ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ* ..... *76*
3.4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ ..... 79
*3.4.1 РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛОТ И ТЕКОВНИ ПЛАЌАЊА* ..... *79*
*3.4.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ* ..... *81*
*3.4.3 СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ* ..... *81*
3.5 ЈАВНИ НАБАВКИ ..... 86
3.6 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ..... 89
*3.6.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА* ..... *89*
3.7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ..... 94
*3.7.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА* ..... *94*
*3.7.2 ПРАВО НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ* ..... *95*
*3.7.3 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ* ..... *96*
3.8 КОНКУРЕНЦИЈА ..... 100
*3.8.1 КОНКУРЕНЦИЈА* ..... *100*
*3.8.2 ДРЖАВНА ПОМОШ* ..... *102*
3.9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ..... 104
*3.9.1 БАНКАРСТВО* ..... *104*
*3.9.2 ОСИГУРУВАЊЕ И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ* ..... *106*
*3.9.3 ПАЗАР НА КАПИТАЛ* ..... *110*
3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШЕСТВО И МЕДИУМИ ..... 112
*3.10.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ* ..... *112*
*3.10.2 ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО* ..... *115*
*3.10.3 АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА* ..... *121*
3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ..... 126
*3.11.1 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ* ..... *126*
*3.11.2 СТОЧАРСТВО* ..... *132*
*3.11.3 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО* ..... *134*
*3.11.4 ВИНО* ..... *135*
*3.11.5 ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ* ..... *137*
*3.11.6 ИНСПЕКЦИЈА И НАДЗОР ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО* ..... *139*
3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ..... 141
*3.12.1 БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРОЛА НА ХРАНАТА* ..... *141*
*3.12.2 ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТИКА* ..... *143*
*3.12.3 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА* ..... *146*
3.13 РИБАРСТВО ..... 149
*3.13.1 РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА* ..... *149*
3.14 СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА ..... 151
*3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ* ..... *151*
*3.14.2 ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ* ..... *153*
*3.14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ* ..... *155*

*3.14.4 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ ... 156*
*3.14.5 ДРЖАВНА ПОМОШ ... 159*
3.15 ЕНЕРГЕТИКА ... 160
*3.15.1 БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО ... 160*
*3.15.2 ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА ... 161*
*3.15.3 ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ... 163*
*3.15.4 НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА ... 164*
*3.15.5 ДРЖАВНА ПОМОШ ... 165*
*3.15.6 ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ ПО ИНСТИТУЦИИ ... 165*
*3.15.7 СТРАНСКА ПОМОШ ... 165*
3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ ... 168
*3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ... 168*
*3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ... 170*
*3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И ВЗАЕМНА ПОМОШ ... 172*
*3.16.4 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ... 173*
3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА ... 176
*3.17.1 ОПШТИ НАСОКИ ... 176*
*3.17.2 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ... 176*
*3.17.3 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА ... 181*
3.18 СТАТИСТИКА ... 183
*3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ... 183*
*3.18.2 ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ АУТПУТИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ... 185*
*3.18.3 ДИСЕМИНАЦИЈА ... 187*
*3.18.4 КЛАСИФИКАЦИИ ... 188*
*3.18.5 СЕКТОРСКИ СТАТИСТИКИ ... 189*
*3.18.6 СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 191*
*3.18.7 МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА ... 191*
*3.18.8 ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ ... 194*
*3.18.9 СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ... 195*
*3.18.10 МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС 197*
*3.18.11 РЕГИСТРИ ... 198*
3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ ... 200
*3.19.1 ТЕКОВНА СОСТОЈБА ... 200*
*3.19.2 КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ... 204*
*3.19.3 СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ... 206*
*3.19.4 СТРАНСКА ПОМОШ ... 208*
3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 209
*3.20.1 ИНДУСТРИСКА СТРАТЕГИЈА ... 209*
*3.20.2 ПРИВАТИЗАЦИЈА И ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ ... 210*
*3.20.3 ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ ... 211*
*3.20.4 ПОЛИТИКА НА МСП ... 213*
3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ ... 216
*3.21.1 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ ... 216*
*3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ ... 221*
*3.21.3 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ... 226*
3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ ... 228
*3.22.1 ТЕРИТОРИЈАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ... 228*
*3.22.2 ПРАВНА РАМКА ... 228*
*3.22.3 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ... 231*
*3.22.4 АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ ... 232*
*3.22.5 ПРОГРАМИРАЊЕ ... 233*
*3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА; МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ... 234*
3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ... 236
*3.23.1 ПРАВОСУДЕН СИСТЕМ ... 236*
*3.23.2 АНТИ – КОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА ... 247*
*3.23.3 ОСНОВНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА (види, исто така, Поглавје I – Политички критериуми) ... 258*
*3.23.4 ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ... 258*
*3.23.5 ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ НА ЕУ ... 260*
3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ... 263
*3.24.1 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ, ВИЗНА ПОЛИТИКА, НАДВОРЕШНА МИГРАЦИЈА И АЗИЛ ... 263*
*3.24.2 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ, БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ, СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ДРОГИТЕ, ЦАРИНСКА СОРАБОТКА, СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ ... 272*
3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ ... 290
3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА ... 293

3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА ... 299
3.28 ПОТРОШУВАЧИ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ... 316
3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА ... 323
3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ ... 330
*3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА И БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ ... 330*
*3.30.2 РАЗВОЈНА СОРАБОТКА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ... 331*
3.31 НАДВОРЕШНА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА ... 333
*3.31.1 ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА И ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА ... 333*
*3.31.2 ИНСТРУМЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗНБП (СПРОВЕДУВАЊЕ САНКЦИИ И РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ) 335*
3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ... 339
*3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА (PIFC) ... 339*
*3.32.2 ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ... 340*
*3.32.3 КОНТРОЛА НА ЕУ ФОНДОВИТЕ ... 342*
*3.32.4 ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА ... 344*
*3.32.5 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНЕРЕСИ НА ЕУ ... 346*
*3.32.6 ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ ... 347*
3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ ... 349

**4 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ACQUIS ... 353**

*4.1.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА - РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 353*
*4.1.2 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ ... 356*

**5 НАЦИОНАЛНА ВЕРЗИЈА НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ... 358**

**6 ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ... 362**

# ВОВЕД

По добивањето на кандидатскиот статус во декември 2005 година, Владата на Република Македонија во март 2006 година ја утврди Предлог програмата за усвојување на правото на ЕУ. Содржински документот ги опфати плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, потребната динамика на јакнење на институциите за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација.
Програмата беше презентирана во мај 2006 година пред службите на ЕК во Брисел. Во септември 2006 година беа добиени првични коментари од страна на ЕК. Во октомври 2006 година за предлог програмата расправаше Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија.

Во ноември 2006 година, по објавувањето на Годишниот извештај за напредокот на Република Македонија, се пристапи кон ажурирање (ревизија) на текстот на Предлог програмата за усвојување на правото на ЕУ со цел нејзина натамошна квалитативна надградба земајќи ги во предвид :

- Наодите во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на стабилизација и асоцијација
- Добиените коментари од ЕК
- Краткорочните и среднорочните приоритети на Европското партнерство
- Програмата за работа на Владата на Република Македонија (2006-2010)
- Стратешките планови на министерствата
- Усогласувањето со Буџетот на РМ за 2007 година
- Тековните и планираните проекти на странска помош

Владата на Република Македонија ја усвои Програмата на седницата одржана на 22 март 2007 година. Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија ја разгледа и поддржа Програмата на седницата одржана на 13 април 2007 година.

Содржината на Програмата ја следи структурата на Копенхагенските критериуми, односно ги опфаќа следните делови:

- Политички критериуми
- Економски критериуми
- Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството
- Административен капацитет
- Изготвување на Национална верзија на acquis communautaire
- Комуникација со јавноста за процесот на европска интеграција
- Анекси

Програмата структурално е поделена на наративен дел и табеларен дел (анекси)

**Наративниот дел** ја претставува тековната состојба во сите поглавја, како и клучните приоритети и задачи на легислативно и институционално ниво на краток рок (2007 година) и среден рок (2008-2010 година).

**Табеларниот дел** е поделен во три прилози:
**Прилог 1-** дава преглед на националните правни акти кои се предмет на усогласување со законодавството на ЕУ, со рокови за усвојување, надлежни институции и статус на постапката на нивно донесување.
**Прилог 2: Потребно кадровско зајакнување на институции**
Во овој анекс даден е детален преглед на потребното кадровско зајакнување на институциите прикажано по години и по поглавја. Важно е да се нагласи дека презентираните податоци не претпоставуваат експлицитно нови вработувања. Потребното кадровско зајакнување до максимален можен степен ќе биде обезбедено преку прераспоредување на постоечките капацитети во рамките на администрацијата. Тој претставува основа за изготвување на годишна програма за вработување на Владата на Република Македонија.
**Прилог 3: Буџетски средства и тековна/планирана странска помош**
**Матрица на активности**
Заради обезбедување на конзистентност и интегралност на документите, постојниот Акциски план за Европското партнерство 2005 е интегриран во Националната програма, како матрица на приоритети, цели и активности, која овозможува ефикасно следење на реализација на Програмата. Матрицата во себе ги содржи деталните активности за спроведување на приоритетите и целите во секое од поглавјата.
Како важен инструмент за мониторинг, таа ќе претставува средство за изготвување на неделни и месечни извештаи за спроведување на Програмата, кои ќе се разгледуваат од страна на Владата.

Методолошки, Програмата е конципирана земајќи го 1 јануари 2007 година како почетен датум за реализација на активностите. Меѓутоа, треба да се има предвид дека активностите се реализираа во континуитет согласно Акцискиот план за Европското партнерство.

# 1 ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

## 1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Уставот на Република Македонија е усвоен на 17 ноември 1991 година, од страна на Собранието на Република Македонија, врз чија основа Република Македонија се конституираше како самостојна и суверена држава. Уставот на Република Македонија по донесувањето беше изменет пет пати. Амандманите на Уставот од 2001 година значеа имплементација на Охридскиот рамковен договор. Амандманите од декември 2005 беа во насока на остварување на реформата на правосудниот систем – зајакнување на независноста на судството, како еден од клучните реформски приоритети на Република Македонија.

Доследното спроведување на уставните и законските одредби со кои се имплементира Охридскиот договор останува приоритетна определба на државните институции.

Ќе биде неопходно да се пристапи кон измени на Уставот на Република Македонија пред пристапувањето во ЕУ, од аспект на прашањето на сувереноста, вклучувајќи го и прашањето на надлежноста и постапките за донесување на законодавството на ЕУ.

### 1.1.1 Собрание

Зајакнувањето на парламентарната димензија на процесот на пристапување кон ЕУ е исклучително важно за одржување на општиот консензус за стратешкото значење на европската интеграција и одржување на процесот на реформите.
Собранието има клучна улога за продлабочувањето на националниот консензус за исполнувањето на приоритетите кои произлегуваат од стратешката цел за членство во ЕУ. Собранието, исто така, претставува важен чинител во остварувањето на динамиката на исполнување на критериумите за членство во ЕУ и забрзување на реформските процеси, преку остварувањето на својата законодавна функција - во усогласувањето на националното со законодавството на ЕУ, како и од аспект на остварувањето на неговата контролна функција врз извршната власт.

Продлабочувањето на консензусот треба да се изрази преку активно учество на сите пратенички групи и пратеници во работата на Собранието, зајакнат дијалог меѓу пратеничките групи, како и во рамките на собраниските работни тела, врз основа на доследно почитување на уставните и деловничките одредби.

Иницирана е постапка за донесување на нов Деловник на Собранието на Република Македонија, насочен кон повисок степен на ефикасност на работењето на Собранието, вклучувајќи и посебна постапка за донесување на законите со кои се усвојува правото на ЕУ. За донесување на новиот Деловник треба да се постигне консензус меѓу политичките партии застапени во Собранието.

Отвореноста на пленарните седници на Собранието овозможува висок степен на транспарентност во неговата работа. На седниците на работните тела може да се поканат и научни и стручни работници и претставници на локалната самоуправа, на синдикатите, институции или здруженија на граѓани, заради изнесување на мислења по прашањата што се разгледуваат и вклученост на сите заинтересирани субјекти.

Во јуни 2003 година Собранието донесе Декларација за парламентарната димензија на процесот на интеграција во ЕУ, со којашто се предвидува една седница годишно да биде посветена на овој процес. Со таква практика се започна во декември 2006 година.

Во ноември 2003 во Собранието беше формирана Комисијата за европски прашања (КЕП) која оттогаш одржува редовни состаноци. Според Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена во септември 2006 година, се изврши конкретизирање на надлежностите на КЕП, со цел тежиштето на нејзината работа да биде следењето на процесот на хармонизирање на македонското со законодавството на ЕУ. Во надлежностите на КЕП спаѓа:

- следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија и редовно известување на Собранието за нејзиното спроведување;
- следење на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Македонија и Европската унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската унија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска помош;

- следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, како и предлагање мерки за унапредување на постапките за усогласување, давање мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија;
- следењето на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија и во врска со нив дава мислења и препораки;
- анализирање на последиците од пристапување на Република Македонија во членство во Европската унија и подготвува извештаи во врска со истите;
- редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската унија;
- предлагањето и остварувањето на активности насочени кон информирање на јавноста за процесите на европската интеграција;
- соработката со соодветните комисии на другите земји и
- разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Македонија во членство во Европската унија.

КЕП активно учествува и во регионалната соработка со комисиите за европски прашања и надворешна политика од земјите на Југоисточна Европа, остварува редовно контакти со соодветните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ, како и со Конференцијата на комисиите за европски прашања на земјите членки во Унијата (КОСАК). КЕП активно учествува во работата на Конференцијата на парламентарните комисии за европски интеграции/прашања на државите членки во Процесот за стабилизација и асоцијација во Југоисточна Европа, а во рамките на македонското претседателство со КОСАП се одржа Третата конференција во декември 2006 година.

Воспоставена е практика на поднесување тримесечни извештаи на Владата за преземените активности во процесот на пристапување кон ЕУ, кои ги разгледува Комисијата за европски прашања.

Задолжителната изјава за усогласеност и табела на кореспонденост на секој закон од оваа Национална програма ќе овозможат ефикасна вклученост и суштествена расправа за законите со кои се усвојува правото на Европската Унија во законодавниот дом.

***Избори***

Паррламентарните избори, одржани на 5 јули 2006 година, покажаа значаен напредок на Република Македонија во однос на нејзиниот капацитет за организација на фер и демократски избори според европските стандарди. Таквиот напредок беше постигнат благодарение на заедничкиот ангажман на сите политички партии и помошта од претставниците на меѓународната заедница.

Со донесувањето на Изборниот законик на 29 март 2006 Собранието се изврши кодификација на изборното законодавство и се имплементираа препораките на ОБСЕ-ОДИХР, со што се реализираше еден од клучните приоритети на Европското партнерство 2005. Законикот, како преодно решение за првите наредни парламентарни избори што се одржаа во 2006, предвиде избирачките одбори (5 члена) да се состојат од државни службеници и вработени во јавната администрација (3 члена) и претставници на најголемите партии (2 члена – 1 од опозицијата и еден од владеачките партии) кои освоиле најмногу гласови на претходните избори за пратеници. За следните изборни циклуси со законикот се предвидува членовите на Општинските изборни комисии (ОИК) и избирачките одбори (ИО) и нивните заменици да се избираат од редот на државните службеници, вработени во државната, општинската администрација и градот Скопје и вработените во јавната администрација.

Членовите на Државната изборна комисија (ДИК) се избрани по пат на јавен конкурс. Претседателот се избира на предлог на опозицијата, а замениците на предлог на партиите на власт. Членовите на ДИК се избираат од страна на Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието. Регулиран е начинот на финансирање на изборната кампања од страна на физички и правни лица. За поддршка на работата на ДИК формирана е стручна служба. Зајакната е казнената политика во поглед на казнување на изборните нерегуларности, како и ефикасноста на судските постапки за кривичните дела и прекршоците во областа на избирачкото право.

Натамошните напори на државните институции ќе бидат насочени кон: јакнење на довербата на граѓаните во изборниот процес, согледување и елиминација на воочените недостатоци во изборниот процес, како и доследно санкционирање на изборните нерегуларности. Создадената законска и институционална основа овозможува навремена и сеопфатна подготовка за следните изборни циклуси. За постигнување на ваквите цели, треба да се одржи консензус на политичките партии, како и активно да се вклучи невладиниот сектор.

### 1.1.2 Влада

Владата е составена од претседател и 22 членови, од кои 14 се министри кои раководат со министерствата, а осум се министри без ресор. Согласно Законот за Влада на Република Македонија, Претседателот на Владата има определено четири заменици.

Поставените приоритети на Владата, кои произлегуваат од Програмата на Владата 2006-2010 година се конзистентни со барањата кои произлегуваат од членството во ЕУ: подобрување на животниот стандард на граѓаните, зголемување на вработеноста, зајакнување на борбата против корупцијата, развој на демократијата, подобрување на меѓуетничките односи, политичка стабилност и интеграција во ЕУ и НАТО.

Владата е определена за интензивирање на реформите кои произлегуваат од барањата за членство во ЕУ и воспоставување континуирана соработка со сите политички чинители за одржување и продлабочување на националниот консензус заради постигнување на овој национален приоритет. Владата е истовремено посветена да ја унапредува транспарентноста во работењето и вклученоста на сите субјекти во процесите на донесување на одлуките и спроведување на реформите.

Доследно се почитува воспоставената практика на отпочнување на Владините седници со задолжителна точка – остварување на приоритетите кои произлегуваат од Европското партнерство, која овозможува критички осврт на степенот на имплементација на обврските содржани во Акцискиот план за Европското партнерство, а со усвојувањето на НПАА - на имплементација на обврските кои произлегуваат од НПАА. Исто така воспоставена е практика на одржување на тематски седници посветени на приоритетите кои произлегуваат од пристапувањето во ЕУ најмалку еднаш месечно.

***Јавна администрација***

Реформата на јавната администрација е концептуализирана во Стратегијата за реформа на јавната администрација, донесена од Владата на Република Македонија во 1999 година. Со овој документ се утврдија целите на реформата, главните области во кои таа ќе се спроведува и начелата според кои треба да функционира јавната администрација во Република Македонија: владеење на правото, транспарентност, компетентност, стабилност, одговорност, предвидливост, еднаков третман, ефикасност и етичност.

Стратешката определба за професионална, деполитизирана, ефикасна, одговорна и сервисно ориентирана државна служба вградена во Законот за државни службеници, донесен во 2000 година континуирано ќе се спроведува преку следење на доследното применување на воспоставените начела и стандарди во сферата на селекцијата, вработувањето, одговорноста и оценувањето на државните службеници.

Континуирана реформа на јавната администрација е една од клучните цели на Владата, утврдени во Одлуката за стратешките приоритети за 2007 година. Тие се следните: зголемена транспарентност и понатамошно унапредување на учеството на граѓанското општество и вклучување на социјалните партнери во процесот на донесување одлуки и управување со јавните финансии; зајакнување на административните капацитети на локалната самоуправа и воспоставување на финансиска сигурност; обезбедување на правична застепеност на припадниците на заедниците во јавната администрација, вклучително и судството и јавните претпријатија, зајакнување на капацитетите на инспекциските служби и зајакнување на административните капацитети за Инструментот за предпристапна помош (ИПА).

Заради реализација на целите и забрзување на реформите, Владата ќе ги користи и унапредува инструментите на стратешко планирање и анализа и координација на политиките.

Со развивањето на стратешкото планирање, како и интегрирање на процесот за одредување на приоритетите со буџетскиот процес, значително се зголемува способноста на Владата за остварување на своите функции и распределба на расположливите ресурси за нивно спроведување. Правната рамка преку која се регулира системот за планирање и креирање на политиките ја сочинуваат Законот за Владата на Република Македонија и Деловникот за работа на Владата на Република Македонија во кој се поставени основите за процесите на стратешкото планирање и на анализа на политиките и координација. Методологијата за анализа на политиките и координација (2006) ги утврдува основните начела за креирање политики и заедно со публикуваниот Прирачник за креирање на политиките претставуваат основа за континуирани обуки во државната администрација.

Обезбедување на целосна конзистентност на воспоставените механизми на стратешко планирање, вклучувајќи го и буџетскиот процес, со механизмите и инструментите на процесот на пристапување кон ЕУ е една од клучните цели кои се настојува да се постигнат на краткорочен план. Ова подразбира усогласување и доследно спроведување на утврдени административни процедури, поддржани со електронскиот систем на работење на Владата, како и јакнење на

капацитетите – како на централно ниво на Владата, така и во органите на државната управа. Натаму, ќе се јакне системот на евалуација и мониторинг на спроведувањето на политиките на Владата.

Унапредувањето на постапката за донесување закони што треба да се постигне на краток рок, ќе биде во насока на развивање и имплементација на методологии за проценка на влијанието на законодавството, повисок степен на вклученост на сите релевантни субјекти, како и зголемување на транспарентноста.

Предвидено е јакнењето на хоризонталните капацитети за процесот на пристапување во ЕУ, преку задолжително формирање на сектори за ЕУ во министерствата (прераснување на постојните одделенија во сектори) и нивно кадровско зајакнување. Покрај тоа, натаму ќе јакнат капацитетите на Секретаријатот за европски прашања, со цел ефикасно да ја врши координативната улога утврдена во Законот за Владата – поддршка на процесот напристапување во ЕУ, поддршка на процесот на преговори, следење на имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и поддршка на Комитетот на ССА и поткомитетите, како и координацијата на ЕУ помошта и другата странска помош.
Изменет е Деловникот на Владата на Република Македонија заради посебно обележување и следење на прописите кои произлегуваат од оваа Национална програма, како и обрасците на изјавата за усогласеност и кореспондентната табела. Доследно ќе се спроведува одредбата за задолжителност на изјавата и табелата за секој предложен пропис.
Со цел детално да се уреди постапката во процесот на усвојување на правото на ЕУ, предложено е посебно Упатство на Владата.

Ќе се зајакне позицијата и капацитетот на Секретаријатот за законодавство, кој ги врши работите што се однесуваат на обезбедувањето на конзистетноста на правниот систем и давање на стручни мислења за усогласување на предлозите на закони и на другите прописи со Уставот, со законодавството на ЕУ и со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот, како и давање стручни мислења за прописите на општините за кои Министерството за локална самоуправа тоа ќе го побара. Јакнењето на Секретаријатот за законодавство треба да придонесе за повисок квалитет на законите, воедначена номотехника и конзистентност со барањата на законодавството на ЕУ.

За јакнење на централните координативни механизми придонесуваа и изменетата позицијата и функционирањето на Генералниот секретаријат како стручна служба на Владата, согласно Измените и дополнувањата на Законот за Владата од 2005 година.

Во однос на процедурите што на хоризонтално ниво се применуваат во јавната администрација, покрај буџетските и оние кои се однесуваат на јавните набавки, регулирани со новите закони за буџети (2005) и јавни набавки (2004), најзначаен е Законот за општата управна постапка, донесен во мај 2005 година. Неговата доследна примена, во комбинација со примената на Законот за управната инспекција (донесен во 2004 година), претставува основа за зголемување на ефикасноста на администрацијата, нејзината транспарентност и одговорност, како и основа за зголемена заштита на правата и интересите на граѓаните и правните лица.

Законот за установи (мај 2005), како генерички закон со супсидијарна примена, ги уреди условите и начинот на вршење на услугите од јавен интерес преку јавни, приватни или установи во мешовита сопственост во областите како што се здравство, образование и наука, култура, социјална заштита и детската заштита, како и во други дејности кои со закон се утврдени како јавна услуга.

Надзорната функција на државата ќе јакне преку унапредување на капацитетите на инспекциските органи и нивно координирано дејствување, за што е воспоставен механизам на централно ниво на Владата – координативно тело под раководство на министер без ресор.

Со цел да се подобри соработката на државните органи со Народниот правобранител, воведен е механизам со кој на владини седници на квартално ниво се разгледуваат извештаи за преземени мерки од страна на администрацијата во врска со постапките покренати од НП. Механизмот ќе се унапредува за да се обезбеди повисок степен на одговорност на администрацијата и соодветно имплементирање на наодите од извештаите на Народниот правобранител.

Учеството на граѓанските организации во процесот на креирање на политиките е една од стратешките цели содржани и во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011). Во текот на 2007 ќе се измени Деловникот за работа на Владата со што ќе се утврди предлог-законите да се достапни на јавноста преку интернет-страниците на министерствата и другите органи на државната управа и ќе се обезбеди учество на претставници од граѓанскиот сектор во работата на стручните совети на Владата  (Правниот и Економскиот совет) и други тела.

Согласно Програмата за работа на Владата за периодот 2006-2010 во делот добро владеење и борба против корупцијата, Владата ги утврдува трите основни принципи на своето работење: чесност, транспарентност и одговорност. Како еден од чекорите насочени кон исполнување на принципите и определба за својата работа Владата на Република

Македонија на 15 јануари 2007, го воведе Граѓанскиот дневник како иновативен и ефикасен инструмент за подобрување на јавните услуги и борба против бирократијата и корупцијата. Воведен е и Формулар за оценување на услугите од страна на корисниците кој преставува едноставен прашалник со кој граѓаните-корисници на одредени услуги се прашуваат за начинот, брзината, временскиот рок за добивање на услугата, а едновремено претставува можност за давање предлог за унапредување на начинот на давање на услугите. Алатка за информирање на Владата ќе бидат тримесечните извештаи за резултатите добиени од пополнетите формулари, врз основа на кои ќе предлага мерки за органите во кои состојбите не се подобруваат во текот на две последователни тримесечија и ќе презема соодветни мерки за одговорните лица во органите.

Започнатата имплементацијата на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кој се применува од септември 2006 година ќе биде и понатаму поддржана од страна на Владата и органите на државната управа.

Во следните фази на развој на веб порталот www.uslugi.gov.mk се предвидува надградба која ќе овозможи потполна двонасочна комуникација помеѓу граѓаните и Владата. Досега се промовирани следниве портали: е-седница - систем за подготовка и водење на електронски седници; gs.gov.mk - внатрешен портал на ГС; Apply On-line-електронско поднесување на апликации за вработување на државни службеници; е-набавки - јавни набавки по електронски пат; е-концесии - постапка на доделување на концесии; е-даноци - даночни услуги по електронски пат; е-образование - образование по електронски пат, е-здравство (здравствени регистри и надзор врз лековите), а проект во подготовка е е-буџет.

Интензивираното спроведување на реформите на полицијата по донесениот Закон за полиција во октомври 2006 година придонесува за јакнење на капацитетите на полицијата и унапредување на владеењето на правото. Со донесениот Акциски план за изработка на подзаконските акти неопходни за спроведување на Законот се предвидува тие да се донесат до крајот на јуни 2006 година, со цел навремено да се завршат сите подготовки за да се овозможи ефикасна примена на Законот во законскиот рок – ноември 2007 година. Од ноември 2005 година реформите на полицијата се поддржани со Твининг проект, додека по неговото завршување н, Министерството за внатрешни работи изготви проект за продолжување на процесот на Реформа во полицијата, во рамките на Претпристапниот инструмент (ИПА).
Реформата на Армијата забрзано се одвива врз основа на Годишините акциони планови за членство во НАТО.

***Децентрализација***

По Уставните амандмани од ноември 2001 година со кои се имплементираше Рамковниот договор се воведе нов систем на локална самоуправа во Република Македонија, се зајакнаа овластувањата на општините и суштински се прошириja нивните надлежности. Законот за локална самоуправа ги утврди областите во кои се изврши децентрализација на власта: урбанистичко планирање; локален економски развој; култура; образование; социјална заштита и заштита на децата; комунални дејности; заштита на животната средина и природата; спорт и рекреација; здравствена заштита и спасување на граѓани и материјални добра.

Со Законот за територијална организација на општините и со Законот за градот Скопје, донесени во август 2004 година, се утврди нова територијална организација, со 84 општини и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.

Со цел обезбедување адекватен систем на финансирање кој ќе им овозможи на локалните власти да ги исполнат своите одговорности, во септември 2004 година е донесен Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Во контекст на развојот на локалната самоуправа и процесот на децентрализација на власта, Владата на Република Македонија: усвои Оперативна програма за децентрализација на власта; формира Координативно тело за децентрализација составено од државните секретари на сите министерства; формира Работна група за децентрализација составена од претставници од сите министерства; потпиша Меморандум за соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС); усвои Стратегија за комуникација на процесот на децентрализација; потпиша Меморандум за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС и Агенцијата за државни службеници за координирање на обуката на локалната администрација; усвои Програма за спроведување на процесот на децентрализација на власта за период 2004-2007 со Акционен план.

Беше донесен и спроведен Детален план за трансфер на надлежностите и ресурсите во процесот на децентрализација. Заклучно со 31.12.2005 година од централно на локално ниво се трансферирани 551 установа и 30 236 вработени.
Од први јули 2005, процесот на децентрализација се спроведува во услови на пренесени надлежности, врз основа на 36 закони од Оперативната програма за децентрализација, Програмата за спроведување на процесот на децентрализација 2004 – 2007, Деталниот план за трансфер на надлежности и ресурси и одлуките за пренесување на основачки права, движен и недвижен имот на единиците на локалната самоуправа.

Меѓуминистерската координација се одвива низ Работната група за децентрализација и 10-те тематски подгрупи и се остваруваат континуирани активности за подобрување на законодавството и секторските стратегии за децентрализација. Воспоставен е механизам за мониторинг и евалуација на процесот на децентрализација и истиот ќе продолжи да функционира и во наредниот период. Во негови рамки се воспоставени процедури за редовно и транспарентно известување за напредокот во остварувањето на процесот на децентрализација.

До крајот на 2007 година Владата на Република Македонија ќе усвои Стратегија за рамномерен регионален развој, како основа за воспоставувањето позитивна клима за инвестирање и подршка на развојот. Министерството за локална самоуправа изготвен е текстот на Предлогот за донесување на Законот за рамномерен регионален развој, кој е доставен во собраниска процедура.

Во текот на 2007 година ќе се обрне особено внимание на меѓуопштинската соработка преку подобрување на законската и институционалната рамка за нејзино спроведување.

Што се однесува до општата рамка за планирање, програмирање и имплементирање на процесот на децентрализација главните чекори се:

- Да се изготви нов програмски документ за спроведување на процесот на децентрализација за периодот 2008 - 2010 кој ќе го земе во предвид сегашниот статус на процесот на децентрализација како и новите секторски иницијативи;
- Да се изготви нов акционен план врз основа на програмскиот документ кој ќе ги содржи деталите во врска со имплементацијата – целите, временската рамка, како и конкретните задачи и обврски;

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, самостојното финансирање на единиците на локалната самоуправа, од сопствени извори на приходи и дополнителни приходи обезбедени од Буџетот на Република Македонија, започна од 1 јули 2005. Сопствените приходи се обезбедуваат од даноците на имот, комуналните такси, надоместоците кои ги утврдува општината и дел на приходи кои општината во зависност од сопствената иницијатива може да ги остварува.

Започнати се подготовките за спроведување на втората фаза од фискалната децентрализација, во која од Буџетот на Република Македонија на општините треба да се пренесат блок-дотациите за јавните установи кои вршат работи во областите – култура, социјална заштита и заштита на децата, образование и здравствена заштита - под следниве услови:

- ако општината ги исполнила условите од првата фаза за соодветен кадровски капацитет за финансиско управување;
- покажува добри финансиски резултати во работењето во период од најмалку 24 месеци;
- за добрите резултатите од работењето навремено и правилно го известува Министерството за финансии
- нема заостанати ненамирени обврски кон добавувачи или кон било кои други доверители кои ги надминуваат условите на плаќање што се вообичаени.

До крајот на Јуни 2007 година ќе се донесат критериуми за распределба на блок-дотациите по општини.

Заради отпочнување на реализација на втората фаза, Министерството за финансии подготви анализа на реализацијата на фискалната децентрализација.

Во функција на јакнење на капацитетите завршен е процесот на инкорпорирање на општинската администрација во системот на државната служба во РМ. Имено, стандардите за селекција, вработување, одговорност и оценување на државните службеници во општинската администрација се пресликани од постојниот модел на државна служба заснован врз принципот на мерит.

Ќе се донесе годишна програма за обука на државни службеници која што ќе ги содржи националните и локалните приоритети за 2007 година. Трилатералниот Комитет ја продолжува координативната функција за реализирање на обуките за градење на капацитети. На тој начин ќе се реализира донесената стратегија за обуки во локалната самоуправа. На краток рок обуките особено ќе бидат фокусирани на спроведување и имплементација на законите во областите кои се клучни за процесот на евроинтеграција на земјата (животна средина, социјална и детска заштита, основно и средно Образование итн.), зајакнување на капацитетите на општините за прибирање на даноците, управување со општинскиот имот и локалниот економски развој како и зајакнување на механизмите за внатрешна контрола и ревизија.

Планот за разрешување на долговите донесен од Владата во јули 2005 се реализира, при што е констатиран е генерален тренд на измирување на долговите.

Согласно решенијата во Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, како и Акцискиот план за трансформација на подрачните полициски служби од Стратегијата за реформа на полицијата, предвидено е изборот на Командири на 38 полициски станици од општа надлежност да се изврши од страна на Советите на локалната самоуправа во периодот мај-октомври 2007 година.

Во предметните закони е детално уредена постапката и начинот на избор и разрешување на Командирот на полициски станици од општа надлежност. Командирот на полициската станица на секои 6 месеци писмено го информира Советот на општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Исто така по барање на Советот, Командирот информира за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Воспоставен е механизам за редовни консултации со единиците на локалната самоуправа. Владата е определена за континуирано продлабочување на соработката со Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

### 1.1.3 Правосудство (види, исто така, Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права)

Република Македонија е длабоко навлезена во имплементација на реформата на правосудството дефинирана со Стратегијата и Акциониот план за нејзино спроведување во ноември 2004 година, по што следеа и амандманите на Уставот (декември 2005), како и донесување на клучните реформски закони (2006), со постигнат консезус на политичките субјекти. Завршена е фазата на законски и институционални зафати, а во тек е спроведувањето согласно нововоспоставените институционални решенија. Постигната е клучната цел – јакнење на независноста на судството.

Натамошните активности во јакнењето на независноста на судството и унапредувањето на вршењето на судската функција се насочени кон конкретна имплементација на законските решенија со кои се обезбедува самостојноста, но и одговорноста во вршењето на судската функција, како и унапредувањето и евалуацијата на квалитетот, како основа за напредување. Воспоставената Академија на судии и јавни обвинители, која започна со работа по обезбедувањето на сите потребни предуслови (правни, материјални и човечки ресуси), е дополнителна гаранција за унапредувањето на квалитетот и специјализацијата на судството.

Предвидено е зајакнување на надлежностите на Јавниот обвинител во предистражната и истражната постапка и во преземање мерки за откривање и гонење на сторителите на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција.

Јакнењето на довербата во судството ќе се одвива континуирано, напоредно со остварувањето на целите на реформата, како и со зголемувањето на транспарентноста на судството.

Клучна е и определбата за постепено зголемување на судскиот буџет, која е во директна зависност и од резултатите на предвидените мерки за подигнување на ефикасноста на судството.

Направените измени во кривичната и граѓанската судска постапка, како и специјализацијата на судството, придонесуваат за подобрување на неговата ефикасност. Натаму, со профункционирањето на востановениот институтот на извршители во текот на 2006 година во голема мера е адресиран проблемот на заостатокот на извршувањето на граѓанските предмети, кој значително е намален, а ваквиот тренд се очекува да продолжи. Во насока на зголемена ефикасност се и тековните реформи во системот на прекршоците - во тек е усогласување на посебните закони во кои се предвидени прекршоци со донесениот Закон за прекршоци во 2006 година, врз основа на амандманите на Уставот од 2005 година, така што за одделни прекршоци определени со закон прекршочна санкција ќе може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања, при што е гарантирана судска заштита против одлуките на овие органи, обезбедена преку новоформираните управни судови. Согласно член 154 од Законот за прекршоците обврска за државните органи е во рок од 12 месеци од денот на влегување во сила на наведениот закон да ги усогласат законите[1] во кои се пропишани прекршочни санкции, со новите прекршочни санкции пропишани со овој закон.

---

[1] Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето, Закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница, Закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на РМ, Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, Закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, Закон за изменување и дополнување на Законот за личното име, Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, Закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството, Закон за изменување и дополнување на Законот за странците, Закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, Закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, Закон за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на лица и имот, Закон за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност, Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, Закон за изменување и дополнување на Законот

Покрај тоа, примената на Законот за медијација од 1 ноември 2006 година, како алтернативен начин на решавање на граѓанските, трговските, работните, потрошувачките и други спорни односи овозможува намалување на судските предмети и со тоа подобар пристап до правдата.

Користењето на воспоставените системи за управување со предметите во судовите треба значително да придонесе за модернизација и ефикасност на судството, но неопходна е интензивна планирана обука за судиите и судските службеници.

### 1.1.4 Анти-корупциска политика (види, исто така, Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права)

Изразената политичка волја и согласноста на сите политички субјекти за приоретизирање на борбата против корупцијата со веќе воспоставената солидна и компатибилна со европските стандарди законска рамка ќе резултираат со намалување на степенот и перцепцијата на корупцијата само доколку конзистентно, од сите инволвирани субјекти, се спроведува политиката на „нулта толеранција“.

Напоредно со спроведувањето на политиката на „нулта толеранција“, приоритет ќе биде институционалното зајакнување на органите на прогонот, со цел да ги препознаваат и стручно да ги спроведуваат постапките против софистицираните корупциски дела, вклучувајќи го и перењето на пари.

Јакнењето на Државната комисија за спречување на корупцијата останува клучна определба. ДКСК во првата половина на 2007 година ќе изготви нова ажурирана верзија на својата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата заснована на индикатори за оценка на ефикасноста во нејзиното спроведување. Програмата ќе биде заснована врз столбовите на системот за национален интегритет - политички систем, Собрание и политички партии, правосудство, јавна администрација и локална самоуправа, органи на прогонот и институции задолжени за надзор, економски и финансиски систем, невладин сектор и медиуми. Ќе се вложуваат континуирани напори за натаму да се унапредува веќе значително подобрената соработка на ДКСК со државните органи.

Во насока на обезбедување на сеопфатен пристап во борбата против корупцијата новина ќе претставува изработката на **Акциски план на Владата за борба против корупцијата** кој ќе биде комплементарен со Државната програма. Тој во исто време ќе претставува и јасно изразена заложба на Владата за преземање на мерки и активности од нејзина надлежност за сузбивање на корупцијата, вклучувајќи конкретни чекори за утврдување на изворите на корупцијата во вршењето на јавните функции во сите области поединечно. Во овие рамки е и доследното спроведување на планот за лимитирање на дискреционите овластувања на функционерите.

Клучна определба е и подобрувањето на соработката на сите органи на прогонот, при што Јавното обинителство ја презема водечката улога во истрагата. При тоа, ќе се стави акцент и на спроведување во практиката на веќе потпишаните меморандуми за соработка.

Ефективната антикорупциската политика треба да резултира со соодветен број на донесени и извршени пресуди од страна на македонското судство, за што е неопходна посветеност на сите правосудни структури.

## 1.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВА (види, исто така, Поглавје 23 - Правосудство и фундаментални права)

Уставната и правната рамка се во согласност со **Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и дополнителните протоколи**, која е на сила во Република Македонија од април 1997 година.

Во текот на 2006 година се направија значителни напори за редовно доставување на **извештаи по меѓународните конвенции**. Основниот документ за Република Македонија по сите конвенции на ОН, изменет и ажуриран, во однос на верзијата од 1997 година, беше депониран во Секретаријатот на Високиот комесаријат за човекови права на ОН во јануари 2006 година. Комбинираниот втор и трет Извештај по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права беше доставен до Комитетот за човекови права на 13 октомври 2006. Комбинираниот четврти, петти, шести и седми Извештај по Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација беше доставен до Комитетот на 17 февруари 2006 година. Вториот и третиот Извештај по Конвенцијата против тортура беше доставен до надлежниот Комитет на 31 март 2006 година.

---

за складирање и заштита од запални течности и гасови, Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи и Закон за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи.

Во 2007 година ќе се изработи **Анализа на реализација на препораките добиени по изготвувањето на периодични извештаи** по ратификуваните конвенции за човекови права на ОН. Истото се однесува и на Мислењето на Советодавниот комитет на РКНМ и препораките на Комитет против тортура од посетата реализирана во мај 2006 година.

Неофицијалниот вкупен број на жалби од ратификацијата на Европската конвенција за човекови права и основните слободи од страна на Собранието на Република Македонија на 10.04.1997 година, заклучно со декември 2006 година е 726. Согласно критериумите за допуштеност утврдени во член 35 на Конвенцијата заклучно со декември 2006 година од Европскиот суд за човекови права до Владата на Република Македонија доставени се вкупно 76 предмети за одговор. Во текот на 2006 година доставени беа 29 предмети. Од комуницираните 76 предмети, 29 се веќе завршени и тоа 16 со пресуди, а 13 со одлуки на Европскиот суд. Притоа, Европскиот суд со 12 пресуди констатирал повреда на Конвенцијата од страна на Република Македонија. Со 4 пресуди Судот не констатирал повреда на човековите права, а со 11 одлуки Европскиот суд ги огласил жалбите на подносителите за целосно недопуштени и ја запре понатамошната постапка по предметите.

Јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права ќе се инкорпорира во курикулумот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители. За да се обезбеди континуирано следење на судската пракса на ЕСЧП ќе се публикуваат референтните случаи на Европскиот суд за човекови права во Стразбур и ќе се спроведат специјализирани обуки за судската пракса на ЕКЧП по одделни област.

Во 2006 година година беше формирано **Меѓуресорско тело за човекови права** со кое раководи претставник на Министерството за правда. Во текот на 2007 година ова тело ќе ја интензивира својата работа во насока на јакнење на меѓусебната координација во областа на човековите права на сите надлежни министерства и органи во ВРМ, размена на информации и податоци и реализирање на препораките содржани во извештаите на надлежните комитети на Обединетите нации и Советот на Европа и на други меѓународни организации; давање предлози за унапредување на законската регулатива од областа на човековите права, како и давање на други предлози на ВРМ од значење за унапредување на човековите права во Република Македонија.

### ***Граѓански и политички права***

Согласно судската пракса на Европскиот суд за човекови права во 2006 година, се измени **Кривичниот законик** со бришење на казната затвор кај кривичните дела клевета и навреда.

Во текот на 2006 година, се укина одредбата од **Законот за кривична постапка** која се предвидуваше задолжителен притвор кога постои основано сомнение дека е сторено кривично дело за кое може да се изрече казна – доживотен затвор.

Во текот на 2007 година се планира да се изврши анализа на решенијата содржани во **Кривичниот законик** и **Законот за кривична постапка** од аспект на нивната усогласеност со правните акти на ЕУ и прецедентното право и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права по што потенцијално би се пристапило кон изработка на предлози за нивна измена. Ќе се преземат чекори за измени на Законот за кривична постапка заради редефинирање на одредбите што се однесуваат на процесната заштита на сведоците на начин на кој ќе се обезбеди безбедноста на чувствителните сведоци соодветно да биде балансирана со правото на одбрана на обвинетиот. Ќе се имаат во предвид и решенијата во законите кои се однесуваат на прашањата за: можната ревизија на дефиницијата за силување во контекст на домашното насилство и сексуалната злоупотреба како и процедурата за посетата на Комитетот против тортура на лицата во притвор.

Се предвидува да се воспостави систем за давање на правна помош кој ќе биде финансиран од страна на државата. Ќе се донесе **Закон за бесплатна правна помош** во согласност со Европската конвенција за човекови права (ЕЦХР) и европските стандарди.

Република Македонија ја има потпишано Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинството на човекот во однос на примената на **биологијата и медицината** и двата Дополнителни протоколи во однос на забраната за клонирање на човечките суштества и трансплантација на органи и ткива од човечко потекло. Република Македонија ќе ја ратификува оваа Конвенција до крајот на 2007.

**Дефиницијата за тортура од членот 142** од Кривичниот законик на Република Македонија е целосно усогласена со дефиницијата на Конвенцијата на ОН против тортура и друг вид на сурови, нечовечки или понижувачки казни и постапувања. На 1 септември 2006 година Република Македонија го потпиша **Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура**. Секторот за професионални стандарди во МВР бележи раст во откривањето и санкционирањето на случаите на непрофесионално постапување на полициските службеници. Во 2006 година овој Сектор постапувал по 1400 предмети. Со цел да се следи оваа динамика, од 2006 година МВР поднесува до Владата полугодишни извештаи за случаи на злоупотреба и пречекорување на службената должност.

Во однос на почитувањето на правната рамка за забрана, спречување и санкционирање на тортурата и деградирачкото постапување ќе се спроведат обуки за човекови права во сите органи кои го спроведуваат законот. Ќе се работи на

целосна имплементација на препораките на Комитетот против тортура доставени по посетата реализирана во мај 2006 година.

Со Законот за полиција од 2006 година, се унапреди правната рамка за примената на **полициските овластувања** за собирање на информации, повикување и приведување. Во согласност со Законот за полиција, при собирање на информации, граѓаните не се должни да ги дадат бараните информации на полицискиот службеник. Полицијата е овластена со покана да повикува граѓани само во периодот од 06.00 до 22 часот, а притоа писмената покана, меѓу другото мора да содржи причини за повикувањето, како и поука за правото на бранител во полициската постапка. За повикувањето и извршениот разговор, се подготвува службена белешка.

За **информирање на граѓаните** за нивните права и слободи, во сите полициски станици, на видно место се поставени постерите за човековите слободи и права на лицата во полициската постапка на македонски, албански, српски, турски, ромски, влашки и англиски јазик. Во сите полициски станици на видно место е поставен постер со основните принципи на Етичкиот полициски кодекс, а дистрибуирани се 6.000 примероци на памфлети – *Вашите права* во полициската постапка во локали и на други јавни места.

Во 2007 година, ќе се спроведат сеопфатни обуки на вработените во **Секторот за внатрешна контрола, професионални стандарди и внатрешна ревизија**, во согласност со програмата за постојана обука на вработените. Во првата половина на 2007 ќе се извршат општи и специјализирани обуки за човековите слободи и права и полицијата. Покрај меѓународните документи, во рамките на специјализираната обука, ќе бидат обработени теми кои се специфични и се однесуваат исклучиво на почитувањето на основните човекови слободи и права од страна на полициските службеници во извршувањето на полициските работи, како што се прашањата на легитимирањето, прегледот, претресот, повикувањето, приведувањето, задржувањето, лишувањето од слобода и особено примената на присилбата. Исто така, ќе се спроведат обуки за вештини на комуницирање и водење разговор со лица. За зајакнување на соработката со Народниот правобранител и граѓанскиот сектор ќе се спроведат обуки на вработените во Секторот со народниот превобранител, како и со претставници на НВО кои третираат прашања од сферата на човековите слободи и права во втората половина на 2007 година.

**Правото на почитување на приватниот и семејниот живот и неповредливост на домот** се гарантира со повеќе членови од Уставот. **Член 25** на општ начин го гарантира почитувањето на приватноста на личниот и семејниот живот на поединецот и неговото достоинство и углед. Во 2006 година беше донесен **Законот за следење на комуникациите** со кој се овозможи во постапка утврдени со закон да може да се отстапи од правото на неповредливост на сите облици на комуникација, кога е тоа неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на одбраната.

За имплементација на **Законот за радиодифузна дејност** во 2007 година ќе се изврши угласување на постојните договори за концесија, т.е. премин од концесии во лиценци и ќе се изработи и усвои Стратегија за развој на радиодифузната дејност. Ќе се спроведат обуки на јавните и приватните радиодифузери за имплементација на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти.

Во 2006 година беше усвоен **Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер**. Со спроведувањето на овој закон се обезбеди поголема јавност и отвореност во работењето на имателите на информации како и увид на граѓаните во информациите од јавен карактер. Со законот исто така се основа Комисија за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер, која е независна во своето функционирање и донесување одлуки.

Со измените на **Законот за служба во Армијата на Република Македонија** од 2005 година хомосексуализмот е избришан како повреда на воената дисциплина. **Законот за работни односи** забранува дискриминација по основ на сексуална ориентација.

Работниот текст на **Законот за верски заедници и религозни групи** е доставен на мислење до релевантните меѓународни институции.

Уставот во член 20 им ја гарантира на граѓаните **слободата на здружување** заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Со Законот за здруженијата на граѓаните и фондациите од 1998 се уреди начинот, условите и постапката за основање, регистрација, работење и престанок на здруженијата на граѓани и фондации.

Со Законот за измени и дополнување на **Законот за здруженија на граѓани и фондации** се врши усогласување со Законот за едношалтерски систем преку пренесување на регистарот на здруженијата од судовите во Централниот регистар. Исто така, со законот се врши усогласување со Законот за прекршоци. До Мај 2007 година се планира измена на Одлуката за распределба и изработка на препораки за транспарентни критериуми и процедури за финансирање на здруженијата на граѓани и фондациите од страна на државата.

Во 2008 година ќе се донесе **нов закон за здруженија на граѓани и фондации** во кој ќе се воведе категоријата на организации од јавен интерес и ќе се направат дополнителни измени во насока на унапредување на положбата на невладините организации.

За зајакнување на соработката меѓу **владиниот и невладиниот сектор**, во рамките на Генералниот секретаријат на Владата беше формирано Одделение за соработка со невладините организации, како формален институционален механизам за консултации меѓу владата и граѓанските организации. Во текот на 2006 година. Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011), со Акцискиот план за спроведување.

### *Економски и социјални права*

**Правата на детето** се содржани во член 42 од Уставот и член 40 став 4 кој предвидува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа. **Националниот план за акција за детето** во Република Македонија од 2005 година воспоставува стандарди преку кои ќе се обезбеди заштита и подобрување на условите за рамноправен пристап кон основните права на секое дете за чија имплементација е формирано координативно тело.

Во 2007 година ќе се измени **Законот за заштита на децата** заради реформирање на системот на надоместоците за деца во Република Македонија (подобрување на таргетирањето на корисниците на детски додаток) и негово усогласување со европските и меѓународните инструменти за заштита на децата.

Со **Законот за малолетничка правда**, кој ќе се усвои во првата половина на 2007 година ќе се имплементираат одредбите од Конвенцијата на ОН за правата на детето и Протоколот и ќе се кодифицира малолетничкото кривично законодавство.

Во 2006 година донесен е **Законот за еднакви можности на жените и мажите.** Дефиницијата на поимот еднакви можности произлегува од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на ОН. Законот е усогласен со Директивата на Советот бр. 97/80/ЕЗ од 15 декември 1997 г. за тежината на доказот во случаи на полова дискриминација како и Директивата на Советот бр. 2002/73/ЕЗ за имплементацијата на пристапот за еднаков третман на мажите и жените. Во рамките на Собранието на РМ Согласно со законот, досега се формирани повеќе од 40 комисии за еднакви можности на локално ниво. **Националниот план за еднаквост на половите** од 2002 година ги операционализира одредбите од Уставот на Р. Македонија за еднаквост на граѓаните независно од полот и посебната заштита на мајчинството.

Ревизијата на **националниот акционен план за рамноправност на половите** ќе заврши до крајот на 2007 година.

Во втората половина на 2007 година ќе се направат измени и дополнување на **Законот за семејството** за унапредување на системот на заштита на жртвите на семејно насилство и ќе се изработи Национална програма за семејно насилство**.**

Согласно обврската на РМ и програмата на Европскиот комитет за социјални права, до Октомври 2007 година, ќе се подготви и поднесе годишен извештај за **Европската социјална повелба**. Извештајот ќе се однесува на член 1 (право на работа) и член 15 (право на професионално образование и професионална и социјална рехабилитација на лица со инвалидитет).

Во Ноември 2006 година, донесен е Правилник за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита - Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост. Во однос на мерките за заштита од семејно насилство, досега се отворени 6 центри за заштита и згрижување на жртви од семејно насилство. Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство во соработка со локални невладини организации во периодот 2006-2008 година спроведуваат Проект за градење на позитивни практики во постапување со семејното насилство.

Национална стратегија за **деинституционализација** на институциите за згрижување на деца ќе биде усвоена до крајот на 2007 година.

### *Права на малцинствата, заштита на малцинствата и културни права*

**Рамковниот договор** претставува усогласена рамка за изградба на интегрирано мултиетничко општество кое ќе гарантира мир, стабилност и демократски развој на Република Македонија. Рамковниот договор ја потврди неповредливоста на суверенитетот, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата, ја врати стабилноста на целата нејзина територија, развивајќи механизми на натамошно градење доверба. Рамковниот договор подразбира суштествени измени во уставното уредување и законодавството во насока на значително унапредување на правата на заедниците, со што се делегитимизираат мотивите за конфликт во македонското општество по етничка основа. Воедно, принципите на правична застапеност и засилено вклучување во јавниот живот се основа за реинтеграција на македонското општество и појака кохезија во него.

Соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа со амандманите на Уставот од 2001 година е вградена како една од темелните вредности на уставниот поредок.

Заради внесување на одредби за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници беа изменети/донесени: Законот за државни службеници, Законот за Народен правобранител, Закон за работни односи, Закон за јавните претпријатија, Закон за јавното обвинителство, Законот за судовите и други.

Во периодот по потпишување на Рамковниот договор, владите на Рапублика Македонија воведоа специјални политики чија цел беше практично подобрување на правичната застапеност на немнозинските заедници во јавната администрација, со посебен акцент на полициските и армиските структури. Постигнат е напредок во застапеноста на заедниците кои не се во мнозинство во јавната администрација и јавните претпријатија. Општото ниво на застапеност кај буџетските корисници во јануари 2007 година е 22,2 % (Албанци 16,9 %, Срби 1,6 %, Турци 1,5 %, Роми 0,6 %, Власи 0,5 %, Бошњаци 0,3 %; други заедници 0,8 %). Во правосудството, принципот на правична застапеност во изборот на судии и обвинители, како и составот на Судскиот совет е утврдено во новите закони. Постигнувањето на соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во јавната администрација останува еден од приоритетите на Владата на Република Македонија и во наредниот период.

Во ноември 2006, Владата на РМ, формираше Комитет на министри за следење и координација на активностите кои се однесуваат за подобрување на соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната управа и во јавните претпријатија, составен од тројца потпретседатели на Владата, а раководен од потпретседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор.

Во насока на натамошна имплементација на Рамковниот договор и унапредување на начелото на правична застапеност, во јануари 2007 беше усвоена Стратегијата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство, а за соодветна имплементација на Стратегијата во март 2007 ќе се усвои и Акциски план. Секторот за спроведување на Рамковниот договор креираше лого и веб страна на **www.siofa.gov.mk**.

Со поддршка на CARDS 2002 - проектот PACE I, спроведена е обука и вработување на 600 кандидати за стручно-административни државни службеници. Вториот циклус обуки наменети за 100 преведувачи во рамките на проектот PACE II заврши во јули 2006. Владата со ребалансот на Буџетот за 2006 обезбеди средства за вработување и на крајот од ноември 2006 донесе Одлука за распоредување на преведувачите, кои успешно ја завршија обуката, во судовите и органите на државната управа.

Во Буџетот на РМ за 2007 се предвидени три и пол пати повеќе средства (197.500.000,00 МКД) во однос на 2006 во програмата К5-соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Вкупниот број на студенти од заедниците кои не се во мнозинство на трите државни универзитети постепено се зголемува и достигна 24 % во учебната година 2005/2006 споредено со 20,6 % во 2004/2005 година. На Универзитетот на ЈИЕ, 72 % од вкупниот број на 4800 студенти, се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Квотите за запишување на студенти кои припаѓаат на заедниците на државните универзитети - Св. Кирил и Методиј во Скопје и Св. Климент Охридски во Битола беа определени за академската 2006/07 година. Исто така, беа определени дополнителни квоти за запишување на студенти од немнозинските заедници на Полициската Академија во Скопје, кои изнесуваат до 25% од вкупниот број на запишани студенти во прва година.

Национална стратегија за Ромите и Акциони планови на Декадата за вклучување на Ромите обезбедуваат остварување на поголема интеграција на Ромите во главните текови на македонското општество, намалување на сиромаштијата кај Ромите како најмаргинализирана група и остварување долгорочен развој на ромската заедница. Општините во кои има значителен број на ромско население во изминатиот период ги адаптираа овие планови на локално ниво. Локални планови за вклучување на Ромите досега се изработени во Битола и Куманово. Во 2006 година Министерството за труд и социјална политика во соработка со Ромскиот образовен фонд, УНИЦЕФ и локалните власти започна проект за подобрување и поддршка на процесот на интеграција на децата Роми во предучилишна возраст.
Во согласност со Стратегијата за Ромите, во 2007 година ќе се изработи Акционен план за имплементација во областа на социјалната помош и заштита, како и Акционен план за жени Ромки. За понатамошна имплементација на Стратегијата за Ромите, ќе се изработат Акциони планови за имплементација во областа на медиумите, заштита на човековите права и политичката партиципација.

Во 2007 година ќе отпочнат со работа 8 информативни центри за ромските заедници во Скопје и 7 различни градови ширум Република Македонија. Центрите ќе вршат информирање на граѓаните од Ромската заедница за подобро остварување на нивните потреби и права и ќе работат за поттикнување и зајакнување на соработката со локалната власт и невладиниот сектор. Работата на информативните центри е финансиски поддржана од Министерството за труд и социјална политика и локални невладини организации.

Вториот извештај по Рамковната конвенција за национални малцинства на Советот на Европа беше доставен до Советодавниот комитет на Советот на Европа во јуни 2006 година. Делегацијата на Советодавниот комитет престојуваше во Република Македонија од 26 до 29 ноември 2006 година.

Ќе бидат вложени дополнителни напори за целосно враќање на внатрешно раселените лица и бегалците и за целосна имплементација на Програмата за ревитализација на поранешните кризни региони.

Определбата за доследно спроведувањето на законските решенија кои се однесуваат на употребата на јазиците на заедниците кои не се во мнозинство ќе се реализира преку зајакнување на капацитетите за нивна имплементација. Во насока на јакнењето на овие капацитети е и вработувањето на 99-те обучени преведувачи распоредени во органите на државната управа.

## 1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Во рамките на своите напори за унапредување на регионалната соработка Република Македонија ќе продолжи со:

- иницирање неформални средби на министрите за надворешни работи од земјите на Процесот за стабилизација и асоцијација со учество на МНР од земја-членка на ЕУ.
- имплементација на поставените приоритети како полноправна членка во Процесот за соработка во ЈИЕ (ПСЈИЕ), Пактот за стабилност на ЈИЕ (ПзС), Централноевропската иницијатива (ЦЕИ) и СЕКИ-Центарот во Букурешт за борба против прекуграничниот криминал
- активно учество во ЦЕФТА (согласно Договорот за изменување и пристапување во Централно европскиот Договор за слободна трговија, ратификуван од страна на РМ
- активно учество во Енергетска заедница за ЈИЕ (ЕЗЈИЕ)
- активно учество и во иницијативите поврзани со основната транспортна мрежа во ЈИЕ.

Република Македонија ќе продолжи да биде активно вклучена во дефинирањето на идните облици на соработка во регионот, акцентирајќи ја регионалната сопственост и заложбата ПСЈИЕ, да остане политичка рамка на идната регионалната соработка. РМ поднесе кандидатура седиштето на Секретаријатот за регионална парламентарна соработка да биде во Скопје, а исто така предлага воспоставување на Центар за електро-енергетски интерконекции со седиште во Скопје. РМ е ангажирана во реализација на определбата за време на Самитот на врвот на ПСЈИЕ, што ќе се одржи во мај 2007 во Загреб, паралелно со Регионална маса на ПзС, да се усвојат главните одлуки и документи во врска со идниот Совет за регионална соработјка, како и за измена на Повелбата на ПСЈИЕ, што ќе ги одрази институционалните релации меѓу ПСЈИЕ и СРС.

РМ ја истакна својата кандидатура за седиште на административните структури на Регионално училиште за високо образование на јавната администрација, воспоставено согласно Солунската агенда со Протоколот за соработка за обука и образование на јавната администрација во ЈИЕ .

Соработката во рамките на Еврорегионите е интензивирана. И покрај тоа што Статутот на еврорегионот Охрид-Преспа сеуште не е потпишан, се одвиваат конкретни активности на теренот. Се очекува да завршат регистрациите на албанската и грчката асоцијација по што ќе се формира еврорегионот со конституирање на извршен комитет, кој ќе ја спроведува заедничката програма, која предвидува реализација на конретни проекти во пограничните региони на сите три држави.

РМ ќе го интензивира учеството во регионалните активности од областа на правдата и внатрешни работи, вклучувајќи го и Форумот ЕУ- Западен Балкан.

**Република Македонија останува посветена на развојот на билатералните односи со соседите и со земјите од Западен Балкан**

Билатералните односи со земјите од регионот во изминатиот период ги карактеризираше интензивиран политички дијалог на различни нивоа, како и продлабочување на соработката во повеќе области.

Република Македонија ќе продолжи односите со **Република Грција** да ги гради во континуитет на значајниот напредок по потпишувањето на Времената спогодба во септември 1995 (интензивна економска и друга соработка - Република Грција е најважниот инвестиционен и трет надворешно-трговски партнер на Република Македонија, позитивен тренд во официјалните билатерални контакти). Република Македонија и натаму ќе настојува да се разговара за предложените нацрти за договори, чие потпишување е одложено од грчка страна, а ќе учествува и во најавените активности во рамките на грчкиот План за економска обнова на Балканот.

Отворено прашање во односите на Република Македонија со Грција е разликата околу името на нашата земја. Република Македонија се придржува кон обврските преземени со Резолуцијата 817(1993) на СБ на ОН и го поддржува процесот на продолжување на дијалогот околу ова прашање во рамките на ОН, а кој треба да се води во конструктивна и пријателска атмосфера со взаемно почитување, во духот на добрососедската соработка. Република Македонија цврсто стои на

ставот за зачувување на уставното име на Република Македонија во целокупната внатрешна и меѓународна комуникација, а е подготвена за изнаоѓање на взаемно прифатлива формула во билатералните односи меѓу двете земји.
Воспоставените солидни односи и континуиран политички дијалог со Република Бугарија и натаму ќе се интензивираат. Освен економската соработка, натаму ќе се развиваат преку- граничната соработка, соработката на планот на одбраната, внатрешните работи, правосудството, транспортот и врските, земјоделството, шумарството и водостопанството, локалната самоуправа, културата, заштитата на животната средина итн. Во 2007 г. ќе се отпочне со уредувањето на прашањата поврзани со чистењето на теренот, обновувањето и замената на граничните ознаки долж државната граница меѓу Република Македонија и Република Бугарија. Договорната рамка на односите е во голема мерка заокружена. Република Бугарија предложи потпишување на нова Спогодба за економска соработка поради нејзиното пристапување во ЕУ од 1-ви јануари 2007 година. Новата спогодба треба да ја замени постојната Спогодба за трговска соработка од октомври 1999. Врз основа на Меморандумот за соработка во европската и евроатлантската интеграција, склучен во август 2004, се подготвуваат годишни Програми за соработка, кои успешно се реализираат. Во наредниот период предвидено е и интензивирање на регионалната соработка за Евро-регионите и инфраструктурните проекти од заеднички интерес, како што се Коридорот 8, проектите за Евро-регионот Скопје-Ниш-Софија и др. На крајот на јануари 2007, во РМ се потпиша Трипартитната конвенција за проектот на нафтоводот АМБО.

Со Република Албанија се остваруваат добри и динамични односи, пред сé, на билатерален политички план, а се интензивира и соработката во областа на транспортот, одбраната, безбедноста, царините, културата, образованието и сл.. По деветгодишна пауза се одржа состанок на мешовитата комисија за обележување, одржување и обнова на државната граница меѓу Република Македонија и Република Албанија (27 јануари 2007 год.). Во наредниот период предвидено е склучување на Договор за прекугранична полициска соработка , Договор за добрососедски односи и Договор за железничко поврзување. Република Македонија е заинтересирана и за склучување нова Спогодба за заемни патувања на граѓаните на двете земји и наскоро ќе достави до Република Албанија предлог-текст на Спогодбата. Соработката на планот на размената на искуства во процесот на евроинтеграцијата се одвива врз основа на потпишаниот билатерален Меморандум. Во насока на ефикасно спроведување на одредбите на ССА кои се однесуваат на развивањето на регионалната соработка, за 2007 година предвидено е поведување на постапка за склучување на Спогодба за соработка согласно ССА.

Ќе продолжи со работа Заедничкиот Македонско-Албански Комитет за басенот на Охридското Езеро, согласно Спогодбата за Заштита и Одржлив Развој на Охридското Езеро и неговиот слив од 2004 година. Од 1 јануари 2007 година, Република Македонија и Република Албанија ќе воспоставија слободна трговска област во индустрискиот дел, врз основа на Спогодбата за слободна трговија потпишана во март 2002.

Односите со **Република Србија** се на добро ниво. Започна да се имплементира во практиката Спогодбата за заштита на македонското национално малцинство во СиЦГ и на српското и црногорското во РМ. Ќе продолжи интензивната соработка во разни области, а на економски план Србија и во наведениот период беше главен надворешно-трговски партнер на земјата.

Спогодбата за слободна трговија меѓу двете земји стапи во сила на 1 јуни 2006.
Република Македонија ги поддржува напорите на Србија за побрзо приклучување на европските и евроатлантските процеси и во таа насока доставена е иницијатива за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија во областа на европската интеграција со Предлог Меморандум за соработка.

Демаркацијата на границата не е завршена единствено на делот кон Косово. Се планира отворање на два нови гранични премини за малограничен промет.

Република Македонија продолжува да го следи со особено внимание развојот на состојбите на **Косово**, поддржувајќи ги напорите на меѓународната заедница за финализирање на политичкиот процес за одредување на идниот статус на Косово. Го поддржува предлогот на Специјалниот пратеник на Генералниот секретар на ОН М.Ахтисари како добра основа за решение за идниот статус на Косово на линија на основните принципи на Контакт групата за Косово. Решението за идниот статус на Косово треба да биде ендорсирано од страна на Советот за безбедност на ОН. РМ е особено задоволна од начинот на кој прашањето на техничката демеркација на границата во делот кон Косово е третирано во предлогот на Ахтисари и во таа смисла изразува подготвеност да ги преземе сите потребни активности за имплементација на предложеното решение во предвидениот рок откако решението ќе биде усвоено.

Трговските односи со Косово се во развој, а се очекува нивен пораст врз основа на Времената спогодба за слободна трговија меѓу РМ и УНМИК, која почна да се применува од 2 февруари 2006 година и со која е постигнат висок степен на либерализација во целокупната трговија. И натаму македонската страна ќе вложува напори за унапредување на соработка во некои неопходни сегменти од заемен интерес, а особено во делот што значи олеснување на прашањата од

практичен интерес за граѓаните, врз основа на веќе склучените протоколи со УНМИК во различни области како образование и наука, избегнување на двојно оданочување и заштита на инвестиции, царинска и полициска соработка, регулирање на трансферот на осудени лица, регулирање на граничниот железнички сообраќај, итн. Потпишан е и Времен протокол за соработка во областите на локална самоуправа со Министерството за локална самоуправа на привремените власти на Косово. Договорено е дека на Косово ќе се води посебна грижа за статусот и правата на Горанците.

Согласно демократски изразената волја на црногорскиот народ за независност на **Црна Гора**, Република Македонија на 12.06.2006 донесе одлука за признавање на независноста на Црна Гора. Република Македонија веќе претходно имаше развиено соработка со Црна Гора во голем број на области и како резултат на тоа голем број на спогодби во областа на правда, здравје и животна средина беа потпишани. Генералниот конзулат на Република Македонија во Подгорица започна со своите активности во септември 2005 и со стекнувањето на независноста прерасна на ниво на амбасада.

Политичкиот дијалог со Босна и Херцеговина ќе продолжи да се одвива со континуирана динамика. Со заокружената договорна рамка се создаваат услови за интензивирање и унапредување на соработката. Усогласени и подготвени за потпишување се Спогодбата за реадмисија, Спогодбата за соработка на полето на образованието и науката, Спогодба за ослободување од двојно оданочување и Спогодбата за соработка во областа на борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволена трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегална миграција и др,кривични дела. Република Македонија е подготвена да ги сподели своите искуства во процесот на интегрирање на БиХ во европските и евроатлантските структури.

Односите и соработката со **Република Хрватска** се во континуиран подем во сите области од заемен интерес, особено поради заедничките стремежи на двете земји кон европските и евроатлантските интегративни процеси. Одржаниот прв состанок на Заедничкот комитет во функција на операционализација на Спогодба за соработка во контекст на приближувањето и пристапувањето во ЕУ во јануари 2007 година дополнително ги зајакнува основите за соработката, особено во процесот на пристапување во ЕУ. Постигната е согласност за склучување Спогодба за заштита на македонското национално малцинство во Република Хрватска и хрватското национално малцинство во Република Македонија.

***Соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија***

Република Македонија одржува целосна соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија. Владата на РМ е посветена кон остварување на поблиска и законски заснована соработка со трибуналот. За таа цел, Министерството за правда подготви Закон за соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија кој беше испратен на второ мислење до Трибуналот од кој беа добиени две мислења и ОБСЕ на барање од Министерството за правда добиените коментари беа инкорпорирани во Законот. Законот се наоѓа во собраниска процедура и се очекува да биде усвоен од страна на Собранието во текот на 2007 година. Воедно, постигната е согласност за започнување на процесот на постепено враќање на случаите некаде на средината на 2007 година. Во РМ се преземаат бројни активности со цел исполнување на потребните стандарди за враќање на четирите случаи од Трибуналот. Во Основниот Суд Скопје I на 03.11.2006 година почна со работа новата судница со најсовремена аудио и видео опрема која овозможува сослушување на сведоци со прикриен идентитет и измена на гласот како и опремени се затворски ќелии во КПУ Скопје – Скопје согласно стандардите на Трибуналот. Во рамките на активностите кои РМ ги презема за постапување по предметите што ќе бидат вратени од Трибуналот ќе се обучуваат судии и јавни обвинители за примена на меѓународните казнени норми и правилата на Трибуналот. Судиите и јавните обвинители од сите степени на надлежност, со мешан етнички состав, се номинирани од претседателите на судовите и јавните обвинителства во РМ. Дел од номинираните судии и обвинители оствариja посета на босанските правосудни органи за прашања од областа, а првата половина на 2007 година се планираат и посети на Трибуналот. Во првата половина на 2007 година Академијата за обука на судии и јавни обвинители ќе организира семинари на оваа тема.

***Меѓународен кривичен суд***

Република Македонија е договорна страна на Римскиот статут со кој се основа Меѓународниот кривичен суд и го ратификуваше Римскиот статут на 06.03.2002 година, како 54 држава која го стори тоа, пред неговото влегување во сила со 60-та ратификација на 01.07.2002 година, манифестирајќи ја на тој начин својата силна поддршка за основањето на Судот. Република Македонија и понатаму силно го поддржува Меѓународниот кривичен суд и се залага за јакнење на неговата улога и неговото универзално прифаќање. Република Македонија пристапи кон Спогодбата за привилегии и имунитети на МКС.

Владата на Република Македонија и Владата на САД на 30 јуни 2003 година потпишаа Договор кој се однесува на предавање на лица на Меѓународниот кривичен суд (објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.70/2003). Имајќи ја во предвид препораката на "Насоките и правилата на ЕУ за договорите меѓу земја потписничка на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд и Соединетите Држави во врска со условите за предавање на лица на Судот", усвоени на 30 септември 2002, за националноста на лицата кои не се предаваат на Судот, Република Македонија го

склучи Договорот врз нереципрочна основа, односно тој важи само “за лица од Соединетите Американски Држави“, а кои не се држава-членка на Римскиот Статут. Договорот не важи за државјани на Република Македонија.

Согласно Насоките на ЕУ, Договорот содржи одредба во врска со ограничувањето на неговата важност, односно дава можност за негово раскинување од било која од двете договорни страни. Целосното усогласување на Република Македонија со Насоките на ЕУ претставува среднорочен приоритет.

# 2 ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

**На патот кон исполнување на економските критериуми од Копенхаген**

Во текот на последните 15 години, Република Македонија постигна значителен напредок кон исполнување на економските критериуми од Копенхаген. Како што е образложено во Националната стратегија за ЕУ интеграција на РМ, земјата се обврзува дека ќе го продолжи овој процес и очекува да ги исполни сите аспекти од критериумите во следниот среднорочен период.

Поглавјето е составено од три потпоглавја. Во воведното поглавје, претставен е краток преглед на неодамнешниот макроекономски развој во Република Македонија. Следните две потпоглавја ги изложуваат во главни црти активностите/мерките на политиката што ќе се преземат од властите за целосно да ги исполнат економските критериуми од Копенхаген. Овие активности/мерки на политиката исто така имаат за цел да одговорат на краткорочните и среднорочни економски приоритети дефинирани во Европското партнерство. Второто подпоглавје ги претставува активностите/мерките на политиката, фокусирани кон исполнување на краткорочните приоритети на Европското партнерство, што ќе се воведат со цел зајакнување на постоењето на функционална пазарна економија. Третото подпоглавје е фокусирано на активностите/мерките на политиката, во врска со среднорочните приоритети одредени во Европското партнерство, кои имаат за цел зголемување на капацитетот на земјата за успешно справување со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамките на ЕУ.

**ВОВЕД**

По реализираниот раст на Бруто домашниот производ (БДП) од 4,1% во 2004 година, економската активност во Република Македонија продолжи да се развива со ист интензитет и во 2005 година, достигнувајќи стапка на раст на БДП од 3,8%. Во исто време, просечната стапка на инфлација (мерена преку трошоците на живот) се задржа на мошне ниско ниво од 0,5%. Реализацијата на овие два макроекономски агрегата е во целосна согласност со проекциите од почетокот на годината, со мало отстапување кај стапката на инфлација, иницијално проектирана на ниво од 1.2%.

За разлика од 2004 година кога индустриското производство имаше негативен придонес во растот на БДП, во 2005 година токму индустријата беше главниот двигател на интензивираната економска активност. Иако на почетокот на годината растот во овој сектор беше проектиран на ниво меѓу 5% и 5,5%, остварувањата на крајот на годината покажаа пораст на индустриската активност од 7%, високо над проектираното ниво. Притоа, растот не е концентриран во неколку гранки, туку напротив, 70% од индустриските гранки бележат позитивни резултати во 2005 година. Сепак, најголем раст е евидентиран во традиционалните извозни гранки како што се индустријата за основни метали (пораст од 33,4%), прехранбената индустрија, производството на градежни материјали (21,4%), нафтената индустрија, производството на електрични машини итн. Свој придонес за ваквиот раст на производството секако имаа реактивирањето на неколку клучни индустриски капацитети на крајот на 2004 година, како и, општо, подобрената бизнис клима во земјата.

Во однос на останатите сектори од економијата, повисок раст во однос на проекциите е евидентиран во трговијата (7,9%), транспортот и комуникациите (6,1%), туризмот (6,6%) и финансискиот сектор. Негативни тенденции се евидентирани единствено во градежниот сектор, каде што доцнењето со изградбата на поголемите инфраструктурни проекти иницираше негативна стапка на раст во 2005 година. Слично како и во претходните години, структурата на БДП остана речиси непроменета, со најголемо учество на индустријата од речиси една четвртина (25%), додека од другите сектори, најзначајно учество од околу 13% поодделно имаат трговијата, финансиското посредување и јавниот сектор, потоа следи земјоделството со 10%.

Табела 1: Стапки на раст и придонес во растот на БДП по економски сектори

| | ***Стапка на раст (%)*** | | ***Придонес во растот*** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2004** | **2005** | **2004** | **2005** |
| Земјоделство | 6,2 | 0,2 | 0,7 | 0,4 |
| Индустрија | -0,8 | 4,4 | -0,2 | 1,1 |
| Услуги | 5,3 | 1,8 | 2,8 | 2,2 |
| **БДП** | **4,1** | **3,8** | **4,1** | **3,8** |

*Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ*

На расходната страна, растот во 2005 година, во основа, беше воден од зголемената финална потрошувачката и позитивниот придонес од нето-извозот, кои во вкупниот раст на БДП од 3,8% учествуваа со 2,0, односно 1,6 процентни поени, соодветно. Во исто време, како резултат на забавената инвестициска активност, придонесот на бруто-

инвестициите во вкупниот раст беше низок и изнесуваше околу 0,3 процентни поени. Во рамките на финалната потрошувачка, растот беше воден од зголемената приватната потрошувачка, којашто, пак, водена од порастот на платите, зголемените трансфери и зголеменото кредитирање на приватниот сектор, оствари пораст од речиси 4% на годишно ниво. Во овие рамки, дисциплинираната фискална политика и реализираниот буџетски суфицит предизвикаа речиси неутрален придонес на јавната потрошувачка во вкупниот раст на БДП.

Според прелиминарните податоци од Државниот завод за статистика, кварталните податоци за БДП за 2006 година покажуваат реален пораст од 2,8% во првите три квартали од годината. Овој раст е главно остварен како резултат на растот во секторот услуги, кадешто трговијата забележа пораст од 5,4%, а сообраќајот и врските од 6,9%. Сепак, остварувањата во реалниот сектор во целина се нешто пониски од проектираните, поради нискиот раст на индустријата и нискиот раст во секторот градежништво. Така, во 2006 година индустриското производство се зголеми за 2,5%, додека пак проектираниот годишен пораст изнесуваше 4,1%. Притоа, позначајно намалување забележа издавачката дејност (18%), индустријата за производство на мебел (22%) и снабдувањето со електрична енергија, вода и гас (0,6%).

Табела 2: Стапки на раст и придонес во растот на БДП по економски сектори

| | 2005 | | | | | 2006 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Производствена страна** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **2005** | **I** | **II** | **III** | **I-IX 2006** |
| **Земјоделство** | 1,2 | 0,7 | 0,0 | -1,0 | 0,2 | 0,9 | 0,8 | 0,5 | 0,7 |
| **Индустрија** | 2,3 | 10,5 | 3,5 | 1,7 | 4,4 | 0,5 | 1,6 | 4,2 | 2,1 |
| **Услуги** | 0,6 | 1,1 | 2,6 | 2,9 | 1,8 | 3,3 | 3,2 | 3,0 | 3,2 |
| **БДП** | 2,8 | 4,8 | 4,0 | 3,7 | 3,8 | 2,4 | 2,6 | 3,1 | 2,8 |

Во отсуство на сеопфатни податоци за домашната потрошувачка во Република Македонија, анализата на расходната страна на Бруто-домашниот производ е направена врз основа на квалитативни оценки во согласност со движењето на компонентите на домашната потрошувачка, како и на водечките индикатори, при што ваквата анализа укажува дека растот во 2006 година е повисок од истиот пресметан од производствената страна. Регистрираниот пораст на јавната потрошувачка во трите квартали од 2006 година, како и претпоставениот пораст на личната потрошувачка врз основа на порастот на платите, порастот на кредитирањето на населението, прометот во трговијата на мало, повисоките приливи по однос на приватни трансфери, како и зголемениот увоз на потрошувачки добра, упатуваат на пораст на финалната потрошувачка во првата половина од 4,5-5% и позитивен придонес во БДП од околу 5%. Истовремено, значителниот пораст на инвестициите во машини и опрема во анализираниот период од 20,2%, укажува за високо позитивно учество на бруто инвестициите во порастот на БДП. Ризикот за ваквата претпоставка претставуваат инвестициите во градежништвото, за коишто сеуште нема прелиминарни податоци, но земајќи го предвид остварувањето на градежништвото во трите квартали од 2006 година (пораст од само 0.3%), многу веројатно е дека нивниот раст е релативно низок. Врз основа на прелиминарните податоци, стапките на раст на извозот и увозот укажуваат на негативен придонес на нето-извозот во растот на БДП од околу 2-2,5%.

Порастот на економската активност во 2006 година предизвика соодветно зголемување и на обемот на стоковната размена, при што извозот на стоки забележа пораст од 17,6%, при истовремено зголемување на увозот за 16,6%. Ваквите движења придонесоа за пораст на дефицитот во размената со странство од 14,7% во споредба со истиот остварен минатата година. Ваквата состојба е во најголем дел иницирана од значителниот пораст на цената на нафтата на светските берзи, односно во порастот на трговскиот дефицит нафтата учествува со приближно 51%.

Зголемената извозна активност и високиот прилив на приватни трансфери во изминатиот период доведоа до намален дефицит во тековната сметка од билансот на плаќања и притисоци за апресијација на девизниот курс на денарот на девизниот пазар. Со цел одржување на стабилноста на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото, во анализираниот период беше реализиран вишок нето-откуп на девизи на девизниот пазар преку девизните трансакции на НБРМ.

Движењето на реалниот ефективен девизен курс (РЕДК) претставува значаен индикатор за мерењето на конкурентноста на домашната економија. РЕДК на денарот во перидот 2001-2006 година е релативно стабилен, укажувајќи на одржување на конкурентноста на извозниците на странските пазари, што главно произлегува од пониските цени во домашната економија во однос на земјите -најзначајни трговски партнери, при што неговото ниво во 2006 година е речиси непроменето во однос на 2005 година. Конкурентноста во однос на земјите најзначајни трговски партнери од евро зоната (во пресметката се вклучени 8 земји) исто така е релативно стабилна, при што во 2006 година во услови на повисоки цени во македонската економија во однос на евро зоната, забележана е мала апресијација на РЕДК од околу 1%.

Остварувањата во реалниот сектор и интензивирањето на економската активност имаше соодветна позитивна рефлексија и во социјалниот дел, односно пазарот на работна сила. Така, во третиот квартал од 2006 година стапката на

вработеност е зголемена за 3,5 во однос на истиот квартал минатата година, а стапката на невработеност е намалена за 0,6 процентни поени. Сепак, имајќи ја предвид високата невработеност во Република Македонија (35,9% во третиот квартал од 2006 година), за надминувањето на овој проблем неопходно е остварување на повисоки стапки на раст на БДП, главно преку микро-политики, како и интензивирање на активните политики на пазарот на работна сила.

**Постоење на функционална пазарна економија;** Функционална пазарна економија е воспоставена тогаш кога постои релативно висок степен на усогласеност на суштинските елементи на економската политика во земјата, односно кога е воспоставена рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката преку слободно взаемно дејство на пазарните сили, кога е воспоставен и спроведен правниот систем, вклучувајќи го и уредувањето на сопственоста, и кога е воспоставен развиен финансиски систем и е утврдено отсуството на значајни пречки за влез и излез од пазарот.

***Широк политички консензус за суштинските елементи на економската политика;*** во врска со клучните прашања и интереси на Република Македонија, како што се: а) интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО; б) интензивирање на економскиот развој, создавање на работни места и намалување на сиромаштијата; в) реформи во правосудството со кои треба да се зајакне ефикасното и континуирано извршување на мерките за борба против сите форми на криминал, вклучувајќи организиран криминал и корупција; г) реализирање на мерките од Рамковниот Договор; д) децентрализација на власта од централно на локално ниво, постои широк консензус меѓу политичките партии. Ова може да се потврди со фактот што економските и политичките програми на најголемите политички партии во земјата имаат многу слични цели во врска со сите овие теми. Без разлика дали политичка партија е во позиција или во опозиција, не постои суштинска разлика во однос на овие стратегиски цели и иницијативите за нивно остварување.

Широка поддршка на стратегиските приоритети, целите и иницијативите на Владата исто така е обезбедена и од социјалните партнери: синдикатите, како претставници на работниците, и стопанските комори, како претставници на работодавците. Се одржуваат редовни средби како и јавни дебати меѓу социјалните партнери и Владата.

Исто така, постои согласност кај целото население за приемот во ЕУ. Свесни дека процесот за членство во ЕУ ќе се оствари преку долг и сложен процес, Владата на Република Македонија, започна кампања за подигнување на јавната свест, насочена кон информирање на граѓаните членството во ЕУ како и за условите - политичките, економските, законските и институционалните - кои земјата треба да ги исполни со цел да стане членка на ЕУ. Резултатот од оваа кампања е покажан на последните анкети, каде 91% од населението е за пристапување кон ЕУ.

Економските политики што досега се спроведени од Република Македонија се насочени кон макроекономската стабилност. Меѓутоа, во иднина фокусот на активности на економската политика ќе се пренасочи кон структурните реформи, кои имаат за цел зголемување на порастот и вработеноста и намалување на надворешната нерамнотежа, притоа задржувајќи ги придобивките од макроекономската стабилизација. Овие цели се целосно усогласени со целите на економските критериуми од Копенхаген.

Во текот на минатата деценија, Република Македонија тесно соработуваше со мултилатералните финансиски институции. Поддршката од ММФ имаше важна улога во областите на монетарната политика и политиката на девизен курс, фискалната консолидација, како и во спроведувањето на прудентни политики за надзор во финансискиот сектор, додека Светска банка и ЕБОР се вклучени во креирањето и спроведувањето на политиките на структурни реформи. Оваа соработка е зацврстена преку тригодишниот стенд-бај аранжман со ММФ и Тригодишниот програмски заем за развојни политики на Светска банка, и двата потпишани во втората половина на 2005 година. Новата четиригодишна Стратегија за партнерство на Република Македонија со Светската банка се очекува да биде одобрена од Бордот на директори на Светска банка во текот на март 2007 година.

За време на периодот на транзиција низ кој поминува Република Македонија, поради надворешни и неекономски шокови, како и поради недостаток на информации и искуство од развиените земји за начинот на функционирање на модерните пазарни економии и последователното отсуство на меѓусебно дејствување меѓу различните општествени групи дел од структурните реформи беа реализирани со забавена динамика. Последиците од тоа се ниското ниво на конкурентност и профитабилност. Микроекономските реформи се предуслов за достигнување на потребното ниво на функционална пазарна економија. Синдикатите и стопанските комори, исто така, се свесни за потреба од динамизирање на структурните реформи. Тие се согласија дека динамизирањето на овие реформи е потребно и дека социјалниот дијалог треба да се зајакне. Неодамна одобрениот Закон за работни односи обезбедува правна рамка за зајакнување на соработката меѓу социјалните партнери и е насочен кон воспоставување на услови за постигнување согласност за новите колективни договори.

Најчесто поставувано прашање во медиумите, покрај процесот на децентрализација и пренесувањето на надлежностите на локалната самоуправа, беше Законот за работни односи за кој, по широката расправа, беше постигната согласност меѓу социјалните партнери и политичките партии, имајќи предвид дека во него се содржани искуствата од европските

земји за зголемување на флексибилноста на  пазарот на работна сила како мерка за поттикнување на побарувачката за работна сила, а воедно и за зголемување на влезот на странски директни инвестиции.

Во насока на функционирање на ефикасна пазарна економија, во процесот на подготовката на регулативата, се вклучуваат претставници на деловната заедница и на Сојузот на синдикати на Република Македонија. Овој процес се одвива во континуитет, со тенденција да прерасне во задолжителна консултација на сите заинтересирани страни во подготовката на прописите кои ги носи законодавната власт.

Реално е да се очекува дека ќе се одржи, и ќе се зајакне, широката согласност и поддршката од сите општествени групи и политички партии во однос на основната ориентација на македонската економија на среден рок. Главна заедничка ориентација ќе остане исполнувањето на економските критериуми за функционирање на пазарната економија, поттикнувањето на економски развој, креирањето на деловна клима како предуслови за соочување со притисокот на конкуренцијата и пазарните сили во рамките на ЕУ.

***Макроекономска стабилност, вклучувајќи соодветна стабилност на цените и одржливи јавни финансии и надворешните сметки;*** Република Македонија постигна добро ниво на макроекономска стабилност по внатрешната безбедносна криза од 2001 година. Ниското и предвидливо ниво на инфлација, мерена преку индексот на трошоци на живот (од 2000 година), е едно од основните обележја на македонската економија, со просек од 2,3% годишно во периодот од 1996-2004 година. За земјата, исто така, се карактеристични ниски нивоа на дефицит на Централниот буџетот и дефицит на Општиот владин буџет. Ова е резултат на значителната фискална консолидација извршена во последните три години. Дефицитот на Централниот буџет се намали од 5,3% од БДП во 2002 година на суфицит од само 0,5% во 2005 година. Во однос на Општиот владин буџет, дефицитот од 5,6% од БДП во 2002 година се сведе на ниво на избалансиран буџет со мошне низок  суфицит од 0,3% од БДП во 2005 година. Ваквите движења придонесоа Република Македонија да добие позитивна оценка од страна на големите меѓународни рејтинг агенции за кредитната способност.

Иако земјата има постигнато добро ниво на макроекономската стабилност во текот на изминатите години, преку комбинација на политики составени од прудентна монетарна и фискална политика и политика на де факто фиксен девизен курс, овој процес е придружен со скромен економски пораст (2,8% во 2003 година, 4,1% во 2004 година и 3,8% во 2005 година) и со континуирано високо ниво на невработеност (над 35%). Земјата, исто така, се карактеризира и со постојано висока надворешна нерамнотежа, првично висок трговски дефицит (трговски дефицит од 20,9% од БДП во 2004 година и 18,3% од БДП во 2005 година како и дефицит на тековната сметка од 7,7% БДП во 2004 година и 1,4% БДП во 2005 година). Тоа ја одразува значителната увозна зависност како и релативно нискиот извоз, чија ранливост е дополнително зголемена заради висока концентрација на извоз во одредени сектори. Искуството покажува дека недоволната надворешна конкурентност на македонските стоки и услуги во голема мера е предизвикана од страна на неповолната извозна структура, која доведува до отсуство на соодветна реакција на страната на понудата. Слабостите во врска со растот, вработеноста и надворешниот сектор јасно укажуваат на потребата за надополнување на достигнувањата во областа на макроекономијата со структурни реформи насочени кон подобрување на деловната клима и конкурентноста.

**Движење  на состојбата и структурата на јавниот долг во рамките  на поставените таргети**
Вкупниот јавен долг како процент од просечниот БДП, пресметано  според  GFS методологијата, во декември 2005 година изнесува 48,5%, додека во текот на 2006 година бележи  опаѓање и во декември 2006 изнесува 41,5% од просечниот БДП. Состојбата на јавниот долг е во рамките на Мастришкиот критериум за јавен долг, според кој долгот на општата Влада не смее да надмине 60% од БДП. Во овој долг се вклучуваат и државните записи за монетарни цели, бидејќи нивен издавач  е Министерството за финансии.

Согласно втората методологија за пресметка на јавниот долг, односно согласно Законот за јавен долг во Република Македонија, вкупниот јавен долг како процент од просечниот БДП, во декември 2005 година изнесува 44,0%, , а во декември изнесува 35,9%.

Со состојба декември, учеството на внатрешниот и надворешниот долг во вкупниот јавен долг изнесува 39,7% односно 60,3%. Постои тренд на  зголемување на учеството на внатрешниот долг во вкупниот јавен долг за сметка на надворешниот. Овој тренд значи постепено намалување на ризикот од девизен курс на должничкото портфолио на Република Македонија, преку пораст на денарскиот долг, а опаѓање на долгот во странска валута.

Од аспект на **каматната структура**, поволни промени има и кај внатрешниот и кај надворешниот јавен долг. Имено, следејќи ја целта на стратегијата за зголемување на делот на долгот со фиксна каматна стапка, во разгледуваниот период се бележи зголемување на надворешниот јавен долг со фиксна каматна стапка (долгот кон Лондонскиот клуб на кредитори кој беше со варијабилна каматна стапка  се замени со долг со фиксна каматна стапка преку издавање на Еврообврзницата). Кај внатрешниот јавен долг дојде до намалување на долгот со фиксна каматна стапка што е резултат на издавањето на државните записи за монетарни цели кои се третират како долг со варијабилна каматна стапка.

Позитивни промени имаше и во **валутната структура** на јавниот долг, исто така во функција на целта за зголемување на делот на јавниот долг во домашна валута и долгот изразен во ЕУР. Така, како резултат на извршениот откуп и зголемените емисии на државни хартии од вредност и државни записи за монетарни цели до крајот на 2006 година, долгот изразен во ЕУР и во денари споредено со 2005 година се зголеми за 3,5 процентни поени, односно 7,9 процентни поени респективно, а истовремено за сметка на тоа дојде до намалување на јавниот долг во УСД за 11,6 процентни поени.

**Либерализација на цените и трговијата (рамнотежа меѓу понудата и побарувачката е воспоставена преку слободно взаемно дејство на пазарните сили);**

Цените на стоките и услугите во производството и трговијата во Република Македонија се формираат слободно, според условите на пазарот. Само во одделни дејности за кои на пазарот сé уште не постојат услови за конкуренција, а со цел спречување на монополското однесување, цените се се уште под административна контрола.

Во процесот на транзиција кон пазарна економија, вкупното учество на цените под административна контрола постепено се намалуваше. Со оваа владина мерка за утврдување на највисоките цени, во периодот 2001-2003 година, во просек беа опфатени само околу 11% од малопродажните цени.

Регулаторната комисија за енергетика започна со работа во 2004 година. Како резултат на тоа, цените на одделни видови на енергија преминаа во нејзина надлежност, со што значително се намали обемот на административно утврдени највисоки цени од страна на Владата. Цените на телекомуникациските услуги, исто така, станаа предмет на уредување од страна на соодветно регулаторно тело.

Од почетокот на април 2005 година, можноста за примена на владината мерка за утврдување на највисоки цени престана да се применува, така што сега цените на одредени производи и услуги во јавниот сектор ги формираат управните одбори на Јавните претпријатија. Согласно Законот за јавни претпријатија, јавните претпријатија се должни да добијат согласност за зголемување на цените или од Владата или од локалната заедница, во зависност од тоа кој е основач на јавното претпријатие. Оттука, на ниво на земјата, се формираат цените на производите и услугите на одделни дејности од областа на сообраќајот (поштенски услуги, превоз со железница и аеродромски услуги), како и во областа на одгледувањеето и искористување на шумите. На локално ниво, со давање на согласност за цените на одделни услуги и производи, се формираат цените во производството на сурова вода за водоснабдување на населението и стопанството, производството и дистрибуција на вода за пиење, прочистувањето и одводнувањето на отпадните води (освен пречистителните станици), одржувањето на чистота во градовите и населбите (депонирање на смет) и погребните услуги. Владата на Република Македонија презеде активности за либерализација во телекомукацискиот сектор преку намалување на телекомуникациските трошоци и проширување на пристапот кон интернет што ќе доведе до редуцирање на трошоците за вршење бизнис. Во јануари 2007 година, Агенцијата за електронски комуникации ги намали интерконекциските цени за 300%. Ова ја олесни конкуренцијата во фиксната телефонија и доведе до влез на вториот фиксен оператор „Он нет“ кој е во сопственост на словенечки телеком. Во февруари 2007 година е завршена постапката на меѓународен јавен тендер за влез на трет мобилен оператор и избрана е австриската компанија Мобилком. На тој начин, создадени се конкретни услови за намалување на цените на телекомуникациските услови, како основна придобивка од остварениот прогрес во процесот на либерализација на овој пазар.

Што се однесува на либерализација на трговијата, Република Македонија се заложува за отворена економија, со цел надминување на недостатокот на мал пазар и создавање на институционално опкружување кое ќе овозможи пристап на македонските производи на странските пазари. Земјата го започна процесот на либерализација на трговијата во текот на деведесеттите години, но истиот тој се интензивираше кога таа стана членка на СТО во 2003 година (Протоколот за пристапување на Република Македонија кон СТО стапи на сила на 4 април 2003 година). Република Македонија, исто така, има склучено 11 Договори за слободна трговија. Ваквите договори ја олеснуваат регионалната трговска соработка со земјите од Југоисточна Европа, која е насочена кон подготвување на Република Македонија за побрза интеграција во ЕУ. Со Законот за енергетика (Сл. весник на РМ. бр. 63/2006) пазарот за електрична енергија е отворен за потрошувачите поврзани на високонапонската мрежа (27% од конзумот). Со Договорот за енергетска заедница кој Република Македонија го потпиша на 25.10.2005 година и го ратификува на 29.05.2006 година, пазарот на електрична енергија и природен гас ќе се либерализира за сите комерцијални потрошувачи од 01.01.2008 година а за домаќинствата од 01.01.2015 година.

На 19.12.2006 година во Букурешт, под покровителство на пактот за стабилност и Европската Комисија, се потпиша Договорот за пристапување и изменување на Централно европскиот договор за слободна трговија-ЦЕФТА 2006 од страна на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Молдова, Србија, УНМИК Косово и Романија. Со овој модерен мултилатерален договор во регионот на ЈИЕ, кој се очекува да стапи во сила во текот на 2007 година, се проширува соработката со вклучување нови области како што се услугите, јавните набавки, инвестициите, заштитата на интелектуалната сопственост и на еден начин квалитативно се зголемува регионалната соработка. Со новата ЦЕФТА 2006 ќе се укинат извозните субвенции, ќе се намалат трговските бариери во размената, како и ќе се

прошири кумулацијата на потеклото на стоките. Оттука се очекува генерално позитивно влијание врз трговијата, а особено врз трговијата со земјоделско-прехрамбени производи каде најмногу се употребуваат извозните субвенции и се применуваат нетарифни бариери, како и во трговијата со индустриски производи со примената на проширената кумулација со користење на репроматеријалите од сите членки на ЦЕФТА 2006 и од земјите членки на Европските заедници, Турција и ЕФТА. Република Македонија ќе биде земја – домаќин на ЦЕФТА во 2007 година.

***Способност на финансискиот сектор да ги насочи заштедите кон продуктивно инвестирање (банкарски сектор, небанкарски финансиски институции);*** Транзицијата кон пазарна економија во Република Македонија, слично како и во други земји во транзиција, бараше драстична промена на улогата на финансискиот сектор, а главниот предизвик во оваа област е развивање на ефикасен систем на финансиски пазари и институции. Постојат најмалку две причини зошто преструктуирањето на финансискиот сектор е од стратегиско значење за земјата. Прво, без активни финансиски пазари, нејзиното стопанство нема алтернативен механизам за распределба. Второ, преку посредство на финансиските институции, средствата може да се насочат директно од нето штедачите на нето корисниците, генерално, претпријатијата и приватниот сектор.

Иако финансискиот сектор е значително преструктуиран во текот на последните години, тој се уште не е меѓународно конкурентен во смисла на разновидност на производи, стабилност и трошоци, и понатаму останува мал и во апсолутни и во релативни бројки. Според тоа, клучната главна цел во оваа област е да се зголеми конкуренцијата во финансискиот сектор до степен кој ќе овозможи негово успешно финансиско интегрирање во глобалниот пазар на финансиски услуги. Финансиски систем кој функционира добро, ќе го подигне нивото на национални заштеди, ќе ја намали цената на капиталот за секторот на претпријатија и ќе го подобри обемот и квалитетот на финансиските услуги достапни и за штедачите и за инвеститорите. Мерки на политиката кои се потребни за остварување на наведените цели во финансискиот сектор ,генерално, се состојат од четири групи, и тоа конкуренција, претструктуирање, супервизија и директно усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на ЕУ, иако релативната важност на секоја група мерки се разликува меѓу финансиски потсектори.

Политиките поврзани со развојот на банкарскиот сектор на краток рок пред се` се насочени кон остварување на два приоритети: либерализација на пазарот и стабилност на секторот. Во првата половина од 2007 година ќе се овозможи право на основање на филијали на странски банки во Република Македонија со што влезот на пазарот преку комерцијално присуство ќе биде целосно либерализиран и усогласен со acquis. Истовремено, ќе се донесе правна рамка за основање на небанкарски финансиски институции. Стабилноста на банкарскиот сектор ќе се зајакне преку јакнење на пруденттните стандарди и стандардите за ефикасна банкарска супервизија, во согласност со ЕУ acquis і најдобрите меѓународни практики.

Додека главен приоритет во областа на банкарството е зајакнување на капацитетот на банкарската супервизија и транзиција кон супервизија која е ориентирана кон ризици активностите во областа на осигурување ќе бидат повеќе насочени кон понатамошно правно приближување со директивите на ЕУ (со посебен акцент на строгите барања за дозволи и правила за управување со ризик) и зголемување на супервизијата преку формирање на соодветно и независно тело за супервизија со правна сила и инструменти за спроведување навремена и ефективна супервизија на осигурителната индустрија. Понатамошно проширување на финансискиот сектор ќе се обезбеди преку различни мерки на политиките што ќе овозможи развој на иновативни финансиски инструменти и небанкарски финансиски институции, како што се кредитни компании, заемодавци за земјоделска поддршка, други мали и микро заемодавци, инвестициони фондови итн.

*банкарство*; Имајќи предвид дека банките доминираат во финансискиот сектор во Република Македонија и претставуваат најголем извор на кредити во стопанството, преструктуирањето на банкарскиот сектор е во преден план на финансиските реформи. Секторот помина низ длабоки промени во последните години со цел да се прилагоди на конкурентските пазарни услови. За разлика од многу земји во транзиција, кои во втората половина на деведесеттите години се соочија со банкарски кризи, Република Македонија успеа да ги избегне. Кризи беа избегнати и во неодамнешното минато кога земјата беше погодена од силни неекономски шокови, имено Косовската криза во 1999 година и кризата предизвикана од внатрешниот конфликт во 2001 година.

На 30 септември 2006 година, банкарскиот сектор во Република Македонија го сочинуваа 18 приватни банки од универзален тип, 1 банка во државна сопственост со специфични функции поради кои не претставува конкуренција на деловните банки и 12 штедилници. Од гледна точка на сопственичката структура, учеството на банките во државна сопственост е под 5% од вкупниот капитал на банкарскиот систем, додека странскиот капитал е присутен во 17 банки. Во 8 од овие банки странските сопственици го претставуваат акционерското мнозинство; учествуваат со 50,1% во вкупниот капитал односно со 52,5% во вкупната актива на ниво на банкарскиот сектор. Од овие 8 банки, 4 се подружници на странски банки. Во текот на 2005 и 2006 година, се забележува зголемен интерес на некои реномирани меѓународни банки за влез во одделни банки во Република Македонија.

На 31 декември 2005 година степенот на финансиско посредување пресметан како соодност на вкупната актива, бруто кредитите и вкупните депозити во однос на БДП на Република Македонија забележа пораст и изнесува 49,4%, 24,2% и 34,5%, соодветно. За споредба, на 31 декември 2004 година овие показатели изнесуваа 44,6%, 21,7% и 31,1%, соодветно. Сепак, нивото на банкарско посредување во земјата е сѐ уште прилично ниско ако се спореди со нивото во земјите од Централна Европа кои неодамна станаа членки на ЕУ. Финансиското посредување, пресметано како соодност на вкупната актива и БДП, на 31 декември 2004 година изнесуваше 91,4% во Словенија, 60,9% во Полска, и 99,8% во Република Чешка на 31 декември 2003 година. Сепак на 31.12.2004 година нивото на финансиска интермедијација (изразена како соодност на активата во однос на БДП) во Република Македонија беше повисоко од соодветното за Романија (38,3%), која од 2007 година пристапи кон ЕУ. Заклучно со 30.09.2006 година, вкупната актива на банките во Република Македонија изнесува 157,8 милијарди денари, додека капиталот на банките изнесува 21,7 милијарди денари.

Резултатите на банкарскиот сектор во Република Македонија се прилично добри. Ова може да се потврди со зголемената доверба на населението што се одразува преку порастот на штедењето. На крајот од 2005 година, депозитната база во банките достигна износ од 98 милијарди денари и се зголеми за 19% во споредба со 31 декември 2004 година. Обемот на депозити од нефинансиски субјекти продолжува да се зголемува и во 2006 година, а на 30 септември 2006 година го достигна највисокото ниво од монетарната независност на Република Македонија и изнесуваше 113,2 милијарди денари што претставува годишен пораст од 23,6%. Позитивните резултати на македонскиот банкарски сектор, исто така, се одразуваат и во неговите показатели за профитабилноста. Во 2005 година, секторот оствари позитивни финансиски резултати во вкупен износ од 1,7 милијарди денари, со стапка на поврат на средствата (РОА) од 1,3% и стапка на поврат на капиталот (РОЕ) од 6,3%. За првите девет месеци од 2006 година е остварена добивка од 1,9 милијарди денари, што е во висина на добивката остварена во 2005 година. Стапката на поврат на активата, односно стапката на поврат на капиталот, за првите девет месеци од 2006 година изнесуваа 1,7%, односно 11,1%, соодветно.

Зајакнување на капацитетот на банкарската супервизија има важна улога во зголемување на стабилноста на банкарскиот сектор. Народната банка на Република Македонија, како регулаторен орган на банкарскиот сектор, ја извршува оваа улога врз основа на одредбите пропишани во Законот за Народната банка и Законот за банки. Активностите на Народната банка во доменот на зајакнување на банкарската супервизија се во насока на донесување на новиот Закон за банките, како и во успешно имплементирање на усвоениот План за супервизија ориентирана кон ризиците. Со новиот Закон за банките ќе се изврши понатамошно зајакнување на критериумите за акционер (претходна согласност за стекнување квалификувано учество во банка, со предвидување можност за Народна банка да ја одземе претходно издадената согласност, како и воведување можност Народна банка да врши продажба на акциите на акционер кој повеќе не ги исполнува критериумите за акционер или кој стекнал квалификувано учество без претходна согласност од Народна банка), зајакнување на корективните мерки кои Народна банка може да ги преземе спрема банка, зголемување на ефикасноста на постапката за излез на банка од банкарскиот систем. Исто така Законот ќе обезбеди натамошно зајакнување на прудентните стандарди, унапредување на корпоративното управување на банките, преку зајакнување на улогата и одговорностите на органите на управување, системите на внатрешна контрола, улогата на надворешниот ревизор, зголемување на транспарентноста во вршењето на финансиските активности, зајакнување на сметководствените стандарди и слично. Во новиот Закон ќе бидат прецизирани видовите ризици на кои се изложени банките и ќе се направи чекор за приближување кон новата базелска капитална спогодба преку одредбите за зајакнување на пазарната дисциплина на банките како и одредби за управување со ризиците согласно со видот и обемот на активностите на банка.

Иако квалитетот на средствата и финансиските резултати на македонските банки се значително подобрени во текот на изминатите години, банкарскиот сектор во земјата сепак се соочува со бројни фактички и потенцијални предизвици. Она што е заедничко за нив е отсуството на активности за преструктуирање на банките кои се потребни заради нивно ефективно прилагодување на предизвиците од приемот во ЕУ, и генерално, на предизвиците од глобалната либерализација на финансиските услуги. Покрај конкурентноста, друга област во која се потребни понатамошни подобрувања се однесува на продлабочувањето на банкарскиот сектор. Покрај напредокот во текот на изминатите години, секторот треба дополнително да се развива при споредбата со земјите од Централна и Источна Европа кои неодамна станаа членки на ЕУ.

На 31 декември 2005 година, учеството на монетарните агрегати М1 (тесна дефиниција) и М2 (широка дефиниција на паричната маса) во БДП изнесува 10,4% и 36,3%, соодветно. Во однос на претходната година, учеството на паричната маса М1 е непроменето, што укажува на стабилно ниво на трансакционата побарувачка за пари, додека кај учеството на пошироката парична маса регистрирано е зголемување за околу 3 процентни поени, што укажува на постепено продлабочување на степенот на монетизација на економијата. Ваквиот тренд се очекува да продолжи, согласно реализираниот пораст на паричната маса М2 во 2006 година од 25%. За споредба, просечното учество на монетарните агрегати М1 и М2 во БДП за десетте нови земји-членки на ЕУ на крајот на 2005 година изнесуваше 34,1% и 67,2%, соодветно. Меѓутоа, двете нови земји членки кои пристапија кон ЕУ во 2007 година - Бугарија и Ромаија имаат пониско

просечно учество, кое е сепак повисоко отколку во македонската економија и изнесува 19,2% и 45,3% за М1 и М2, соодветно.

На 31 декември 2004 година, повеќето од кредитите за претпријатијата беа краткорочни со учество од 40,2% во бруто кредитите за претпријатија, додека учеството на долгорочните кредити за претпријатија изнесуваше 36,7%. Но почнувајќи од 30 јуни 2005 година, долгорочните кредити за претпријатија станаа доминантна категорија со учество од 41,6% во бруто кредитите за претпријатија, додека учеството на краткорочните кредити изнесуваше 37,9%. На 30.09.2006 година долгорочните кредити на претпријатија ја задржаа и зацврстија доминантната позиција, со учество од 48,6% во бруто кредитите за претпријатија, додека учеството на краткорочните кредити изнесуваше 33,8%.

*пазари на капитал;* Во текот на последната деценија, пазарот на хартии од вредност се етаблира како значајна финансиска институција, комплементарно на банкарскиот сектор. И покрај динамичниот развој на пазарот на хартии од вредност во текот на изминатите години, овој сегмент од македонскиот финансиски сектор и понатаму останува недоволно развиен според западните стандарди во смисла на неговата длабочина. Ова може да се потврди и со показателите кои обично се користат за сумирање на улогата на хартиите од вредност во финансиското посредување. Вкупната капитализација на пазарот на крајот од 2006 година е 1.822 милиони евра, што е 36,71% од БДП во 2006 година.

Тргувањето со хартии од вредност во Република Македонија се врши преку Македонската берза за хартии од вредност, која е основана во 1995 година. Во текот на 2005 и 2006 година, динамиката на тргување на берзата значително се зголеми. Вкупниот промет на берзата (класично тргување) во 2005 година изнесуваше 109,5 милиони евра што претставува зголемување на прометот во однос на 2004 година од 143,52%, додека пак вкупниот промет на берзата (класично тргување, без блок трансакции и јавни берзански аукции) во 2006 година изнесуваше 176,4 милиони евра што претставува зголемување на прометот во однос на 2005 година од 61,08%. Македонскиот берзански индекс на 31.12.2006 година изнесуваше 3.702,54 денари или 61,51 евра, кој во однос на 31.12.2005 година бележи пораст од 61,54%. Бројот на компаниите кои котираат на Македонската берза на 31.12.2006 година изнесуваше 43.

Причините за подемот на пазарот во 2005 и 2006 година во главно потекнуваат од зголемената транспарентност, објавувањето и достапноста на финансиските информации, зголемената разновидност на понудените хартии од вредност, зголемениот интерес на странски инвеститори, започнувајќи со двата нови пензиски фондови кои почнуваа да прибираат и работат со финансиски средства на 1 јануари 2006 година, продажбата на акции според нивната книговодствена вредност (помалку вреднувани хартии од вредност) и можни преземања.

Комисијата за хартии од вредност врши регулирање и контрола на учесниците на пазарот во смисла на нивното работење со хартии од вредност на територијата на Република Македонија и во рамките на своите законски надлежности и овластувања таа е одговорна за законско и ефикасно функционирање на пазарот на долгорочни хартии од вредност и за заштита на правата на инвеститорите. Со цел понатамошно подобрување на правната рамка за издавање и тргување со хартии од вредност, и во насока на понатамошно приближување до законодавството на ЕУ, Собранието донесе нов Закон за хартии од вредност на 7 ноември 2005 година. До крајот на 2006 година, Комисијата за хартии од вредност донесе 58 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност а за 3 подзаконски акти побарана е техничка помош. Во првиот квартал од 2007 година Комисијата за хартии од вредност има обврска да подготви Стратегија за зајакнување на улогата и функциите на Комисијата за хартии од вредност во делот на секторот за контрола на пазарот на капитал. Со Стратегијата на Комисијата треба да бидат идентификувани областите и учесниците на пазарот на капитал за кои постои најголема веројатност да бидат извор на прекршување на прописите за работење со хартии од вредност и измами. Откако еднаш ќе се изврши идентификација на областите со најголем ризик, Комисијата за хартии од вредност ќе може да изврши поефикасна алокација на нејзините ресурси со концентрирање на најризичните проблеми и ентитети.

И во другите сегменти од пазарот на капитал претстојат значајни случувања, и се очекува сите да имаат позитивно влијание врз проширувањето и продлабочувањето на овој сегмент од финансискиот систем. Во втората половина од 2005 година, две друштва за управување со пензиски фондови започнаа со активности кои почнаа да прибираат и да работат со финансиските средства од 1 јануари 2006 година. Нов развој, исто така, се очекува и во областа на инвестициските фондови. Засега, не постојат вакви фондови во земјата. Се очекува прилагодувањето на законодавството во оваа област предвидено за втората половина на 2007 година, кое не само што ќе ја подобри правна рамка во овој сегмент од финансиската индустрија, туку и целосно ќе го усогласи македонското законодавство во оваа област со законодавството на ЕУ.

**Осигурување**: Заклучно со 31 декември 2006 година, постојат 10 приватни друштва за осигурување регистрирани во Република Македонија (само во споредба со 2001 година) и 5 осигурително брокерски друштва кои работат на пазарот како посредници меѓу друштвата за осигурување и нивните клиенти. Од 10 друштва за осигурување, едно има дозвола за

вршење на работи на неживотно осигурување и реосигурување, едно има дозвола за вршење на работи на осигурување на живот, додека останатите осум се регистрирани само за вршење на работи за неживотно осигурување. На крајот на 2006 година, учеството на странскиот капитал на осигурителниот пазар изнесуваше 62.5%. Четири друштва за осигурување се целосно со странски капитал.

Обемот на бруто премиите пресметани во 2005 година, согласно финансиските извештаи на друштвата за осигурување, изнесуваа 5.105 милиони денари што е еквивалентно на само 1,96% од БДП. Остварената бруто премија во првите III квартала од 2006 година изнесува 4,095 милиони денари, односно бележи пораст од 6.89% споредено со истиот период минатата година. Само во IIII-от квартал пресметаната бруто премија изнесува 1,568 милиони денари, и бележи раст од 26.4% во однос на просечно остварената бруто премија во првите два квартали од годината. Доколку и во IV-от квартал продолжи трендот на полисирање на бруто премијата согласно просечно оствареното во првите три квартали, вкупната бруто полисирана премија во 2006 година ќе бележи раст од околу 5.7% во однос на оствареното во 2005 година. Од вкупната пресметана бруто премија во текот на првите три квартали во 2006 година, 97,4 милиони денари, односно 2,38%, се однесува на осигурување на живот, што преставува пораст од 26.34% во однос на истиот период минатата година.

Структурата на понудени производи е прилично неразвиена. На осигурувањето на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица (задолжително осигурување) со учество од 45,92 во вкупно пресметаната премија во текот на привите III квартали на 2006 година, сè уште отпаѓа најголем дел од пресметаната премија, по што следува осигурување на имот со учество од 26,15%.

Пазарот на осигурување во целина се карактеризира со релативно висока пазарна концентрација на крајот на III-от квартал од 2006 година, односно учеството на бруто премијата на првите две најголеми друштва за осигурување во вкупната бруто премија на национално ниво во извештајниот период изнесува 51,7%. Истото претставува пад од 6,6% во однос на нивото на пазарна концентрација присутно на пазарот на осигурување на крајот на 2005 година.
Овие бројки јасно посочуваат дека секторот на осигурување во Република Македонија е прилично неразвиен според стандардите на ЕУ во како во однос на износот на премијата, така и во однос на нејзината структура.

Основната законска рамка со која се уредуваа интегрирањето, работата и надзорот на друштвата за осигурување и осигурителните брокерски друштва во Република Македонија е Законот за супервизија на осигурување. Законот во одредени аспекти е усогласен со законодавството на ЕУ од областа на осигурувањето, но ќе биде потребна понатамошно транспонирање во неколку области, особено во областа на -супервизија на осигурувањето. Со Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за супервизија на осигурување коиј треба да се донесе до крајот на март 2007 година ќе се пропише правна рамка за основање на независен орган за супервизија на осигурување. Согласно Предлог Законот во текот на 2007 година надлежностите во поглед на спроведување супервизија врз работењето на друштвата за осигурување треба да се пренесат на новата Агенција за супервизија на осигурување која согласно законот ќе има самостојност и независност во одлучувањето и постапувањето.

**Преструктуирање на сопственоста и претпријатијата (приватизација и структурни реформи);** Приватизацијата на претпријатијата во општествена сопственост е речиси завршена. Во текот на приватизацијата беа приватизирани претпријатија со општествен капитал од сите стопански гранки: индустрија, градежништво, трговија, транспорт, занаетчиство, туризам, земјоделтство, осигурување, игри на среќа и услуги. Со програмите за преструктуирање дел од претпријатијата беа ликвидирани, а дел од нив успешно се преструктуираа или најдоа странски инвеститори.

Со тоа, во март 2005 година, Агенцијата за приватизација престана да постои. Остатокот од општествениот и државниот капитал, како и недвижниот имот, коишто на Агенцијата и беа пренесени од приватизираните претпријатија, го продаваат институциите – правни наследнички на Агенцијата. Следната фаза во процесот на приватизација е трансформацијата на јавните претпријатија.

Од јавните претпријатија, кои се исклучиво во *државна сопственост*, прв беше приватизиран Македонскиот телеком. Во однос на преостанатите 34,813% акции во државна сопственост, Владата, по завршување на ревизијата на сметките на АД Македонски Телекомуникации за 2005 година,, ќе донесе одлука за соодветен модел на располагање со преостанатиот дел од акциите кои се во државна сопственост.

Приватизацијата на голем дел други јавни претпријатија беше овозможена со донесувањето посебни закони, како на пример: Законот за здравствена заштита, Законот за установи, Законот за култура, Законот за трансформација и приватизација на ЈП Македонски железници и Законот за радиодифузија. Врз нивна основа во изминатите две години беа приватизирани аптеките, бањските лекувалишта и неколку кино сали, а во текот на оваа година се очекува да бидат приватизирани и остатокот од кино салите и 29-те локални радио станици. Оваа година ќе се спроведе и трансформација

и приватизција на три најголеми јавни претпријатија: ЈП Македонски шуми, ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор и ЈП Македонски железници.

ЈП Македонски железници претрпе значителен процес на преструктуирање, при што неговите активности се во фаза на поделба на два нови субјекта: за транспорт и за инфраструктура. Поделбата и формирањето на овие две нови компании ќе бидат комплетирани до крајот на вториот квартал од 2007 година. Определбата е да се приватизира делот за транспорт, додека инфраструктурата и понатаму ќе остане во државна сопственост.

Во текот на 2007 година се предвидува целосна реорганизација на Македонска Радио Телевизија заради подобрување на квалитетот на услугите и зголемување на независноста на овој национален јавен сервис.

Во енергетскиот сектор, по издвојувањето на електропреносниот систем и системот за управување во одделна компанија во државна сопственост (АД МЕПСО) во 2004 година, во текот на 2005 година се продолжи со реформите во електроенергетскиот сектор согласно Законот за трансформација на АД „Електростопанство на Македонија" (Службен Весник на РМ Бр. 19/2004) со издвојување на производните капацитети во ново претпријатие (АД ЕЛЕМ) и одделна термоелектрична единица АД „ТЕЦ Неготино", со што АД ЕСМ остана да ја врши дејноста на дистрибуција и снабдување со електрична енергија на околу 700.000 дистрибутивни потошувачи. Во 2006 година се изврши приватизација на АД ЕСМ со продажба на 90% од акциите на австриската компанија ЕВН АГ, преку јавен тендер.

Во производниот домен, во тек е постапката за приватизација на АД „ТЕЦ Неготино" со продажба на 100% од акциите на стратегиски инвеститор и обврска за изградба на дополнителен производствен капацитет (јавниот повик е објавен на 05.01.2007 година).

Во однос на останатите сегменти од енергетскиот сектор, Владата објави меѓународен тендер за изградба на хидроцентралите Чеберн и Галиште за кои е завршена фазата на претквалификација, а до крајот на април оваа година ќе се објави меѓународен тендер за изградба на хидроцентралата Бошков мост. Првиот пакет за изградба на 60 мали хидроелектрани од вкупно 400, ќе биде понуден на меѓународен тендер до крајот на февруари 2007 година, по што ќе следат објави и за преостанатите мали хидроелектрани кои ќе бидат понудени во пакети од по 60 до 80. Во март Владата ќе распише меѓународен јавен тендер за изградба на комбинирана топлинска и електрична гасна централа во Скопје.
До крајот на април оваа година Владата планира да го промени пазарниот модел во енергетскиот сектор, односно преку измени во Законот за енергетика да овозможи големите индустриски потрошувачи да купуваат електрична енергија директно од странски произведувачи, со што МЕПСО повеќе нема да има обврска да ги снабдува големите потрошувачи со електрична енергија по цени кои не ги покриваат трошоците и на тој начин ќе биде растоварен од загуби од работењето по тој основ. Тоа ќе ја зајакне финансиската стабилност на оваа компанија, што е значајно за ублажување на потенцијалните фискални ризици.

Приватизацијата, исто така, започна и во социјалниот сектор и во јавната администрација. Дел од несуштинските дејности во здравството, образованието и администрацијата беа издвоени од државните субјекти и преминаа во приватниот сектор.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита од 2004 година за прв пат се даде можност за трансформација на делови од јавните здравствени установи во приватни здравствени установи, по пат на издавање под закуп на организациони единици на вработените – доктори, заради основање на приватни здравствени установи. Согласно овој Закон, Министерството за здравство во соработка со сите здравствени домови подготви Програми за спроведување на Законот за секој здравствен дом одделно, во кои беа планирани ординациите кои можат да се издаваат под закуп и деловите кои остануваат во јавното здравство. Врз основа на конкурси, ординациите беа издадени под закуп на вработените доктори, вработени во тие ординации, заедно со медицинската опрема со која располагаат.

Со оваа измена на законот беа прватизирани аптеки по пат на продажба и поголем број на аптеки по пат на издавање под закуп. По пат на закуп се приватизираа и стоматолошките организации кои вршеа примарна стоматолошка дејност.
Со измените на законот предвидена е и трансформација на несуштинските дејности во примарната здравствена заштита: правни, економски, административно-технички и други слични служби.

Во октомври 2005 година беше донесена втора измена на Законот за здравствена заштита, со која е предвидено по пат на закуп да се трансформира и останатиот дел од стоматологијата, како и примарната здравствена заштита.

Во 2005 и 2006 година се вршеа трансформации на деловите од јавното здравство во приватни здравствени установи.

Според најновите пресечни извештаи на Министерството за здравство, досега се приватизирани 655 ординации од општа медицина, 911 специјалистички ординации (гинеколози, педијатри, медицина на трудот), како и 210 стоматолошки ординации, со што 4324 вработени (фармацевти, доктори на стоматологија, доктори на медицина и медицински сестри и техничари преминаа од јавниот во приватниот сектор.

Се очекува целиот процес на трансформација да заврши кон крајот на февруари.

Владата објави меѓународен тендер за избор на консултант со чија помош ќе се изработи студија за развој на аеродромите во Скопје и Охрид. До крајот на третиот квартал од 2007 година се очекува моделот за концесија или приватизација да биде утврден по што ќе следи меѓународен тендер за двата аеродрома.

Процесот на преструктуирање во Јавното претпријатие за поштенски сообраќај Македонска пошта започна во 2006 година кога се изврши негова трансформација во акционерско друштво во државна сопственост. До јули 2007 година ќе биде изготвена стратегија за развој, во која ќе бидат утврдени понатамошните активности за преструктуирање.

**Непостоење позначајни бариери за влез (отворање на нови фирми) и излез од пазарот (стечај, ликвидација);**
Еден од приоритетите на Владата на Република Македонија е креирање поволна инвестициска клима и поттикнување на развојот на приватниот сектор преку реформи во деловното окружување и зајакнување на капацитетите на институциите. За таа цел, во тек е имплементација на проектот за реформи во деловното окружување и институционално зајакнување, концепиран во насока на спроведување на Европското партнерство на Република Македонија со Европската Комисија, чија цел е унапредување на конкурентноста на приватниот сектор. Една од најважните компоненти на овој проект, се однесува на Регулаторната Реформа со која до септември оваа година ќе бидат ревидирани и поедноставени голем број на формалности и прописи со кои се регулира вршењето бизнис во Република Македонија заради елиминирање на сите неефикасни и антипазарни инструменти во законската регулатива кои содржат ценовни контроли и ограничувања за влез на пазарот. На сила ќе останатат само оние прописи и формалности кои се неопходни со подобрување на нивниот квалитет и истите ќе бидат содржани во Единствен електронски регистар на прописи, кој ќе биде објавен до октомври 2007 година. Ефектите од регулаторната реформа се подобрување на условите за вршење бизнис и намалување на трошоците за деловните субјекти, намалување на бројот на регулативни инструменти и нивно поедноставување, намалување на бирократијата и корупцијата, правна сигурност за бизнисмените и комплетна слика за регулаторната структура. Регулаторната реформа, односно постапката за преиспитување на прописите започна со владина одлука донесена крајот на ноември 2006 година, со која се утврди акциски план и се воспостави институционален механизам за нејзино спроведување: Координативен комитетет на највисоко ниво раководен од заменик претседателот на Владата за економски прашања, Комисија за спроведување на регулаторната реформа и работни групи во рамките на министерствата и другите органи на државна управа. Во имплементацијата на овој проект е вклучена и деловната заедница и граѓанскиот сектор, преку давање конкретни мислења и предлози за поедноставување на прописите. Стопанските комори, Националниот совет за претприемништво и конкурентност и Меѓународниот совет на инвеститори делегираа свои претставници кои на постојана основа работат со Комисијата за спроведување на регулаторната реформа.

Во рамките на регулаторната реформа, до септември оваа година, Владата ќе донесе законска рамка за оценка на влијанието на регулативата, според која за сите нови предлог прописи користејќи ги алатките и техниките на РИА, ќе биде потребно да се изврши проценка на нивното влијание врз деловниот сектор што ќе вклучува и задолжителна консултација со бизнис заедницата.

За координација и следење на имплементацијатата на регулаторната реформа, формиран е Сектор за регулаторна реформа во рамки на Владата на Република Македонија, кој е адкватно финансиран и кадровски екипиран.

Во врска со подобрувањето на квалитетот на регулативите кои се однесуваат на деловните активности и градењето на институционалниот капацитет, како и на регулативите кои се значајни за влез на пазарот и нивно правилно функционирање и следење, Владата достави предлог за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва со цел имплементација на принципите на ОЕЦД за корпоративно управување, подобрување на деловната клима и привлекување на странските ивестиции.2
Во Република Македонија со почеток од 4.01.2006 година отпочна функционирањето на едношалтерскиот систем. Основната правна рамка поставена 2005 година беше надградена во 2006 со финализирање на постапките за измени на закони вклучително и последната измена и дополнување во 2007 година на Законот за едношалтерски систем.[3]

Централниот Регистар на Република Македонија ја презеде одговорноста за регистрација од 04.01.2006 и оттогаш во значителна мерка е зајакната регистрацијата на правните субјекти. Денес едношалтерскиот систем ги задоволува

[2] Види повеќе во поглавје 06 Право на друштва
[3] Види повеќе во поглавје 06 Право на друштва

барањата за доставување на едно барање, на еден шалтер и во една посета. Постои изворендно квалитетна електронска база на податоци воспоставена за сите трговски друштва и други правни субјекти. ЦРРМ обезбедува точна информација за бизнис партнерите, има унифициран дистрибутивен електронски систем за регистрација на сите правни субјекти, постигнува степен на поголеми буџетски заштеди на сметка на несуштествени мултиплицирања на административни регистри и воопшто, централизирана база на податоци за сите правни субјекти и на крај секако дава база за макроекономското буџетирање. Ова има значително позитивно влијание на Владината политика за привлекување странски инвестиции со укинување на административните бариери за регистрација и примена на највисоките европски директиви и стандарди во оваа област. Квантитативните показатели покажуваат дека во текот на 2006 година се регистрирани вкупно 27.647 пријави од кои 10.650 се основања на нови трговски друштва. Просечното време на регистрација на основање е 5 денови, а на промена и бришење 2 дена со тенденција на намалување. Според публикацијата Doing business на Светска банка ваквата поставеност на процесот на регистрација (намалување на потребното време од 48 на 5 дена, намалувањето на трошоците и бројот на процедурите од 13 на 7) на Република Македонија и донесе напредок од 53 места во делот на основање на трговски друштва. Со новите измени на Законот за едношалтерски систем, регистрацијата на претпријатија може да се реализира и за 3 дена од денот на доставување на барање. Престојат реформи на Централниот регистар за да се уреди процедурата за поднесување на годишните сметки по електронски пат.

Со оглед дека регистрацијата на имотните права има влијание врз деловното окружување и климата за инвестирање, Владата започна со спроведување на длабоки, сеопфатни реформи во Катастарот. Во согласност со усвоениот Акциски план за надминуваање на потешкотиите во работата на Државниот завод за геодетски работи, систематизиран е сет на нормативно-правни и институционални активности. Ефектите од реформата се: 1. поедноставување на процедурите и зголемување на ефикасноста, 2. воведување на електронски катастар, 3. зајакнување на човековте ресурси и подобрување на условите за работа, 4. јакнење на комуникацијата со корисниците на услугите и намалување на корупцијата.

Во моментот, околу 50% од територијата на Република Македонија е евидентирана во Катастарот на недвижности, додека останатите 50% се покриени со Катаракот на земјиште. Во однос на целосното воспоставување на Катастар на недвижности на територијата на РМ, интензивно се работи на проширување на Единствениот катастар на недвижности, со што до крајот на 2007 година се предвидува 68% покриеност, а целосна 100% покриеност до крајот на 2008 година. Со ова ќе се обезбеди правна сигурност на инвеститорите и ќе се овозможи користење на земјиштето при обезбедување на заеми.

Други значајни подобрувања на постојните прописи кои влијаат на деловното окружување се планирани со новите измени на Законот за преземање на акционерските друштва, со кои ќе се зголеми заштитата на малите акционери и ќе се зајакне транспарентноста и финансиското известување[4].

Со донесувањето на Законот за ревизија кој е усогласен со релевантните европски директиви се создадоа услови за организирање на независна ревизорска професија. Советот за унапредување и надзор на ревизијата во јануари 2006 година ги усвои сите акти согласно Законот за ревизија. Конституиран е Институтот на овластени ревизори. Реализирани се голем број активности согласно Националната стратегија и Акцискиот план за реформите во сметководството и институционалното зајакнување во рамките на Институтот на овластени ревизори (работилници, започна постапката за придружно членство на Институтот во ИФАЦ; преводи на МСФИ, изготвување на оперативната архитектура на ИОР, градење капацитети за подршка на ИОР и т.н) [5].

Во процесот на отстранување на пречките за брз излез од пазарот, поточно областа на стечај и ликвидација значителни резултати се постигнати со новата регулатива. Новиот Закон за стечај е веќе во сила како и пет правилници и веќе се забележливи ефектите од новите законски решенија, во делот на забрзување на постапката, намалени трошоци, надзор над работата на стечајните управници . Во периодот од 01.04.2006 до 31.12.2006 година во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица се евидентирани следните податоци:

| | |
|---|---|
| 1.Поведена претходна постапка | 224 |
| 2.Отворена стечајна постапка | 37 |
| 3.Отворена и заклучена стечајна постапка | 752 |

Врз основа на студијата на ФИАС, и како резултат на дополнително истражување, Владата усвои Програма за поттикнување на инвестициите во Република Македонија (2003-2006) и акциски план, како нејзин составен дел. Програмата обезбеди рамка која ги насочи ресорните министерства и другите институции и органи да предлагаат мерки за реализација на реформите по конкретни носители и со одредена динамика.

[4] Види повеќе во поглавје 06 Право на друштва
[5] Види повеќе во поглавје 06 Право на друштва

Во тек е подготовка на нова Програма за поттикнување на инвестициите за периодот 2007-2010, која ќе ги содржи политиките и мерките за подобрување на деловното работење, намалување на административните бариери, подобрување на конкурентноста и атрактивноста на земјата како инвестициска дестинација.[6]

Реформите во деловното окружување и институционално зајакнување, покрај регулаторната реформа, го опфаќаат системот на метрологија, стандардизација, тестирање и квалитет; за кој надлежни институции се Бирото за метрологија, Институтот за стандардизација и Институтот за акредитација; политиката на конкуренција – Комисија за заштита на конкуренцијата и пристапот до информации кој го имплементираат Народната банка и Централниот Регистар.

**Системот за метрологија, стандардизација, тестирање и квалитет** е насочен кон надминување на потешкотиите во однос на конкурентноста на приватниот сектор на домашниот и странскиот пазар, што произлегуваат од слабата инфраструктура и услуги на системот за метрологија, стандардизација, тестирање и квалитет. Главната цел е зајакнување на капацитетот на националниот систем за испорака на услуги и овозможување нивна компатибилност со оние на ЕУ. Ова е предвидено да се реализира преку модернизирање на националната инфраструктура за метрологија; зајакнување на капацитетот на Бирото за метрологија, Институтот за стандардизација и Институтот за акредитација, со цел да бидат подготвени да се носат со соодветните институции на ЕУ; подигање на свеста на деловниот сектор за предизвиците и можностите од конкурирање на пазарот на ЕУ и помош во подготовка на развојна стратегија која вклучува институционална и правна рамка заради приближување на Република Македонија кон стандардите на ЕУ.

**Политиката на конкуренција** треба да придонесе кон зголемување на конкурентноста на приватниот сектор преку воспоставување на пазарна конкуренција на здрави основи и стимулирање на производството на стоки и услуги со повисок квалитет по пониски цени. Главната цел на политиката на конкуренција е зајакнување на капацитетите за имплементирање на режим на политика на конкуренција усогласен со ЕУ. Ова ќе се реализира преку: зајакнување на капацитетите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Одделението за државна помош и на нејзините комисионери за спроведување на политиката на конкуренција во согласност со европското законодавство; зајакнување на капацитетот на Министерството за економија за дизајнирање и имплементирање на мерки на индустриска политика во согласност со барањата на ЕУ; подигање на јавната свест за прашањата врзани со политиката на конкурентност, вклучително и функционирањето на државната помош и обезбедување обука за инволвираните субјекти во однос на политиката за конкуренција, новиот закон за заштита на конкуренцијата и режимот на државна помош.

**Пристап до информации**. Оваа компонента има за цел да го подобри ограничениот пристап до информации, кој доведува до високи трансакциони трошоци и го попречува донесувањето на инвестиционите одлуки. Со оваа компонента ќе се овозможи Народната банка да го имплементира кредитниот регистар преку обезбедување позитивни и негативни информации за позајмувачите во согласност со соодветното законодавство на ЕУ за заштита на лични податоци и со меѓународните најдобри практики. Исто така, е предвидена поддршка за Централниот регистар во организација и подготовка на информации врзани со бизнисите достапни до јавноста преку воспоставување на централизирана база на податоци; унапредување на едношалтерскиот систем за забрзана и непречена регистрација на деловните субјекти и на правната рамка за Централниот регистар и формирање систем на заштита.

**Зајакнување на правниот систем, вклучувајќи го регулирањето на имотните права, спроведувањето на законите и договорите, и ефективноста на судскиот систем во врска со економските прашања;** Анализите и искуствата покажуваат дека судството е еден од најважните сегменти на кој му е потребна сериозна реформа, за да ја зајакне довербата во институциите, го олесни влезот на инвестициите и го забрза растот на приватниот сектор. Во декември 2004 година Владата донесе сеопфатна Стратегија за реформа на судството со акциски план за нејзино спроведување. Целта на оваа стратегија е да се воспостави ефикасен судски систем, заснован на европски стандарди, кој ќе ја поддржува пазарната економија.

Клучни прашања во врска со функционирањето на македонските судови се одлагањата и слабата способност за извршување на судските одлуки. Заради надминување на овие проблеми, се донесени два нови закона: Закон за парнична постапка, кој има за цел да го забрза решавањето на случаите преку воведување на построги рокови и Законот за извршување, со кој извршувањето се пренесува од судовите на специјализирани агенти – извршители. Донесени се Статут, Програма за работа и Правилници за работа на извршителите. Исто така, донесени се измени на Законот за извршување со кои се создаде основ за донесување на нов Правилник за тарифа на извршителите. Досега се именувани 41 извршители од вкупно 69. Спроведени се и обуки на именуваните извршители. Тие започнаа со работа кон средината на 2006. Формирана е Комора на извршителите која има својство на правно лице и избран е нејзин Претседател. Во рамките на Министерството за правда се формира Сектор за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите кој е во фаза на јакнење на својот капацитет.

---

[6] Види подетално поглавје 20

Во насока на исполнување на стандардите за независно, сигурно и непристрасно судство во мај 2006 година е донесен и **Законот за судовите** со кој се разработија новите уставни решенија (Амандман 25, 26 и 27) за условите за избор на судиите, промени во организационата структура и надлежностите на судовите, како и специјализација на судиите. Согласно законот во рамките на основните судови се основаат специјализирани судски оддели меѓу кои и оддели за стопанските спорови; ќе се формира нов Апелационен суд во Гостивар и нов Управен суд со седиште во Скопје. Во моментот во сите судови во Република Македонија согласно Судскиот изборен именик работат вкупно 624 судии.

Во мај 2006 година е донесен **Законот за судски совет на Република Македонија**. Советот е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите. Новиот Судски совет започна со работа во декември 2006 година.

Согласно законот спроведени се првите избори за членови на Судскиот совет од редот на судиите со изборот на 8 судии за членови во ова тело. На почетокот на 2007 година се очекува да бидат избрани останатите 5 члена од страна на Собранието (од кои два предлага Претседателот на РМ).

Формирана е Академија за обука на судии и обвинители чија основна цел е да обезбеди компетентно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно вршење на судската и обвинителската функција преку селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидатите за судии и обвинители во основните судови, односно основните обвинителства и постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите и судските и обвинителските службеници.

Академијата функционира од 22 ноември 2006 година. Формиран е Управен одбор, именувани се директор и извршен директор. Обезбедени се простории за сместување на Академијата, како и и буџетски средства за нејзиното функционирање. Заклучно со 2006 година Академијата има 6 вработени, кои согласно законот беа преземени од Центарот за континуирана едукација.

Заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста на управните акти врз основа на новиот **Закон за управни спорови** донесен 22 мај 2006 година, Управниот суд во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за актите донесени во прекршочна постапка. Со донесувањето на новиот Закон за управните спорови и новините предвидени во Законот за судовите во оваа област, предметите по управните спорови по кои постапува Врховниот суд ќе преминат во надлежност на новиот Управен суд. Со тоа ќе се намали заостатокот на предметите и Врховниот суд ќе биде растоварен од големиот број предмети во оваа област.

Исто така, во насока на зголемување на ефикасноста на судството во мај 2006 е донесен нов Закон за прекршоци со кој им се овозможи на јавните институции и регулатори, како што се Народна банка на Република Македонија, Управата за јавни приходи, Царинската управа и други да наметнуваат санкции за одредени прекршоци без претходно судско одобрение.

Независноста на судството дополнително беше обезбедена со донесувањето на Законот за судските буџети, кој обезбеди посебен судски буџет и Совет за судски буџет за управување со буџетскиот процес. Изменувањето и дополнувањето на Законот за судски буџет е со цел за натамошно унапредување на финансиската самостојност на судството во администрирање на Судскиот буџет и утврдување на критериуми за финансирање на судството. Исто така, ќе се пристапи кон редефинирањето на начинот на менаџирањето на средствата во Буџетот на Република Македонија наменети за судската власт. Со измените во законот се предвидува надлежноста за менаџирањето со средствата од буџетот на РМ во делот на судската власт да премине во надлежност на Судскиот совет.

Независноста ќе биде дополнително зголемена со спроведување на резултатите од процената на потребите за човеков ресурси за судската администрација и полиција во буџетот за 2006 година и подобрениот систем на поттикнувања, што е планиран да се спроведе постепено во 2007 година.

Стандардите за алтернативно решавање на споровите е делумно покриено со Законот за медијација кој ги уредува правилата на постапката за вонсудска медијација како алтернативен начин за решавање на споровите. По донесувањето на законот беше спроведена обука и беа именувани 60 медијатори. Со преземањето на овие активности се очекува да се стимулира вонсудското решавање на споровите, со што судовите би се растовариле од значителен број предмети. Медијатори се физички лица кои помагаат за алтернативно решавање на споровите врз слободно изразена волја на страните. Во 2006 година, именувани се 60 медијатори кои поминаа почетна обука. Формирана е Комора на медијатори. Првиот центар за медијација беше отворен во Скопје. Се очекува да се отвори таков центар во Гостивар првата половина на 2007 година, а по добивање на дополнително финансирање ќе се отворат уште два центри.

**Способност за справување со притисокот од конкуренцијата и пазарните сили во рамки на ЕУ**
Способноста за справување со конкурентските притисоци и пазарните сили во ЕУ наложува земјата-пристапничка да има стабилно макроекономско опкружување во кое економските агенти ќе можат да донесуваат одлуки со разумен степен на предвидливост. Треба да се има доволно човеков и физички капитал, вклучувајќи инфраструктура што ќе му обезбеди на деловниот сектор неопходна основа за негова конкурентност на единствениот пазар. Освен тоа, фирмите мора да инвестираат за да ја подобрат својата ефикасност и приспособливоста на пазарните услови, а нивната способност за приспособување ќе се зајакне доколку имаат соодветен пристап до финансиски средства за инвестиции, до квалификувана работна сила и доколку се успешни во иновациите. На крајот, земјата-пристапничка ќе биде подобро подготвена за обврските од членството откако ќе постигне висок степен на економска интеграција во ЕУ пред добивањето членство. Нивото на интеграција е поврзано не само со обемот на трговијата со земјите-членки на ЕУ, туку и со асортиманот на стоки со кои се тргува.

Во 2004 година Владата ја започна Функционалната анализа на активностите на сите ресорни министерства во постигнување целосна согласност во систематизацијата на државната администрација, заради олеснување на спроведувањето на владините приоритети, наметнување контрола и соодветно управување. Овие активности мора да бидат во насока на контрола на расходите на буџетот на министерствата и другите органи, каде што најважно е доброто планирање и распределба на буџетските расходи за проектите што се финансирани од донаторите, особено ЕУ фондовите, што ќе бидат целосно интегрирани во буџетот како буџетски приход по основ на донации, започнувајќи од 2007 година. Во исто време, ќе се продолжи со веќе воспоставената практика за домашно кофинансирање на проекти финансирани со заеми, што претставуваат финансирачка ставка на буџетот.

Воспоставувањето ПИФЦ (јавна внатрешна финансиска контрола) е еден од приоритетите на Владата за што е потребна блиска соработка со ГД Буџет во ЕК.

Со цел справување со невработеноста преку зајакнување на инвестициите во човеков капитал, Владата издвои поголем износ буџетски средства за образование и наука. Помошта од ЕУ во образованието и науката ќе биде повеќе од добредојдена.

***Постоење функционална пазарна економија, со доволен степен на макроекономска стабилност за економските агенти да донесуваат одлуки во предвидливо окружување;*** Одржувањето на макроекономската стабилност е потребен, но не и доволен услов за остварување забрзан и одржлив економски раст како највисок економски приоритет на земјата. Во согласност со амбициозната економска програма на Владата и со тековните тригодишни програми, договорени со двете меѓународни финансиски институции, оваа цел се очекува да се постигне преку интензивирање на структурни и фискални реформи, насочени кон подобрување на деловната клима и конкурентноста, како и кон одржување на макроекономската стабилност. Среднорочните проекции посочуваат дека просечната годишна стапка на инфлација ќе се одржува на ниво од 2% до 3%. Се очекува да продолжат главните движечки сили за ниска и стабилна инфлација, што доведоа до истиснување на инфлаторните очекувања, како што е врзувањето на денарот за еврото, фискалната дисциплина и нискиот буџетски дефицит, како и либерализацијата на надворешната трговија. Понатаму, се очекува прудентната фискална политика да се одржува по пат на одржување на дефицитот на општиот државен буџетот на ниво не повисоко од 1% од БДП за време на среднорочниот период. Таквата политика ќе биде решавачка за целокупната фискална одржливост на земјата за време на среднорочниот период, за одржувањето на нивото на јавниот долг на меѓународно прифатено ниво и за соодветната координација на монетарната и фискалната политика што е потребна за одржување на макроекономската стабилност на земјата.

Економската програма на Владата предвидува политики и мерки на среден рок, насочени кон интензивирање на економскиот раст и вработувањето, намалување на неврамнотеженоста во надворешниот сектор, одржување на макроекономската стабилност, зајакнување на домашниот и меѓународниот кредибилитет на земјата и подобрување на бизнис климата. Програмата се темели на силна структурна компонента која се состои од реформи за зајакнување на конкурентноста. Суштината на оваа програма се амбициозни реформи – и тоа на пазарот на работна сила и реформи во правосудството – со цел зголемување на производниот развој, поттикнување на претприемништвото и подобрување на функционирањето на пазарот на работна сила и неговата флексибилност, како и зајакнување на владеењето на правото и доближувањето на правосудниот систем до европските стандарди.

На макроекономско поле, целите на програмата се обезбедување премин од официјална поддршка на билансот на плаќање кон пазарно финансирање, истовремено одржувајќи го фиксниот девизен курс и ниско ниво на инфлација. Финансиската стратегија се потпира на стабилни макроекономски политики за постигнување ниво на девизни резерви доволно за покривање на 4-месечен увоз.

Програмата исто така има за цел да обезбеди среднорочна фискална одржливост преку мерки за подобрување и на приходната и на расходната страна на Буџетот во наредните години, одржувајќи го нивото на дефицит на централната власт од 1 до 1,5% од БДП во периодот 2008-10 година. Мерките вклучуваат симплифицирање на даночната политика и администрација, вклучувајќи го и воведувањето на рамниот данок, со истовремено проширување на даночната основа, а од друга страна насочување на буџетските расходи кон попродуктивни цели, зголемувајќи ги инвестициите, расходите за образованието, како и расходите поврзани со приближувањето на земјата кон ЕУ стандардите.

Важен елемент на поширока фискална реформа претставува сеопфатната реформа на даночната администрација, со цел зајакнување на ефикасноста и ефективноста на даночната администрација во зголемувањето на приходите, поддржана со техничка помош од ММФ и Кралството Холандија. Во оваа насока во септември 2005 година беа донесени новиот закон за Управата за јавни приходи и новиот закон за даночни постапки, кои ја зголемуваат ефикасноста на УЈП и ја зајакнуваат контролата на наплатата на даноците, проширувајќи ги нејзините права и овластувања.

Во оваа област се планира и постепено хармонизирање на даночната основица за пресметка на персоналниот данок на доход со основицата за пресметка на придонесите за социјално осигурување (пензиско, здравствено, невработеност) и интегрирање на нивната наплата во една институција, што ќе се одвива во фази и ќе трае до 2010 година.. Првата фаза од оваа реформа предвидува хармонизирање на основиците за пресметка на придонесите, чија примена се очекува да започне од мај 2007 година, а понатаму во април 2008 година, интегрирање на нивната наплата во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, за што предуслов е надградба на нивниот софтвер (кој е во примена со почетокот на Вториот столб на пензиско осигурување - јануари 2006 година и кој се покажа како ефикасно решение, ценејќи според зголемената наплата на придонесите за пензиско осигурување) за собирање на сите придонеси.

Што се однесува до мерките на расходната страна и намалувањето на фискалните ризици, клучни се реформите во секторот здравство, во насока на подобрување на финансиското управување во Фондот на здравствено осигурување и јавните здравствени установи. Во оваа насока во текот на 2006 година се преземаа мерки, кои имаа за цел најнапред да се стабилизира и намали нивото на доспеаните неизмирени обврски на Фондот за здравствено осигурување и на јавните здравствени установи. ФЗО во целост ги намири доспеаните неизмирени обврски (постари од 60 дена - дефиниција согласно Техничкиот меморандум за разбирање од Стенд-бај аранжманот со ММФ) во средината на 2006 година, додека обврските на ЈЗУ се стабилизираа на одредено ниво, така што на крајот на 2006 година вкупните обврски во здравствениот сектор се намалија во однос на јануари 2006 за 0,3% од БДП. Еден од факторите кои влијаеа на ваквиот тренд беше и мерката на ФЗО за промена на начинот на финансирање на ЈЗУ, преку цврсти буџетски плафони. На ваква основа, во 2007 ќе се преземат дополнителни мерки за зголемување на фискалната дисциплина на ЈЗУ, вклучувајќи поставување на буџетски контролори во 15-те најголеми ЈЗУ, како и воведување на позицијата економски директор во сите ЈЗУ, кој ќе работи паралелно со медицинскиот директор на принципот на „врзани потписи“, а чии резултати од раборењето ќе се следат квартално. Директорите кои во два последователни квартали ќе покажат негативни финансиски резултати ќе бидат разрешени. По првичните и најнеопходни мерки за стабилизирање на финансиите во здравствениот сектор, во соработка со Светската банка, во наредниот период, ќе се одвиваат и пофундаменталните реформи во здравството, како што е дефинирањето на медицинската мапа, ревидирањето на стандардниот пакет здравствени услуги кои ќе бидат достапни до сите граѓани итн.

Крајната цел на структурните реформи кои ги презема Владата е забрзување на економскиот развој и создавање работни места во Република Македонија преку подобрување на инвестициската клима; реформи во судството, реформи на пазарот на работна сила; зајакнување на финансиското посредување и супервизија; зголемување на конкурентноста на деловниот сектор; зајакнување на управувањето со јавниот сектор, администрацијата и здравството, како и децентрализацијата.

Воедно, започнува имплементацијата на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во ЈИЕ 2 (ТТФСЕ 2) со кој што ќе се овозможи подобрување на транспортниот коридор 10 преку рехабилитација на делот Табановце - Куманово во должина од 7 км, подобрување на граничните премини за железнички сообраќај, модернизирање на системот на наплата на патарините и надградување на објектите на граничниот премин Блаце.

Интензивно се работи и на имплементација на Акцискиот план за Проектот за реформа на железницата, со крајна цел подобрување на финансиската ефикасност во железницата и унапредување на работењето во железничкиот сектор со примена на ЕУ директивите од оваа област.

Одржувањето на макроекономска стабилност, придружено со длабоки структурни реформи, ќе доведе до интензивирање на економската активност и пораст на БДП на просечно годишно ниво од околу 6% до 8% за периодот од 2007 до 2009 година. Економскиот раст ќе се заснова врз зголемена инвестициска активност, регулаторна реформа, фискални реформи, судски реформи, реформа на јавна администрација, елиминирање на нефлексибилноста на пазарот на работна сила, зајакнување на претприемничките активности на земјата и зголемување на извозот.

Што се однесува до зголемување на административниот капацитет во врска со прибирањето на даноците и контрола на расходите, со донесувањето на Законот за Управата за јавни приходи, попрецизно се дефинира организациската структура, управувањето и надлежностите на УЈП и особено, правата, обврските и обучувањето на вработените. Во наредниот период, ќе продолжат мерките за надградување на капацитетот на УЈП.

Процесот на реформи во областа на сметководството беше заокружен со новиот Закон за трговски друштва усогласен со сите директиви на ЕУ, донесен 2004 година. Овој закон претставува значаен чекор напред за Република Македонија во областа на сметководството и ревизијата.

Според Законот за трговски друштва, секој трговец (дистрибутер) има обврска да води сметководство и да доставува годишен биланс на состојба во согласност со законот и правилата. Всушност, трговците на мало и големо, трговците во банкарскиот и осигурителниот сектор, трговците кои котираат на пазарот, како и трговците чии финансиски извештаи се дел од консолидираните верзии на финансиските извештаи на претходно споменатите трговци, имаат обврска да подготват и да достават финансиски извештаи, во согласност со усвоените Меѓународни сметководствени стандарди, објавени во Службениот весник на Република Македонија. Меѓународните сметководствени стандарди се ажурираат секоја година со цел да бидат во согласност со тековните стандарди, кои може да бидат дополнети, изменети или донесени од страна на Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди.

Процесот на реформа во областа на ревизијата се заврши со донесувањето на новиот Закон за ревизија, усогласен со директивите на ЕУ. Ревизијата е исполнета во финансиските извештаи на трговците на мало и големо организирани во акционерски друштва, друштвата кои котираат на пазарот и трговците на мало и големо организирани во друштва со ограничена одговорност. Извештај за извршена ревизија се доставува од дипломиран овластен ревизор, во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (ИАС), објавени во Службен весник на Република Македонија. Овие Меѓународни стандарди за ревизија (ИАС) се ажурираат секоја година заради целосна усогласеност со тековните стандарди, дополнети, изменети или донесени од страна на Меѓународната федерација на овластени ревизори (ИФАЦ).

Суштински елемент на амбициозните структурни реформи се реформите на пазарот на работна сила, кои се интензивираа со донесувањето и имплементацијата на новиот Закон за работни односи од 2005 година. Целта на законот е зголемување на флексибилноста на пазарот преку намалување на процедурите и трошоците за вработување и отпуштање работници, проследено со соодветен степен на заштита на работниците. Законот, исто така, овозможува поголема примена на флексибилните форми на вработување, и тоа вработување на определено време и привремено вработување, намалувајќи ги ограничувањата, односно регулирајќи ги можностите за примена на вакви работни договори. Тоа ќе доведе по пораст на побарувачката за работна сила, како и намалување на нерегистрираната вработеност со што, на среден рок, ќе дојде и до зголемување на приходите на државата по основ на персонален данок на доход и социјални придонеси.

Дополнителен придонес за целокупниот економски развој и успешно спроведување на владините политики во наредниот период ќе се овозможи со помош на ефикасна употреба на предпристапните фондови на Европската унија што Република Македонија ги има по добивањето статус земја - кандидат.

**Доволно количество човеков капитал по соодветна цена, вклучувајќи образование и истражување и иден развој на ова поле;** Приоритетни цели на развојот на македонските човеков ресурси и политики на пазарот на работна сила се: (1) поттикнување на зголемувањето на вработеноста; (2) поттикнување на континуирани инвестиции во човеков капитал преку обезбедување релевантна мрежа за јавно и приватно образование; (3) отстранување на институционалната нефлексибилност на пазарот на работна сила и социјалната заштита; (4) зголемување на мобилноста на работната сила; (5) намалување на вработеноста во неформалниот сектор („сива економија“).

**Поттикнување на зголемувањето на вработеноста;** Политиката на Владата е дефинирана во правец на зголемување на активните мерки на пазарот на труд која политика во најголем дел ќе се имплементира преку институциите на пазарот на труд.

Во декември, 2006 година Владата на РМ усвои два стратегиски документи во областа на политиката за вработување. Тоа се Националната стратегија за вработување 2010 година и Националниот акциски план за вработување 2006-2008. Овие два документи се изработени согласно ревидираната Лисабонска стратегија и се во една кохерентна врска. Документите во себе ги имаат дефинирано целите кои се стремиме да ги оствариме до 2010 година и начините како истите да се постигнат.
Така, до 2010 година предвидена е реализација на следните цели:

1. Вкупна стапка на вработеност - 48% во 2010 (од 37,9% во 2005).
2. Стапка на вработеност на жени - 38% во 2010 (од 30.1% во 2005)

3. Стапка на вработени постари лица (55-64) - 33% во 2010 (од 26.1% во 2005)

Начините, програмите, реформите и измените во легислативата се посебно наведени во Националниот акциски план за вработување 2006-2008 (НАПВ).

Во насока на реализација на НАПВ донесен е Оперативен план за 2007 година за имплементација на активните мерки на пазарот на труд. Овој документ ги содржи главните приоритети преточени во програми за зголемување на вработувањето, флексибилност при вработувањето, вработување одделни ранливи групи кои потешко доаѓаат до работа (самохрани родители, деца без родители, лица со посебни потреби), работно ангажирање на долгорочно невработени лица со ниска квалификација и поттикнување на самовработувањето и зголемување на обемот на обуки за познат работодавач.

**Поттикнување на континуирани инвестиции во човеков капитал преку обезбедување релевантна мрежа за јавно и приватно образование;**
Еден од владините приоритети е спроведувањето активности за подобрување на квалитетот на образованието и обуката, што ќе ги зголеми можностите за младите луѓе да најдат работа по завршување на образованието има највисок приоритет. Модерното образование е насочено кон подобрување на квалитетот, а не само квантитетот, на човековте ресурси. Дискусиите и подготовките за воведување деветгодишно основно образование се во тек, а процесот ќе продолжи до неговото конечно спроведување. Покрај тоа, ќе се даде поддршка на инвестирањето во (средното и основното) образование кое ќе создава вештини и квалификации во согласност со побарувачката.

Создавање на ВЕТ центарот. Од 1 јануари 2007 година започна да работи **Центарот за стручно образование и обука**. Во Центарот се усогласуваат и интегрираат државните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Република Македонија. Центарот ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука.

Во тек е подготовка на национална рамка на квалификации и закон за доживотно учење. Законот ќе даде можност секој да има право за здобивање и продлабочување на знаења, вештини и способности потребни за слободен развој на личност и за слободен избор на професијата. Целта на доживотното учење е да го одржи и зачува позитивниот и активен приод кон учењето на сите возрасти во текот на целиот живот.

Истовремено, се подготвува и Закон за високо образование кој треба да биде донесен до 3 квартал на 2007 година. Законската рамка за спроведување на Болоњскиот процес се воспоставува со цел да се насочи вклучувањето на Македонија во единствената европска област на високото образование. Бројот на студенти што ќе се запишуваат на универзитетите ќе продолжи да се зголемува, како и стандардите за квалитет на студиите. Во согласност со Болоњскиот процес, реформите и усогласувањето ќе продолжат во следниве области: (а) усогласување на структурата на степени на високо образование (дипломски, постдипломски и докторски студии); (б) обезбедување квалитет во високото образование; (в) отстранување на бариерите за мобилноста на студентите, наставничкиот и административниот персонал во однос на земјите-членки на ЕУ, и во рамките на регионот на ЈИЕ; (г) спроведување на европскиот кредит трансфер систем ; (д) признавање на квалификациите и дипломите; (ѓ) зајакнување на улогата на студентите во процесот на високо образование; (е) зголемување на европската димензија и атрактивност на полето на високото образование; и (ж) развивање различни форми на доживотно учење.

Создавање Државен испитен центар. Целта на Државниот испитен центар ќе биде обезбедување на квалитет во образованието во Република Македонија преку валиден, доверлив, практичен и меѓународно признат систем на оценување и испити.

Компјутеризација на училиштата како и задолжително изучување на англискиот јазик од прво одделение и втор странски јазик од петто одделение. Една од целите на Министерството за образование и наука, зацртана во Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година, е секој ученик кој ќе го заврши основното образование да биде запознаен со другите култури и цивилизации и да владее со два странски јазици од кои еден е англискиот. Од учебната 2007/2008 година изучувањето на англискиот јазик во прво одделение и втор странски јазик во петто одделение ќе биде задолжително за секој ученик.

Поттикнување на истражувањето преку соработка во Седма рамковна програма на Европската комисија. Оваа програма е насочена кон проекти во областа на истражувањето. Поттикнувањето научно-истражувачки проекти во различни области. За Седмата рамковна програма е формирано посебно одделение во МОН со цел подобра координација и поттикнување на програмата.
Како приоритети на МОН се одредени програмите на заедницата „Life-long learning" и „Youth in action". Овие програми придонесуваат за мобилноста на младите како и за можноста за размени на искуство и знаење на студенти, професори , млади, институциии и др.

Седмата Рамковна Програма (ФП7) и програмата Европа за Граѓаните се препорачува како приоритетна од страна на Министерството за образование и наука. Овие програми ке придонесат во процесот на соработка на младите, истражувачите, студентите, невладините организации, институтите, универзитетите; во процесот на промени и подобрување на индивидуалните и коорпоративните карактеристики.

Во проектот за модернизација на образованието, секое училиште што е вклучено во првиот циклус во програмата за доделување грант доби Каталог со програми и врз основа на нивните потреби и приоритети за развој изврши избор од програмите за обука на своите наставници. Училиштата изразија интерес да учествуваат во програмите за обука организирани од 23 даватели на обука кои ќе обучуваат 4625 наставника. Договорите кои се во вредност од 24 милиони денари беа потпишани на 15 октомври 2006 година. Овој проект придонесува за развојот на наставниот кадар како и за подобрување на инфраструктурата во училиштата.

Донесување Закон за основање Државен Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Закон за основање Факултет за јавна администрација и дипломатија, во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола. Со овај закон ќе се овозможи полесен пристап до високо образование.

Целите на политиката на истражување и развој во Македонија се: (а) трансфер на know-how; (б) развивање на комерцијално релевантни технологии за Македонија (технологии со потенцијал на меѓународна конкурентност за Македонија); и (в) воспоставување врски меѓу истражувачките центри, универзитетите и секторот на претпријатија. Во областа на истражувањето, Република Македонија ќе поттикнува и промовира меѓународна соработка и трансфер на знаење и технологија; ќе воведе систем на следење и оценување за научниот и технолошкиот квалитет и истражувачките резултати со употреба на меѓународно усвоени стандарди и критериуми; и (г) ќе распределува поголеми буџетски средства за истражување и развој; ќе ги зголеми инвестициите во научно-истражувачките активности; ќе ја зголеми употребата на меѓународни средства и техничка помош; ќе дефинира интердисциплинарни програми за насочено истражување; ќе го поддржи формирањето истражувачки единици во деловниот сектор за да обезбеди ефективен трансфер на современи технологии; и ќе создаде услови со цел да се зголеми квалитетот на знаењето и иновациите и да се развие технолошки информациски систем.

**Отстранување на институционалната нефлексибилност на пазарот на работна сила и социјалната заштита;**
Реформите на институциите на пазарот на труд се одвиваат во правец на зајакнување на капацитетите на АВРМ и овозможување индивидуален пристап во работењето со невработените и давање можност на вработување на корисниците на одредени бенефиции од делот на социјалната заштита и на ранливите групи.
Со твининг проектот во трудовото законодавство се очекува понатамошно усогласување и прифаќање на меѓународните стандарди во оваа област.

**Зголемување на мобилноста на работната сила;**
Со реформите на АВРМ ќе се овозможи реален проток на информации за можностите за вработување. Преку реформите во делот на образование, развојот на ВЕТ системот, неформалното образование дополнително ќе обезбеди можности за добивање нови вештини и услови за поголема интерсекторска мобилност.

**Намалување на вработеноста во неформалниот сектор („сива економија“).**
Измените во даночниот систем, системот на социјалното осигурување и другите видови погодности ќе влијаат на зголемувањето на интересот кај работодавачите да ги легализираат вработувањата. Бенефициите за започнување бизнис и поддршка на бизнисот ќе бидат поврзани со регистрирана дејност што ќе го зголеми процентот на трансфер на сивата економија во легална. Усогласувањето и подобрувањето на легислативата во согласност со европските принципи ќе даде дополнителен придонес, а од друга страна ќе создаде соодветни казнени мерки за креаторите на нелегалниот бизнис. Зајакнувањето на надзорот и казнените мерки за оние кои работат во сивата економија, односно зајакнувањето на кадровските капацитети на инспекциите и интегрираната инспекциска работа (соработка и координација на Државниот инспекторат за труд со останатите инспекциски служби), значително ќе придонесат за намалување на сивата економија.

За обезбедување веродостојни податоци за состојбите на пазарот на трудот, намалувањето на сивата економија, вработувањето и зголемувањето на вработеноста, потребни се законски и институционални услови кои ќе ја прекинат поврзаноста на правата на невработените за здравствено осигурување и АВРМ и воедно, ќе го пренесат правото на здравственото осигурување во институциите од системот на здавственото осигурување. Ваквата постапка нема и не треба да значи укинување на правото на здравствено осигурување, ниту пак ќе влијае на покриеноста на населението со здравствено осигурување.

**Доволно количество, по соодветна цена, на физички капитал, вклучувајќи инфраструктура (енергија, телекомуникации, транспорт итн.) и иден развој на ова поле;** Слично на другите економии во транзиција, јавната инфраструктура во Република Македонија, како и нејзините инфраструктурни политики во потполност не соодветствуваат

на потребите на пазарната економија. Во секторот на енергија, на пример, главното наследство од минатото е високата интензивност на енергијата, инфраструктурни капацитети на кои им треба проширување, одржување и обновување, како и соодветни системи во поглед на животната средина. Од друга страна, во делот на транспортниот сектор, сообраќајните текови се сконцентрирани на патниот транспорт. Овие фактори се делумно поврзани со географските специфики на земјата (кратки растојанија меѓу крајните дестинации во земјата), а делумно на техничките и технолошката опременост на ЈП ,,Македонски железници", надлежно за железничкиот сообраќај. Што се однесува до телекомуникациите, фиксната и мобилната телекомуникациска мрежа се базира на модерна дигитална технологија и нивната стапка на пенетрација (број на телефонски линии во однос на големината на населението) е релативно висока во споредба со другите економии во транзиција.

Стратегиска цел на Република Македонија е развојот на инфраструктурата и нејзината регионална поврзаност во секторот на енергијата, транспортот и други сектори. Ова би водело до сигурен и економичен развој на енергијата, транспортот и телекомуникациите, при што соодветно ќе се земе предвид безбедноста на понудата, безбедноста на населението, рационалната употреба на енергијата и заштитата на животната средина. Со обезбедување евтин транспорт, подобри комуникации и подобар пристап до чисти и евтини извори на енергија, инфраструктурните сектори ќе придонесат за зголемување на продуктивноста и според тоа, за зголемување на меѓународната конкурентност на земјата.

За постигнување на оваа цел, мора да се подготват и спроведат цела низа координирани политики и мерки. Целта на земјата е да ги спроведе проектите со регионална компонента што ќе доведе до подобрување и модернизирање на паневропските коридори VIII и X.

Двата Коридора X и VIII претставуваат стратегиски економски приоритети кои ќе направат Република Македонија да прерасне од географска во вистинска сообраќајна крстосница на Балканот. Стратегиската важност на овие Транс-национални оски е во тоа што ќе придонесат кон побрза и побезбедна заедничка комуникација и транспорт на патници и добра, што води до економска безбедност и стабилност.

Со тоа ќе се отворат вратите на Република Македонија кон подобра соработка со соседните земји и поширока соработка со земјите на ЕУ во сите сегменти на економијата. Нивен заеднички именител е поголемиот комерцијален пристап кон развојот на инфраструктурните сектори. Комерцијализацијата на инфраструктурните услуги се однесува на сите реформи со кои се стимулира деловниот пристап кон овие активности.

За успешно спроведување на овие реформи се предвидува бруто инвестициите во Република Македонија да се зголемат од сегашното ниво од 21% од БДП на околу 25% од БДП до 2010 година како резултат на програмата за структурни реформи насочена главно кон подобрување на деловната клима во земјата. Во рамките на вкупните инвестиции, јавните инвестиции имаат значително учество – 3,7% од БДП. Голем дел од инвестициите во јавниот сектор се насочувани во инфраструктурниот сектор со цел зајакнување на инфраструктурните врски со сите соседни земји, бидејќи истото би дало придонес за успешно интегрирање на Република Македонија во ЕУ.

Република Македонија изготвува стратегија на инфраструктурни проекти наречена Програма за јавни инвестиции кои треба да бидат имплементирани на среден рок. Истата вклучува приоритетни проекти за кои Владата оценува дека можат значително да придонесат за развојот на земјата. Во Програмата, која опфаќа период од три години и се ажурира годишно, се вклучени проекти од сите економски инфраструктурни сектори, вклучувајќи енергија, транспорт, водоснабдување, наводнување, животна средина, како и нестопански дејности.

Врз основа на базата на податоци за Програмата за јавни инвестиции и согласно приоритетите утврдени од Владата на Република Македонија се очекува да се реализира значителен број инфраструктурни инвестиции во периодот 2007-2009 година.

Финансирањето на овие проекти ќе биде реализирано во согласност со можностите за понатамошно задолжување на земјата, наведено во Стратегијата за управување со јавниот долг, со меѓународните финансиски институции, како и со домашните буџетски средства што годишно се планираат за кофинансирање на странски заеми и кредити.
Најголемиот број странски кредити користени од Република Македонија се наменети за инфраструктурни проекти или проекти со вклучена значајна инфраструктурна компонента. Нивното реализирање претставува значаен тренд на јавни инвестиции во земјата и влијание врз целиот нејзин развој.
За оваа цел се очекува да се искористат различни извори на финансирање, вклучувајќи буџетски средства, странски инвестиции, помош од билатерални донатори и кредити од мултилатерални финансиски институции под поволни и комерцијални услови. Согласно законската регулатива, Владата ќе продолжи со политиката на давање концесии во некои инфраструктурни области.

Владата на Република Македонија донесе одлука за избор на консултански тим по пат на меѓнароден тендер кој што ќе предложи модел за доделување концесија на дел од патната инфраструктура долж коридорите 10 и 8, како и кракот 10d во Република Македонија. Постапката за избор на консултантски тим е во фаза на претквалификација.

За унапредување на воздушниот сообраќај, во тек е прелиминарна фаза за подготовка на сеопфатна студија за среднорочен и долгорочен развој на комерцијалните аеродроми во Скопје и Охрид која, меѓу другото, ќе предложи и институционален модел за управување со двата аеродрома, и стратегија за подобрување на нивната конкурентност во регионот и за реализација на потребната финансиска поддршка и планираните инвестиции. Се планира воздухопловната инфраструктура да биде надградена преку унапредувањето на аеродром Скопје во категорија на полетно-слетната патека ILS CAT III (по ICAO) и изградбата на дополнителен терминал за опслуга на патници на аеродром Скопје со модуларна структура за годишен проток до 1,5 милиони патници.

Во транспортниот сектор, јавните инвестиции во периодот 2007 – 2009 година ќе бидат насочени кон секторот патишта и секторот железници. Што се однесува до патиштата, завршувањето на коридорите VIII и X и понатаму е највисок приоритет. Во оваа фаза, се гради и обиколницата околу градот Скопје, проект вреден 120 милиони евра кој е заеднички финансиран од ЕИБ, ЕБОР и Фондот за магистрални и регионални патишта. Проширувањето на патот Е – 75 на делницата "Смоквица – Гевгелија'' , финансиран од ЕБОР, е веќе завршен проект.

Предвидени се градежни активности за следниве делници од Коридорот X: Демир Капија - Удово, Удово - Смоквица, Табановце - Куманово, Битола - Меџитлија, како и на сите делници од коридорот 8 каде што градежните активности се уште не се започнати. Посебен акцент на Грчкиот план за економска обнова на Балканот (ГПЕОБ) е ставен на комплетирање на паневропскиот коридор 10, односно довршување на делниците во Република Македонија кои немаат автопатско решение: Демир Капија – Удово и Удово – Смоквица, на ист патен правец во вкупна должина од околу 33 километри. За финансирање на овој проект се вклучени средства од ГПЕОБ , ИПА-Компонента 3 за регионален развој и заеми. За делницата Куманово-Табановце преговорите со Светска Банка за изградба на оваа делница се финализираат и кредитот се очекува да биде одобрен крајот на март 2007 година.

Со довршување на овие делници на ниво на автопат се очекува сигурен и квалитетен транспорт што ќе овозможи подобрување на протокот на сообраќај, како и зголемување на трговијата, превозот на патници и стока и генерално зголемување на социоекономскиот развој во земјата.

Во секторот железници планирани се значајни реформи на ЈП Македонски железници. Владата на Република Македонија во декември 2006 година донесе информација за статусот и трансформацијата на ЈП Македонски железници, со која се усвои Акциски план и се формира Управен Комитет за координација на активностите и оперативен тим за нивна имплементација. Целта на транформацијата на постојното ЈП „Македонски Железници" е подобрување на финансиската одржливост, продуктивност и ефикасност на железничкиот сообраќај. Согласно акцискиот план, до средина на 2007 година, ЈП Македонски железници ќе се реорганизира, со што ќе се формираат два нови субјекти: 1. ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници и 2. АД за транспорт Македонски железници Транспорт, кое во 2008 година ќе се приватизира. Исто така, во тек е подготовка на Национална Програма за железничка инфраструктура, со која се предвидува модернизирање на делот на транспорт и јакнење на човековите ресурси заради зголемената побарувачка на транспортни услуги. Во делот на легислативата предложени се измени на Законот за железници и Законот за безбедност во железничкиот сообраќај до Владата на Република Македонија, со кои се заокружува правната рамка за поддршка на реформата.

Инвестициските приоритети во секторот енергетика се во следните сегменти: производство на електрична енергија со отворање нов рудник за вадење јаглен во Брод – Гнеотино, приватизација на ТЕЦ Неготино за која е распишан меѓународен јавен тендер и во тек е фазата на претквалификација; изградба на 2 големи и околу 400 мали хидроцентрали според моделот на концесија; изградба на комбинирана електрична и топлинска гасна централа за која меѓународниот тендер ќе се објави кон крајот на февруари 2007. Приоритетите во енергетскиот сектор вклучуваат и инвестиции што имаат за цел енергетско поврзување со соседните земји. Во овој контекст, изградбата на 400 kW далноводи Штип – Червена Могила (Бугарија) и Битола –Флорина (Грција) се од големо значење бидејќи ќе ја зголеми стабилноста на системот на електрична енергија во Република Македонија.

Исполнувањето на условите од европското законодавство за животна средина во не толку далечна иднина е директно поврзано со големи инвестиции. Знаејќи го овој факт, проектите во водоснабдувањето како и во прочистувањето на отпадните води и цврстиот отпад се високо на листата приоритети за инвестиции во инфраструктурата во Република Македонија. Неколку проекти во сите овие области се спроведуваат или се планира да се спроведат во претстојниот период, со финансиска поддршка на мултилатералните финансиски институции и билатералните донатори. На пример, проектот „Еколошка заштита на Охридското езеро", проектите "Еколошка заштита на Преспанското езеро - фаза 1" и "Водоснабдување на Струга" се завршени во 2005 година и пуштени во употреба, додека Еколошкиот акциски план на

општините, проект за подобрување на водоснабдувањето во неколку општини во земјата, финансиран од ЕБОР продолжи во 2006 година и оваа година се очекува да биде завршен. Приоритетни проекти за реализирање се завршување на првата фаза од изградба на хидросистемот ''Злетовица'' и завршување на проектот за хидросистемот за водоснабдување ''Лисиче''. Извори од мултилатералните банки за развој и билатералните донатори исто така беа употребени за неколку проекти за рехабилитација и реконструкција на наводнувањето што сега се во тек, како што се проектот за ХМС "Брегалница", ХМС "Тиквеш", ХМС "Радиовце - Бистрица", ХМС "Гостиварско поле" и ХМС "Бањичко поле", како и проектот "Наводнување на јужниот регион на реката Вардар".

Во рамките на ИПА компоненета 3 за регионален развој, во делот на животната средина, предвидена е изградба на Пречистителна станица во Прилеп. Тендерската процедура за подготвување на техничката документација е завршена.

Политиката на инвестирање во животната средина, исто така, ќе се базира и на развивањето механизми за чисто производство, согласно протоколот од Кјото за што веќе се потпишани договори за грантови со министерствата на Словенија и Италија и изготвена е Национална стратегија за развивање на механизмите заедно со идентификувањето на приоритетни проекти. Доменот на идни инвестиции би се заокружил и инвестирање во управување со цврстиот отпад, третманот на депониите и развивање проекти за искористување на цврстиот отпад за производство на енергија, како она во депонијата Дрисла, поттикната од јапонска инвестиција.

Освен овие активности, за 2007 - 2009 година, со средства од мултилатерални финансиски институции, билатерални донатори и Буџетот на државата ќе се продолжи со реализација на проектите за модернизација на образованието, развој на здравствениот сектор и имплементација на социјалната заштита.

***Степен и динамика на трговска интеграција на земјата со ЕУ пред проширувањето*** *(ова се однесува на обемот и природата на добрата што веќе се тргуваат со земјите - членки).*

Традиционално, Европската Унија е најважен трговски партнер на Република Македонија. Учеството на трговската размена со Европската унија во вкупната трговска размена на нашата земја со странство во периодот од 1999 – 2006 година се движи од 1,2 до 2,4 милијарди евра, или од 42,5% до 48,5% од вкупната трговска размена на Република Македонија .

Извозот од Република Македонија во Европската Унија во истиот период се движи од 506,75 милиони до 1,05 милијарди евра во апсолутен износ, а неговото учество во вкупната надворешно – трговска размена на Република Македонија се движи од 45,1% до 55,2%, при што индустриските производи учествуваат од 47,9% до 55,1%, додека земјоделските производи од 27,2% до 57,4%.

Увозот од Европската Унија во Република Македонија се движи од 682 милиони до 1,3 милијарди евра во апсолутен износ, а неговото учество во вкупната надворешно – трговска размена на Република Македонија се движи од 40,7% до 43,9%. Слично на извозот, и во увозот доминантни се индустриските производи, при што нивното учество варира од 38,0% до 44,2%, а учеството на земјоделските производи во увозот се движи од 17,1% до 29,6%.

Следниве земји - членки на Европската Унија се најзначајни трговски партнери на Република Македонија: Германија, Грција, Италија, Холандија, Франција и Словенија. Најзастапени производи во трговската размена меѓу Република Македонија и Европската Унија се: производи од текстилната индустрија, фероникел, феросилициум, нелегиран цинк, топловалани производи од железо, електрични спроводници, заварени цевки, моторни возила, нафта, вино и суров, непреработен тутун. Традиционално, најзастепени производи во структурата на македонскиот извоз се: текстилните производи, фероникел, феросилициум, нелегиран цинк, електрични спроводници, јагнешко месо, вино и тутун.

Показателите на трговската соработка меѓу Македонија и ЕУ укажуваат дека учеството на трговијата во и од ЕУ не е толку проблематично колку што е асотиманот на трговијата, а особено асортиманот на македонскиот извоз. Ова особено од причина што три четвртини од македонскиот извоз во ЕУ потпаѓа на три гранки и тоа: текстил и текстилни производи, метали и производи од метали и пијалоци и тутун.

***МСП и учеството на малите фирми;*** Значењето на развојот на МСП во македонското стопанство е признаено не само како средство за негување на не толку добро развиениот претприемнички дух, туку и за развивање на свеста за конзистентната потреба од промени и реформи на економската сцена. Покрај ова, добро воспоставените мерки и политики за развој на малите и средни претпријатија, во комбинација со мерки и политики за унапредување на конкурентноста, се сметаат за еден од најдобрите начини за интегрирање на неформалниот сектор во формалната економија.

Паралелно со процесот на приватизација, на пазарот започнаа да влегуваат нови фирми, на тој начин формирајќи го главниот дел од денешната заедница на МСП. Владата на Република Македонија секогаш ја вклучувала поддршката за МСП во своите главни документи за развојни политики.

Во јули 2002 година, Владата донесе Национална стратегија за развој на МСП. Од донесувањето на Националната стратегијата за развој на МСП поминаа 4 години во кои се постигнати значајни резултати во развојот на МСП. Но, истовремено се случија и повеќе промени кои ја наметнаа потребата од ревидирање на стратегијата и изработка на Ревидирана национална стратегија за развој на МСП (2002-2013), која е во владина проецедура. Во насока на реализирање на целите во рамки на стратегијата и Европската повелба за мали и средни претпријатија, изработена е и Програма за развој на претприемништво, конкурентност и иновативност (2007-2010), која е исто така во владина процедура. Програмата претставува продолжение на активностите преземени со претходната Програма (2003-2006). Главни компоненти на Програмата се: 1) институционална инфраструктура-архитектура, 2) деловно опкружување, 3) финансии и оданочување и 4) иновативност и конкурентност.

Во 2004 година беше формирана нова Агенција за поддршка на претприемништвото која е целосно оперативна. Покрај Агенцијата, постојат 8 регионални фондации за развој на МСП, 7 деловни инкубатори, 4 центри за трансфер на технологија, Центар за поттикнување на развојот на МСП при Стопанската комора на РМ, Start up центар и ЦИРКО центар за истражување, развој и континуирано образование, двата на машинскиот факултет. Во 2004 година е основан и првиот Еуро-инфо кореспондентен центар.

Најголемиот дел од стратегијата за структурни реформи и мерки на Владата има за цел да го подобри јавното управување и целокупното окружување за економска активност во земјата, како што е: регулаторната реформа, поедноставени постапки за влегување и излегување на учесниците на пазарот, реформа во судството, подобро функционирање на јавната администрација и институционална поддршка за развојот на приватниот сектор, подобро јавно и корпоративно управување, поголема транспарентност и интегритет.

Нефинансиските форми на поддршка на претприемништвото вклучуваат специфични мерки кои постојните институции ги обезбедуваат за новите или за формираните фирми. Инкубаторите досега се покажаа како успешно средство за обезбедување таква поддршка. Резултат од проектот финансиран од УСАИД за зголемување на конкурентноста е формирањето пет кластери на македонското стопанство.

Предвидени се и други мерки, како што се: продолжување на систем за советување преку ваучери за консултантски услуги, реализирање на трета фаза на пректот Фонд за развој на човекови ресурси почнувајќи од 2007 година и негова трансформација во Академија за менаџери. Дополнителни реформи во финансискиот систем на земјата исто така се предвидени со цел да се подобри работењето на банкарскиот сектор: дополнително подобрување на надзорот во банките, воведување модерни техники за управување со долгови и ризик, развој на пазарот со хартии од вредност итн. Македонската банка за поддршка на развојот ќе продолжи да обезбедува поддршка за македонските бизниси, а особено за МСП. Предвидена е трансформација на Кредитно-гарантниот фонд со цел поголема ефикасност во поддршката на МСП. За 2007 година планирано е основање Биро за кредитен рејтинг. Реформите во финансискиот сектор, заедно со реформите во судството во насока на зголемување на капацитетот за справување со трговските случаи, треба да го олеснат насочувањето на доволен број средства во приватниот сектор.

**Степенот до кој владината политика и законодавството влијаат на конкурентноста преку трговската политика, политиката на конкуренција, државната помош, СДИ, поддршка за мали и средни претпријатија, итн;**
Зголемување на конкурентноста на македонското стопанство се повеќе станува центар на различни и комплексни активности промовирани со владините политики и регулаторни реформи. Деловната конкурентност зависи од основните микроекономски услови што го дефинираат тековното одржливо ниво на продуктивност во земјата, според концептот дека богатството всушност се создава на микроекономско ниво и дека релевантните државни политики може да го поттикнат или спречат продуктивното однесување на претпријатијата.

Признавајќи го значењето на трговската либерализација на економијата, Владата на Република Македонија активно водеше процес на отворање на националната економија преку членство во СТО и склучување договори за слободна трговија со главните трговски партнери.

Република Македонија имплементира 11 Договори за слободна трговија (ДСТ) од кои 8 се билатерални, и тоа со Србија, Црна Гора, БиХ, УНМИК Косово, Албанија, Молдова, Турција и Украина и 3 се мултилатерални и тоа со ЕФТА, ЕУ и ЦЕФТА. Со потпишувањето на новата ЦЕФТА 2006 која ќе почне да се применува во 2007 година, 6 од билатералните ДСТ ќе преминат во мултилатералниот ДСТ ЦЕФТА 2006 и билатералните ДСТ Република Македонија ќе се применуваат со Турција и Украина.

Република Македонија е првата земја, од учесничките во процесот на стабилизација и асоцијација со ЕУ, која ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Оваа спогодба веднаш обезбедува слободен бесцарински пристап за најголемиот дел на македонски стоки освен за виното, шекерот, телешкото месо и рибите за кои Република Македонија

има добиено бесцарински квоти и концесии, додека македонските царини ќе се укинуваат постепено за најголемиот број стоки од ЕУ во транзитивен период од 10 години.
Во 2005 година приближно 80,2% од вкупната трговија на Република Македонија се одвива со земјите со кои има ДСТ, односно преференцијален третман во трговијата. При тоа учеството во извозот со овие земји е околу 90,1% а во увозот истите учествуваат со околу 74%. Учеството на трговијата со земјите членки на ЕУ во 2005 година е околу 48,4% а учеството на трговијата со другите земји со кои РМ има склучено ДСТ е 31,8%.

Владата на Република Македонија е посветена на подобрување на вкупната бизнис клима преку спроведување длабоки структурни реформи, креирање институционална, регулаторна и административна рамка компатибилна со онаа на Европската унија. За ефикасно и транспарентно управување со јавниот сектор, вклучувајќи ја и борбата против корупцијата се спроведуваат низа активности за разрешување на клучните слабости во судството и забрзаување во решавањето на предметите, царината и функционирањето на релевантните државни институции. Со интензивирање на реформите во катастарот и сопственичките права, ќе се подобри регистрацијата и евиденцијата на недвижниот имот и ќе се обезбеди целосно функционален Катастар до крајот на 2008 година. За подобрување на функционирањето на пазарот на труд клучните реформи кои се преземаат во оваа област се: 1. флексибилна употреба на договорите на определено време, 2. пофлексибилни услови за вработување и отпуштање, 3. прилагодување на придонесите во случај на невработеност на просечното ниво и траење на земјите на ОЕЦД заради отстранување на обесхрабрувањата да се работи и 4. зголемување на учеството на работната сила со овозможување флексибилна употреба на времените и хонорарните договори. Овие реформи надополнети со релативно ниските трошоци за работна сила и пониските даночни стапки, очекуваме да влијаат на зголемувањето на домашните и странските директни инвестиции и зголемувањето на стапката на бруто инвестиции, што е неопходен услов за зголемување на економскиот раст и создавање нови вработувања во Република Македонија.

Во функција на обезбедување ефикасен даночен систем, Владата презема активности за поедноставување на даночната администрација и зголемување на наплатата на даноците, при што формирана е и функционира канцеларија за големи даночни обврзници. Во однос на даночните стапки, во 2007 година, персоналниот данок на доход и данокот на добивка изнесуваат 12% и воведено е 50% даночно ослободување за реинвестираната добивка. Намалените даноци за плати се очекува да овозможат повеќе нови вработувања и легализација на многу работни места кои сега беа во зоната на сивата економија. Трансферот на еден дел од сивата во легална економија е еден од потенцијалните генератори за раст на бруто домашниот производ. Намалувањето на оданочувањето кај реинвестираната добивка ќе ги мотивира домашните и странските компании да вложуваат во нова опрема и машини, со што производството ќе стане поконкурентно.

Со цел забрзување на економскиот развој преку привлекување странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста на Република Македонија на надворешно трговскиот пазар, зголемување на извозот и зголемување на вработувањето, во февруари оваа година донесен е Закон за технолошки индустриски развојни зони. Со овој закон ќе се придонесе за развој на високо пропулзивни и современи технологии со воведување економски профитабилно производство и ефикасна употреба на ресурсите и примена на највисоки еколошки стандарди. За инвеститорите во зоните, Законот предвидува соодветни даночни погодности и тоа: ослободување од данок на добивка за првите 10 години; намалување на персоналниот данок за 50% за првите 5 години и ослободување од данокот на додадена вредност: за прометот во зоната (освен прометот за крајна потрошувачка); за увезените добра, кои врз основа на посебни прописи се внесуваат во зоните под услов да не се наменети за крајна потрошувачка додека подлежат на посебниот режим и за услуги директно поврзани со овој увоз (под услов добрата да не се наменети за крајна потрошувачка). Предвидено е издавање на земјиштето во зоната под закуп за период до 50 години со можност за продолжување за уште 25 години. За да компанијата се квалификува за овој повластен даночен режим предвиден во Законот, потребно е минимум 80% од продажбата на годишно ниво да биде остварена во извоз надвор од Република Македонија.

Усогласување на Законот за технолошко индустриските развојни зони со законодавството на ЕУ ќе се постигне со пристапување на Република Македонија во ЕУ.

Во јануари 2005 година беше основана и отпочна да функционира Агенцијата за странски инвестиции на РМ. Согласно основните законски одредби и принципи, како главни приоритети и задачи во работењето на Агенцијата за 2007 година се издвојуваат: квалитативно и квантитативно развивање Стратегија за привлекување СДИ и изготвување секторски студии; финансиско и кадровско зајакнување на Агенцијата; градење имиџ на земјата и промоција на инвестициските можности за потенцијалните странски инвеститори; давање на високо професионални услуги на инвеститорите во процесот на прединвестирање, инвестирање и реинвестирање, мониторинг и евалуација на инвестицискиот развој.

Владата на Република Македонија формира Координативен комитет за заштита на интелектуалната сопственост кој ќе ги координира активностите на Министерството за култура и Заводот за заштита на индустриска сопственост, заради интегрално решавање на прашањето за заштитата на интелектуалната сопственост. Со цел спроведување на мерките за заштита на интелектуалната сопственост, авторските права и индустриската сопственост неколкукратно е зголемен

капацитетот на инспекциските служби и Пазарната инспекција во Министерството за економија. Бројот на инспектори во инспекцијата за заштита на авторски права е зголемен од 4 на 17 и бројот на трудови инспектори е зголемен за 4 пати.

Основниот правен акт кој ја регулира заштитата на конкуренцијата во Република Македонија е Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05 и 70/06), кој во голема мера е усогласен со Договорот за основање на Европската Заедница (членовите 81, 82 и 86); и ЕУ мерките 31962P0017, 32003P0001, 31971P2821, 32004P0139, 31997S1209(01) и 52001XC1222(03). Дополнително, а заради понатамошно усогласување на македонското законодавство од областа на конкуренцијата со соодветното европско законодавство, во 2005 година Владата на Република Македонија ги донесе потребните подзаконски акти предвидени со Законот за заштита на конкуренцијата.

Надлежен орган за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата е Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Комисијата е самостоен државен орган, независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамките на надлежностите определени со Законот. Составена е од претседател и четири члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија, за период од пет години, со право на повторно именување. Претседателот и најмалку два члена на Комисијата се професионално ангажирани во работата на Комисијата, а за својата работа одговараат пред Собранието на Република Македонија.

Управните, стручните и другите административно – технички работи ги врши стручната служба на Комисијата, со 17 вработени.

Комисијата е надлежна да ја контролира примената на одредбите од законот и прописите донесени врз основа на законот; да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција; да води постапки и донесува одлуки за прашањата што ги регулира законот; да утврдува методологија за истражување на пазарот; да утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата; мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата; да дава мислења по предлог-закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои може да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот; да дава стручни мислења за прашања поврзани со политиката на конкуренција и заштитата на конкуренцијата на пазарот, по барање на Собранието, Владата на Република Македонија, други државни органи, претпријатија или по службена должност; да ги врши работите што произлегуваат од меѓународните обврски на Република Македонија во областа на заштита на конкуренцијата, како и други работи утврдени со Законот.

Во насока на зголемување на ефикасноста во спроведувањето на Законот за заштита на конкуренција и политиката на заштита на конкуренцијата, а согласно уставните амандмани од декември 2005 година (амандман XX), Комисијата за заштита на конкуренција, како државен орган кој врши јавни овластувања, доби овластување да дејствува и како прекршочен орган и да изрекува прекршочни санкции за прекршоци определени со Законот за заштита на конкуренцијата, како и (амандман XXI) инволвирање на судовите во правната заштита по одлуките на Комисијата со што ќе се постигне целосна независност и стручност во контролата на примената на материјалното право и процедуралните правила во заштита на конкуренцијата.

Заради операционализација на ваквото овластување, во февруари 2007 година изменет е и дополнет Законот за заштита на конкуренцијата со кој се прецизираат начинот и условите за остварување на ваквото овластување на Комисијата .

Ефикасното спроведување на политиката на заштита на конкуренцијата бара и зајакнување на административниот капацитет на Комисијата, па затоа до крајот на 2007 година планирани се 5 нови вработувања во стручната служба на Комисијата на извршители со висока стручна спрема, како и спроведување обуки за членовите на Комисијата и вработените во стручната служба за ефикасно спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата. Како една од основните компоненти на процесот за зајакнување на институционалниот капацитет на Комисијата, ваквите обуки се вршат со поддршка на Германското друштво за техничка помош (ГТЗ), ЕУ Твининг проектот: „Приближување на законодавството во конкурентската политика и зајакнување на административниот капацитет за органот за заштита на конкуренцијата" и Проектот за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите, како тековна странска помош во областа на заштитата на конкуренцијата.

Заради зголемување на транспарентноста во работењето и одлучувањето на Комисијата, а во согласност со практиката на националните конкурентски органи во земјите-членки на ЕУ, конечните одлуки, известувањата за концентрациите, мислењата и другите информации за активностите на Комисијата се објавуваат на веб страницата на истата, додека одлуките на Комисијата и одлуките на судот се објавуваат и во Службен весник на Република Македонија.

Државната помош во Република Македонија е регулирана со Законот за државна помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03) и Законот за изменување и дополнување на Законот за државна помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/06). Со овие законски акти, македонското законодавство од областа на државната помош е во голема мера усогласено со европското законодавство, односно извршено е целосно транспонирање на релевантните членови од Договорот за основање на Европската Заедница и ЕУ мерките: 32001P0069 и 31999P0659. Легислативната рамка во областа на државната помош дополнително ја сочинуваат и релевантните подзаконски акти.

Во поглед на понатамошно усогласување на законодавството на Република Македонија со ЕУ мерките, планирано е воспоставување и градење веродостојно досие за спроведување на контролата на државната помош, донесување методологија за определување на нивото на компензација на претпријатија на кои им е доверено вршење услуги од општ економски интерес и усогласување на индустриските политики со прописите за државна помош.

Од аспект на институционалната поставеност, со Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, надлежноста за надзор и контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија ја презеде Комисијата за заштита на конкуренцијата. Претходно, оваа надлежност ја вршеше Комисијата за државна помош чиј институционален капацитет не соодветствуваше на потребите за ефикасно спроведување на Законот за државна помош. Стручните и техничките работи на Комисијата за државна помош ги вршеше Одделението за државна помош при Министерството за економија. Со влегувањето во сила на Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, во Комисијата за заштита на конкуренцијата формиран е Сектор за контрола на државната помош, додека Комисијата за државна помош и одделението при МЕ се укинаа.

Секторот за контрола на државната помош во рамките на Комисијата за заштита на конкуренцијата предлага одлуки за компатибилноста на секоја државна помош со Законот на Комисисјата која одлучува за нејзиното одобрување или неодобрување. Во Секторот се вработени 4 лица, а во насока на понатамошно јакнење на институционалниот капацитет на Секторот, предвидени се 3 нови вработувања во 2007 година, односно едно ново вработување во 2008 година. Заради поефикасно спроведување на Законот, понатамошна обука на вработените во овој Сектор е неопходна. Во таа насока, обезбедена е странска помош преку Проектот за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите.

Заради транспарентност во работењето и одлучувањето на Комисијата, одлуките на Комисијата за компатибилноста на државната помош се објавуваат во “Службен весник на Република Македонија”.

***Реформи во сектори насочени кон зголемување на продуктивноста и конкурентноста (земјоделство и рурален развој, сектор на производство, вклучувајќи диверзификација на индустриската база);*** Основното начело на индустриската политика што се применува во Република Македонија е воспоставување и одржување еднаков третман на сите деловни субјекти и обезбедување еднакви услови за пазарна конкуренција. Тоа ќе се постигне преку создавање стабилна, лесно достапна и целосно предвидлива институционална инфраструктура, соодветна комбинација на елементи на економскиот систем и соодветни мерки на тековната (краткорочна) и развојната (долгорочна) политика. Во овој контекст, индустриската политика на Македонија генерално, има хоризонтален пристап, создавајќи услови за еднаква пазарна конкуренција и дефинирајќи мерки, инструменти и програми на политиките чија цел е – преку обезбедување различни видови деловно преструктуирање и техничко и технолошко надградување – зголемување на конкурентноста (продуктивноста) на македонското стопанство.

Основните цели и приоритети на идната индустриска политика за создавање конкурентност на македонското стопанство се следниве: (а) создавање стабилно и целосно предвидливо институционално окружување и рамка што е соодветна за потребите на современата пазарна економија; (б) внимателно и постепено усогласување како и усвојување на законодавството на ЕУ; и (в) спроведување проактивна индустриска политика за унапредување и развој на потенцијалните бизниси. Во тој поглед, посебно внимание се посветува на усогласувањето на приоритетните цели на индустриската политика со оние на генералната економска политика.

За разлика од хоризонталното ниво, кое претставува доминантен дел на индустриската политика што се спроведува во Република Македонија, секторското (вертикалното) ниво на индустриска политика има многу помало значење.

Подготвени се неколку стратегии за развој на одредени сектори, при што индустриската политика не влезе во директна и селективна поддршка на одредени сектори. Во секторот за производство на челик е подготвена Национална програма за преструктуирање и конверзија, што произлегува како обврска од Протоколот 2 на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. За оваа цел, во рамките на програмата КАРДС за периодот 2000 - 2006 година (Регулатива на Советот на Европската унија бр. 2666/2000) распределени се средства за подготовка на Национална програма за преструктуирање и конверзија во индустријата за челик, како поддршка на специфичниот сектор во рамките на подготовката на Националниот план за економски развој. Програмата предвидува преструктуирање на претпријатијата во индустријата за челик со цел да се одржи нивната економска виталност по периодот на спроведување и да им се помогне да станат поконкурентни на глобалниот пазар.

Во првата половина на 2007 година се очекува да заврши подготовката на Стратегијата за развој на текстилната индустрија. Истата треба да даде одговор за идниот развој на оваа трудоинтензивна и извозно ориентирана индустриска гранка. Структурните реформи се во правец на високо доходовни производи со бренд и постепено напуштање на лон производството, како и подобрување на ефикасноста, продуктивноста и иновативноста.

Исто така, во 2007 ќе биде подготвена и Стратегијата за развој на туризмот, која ќе понуди концепт за развој и промоција на туризмот во РМ.

Во насока на креирање на единствен сеопфатен документ на индустриска политика во 2007 ќе се подготви Студија за индикатори на конкурентноста, како основа за Стратегијата за индустриска политика која ке биде изготвена во 2008 година.

Зголемувањето на конкурентноста на македонските претпријатија и производи е еден од највисоките приоритети утврдени во Програмата на Владата на Република Македонија. Остварувањето на овој приоритет ќе се спроведува преку микроекономски реформи, зголемување на инвестициите во информатичка технологија и знаење, како и преку градење партнерски однос со деловната заедница.

Во функција на интегрален пристап кон формулирање на економската политика, Владата на Република Македонија воспостави редовен дијалог со деловната заедница. Во тој конктекст се остваруваат редовни средби на секои 2 недели со Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори, Комората на северозападна Македонија, Меѓународниот совет на инвеститори и Националниот совет за претприемништво и конкурентност, на кои се разгледуваат конкретни предлози на приватниот сектор и се решаваат проблемите со кои се соочуваат при вршењето деловни активности, во насока на унапредување на конкурентноста.

Во јуни 2003 година е основан Национален совет за претприемништво и конкурентност (НСПК), како трипартитно јавно-приватно тело составено од претставници од приватниот сектор, од Владата и од граѓанското општество. Примарна задача на Советот е да работи на изготвување стратегии за подобрување на условите на деловното работење, со цел поддршка на македонските претпријатија, на кластерите и на другите активни деловни асоцијации во развивање, промовирање и извоз на своите производи и услуги со висока додадена вредност. НСПК своите организациски активности ги остварува преку Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор, Советодавна група и интерни комитети: 1) за конкурентост, 2) технолошки развој, 3) регулатива, 4) кластерски активности (поддршка на конкретни иницијативи заради подобрување на конкурентноста), 5) едукација, 6) локален/регионален економски развој и 7) буџет и координација со меѓународни донаторски организации. НСПК има одредено пет кластери кои добиваат специјална поддршка: кластерот за јагнешко месо и сирење, кластерот за туризам, кластерот за информатичка технологија, кластерот за вино и кластерот за облека. Во врска со напредокот на избраните кластери во претходниот период, постигнат е напредок во смисла на прифаќање на идејата на здружување во кластери и во смисла на разбирање на бенефициите од поврзувањето во кластери кај менаџерите на фирмите кои се поврзани во кластери. Така во јануари 2006 година поаѓајќи од идејата и можниот бенефит од кластерското здружување, формиран е нов кластер во дрвната индустрија кој се очекува користејќи ги искуствата од постојните да отпочне со интензивни активности и напредок, во правец на подобрување на продуктивноста и обединувањето на извозната понуда. Во 2007 година ќе продолжат активностите за нови кластерски здруженија.

Во декември 2005 година, Националниот совет за претприемништво и конкурентност на Македонија го објави првиот, а во 2006 вториот Национален извештај за конкурентноста на Република Македонија. Овој документ претставува сеопфатна детална проценка за постојните конкурентни способности на македонското стопанство, како и список на приоритети и клучни препораки за подобрување на конкурентноста на македонското стопанство. Помеѓу клучните препораки наведени во Извештајот се: интензивирање на структурните реформи во земјата, заедно со интензивирање на процесот за пренос на надлежности од централно на локално ниво; (преку зајакнувањето на институционалната инфраструктура) поддршка на развојот на иновации, на трансфер на технологии и на ''претпријатијата базирани на знаење''; подготвување политика за развојот на технологијата во Македонија; реформи во образовниот систем со цел создавање работна сила која ќе ги исполнува условите на претпријатијата, и интегрирање на образованието согласно потребите на бизнисот; целосно спроведување на Европскиот кредит – трансфер систем во универзитетите во Република Македонија; создавање систем за доживотно учење и стручна обука на вработените; стимулирање натамошен прилив на СДИ; поттикнување за влез на големи странски банки на пазарот, со што ќе се намалат каматните стапки, ќе се создадат услови за воведување нови технологии, примена на иновациите во производството и зголемување на продуктивноста. Микроекономските услови за тековно одржливо ниво на продуктивноста бара реформи во финансискиот сектор и воведување нови технологии за управување со долгови и ризици, и зголемување на финансиската интермедијација.

Имплементацијата на овие и други препораки ќе создаде основа за среднорочно зголемување на конкурентноста во македонското стопанство, имајќи го предвид реализирањето на компаративните предности на земјата.

Како резултат на процесите на интензивното интегрирање на земјата во меѓународните текови на размена на стоки, пред се преку пристапот на Република Македонија во СТО и потпишувањето на останатите мултилатерлани и билатерални договори за слободна трговија, а во услови на нереструктуиран сектор и ниска конкурентност, македонското земјоделство се соочува со крупни предизвици. Дополнително, поради процесот на политичко пристапување кон ЕУ кој има за цел подготвување на домашното стопанство за делување во услови на Заедничкиот европски пазар и приближување кон европските стандаради за квалитет и безбедност на храната, македонскиот земјоделско-прехранбен производ треба да се усогласи со побарувањата на домашниот и европските пазари и тоа во однос на цената, квалитетот и очекувањата на потрошувачите во услови на зголемена конкуренција. За да се постигне ова неопходно е да се реструктуира преовладувачката неповолна структура на производители, кои или произведуваат ограничен пазарен вишок, или ги задоволуваат своите потреби, и тоа во специјализирани земјоделски производители и преработувачи со зголемена

економија на обем со што би се минимизирале трошоците, би се подобрила продуктивноста на факторите на производството и би се зголемил развојниот потенцијал согласно реалните компаративни предности. Од друга страна на помалку конкурентните земјоделски производители треба да им се овозможи да ги диверзифицираат економските активности во производство на нетрадиционални земјоделски производи побарувани на пазарите а кои генерираат поголем приход од ограничени ресурси, но и во активности кај руралните домаќинства кои не се задолжително поврзани само со земјоделското производство.

Имајќи ги предвид овие предизвици, МЗШВ ја следи својата глобална цел, како основа за развој на земјоделскиот сектор и формулирање на земјоделската политика и политиката на рурален развој:

‘Зајакнување на способноста на македонското земјоделство со цел да конкурира на интегрираните регионални пазари на Европската Унија и Југоисточна Европа преку мерки за зголемување на ефикасноста на земјоделското производство, преработката и маркетингот, воспоставување и надградба на соодветни и ефективни јавни и приватни институции; подобрување на земјоделскиот приход; обезбедување пристап за потрошувачите до безбедна и здрава храна; оптимално искористување на ограничените ресурси на земја, шуми и вода, на еколошки одржив начин; и изградба на одржливи рурални заедници преку постојан рурален развој’.

Оттука стратегиските цели за развој, кои се усогласени со целите на Заедничката Земјоделска Политика (ЗЗП) на ЕУ, врз кои ќе се базира идната политика за развој на земјоделството и руралните средини се во насока на:

- зајакнување на конкурентноста на земјоделството и подобрување на приходите на земјоделските производители имајќи го предвид значењето на земјоделството за социјалната стабилност во државата,
- оптимално користење на расположливите природни ресорси во еколошки оддржлив начин,
- обезбедување здрава и исправна храна за потрошувачите и тоа во поголем обем од домашно потекло во согласност со компаративните предности на производството на поединечни гранки,
- поддршка на развојот на руралните средини заради запирање на процесот на понатамошна депопулација на цели делови од државата и оддржување рамномерен регионален развој,
- постепено усогласување на македонската земјоделска политика и институциите со Европската Заедничка Земјоделска Политика почитувајќи ги националните приоритети и интереси во развојот на секторот.

Специфичните цели кои треба да придонесат кон создавање поволен амбиент за остварување на стратегиски цели на развојот се:

- создавање **ефикасен пазар на земјиште**,
- **подобрување на приходот на фармерите и зголемени инвестиции** за модернизација и реструктуирање на земјоделските стопанства преку избалансирани и комплементарни мерки за директна поддршка (според компаративната предност на клучните домашните производи) и мерките на рурален развој,
- **излегување на најголем дел од земјоделскиот сектор од областа на сивата-нерегистрирана економија,**
- обезбедување **подобрени општи услови за живот во руралните области** со подобрена инфраструктура, формирање рурални центри на развој и создавање помешовита економска база во руралните средини,
- **реформирани и зајакнати јавни и професионални инстиутции во секторот** кои транспаретно и организирано интердејствуваат во зајакнување на врските на пазарот, формулирањето на земјоделската политика и имплементацијата на ефикасни мерки од типот на ЗЗП на ЕУ и особено со доволен капацитет за **прифаќање на средствата од предпристапните фондови на Унијата.**
- промовирање **организирана соработка помеѓу фармерите** со цел обезбедување на потребната економија на обем во производството и маркетингот,
- рационално и наменско користење и раководење со буџетски ресурси како и ефикасно планирање на надворешната помош и соработка кон постигнувањето на стратегиските цели.

Оттаму, една од клучните мерки во периодот од 2007 натаму е забрзувањето на процесот на подобрување на менаџментот на земјиштето во државна сопственост и создавањето услови за функционирање на пазарот на земјоделско земјиште. Во текот на споменатиот период, мерките на земјоделската политика ќе бидат насочени кон развојот на пазарот на земјоделско земјиште, подобрување на менаџмент системот на земјоделското земјиште и пасишта во државна сопственост следејќи ги принципите на транспарентност и ефикасност, окрупнување на фрагментарното земјоделско земјиште и подобрување на заштитата на земјоделското земјиште. Со цел да се остварат споменатите мерки во 2007, во фаза на усвојување е нов Закон за земјоделско земјиште, а започнат е и процесот на хармонизација на евиденцијата во катастарот на националното земјиште, како предуслов за имплементација на политиката за земјоделско земиште, во функција на развој на сеопфатен национален систем за регистрација на недвижен имот е основа за воспоставување на регистар на земјоделско земјиште. Покрај тоа, активностите во периодот што следи ќе бидат насочени и кон зајакнување на капацитетот на државната администрација за имплементација на системот на распределбата на земјоделско земјиште во сопственост на државата. Во врска со ова, веќе започнаа активностите за воспоставување информативен систем за распределбата на земјоделско земјиште во сопственост на државата.

Понатаму, позитивното искуство на проектот на CARDS Систем за мониторинг и менаџмент на лозови насади за пилот катастарот за лозови насади во Тиквешкиот вински регион ќе продолжи во втора фаза во 2007 година со цел да ја покрие целокупната површина на лозови насади во периодот што доаѓа. Планирано е овој систем да биде стабилна основа за развој на регистар на земјоделско земјиште за целото земјоделско земјиште.

Покрај тоа, ***Мерките за поддршка на земјоделството*** на Владата на Република Македонија се дел од комбинираните и комплементарни реформски мерки кои треба да обезбедат сеопфатна основа за поддршка на надминување на неповолната структура на земјоделското производство и зголемување на конкурентноста заради постигнување развој на македонското земјоделството и на руралните средини, воопшто. Поддршката во секторот е организирана преку следниве групи мерки:

**Мерки на директни плаќања -** во услови на зголеменото ниво на трговска либерализација мерките на директни плаќања се дизајнирани да обезбедат поволно влијание и поддршка на приходот на земјоделските производители, поттикнување на развојот и преструктуирањето со цел зголемување на конкурентноста. Водечките **принципи** според кои се водеше МЗШВ при дефинирањето на програмата за поддршка и одредувањето на поединечните мерките се следниве: (1) продуцирање развој и економски раст со позитивно влијание на приходот на земјоделските производители и социјалната стабилност на земјоделците; (2) поддршка насочена кон стимулирање на подобрување на конкурентноста кај претприемчливите производители и кон земјоделски производи со изразита компаративна предност во однос на надворешните производи на домашниот и странските пазари; (3) зголемување на износот на субвенциите за земјоделското производство за три пати во однос на 2005 година и достигнување ниво од околу 20 милиони евра во 2010 година; (4) намалување на трговскиот дефицит кој треба да се приближи кон суфицит во 2010 година; (5) постепено усогласување на домашните мерки на поддршка со мерките на Заедничката земјоделка политика на ЕУ; (6) придржување кон обврските со пристапувањето во СТО од 2003 кои се однесуваат на превземените ограничувања во делот на пристапот на пазарот (висината на царинската заштита), големината на збирните мерки на поддршка и поддршката на извозот; и (7) целосна контрола и следливост во реализација на мерките за поддршка.

Заради постигнување на дефинираните цели, политиката на поддршка е насочена кон следниве целни категории производи односно производители:

- поддршка за **конкурентни, извозно ориентирани традиционални производи**;
- интензивно производство на **алтернативни и/или нетрадиционални производи** со извозен потенцијал кои генерираат повисок приход со поограничени ресурси;
- поддршка за **традиционални производи со социјално значење** за руралните средини и значење за **сигурност во обезбедувањето основна храна** за населението;
- поддршка на производи кои **значително учествуваат во вредноста на увозот** а имаат неискористен потенцијал за зголемување на производството
- подршка за производство на **високоприносен, сертифициран, и прилагоден на домашни услови семенски и посадочен материјал;**
- поддршка на **воведување системи за сертификација и регистрација** кои ја зголемуваат вредноста на производите (HACCP, EUROGAP, сертификација на органско производство);
- поддршка за **организирањето земјоделски производители** заради надминување на проблемот со раситнетост и ограниченост на капацитетот за инвестиции, набавки, поголем квантум и воедначен квалитет на производство.

**Мерки на рурален развој -** следејќи ги трендовите на ЗЗП на ЕУ каде вториот столб добива на значење, руралниот развој во идниот период ќе претставува главен напор на Република Македонија како институционално така и од аспект на политиката. Сепак, процесот на усвојување на политиката на рурален развој е во иницијалната фаза и во момоентов не постои севкупна стратегија или сеопфатна политика за рурален развој, а сè до 2006 година не постоеше институција со целосна одговорност за политиката за рурален развој. Во овој контекст, во рамките на МЗШВ во фаза на подготовка е Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2007-2013), која е предвидено да биде усвоена во првата половина на 2007 година. Во 2006 година МЗШВ беше назначено од страна на Владата како Управувачка институција за рурален развој (Службен весник бр. 5/2006) и во координација со другите релевантни засегнати страни во земјата треба да развие политика и потребни институции за да се осигура одржлив развој на руралните средини. Во согласност со оваа Одлука, МЗШВ има обврска да воспостави Меѓу-институционално тело за рурален развој, кое ќе ја насочува подготовката на Планот за рурален развој. Покрај тоа, МЗШВ беше назначено да ги програмира мерките и активностите, да ја контролира и проценува имплементацијата на програмата за рурален развој и да ги координира активностите во врска со истата, од аспект на политиките спроведени од различни институции, со цел да се осигура вклученост на сите релевантни институции и страни и да ги супервизира финансиските функции кои се однесуваат на руралниот развој.

Мерките за рурален развој кој во моментов се реализираат во Република Македонија вклучуваат:

- инвестиции на фарма,
- инвестиции во преработувачки капацитети,
- диверсификација на економските активности во руралните средини, и
- капитални инвестиции во руралната инфрастуктура, пред се во делот на водостопанството.

Реализацијата на претходнонаведените мерки и предизвици за структурно прилагодување во земјоделскиот сектор, ќе придонесе и за зајакнување на **институционалните и административните капацитети** во инситутционалната рамка за имплементација на мерките на земјоделската политика во согласност со барањата на ЕУ, способна за дизајнирање на политиката, проценката и мониторинг на реформите во согласност со трендовите на Заедничката земјоделска политика и постепено прилагодување на механизмите на структурната, пазарно-ценовната и трговската политика на ЕУ. Овие акции ќе бидат следени од соодветни законодавни прилагодувања и оптимални капацитети за спроведување /имплементација на политиката.

Сеопфатната Стратегија за развој на земјоделството и руралните средини на почетокот на 2007 година ќе биде доствена до Владата за усвојување. Овој документ има цел да обезбеди цврста основа и насоки за идната политика за развој на земјоделството и руралните средини и институционален развој, спојување на националните приоритети во рамките на агендата за интеграција во ЕУ.

Законот за попис во земјоделството беше изменет во 2006 година и фактичкиот попис ќе се спроведе во јуни 2007 година, како една од најприоритетните активности потребни за зајакнување на планирањето при пристапувањето во ЕУ. Воспоставувањето единствен регистар на фарми ќе биде следен чекор по добивање на резултатите од пописот во земјоделството надграден преку интегрирање на различните регистри/бази на податоци за стандардизираните процедури и методологии на управување, пристап и размена на информации.. Во согласност со овие напори ќе се изврши и надградување на постоечкиот Систем за мониторинг на фарма во Национална мрежа на сметководствени податоци од фарма „Македонскиот FADN" поддржан со Законот за сметководство на фарма земјаќи ги во предвид карактеристиките на земјоделската активност како специфична економска активност.

Во врска со зголемувањето на апсорпцискиот капацитет за IPARD, основањето на IPARD Агенција ќе биде интензивно во фокус во 2007 и 2008. Во споментатиот период ќе се ралризираат вработувања, градење на капацитетот, ИТ системи и соодветни обуки. Активностите ќе бидат поддржани со грантови главно преку CARDS програмата, други донатори и буџетот на МЗШВ.

Со цел зајкнување на услугите во земјоделството, а во насока на реализација на стратегиската цел за обезбедување здрава и квалитетна храна за потрошувачите, во периодот 2007-2009 фокусот ќе биде ставен на реорганизирање на ветеринарните служби и инспекциите во согласност со ЕУ и на постојано подобрување на системот на контрола на здравјето кај животните, подобрување на системот на јавно ветеринарно здравство, воведување и имплементација на ефикасен и оддржлив систем на контрола на храната за животните т.е. нејзиното производство и дистрибуција, воведување и имплементација на ефикасен и оддржлив систем на прилагодување и контрола на производството, промет и користење на храната за животните и начин на исхрана на животните, формирање лабораторија за истражување инфективни болести кај животните, храна за животните, соодветност на исхраната на животните сè до акредитација на референтна лабораторија, воведување и имплементација на ефикасен и оддржлив контролен ветеринарен систем – медицинска опрема, комплетна имплементација на ефикасен и оддржлив систем на идентификација и регистрација на животните поддржан од I&R CARDS проект фаза 3, спроведување за безбедно отстранување на штетниот животниски отпад заради заштита на животната средина од загадување, изработка на законодавство за благосостојба на животните, воведување и имплементација на ефикасен и оддржлив систем на следливост и превенција на инфективни болести кај животните.

Во таа насока, во фитосанитарната област ќе продолжат веќе започнатите активности за реорганизирање на посотечките служби за заштита на растенијата и воспоставување Државна фитосанитарна лабораторија (поддржана од проект на CARDS „национален интегриран фитосанитарен систем"). Постоечката Фитосанитарна Управа во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе биде реорганизирана со зајакнување на секторите надлежни за (1) средствата за заштита на растенијата и резидуи/остатоци и (2) здравјето на растенијата, а во периодот 2007-2009 ќе се превземат и специфични акции од аспект на воспоставување систем на следливост на целата територија заради спречување појава, ширење и намалување на штетите предизвикани од штетните организми врз растенијата, регулирање на прометот и користењето на ѓубрива преку носење ново законодавство и надградување на Државната фитосанитарна лабораторија и нејзино издигнување на ниво на лабораторија за заштита на здравјето на растенијата.

Со цел зголемување на ефикасноста на работата на земјоделската инспекција, инспекциските структури ќе бидат реорганизирани и зајакнати со цел за постигнување поголем степен на заштита за законодавството и хармонизација со стандардите на ЕУ. Поточно земјоделската инспекција ќе биде зајакната со човеков капацитет со соодветна обука и опрема за да биде способна да ја поддржи имплементацијата на IPARD Планот.

Понатаму, ќе се реализира надградување на дополнителните услуги со цел носење на македонското законодавство во согласност со барањата на ЕУ (Институт за земјоделство, Институт за сточарство, Институт за јужни култури и Институт

за тутун). Ќе се изработи повеќегодишна програма за истражувања во земјоделството во соработка со јавните научни институции во областа на земјоделството, за периодот 2007-2009 согласно стратегиските насоки за развој на земјоделството. Соодветно на тоа ќе биде основан Национален Комитет за креирање и трансфер на знаење во 2008 година. Паралелно на ова ќе се создаде институционален капацитет за неформално образование и обука во областа на земјоделството што ќе биде поддржан од обазовниот центар од областа на земјоделството во рамките на Институтот за земјоделство – Скопје за да биде врска меѓу истражувачките центри и советодавните услуги и директно земјоделците.

# 3 СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ

## 3.1 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

### 3.1.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

**ПРАВНА РАМКА**

Правна основа за регулирање на областите на акредитација, стандардизација, метрологија, надзор на пазарот и оцена на сообразноста, претставуваат следните правни прописи:

- Закон за акредитација („Службен весник на Република Македонија”, бр. 54/2002)
- Закон за стандардизација („Службен весник на Република Македонија ”, бр. 54/2002)
- Закон за метрологија („Службен весник на Република Македонија”, бр. 55/2002)
- Законот за безбедност на производи од 29 март 2006 година (Службен весник на РМ број 33/2006).
- Закон за Државна пазарна инспекција („Службен весник на Република Македонија ”, бр. 35/97, 23/99, 7/2002)
- Закон за техничка инспекција (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 48/99) и измени на законот за техничка инспекција (,,Службен весник на Република Македонија бр. 82/2005)
- Закон за трговија („Службен весник на Република Македонија „ бр. 16/2004)
- Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2004).
- Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија” бр. 38/2005)
- Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 58/2000 и 44/2002).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2002 година, со посебни закони (Службен весник на Република Македонија бр.54/02 и 55/02) се формирани Институтот за стандардизација и Институтот за акредитација, како и Бирото за метрологија, кое е орган во состав на Министерството за економија.

Координативна улога за реализација на приоритетите од областа на слободното движење на стоките има Министерството за економија. Во март 2006 година во Министерството за економија прогрес е направен со формирањето на Сектор за внатрешен пазар. Во овој сектор се формирани три одделенија: за заштита на потрошувачите, за слободно движење на стоки и за хармонизација на техничките прописи. Соодветен удел во оваа област имаат одделението за управни и нормативно правни работи и секторот за индустрија.

Освен Министерството за економија надлежни институции кои активно учествуваат во спроведувањето на приоритетите во областа на Слободно движење на стоките се: Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација, Бирото за метрологија, Државниот Пазарен Инспекторат, Државниот технички инспекторат и Министерството за внатрешни работи. Во делот на процедуралните мерки, активно учествуваат Царинската управа на Република Македонија, Државниот завод за статистика и Министерството за култура други органи кои имаат надлежност во областа на безбедноста на непрехранбените производи. Активностите за процедуралните мерки ќе започнат со подготовка по изготвувањето на правните прописи од новиот и стариот приод.

Во делот на процедуралните мерки, активно учествуваат Царинската управа на Република Македонија, Државниот завод за статистика, Министерството за култура, Државниот пазарен инспекторат како и други органи кои имаат надлежност во областа на безбедноста на непрехранбените производи. Активностите за процедуралните мерки ќе започнат со подготовка по изготвувањето на правните прописи од новиот и стариот приод.

Државниот пазарен инспекторат, заедно со другите инспекциски органи, преку координативното тело за надзор на пазарот врши непосредна имплементација на законодавството со надлежност за надзор на пазарот, со вкупен број на вработени 229 од кои 155 се инспектори.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Министерството за економија има изработено Работна програма за транспозиција на директивите од новиот и стариот приод. Од Владата на РМ во 2006 година усвоена е Среднорочна програма за развој на метролошката инфраструктура, со Политика за развој на метролошката инфраструктура и Акционен план за спроведување на среднорочната Програма, Национална политика за акредитација и Национална програма за стандардизација.

Во делот за надзор на пазарот се изготвува Програма за надзор на пазарот, а координативното тело за надзор на пазарот формирано од Владата на Република Македонија, е надлежно за нејзина реализација во рамки на проектот финансиран од Светска банка - БЕРИС.

***Стандардизација***

Со Законот за стандардизација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2002) се уредуваат целите и принципите на македонската национална стандардизација, статусот на ИСРМ, како и неговите задачи, зачленувањето во меѓународните и европските организации за стандардизација, неговото финансирање, подготовката, усвојувањето и објавувањето на македонските национални стандарди и нивната примена.

Донесени се основните интерни акти на ИСРМ за извршување на работите и задачите утврдени со Законот за стандардизација, и тоа: Статут на Институтот за Стандардизација на Република Македонија, Правилник за изработка и усвојување на македонските стандарди и други стандардизациски документи, Правилник за формирање и работа на техничките работни тела на ИСРМ и други акти.

ИСРМ е полноправен член на Меѓународната организација за стандардизација – ISO (International Organization for Standardization) од 1995 година, асоцијативен член на Меѓуанродната електротехничка комисија – IEC (International Electrotechnical Commission) од 14 јануари 2005 година, придружен член во Европскиот комитет за стандардизација – CEN (European Committee for Standardization) од 01 јули 2003 година и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација – CENELEC (European Committee for Electrotechnical Standardization) од 03 март 2005 година. На 15 декември 2006 година, ИСРМ и **ETSI** потпишаа Меморандум за соработка (Memorandum of understanding) во областа на телекомуникациите. Согласно овој Меморандум, обврските и одговорностите на ИСРМ се однесуваат на спроведување на соодветни постапки за подготовка и усвојување на европските стандарди од областа на телекомуникациите како македонски стандарди.
Во 2006 год, ИСРМ го зајакна кадровскиот капацитет со осум нови кадри распоредени на работни места согласно Правилникот за систематизација. Вкупниот број на вработени изнесува 14. Во текот на 2006 год, вработените во ИСРМ континуирано учествуваа на обуки, семинари, тренинг работилници. Заклучно со октомври 2006 год. преземени се вкупно 1347 европски стандарди како македонски стандарди од кои 1264 се хармонизирани стандарди од Директивите од Новиот приод.

Во ИСРМ формирани се 15 технички „мирор“ комитети (ИСРМ ТК) со различен делокруг на работа, кои активно работат на процесот на преземање на европските стандарди како македонски. Во тек е формирање на 3 технички комитети, а поднесени се иницијативи за формирање на уште 4 технички комитети.

Од Август 2006 год. поставена е web страната на ИСРМ (www.isrm.gov.mk) во која на јавноста и се ставаат на располагање сите актуелни информации од областа на македонската стандардизација.

***Акредитација***

Институтот за акредитација на Република Македонија е основан како посебна јавна установа која врши работи и задачи на национален акредитационен сервис во Република Македонија во понатамошниот текст (ИАРМ). Акредитацијата е стручна постапка со која ИАРМ, согласно акредитација (Службен весник на Република Македонија бр.54/02 и Одлука на Владата на Република Македонија Сл.весник бр. 14/2003) со доделениот сертификат формално ја потврдува оспособеноста (компетентноста) на телото да извршува определени задачи од областа на оцена на сообразноста. Акредитацијата е дејност од јавен интерес.

Правилата за акредитација се потполно усогласени со европските и меѓународните стандарди (серија EN 45000 и серија ISO 17000), регулативата и упатствата на EA, IAF и ILAC, и европската добра пракса во таа област.

ИАРМ ја претставува РМ во европските и меѓународните организации за акредитација и учествува во нивната работа. Во 2005 година ИАРМ потпиша договор за соработа со ЕА (Европска соработа во областа на акредитацијата). Веднаш откако РМ стекна статус земја кандидат за членство во ЕУ, ИАРМ покрена постапка за полноправно членство во ЕА. Првата предоцена на ИАРМ од страна на ЕА е завршена во октомври 2006, а извештајот од таа пред оцена е генерално позитивен. Детален опис за работата на ИАРМ е даден во документот „Национална политика од областа на акредитацијата“, како и во годишните програми за работа на ИАРМ.

ИАРМ соработува со националните тела за акредитација на други држави пред се од регионот, засновано на формална или неформална соработка, и тоа со: SA, HAA, JUAT, ESYD, BAS и BATA. Во декември 2005 година успешно се завршени преговорите и потпишан е Договор за соработка со JUAT од Србија. Од декември 2005 година поставена е web страната

на ИАРМ (www.iarm.gov.mk) во која на јавноста и се ставаат на располагање сите актуелни информации од областа на акредитацијата.

***Метрологија***

Бирото за метрологија е специјализиран стручен орган во состав на Министерството за економија кое извршува работи и задачи од областа на метролошкиот систем на Република Македонија. Примарна задача на Бирото за метрологија е обезбедување на следливост (во земјата и со светот на физичките големини на мерните единици) и остварување, чување и одржување на националните еталони и сертифицираните референтни материјали и калибрација на еталони и мерила. За обезбедување на овие задачи Бирото за метрологија соработува со специјализирани меѓународни и регионални организации (OIML, CGPM, EUROMET, WELMEC) во кои Бирото ја претставува Република Македонија.

Другите работи на полето на метрологија како што е метролошкиот надзор на количините и ознаките на пакуваните производи и експертскиот надзор се пропишани со Законот за метрологија („Службен весник на Република Македонија", број 55/2002). Одредбите на Законот за метрологија се однесуваат на обезбедување на законскиот карактер за мерилата (верификација и оцена на сообразноста на типот на мерилата).

Како стручно советодавно тело на Бирото за метрологија формиран е и работи метролошкиот совет. Во областа на метрологијата усвоени се следните подзаконски акти:

- Одлука за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице,
- Правилник за формата и начинот на водење на регистарот за упис на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите. Односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло и формата и содржината на решението за упис во регистерот и на решението со кое се одбива упис во регистарот.
- Правилник за начинот и постапка за прва, периодична и вонредна верификација на мерилата;
- Правилник за формите на ознаките и жиговите кои се користат за верификација на мерилата како и содржината на сертификатот за верификација на мерилата;
- Правилник за начинот и постапка на стручниот надзор;
- Правилник за образецот и начинот и постапката за издавање и одземање на легитимација за стручниот надзор;

Република Македонија во текот на 2006 година стана придружна членка на Генералната конференција за тегови и мери на Метарската конвенција, а на 19.12.2006 потпишан е MRA – Меѓународниот аранжман за признавање на сертификатите за калибрација издадени од националните метролошки институти, потписнички на MRA.

Во рамките на Бирото за метрологија функционираат и девет лаборатории за калибрација на мерни инструменти, од кои шест се операбилни (лабораторија за маса, притисок, должина и агол, волумен и проток, густина, фреквенција и време). За истите, во Бирото за метрологија се вработени шест инженери на технички науки. Во текот на 2006 год. направени се 10 калибрации.

За обука на вработените за калибрација на мерни инструменти воспоставен е контакт со земји - производители на опремата за калибрација, а дел од вработените беа на тренинг - обука во некои од тие земји. Во средината на 2006 год., Бирото за метрологија доби статус на кандидат за членка во EUROMET( во декември 2006 година) и номинира свои претставници во неколку негови технички комитети.

Потпишани се билатерални меморандуми за соработка со странски институти:Турскиот метролошки институт (UME), Бугарскиот Метролошки институт, но и со домашните Универзитети и научни установи: Машински факултет - Скопје, Технички факултет - Битола, Рударски институт - Скопје итн.

Најавена е поддршка од ЕУРОМЕТ со формирање на посебно работно тело за поддршка на регионалната соработка за Југоисточните европски национални институти за метрологија меѓу кои е и Бирото за метрологија.

***Оцена на сообразност (проверка/сертифицирање/контрола)***

Оцената на сообразност е регулирана со Законот за безбедност на производи, при што министерот надлежен за донесување на техничките прописи ги овластува заинтересираните тела да вршат оцена на сообразност. Спроведената акредитација се смета за претпоставка за исполнетост на условите за овластување на телата. Во Република Македонија постои затечен систем на овластени тела и тие ќе продолжат со работа најдоцна од 1 до 2 години сметано од денот на влегување во сила на соодветните технички прописи односно правилници. Владата на РМ во документот „Националната политика во областа на акредитацијата" ја има прифатено акредитацијата на телата за оцена на сообразност како алатка при постапката за овластување – нотификација на телата за оцена на сообразност во регулираната област.

Во тек е акредитација на лаборатории, сертификациони и инспекциски (контролни) тела, чиј статус е идентификуван согласно старата законска рамка и стариот принцип на одобрување, овластување и акредитација, согласно Законот за акредитација и соодветните меѓународни и европски стандарди за да се оцени и потврди нивната техничка компетентност. Дел од нив е веќе во постапка за добивање на акредитација (повеќе од 15 апликации за акредитација). ИАРМ заклучно со ноември 2006 година има акредитирано вкупно 11 тела за оцена на сообразност, од кои 4 тела се овластени од страна на Министерот за економија.

***Надзор на пазарот***

Надзорот на пазарот во Република Македонија се спроведува заради следење на состојбата дали стоките пуштени на пазарот се во согласност со посебните правни прописи. Имено, надзорот на пазарот (инспекциски надзор) предвидува проверка дали производите ги исполнуваат барањата на соодветните прописи (со превземање на директивите или старите национални прописи онаму каде што се уште непостои хармонизација), потоа следат активности за усогласување на производите и на крајот изрекување на санкции кога тоа е потребно. Надзорот на пазарот ги штити интересите на потрошувачите, работниците и другите корисници, како и економските оператори.
Координацијата помеѓу органите за надзор на пазарот (инспекциските служби) се врши врз основа на Законот за општа управна постапка, Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), како и посебните закони на инспекциските органи во кои се регулирани надлежностите на секој орган на државната управа.

Пред отпочнување на постапката за царинење, Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор на стоките (непрехранбени производи), по однос на декларирањето и упатството за употреба кои треба да бидат напишани на македонски јазик и кирилско писмо на оригиналната амбалажа, што не ја исклучува можноста за истовремена употреба и на други јазици и знаци лесно разбирливи за купувачите, составува документ (записник) врз основа на кој надлежниот царински орган врши царинење на стоката. Размената на информациите помеѓу различните надлежни органи се врши континуирано и со постојани меѓусебни контакти.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел за непречено спроведување на одредбите кои произлегуваат од Законот за безбедност на производи и правилниците од новиот и стариот приод, во 2007 година, на предлог на Министерот за економија од страна на Владата на Република Македонија, ќе се формира Комисија за безбедност на производи. Во Комисијата ќе учествуваат претставник од Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Организација на потрошувачи на Македонија и Стопанската комора на Република Македонија. Во 2007/II се планира изменување и дополнување на Законот за безбедност на производи, заради воведување на можноста за изрекување парични санкции од страна на органи со јавни овластувања (усогласување со Законот за прекршоци).

Во текот на 2007 година ќе следи усвојување на подзаконски акти, кои ќе бидат работени со техничка поддршка од ГТЗ - Германска техничка помош, со кои ќе се уредат: начинот, постапката и роковите за известување, како и начинот постапката критериумите и методите за процена на опасноста од страна на производителите и дистрибутерите; разменување на информации со ЕК за донесените инспекциски мерки за повлекување или целосно повлекување на производите од пазарот; известување преку системот RAPEX; начинот и постапката за овластување на телата за оцена на сообразноста како и начинот и постапката за нотификација на телата за оцена на сообразност во ЕК, начинот и постапката за укинување на решенијата за овластување, формата и содржината на регистарот за евидентирање на решенијата за овластување, односно решенијата за укинување на овластувањето; постапката за донесување на технички и нехармонизирани прописи и стандарди;

Со транспозиција на директивите од новиот приод во правилници во Република Македонија и нивна имплементација во текот на 2007 година, се планира спроведување на национална промотивна кампања со цел за запознавање на потрошувачите со значењето на ознаката "ЦЕ". Оваа кампања ќе се реализира со странска техничка помош од ГТЗ-Германска техничка помош, која ја спроведе техничката поддршка за хармонизација на директивите од новиот приод.

Од областа на <u>стандардизација</u> се планира:

- Зајакнување на кадровскиот капацитет на ИСРМ со девет нови вработувања;
- Подготовка и усвојување на Програмата за усвојување на македонски стандарди за 2007 год. и согласно неа се планира усвојување на 1450 европски и меѓународни стандарди како македонски;
- Усвојување на стандарди со методот индосирање – објава за усвојување и превод;
- Отпочнување на процесот на превод на европксите стандардите на македонски јазик;
- Воспоставување на национална техничка инфраструктура за стандардизација преку формирање на *мирор* технички комитети чиј делокруг на работа ќе го покрива делокругот на работа на техничките комитети во

европските тела за стандардизација (ЦЕН и ЦЕНЕЛЕЦ), а согласно потребите на македонската економија и стопанството и иницијативите од заинтересираните страни. Се предвидува вкупниот број на технички комитети до крајот на 2007 год. да изнесува 25;

- Активно учество и следење на работата на соодведните комитети во европските и во меѓународните тела за стандардизација;
- Обука на вработените во ИСРМ и експертите од техничките комитети;
- Остварување на меѓународна соработка преку потпишување на Договор за соработка и Договор за продажба со Европскиот институт за телекомуникациска опрема (ЕТСИ);
- Воспоставување на информатички систем преку набавка на систем за управување со документи и бази на податоци;
- Промотивна кампања за информирање и активно вклучување на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни во процесот на стандардизацијата.

Од областа на акредитација:
Превидени се следните активности:

- акредитација на тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- зачленување во ЕА како полноправен член. (ИАРМ на почетоткот од 2006 година поднесе барање за полноправно членство во ЕА. Во октомври 2006 година комисија на ЕА изврши предоцена на ИАРМ за утврдување дали се исполнети условите за полноправно членство во ЕА. Конечната одлука по однос на барањето за полноправно членство на ИАРМ во ЕА се очекува во првата половина на 2007 година.);
- Зачленување во IAF, ILAC - меѓународните организации за акредитација;
- тренинзи во врска со принципите и барањата согласно европската акредитација.

Од областа на метрологијата се планира да се заокружи правната рамка со донесување на подзаконски акти од страна на Министерството за економија:

1. Правилник за начин и постапка за вршење на метролошки надзор и метролошки барања кои пакуваните производи треба да ги исполнат во однос на количините, начинот на означувањето и дозволените отстапувања од означената количина и листа на номинални количини на пакуваните производи;
2. Правилник за неавтоматски ваги;
3. Правилник за имиња и симболи, подрачје и начин на примена, обврска за употреба и начин на пишување на мерните единици;
4. Правилник за начинот и постапката на оцена на сообразноста на мерилата како и методот, одредени методи или комбинација на методи за оцена на сообразноста на типот мерила како и содржината и формата на сертификатот за оцена на сообразноста на типот;
5. Правилник за определување на одредени категории мерила за кои е задолжителна верификацијата и рокови за периодична верификација;
6. Правилник за дополнителните услови за овластување на правното лице, постапка за овластување, задачи на овластеното лице и оцена на исполнетоста на барањата за овластување;

Во процедура на усвојување е изменување и дополнување на Закон за контрола на предмети од скапоцени метали, во првиот квартал на 2007 година. (нехармонизирана област).

Во однос на институционалниот капацитет спроведено е зајакнување на Бирото за метрологија со 4 нови вработувања во 2006 година со високостручен обучен кадар, а во 2007 година има одобрување за 5 нови вработувања. Моменталната екипираност на БМ е 23 постојано вработени, а се планираат нови вработувања,,пред се, за работа во лабараториите.

Во однос на оцена на сообразност во РМ се планира да се заокружи правната рамка за именување и нотификација на телата за оценка на сообразноста и да се обезбеди функционална инфраструктура за оценка на сообразноста. Законот за безбедност на производи, претставува правна основа за регулирање на областа. Со примена на Законот, во текот на 2007 година, ќе следи усвојување на Уредба за начинот и постапката за овластување на телата за оцена на сообразноста како и начинот и постапката за нотификација на телата за оцена на сообразност во ЕК.

Овластување на телата за оцена на сообразноста се врши во согласност со утврдена постапка за овластување, од страна на Министерството за економија, согласно Законот за безбедност на производите. Исто така во Министерството за економија се планира воспоставување на регистар на овластени тела за оцена на сообразност. Со цел реализација на предвидените активности се планира спроведување на интензивни обуки на телата за оцена на сообразност и дисеминација на информации.

Целта на активностите коие се преземаат во оваа област е да се обезбедат услови за оцена на сообразност од страна на македонски тела за оцена на сообразност чии сертификати ќе бидат признати на европскиот и меѓународниот пазар;

изградба на тела за оцена на сообразност, кои ќе работат согласно критериумите наведени во серијата на стандарди ISO 17000 и EN 45000 и чија компетентост ќе биде потврдена со сертификат за акредитација и основање на Македонски Совет за Оцена на Сообразност (предвиден во рамките на BERIS проектот).

Во областа надзор на пазарот по донесувањето на новиот Закон за Државен пазарен инспекторат, предвидено е донесување на подзаконските акти предвидени согласно овој закон, во првиот квартал на 2007 година:

- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација на инспекторите и начинот на издавање и одземање на истата;
- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација на пазарните извршители и начинот на издавање и одземање на истата;
- Правилник за условите и начинот и постапката за купување на производи при вршење на инспекциски надзор;
- Правилник за начинот и постапката за уништување на производи;
- Правилник за форма и содржина на жигот за запечатување на простории;
- Правилник за форма и содржина на записник;
- Правилник за земање и проверка на примероци.

Инспекциските служби во Република Македонија за надзор на пазарот, своите надлежности за надзор на пазарот во Република Македонија ќе ги спроведуваат согласно мерките и активностите кои ќе произлезат од Програмата за надзор на пазарот, каде што инспекциските служби во координиран и организиран настап ќе настапуваат на терен. Координативното тело ќе ја следи реализацијата на мерките и активностите од Програмата за надзор на пазарот, по кои постапуваат инспекциските служби. Се планираат нови вработувања во Секторот за внатрешен пазар и Државниот технички инспекторат во рамки на Министерството за економија, кои ќе бидат одговорни за:

- следење на постоечката состојба во областа на стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот
- изготвување на правни прописи
- овластување на тела за вршење на оцена на сообразноста
- известување до ЕК
- надзор на пазарот на техничките прописи од новиот приод
- органите за надзор на пазарот да имаат соодветна правна сила и работни методи;

Во прва фаза со техничка поддршка на ГТЗ ќе отпочне изработка на нов закон за техничка инспекција, кој се планира да биде усвоен од Собранието на Република Македонија до крајот на 2007 година, а со кој закон ќе се обезбеди јасно дефинирање на надлежностите на техничката инспекција кои произлегуваат од хармонизираната област во ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на стандардизација се планира:

- Целосна имплементацја на европските интерни правила и процедури за работа на ИСРМ,
- Воспоставување на ефикасен систем за стандардизација во Република Македонија кој ќе овозможи следење и вклучување во стандардизацискиот систем на европско и меѓународно ниво;
- Воспоставување на ефикасна техничка инфраструктура – технички комитети и работни групи на ИСРМ;
- Усвојување на минимум 80 % од европските стандарди и повлекување на конфликтните национални стандарди;
- Обезбедување на соодветна IT и телекомуникациска опрема, нејзино инсталирање и ставање во целосна употреба.
- Воспоставување на нотификациони процедури за сите стандардизациски проекти кои се планираат на национално ниво и процедури за мирување (standstill).
- Воспоставување и примена на соодветна законска и интерна рамка на правила за интелектуална сопственост за стандардите и стандардизациските докумети.
- Целосно зајакнување на кадровски капацитет на ИСРМ
- Имплементирање на систем за квалитет во ИСРМ

Во областа на акредитација се планира:

- зголемен број на акредитирани тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела) според барањата на европските стандарди за акредитација и соодветните процедури за акредитација, кои би биле основа за потпишување на договор за меѓусебно признавање на резултатите;
- зголемен број на стручни оценувачи, потпишување на договори за билатерална соработка
- потпишување на договори за меѓусебно признавање на резултатите.

Во областа на метрологија се планира:

Според изготвената Среднорочна програма за развој на метролошката инфраструктура се планира:

- Воспоставување на партнерски однос преку договори со корисниците на метролошката инфраструктура како градители на дисперзивниот модел;
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што Бирото за метрологија нема можности;
- Воведување на соодветни системи за квалитет во Бирото за метрологија (ИСО 17025 и ИСО 17020 и ИСО 9000);
- прогласување на национални еталони на мерните единици (маса, притисок, температура, густина, должина, зафатнина, низок напон, отпор);
- меѓународно признавање на националната метролошка инфраструктура со зачленување во Генералната конференција за тегови и мери и ЕУРОМЕТ како и оформување и објавување табели на нашите калибрациони и мерни способности;
- активно учество за обезбедување на целисходно користење на средствата од MSTQ компонентата на БЕРИС програмата на Светската банка за натамошно доопремување и зајакнување на Бирото за метрологија;

Во областа на оцена на сообразноста се планира да се форира Совет за оцена на сообразност чија функција ќе биде координација на активностите кои ќе ги вршат овластените тела за оцена на сообразност и надлежните министерства. Во овој Совет се планира учество да имаат претставници од Владата на Република Македонија и ресорните министерства кои се надлежни за овластување на телата.

Во областа на <u>надзор на пазарот</u> се планира:

- усовршување на организационата поставеност на сите институции инволвирани во областа за надзор на пазарот;
- воспоставување на целосно ефективен и ефикасен надзор на пазарот;
- обука за имплементација на усогласените прописи кон европското законодавство, усовршување на информатичка опрема како и подобрување на комуникацијата.

**СТРАНСКА ПОДРШКА**

Берис проект, финансиран од Светска банка за периодот 2006-2009 година - Компонента 2: Зајакнување на системот за метрологија, стандардизација, тестирање и квалитет. Има посебна поткомпонента која е наменета за Институтот за акредитација, Институтот за стандардизација и Бирото за метрологија. Целта е воспоставување на ефикасен систем на стандардизација, акредитација и метрологија во Република Македонија.

Потпишан е меморандум за соработка со ГТЗ, за изработка на подзаконски акти за транспонирање на директивите од новиот приод во тек на 2006 година. Во февруари 2007 година потпишан е нов Меморандум за продолжување на активноста во транспонирање на нови директиви од новиот приод и дефинирање на надлежностите на инспекциските органи за надзор на пазарот за производи од новиот приод. Оваа соработка продолжува во изготвување на подзаконските акти во кои се транспонираат директивите од новиот приод.

Во 2007 година се планира спроведување на проект финансиран преку КАРДС наменет за Надзор на пазарот, пришто корисници ќе бидат Државниот пазарен инспекторат, Државниот технички инспекторат и Министерството за економија за систем на воспоставување на надзор на пазарот. Проектот ќе трае 18 месеци.

## 3.1.2 ДИРЕКТИВИ ОД НОВИОТ ПРИОД

Координација на активностите во правец на усогласување на националното законодавство и усвојување на европските технички норми и стандарди продолжува успешно да функционира преку работата на Работната група за Слободно движење на стоки и Работните подгрупи кои работат под координација на оваа работна група. Со помош на Твининг проектот со Република Словенија - Приближување на законодавството од областа на внатрешниот пазар и ГТЗ проектот за транспонирање на директивите од Новиот приод, досега од страна на Министерството за економија транспониран е значаен дел од директивите од новиот приод и подготвени се правни прописи, кои веќе се усвоени или се планира да бидат усвоени во текот на 2007 година.

- Усвоен е Законот за безбедност на производи (Сл.весник на РМ бр.33/06), согласно хармонизација на директивата на ЕУ 95/2001,кој претставува правна основа за донесување на подзаконски акти за транспонирање на директивите од новиот приод:
- Усвоени се следниве правилници:
  - Безбедност на машини (Сл.весник на РМ бр.64/06)
  - Опрема и заштитни системи кои работат во потенцијално експлозивни атмосфери – АТЕКС
  - Електромагнетна компатибилност (Сл.весник на РМ бр.129/2006)
  - Електрична опрема наменета за користење во определен напонски опсег (Сл.весник на РМ бр.127/2006)

Законот за градежни производи (Сл. Весник на РМ бр.39/06), е целосно усогласен со директивата на ЕУ за градежни производи (89/106/ЕЕЗ), изменета со директивата за ЦЕ означување (93/68/ЕЕЗ).

Во 2006 година донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за системи за атестирање, постапка за атестирање, означување на градежните производи и содржина на документите за сообразност, Правилник за потврдување на сообразноста и обележување на градежните производи и Правилник за суштински барања за градежни објекти кои треба да се почитуваат при утврдување на особините на градежните производи, објавени во Сл. Весник на РМ бр. 74/06.

Врз основа на Законот за заштита на потрошувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 38/2004), член 39 донесен е Правилник за својствата на детските играчки што се пуштаат во промет (Службен весник на Република Македонија бр 90/2004), кој е усогласен со Директива 31988L0078, од 3 мај 1988 година, за приближување на законите на земјите членки во врска со безбедноста на играчките. Правилникот е подготвен од страна на Министерството за економија, во соработка со Министерството за здравство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира усвојување на следните правилници во текот на 2007 година:

- Исполнување на барањата за ефикасност на новите топловодни котли во кои согоруваат течни или гасовити горива односно бојлери за топла вода
- Барањата за енергетска ефикасност на домашните фрижидери, замрзнувачи и комбинација од нив
- Пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови
- Опрема под притисок
- Пренослива опрема под притисок
- Пуштање на пазар на лична заштитна опрема
- Пакувани производи
- Неавтоматски мерни ваги
- Безбедна употреба на лифтови за технички преглед на лифтови
- Квалитет на нафтени деривати, објаснето во поглавје 15
- Правилник на пуштање на пазар на жичани постројки наменети за превоз на лица (жичари).

Во рамки на ГТЗ проектот II фаза -Техничка помош за транспозиција на техничките директиви на ЕУ во текот на 2007 година ќе бидат транспонирани и следните директиви:

- за кабловска инсталација дизајнирана за пренос на лица
- рекреативни пловила
- уреди што согоруваат гасни горива
- транспортна опрема под притисок
- едноставни садови под притисок
- апарати на гас.

•

Во рамки на правилниците е пропишан начинот и димензијата на СЕ обележувањето.

Се планира да се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за рекреативни пловила
- Правилник за радио и комуникациска приклучна опрема
- Правилници и одлуки кои се планираат во рамки на законот за градежни пориизводи се:
- Правилник за пожарна класификација на градежните производи
- Правилник за постапка за доделување на европска согласност на градежен производ, кои наоѓаат примена во градежништвото, согласно директивата 89/106 за градежни производи и за утврдување на сообразноста за поедини фамилии на гредежни производи

Основна цел на наведените правни прописи за градежни производи е почитување на техничките барања за производите присутни на европскиот пазар.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Целосна транспозиција и имплементација на директивите од новиот и глобалниот приод и воведување на клаузули во националното законодавството за взаемно признавање на резултатите.

### 3.1.3 ДИРЕКТИВИ ОД СТАРИОТ ПРИОД

**ХЕМИСКИ ПРОИЗВОДИ – Хемикалии**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Оваа област е регулирана со следниве правни прописи:
Законот за промет со отрови (Сл. весник на РМ бр.13/91), Законот за производство на отрови (Службен весник на РМ бр.18/76) , Законот за превоз на опасни материи и голем број на подзаконски акти. Министерството за здравство ги пропишува условите за производство и промет на опасните материи. Постапката за издавање на дозволи за увоз, односно извоз на отровите, како и за издавање на одобренија за вршење на промет со нив ја спроведува Бирото за лекови, а Државниот санитарен здравствен инспекторат врши контрола и надзор над целиот процес на производство и промет со отрови. Распоредувањето на отровите и препаратите кои содржат отровни супстанции го вршат Фармацевтскиот факултет и Институтот за фармакологија, по овластување на Министерството за здравство. Земјоделскиот факултет ја спроведува проценката на ефикасноста на средствата за комунална хигиена (средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација), додека оценката за микробиолошката ефикасност ја врши Институтот за микробиологија.

Републичкиот завод за здравствена заштита врши лабораториска анализа на средствата за комунална хигиена, како и на предметите за општа употреба кои содржат отрови. За постапката за издавање на одобренија за ставање во промет на средствата за заштита на растенија надлежно е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а Ветеринарниот Институт за средствата кои се користат за дезинфекција, дезинсекција и дератизација кај животни.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во фаза на подготовка е нов Закон за хемикалии. Се планира со законот да се регулира подрачјето на производството, прометот, класификацијата, пакувањето и означувањето на опасните супстанции и препарати, биоцидите, како и да се уреди начинот на известување за новите супстанции. Законот ќе го подготвува Министерството за здравство (Бирото за лекови) во соработка со Министерството за живота средина и плосторно планирање и се планира да биде усвоен до 2007 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира донесување на подзаконски акти на законот за хемикалии со кои ќе се уредат:
-содржината и начинот на доставување на податоците до установата, како и начинот на водење на регистарот на несреќни случаи на труење; методите за оценување на хемикалиите; содржината на пријавата за нова хемикалија, потребната документација, како и постапката за одобрување на нова хемикалија; постапката за регистрација на биоцидите; условите кои треба да ги исполнуваат пакувањата кои содржат опасни хемикалии, начинот на пакување и етикетирање на опасните хемикалии, содржината и начинот на предупредување на корисниците за опасните својства на хемикалиите;содржината на податоците за името и количините на хемикалиите; тајноста на податоците за посебни групи на хемикалии, како и за начинот на ракување со тајните податоци; принципите за добрата лабораториска пракса.
Се планира и донесување на други акти со кои ќе се утврдат условите за Добра пракса при производството, односно прометот со хемикалии, забраната или ограничувањето на производството, дистрибуцијата или употребата на опасни хемикалии и др.

Со предлог законот за хемикалии предвидено е да се овласти надлежна установа која ќе ја преземе улогата на Национален центар за информирање за труење од хемикалии.

**ХЕМИСКИ ПРОИЗВОДИ – Детергенти**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба (Службен лист на СФРЈ број 53/91) како предмети за општа употреба дефинирани се и „средства за одржување на чистотија". Министерството за здравство ги пропишува условите за производство и промет на предметите за општа употреба, а контролата и надзорот ги врши Државниот санитарен здравствен инспекторат. Републичкиот завод за здравствена заштита – Секторот за контрола на лекови врши контрола на квалитетот на детергентите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во Законот за хемикалии ќе бидат обработени главните одредби кои се однесуваат на ставањето во промет на детергентите, а Законот ќе постави основи за донесување на посебни правилници со кои ќе се доуреди областа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира донесување на подзаконски акти со кои ќе се утврдат методите за анализа на биоразградивост кај детергентите, тест методите и методите за анализа, како и посебните барања за означување на состојките заради целосно усогласување со Регулативата 648/2004.

Се планира кадровско зајакнување на постоечките институции - ДСЗИ и секторот за контрола на лекови во Републичкиот завод за здравствена заштита, како и обука на вработените за примена и контрола на новите прописи.

## ФАРМАЦЕВТСКИ И КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Правната рамка со која се регулира производството, прометот и контролата на козметичките производи ја сочинуваат следниве прописи:

- Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба (Сл. весник на РМ бр. 29/73 и 37/86) ;
- Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба (Службен лист на СФРЈ бр. 53/91) и (Службен весник на РМ број 15/95)
- Правилникот за условите во поглед на здравствената исправност на предметите за општа употреба што можат да се пуштат во промет (Сл. весник на РМ бр. 26/83),

Одредбите од овие прописи кои се однесуваа на храната, безбедноста на храната, и играчките престанаа да важат со донесувањето на Законот за безбедност на храната и Законот за заштита на потрошувачите.

Министерството за здравство ги пропишува условите за производство и промет на козметичките производи. Државниот санитарен здравствен инспекторат пак, врши контрола и надзор над целиот процес на производство и промет со козметички производи. Контролата на квалитетот на овие производи се спроведува во Републичкиот завод за здравствена заштита.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Подготвен е предлог Закон за безбедност на козметичките производи, од страна на работна група од Министерството за здравство, со претставници од Републичкиот завод за здравствена заштита и истиот ќе биде усвоен во првиот квартал на 2007 година.

За имплементацијата на новото законодавство во областа на козметичките производи се планира кадровско зајакнување на постоечките капацитети.

Планирано е зајакнување на административниот капацитет на ДСЗИ (обработено во поглавје 28.Заштита на потрошувачите и јавно здравје), а ќе следи и кадровско зајакнување на Секторот за контрола на лекови во РЗЗЗ каде се врши и контролата на квалитетот на козметичките производи со уште две лица. За вработените од ДСЗИ ќе се спроведе обука во областите хигиена, добра производна практика за козметичките производи, спроведување на правни постапки и импликации од контролите. За потребите на контролната лабораторија неопходно е да се набави и дополнителна опрема: еден апарат за течна тенкослојна хроматографија, еден атомски апсорпционен спектрофотометар и еден гасен хроматограф. За вработените во контролната лабораторија, планирано е да се спроведе обука во врска со воведувањето на новите методи за контрола на квалитетот, како и за работа со опремата, како и обезбедување на субспецијализација за областа козметологија.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Се планира донесување на подзаконски акти со кои ќе се утврдат листите на производи кои се сметаат за козметички производи, листите на производи кои не смеат да се користат во козметичките производи, листите на супстанции чија употреба во козметичките производи е дозволена, листите на бои, УВ филтри и конзерванси, начелата на добрата производна пракса, начелата на добрата лабораториска пракса, методите за анализа на козметичките производи, како и за содржината и начинот на означување на готовите козметички производи. Со донесување на овие акти ќе се изврши имплементација на ЕУ мерките наведени во табеларниот дел.

Се планира довршување на процесот на зајакнување на административниот капацитет на ДСЗИ, како и во Републичкиот завод за здравствена заштита.

Се планира и спроведување на континуирана обука на вработените во областите хигиена, добра производна практика за козметичките производи, правни постапки и импликации од контролите.

## ЛЕКОВИ, ПОМОШНИ ЛЕКОВИТИ СРЕДСТВА И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Со Законот за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала ( Сл. весник на РМ бр. 21/98) се уредуваат условите под кои се врши ставањето во промет, производството и прометот, испитувањето на квалитетот, сигурноста и ефикасноста, како и надзорот над производството, прометот и контролата на квалитетот на лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала, како работи од јавен интерес. Во однос на постапката на препишување и издавање на лекови објавен е “Правилник за начинот на препишување и издавање на лекови и медицински помагала на рецепт” (Сл.весник на РМ бр.17/2002). Во 2002 год. објавен е “Правилник за условите по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат промет на големо со лекови, помошни лековити средства и медицински помагала што се употребуваат во хуманата медицина” (Сл.весник на РМ 64/2002). Во 2004 год. објавена е “Инструкција за водење на постапката за издавање на одобрение за ставање во промет на готов лек” (Сл.весник на Р. Македонија бр. 49/04), и “Инструкција за испитување у1085 на биолошката расположивост и биоеквивалентност на лекови”(Сл.весник на Р. Македонија бр. 68/04) кои се целосно усогласени со ЕУ директивите. За имплементација на Законот покрај Министерството за економија институционално се ангажирани и Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно, Министерство за транспорт и врски, Народниот правобранител, Комисија за заштита на конкуренцијата, Советот за радиодифузија, Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација и др.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Се планира донесување на нов Закон за лекови и медицински помагала со цел да се обезбеди усогласување со ЕУ Законодавството и да се обезбеди соодветна правна рамка за правилниците што треба да произлезат од истиот. Исто така ќе следи обука на вработените во врска со имплементација на законските одредби.

Министерство за здравство - Бирото за лекови за реализација на планираните активности и спроведување на утврдените задачи планира вработување на 3 лица во 2007 год.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Се планира донесување на следниве подзаконски акти: Правилник за внатрешно упатство, Правилник за означување на надворешна амбалажа, Правилник за клиничко испитување, Правилник за услови за производство, Стандарди за добра производна пракса, добра клиничка пракса и добра лабораториска пракса, Правилник за аптеки, Правилник за водење на постапка за ставање во промет, со обнова и варијации, Правилник за формирање на цени, Подзаконски акти врзано со медицинските помагала.
Потребна е континуирана обука на вработените за новите постапки врзано со имплементација на правилниците, како и да се предвидат и обезбедат средства за тоа.

# МЕДИЦИНСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА УПОТРЕБА ВО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Важечки законски прописи од областа на медицинските производи за употреба во ветеринарната медицина во моментот се: Закон за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала (Службен Весник на Република Македонија 21/98) и Законот за Ветеринарно Здравство (Службен Весник на Република Македонија 28/98). За имплементација на наведните законски прописи наделжен орган е Управата за ветеринарство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Се планира донесување на нов Закон за ветеринарно медицински препрати и одреден број на подзаконски акти со цел усогласување со ЕУ законодавство. Со помош на Проектот “Структурни и правни реформи на МЗШВ” ветеринарна компонента, во тек на 2007 година година, да се доработи работната верзија на: Законот за ветеринарно-медицински препарати. Податоците за краткорочните приоритети во поглед на институционалната надградба на Управата за Ветеринарство се дадени во поглавјето за Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Се планира донесување на донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за ветеринарно медицински препрати: Услови и процедури за добивање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно медицински препарати; Упатство за добра производна пракса; Дополнителни услови за добивање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно медицински препарати кои содржат или се изготвени од ГМО; Правилник за следење на несакани дејства од употребата на ветеринарно медицински препарати; Правилник за услови и одредби за продажба на големо и мало на ветеринарно медицински препарати

Среднорочните приоритети во поглед на вработувањата се дадени во поглавјето за Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика. Потребна е континуирана обука на ветеринарните инспектори за систем на контрола на

производството, прометот и употребата на ветеринарно медицински препарати како и обука за новите постапки врзано со имплементација на правилниците, како и да се предвидат и обезбедат средства за тоа.

**МОТОРНИ ВОЗИЛА**

Надлежна институција за областа моторни возила е: Министерството за транспорт и врски. Институции учесници се: Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за внатрешни работи. Во процедура е дефинирање на надлежноста за транспонирање на ЕУ мерките помеѓу Министерство за економија и Министерство за транспорт и врски.

Министерството за внатрешни работи грижејќи се за безбедноста во патниот сообраќај во согласност Законот за безбедност во патниот сообраќај ги третира моторните возила односно нивното испитување, регистрација и технички преглед. Министерството за транспорт и врски го имплементира Законот за превоз во патниот сообраќај грижејќи се за превозот и транспортот воопшто. Министерството за економија ги спроведува активностите кои произлегуваат од законот за безбедност на сообраќај, прикажани во правилници, а се однесува од областа на хомологација и масите и димензиите на осното оптоварување на моторните возила. Министерството за земјодлство, шумарство и водостопанство има надлежност врз земјоделските возила кои се употребуваат во земјоделието.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Формирани се работни групи и ќе се работи на транспонирање на ЕУ мерките од областа моторни возила во текот на 2007 со помош на техничка поддршка од ГТЗ .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Заокружување на правната рамка од областа на моторните возила.

**ТЕКСТИЛ и ОБУВКИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2006 година усвоени се следните подзаконски акти, врз основа на Законот за безбедност на производите:

- Правилник за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи;
- Правилник за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентните мешавини на текстилните влакна;
- Правилник за избор на методи за квантитативна анализа на трикомпонентните мешавини на текстилни влакна;
- Правилник за етикетирање на материјалите што се користат во главните компоненти на обувките што им се продаваат на потрошувачите.

Надлежно за оваа област е Министерство за економија - Сектор индустрија.

За оваа област усвоена е Спогодба за трговија со текстилни производи меѓу Европската заедница и Република Македонија (Сл.весник на РМ. бр.35/1998).

**СТАКЛО И ДРВО**

Правна основа за донесување на подзаконските акти од областа на стакло и дрво во Република Македонија ќе претставуваат следните правни прописи.

- Закон за градежни производи
- Законот за безбедност на производите

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија е надлежно за донесување на правните прописи од областа на стакло и дрво.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2007 година се планира изготвување на Правилник за дрво и рамно стакло согласно законот за градежни производи, а во рамки на законот за безбедност на производи се планира изготвување на Правилник за кристално стакло.

**ЗАКОНОДАВСТВО**

Заокружување на правната рамка од оваа област и целосна имплементација на ЕУ мерките за стакло и дрво во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИИ**

Зајакнување на капацитетите во Министерството за економија и воспоставување на непречена соработка со сите инволвирани страни за имплементација на правните прописи од оваа област.

## 3.1.4 НЕХАРМОНИЗИРАНА ОБЛАСТ (член 28, 30)

**ПРИНЦИП НА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ**

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со Законот за безбедност на производите е уредена материјата која се однесува на принципите на взаемно признавање. Со Законот е генерално определено дека во Република Македонија важат документите и знаците за сообразност од странско потекло коишто се издадени во согласност со меѓународни договори кои ги склучила и ратификувала, односно на кои им пристапила Република Македонија. По исклучок од претходното, министерот надлежен за донесување на технички прописи може да ја признае важноста на документите и знаците за сообразност од странско потекло под услови определени со овој закон. Овие принципи за меѓусебно признавање ќе важат до моментот на пристапување на Република Македонија во полноправно членство во Европската Унија.

Со цел за надминување на прашањата во врска со техничките бариери во трговијата, сите технички прописи (хармонизирани и нехармонизирани) кои ќе бидат донесени во Република Македонија по пристапувањето кон Европската Унија ќе биде потребно претходно да бидат пријавени во Европската Комисија и тоа согласно постапката за нотифицирање, која ќе биде предвидена со посебен пропис за чие донесување е надлежна Владата на Република Македонија, согласно член 32 од Законот за безбедност на производите. Всушност, прашањето на технички бариери во трговијата започнува да се елиминира со воспоставување на хармонизиран систем во усогласување на техничките прописи во 2006 и 2007 година со европските пропси. Хармонизираниот систем ќе овозможи еднаков третман на домашните производи со увозните производи на пазарот во Република Македонија, следејќи ја хармонизираната процедура за нивно пласирање во промет.

Важноста на документите и знаците за сообразност од странско потекло е нужно потребно бидејќи Република Македонија ги нема на располагање сите нужно потребни тела за оцена на сообразност. Само со почитување на одредени сертификати издадени во странство ќе биде можно веднаш да се применува техничкото законодавство усогласено со соодветното законодавство важечко во државите-членки на Европската Унија. На овој начин се отвора можност на постапно вклучување на оние економски гранки на заедничкиот пазар во кој ќе имаме усогласено техничко законодавство.

Во Република Македонија се планира да се воведат клаузули во законодавството за взаемно признавање со цел усогласување со чл. 28, 30 од ДЕЗ. Имено се планира да се направи screening на националното законодавство во однос на компатибилност со овие членови од ДЕЗ и да се изготви листа на конфликтни прописи. Потоа ќе следи изработка на Програма за нивно повлекување од примена.

**ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ**

*1. ПОСТАПКИ ЗА НОТИФИКАЦИЈА*

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Директивата 98/34/ЕЕЗ, дополнета со Директивата 98/48/ЕЕЗ, ги утврдува постапките за доставување на информации за стандарди, прописи и правила за услуги во информативното општестсво. За да се имплементираат гореспоменатите директиви ќе се изработи Уредба за постапка за нотификации според правилата на ЕУ, која ќе произлезе од Законот за безбедност на производи. Уредбата се планира да се усвои во четвтриот квартал на 2007, а ќе се применува од денот на пристапување на РМ во ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Оваа проблематика ќе ја следи Секторот за внатрешен пазар при Министерството за економија. Се планира и воведување на посебно одделение со основна задача – контактна точка за директивата за нотификации 31998L0034 во нехармонизираната област. Исто така во Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, се планира да се обезбеди најмалку еден вработен со работи и работни задачи за нехармонизираното подрачје. За оваа цел ќе се извршат обуки на лица вработени во Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделие шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

*2. ПРОВЕРКА НА НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ*

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе се подготвува за усогласување со Регулативата на Советот 339/93 од 8 февруари 1993 за проверки за сообразност со правилата за безбедност на производите во случај на производи увезени од трети земји. За таа цел ќе следат измени на Законот за безбедност на производите и на Законот за трговија.

За воспоставување на ваков нов систем контрола ќе се изврши ревизија на надлежностите на инспекциските органи кои треба комплетно да го реорганизираат начин на работење, да развијат способност за вршење на контроли во

внатрешноста наместо на царинските терминали, да бидат во можност да ги анализираат ризиците и за истото да воспоставаат соодветни механизми за размена на податоците со царинските органи, да креираат бази на податоци кои ќе бидат достапни за царинските органи.
Царинските органи ќе развијат механизими за користење на податоците добиени од надлежните органи при изградбата на сопствениот систем на анализа на ризик и ефикасни механизми на комуникација со другите инспекциски органи во случаите кога тие ќе одлучат да го одложат пуштањето на стоките за кои постои сериозно сомневање кое им дава причина да веруваат во постоење на сериозен и моментален ризик по здравјето или безбедноста во случај тие производи да се употребуваат во нормални и предвидливи услови и/или дека производ или група на производи не е придружуван со документ или не е означен во согласност со прописите за безбедност на производите.

## ОРУЖЈЕ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Министерството за внатрешни работи, како надлежна институција за вршење на контролата на условите во врска со производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција, го изготви Законот за оружјето кој беше донесен од страна на Собранието на Република Македонија на 25 јануари 2005 година.

При изработката на Законот за оружјето, земена е предвид и имплементирана е Директивата на Европската Унија за контрола на набавување и поседување на оружје 31991L0477. Исто така, при изработката на текстот на овој закон, се имаа предвид и Европската конвенција за контрола на набавување и поседување на огнено оружје од индивидуи на Советот на Европа и Препораката Р(84)23 на Советот на Европа, а компаративно се следени и решенијата предвидени со законите што ја третираат проблематиката на оружјето на повеќе држави, меѓу кои: Англија, Италија, Германија, Швајцарија, Чешка, Словенија, Хрватска и други земји.

### СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) и Акционен план.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во однос на подготовката и имплементација на законските и подзаконски акти надлежно е Министерството за внатрешни работи. Одреден број на одредби од наведениот закон предвидуваат обврски и за други субјекти и тоа за:

- Судовите; Центри за социјална работа (член 10 став 1); јавни здравствени установи (Член 11 став 5); овластени правни лица за практично оспособување за ракување со оружје (член 14); Управа за заштита на културно наследство (член 27); Министерство за одбрана (член 46 став 3 и член 69 став 1); Министерство за економија (член 46 став 3);
- Министерство за надворешни работи (член 69 став 1)

Надлежни институции за имплементација на правилниците донесени врз основа на Законот за оружјето се: Министерството за внатрешни работи, овластени правни лица за практично оспособување за ракување со оружје, установи од примарна здравствена заштита кои вршат дејност медицина на трудот.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Се планира донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето, како и донесување на Правилник за видовите на оружјето, согласно законската категоризација на оружјето, во 2007 година.
Се планира донесување на следните правилници:

- Правилник за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите на цивилните стрелишта
- Правилник за начинот на пренесување на оружје и муниција преку државната граница
- Правилник за начинот на предавање, прием и чување на предаденото оружје
- Правилник за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите во кои се врши производство и поправање, односно промет и складирање на оружјето и муниција
- Правилник за видовите на оружјето кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на поодделни видови на оружје од А и Ц категорија согласно законската категоризација.
- Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и европскиот документ за оружје (произлегува од Глава X од Законот, која ќе се применува по приемот на РМ во ЕУ).

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Донесување на Закон за жигосување и маркирање на оружјето и изработка на Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и европски документ за оружје.

## СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КУЛТУРНИ ДОБРА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Прашањето за враќање на културните добра што незаконски се изнесени од територијата на друга држава, а се наоѓаат на територијата на Република Македонија е уредено на единствен начин за сите држави вклучувајќи ги и земјите членки на Европската Унија, со Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на РМ" бр. 20/04). Законот е во правна сила од 09.04.2004 година, а во примена е од 01.01.2005 година. Во него на соодветен начин се веќе вградени клучните одредби од Директивата 93/7/ЕЕЗ за враќање на културните добра што незаконски се изнесени од територијата на држава членка, од 15 март 1993 година.

Македонскиот закон овозможува враќање не само на културните добра опфатени со Директивата 93/7/ЕЕЗ, туку опфаќа значително поширок круг зачтитени добра, што е во согласност со Директивата со која е предвидена можност за прифаќање на пошироки обврски за враќање на незаконски изнесените културни добра.
Материјата за увозот, извозот и изнесувањето на културните добра е уредена исто така со Законот за заштита на културното наследство. Според Одлуката за распоредување на стоки на форми на увоз и извоз, извозот на предмети од уметноста, колекциите и старини е под режимот "Д" (врз основа на дозвола, односно одобрение). Контролата на увозот, извозот и изнесувањето на културните добра е во надлежност на Царинската Управа на РМ, а одобренијата за извоз и изнесување на културните добра ги издава Управата за заштита на културното наследство. Во овој дел од Законот е имплементирана Регулативата (ЕЕЗ) бр.3911/92 што се однесува на извоз на културни добра

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Согласно постојната систематизација на работните места во Министерството за култура функционира Секторот за заштита на културно наследство, со вкупно 7 вработени; и Управа за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лица,. Во Управата се вработени вкупно 33 лица.

- Во Секторот за превенција и инспекциски надзор односно во Одделението за превенција на културното наследство се следи состојбата околу недозволениот увоз/извоз и изнесување во странство на културно наследство, како и се преземаат превентивни мерки за намалување на можностите за појава на ризик од такви дејствија. Во таа смисла се остварува соработка со надлежните органи во министерствата за внатрешни и надворешни работи, како и со специјализирани институции во земјата и во странство.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Ќе следи усвојување на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство Во делот на Законот кој се однесува на контролата на извозот односно изнесувањето на културните добра ќе се имплементираат Директивата 96/100/ЕЦ на Европскиот Парламент и Советот од 17 февруари 1997 година за дополнување на Анексот на Директивата 93/7/ЕЕЗ за враќање на културните добра незаконски одземени од територијата на земја членка (31996L100) и Директивата 2001/38/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 5 јуни 2001 за измена на Директивата 93/7/ЕЕЗ за враќање на културните добра незаконски одземени од територијата на земја членка (32001L0038). Со Законот ќе се даде основ за донесување на подзаконски акт со кој ќе се дорегулираат прашањата за постапката и за начинот на извозот и изнесувањето на културните добра и ќе се пропишат образците за извоз односно изнесување на заштитените добра во странство. Истовремено со Законот ќе се даде основ за донесување на подзаконски акт за допрецизирање на некои прашања за реституцијата на културните добра.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во 2008 година ќе се донесат и Правилникот за постапката и начинот на вршење на извозот и изнесувањето на културните добра и образците за извоз односно изнесување на културните добра и Правилникот за реституција на културните добра.

### ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10001: Министерство за економија | МЕ: Биро за метрологија | 23 | 4 | 4 | 4 | 3 | 15 |
| | ДПИ: Државен пазарен инспекторат | 239 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| | ИАРМ: Институт за акредитација на Република Македонија | 4 | 2 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| | ИСРМ: Институт за стандардизација на Република Македонија | 14 | 2 | 2 | 2 | 3 | 9 |
| | МЕ: Сектор за внатрешен пазар | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | ДТИ: Државен технички инспекторат | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 3 |
| | НОВА: Сектор за европски интеграции | 7 | 2 | 2 | 1 | 0 | 5 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10001: Министерство за економија Вкупно | | 292 | 13 | 14 | 11 | 10 | 48 |
| 18001: Министерство за култура | МК: Управа за заштита на културното наследство/ Сектор за превенција и инспекциски надзор/ Одделение за превенција на културното наследство | 33 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 18001: Министерство за култура Вкупно | | 33 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 19001: Министерство за здравство | НОВА: Центар за информирање за труење од хемикалии | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 5 |
| | БЛ: Биро за лекови (3.01) | 11 | 1 | 1 | 3 | 2 | 7 |
| 19001: Министерство за здравство Вкупно | | 11 | 1 | 3 | 4 | 4 | 12 |
| ВКУПНО | | **336** | **15** | **17** | **15** | **14** | **61** |

# 3.2 СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

## 3.2.1 ПРИСТАП НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Правната рамка за слободен пристап на пазарот на трудот, во Република Македонија е уредена со следните правни прописи:

- Закон за странци (Сл. весник на РМ бр. 35/2006)
- Закон за условите за засновање работен однос со странски државјани ("Службен лист на СФРЈ" бр.11/78 и 64/89) и (Службен весник на РМ бр. 12/93).
- Закон за азил и привремена заштита ("Сл.весник на РМ" бр.49/03),
- Закон за државните службеници (Службен Весник на Република Македонија бр. 59/2000,112/2000, 34/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004 и 81/2005),
- Закон за работните односи (Службен весник на Р М бр. 62 / 2005)

Странците и лицата без државјанство можат да се вработат кај работодавецот кој е регистриран во Република Македонија, врз основа на одобрение за засновање на работен однос, кое се добива врз основа на поднесено барање за издавање на одобрение за засновање на работен однос, доколку ги исполнува општите услови утврдени со закон, колективен договор и општ акт.

**ИНСТИТУЦИИ**

Надлежни институции за креирање на политиките и заокружување на правната рамка од оваа област се Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни рабои, Министерството за правда и Министерството за надворешни работи. Имплементација на Законот за условите за засновање работен однос со странски државјани, како и на Законот за азил и привремена заштита, во обласа на вработувањето на лицата со признат статус на бегалец и лицата под хуманитарна заштита, ја спроведува Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во фаза на изработка е нов Закон за вработување и работа на странци, кој ќе биде усогласен со членот 39 од ДЕЗ, односно со регулативата на Европската Унија (Регулативата (ЕЕЗ) број 31968R1612 од 15 октомври 1968 год, директивата 32004L038 за слободата на движење на работниците и директивата 96/71/ЕЗ за упатени работници. Законот за вработување и работа на странци ќе биде усогласен со новиот Закон за странци (Сл. весник на РМ бр. 35/2006) со кој се регулираат условите за влез и престој на странските државјани во Република Македонија и кој ќе се применува од март 2007 година. Законот за вработување и работа на странци ги уредува условите и начинот под кои странците може да се вработуваат и работат во Република Македонија.

Законот за вработување и работа на странци ќе овозможи слободен пристап на државјаните на земји членки на ЕУ на пазарот на труд во Република Македонија, доколку со меѓународен договор се обезбеди реципроцитет во смисла на слободен пристап на пазарот на трудот, вработување и слободен тек на услуги од преместени работници, но и во врска со други облици на работа.

Во однос на вработувањето на здравствените работници – странци Законот за вработување и работа на странци ќе се усогласи со Законот за здравствената заштита во делот кој се однесува на лиценците за работа на здравствените работници.
Ќе се пристапи кон соодветно изменување на Законот за азил и привремена заштита, во насока на усогласување со Директивата 32003L086 од 22 септември 2003 година за "Право на семејно обединување" и истиот ќе има одложено дејство во 2008 година. Директивата 32003L009 ќе биде имплементирана во новиот Закон за социјална заштита и Законот за вработување и работа на странци.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Среднорочна цел е целосно закружување на процесот на усогласување на македонското законодавство, особено со одредбите од членот 39 од ДЕЗ, во однос на:

- Правото на државјаните на ЕУ да бараат работа и да прифаќаат работа без никакви ограничувања и без да подлежат на аранжманите за добивање работна дозвола.

- Правото на државјаните на ЕУ кои го искористиле своето право да прифатат работа, да живеат во Република Македонија. Државјаните на ЕУ повеќе да не подлежат на условот за добивање дозвола за престој во согласност со Директива за дозвола за престој 2004/38.
- Правото на членовите на семејството кои ги придружуваат работниците-мигранти од ЕУ, да престојуваат во односната земја-членка, правото на членовите на семејството да прифатат вработување или да се самовработат.
- Правото на децата на работниците од Заедницата да бидат примени во образовните институции под истите услови како и државјаните на односната земја-членка.

Се планира интензивна подготовка за учество во ЕУРЕС системот, кој е наменет за промовирање на слободното движење на работници, преку размена на информации за можностите за вработување. Република Македонија ќе ги превземе потребните мерки (законодавни, организациски и технички мерки) за постепено воспоставување на административен и технички капацитет во Агенцијата за вработување на Република Македонија и центрите за вработување заради нејзино учество во ЕУРЕС системот. За таа цел ќе се спроведе студија за оценка на потребниот институционален, административен и технички капацитет за учество во мрежата на ЕУРЕС. Се планира воспоставување на бази на податоци во РМ, кои ќе содржат општи податоци за пазарот на трудот и за условите за работа. Посебно внимание ќе се посвети на критериумите за избор и вработување на идните ЕУРЕС советници. Идните ЕУРЕС советници ќе се обучат за одредени прашања поврзани со acquis и новите бази на податоци. Подготвителните активности ќе бидат направени во координација со Европската комисија.

## 3.2.2 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Уставен основ за обезбедување на социјална сигурност на граѓаните во Република Македонија е утврден со член 34 од Уставот на Република Македонија, според кој граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и колективен договор.

Правната рамка за Координацијата на системот на социјално осигурување во Република Македонија ја сочинуваат следните правни прописи:

- Закон за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. весник на РМ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05 и 70/06),
- Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Сл.весник на РМ бр.29/02,85/03, 40/04 и и 113/05) и подзаконски акти кои ја доразработуваат областа.
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност (Сл. весник на РМ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005 и 50/06) и следните подзаконски акти: Правилник за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица (Сл. весник на РМ бр. 30/2003, 24/2005).
- Закон за здравствено осигурување ("Службен весник на РМ", бр. 25/2000; бр. 34/2000; 96/2000; 50/2001; 11/2002; 31/2003; 84/2005; 37/2006)
- Закон за заштита на децата (Сл.весник 98/00, 17/03, 65/04, 113/05).

Република Македонија склучува и меѓународни билатерални договори за социјално осигурување, со кои се уредуваат следните области: пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, осигурување во случај на невработеност и додаток на деца.

Националното законодавство и склучените билатералните меѓународни договори се усогласени со ратификуваните меѓународни договори како што се: Европската социјална повелба[7] и Конвенцијата бр. 102 за минималните норми за социјална сигурност.

Сите меѓународни договори кои ги склучува Република Македонија ја почитуваат Регулативата (ЕЕЗ) број 31408R071 од 14 јуни 1971, за примена на шеми на социјална сигурност на вработени лица и нивните семејства што се движат во Заедницата.

Основно начело врз кое се склучени билатералните меѓународни договори е дека сите лица во работен однос и физичките лица кои вршат дејност на територија на Република Македонија, се изедначени со домашните државјани во однос на ивните права и обврски според националните прописи за социјална сигурност.

Склучените билатерални меѓународни договори, се применуваат на сите лица без оглед на нивното државјанство како и лицата чии права ги изведуваат од нив.

---

[7] ратификувани се следните членови: 1, 2, 5, 6, 7, 8, 11 12, 15, 17 и 19

Република Македонија има склучено билатералните меѓународни договори со следните држави:

- со Република Хрватска, кој влезе во сила на 01.11.1997 година (Сл. Весник на РМ бр.34/94);
- со Република Австрија, кој влезе во сила на 01.04.1998 година (Сл. Весник на РМ бр. 28/97);
- со Турција, кој влезе во сила на 01.07.2000 година (Сл. Весник на РМ бр. 7/99);
- со Република Словенија кој влезе во сила на 01.04.2001 година (Сл. Весник на РМ бр. 13/99);
- со Швајцарската конфедерација, кој влезе во сила на 01.01.2002 година (СЛ. Весник на РМ бр. 44/00);
- со СР Југославија кој влезе во сила на 01.04/2002 година (Сл. Весник на РМ бр. 13/02);
- со Република Бугарија, кој влезе во сила на 01.08.2003 година (Сл. Весник на РМ бр. 31/03), чија примена во делот на здравственото осигурување е одложена за четири години ;
- со СР Германија, кој влезе во сила на 01.01.2005 година (Сл. Весник на РМ бр. 70/03).
- со Чешката Република, кој влезе во сила на 01.01.2007 година (Сл. Весник на РМ бр. 20/06
- Со Босна и Херцеговина, кој стапи на сила од 1 април 2006 година (Сл. Весник бр. 82/05)

Склучените билатерални меѓународни договори ги почитуваат следните принципи:

- примена на националното u законодавство на државата во која работи работникот (*lex loci laboris)*
- собирање на периоди навршени во РМ и странската држава;
- избегнување на поклопување на навршени периоди на осигурување;
- еднакво постапување во однос на странските државјани исто како и спрема домашните осигуреници;
- исплата на стекнатите права на територија на друга држава договорничка без ограничување во висината на давањето.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни институции за правата од областа на пензиското и инвалидското осигурување се: Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување. Надлежни институции за правата од областа на здравственото осигурување се: Министерството за здравство и Фондот здравствено осигурување на Македонија.

Надлежни институции за правата од областа на осигурување во случај на невработеност се: Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија. Надлежни институции за правата од заштитата на децата (детски додаток, посебен додаток и помош за опрема за новороденче) се Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа. Надлежни за примена на ратификуваните меѓународни билатерални договори за социјално осигурување се Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија, кои имаат фукции на органи за врска.

Со Одлука на Владата на РМ формирана е Комисија за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување, (Службен весник на РМ бр. 4/2004) со цел водење на активностите кои се однесуваат на билатералните договори за социјално осигурување со што би се обезбедил координиран настап на органите на државна управа во чија надлежност се прашањата кои се уредуваат со овие меѓународни договори.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се преземат активности за влегување во сила на меѓународните билатерални договори за социјално осигурување, кои се наоѓаат во постапка на потпишување или ратификација и тоа со државите: Чешка, Романија, Данска, Холандија, Белгија, Унгарија и Луксембург и Полска. Исто така се планира усогласување со ЕУ законодавството на Законот за заштита на децата.

На полето на здравствена заштита, се планира лекарските трошоци да се надоместуваат за секое неопходно лечење на државјаните кои се разболеле или претрпеле незгода за време на привремениот престој во друга земја-членка, односно, како туристи. Во таа насока во Република Македонија се предвидува донесување на подзаконски акт за утврдување на правна и техничка рамка за воведување на националната картичка за здравствено осигурување (за изглед, форма содржина и начин на употреба), која би ја заменила здравствената легитимација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Се планира развивање на административен капацитет за целосна примена на Регулативите 31971R1408 и 31972R0574 за гранките на социјална сигурност и кадровско екипирање на Секторот за пензиско и инвалидско осигурување во Министарството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија. Во врска со ова ќе се иницира твининг проект за координација на системите за социјална сигурност во рамки на кој меѓудругото ќе се процени потребниот административен и технички капацитет во институциите надлежни за спроведување на прописите на Заедницата за координација на системите на социјална сигурност и ќе се реализираат обуки на вработените.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Се планираат активности за започнување, и водење на преговори за склучување на меѓународни билатерални договори за социјално осигурување со земји со кои Република Македонија нема склучено договор, како на пример со Северна Ирска, Италија, Норвешка, Англија, Шведска и Франција како и државите од поранешна СССР.

**ПРАВНА РАМКА**
Приоритет во областа на пензиското осигурување е продолжување на започнатите реформи, пред се, заокружување на правната рамка со донесување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии, кој ќе се усогласи со европското законодавство. Имено,според член 149 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на корисник на пензија –странски државјанин кој ќе се исели на постојано живеење во земјата чиј е државјанин, пензијата му се исплатува во странство ако со односната држава е склучен меѓународен договор за плаќање на пензиите во странство,или ако постои реципроцитет.
Со цел усогласување со Регулативата (ЕЕЗ) број 31971R1408 од 14 јуни 1971 и 31972R0574, ќе се извршат изменувања и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување во однос на: редефинирање на инвалидноста со давање на приоритет на професионалната рехабилитација како превентивна мерка, а правото на распоредување на друго работно место и скратеното работно време да се пренесат во надлежност на работодавецот. Исто така, ќе се изврши усогласување по пример на законодавствата на современите европски држави во однос на контролниот преглед на корисници на инвалидска пензија, од аспект на медицинските индикации и стажот со зголемено траење за работници кои работат на места штетни по здравјето.
Со цел усогласување со Директивата на Советот 31998L049 од 29 јуни 1998, ќе се создадат основи за воведување и на дополнителна пензија, односно овозможување на лицето да има континуитет во осигурувањето. За заокружување на законската и институционалната рамка на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување формиран е Управен комитет во Министерството за труд и социјална политика. Усвојувањето на Законот се очекува во првата половина на 2008 година.

Се планира целосна имплементација на подзаконскиот акт за утврдување на правна и техничка рамка за воведување на националната картичка за здравствено осигурување, како и заживување на доброволното дополнително здравствено осигурување во праксата согласно Законот за здравствено осигурување и Законот за осигурување, заради покривање на трошоците за здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се продолжи со јакнење на административниот и техничкиот капацитет во институциите надлежни за имплементирање на правилата на Заедницата за координација на системите на социјална сигурност, согласно утврдената динамика со твининг проектот.
Со донесување на Законот за доброволното капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензиите ќе се определат и надлежните институции за имплементација.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15001: Министерство за труд и социјална политика | ДИТ: Државен инспекторат за труд | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| | МТСП: Сектор за заштита на деца | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | МТСП: Сектор за пензиско и инвалидско осигурување | 5 | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| | МТСП: Сектор за труд | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | МАПАС: Агенција за супревизија на капитално финансирано пензиско осигурување | 8 | 2 | 2 | 2 | 4 | 10 |
| 15001: Министерство за труд и социјална политика Вкупно | | 16 | 8 | 5 | 3 | 5 | 21 |
| **АВРМ: Агенција за вработување** | АВРМ: Агенција за вработување/ контакт за ЕУРЕС | 532 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| **АВРМ: Агенција за вработување Вкупно** | | 532 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| ФЗО: Фонд за здравствено осигурување | ФЗО: Фонд за здравствено осигурување | 640 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| ФЗО: Фонд за здравствено осигурување Вкупно | | 640 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| ФПИОМ: Фонд за пензиско инвалидско осигурување | ФПИОМ: Фонд за пензиско инвалидско осигурување/ Сектор за остварување на права од ПИОМ | 60 | 0 | 1 | 1 | 2 | 4 |
| | ФПИОМ: Фонд за пензиско инвалидско осигурување/ ИТ СЕКТОР | 30 | 2 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| ФПИОМ: Фонд за пензиско инвалидско осигурување Вкупно | | 90 | 2 | 3 | 3 | 3 | 11 |
| **ВКУПНО** | | 1278 | 10 | 8 | 8 | 10 | 36 |

## 3.3 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ

### 3.3.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија основањето на трговски друштва, подружници или друштва - ќерки (subsidiaries) е уредено со Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/04 и 84/05). Трговско друштво можат под еднакви услови да основаат домашни и странски лица. Странско лице може да стекнува удел или акции и во основано трговско друштво. Учеството на странско лице во новоосновано и во постојно трговско друштво не е ограничено, освен кога тоа, во исклучителни случаи со закон не е поинаку определено. Трговско друштво основано од странско лице или со странско учество е изедначено во сите права и обврски, како и трговско друштво без странско учество.
Република Македонија во Законот за трговските друштва го прифати најсовременото нормативно решение според кое странско трговско друштво и трговец поединец може на територијата на Република Македонија да врши услуги како вршење на дејност и без основање на трговско друштво, односно стекнување на статус на трговец поединец. Услугите кои се вршат како трговска дејност странското трговско друштво, односно трговецот поединец може да ги врши и преку организирање на своја подружница како своја организациона единица. Подружницата на странското трговско друштво нема својство на правно лице, а во Република Македонија настапува во име и за сметка на странското трговско друштво кое ја отворило. Подружницата може да превзема обврски и да остварува пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија. Со оваа правна можност странските трговски друштва и странските трговци поединци се изедначени со домашните физички и правни лица во вршењето на услуги. Исклучок се само одделни видови услуги за кои со меѓународен договор или со закон е утврдено дека може да се вршат само со основање на трговско друштво. При организирањето на подружница не се поставуваат посебни и нови барања, односно се земаат во предвид во целост условите кои странското друштво ги исполнило во земјата во која е регистрирано (основано).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Владата на Република Македонија во првата половина на 2007 година започна со Регулаторната гилотиња, која има за цел да ги елеминира сите неоправдани законски и подзаконски акти, вклучувајќи го тука и процесот за регистрација, за кој е воведен едношалтерски систем и не смее да трае подолго од 3 дена.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок се предвидуваат активности за идентификација на преостанатите законски бариери за право на основање за физичките и правните лица од ЕУ и приспособување на регулаторната рамка на начин на кој истите ќе се отстранат.

### 3.3.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија различните видови на услуги се во надлежност на различни институции.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел да се идентификуваат евентуалните бариери за слободата на давање на услуги и на систематски начин да се надминат овие бариери создадено е хоризонтално владино тело за меѓуресорска соработка, составено од претставници од следните институции: Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за образование и накука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Министерство за здравство, Народна банка на РМ, Комисија за информатичка технологија, Комисија за хартии од вредност, Секретаријат за законодавство, Агенција за млади и спорт и Институт за акредитација. Со одлука на Владата од 23.01.2007 година за кооринатор на оваа работна група е назначено Министерството за економија. Во овој процес се вклучени и претставници на стопанските комори, професионалните асоцијации и здруженија. Членовите на ова тело во текот на оваа година ќе ја анализираат Директивата за услуги на внатрешниот пазар донесена на 12.12.2006 година, која заедно со презементите одбврски во ССА, претставува основа за идентификување и отстранување на легислативните и административните бариери за слободно давање услуги.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Активностите на владиното тело за меѓуресорска соработка на среден рок ќе бидат во насока на идентификација на евентуалните бариери за слобода на давање на услуги, за проценување на системот за лиценцирање и неговата практична примена, со цел да се обезбеди усогласеност со законодавството на ЕУ, особено со Директивата за услуги на внатрешниот пазар.

На среден рок ќе се работи на отстранување на следните ограничувања кои треба да бидат отстранети во моментот на пристапување: обврската за основање, обврската да имаат застапник и обврската за водење на трговски книги во РМ, обврската да бидат регистрирани и обврската да работат согласно сите закони во РМ во согласност со судската практика на Европскиот суд за правда за примена на член 49 од ДЕЗ. Согласно таа практика не е неопходно да биде основан со цел да можеш времено да обезбедуваш услуги во друга земја членка.

***ТРГОВСКО ЗАСТАПНИШТВО***

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Закон за облигационите односи** ("Службен весник на Република Македонија" бр.18/01) ги уредува основите на облигационите односи, договорните и други облигациони односи во прометот на стоки и услуги. Учесници во облигационите односи се правни и физички лица. Учесниците во прометот слободно ги уредуваат облигационите односи во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи, без оглед дали се работи за странски или домашни правни и физички лица. Учесниците во облигациониот однос се рамноправни. Во засновувањето на облигационите односи и остварувањето на правата и обврските од тие односи учесниците се должни да се придржуваат кон начелото на совесност и чесност.

Со облигационото право се уредуваат односите кои настануваат во стоковопаричниот промет. Тоа се односи кои настануваат со согласност на волјите на страните т.н. договорни облигациони односи-договори, односи што настануваат со причинување на штета и останати облигациони односи кои ја чинат динамиката на граѓанското право.

*Трговско застапништво*
Одредбите од Законот за облигационите односи, кои се однесуваат на Договорот за трговско застапување (член 846-868) се усогласени со Директивата 31986L0653 на Советот од 18 декември 1986 година за координација на законите на земјите-членки во врска со самовработени трговски застапници.

## 3.3.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Закон за поштенски услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/02)**
Законот за поштенски услуги го регулира вршењето на поштенските услуги во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај, ги уредува односите помеѓу корисниците и давателите на поштенските услуги, издавањето на поштенски марки и поштенски вредносници, како и други прашања во врска со обезбедувањето на поштенските услуги. Законот за поштенски услуги е изготвен врз основа на одделни решенија од Директивата 97/67/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 15 декември 1997 година, Директивата 2002/39/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 10 јуни 2002 година со која се изменува Директивата 97/67/ЕУ во врска со понатамошното отварање на поштенските услуги на Заедницата кон конкуренцијата не е имплементирана во законот, бидејќи законот е работен и донесен во 2002 година, пред да биде донесена директивата.
Согласно постојниот закон, предвидено е универзалната поштенска услуга вклучувајќи ја и резервираната поштенска услуга до 350 грама да ја врши претпријатието за поштенски сообраќај Македонска пошта со цел да понуди идентични услуги под еднакви услови достапни до сите корисници на територијата на Република Македонија, без било каква форма на дискриминација од политички, религиозни или идеолошки причини, гарантирајќи доверливост и сигурност на поштенските пратки.
Универзалната поштенска услуга вклучува прием, сортирање, пренос и достава на поштенски пратки до 2 кг и на пакети до 31,5 кг. Универзалната поштенска услуга, од името на јавното претпријатие по пат на договор, можат да ја вршат и други домашни и странски правни и физички лица.
Со законот е уредено и вршењето на курирските услуги, кои можат да ги даваат домашни и странски правни и физички лица како поштенски оператори, врз основа на добиена лиценца од Министерот за транспорт и врски.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
Со новиот Закон за поштенски услуги е предвидено донесување на Стратегија за развој на поштенските услуги со која ќе се утврди понатамошен развој на поштенската мрежа и доследно спроведување на принципите и определбите на Светскиот поштенски сојуз, Европската унија и Светската трговска организација, како и меѓународните обврски што ги презела Република Македонија во областа на поштенските услуги.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски и претпријатието за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ кое со Одлука на Владата во декември 2006 година е трансформирано во Акционерско друштво во државна сопственост, се надлежни за имплементација за работите што се однесуваат на поштенскиот сообраќај.

Министерството за транспорт и врски е надлежен државен орган за креирање на политиката во поштенскиот сообраќај односно за реализирање на политиката на РМ во областа на внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај. Согласно Законот за поштенски услуги, Министерството за транспорт и врски истовремено ја врши и функција на регулаторно тело во делот за поштенскиот сообраќај. Во рамките на министерството, во Секторот за комуникации - Одделението за поштенски сообраќај, работите од оваа област се вршат од страна на 2 стручни лица во редовен работен однос, а согласно актот за систематизација на работните места во ова одделение предвидни се вкупно 3 лица. Инспекциските работи за поштенски сообраќај се вршат во рамките Државниот инспекторат за транспорт, како орган во состав на министерството, од страна на еден инспектор.

Акционерското друштво во државна сопственост „Македонска пошта“, согласно постојниот закон е надлежен јавен оператор за вршење на работите во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај, вклучувајќи и вршење на универзалната поштенска услуга, и има вработено околу 2550 лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (до 31.12.2007)**

**ПРАВНА РАМКА**

- Во 2007 година треба да се донесе нов Закон за поштенски услуги, со кој ќе биде транспонирана Директивата 32002L0039 за воведување на конкуренција на пазарот на поштенските услуги, при што ќе се постигне постепена и контролирана либерализација на поштенскиот пазар, како и обезбедување на услови за вршење на универзалната поштенска услуга. Зголемената конкурентност во давањето на поштенските услуги од страна на повеќе оператори ќе се овозможи повисок квалитет и поголема достапност до крајните корисницина овие услуги, со користење на алтернативни методи на комуникација. Со транспонирањето на Директивата 32002L0039 ќе се намали тежината на резервираните поштенски услуги од сегашните 350 грама на 100 грама. Со Законот ќе се предвиди функциите на регулатор во секторот на поштенски услуги да ги врши идното единствено регулаторно тело за електронски комуникации, радиодифузна дејност и поштенски услуги.
- До вториот квартал на 2007 година треба да се донесе Стратегија за развој на поштенските услуги со која ќе се утврди динамика на реализација на мерките и активностите за развој на поштенските услуги, користејќи ги Препораките на Европската Унија, на Светскиот поштенски сојуз и Светската трговска организација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

До крајот на 2007 година, треба да се имплементираат одредбите од новиот Закон за поштенските услуги во однос на извршувањето на работите од делокругот на независното регулаторно тело, како и целите утврдени во Стратегијата за развој на поштенските услуги.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно решенијата од новиот Закон за поштенски услуги, а во функција на извршување на законот треба да се донесат подзаконски акти во рок од шест месеци по влегувањето во сила на новиот закон.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За обука на вработените во Независното Регулаторно Тело за поштенски услуги, потребно е да се обезбедат 100.000 евра во периодот 2008-2010. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на независното регулаторно тело.

**ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТУВАЊА – ИНСТИТУЦИИ**

Согласно постојната систематизација, предвидено е едно ново вработувања во МТВ Секторот за комуникации - Одделението за поштенски сообраќај.

Во рамките на Независното регулаторно тело, заради извршување на работите од областа на поштенските услуги ќе биде потребно е да се вработат 5 лица со висока стручна спрема. Обезбедување на просторни услови за регулаторното тело, опрема, плата и други материјални трошоци ќе бидат обезбедени од буџетот на новосоздаденото независно регулаторно тело во кое ќе бидат опфатени повеќе области.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13001: Министерство за транспорт и врски | МТВ: Сектор за комуникации/ Одделение за поштенски услуги | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | НОВА: Национално регулаторно тело за поштенски услуги | 0 | 0 | 2 | 2 | 1 | 5 |
| | ДИТР: Државен инспекторат за транспорт | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13001: Министерство за транспорт и врски Вкупно | | 3 | 1 | 2 | 2 | 1 | 6 |
| 16001: Министарство за образование и наука | МОН: Информативен центар за признавање на високообразовни квалификации (ЕНИК/НАРИК) | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| | НОВА: Тело за вземно признавање на професионални (стручни) квалификации | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 3 |
| 16001: Министарство за образование и наука Вкупно | | 1 | 3 | 3 | 0 | 0 | 6 |
| ВКУПНО | | 4 | 4 | 5 | 2 | 1 | 12 |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

На почетокот на 2007 година се очекува да се вклучат експерти од Европската комисија преку инструментот TAIEX, или од Светскиот поштенски сојуз или од земја членка на ЕУ на билатерална основа, кои заедно со претставниците на МТВ и претпријатието за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ ќе работат на подготвување на новиот Закон за поштенски услуги и на Стратегијата за развој на поштенските услуги.

## 3.3.4 ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со **Законот за средно образование** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 67/04) странски државјанин има право да бара нострификација или признавање на еквиваленција на свидетелство стекнато во странство, со што се овозможува признавање на степен на образование. Под нострификација се подразбира признавање на свидетелство стекнато во странство, а под еквиваленција се подразбира изедначување на свидетелството стекнато во странство со свидетелство стекнато во Република Македонија. Нострификација, односно признавање на еквиваленција на свидетелство од основното и средното образование стекнато во странство врши Министерството за образование и наука преку посебна стручна комисија што ја формира министерот.

Признавањето на стручните квалификации во **високото образование** стекнати во странство е регулирано со Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/00 и 49/03), при што како општа правна рамка е земена ратификуваната Лисабонска декларација за признавање на стручни квалификации на Советот на Европа од 11 април 1997 година, како и постојното законодавство на ЕУ во оваа област. Според Законот за високото образование, признавање на високообразовните квалификации или дел од високообразовните студии стекнати во странство значи признавање на дипломи и други јавни исправи издадени од страна на странски високообразовни институции или акредитирани односно овластени тела на соодветната држава. Со признавањето на еднаквоста, се признава и еднаква правна сила со соодветните високообразовни квалификации или дел од високообразовните студии стекнати во Република Македонија. Притоа, Законот прави дистинкција помеѓу академското и професионално признавање. Со академското признавање се остварува правото на пристап до високообразовните институции на Република Македонија, односно можноста за продолжување на високообразовните студии за стекнување на високообразовна квалификација, или признавање завршена високообразовна квалификација за академски цели, односно за запишување на после-дипломски студии или на докторски студии. Со професионалното признавање на високообразовната квалификација се овозможува вршење професионална дејност во Република Македонија. Оваа поделба е во согласност со законодавството на ЕУ, кое прави разлика меѓу академско и професионално признавање.

Со Законот за високото образование е пропишана постапката и се определени органите кои вршат признавање на странски високообразовни квалификации. Согласно овој закон, во Министерството за образование и наука е формиран Информативен центар, кој покрај другото, го утврдува исполнувањето на формално-правните услови за да се пристапи кон признавање на странска високообразовна квалификација. Министерот за образование и наука врз основа на предлогот од стручна комисија на високообразовна установа одлучува за секое барање посебно за признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство или на еден дел од студиите поминати во странство. Стручната комисија, пак ја формира наставно-научниот, односно наставничкиот совет на високообразорната установа која е

најблиска до наставно-научната област за признавање на странска високообразовна квалификација. Министерот надлежен за работите на високото образование, ако утврди дека се исполнети сите услови утврдени со закон ја потпишува конечната одлука за признавање.

Законот предвидува спроведувањето на склучените билатерални спогодби за заемно признавање на дипломи да го врши Министерството за образование и наука, под услови утврдени со билатералните спогодби. Република Македонија има склучено билатерални спогодби со Република Бугарија, Република Албанија и Република Турција, за чие спроведување со решение на Министерот се формира стручна комисија. Министерот надлежен за работите на високото образование врз основа на предлог на стручната комисија, ја потпишува одлуката за верификација на признатите високообразовни квалификации или дел од високообразовните студии стекнати во странство согласно билатералните спогодби.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Во подготовка е Националната рамка на квалификации со која се определуваат целите и појдовните основи за формирање на студиските програми и очекувањата од студентот, неговото разбирање, односно можноста за разбирање за време на учењето за сите циклуси на високо образование (првиот, вториот и третиот циклус) во кои се распоредени сите квалификации кои се стекнуваат на единствениот европски простор на високо образование, (Learning outcomes), национален скелет (структура) на високообразовните квалификации (Fremework for Qualifications), вклучувајќи го и признавањето на неформалното и формалното учење стекнатото преку учење во текот на целиот живот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни институции за имплементирање на Законот за средното образование и Законот за високото образование, во делот за признавање на странските високообразовни квалификации се Министерството за образование и наука и високообразовните установи.

Постојниот Закон за високо образование ја регулира и постапката за обезбедување квалитет во високото образование како и акредитација и лиценцирање на високообразовни институции. Во таа смисла, во Република Македонија се формирани Агенција за евалуација и Одбор за акредитација. Работата на овие тела е тесно поврзана со професионалното признавање на квалификациите.

Што се однесува до надзорот над одредени професии, истиот го вршат пред се ресорните Министерства, соодветните Комори и Инспекторати. Како пример, надзор над вршењето на здравствена дејност врши првенствено Министерството за здравство преку Лекарската комора. Надзорот над образовната дејност го врши Министерството за образование и наука како и Просветниот инспекторат како централна образовна институција задолжена за почитување на законитоста во областа на образованието и систематска контрола на квалитетот на образовниот процес.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Националната рамка на квалификации ќе се воспостави со донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование, законот за стручните и научните називи, симулација на усвоениот концепт за националната матура во средното образование кој ќе се применува од учебната година 2007 / 2008 и другите соодветни измени во Законот за средно образование согласно Националната програма за развој на образованието во Република Македонија, усвоена во април 2006 година.,

Постојниот Закон за високото образование е делумно усогласен со ЕУ мерките. Во тек е подготовка на измени и дополнувања на овој закон, со кои ќе се изврши целосно усогласување со ЕУ регулативата за признавање на странски високообразовни квалификации.

Професионалното образование е предвидено да се регулира во согласност со Директивите на Европската унија кои се однесуваат на *de jure* професионално признавање. Професионалното признавање претставува признавање на квалификации стекнати во процесот на студирањето со цел практицирање на професионална активност во земјата домаќин или во земјата каде се стекнати и регулирани со одредени нормативни акти, односно спаѓаат во регулирани професии.

Покрај Измените и Дополнувањата на Законот за високото образование во подготовка е и Законот за стручното образование, Законот за образование на возрасни и Закон за стручните и научните називи.

Се планира да се изработи гап анализа за степенот на усогласеност на националното законодавство со ЕУ легислативата од областа на взаемно признавање на професионални квалификации.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Развивање на Информативниот центар за признавање на странски високообразовни квалификации како дел од единствената ЕНИК/НАРИК мрежа – воспоставување на единствена информациона мрежа и база на податоци за признавање на странските високообразовни квалификации и поврзаност со универзитетите; водење евиденција за признатите високообразовни квалификации; стручно усовршување и кадровско, техничко и просторно екипирање.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Донесување на законодавство за признавање на странски професионални квалификации предвидено е за 2008 година. Правната рамка ќе биде во сообразност со европските директиви во однос на наставниот план за минимални критериуми за обука, ќе се постигне регулирање на професиите во однос на монопол на делување, заштита на титула и поврзување со системот на социјална сигурност, ќе се воспостави процедура за вршење на надзор над професиите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со правната рамка за признавање на странски професионални квалификации ќе се воспостави структура и процедури за признавање на странските професионални квалификации. Во 2008 година се планира да се назначи национален координатор за взаемно признавање на професионални квалификации.

# 3.4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

## 3.4.1 РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛОТ И ТЕКОВНИ ПЛАЌАЊА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка за режимот на движење на капиталот и тековните плаќања е составена од повеќе закони и подзаконски акти со кои е извршена либерализација на тековните и дел од капиталните трансакции. Во јуни 1998 година, Република Македонија го прифати членот VIII од Статутот на ММФ и со тоа воведе конвертибилност во плаќањата на тековните трансакции со странство, со што целосно ги либерализира тековните трансакции меѓу резидентите и нерезидентите.
**Законот за девизно работење** ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 49/01, 103/01 и 51/03) ги регулира: а) тековните и капиталните трансакции и нивна реализација во вид на плаќање и трансфери помеѓу резиденти и нерезиденти, меѓу резиденти ако работат со странски платежни средства или ако предмет на работењето се странски платежни средства, еднostran пренос на средства од и во Република Македонија, кои не претставуваат трансакции помеѓу резиденти и нерезиденти и б) девизниот надзор и контрола. Основна карактеристика на законот е постепена либерализација на движењето на капитал во зависност од рочноста и видот на капиталот, а поврзано со обврските преземени од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (членови 58, 59 и 60). Имено, со Законот за девизно работење е остварена целосна либерализација на трансакциите предвидени за првата етапа од ССА (директни инвестиции, комерцијални кредити и финансиски заеми и кредити со рок на доспевање над 1 година). Со одредбите од Законот се либерализирани и финансиските кредити со рок на доспевање помал од 1 година што како обврска е предвидена да се имплементира во втората етапа од спроведување на ССА. По истекот на првата етапа од ССА се предвидува и целосна либерализација на работењето со хартии од вредност и вложување во недвижности на резиденти во странство. По истекот на втората етапа од ССА се предвидува либерализација на депозитните работи. Законот е усогласен со директивите 31988Л0361, 31997Л0005 и 31991Л0308.

Платниот промет во земјата е уреден со **Законот за платен промет** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), и подзаконските акти Согласно законот носители на платниот промет во земјата се Народната банка на Република Македонија и банките, кои единствено можат да ги извршуваат работите на платен промет дефинирани во Законот. Законот е усогласен со директивата 98/26/ЕС.
Платниот промет со странство е уреден во **Законот за девизно работење** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03). Услугата брз трансфер на пари, дефиниран како електронски пренос на пари од едно физичко лице во една земја на друго физичко лице во друга земја во рок од 1 час од уплатата, независно дали преносот е од или кон Република Македонија, при што нето порамнувањето се врши преку деловна банка, е регулирана во **Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 77/03).
Република Македонија на билатерална основа склучува **договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции.** Досега се склучени 30 билатерални договори (26 се стапени во сила, 3 се ратификувани и 1 е потпишан и истите се во тек да стапат во сила).

Со цел реализација на политиката на Владата за зголемен прилив на странски директни инвестиции, во јуни 2004 година е донесен **Закон за основање на Агенција за странски инвестиции** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/04). Агенцијата е државна институција и истата отпочна со работа во јануари 2005 година. Нејзина основна цел е привлекување на инвестиции за поттикнување на економскиот развој на Република Македонија.
Правната рамка на системот на осигурување во Република Македонија е дефинирана со Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 84/02, 98/02 и 33/04) и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот ("Службен весник на Република Македонија"бр. 88/05). Подрачјето на осигурување детално е обработено во поглавје 3.09 Финансиски услуги.

Основен закон кој го регулира подрачјето на хартии од вредност е Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05). Во рамките на ова поглавје, Директивата 31998Л026 е делумно имплементирана во постоечкиот Закон за хартии од вредност, подзаконските акти кои се однесуваат на основањето на Централниот Депозитар за хартии од вредност како и во актите на Централниот Депозитар за хартии од вредност.
Законот за девизно работење дозволува покрај овластените банки и друштвата за осигурување, пензиските фондови, Фондот за осигурување на депозити и инвестиционите фондови да можат да вложуваат во хартии од вредност во странство, во согласност со законите кои го регулираат нивното работење. По истекот на првата етапа од ССА и останатите резиденти (граѓаните и претпријатијата) ќе можат да вложуваат во странски хартии од вредност во странство.
Комисијата за хартии од вредност има донесено два правилника врз основа на Законот за девизно работење: Правилник за добивањето одобрение за издавање и воведување на странски хартии од вредност и Правилник за добивање

одобрение за издавање и воведување на хартии од вредност и документи за удел во резидентните инвестициони фондови во странство (Сл.весник на РМ бр.49/01).

Законот за инвестициони фондови ("Службен весник на Република Македонија" бр. 9/00) ги уредува условите за основање инвестициони фондови и друштва за управување со инвестиционите фондови и начинот на нивното работење, за изборот на депозитна банка и за контрола над нивното работење. Инвестиционен фонд согласно овој закон може да се основа како отворен фонд или како затворен фонд. Во Законот за инвестициони фондови не постојат посебни ограничувања за вложувања на средствата на инвестиционите фондови во странски хартии од вредност. Законот, дава ограничувања на вложувањата кои се однесуваат како за домашните, така и за странските хартии од вредност. Така, во хартии од вредност на еден издавач, фондот не смее да вложува повеќе од 20% од вредноста на неговиот имот. По исклучок, фондот може, без ограничување да инвестира во должнички хартии од вредност на Република Македонија. Фондот може да стекнува најмногу до 20% од вкупниот број издадени акции на еден издавач и најмногу до 15% од вкупната номинална вредност на должничките хартии од вредност издадени од еден издавач. Фондот не може да инвестира повеќе од 15% од вкупниот број на акции издадени од еден издавач и повеќе од 10% од вкупната номинална вредност на должничките хартии од вредност издадени од еден издавач. Депозитите во банки и други парични средства на фондот можат да изнесуваат најмногу до 25% од вредноста на имотот на фондот. Фондот не смее да инвестира во хартии од вредност издадени од избраната депозитна банка или филијали на странска депозитна банка, како и во депозитни средства од тие институции. Исто така, фондот не смее да инвестира во хартии од вредност издадени од други фондови. Фондот може да го надмине максимумот предвиден во Законот при одредени пазарни нарушувања со одобрение на Комисијата, но обврзан е да го воспостави истиот откако повторно ќе се воспоставаат нормални пазарни услови. Притоа, фондот може да го надмине максимумот предвиден во Законот за период од четири месеци од неговото формирање.

Комисијата со посебни правила ги уредува условите и постапката за начинот на усогласување на ограничувањата на вложувањата во случаите на спојување и припојување на два или повеќе фондови, или спојување и припојување на два или повеќе издавачи во кои фондот има инвестирано средства.Останатите прашања кои се однесуваат на подрачјето на хартии од вредност се разработени во поглавје 3.9.3. Финансиски услуги.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Законот за платен промет, со кој се уредува платниот промет во земјата го подготвува Министерството за финансии. Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија ги донесуваат подзаконските прописи со кои се овозможува имплементацијата на Законот. Надзорот над законитоста и функционирањето на платниот промет го врши Народната банка.

Законот за девизно работење го подготвува Министерството за финансии. Подзаконските акти ги донесуваат Министерството за финансии, Народната банка, Министерството за економија и Комисијата за хартии од вредност. Надлежни за спроведувањето на законот се: Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии, Државниот девизен инспекторат, Министерството за економија и Комисијата за хартии од вредност.
Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари го подготвува Министерството за финансии, а подзаконските акти ги донесува Народна банка на Република Македонија. Надзорот над спроведувањето на законот и подзаконските акти како и на работењето на давателите на услуги брз трансфер на пари и субагентите го врши Народна банка на Република Македонија.

Во рамките на Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем е надлежен за подготвување прописи од областа на банкарскиот систем, небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, девизниот систем, системот на осигурување, системот на платен промет и ревизија и сметководствениот систем. Секторот за финансиски систем е директно инволвиран во процесот на хармонизација на домашната регулатива од овие области со законодавството на Европската унија. Секторот е организиран во 5 (пет) одделенија: одделение за банкарски систем (2 вработени), одделение за пазар на капитал (2 вработени), одделение за систем на осигурување (2 вработени), одделение за платен промет и ревизија (2 вработени) и одделение за сметководствен систем (3 вработени). Двајца вработени во Секторот за финансиски систем се инволвирани во хармонизација на домашното со европското законодавство за поглавјето 4 Слободно движење на капиталот.

При подготовка на прописите, Министерството за финансии соработува со Народната банка и другите инволвирани институции: Министерството за економија, Комисијата за хартии од вредност и Централниот Регистар на Република Македонија.

Народна банка на Република Македонија има дванаесет дирекции. Дирекции кои директно се вклучени во процесот на хармонизација на македонското законодавство со она на ЕУ во поглавјето 4 се: Дирекција за супервизија - Отсек за контрола на банки и штедилници (6 вработени) и Отсек за контрола на небанкарски институции (5 вработени); Дирекција

за истражувања - Отсек за движења во надворешниот сектор (4 вработени); Дирекција за централно банкарски операции и девизни резерви: - Отсек за управување и ракување со девизни резерви (6 вработени), Отсек за операции на отворен пазар (5 вработени), Отсек за управување со ризици (5 вработени); и Дирекција за платни системи - Отсек за развој (1 вработен), Отсек за надгледување на платните системи (2 вработени). Вкупниот број на вработени во НБРМ изнесува 420 вработени.

Комисијата за хартии од вредност е составена од Претседател и 6 члена. Согласно Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05), по истекот на мандатот на сегашниот состав на Комисијата за хартии од вредност, предвидено е истата да биде составена од 5 (пет) члена од кои еден е Претседател. Во рамките на Комисијата за хартии од вредност функционира Стручна служба со четири сектори: Сектор за општи и правни работи (2 вработени), Сектор за издавање одобренија (2 вработени), Сектор за контрола на пазарот на капитал (4 вработени) и Сектор за истражување и развој на пазарот на капитал и меѓународна соработка (2 вработени). За спроведување на соодветните подзаконски акти од Законот за девизно работење и одредбите за порамнување на хартиите од вредност од Законот за хартии од вредност и подзаконските акти се ангажирани вработените од Стручната служба, како и членовите на КХВ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Продолжување со следење на процесот на усогласувањето на прописите со преземените обврски од ССА и законодавството на Европската унија во правец на либерализација на капиталната сметка. Република Македонија, на среден рок, ќе направи понатамошни напори за отстранување на преостанатите ограничувања во однос на краткорочното движење на капиталот.

Среднорочниот приоритет во оваа област е продолжување со усогласувањето на прописите и праксата со критериумите на Европската унија кои се однесуваат на конечноста на порамнувањата и системите на порамнување на хартии од вредност (усогласување со Директивата 31998Л0026).

## 3.4.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за подрачјето на платен систем е детално обработена во делот 3.4.1.а. од ова поглавје. Платниот промет во земјата е уреден во Законот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06) и подзаконската регулатива која произлегува од одредбите на овој Закон. Платниот промет со странство е уреден со Законот за девизно работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии е надлежна институција за подготвување на Законот за платен промет. Подзаконските акти ги донесува Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија. Надзорот над законитоста и функционирањето на системот на платен промет е во надлежност на Народна банка на Република Македонија.

Народната банка ги донесува подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за девизно работење, а се однесуваат на платниот промет со странство.

Институционалната рамка за платен систем детално е обработена во делот 3.4.1. б. од ова поглавје.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Изработка на стратегиски документ за развој на платните системи. Овој документ се наоѓа во нацрт работна верзија и истиот ќе биде донесен од советодавно тело за платни системи до средината на 2007 година.

Во текот на 2007 година ќе се пристапи кон донесување на нов Закон за платен промет. Оваа измена се предвидува заради обезбедување на конзистентност на целиот текст на законот, како и усовршување и унапредување на реформираниот платен систем, односно целосна усогласеност во вршењето на платниот промет во земјата согласно стандардите и критериумите на Европската Унија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок се планира целосно инкорпорирање на одредбите на Директивата 97/5/ЕС во текот на 2008 година.

## 3.4.3 СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/04)** - Во Република Македонија основите за развој на превентивниот систем за спречување на

перење пари за прв пат беа поставени во 2001 година, со донесувањето на Законот за спречување на перење пари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/01) кој стапи на сила на 1 март 2002 година. На 12 јули 2004 година Собранието на Република Македонија усвои нов Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04). Новиот закон е усогласен со Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Конвенцијата од Палермо), Директивата 32001Л0097 за измени на Директивата 31991Л0308, како и препораките на ФАТФ.

Субјекти кои според Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело имаат обврска да ги превземаат мерките и дејствијата за спречување и откривање на перење пари предвидени со овој закон се:

- финансиските институции и службените и одговорните лица во нив;
- правни и физички лица кои ги вршат следните активности: дејност на промет со недвижности; ревизија, сметководство и финансиски консалтинг; нотарски, адвокатски и други правни услуги што се однесуваат на: купопродажба на недвижности или фирми, управување со пари и хартии од вредност, отворање и располагање со банкарски сметки, сефови и други сметки, основање или учество во управувањето или работењето на правни лица, застапување на клиенти во финансиски трансакции и промет со недвижности; дејност на промет со уметнички дела, антиквитети и други предмети за широка потрошувачка од поголема вредност; дејност на промет со акцизни стоки; работи во врска со издавање на платежни и кредитни картички; обработка и промет со благородни метали, скапоцени камења; патнички и туристички агенции и други слични активности со кои се стекнува имот и други видови располагање или управување со пари или имот;
- друштва за приредување игри на среќа(казина и други);
- странски претставништва, подружници, филијали и делови на субјектите, кои се регистрирани во странство и вршат дејност во Република Македонија, како и претставништва, подружници, филијали или делови на субјекти регистрирани во Република Македонија, кои вршат дејност во странска држава и
- здруженија на граѓани и фондации.

Во мај 2006 година беше изготвена Анализа за измени на постоечкиот Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело (46/04) со цел негово усогласување со Директивата 2005/60/ЕЦ, изменетата Стразбуршка Конвенција (Варшавска Конвенција 198) и со ревидираните 40+9 препораки на ФАТФ за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Врз основа на оваа анализа, Дирекцијата изготви Предлог за донесување на Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам. Главните новини во овој Предлог се во насока на зајакнување на мерките за откривање и спречување на перење пари од страна на субјектите, пред се со воведување на обврската за анализа на клиентите во зависност од процената на степенот на ризикот. Овие мерки ќе се применуваат и во случаи на превенција од финанисрање на тероризам.

**Правилник за содржината на извештаите за трансакциите кои се доставуваат до Дирекцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2004),** кој произлегува од одредбите на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело.

**Други закони**

- Кривичниот Законик на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03 и 19/04);
- Законот за кривична постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/97, 44/02 и 74/04);
- Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 37/02, 51/03 и 85/03) и
- Закон за брз трансфер на пари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 77/03).

**Стратешки и други документи:**

- **Национална стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот -** стратешки документ за борбата против перењето пари, усвоен од страна на Владата на Република Македонија на 30 јуни 2005 година. Стратегијата содржи активности кои треба да бидат преземени во периодот од 2005 до 2008 година заради воспоставување на адекватен систем за борба против перење пари и финансирање на тероризам на ниво на целата држава.
- **Листа на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции-** дефинирани насоки базирани на досегашните искуства и меѓународните најдобри практики од областа на перењето пари со цел да им се помогне на надлежните субјектите обврзани со законот полесно да ги препознаваат сомнителните активности и
- **Прирачник за спречување на перење парии финансирање на тероризам-** во октомври 2006 година, Дирекцијата изготви Прирачник со упатства за примена на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и го дистрибуираше до сите субјекти од законот, до надлежните органи кои вршат надзор и до другите институции. Прирачникот е изготвен со цел да се олесни практичната имплементација на обврските од Законот

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

*Дирекција за спречување на перење пари*

Централно место во системот на превенција од перење пари и финансирање на тероризам во РМ има Дирекцијата за спречување на перење пари. Дирекцијата е орган во состав на Министерство за финансии, формирана во септември

2001 година, врз основа на Законот за спречување на перење пари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/01), а започна да функционира од 1 март 2002 година. Дирекцијата како административен модел на Финансиско разузнавачка единица (ФИУ) е организирана во три одделенија: Одделение за аналитика (3 вработени), Одделение за сомнителни трансакции (2 вработени) и Одделение за развој на системот и меѓународна соработка (2 вработени). Во тек е постапка за вработување на 1 лице (информатичар).Од јуни 2004 година Дирекцијата е членка на ЕГМОНТ Групата.

Покрај Дирекцијата, обврските од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело во рамките на своите законски надлежности ги спроведуваат и Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Јавното обвинителтсво, Царинската Управа, Народната Банка на РМ, Управата за јавни приходи, Државен девизен инспекторат, Комисија за хартии од вредност, Државната комисија за спречување на корупцијата и други државни органи. Со овие органи, како и со други институции и меѓународни тела за борба против перењето пари и против финансирањето на тероризмот, Дирекцијата соработува во извршувањето на своите надлежности. Со цел унапредување на соработката меѓу Дирекцијата и другите инволвирани институции, Владата на РМ формираше Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам, во кое членуваат претставници од Дирекцијата, МВР, Министерство за Правда, Јавно обвинителство на РМ, Финансиска полиција, Народна банка на РМ, Комисија за хартии од вредност, Царинска Управа и Управа за јавни приходи. Ова тело се состанува најмалку еднаш месечно и ги разгледува прашањата и проблемите од тековното работење, врши размена на искуства, организира заеднички обуки и заеднички настап во меѓународната соработка и доставува до Владата на РМ годишен извештај за исполнувањето на стратешките цели утврдени со стратегијата.

Според Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, надзорот над примената на мерките и дејствијата од страна на субјектите го вршат следните институции: Народната банка на Република Македонија врз банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги брз трансфер на пари; Министерството за финансии-одделение за супервизија на осигурување врз осигурителните друштва; Комисијата за хартии од вредност врз берзата, брокерските друштва и инвестиционите фондови; Управата за јавни приходи врз другите финансиски институции, друштвата што приредуваат игри на среќа и други правни и физички лица, субјекти на таквите мерки и дејствија. Коморите на адвокатите и коморите на нотарите, односно другите професионални здруженија на ревизорите, сметководителите и другите лица што самостојно вршат правни и финансиски работи, во рамките на своите надлежности формираат комисии за вршење на надзор над примената на одредбите од овој закон од страна на нивните членови.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Усогласување на домашното законодавство со меѓународната регулатива, искуство и стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам: Усвојување на нов Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам со цел усогласување со Директивата 2005/60/ЕЦ, изменетата Стразбуршка Конвенција (Варшавска Конвенција 198) и со ревидираните 40+9 препораки на ФАТФ за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на механизмите на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризмот:

- континуирана обука и едукација на вработените во финансиските институции (одделите), кои ќе практикуваат редовни интерни обуки за останатите вработени во финансиската институција и
- усовршување на системот за електронско доставување на податоци за готовински трансакции над 15.000 евра (поединечни и поврзани) заради комплетирање на базата на податоци на Дирекцијата.

Усовршување на регулативата и надзорот над имплементацијата на законодавството - Зајакнување на капацитетите на овие институции преку обука и специјализација на постојните кадри

Зголемување на нивото на ефикасноста на работата на органите на прогонот-зајакнување на капацитетите на овие органи, преку континуирана обука на нивните кадри

Создавање на ефикасен систем на меѓуинституционална соработка;

- континуирано спроведување на склучените Меморандуми и Протоколи за соработка;
- потпишување на меморандуми и протоколи за соработка во откривањето и гонењето на сторители на кривични дела од организираниот криминал и размена на информации и
- воспоставување на електронски пристап до базите на податоци на релевантни надлежни институции

Зајакнување на техничките капацитети на Дирекцијата за спречување на перење пари:

- зголемување на бројот на вработени во ДСПП;
- континуирани обуки за вработените во ДСПП;

Зајакнување на меѓународната соработка

- спроведување на склучените меморандуми за разбирање на ДСПП
- склучување на меморандуми за разбирање со други земји
- учество на пленарните собранија на меѓународните тела за борба против перење пари и финансирање на тероризам (ЕГМОНТ, МОНЕSВАЛ Комитетот при Советот на Европа) и

- подготовка и спроведување на Третиот круг на евалуација на системот за спречување на перење пари на РМ од страна на Комитетот МОНЅВАЛ при Советот на Европа

Подигање на јавната свест за неопходноста од превземање на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

- креирање на интернет страна на ДСПП и
- јавно објавување на годишниот извештај за работата и активностите на Дирекцијата, како и објавување на статистички податоци за перењето пари и финансирањето на тероризмот во Република Македонија и на меѓународно ниво

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Усогласување на домашното законодавство со меѓународната регулатива, искуство и стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам:

- изготвување и донесување на подзаконски акти кои ќе произлезат од новиот Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.
- во законите кои ги регулираат активностите на институциите кои обезбедуваат финансиски или правни услуги, како и на надлежните државни органи, да се вградат одредби за утврдување на нивните надлежности во откривањето и спречувањето на перењето пари;
- да се измени Кривичниот Законик во насока на инкриминација на кривичното дело финансирање на тероризам како посебно кривично дело, при тоа да се земат во предвид одредбите од Варшавската Конвенција 198 и Меѓународната Конвенција за спречување на финансирање на тероризам;
- ратификување на Конвенција за перење пари, откривање, заплена, конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело и финансирање на тероризам од 2005 година, со која се изменува и дополнува Стразбуршката Конвенција од 1990 година (Варшавска конвенција 198)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на механизмите на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризмот:

- континуирана обука и едукација на вработените во финансиските институции (одделите), кои ќе практикуваат редовни интерни обуки за останатите вработени во финансиската институција
- одржување на системот за електронско доставување на податоци за готовински трансакции над 15.000 евра (поединечни и поврзани) заради комплетирање на базата на податоци на Дирекцијата.

Усовршување на регулативата и надзорот над имплементацијата на законодавството:

- континуирано зајакнување на капацитетите на овие институции преку обука и специјализација на постојните кадри

Зголемување на нивото на ефикасноста на работата на органите на прогонот:

- континуирано зајакнување на капацитетите на овие органи, преку континуирана обука на нивните кадри

Создавање на ефикасен систем на меѓуинституционална соработка:

- континуирано спроведување на склучените Меморандуми и Протоколи за соработка;
- одржување на системот за електронски пристап до базите на податоци на релевантни надлежни институции

Зајакнување на техничките капацитети на Дирекцијата за спречување на перење пари

- натамошно зголемување на бројот на вработени во ДСПП;
- континуирани обуки за вработените во ДСПП;

Зајакнување на меѓународната соработка

- спроведување на склучените меморандуми за разбирање на ДСПП
- склучување на меморандуми за разбирање со други земји
- учество на пленарните собранија на меѓународните тела за борба против перењепари и финансирање на тероризам (ЕГМОНТ, МОНЕЅВАЛ Комитетот при Советот на Европа);

Подигање на јавната свест за неопходноста од превземање на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

- јавно објавување на годишниот извештај за работата и активностите на Дирекцијата, како и објавување на статистички податоци за перењето пари и финансирањето на тероризмот во Република Македонија и на меѓународно ниво;
- издавање на прирачници и упатства за поедноставна примена на законот за задолжените субјекти

**СТРАНСКА ПОМОШ**

**Дирекција за спречување на перење пари -**Во тек е реализација на техничка помош за набавка на софтвер и опрема за автоматска обработка на податоците со средства обезбедени со КАРДС Програмата за 2003 година- Проект за борба против перење пари (продолжение на КАРДС 2002).

Во тек се подготовки за отпочнување на реализација на твининг проект за институционална надградба на Дирекцијата за спречување на перење пари и да се продолжи имплементацијата на ефикасни механизми за соработка меѓу органите вклучени во борбата против перење пари и финансирање на тероризам. Како земја партнер на проектот е избрана Шпанија. Овие средства се обезбедени со ЦАРДС Програмата за 2005 година.
Во периодот 2006-2008 година ќе продолжи реализацијата на проектот за техничка помош од страна на ГТЗ (Германско друштво за техничка соработка).
**Агенција за странски инвестиции -**Во тек е реализација на проектот за техничка помош за Министерството за економија (и Агенцијата за странски инвестиции) за подобрување на инвестиционата клима (средствата во вредност од 1.200.000 ЕВРА се обезбедени од ЕАР преку КАРДС Програмата) и ќе де реализира во период од 18 месеци (јануари 2006-јуни 2007).
Техничка помош за Агенцијата за странски инвестиции има обезбедено и Светска банка преку проектот "Инвестиции во Западен Балкан".
Во тек е реализација и на два проекти за техничка помош од страна на УНДП:

- "Стимулирање на инвестициите во Македонија" и
- "Мапирање на инвеестиционите потенцијали на општините во РМ" (во вредност од 30.000 ЕВРА.

Проектот "Промоција на странските инвестиции во РМ" во вредност од 40.000 ЕВРА (2006-2007) е обезбеден со средства од Германското Друштво за техничка помош (ГТЗ).

## ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09001: Министерство за финансии | ДСПП: Дирекција за спречување перење пари | 9 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 9 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| ВКУПНО | | 9 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |

# 3.5 ЈАВНИ НАБАВКИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за јавните набавки е донесен на 26 март 2004 година ("Службен весник на РМ" број 19/2004), и истиот стапи на сила на 7 април 2004 година. Во Законот за јавните набавки на Република Македонија транспонирани се следниве директиви на Европската унија за јавни набавки: 89/665/ЕЕЗ, 92/13/ЕЕЗ, 93/36/ЕЕЗ, 93/37/ЕЕЗ и 93/38/ЕЕЗ.

Врз основа на Законот за јавните набавки, донесени се и објавени во Службен Весник на Република Македонија 11 (единаесет) подзаконски акти и тоа:

- Список со кој се утврдуваат субјектите на кои се однесуваат одредбите од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.34/2004), донесен врз основа на член 1 став 3 од Законот;
- Правилник за формата и содржината на годишниот план за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.33/2004), донесен врз основа на член 11 став 7 од Законот;
- Правилник за постапката на отворањето на понудите кај отворениот повик и ограничениот повик и за образецот за водење на записник за отворањето на понудите ("Службен весник на РМ" бр.50/2004), донесен врз основа на член 46 став 4 од Законот;
- Одлука за определување на опрема, материјали и услуги од одбрамбен и безбедносен карактер ("Службен весник на РМ" бр.69/2004) на кои набавки законот не се однесува, согласно со член 3 став 2 од Законот;
- Правилник за деталните правила за проценување на вредноста на набавката ("Службен весник на РМ" бр.10/2005), донесен врз основа на член 9 став 2 од Законот;
- Правилник за формата и содржината на образецот и начинот на водењето на регистарот за извршените набавки кај набавувачите ("Службен весник на РМ" бр.10/2005), донесен врз основа на член 17 став 5 од Законот;
- Правилник за формата и содржината на образецот и начинот на водење на единствениот регистар ("Службен весник на РМ" бр.10/2005), донесен врз основа на член 18 став 3 од Законот;
- Правилник за задолжителните елементи на тендерската документација ("Службен весник на РМ" бр.10/2005), донесен врз основа на член 36 став 10 од Законот;
- Методологија за изразување на критериумите во бодови ("Службен весник на РМ" бр.10/2005), донесена врз основа на член 50 став 5 од Законот;
- Правилник за начинот, условите и постапката за избор на експерти кои ќе ја проверуваат регуларноста на постапката за јавна набавка ("Службен весник на РМ" бр.10/2005), донесен врз основа на член 93 став 10 од Законот.

Со цел да се овозможи целосна имплементацијата на Законот за јавните набавки, како и да се обезбеди унифицирана примена на истиот, од страна на Бирото за јавни набавки изготвена е стандардна тендерска документација за набавка на стоки, работи и услуги и модели на договори, кои на набавувачите им се достапни преку веб страната http://javni-nabavki.finance.gov.mk.

Во декември 2005 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки. Со него се зголемува транспарентноста во постапките за јавни набавки со воведување на обврската за објавување на повиците, покрај во Службен весник на РМ, и на веб страната на Бирото во електронска форма. Покрај тоа, со законот се овозможува и електронската форма на вршење на јавни набавки која и практично заживеа со електронскиот систем за јавни набавки. Беше донесен и Правилник за видот и начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки.

Во однос на правните лекови востановено е административно тело за жалби - Комисија за жалби. Постојната регулатива обезбедува право на приговор и жалба не само од незадоволните понудувачи и кандидати туку и од оние економски оператори што подигнале тендерска документација а не доставиле понуда.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно со член 24 од Законот за јавните набавки, формирано е Бирото за јавни набавки кое претставува орган на државната управа, без својство на правно лице, во состав на Министерството за финансии, кое за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија и пред министерот за финансии.

Бирото за јавни набавки се грижи за развојот на системот за јавни набавки, преку обезбедување на законитост, рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки, а воедно се грижи и за поттикнување на конкуренцијата и рамноправноста на понудувачите во постапките за јавни набавки.

Бирото во овој момент има две одделенија и тоа: Одделение за унапредување на системот на јавните набавки и Одделение за регистар и анализа. Кадровската пополнетост на Бирото изнесува 11 извршители без директорот од кои 3

дипломирани правници, 4 дипломирани економисти, 1 дипломиран градежен инженер, 1 дипломиран електро инженер и 2 административни работници. Предвидено е континуирано зголемување и зајакнување на кадровската екипираност на Бирото за Јавни набавки како би можело успешно да одговори на пропишаните надлежности со Законот.

Во правец на подобрување на транспарентноста на процедурите за јавните набавки, а со цел обезбедување на вистинска конкуренција и спречување на корупција и измама, преземени се и следниве активности: објавување на огласите за јавни набавки, законската и подзаконската регулатива, обрасците, моделите на договори и стандардна тендерска документација на веб-страна, вклучувајќи ги и решенијата на второстепената Комисија за јавни набавки; редовно и континуирање ажурирање на Единствениот регистер за спроведени јавни набавки и изготвување на квартални извештаи до Државната комисија за спречување на корупција. Изготвен е Прирачник за јавни набавки и Водич низ јавните набавки, во соработка со Проектот Биро за јавни набавки" финансиран од КАРДС.

Инспекцискиот надзор во постапките за јавни набавки функционира во рамки на Секторот за централна внатрешна ревизија при Министерството за финансии.Во изминатиот период вработените од Бирото учествуваа на неколку семинари кои главно ги опфаќаа двете нови Директиви за јавни набавки.

Со цел институционално зајакнување на капацитетите за спроведување на јавните набавки кај набавувачите, Бирото во соработка со Проектот „БЈН" финансиран од КАРДС организираа повеќе дводневни обуки на кои учество земаа над 300 учесници.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2007 година се планира донесување на нов Закон за јавни набавки, кој ќе биде усогласен со Директивите на ЕУ за јавни набавки (2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ, 89/665/ЕЗ и 92/13/ЕЗ).

Посебно внимание ќе биде посветено на регулирање на правилата за јавни набавки кај субјектите што вршат една или повеќе дејности од обласа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот, поштенските услуги и истражување на земјиштето, воведување на вредносни прагови согласно со Директивите што ќе обезбедат транспарентност и ефикасност на постапките за јавни набавки, уредување на постапката со преговарање со и без претходно објавување на оглас и воведување на електронските аукции и уредување на правната заштита согласно со Директивите за правни лекови.

Во контекст на усогласување на правилата за концесии, во тек е изработка на нов Закон за концесии, кој се планира да биде усвоен во 2007 година. Законот се работи од страна на Министерството за економија, во соработка со Министерството за финансии_Биро за јавни набавки, за што е одобрена и техничка помош од Сигма. Се планира концепт во кој ќе бидат одделени доделувањето на јавните услуги и работи од доделувањето на јавните добра, согласно европската пракса.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2007 година се планира зајакнување на капацитетот на Бирото за јавни набавки со 3 нови вработени. Обуката на кадарот претставува континуирана активност на Бирото за јавни набавки, и тоа како на постоечкиот, така и на новопримениот, преку учество на семинари работилници и присуство на странски експерти.

Бирото планира да продолжи со напорите за зајакнување на капацитетот кај набавувачите со организирање на обуки за лицата кои учествуваат во спроведување на постапките за јавни набавки, како и со објавување на корисни информации на веб страната на Бирото. Се планира организирање на најмалку 2 обуки во 2007 година.

Ќе се продолжи со објавување на огласите за јавни набавки, вклучувајќи ги и решенијата на второстепената Комисија за јавни набавки; редовно и континуирање ажурирање на Единствениот регистер за спроведени јавни набавки и изготвување на квартални извештаи до Државната комисија за спречување на корупција.

Ќе продолжи соработката со Државниот завод за ревизија и Комисијата за жалби по јавни набавки (односно Државната комисија за жалби по јавни набавки која се планира со новиот закон). Имено, до Државниот завод за ревизија се испраќаат сите мислења кои произлегуваат од Бирото а се однесуваат на примена на Законот за јавни набавки. Бирото ќе продолжи да ги објавува решенијата на Комисијата за жалби по јавни набавки и ќе ја интензивира комуникацијата со неа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

По донесување на Законот за јавни набавки, Бирото ќе пристапи кон изготвување на потребните подзаконски акти за имплементација на законот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во согласност со новите законски решенија, се планира формирање на Државна комисија за жалби по јавни набавки, која ќе обезбеди ефикасна правна заштита во постапките за јавни набавки чии членови ќе ги именува Собранието на Република Македонија.

Ќе се продолжи со напорите за зајакнување на капацитетот на Бирото за јавни набавки со вработување на 3 нови лица во 2008 година, како и со набавка на потребната информатичка опрема и софтвер за спроведување на новите законски решенија за електронски јавни набавки и електронски аукции.

Се планира изработка на нови материјали за обука во согласност со новите законски решенија, како и организирање на обуки за набавувачите и понудувачите. Се планираат најмалку 4 обуки за набавувачите и понудувачите во 2008 година.

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 04001: Влада на РМ | НОВА: ДКЈН Државна комисија за жалби по јавни набавки | 0 | 0 | 4 | 4 | 4 | 12 |
| 04001: Влада на РМ Вкупно | | 0 | 0 | 4 | 4 | 4 | 12 |
| 09001: Министерство за финансии | МФ: Биро за јавни набавки | 12 | 2 | 2 | 1 | 1 | 6 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 12 | 2 | 2 | 1 | 1 | 6 |
| **ВКУПНО** | | **12** | **2** | **6** | **5** | **5** | **18** |

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Заради остварување на среднорочниот приоритет за изготвување на нов Закон за јавни набавки, кој целосно ќе се усогласи со Директивите на ЕУ за јавни набавки, побарана е помош од TAIEX и истата е одобрена. Во тек се подготвителни активности за оваа помош. Исто така во изработката на Законот за јавни набавки ќе бидат вклучени и екперти од Сигма.

Бирото учествува и во регионалниот проект „Електра веб" кој го финансира Европската комисија и во кој учествуваат националните институции за јавни набавки во регионот. Како резултат треба да произлезе заедничка платформа за спроведување на електронските јавни набавки која ќе биде компатибилна во земјите од регионот.

# 3.6 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

## 3.6.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка на областа Право на трговските друштва, е уредена со **Законот за трговските друштва** ("Службен весник на РМ" бр. 28/04 и 84/05), **Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица** ("Службен весник на РМ" бр.84/05), **Законот за хартии од вредност** (Сл.Весник на РМ "бр.95/05) и **Законот за преземање на акционерските друштва** ("Службен весник на РМ" бр.04/02 и 37/02).
**Законот за трговските друштва** во целост е усогласен со ЕУ директивите 31968L0151,31977L0091,31978L0855,31982L0891,31989L0666,31968L0151,31989L0667 и со Регулативата 31985P2137. За да се добие **побрза регистрацијата** усвоен е **Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица** (ЗЕС), во кој е имплементирана Директивата 31968L0151 и нејзината измена Директивата 32003L0058. За воспоставување и имплементација на **едношалтерскиот систем** во 2005 година заедно со **"Законот за дополнување на Законот за трговските друштва**"(Службен весник на РМ бр. 84/05) се изменија уште 15 други закони. Законот овозможи трансферирање на надлежноста за регистрација на трговските друштва, од судовите во Централниот регистар, како и водење на постапката на упис според правилата на посебна управна (административна) постапка, наместо претходно (според судската) вонпарнична постапка. Регистрација на трговските друштва преку **Едношалтерскиот систем** отпочна од 01.01.2006 година. Со **Законот за превземање на акционерските друштва** уредена е постапката за преземање на акционерски друштва и имплементирана е Директивата 31988L0627. Со Законот се уредени начинот и условите за купување на хартии од вредност на едно акционерско друштво, кога определено правно или физичко лице, стекнало или има намера да стекне над 25% од правата од правата на глас, кои произлегуваат од хартиите од вредност на тоа акционерско друштво.

**Стратешки документи** во оваа област се: Белата книга за корпоративно управување во југоисточна Европа (Комисија за хартии од вредност - Скопје, 2003год.); Студијата за развој и имплементација на едношалтерскиот систем (Централен регистар на РМ, 2005, помогнат од УНДП); и Стратегијата за реформа на правосудниот систем (Влада на РМ, 2005год.), во делот на реформата на судовите и нивната надлежност со која е предвидено изземање на регистрацијата на трговските субјекти од судска надлежност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија е одговорно за областа на право на друштва со седум вработени во Секторот за правни работи. Законот за трговските друштва се имплементира од страна на сите *трговски друштва*. Други институции и органи вклучени во имплементација на Законот се: Управата за јавни приходи, банките, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност и други надлежни (инспекциски) органи .
*Централниот Регистар* е надлежен за регистрација на трговските субјекти и за управување со едношалтерскиот систем преку базата на податоци за **единствениот трговски регистар**. Регистрацијата и уписот на податоците во трговскиот регистар за трговските субјекти се врши во електронска форма, а регистарот е дел од централната информативна база на Централниот регистар. Оперативни се десет регионални канцеларии за регистрација. Во Централниот регистар работат 212 лица и формирана е Комисија за жалби како второстепен орган согласно Законот. (Повеќе за Централниот регистар во делот за Економски критериуми)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Законот за изменување и дополнување едношалтерскиот систем, за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва ќе се усвојат на почетокот на 2007 година.

Со **Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва** *ќе се имплементираат среднорочните препораки од Извештајот РОСК на Светска Банка за усогласување со принципите за корпоративно управување на ОЕЦД од јуни 2005 година, и ќе се исполни обврската од аранжманот склучен со Светска Банка, PDPL* 2. Законот ќе ја олесни регистрацијата на трговските друштва, ќе го подобри деловното окружување. Ќе се допрецизираат и одредби за да се подобри управувањето на трговските друштва, особено управувањето на акционерските друштва и ќе се усогласи со Законот за прекршоците (Службен весник на Република Македонија бр. 62/06). Со **Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем, за водење на**

**трговскиот регистар и регистар на други правни лица** ќе да се олесни и забрза уште повеќе регистрацијата на трговските друштва и ќе се усогласи со Законот за прекршоците (Службен весник на Република Македонија бр. 62/06).

**Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва** ќе обезбеди поголема заштита на малите акционери, поголема транспарентност и целосна информираност на сопствениците на акции како и на јавноста. Во Законот ќе се имплементира Директивата 32004L0025.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот период, приоритет ќе биде проширување на мрежата регистрациони канцеларии на Централниот регистар низ останатиот дел од државата. Заради едношалтерскиот систем Централниот регистар ќе се зајакнува (ЦР) со човечки ресурси согласно новите надлежности. Ќе се зајакне Секторот за правни работи во Министерството за економија со вработување на нови кадри, во 2007 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се модернизира поднесувањето на годишните сметки во среднорочниот период во Централниот регистар. Ќе се донесе Подзаконски акт за годишната сметка во првиот квартал 2008 година со што ќе се уреди постапката за поднесување на годишните сметки по електронски пат. Согласно Стратегијата и акцискиот план за корпоративно финансиско известување ќе се менува и Законот за трговските друштва во 2008 година заради одредени доусогласувања со директивите на ЕУ. Ќе се продолжи со обука за Секторот за правни работи, особено за новите вработени кадри во Министерството на економија од областа право на трговските друштва.

СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

**Стратешки документ** за оваа област, претставува **Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување**, усвоена во август 2006 година од Владата на Република Македонија. Активностите утврдени во Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување ќе овозможат примена на висококвалитетните стандарди за финансиско известување во корпоративниот сектор, со што ќе се обезбеди подобрување на опкружувањето за инвестиции и развој на приватниот сектор.

***СМЕТКОВОДСТВО***

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Материјата од областа на деловното сметководство, годишните сметки, финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи за трговските друштва е регулирана со **Законот за трговските друштва** а пропишувањето на годишните сметки и финансиските извештаи (билансните шеми) е регулирано согласно Директивата 31978L0660, Директива 31983L0349 и Регулативата 32002R1606. Донесени се Правилникот за пропишување на формата и содржината на годишната сметка и Правилник за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план ("Сл.весник на РМ" бр. 113/06) усогласени со Директивата 31978L0660. Согласно Правилникот за пропишување на формата и содржината на годишната сметка пропишани се посебни билансни шеми за големите и средни друштва, додека за малите субјекти пропишани се скратени билансни шеми со пополнување на позициите означени со букви и римски броеви.

Со Правилникот за сметководствени стандарди (Службен весник на РМ бр.40/97 и 73/99) прифатени се Меѓународните сметководствени стандарди од Комитетот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСЦ), како сметководствени стандарди кои се во примена во Република Македонија од 1 јануари 1998 година. Со Правилникот за водење на сметководството ("Сл.весник на РМ" бр.94/04 и 11/05) преведени се Меѓународни сметководствени стандарди ажурирани на годишна основа за 2003 година, предговорот на Комисијата за толкување за меѓународното финансиско известување, толкувањата од постојаниот комитет за толкување (ПТК) и Меѓународниот стандард за финансиско известување бр. 1. Со Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за водењето на сметководството ("Сл. весник на РМ " бр.116/05), ажурирани се и објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) од број два до број седум.

Согласно **Законот за хартии од вредност** (" Сл.Весник на РМ "бр.95/05), акционерските друштва со посебни обврски за известување имаат обврска да подготвуваат и да поднесуваат тримесечни, полугодишни и годишни финансиски извештаи согласно усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување (Согласно Законот, "акционерско друштво со посебни обврски за известување" е друштво кое извршило јавна понуда на хартии од вредност; или има основна главнина од 1.000.000 ЕВРА во денарска противвредност и повеќе од 100 акционери, или е котирано на берза).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Сметководството е во надлежнот на **Министерството за финансии** (Сектор за финансиски систем) - Одделение за сметководство со 3 вработени државни службеници). Институционалната рамка ги опфаќа и (согласно Законот за

трговските друштва): сите трговски друштва; Централниот регистар; Управата за јавни приходи. Согласно другите закони, во институционалната мрежа вклучени се и следниве институции: Комисијата за хартии од вредност, Народната банка на Република Македонија; Одделението за супервизија на осигурувањето во рамките на Министерството за финансии и Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување. Комисијата за хартии од вредност го следи почитувањето на обврската за обелоденување на финансиските податоци изготвени согласно меѓународните стандарди за финансиско известување од страна на акционерските друштва со посебни обврски за известување.
Согласно *Законот за трговските друштва*, *обврска за водење на сметководство имаат*: секој голем, среден и мал трговец, трговците определени со закон, трговците кои вршат банкарска дејност, дејност на осигурување, трговците кои котираат на берзата, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидираните финансиски извештаи на претходно наведените трговци. **Малите трговски друштва** се изземени од обврската за ревизија на годишните сметки и имаат обврска да изготвуваат само годишни сметки со редуциран обем на податоци согласно Директивата 31978L0660.

Во 2006 година се конституираше **Институтот на овластени ревизори**, каде што се формираше **Комисија за меѓународни сметководствени стандарди,** која се состанува 2 пати месечно. Надлежностите и овластувањата на оваа Комисија се пренесени од претходната Комисијата за сметководствени стандарди, (Службен весник на РМ бр.30/1997). Комисијата за меѓународни сметководствени стандарди во рамките на ИОР ги врши работите во врска со следење, усогласување и примената на меѓународните сметководствени стандарди со можност да го иницира правецот на потребните измени во законодавството.

## КРАТКОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

*Комисијата за меѓународни сметководствени стандарди* во рамките на Институтот за овластени ревизори ќе обезбеди превод на МСС(МСФИ) и толкувањата за 2006 година, до крајот на 2007 година. Во годишната програма на *Совет за унапредување и надзор на ревизијата* ("Службен весник на РМ"бр. 109/05) за 2007 година ќе се дефинира Советот да поднесува Извештаи за својата работа и за работата на Институтот за овластени ревизори.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе се едуцираат Комисиите на ИОР, за да иницираат мерки за целосна примена на принципите на доброто корпоративно финансиско известување. *Комисијата за сметководствени стандарди* во рамките на Институтот за овластени ревизори има обврска за следење, усогласување и примената на меѓународните сметководствени стандарди. Бројните консултантски компании како добра инфраструктура ќе ги следат процесите и ќе ги дисеминираат измените ширум корпоративната популација.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Ќе се преведат *Меѓународните сметководствени стандарди за средни и мали субјекти*, кога ќе бидат утврдени од IFAC/IASB во среднорочниот период. Со нивното објавување ќе се премине кон прифаќање и примена на меѓународните сметководствени стандарди за средни и мали субјекти. Ќе се гради капацитетот на Институтот за овластени ревизори, но исто така и на најголемите регулаторни институции (Управата за јавни приходи, Комисија хартии од вредност, Народната Банка на РМ, супервизијата на осигурување, МАПАС, итн.) за ја следат и особено да ја присилуваат примената на МСС (МСФИ) и другите стандарди на сметководство односно да се грижат за целосно и навремено обелоденување на финансиските податоци изготвени согласно МСС (МСФИ).

## *РЕВИЗИЈА*

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Во областа на ревизијата, главна цел е воспоставување на компатибилен систем со системите на развиените земји, и примена на непосредно и општо прифатените Меѓународни стандарди за ревизија. Со Законот за ревизија во 1997 година ("Службен весник на РМ" бр.65/1997, 27/00, 31/01 и 61/02), во Република Македонија започна тој процес на воспоставување компатибилен систем на ревизија со системите на развиените земји и непосредно се применуваат Меѓународни стандарди за ревизија. Во законот беа утврдени и условите кои треба да ги исполнуваат овластените ревизори, како и условите во однос на нивната компетентност и независност при што се имаа предвид и 31978L0660, 31983L0349 и 31984L0253 ЕУ мерките. Согласно одредбите од овој Закон до донесување на новите прописи, се применуваат прописите од Закон за ревизија ("Службен весник на РМ" бр.65/1997, 27/00, 31/01 и 61/02).
*Заради потребата од организирање на независна ревизорска професија* во 2005 година донесен е **нов Закон за ревизија** (Службен весник на РМ бр.79/05), кој е во согласност со Директивата 31984L0253 и исто така ја зема во предвид новата Директива 32006L0043 за законска ревизија на годишните сметки и консолидирани сметки. Правната рамка ја заокружува и **Законот за трговските друштва**, кој содржи одредби кои генерално се однесуваат за ревизијата и она што е утврдено во Законот за трговските друштва, се однесува и на регулативата за ревизијата. Со Законот за ревизија се изврши дерегулација на професијата при што Министерството за финансии целосно ги пренесе

овластувањата и надлежностите од областа ревизорска професија на Советот за унапредување и надзор на ревизијата и на Институтот на овластени ревизори.

**Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика** утврдени од страна на Меѓународната федерација бае прифатени и објавени во Република Македонија во 1997 година, а нивната примена започна во 1998 година. Во 2005-та година објавени се Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика утврдени од страна на Меѓународната федерација на сметководители IFAC (Службен весник на РМ бр.92/05). Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор, во која се содржани предметните области кои се полагаат е ажурирана во месец април 2005 и објавена на веб страната на Министерството за финансии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии е надлежно за правната рамка и клучните правни акти за системот на ревизијата во Секторот за финансиски систем со двајца вработени во Одделението за систем на платен промет и систем за ревизија. Согласно Законот за ревизија во Министерството за финансии формиран е Совет за унапредување и надзор на ревизијата кој ќе да придонесе за унапредување на ревизијата, ќе го поттикнува придржувањето кон високите професионални стандарди во ревизорската професија, следењето и примената на законот, постапката за стекнување на звањето овластен ревизор, работата на Институтот за овластени ревизори, и примената на неговите општи акти. Во моментов функционираат 20 ревизорски друштва и 136 овластени ревизори.

Согласно новиот Закон, на 26 мај 2006 година, беше конституиран Институтот на Овластени ревизори (на денот на конституирање го усвои својот статут) – професионално здружение на овластените ревизори на Република Македонија како коморско здружение. Институтот на овластени ревизори (ИОР) е надлежен да: води регистар на овластени ревизори; регистар на друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци; носи Програма за полагање на испит за стекнување со звање овластен ревизор; го спроведува испитот за стекнување на звање за овластен ревизор, ја следи примената на МРС и Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори-трговци поединци и извршува други надлежности. Согласно Националната стратегија и акционият план за реформи во сметководството и институционално зајакнување беа основани седум комисии: Комисија за сметководствени стандарди; Комисија за ревизорски стандарди; Комисија за етика; Комисија за контрола на квалитет на ревизорските услуги; Комисија за образование,обука и публикации; Комисија за спроведување на испитот за овластен ревизор и Комисија за регистрација на овластени ревизори.

Во (ИОР), Комисијата за обука и едукација за спроведување на континуирано професионално образование и обука ќе подготвува кандидати за полагање на испитот на овластен ревизор. Овластените ревизори според Законот за ревизија имаат обврска да посетуваат минимум 40 часови професионално континуирано образование годишно, кое треба да се спроведува од релевантна институција призната од страна на Институтот на овластени ревизори. Програмата за континуирано професионално образование ќе се донесе во 2007 година. Во Институтот од 01.12.2006 година работи администратор/генерален секретар на Институтот. На крајот на 2006 беше подготвена Програма за активности со план за финансирање.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Ќе се реализираат активностите на Институтот на овластени ревизори од Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и ревизијата и ќе се донесат нови прописи.**

До новите прописи ќе се применуваат прописите од претходниот Закон за ревизија ("Службен весник на РМ" бр.65/1997, 27/00, 31/01 и 61/02) за да се обезбеди континуитет во работата. За имплементација на Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување во МФ ќе се воспостави Проектна единица со двајца вработени од 01.01.2007 година, а со единицата ќе координира едно лице од Министерството за финансии.

Институтот на овластени ревизори ќе води регистар на овластени ревизори и регистар на друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци. ИОР ќе донесе Програма за полагање на испит за стекнување со звање овластен ревизор и ќе спроведува испит за стекнување на звање за овластен ревизор, ќе ја следи примената на МРС и Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори-трговци поединци и ќе извршува други надлежности. Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор, за добивање на дозвола за работа на друштвата за ревизија ќе се донесе во јуни 2007 година. Институтот ќе спроведува контрола на квалитетот на работењето на своите членови, преку Комисијата за контрола на квалитетот која ќе донесе Правилник за контрола на квалитетот на ревизиите до крајот на јуни 2007 година. За таа цел, ИОР ќе спроведе активност на запознавање на членовите со потребните процедури и стандарди и ќе спроведува дисциплински мерки кај членовите кои не работат во согласност со стандардите. Комисијата за образование, обука и публикации ќе спроведува континуирано професионално образование и обука на кандидатите кои ќе го полагаат испитот за овластен ревизор. Ќе се донесе Програма за континуирано професионално образование до крајот на јуни 2007година.

Комисијата за меѓународни ревизорски стандарди ќе ги подготви процедурите за да се овозможи ажурно преведување на Меѓународните стандарди за ревизија и другите објави од Меѓународниот одбор за ревизорски стандарди.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Секторот за финансиски систем ќе има нови вработувања во краткорочниот период. За Советот за унапредување и надзор на ревизијата, обезбедени се средства за 2007 година во буџетот на РМ. Советот ќе донесе нова годишна Програма во 2007 година, согласно која ќе поднесува извештај до Министерот за финансии за својата работа, работата на ИОР и за спроведувањето на Акциониот план. Во ИОР ќе има нови вработувања на кадри во 2007 год.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување** ќе биде реализирана во среднорочниот период. До крајот на 2009 година ќе се измени и дополни Законот за ревизија, заради доусогласување со Директивата 32006L0043. Ќе се исполнуваат преземените обврски од ССА и следење на спроведувањето на одредбите од Законот за да се изгради ревизорски систем во земјата компатибилен со земјите на Европската унија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии согласно новиот Закон за ревизија ќе го следи спроведувањето на одредбите од законот. Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Институтот за овластени ревизори ќе ги извршуваат работите во рамки на своите надлежности уредени во законот. За Советот за унапредување и надзор на ревизијата, во среднорочниот период предвидени се средства од Буџетот на РМ .

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| **ИНСТИТУЦИЈА** | **Сектор/ одделение** | **Состојба 31.12.2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **Вкуп но** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09001: Министерство за финансии | МФ: Сектор за финансиски систем/ Одделение за платен промет и ревизија | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | ИОР: Институт за овластени ревизори | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | МФ: Сектор за финансиски систем/ Одделение за сметководство | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 6 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| 10001: Министерство за економија | МЕ: Сектор за правни работи | 7 | 2 | 0 | 3 | 2 | 7 |
| 10001: Министерство за економија Вкупно | | 7 | 2 | 0 | 3 | 2 | 7 |
| ЦР: Централен регистер | ЦР: Централен регистер | 212 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЦР: Централен регистер Вкупно | | 212 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **225** | **4** | **1** | **3** | **2** | **10** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Врз основа на последните пресметки со проектот **БЕРИС** финансиран со заем од Светска Банка, за Централниот регистар ќе се стават на располагање 530.000 ЕВРА за финансирање на втората фаза од Проектот за едношалтерски систем за регистрација, поточно за следните активности: Систем за спас (Скопје и Битола) со 460.000 ЕВРА и Медиумска кампања со вредност од 70.000 ЕВРА .За базите на податоци на Централниот регистар на Република Македонија и нивното неопходно функционирање, во втората фаза на ЕШС проектот се предвидува унапредување на основната локација во Скопје и поставување на секундарна локација како систем за спас во случај на непогода или катастрофа, која при неможност за функционирање на примарната локација би била автоматски оперативна. За промовирање на новите активности и запознавање на јавноста ќе биде спроведена медиумска кампања. (Повеќе во делот Економски критериуми).

***Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување*** ќе се спроведува до 2009 година, а реализација започна во вториот квартал на 2006 година. За спроведување на Стратегијата и акциониот план предвидено е да се обезбедат 5.850.670 евра, од кои во моментот обезбедени се 4,55 милиони евра (3,7 милиони евра од Холандската Амбасада во РМ и 0,85 милиони евра од Австрија), а Република Македонија кофинансира во висина од 10% од вкупната вредност на активностите содржани во Националната стратегија и акционен план со 585.067 евра.

# 3.7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

## 3.7.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во областа авторското право и сродните права заради поефикасна заштита, во 2005 година беше усвоен **Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права** ("Службен весник на РМ" бр.04/05) усогласен со ЕУ директивите: 31991L0250, 31992L0100, 31993L0083, 31993L0098, 31996L0009, 32001L0029 и 32001L0084. Ратификувани се меѓународните документи:Договорот на WIPO за авторското право и Договорот на WIPO за изведбите и фонограмите, со што Министерството за култура ги исполни нормативните обврски од член 68 и 71 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (АНЕКС VII) . Со пристапување во Светската трговска организација (СТО) прифатена е и Спогодбата за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост (ТРИПС спогодба) а стандардите од ТРИПС спогодбата се инкорпорирани во националната легислатива. **Стратешки документ** за авторското право и сродните права е Националната програма за култура ("Службен весник на РМ" бр. 31/04) каде е вклучен приоритетот заштита на авторското право и сродните права (за период 2004-2008 година).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Министерството за култура* (МК), е надлежен орган за областа авторско право и сродни права (АПСП), вклучувајќи ја и заштитата (како управен и инспекциски надзор). Од март 2006 година формиран е *Сектор за авторско право и сродните права* со три вработени лица. Секторот кој има две одделенија, Одделение за авторското право и Одделение за сродни права е надлежен за нормативно управни работи, за управен надзор кај здруженијата за колективно остварување, следење на националното и меѓународното законодавство, за соработка со меѓународните владини и невладини организации на ОН (WIPO, СТО, УНЕСКО) ЕУ и други организации

*Секторот за инспекциски надзор и контрола* има три вработени, во две одделенија, Одделение за инспекциски надзор и Одделение за управен надзор и контрола. Секторот е надлежен за управен надзор и контрола и инспекциски надзор во областа на културата. Инспекцискиот надзор за репродукција и дистрибуција на компјутерски програми, како и на музички и аудиовизуелни дела и компјутерски програми снимени на носачи на тон и на тон и слика со ЗАПСП го врши Државниот пазарен инспекторат во рамките на Министерството за економија (за Државен пазарен инспекторат повеќе во Делот 1 Слободно движење на стоки).

Владата назначи претседател и членови на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права (Службен весник на РМ бр.88/05). Во 2006 година формирано е *Советодавно тело од областа на авторското право*, составено од три домашни експерти за одредени прашања од оваа област. Министерството го спроведе јавниот конкурс, ("Службен весник на РМ" бр. 105/05**)** по кој беа издадени две лиценци за нови колективни здруженија за сродни права (Службен весник на РМ" бр. 111/06), покрај постојното Здружението за заштита на авторски музички права (ЗАМП), кои ќе ќе помагаат во спроведувањето на законот, а „ЗАМП" има овластување во име и за сметка на ЦИСАЦ, на АГИЦОА и на меѓународните здруженија на носители на исклучиви радиодифузни права (ЕБУ и ВПРТ), да прибира надоместоци од кабелско реемитување. ***Координативно тело за авторското право и сродните права*** е формирано согласно Заклучок на Владата, како меѓуресорско тело заради следење на унапредување и интегрирано и ефикасно остварување на режимот на остварување, вклучувајќи ја и заштитата на наведените права.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Министерството за култура ќе изработи **стратешки документ - Стратегија за унапредување на авторско правната заштита** во 2007 година.

Врз основа на ЗАПСП, Владата ќе донесе Одлука за определување на висина на надоместоците од приватно копирање и репродуцирање на предлог на Министерството за Култура на почетокот на 2007 година. Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за АПСП, за да се усогласи со новиот Закон за прекршоци и за попрецизно дефинирање на инспекциските надлежности на државните органи кон средината на 2007 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се засилуваат капацитетите во МК со нов кадар, во Секторот за авторско право и сродните права и во Секторот за управен и инспекциски надзор. ***Во спроведувањето*** ќе се реализираат активностите на обединувањето на координативните тела за АПСП и индустриската сопственост во Координативно тело за интелектуална сопственост и ќе се изготви Акционен план на телото. По добиените дозволи за колективно остварување за двата субјекти, МК ќе продолжи со издавање согласност по однос на општите акти за користење со тарифа и распределба на надоместоци. Ќе

се едуцираат здруженијата, за да се оспособат за водење преговори со корисниците (вклучувајќи ги и активностите за нивно редовно дејствување во делот на борбата против пиратеријата). Ќе има нови јавни конкурси за колективно остварување, особено за правото на приватно копирање, за правата од користењето на аудиовизуелните дела, како и за користење на ликовните дела.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се следат меѓународните трендови на авторското право и сродните права и регулативата на ЕУ при што ќе се донесе нов ЗАПСП заради хармонизација со Директивата 32004L0048 и подобри решенија за колективното остварување во 2009 година.Ќе се врши усогласување со другите меѓународни акти на WIPO и ЕУ, со казнените мерки и ќе се подобрува колективното остварување на правата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Секторот за авторското право и сродните права во среднорочниот период и Секторот за управен и инспекциски надзор ќе бидат дополнително кадровски зајакнати . Ќе продолжи поддршката на постојните колективни здруженија и ќе се формираат нови здруженија, доколку во претходниот период не се опфатат сите видови на користење на авторски дела , сродни права. Во континуитет ќе се обучуваат кадрите во оваа област.

## 3.7.2 ПРАВО НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со пристапување во Светската трговска организација (СТО) прифатена е и Спогодбата за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост (ТРИПС спогодба), а Стандардите од ТРИПС спогодбата се инкорпорирани во националното законодавство. За областа индустриска сопственост основен закон е **Законот за индустриската сопственост** – (ЗИС), (Сл. весник на РМ бр. 47/02, 42/03, 09/04, 39/06). хармонизиран со: 31992R1768,; 31996R1610; 31998L0071; 31989L0104 и 31992R2081 ЕУ мерките. Со дополнувањата на ЗИС од 2006 се транспонираше Директивата 31998L0044, се воведоа управни мерки за делување на Државниот пазарен инспекторат, а потоа се усогласија и подзаконските акти. Ратификувани се **меѓународните договори** согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација (АНЕКС VII) за кои е надлежен *Државниот завод за индустриска сопственост*. Со ЗИС се опфатени сите права од индустриска сопственост, патентите, индустрискиот дизајн, трговските марки и ознаките на потекло на производите и географските ознаки. Заштитата на топографијата на интегралните кола се остварува преку нивна регистрација согласно **Законот за заштитана топографијата на интегралните кола** – ЗЗТИК (Сл. весник на РМ бр. 5/98) и Правилникот (Сл. Весник на РМ бр. 45/98) кои се усогласени со Директивата 31987L0054.

Заштитата на правата од индустриска сопственост во Република Македонија се остварува и преку *повеќе меѓународните системи на заштита*; администрирани од WIPO и Договорот за соработка на полето на патентите со Европската патентна организација (EPO) со кој се овозможува проширување на важењето на европскиот патент на територијата на Република Македонија. Во 2006 година, беше прифатено барањето на Република Македонија за нејзино зачленување во EPO .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За спроведување на ЗИС и ЗЗТИК надлежен е *Државниот завод за индустриска сопственост* (ДЗИС), самостоен орган на државната управа кој се финансира од сопствени приходи. Надлежностите на ДЗИС се однесуваат на спроведување на управната постапка за признавање, стекнување, остварување и заштита на правата од индустриска сопственост и други надлежности според ЗИС и ЗЗТИК. Во ДЗИС вработени се 28 државни службеници (во 4 сектори и 8 одделенија).

За зајакнување на спроведувањето на заштитата на правата од индустриска сопственост, формирано е *Координативно тело за индустриска сопственост* (“Службен весник на РМ”бр.98/05). Телото беше конституирано во март 2006 год., во состав од претставници на сите институции на системот на заштитата на правата од индустриска сопственост. Беше подготвена и нацрт – Програма за да се приближи заштитата на правата кон европските стандарди.
Севкупното работење на ДЗИС е поддржано со информатички систем, со специјализиран софтвер за спроведување на административната постапка. остварување на меѓународните комуникации со другите заводи и со меѓународните системи на заштита како EPO и WIPO. Реализиран е проектот КАРДС 2004 за функционална база на податоци со веб платформа и набавка на сервер. Подготвена е функционира нова веб страна на ДЗИС. Во Република Македонија постои **Здружение на застапници во областа на индустриската сопственост**.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2007 ќе се преведе Европската патентна класификација(Convention on the Grant of European Patents - European Patent Convention) и ќе анализира националната легислатива за исполнување на условите за членство во ЕРО. Во првата половина од 2007 ќе се извршат измени и дополнувања на Законот за индустриската сопственост заради усогласување со Законот за прекршоци. Ќе се покрене иницијатива за измена и дополнување на Кривичниот законик (Службен весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05) заради усогласување на инкриминираните дејствија за повреда на правата од индустриска сопственост со ЗИС. Во 2007 год. на иницијатива на МЗШВ, МНР ќе покрене постапка за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на нови сорти на растенија – УПОВ Конвенцијата (International Convention for Protection of New Variety of Plants).(повеќе во делот 12. Безбедност на храна)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За зајакнување на капацитетот на ДЗИС во 2007 год. ќе се вработат нови кадри. Ќе се стави во употреба функционална база на податоци за повреда на правата од индустриска сопственост и ќе се обезбеди пристап до базите на податоци на ДЗИС преку новата веб страна со што ќе се унапреди соработката со другите учесници во системот на заштитата на правата . Обуката на вработените во ДЗИС и на останатите субјекти од системот на заштита, ќе се остварува преку национални и регионални семинари, студиски престои и други активности преку обработката со WIPO, EPO и друга билатералната соработка.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Континуирано ќе се следат промените во регулативата на ЕУ и ќе се хармонизира националната легислатива, а за да се создадат услови за зачленување во ЕРО, во вториот квартал на 2008 ќе се ратификува Европската патентна конвенција и ќе се усогласи ЗИС. Во 2008 година ќе се анализира Директивата 32004L0048 и други меѓународни договори на основа на која ќе се предложат измени на ЗИС. Во првиот квартал од 2009 ќе се иницира ратификување на Договорот од Виена за востановување на меѓународна класификација на фигуративните елементи на марките (Vienna Agreement Establishing an International Classification of the Figurative Elements of Marks), Договорот за правото на патент (Patent Law Treaty) и Договорот за правото на трговска марка (Trademark Law Treaty).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Заводот ќе се вработат уште нови лица во среднорочниот период. Ќе се одржува нивото на техничката опременост, ќе се обучуваат вработените на Заводот и другите субјекти вклучени во системот на заштита. Ќе се користи експертска помош за усогласувањето на ЗИС со промените во меѓународната легислатива.

## 3.7.3 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Остварувањето на правата од интелектуална сопственост е регулирано со ЗАПСП, ЗИС, ЗЗТИК и процесните закони. Донесена е ***Одлука за прогласување на амандманите на Уставот*** (Службен весник на РМ бр.107/05), со која се овозможи определени управни органи и институции, да изрекуваат санкции без судска процедура.
**За Царинска управа** донесен е Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост - (ЗЦМЗПИС), ( Службен весник на РМ бр. 38/05), со кој е уредено постапувањето на царинските служби, а Законот е усогласен со Регулатива 32003R1383(Службен весник на Р Македонија бр. 38/2005).

**За Државниот пазарен инспекторат_Министерство за економија(**ДПИ) на сила е Законот за Државна пазарна инспекција („Службен весник на Република Македонија " бр. 35/97, 23/99, 7/2002) по кој постапува ДПИ. Надлежностите на ДПИ се дефинирани и во материјалните закони за интелектуална сопственост, ЗАПСП и ЗИС. Со дополнувањата на ЗИС од 2006 год, се воведоа управни мерки за делување на ДПИ во случаи на повреда на правата од индустриска сопственост. Извршено е и **зајакнување на казнените мерки** преку регулирање на мерката одземање на предмети со од повреда на права од индустриска сопственост.
**Судската заштита на интелектуалната сопственост се остварува преку граѓанско-правна, прекршочно-правна и казнено-правна заштита**. Во рамки на правната рамка, општи одредби за граѓанско-правната заштита, за привремените и други мерки на обезбедување, видови тужби, рок за поднесување тужба, определување надомест на штета во граѓанска постапка, како и одредби за прекршочната заштита и материјалната повреда од прекршочен карактер регулирани се во ЗАПСП, ЗИС и ЗЗТИК. Одредби за казнената заштита се предвидени во Кривичниот законик ("Службен весник на РМ бр37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05 и 73/06). Законот за извршување.(„Службен весник на РМ"бр.35/05, 50/06 и 129/06) утврдува извршување за наплата на парични казни и трошоци изречени во панична

(граѓанска),прекршочна, кривична и управна постапка, како и спроведување на привремени мерки во граѓанска постапка, според ЗАПСП. Во постапката пред судовите при случај на повреда на правата од интелектуална сопственост се применуваат процесните закони. Во *управно-судска* постапка против решенијата на второстепените комисии може да се покрене управен спор пред Врховниот суд (Управен суд) согласно Законот за управни спорови (Службен весник на Република Македонија бр.62/06) и согласно Законот за судовите (Службен весник на Република Македонија бр. 58/06).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежна институција за спроведување на ЗАПСП е **Министерството за култура**, преку управен надзор над колективното остварување и инспекциски надзор. За спроведување на ЗИС и ЗЗТИК надлежен е **ДЗИС**. Врз основа на ЗАПСП, ЗИС, ЗЗТИК и посебните закони, одредени надлежности имаат и други државни органи и институции како што се Државниот пазарен инспекторат, Царинската управа, и Министерството за внатрешни работи и други институции.

Согласно ***Одлуката за прогласување на амандманите на Уставот*** определени управни органи и институции, ќе можат да изрекуваат санкции без судска процедура. За прекршоци определени со Закон, кога изрекуваат санкции други органи на државната управа, се гарантира судска заштита.

**Инспекцискиот надзор** за дел од ЗАПСП и целосно за ЗИС, го врши **Државниот пазарен инспекторат _ Министерство за економија( ДПИ)**, во случаи на трговија со стоки со кои се врши повреда на права од интелектуална сопственост (фалсификати и пиратерија). ДПИ врши инспекциски надзор кај правни, физички и др. субјекти постапувајќи по пријави и претставки од граѓани и други институции и во организирани акции во соработка со други органи. (Материјата за ДПИ е повеќе опишана во делот 1 Слободно движење на стоки) .

Во останатите случаи за АПСП, инспекцискиот надзор го врши **Министерството за култура.** Веб страната за авторско право и сродните права се реализираше во вториот квартал од 2006 год.

Надлежностите на **Царинската управа** произлегуваат од ЗЦМЗПИС, со кој е уредено постапувањето на царинските служби во случаите кога се врши повреда на некое право од интелектуална сопственост со увоз, извоз, повторен извоз, привремен увоз или транзит на одредена стока. Во Законот се утврдени мерките кои се преземаат против стоките за кои ќе се утврди дека повредуваат такви права. Во Царинската Управа на РМ, формирано е *ново Одделение за нетарифни мерки во рамки на Секторот за царински систем*. Во Одделението *со тројца вработени* согласно систематизацијата се пропишани шест работни места. Во рамките на петте регионални Царинарници определени се по еден координатор и заменик координатор, како специјалисти за оваа област. (Материјата повеќе е опишана во делот Царинска Унија).

**Министерството за внатрешни работи** е надлежно за случаи кога повредата на права од интелектуална сопственост поприма димензии на организиран криминал а спречувањето и откривање на кривични дела надлежно е да го превзема и по службена должност. (Материјата повеќе е опишана во делот 23 Правда слобода и безбедност).

По решенија донесени во **управната постапка** од ДЗИС може да се поднесе жалба до второстепена Комисија на Владата, а по изјавени жалби на решенијата на ДПИ до второстепена Комисија во Министерството за економија. Против решенијата на второстепените комисии може да се покрене и управен спор пред Врховниот суд.

**Судската заштита** на интелектуалната сопственост, се остварува преку граѓанско-правна, прекршочно-правна и казнено-правна заштита. Според новиот Закон за судови (Службен весник на РМ бр. 58.06), кој стапи на сила од 19.05.2006 година, а ќе се применува од 1.1.2007 година, споровите од интелектуална сопственост ќе се решаваат во судови со проширена надлежност.(повеќе во делот Правосудство и фундаментални права).

**Државниот завод за статистика** согласно Програмата за статистички истражувања и Законот за државната статистика(„Службен весник на Република Македонија„ бр.54/97), ги спроведува статистичките истражувања за следење на криминалитетот и неговите појавни облици, а податоци се содржани и во Статистичкиот Годишник. (Повеќе во делот за Статистика)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**МК и ДЗИС во** првата половина на 2007 година, ќе се извршат измени во **ЗИС** и **ЗАПСП** главно заради усогласување со Законот за Прекршоци.

Во делот кој го покрива **Царинската управа** ќе се измени и дополни **Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост** со воведување царински прекршок, при повреда на правата од интелектуална сопственост и ќе се определат казни за прекршок за превозникот, увозникот и извозникот. (Повеќе за ова во делот за Царинска унија).

Ќе се донесе нов **Закон за Државниот пазарен инспекторат** за да се се обезбеди ефикасен систем за надзор на пазарот според начела на инспекциски надзор кои важат и во ЕУ, а за информирање на јавноста за работата особено кога постои сериозен ризик по здравјето и безбедноста на луѓето. Со Законот ќе се: обезбеди подобро остварување на јавниот интерес и интересот на бизнис заедницата; специјализација на инспекторите; ќе се воведе можноста за приговор на контролираниот субјект на записникот;ќе се овозможи водење прекршочна постапка и активно извршување на

инспекциските контроли со широки овластувања во надзорот над деловни простории, индустриски објекти; земање примероци и извршување непланирани контроли кога тоа го бара итноста и зголемениот ризик и ќе се утврди нова надлежност на ДПИ согласно Законот за прекршоци. (повеќе во делот Слободно движење на стоки)
**Министерството за правда** со **измените на Законот за судови** ќе обезбеди насочување на случаите од областа на интелектуалната сопственост во 12 судови со **проширена надлежност**. Ќе се измени и дополни Кривичниот Законик во 2007 год. за да се изврши дистинкција на инкримираните дела за повреда на правата од интелектуална сопственост . Ке се донесат и другите подзаконски акти согласно Законот за судови со кои ќе се обезбеди поефикасна заштита на правата од интелектуална сопственост. (Материјата е повеќе опишана во делот 24 Правосудство и фундаментални права)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во **Министерството за Култура** ќе *се зајакнува системот на ефикасна заштита на правата од интелектуална сопственост.* За следење на спроведувањето на авторските и сродни права, МК ќе изработи **база на податоци** компатибилна со на бази на податоци на ДЗИС за индустриската сопственост за субјектите во остварувањето и заштитата на авторското и сродните права.
*Други Мерки и активностите за* ***подигање на свеста*** *во остварување на авторското право и сродните права на МК ќе бидат:* промотивна кампања за борба против пиратеријата ќе се реализира во 2007 год; веб страна за авторско право и сродните права ќе биде достапна на јавноста во 2007; и ќе се организираат инспекциски акции за запленување и јавно уништување на пиратски предмети . Ќе се обезбедуваат услови за ***здруженијата за колективно остварување***, за чија обука се обезбедени средства во Буџетот на МК за 2007 година со цел да зајакнат и да отпочнат да се самофинансираат. За ***Комисијата за посредување во авторското право и сродните права*** во постапки за преговарање меѓу колективните и мислења за нивните правилниците предвидени се средства од Буџетот на Министерството за култура.

***Градењето на системот на заштита на правата од страна на Државниот завод за индустриската сопственост ќе се остварува преку реализирање на Програмата на Координативното тело за интелектуална сопственост со што ќе се зголеми ефикасноста во остварувањето на правата.*** Мрежно ќе се поврзат субјектите во системот на размена на информации со операционализација на базата на податоци,а преку веб страната на ДЗИС, јавноста ќе има потранспарентен пристап до податоците за пријавени и признати права од индустриска сопственост. Ќе се продолжи со обука на вработените во ДЗИС и други субјекти.

***Планирани идни активности на Царинската управа се***: учество на службениците во обуки за препознавање на оригинали од фалсификати и пиратски стоки; соработка на надлежните институции и размена на информации за добивање на информации за регистрирани права и носители на авторски права(ќе се склучи акт со Министерството за Култура за таа цел во 2007 год за воспоставување на список на здруженија за колективно остварување на) застапници и ќе се разменуваат информации со меѓународните институции.
**Државниот пазарен инспекторат** ***ќе придонесе да се подобрат состојбите во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост.*** Со новиот Закон за државен пазарен инспекторат (кој е планиран да биде усвоен во 2007 година) и новата организација, ќе се зајакнат капацитетите на ДПИ *со* разграничување и прецизирање на надлежностите во законската регулатива од областа на заштитата на интелектуалната сопственост (Министерство за култура, полицијата и пазарната инспекција) за да се постигне поефикасна заштита на правата од интелектуална сопственост. Почнувајќи од 27.05.2007 година за одделни прекршоци ДПИ ќе води прекршочна постапка, за која ќе се формира и Комисија во ДПИ. Државниот пазарен инспекторат, ќе ги интензивира активностите, ќе врши обука и опремување за детектирање на фалсификувани и пиратски производи (Поддржано од КАРДС Проектот).( повеќе во делот за Слободно движење на стоки).

Во **Министерство за внатрешни работи** заради зајакнувањето на човечките капацитети во *Одделението за Компјутерски криминал и фалсификати* ќе се вработат нови лица во 2007 година. (повеќе за капацитетите во делот 23 Правда слобода и безбедност).
*Во рамките на* ***реформата на судството*** *и новата организација на судовите, особено се води сметка за заштита на правата од интелектуална сопственост.* Превземени се мерки поради лоцирани законски институционални и оперативни недостатоци: усогласување со новиот Закон за Прекршоци; измени и дополнувања на КЗ на РМ заради поуспешно справување со пиратеријата и повредата на правата од интелектуална сопственост. Со воспоставување на Управен суд жалбите по првостепените решенија на органите на управата ќе преминат во овој суд. Според Законот за судови, кој ќе се применува од 1.1.2007 година, надлежни ќе бидат основните судови, според територијалната надлежност во прв степен - 27 од кои 12 со проширена надлежност (за случаи од интелектуална сопственост). Во **пет** основни судови со проширена надлежност ќе се формираат *специјализирани судски одделенија* за судење на дела од *сферата на организираниот криминал*. Ќе се донесе Програма за обука на судите и јавните обвинители од страна на Академијата за постојано едукација на судите и јавните обвинители во 2007 година, каде ќе се обезбеди специфична обука за ваквите предмети. Ќе се обезбеди хардверска и софтверска опрема на судовите и обвинителствата и мрежно поврзување со базите на податоци. (Повеќе во делот 24 Правосудство и фундаментални права)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во среднорочниот периодот до 2010 год. ќе се хармонизира националната легислатива со Директивата 32004L0048 како и на други меѓународни акти (на ОН и на ЕУ). Ќе се обучуваат државните службеници и колективните здруженија, судиите и обвинителите за случаите со повреда на правата од интелектуална сопственост. Заштитата на правата и координацијата на субјектите во ќе се унапредува преку активностите на Координативното тело.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

МК ќе изготви Програма за едукација на субјектите за заштита на авторското право и сродните права во 2008 година. Во Одделение за нетарифни мерки во рамки на Секторот за царински систем, во рамките на Царинската управа, ќе се вработат нови лица до крајот на 2009 година. (Материјата повеќе е опишана во делот Царинска Унија). Ќе се прошири опфатот на статистички податоци за спорови од повреда на правата од интелектуална сопственост во 2010 год. со методологија за статистичко следење и статистичка обработка на податоци од спроведена заштита на правата од интелектуална сопственост и број на конечни одлуки во **Државниот завод за статистика.** Преку извештаи ќе се информира за спроведувањето на заштитата од правата од интелектуална сопственост.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09003: Царинска Управа | ЦУ: Сектор за царински систем / Одделение за нетарифни мерки | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| 09003: Царинска Управа Вкупно | | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| 11002: Државен завод за индустриска сопственост | ДЗИС: Државен завод за индустриска сопственост | 28 | 4 | 4 | 4 | 3 | 15 |
| 11002: Државен завод за индустриска сопственост Вкупно | | 28 | 4 | 4 | 4 | 3 | 15 |
| 18001: Министерство за култура | МК: Сектор за авторското право и сродните права | 3 | 2 | 1 | 1 | 0 | 4 |
| | МК: Сектор за управен и инспекциски надзор | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18001: Министерство за култура Вкупно | | 6 | 2 | 1 | 1 | 0 | 4 |
| 29010: Судска власт | НОВА: СУДОВИ/ Интелектуална сопственост/ судии | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | НОВА: СУДОВИ/ Интелектуална сопственост/ администрација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 29010: Судска власт Вкупно | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **37** | **6** | **6** | **6** | **4** | **22** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во рамки на Регионалната КАРДС програма за обука на вработените во институциите од системот на заштита на интелектуалната сопственост( 2004- 2006 година), во 2007 година ќе се изработи **Водич за постапката за испитување на трговските марки** "Elaboration of Guidelines on Trade Mark Examination Procedure". **Формирана е функционална база на податоци** за повреди на права од индустриска сопственост и мрежното поврзување на субјектите во системот на заштита на преку Националната програма КАРДС 2004 (вредност од 200.000 ЕУР) во првата половина на 2006 год. За да профункционира базата неопходна е соодветна хардверска и софтверска поддршка кај сите субјекти и методологија за евидентирање на делата и постапките од повреда на правата од индустриска сопственост. **Проектот „Кон ЕУ стандарди за авторските и сродните права***"* има за цел да го поддржи и зајакне развојот на авторските и сродните права во Република Македонија, согласно стандардите на ЕУ, преку градење капацитети на надлежните државни органи и заинтересираните поединци. Носител на проектот е Универзитетот Македонија од Солун, а го спроведува (координира) Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во рамките на ТЕМПУС Програмата. Проектот има вкупен буџет од 292,577.00 Евра, од кои 277,929.00 Евра се доделени од Програмата ТЕМПУС ( ЈЕП-19076-2004), а другите средства се обезбедени од носителот и координаторот.

# 3.8 КОНКУРЕНЦИЈА

## 3.8.1 КОНКУРЕНЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05 и 70/06) ја уредува заштитата на конкуренцијата во Република Македонија. Законот е усогласен со Договорот за основање на Европската Заедница (členovite 81, 82 и 86); и ЕУ мерките 31962R0017, 32003R0001, 31971R2821, 32004R0139, 31997Y1209(01) и 52001XC1222(03).

Во 2005 година усвоени се подзаконските акти предвидени со Законот за заштита на конкуренцијата, објавени во Службен весник на Република Македонија бр. 91/05:

- Уредбата за групно изземање на вертикалните договори за исклучиво право на дистрибуција, селективно право на дистрибуција, исклучиво право на купување и франшизинг (усогласена со 31999R2790);
- Уредбата за групно изземање на хоризонтални договори за истражување и развој (усогласена со 32000R2659);
- Уредбата за групно изземање на хоризонтални договори за специјализација (усогласена со 32000R2658);
- Уредбата за групно изземање на договори за трансфер на технологија, лиценца или know – how (усогласена со 32004R0772);
- Уредбата за групно изземање на договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила (усогласена со 32002R1400);
- Уредбата за групно изземање на договори за осигурување (усогласена со 32003R0358);
- Уредбата за договори од мало значење (усогласена со 52001XC1222(03) и
- Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето (усогласена со 32004R0802 и 32004R0139).

Во последниот квартал од 2006 година, подготвени се упатства за примена на подзаконските акти донесени врз основа на ЗЗК.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно член 6 од Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК), надлежен орган за спроведување на законот е Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Комисијата е независен орган, составен од претседател и четири члена. Претседателот и членовите ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија, за период од пет години, со право на повторно именување. Комисијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Претседателот и најмалку два члена на Комисијата се професионално ангажирани во работата на Комисијата. Средствата на Комисијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Управните, стручните и другите административно – технички работи ги врши стручната служба на Комисијата. Во стручната служба (во делот на антитраст) во редовен работен однос се вработени 12 (дванаесет) лица Со стручната служба раководи генерален секретар кој го именува Комисијата.

Комисијата е надлежна да ја контролира примената на одредбите од законот и прописите донесени врз основа на законот; да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција; да води постапки и донесува одлуки за прашањата што ги регулира законот; да утврдува методологија за истражување на пазарот; да утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата; мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата; да дава мислења по предлози на закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои може да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот; да дава стручни мислења за прашања поврзани со политиката на конкуренција и заштитата на конкуренцијата на пазарот, по барање на Собранието, Владата на Република Македонија, други државни органи, претпријатија или по службена должност; да ги врши работите што произлегуваат од меѓународните обврски на Република Македонија во областа на заштита на конкуренцијата, како и други работи утврдени со Законот.

Зајакнувањето на институционалниот и кадровскиот капацитет на Комисијата и стручната служба се врши во рамките на неколку тековни проекти: Техничка помош од ГТЗ; CARDS Твининг Проект за Приближување на законодавството во областа на конкуренцијата и зајакнување на административниот капацитет на телото за заштита на конкуренцијата и BERIS проектот за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите, финансиран од Светска банка.

Во јуни 2006 година започна да функционира веб страна на КЗК. Одлуките, нотификациите за концентрациите, мислењата и другите информации за активностите на Комисијата се објавуваат на веб страната, а одлуките на Комисијата и одлуките на судот се објавуваат и во Службен весник на Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Краткорочни приоритети во областа на законодавството за заштита на конкуренцијата се:

1. Донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата со кој ќе се регулира овластувањето на КЗК за директно изрекување на казни или други санкции за прекршоци утврдени во ЗЗК и укинување на правото на жалба и регулирање на правото на тужба пред Управен суд, согласно Законот за прекршоци и Законот за управните спорови;
    4. Донесување на упатства за примена на Законот и подзаконските акти, кои на предлог на стручната служба ги донесува Комисијата;
    5. Склучување на меморандуми за меѓуинституционална соработка во областа на заштитата на конкуренцијата помеѓу Комисијата од една страна и регулаторни тела, државни органи, здруженија на потрошувачи, факултети, научно истражувачки институти и други релевантни институции, од друга страна.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Краткорочни приоритети за зајакнување на институционалниот капацитет во областа на заштитата на конкуренцијата

1. Вработување на 5 лица со висока стручна спрема во КЗК до крајот на 2007 година;
    6. Спроведување на обуки на членовите на Комисијата и на вработените во стручната служба за ефикасно спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата
    7. Издавање на брошура со содржина на Законот и подзаконските акти. и
    8. Сместување на КЗК во нови простории.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Среднорочни приоритети во областа на законодавството за заштита на конкуренцијата се:

1. Понатамошно градење на веродостојно досие за спроведување на заштититата на конкуренцијата;
2. Усогласување на Законот за Заштита на конкуренцијата со ЕУ регулативите 31987R3976 и 32006R1459, кои ги регулираат групните изземања кај договорите од областа на воздушниот сообраќај и
3. Понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Среднорочни приоритети во областа на градење на институционалните капацитети во областа на заштитата на конкуренцијата се:

1. Зголемување на бројот на вработени во КЗК, согласно на потребите за ефикасно и ефективно спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата;
2. Обуки за зајакнување на кадровскиот капацитет на КЗК за спроведување на истражни постапки за заштита на конкуренцијата и другите надлежности пропишани со Законот;
3. Јакнење на транспарентноста на работата на КЗК и
4. Подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор за заштитата на конкуренцијата преку организирање на семинари, обуки, кампања, конференции и други настани.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Тековната странска помош во областа на заштитата на конкуренцијата се реализира преку следните проекти:

1. Германското друштво за техничка помош (ГТЗ) обезбедува поддршка на КЗК преку организирање на конференции, семинари и работилници, организирање на регионални средби, обука на вработените во КЗК со студиски престој во конкурентскиот орган на Германија, студиски престој во земји во транзиција, поддршка во усовршување на англиски јазик, финансирање на учество на меѓународни и регионални средби и семинари и публикување на брошура со содржина на Законот за заштита на конкуренцијата и подзаконските акти;
    9. ЕУ Твининг проект: „Приближување на законодавството во конкурентската политика и зајакнување на административниот капацитет за органот за заштита на конкуренцијата“ Твининг партнер на КЗК е Германската управа за конкуренција. Проектот се реализира во периодот февруари 2006 - август 2007 и опфаќа техничка помош од постојано присутен експерт од Германија во КЗК и престој на повремени експерти од поодделни области заради стекнување на знаења, вештини и најдобри практики во ефикасната заштита на конкуренцијата на пазарот и
    10. BERIS, Проект на Светска Банка за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите. Проектот се реализира во периодот 31.10.2005-31.03.2010 и опфаќа оперативна поддршка на

активностите на КЗК за развивање на систем на мониторинг, експертска помош во развојот на постапките и механизмите за институционална комуникација помеѓу Комисијата и регулаторните тела и други органи, активности за промоција и афирмацијана конкурентската политика и транспарентност во работата на КЗК преку воспоставување на посебна линија за поплаки на потрошувачите.

### 3.8.2 ДРЖАВНА ПОМОШ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за државна помош (Сл. весник на РМ бр. 24/03 и 70/06) како и подзаконските акти донесени врз основа на Законот:

- Уредба за начинот и постапката за поднесување на извештај до Комисијата за државна помош (Сл. весник на РМ бр. 81/03);
- Уредба за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реконструкција на претпријатија со потешкотии (Сл. весник на РМ бр. 81/03) и
- Уредба за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош (Сл. весник на РМ бр. 81/03).

Македонското законодавство за државна помош е усогласено со Договорот за основање на Европската Заедница, членовите 87-89 и ЕУ регулативите 32001R0069 и 31999R0659.

Во 2006 година, подготвен е прирачник за давателите на државна помош.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, (Сл.весник на РМ бр. 70/06), надлежноста за надзор и контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија ја презема Комисијата за заштита на конкуренцијата. Претходно, оваа надлежност ја вршеше Комисијата за државна помош чиј институционален капацитет не соодветствуваше на потребите за ефикасно спроведување на Законот за државна помош.. Стручните и техничките работи на Комисијата за државна помош ги вршеше Одделението за државна помош при Министерството за економија. Со влегувањето во сила на Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, во Комисијата за заштита на конкуренцијата формиран е Сектор за контрола на државната помош.. Комисијата за државна помош и одделението при МЕ се укинаа. Во Секторот за контрола на државната помош има вработено 4 (четири) лица со висока стручна спрема, од кои 3 (три) економисти и 1 (еден) правник. Секторот ги врши сите работи од областа на државната помош, пропишани со Законот.

Во функција на градење на институционален капацитет за државна помош во Република Македонија, беа преземени повеќе активности:

- Во текот на изготвувањето и на почетокот на примената на законодавството за државна помош, со техничка помош од страна на ГТЗ беа организирани вкупно пет семинари за државна помош.;
- Во периодот септември-ноември 2003 година беше организирано стажирање на едно лице во соодветните институции за конкуренција и државна помош во покраината Баден-Виртемберг;
- Од страна на ГТЗ во октомври 2003 година беше организирана работна посета на Комисијата за државна помош и на Одделението за државна помош на Секторот за државна помош во Република Словенија;
- Со техничка помош на ГТЗ, во ноември 2003 година се обезбеди присуство на семинар за државна помош во рамките на Европската правна академија од Трир;
- Во рамките на TAIEX програмата во октомври 2004 година и во јуни 2006 година организирани се TAIEX семинари за државна помош., наменети за државните службеници кои работат на проблематиката на државната помош.;
- Во октомври 2005 година во организација на TAIEX, во Скопје се организираше семинар за државна помош, наменет за давателите на државната помош.;
- Во јануари 2006 година, во организација на АТЛ – проектот од програмата КАРДС 2004, организирани се серија семинари за давателите на државна помош и
- Во рамките на проектот на Светската банка BERIS, организирано е учество на две лица на Летната школа на Атинскиот универзитет за економија и бизнис за регулаторни тела и за органи за заштитата на конкуренцијата на Крф, како и учество на форумот за државна помош на Европската правна академија во Трир.
- Во октомври 2006 година е усвоена Информација за состојбите во областа на државната помош од страна на ВРМ и согласно заклучоците определени се контакт лица од давателите на државна помош кои се задолжени за известување на КЗК за доделената државна помош.. КЗК одржува редовни средби со назначените лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Краткорочни приоритети во областа на законодавството за државна помош:

1. Измени и дополнувања на Деловникот за работа на ВРМ со цел вградување на одредби согласно кои давателите на државна помош се задолжени претходно да доставуваат известување до КЗК за планираната државна помош ;

11. Изготвување на подзаконски акт - Уредба за утврдување на условите за доделување на државна помош во одделни области. Уредбата ќе биде усогласена со следните ЕУ мерки: 52002XC0508(2); 31998Y0213(01); 32004R0364; 31997Y0710(01); 31996Y0217(1); 32002R2204; 32001Y0203(02); 32000Y0311(03) и 32001R0068. Техничка помош за изготвување на Правилникот беше обезбедена во рамките на КАРДС 2004 Проектот за приближување на трговското законодавство и
12. Измени и дополнувања на Уредбата за спас и реконструкција на претпријатија со потешкотии. Уредбата ќе биде усогласена со ЕУ мерката 52004XC1001(01).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Краткорочни приоритети за зајакнување на институционалниот капацитет во областа на државната помош се:

1. Вработување на 3 (три) лица со висока стручна спрема во Секторот за контрола на државната помош во КЗК до крајот на 2007 година;

13. Воспоставување на систем за мониторинг и проценка на сегашната структура на државна помош;
14. Спроведување на обуки на вработените во КЗК за ефикасно спроведување на Законот за државна помош, посебно во делот на истражувачки техники и постапување по случаи и
15. Обука на давателите на државна помош.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Среднорочни приоритети во областа на законодавството за државна помош се:

1. Воспоставување и градење на веродостојно досие за спроведување на контролата на државната помош;

16. Донесување на методологија за определување на нивото на компензација на претпријатија на кои им е доверено вршење на услуги од општ економски интерес;
17. Усогласување на индустриските политики со прописите за државна помош и
18. Понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Среднорочни приоритети во областа на градење на институционалните капацитети во областа на државната помош се:

1. Вработување на 1 (едно) лице со висока стручна спрема во Секторот за контрола на државната помош во КЗК во 2008 година;

19. Обуки за зајакнување на кадровскиот капацитет на КЗК за спроведување на истражни постапки за доделување на државна помош и другите надлежности пропишани со Законот;
20. Подобрување на процедурите за спроведување на истраги за државна помош и
21. Подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор за државната помош преку преку организирање на семинари, обуки, кампања, конференции и други настани.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 02005: Комисија за заштита на конкуренција | КЗК: Антитруст | 16 | 3 | 3 | 3 | 2 | 11 |
| | КЗК: Сектор за контрола на државна помош | 4 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| 02005: Комисија за заштита на конкуренција Вкупно | | 20 | 5 | 4 | 3 | 2 | 14 |
| **ВКУПНО** | | **20** | **5** | **4** | **3** | **2** | **14** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**
BERIS, Проект на Светска Банка за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите. Проектот се реализира во периодот 31.10.2005-31.03.2010 и опфаќа измени и дополнувања на Уредбата за спас и реконструкција, набавка на опрема за новвработени лица, семинари и обуки.

# 3.9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

## 3.9.1 БАНКАРСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Банкарскиот систем на Република Македонија (состојба 30.09.2006 година) го сочинуваат 19 банки од кои 18 се од универзален карактер, а една е специјализирана банка за поддршка на извозот и развојот и 12 штедилници. Банките имаат доминантна улога (98,7%) во вкупниот потенцијал на финансискиот систем. Од аспект на сопственичката структура, учеството на државната сопственост во банките е под 5% од вкупниот капитал на банкарскиот систем, додека странскиот капитал е присутен во 16 банки. Во 8 од овие банки странските сопственици го претставуваат акционерското мнозинство. Со состојба 30.09.2006 година, овие банки учествуваат со 50,1% во вкупниот капитал, односно 52,5% во вкупната актива на ниво на банкарски сектор. Од овие 8 банки, 4 се подружници на странски банки. Притоа, само специјализираната банка за подршка на извозот и развојот е во целосна државна сопственост. Таа учествува со 1,4 во вкупната актива и 4,8 во вкупниот капитал на банките во Република Македонија.

**ПРАВНА РАМКА**

Со **Законот за банки** (Сл. Весник на Р.М бр. 63/00, 37/02, 51/03 и 85/03) се регулира основањето на банките во Република Македонија, потребното ниво на капитал за вршење на финансиски активности, се дефинираат финансиските активности кои можат да ги вршат банките во согласност со висината на капиталот, се утврдуваат супервизорските стандарди и лимити кои банките се должни да ги следат во своето работење, се дефинираат органите на банката и управувањето со банка, се даваат основните принципи на сметководството и ревизијата, се утврдуваат основните елементи на супервизијата на работењето на банките и консолидираната супервизија на банкарска група која ја спроведува Народна банка на Република Македонија, се дефинираат мерките кои можат да се преземаат за подобрување на состојбата во банките, како и се одредуваат активностите во случај на стечај и ликвидација на банка. Врз основа на овој Закон, Народната банка донесе соодветна подзаконска регулатива со која подетално се регулираат обврските и барањата дефинирани во Законот. Во супервизорските одлуки се инкорпорирани современите Базелски принципи и практики за прудентно работење на банките и со нив се регулираат основните супервизорски стандарди. Исто така, обезбеден е законски основ за функционирање на Кредитен регистар во НБРМ кој содржи информации за кредитната изложеноста на банките спрема поединечни комитенти. Истовремено, Народна банка пропиша стандарди за сигурноста на информативните системи на банките.

Согласно со Законот за банките, банка можат да основаат домашни и странски правни и физички лица. Странска банка може да основа подружница (subsidiary) во Република Македонија. Подружниците се правни лица регистрирани во Република Македонија во кои друго лице или група лица работат заедно и имаат 50% или повеќе од акциите со право на глас или значителен интерес. За основање на подружница (subsidiary) на странска банка не постојат никакви ограничувања во поглед на правата за основања и давање на услуги. Уште повеќе, подружницата може да биде и во целосна (стопостотна) сопственост на странската банкарска групација. Притоа, подружницата ги има карактеристиките на корпоративен ентитет на Република Македонија и истата заедно со нејзините подредени субјекти, е супервизирана од домашниот супервизорски орган –НБМР. Супервизијата на консолидирана основа на странска банкарска група е право на супервизорските органи од земјата од каде што потекнува матичниот субјект.

Согласно преземените обврски со пристапувањето на РМ кон СТО, беше предвидено давањето на банкарски услуги преку филијали на странски банки да биде либерализирано од 1 јануари 2008 година . Врз основа на програмата на ВРМ во новиот Законот за банките кој треба да се поднесе до Собранието во почетокот на вториот квартал од 2007 година, се инкорпорирани соодветни одредби со кои ќе се либерализира давањето на банкарски услуги преку филијали на странски банки во РМ, вклучително и банки од ЕУ.

Осигурувањето на депозити се врши преку Фондот за осигурување на депозити, кој е во сопственост на РМ. Во Фондот се осигурани денарските и девизните депозити и тековните сметки на физички лица, депозитите врзани за паричните картички и девизните приливи на физички лица. Фондот ги обесштетува физичките лица во висина на: (1) 100% од депозитот на лице во една банка до износот од денарска противредност на 10.000 евра и (2) 90% од депозитот на секое физичко лице во една банка до износот од денарска противредност меѓу 10.000 и 20.000 евра, но не повеќе од денарска противредност на 20.000 евра.

Во јануари 2006 година од страна на Народната банка беше усвоен План за супервизија ориентирана кон ризиците. Во текот на првиот квартал на 2006 година беше извршен избор на консултант (обезбеден и финансиран од средства на ММФ) кој на Народна банка и помага во процесот на транзиција кон супервизија ориентирана кон ризиците. Во првиот квартал на 2006 година се извршија и сите потребни организациони и технички подготовки за подготвување на

Дирекцијата за супервизија за отпочнување на активности за премин кон супервизија ориентирана кон ризиците. Имплементацијата на Планот отпочна во мај 2006 година и цел на овие реформи е до крајот на 2009 година целосно да се премине кон супервизија ориентирана кон ризиците.

Во рамки на Проектот за реформа на деловното опркужување и институционално зајакнување (БЕРИС) која се однесува на зголемување на пристапот до информации во Република Македонија се реализира компонентата Унапредување на постојниот Кредитен регистар на Народна банка, согласно со меѓународната пракса и стандарди. Во текот на 2006 година се изврши унапредување на извештајните форми од постојниот Кредитен регистар на Народна банка. Исто така се потпиша договор со Централниот регистар на Република Македонија за користење на дел од податоците од Централниот регистар во рамки на Кредитниот регистар, но исклучиво за интерни потреби на Народна банка. Согласно со Договорот, првите податоци треба да бидат доставени до Народна Банка на почетокот на 2007 година. Притоа, не треба да се исклучи можноста за основање на кредитни регистри во приватна сопственост кои ќе работат на комерцијална основа.
Во декември 2006 година се изготви регулатива за вклучување на пазарниот ризик во утврдувањето на адекватноста на капиталот на банките, која беше објавена во Службен весник на РМ на 16 јануари 2007 година. Со донесувањето на ова регулатива се обезбедува усогласување со Базелскиот принцип 12.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежен орган за донесување на законски прописи од областа на банкарството е Министерството за финансии, односно Одделението за банкарски систем во рамки на Секторот за финансиски систем. Ова одделение има четворица вработени.

Народна банка на Република Македонија е надлежна институција за имплементација на Законот за банки и за донесување на подзаконската регулатива која произлегува од Законот. Народна банка врши лиценцирање и супервизија на банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги брз трансфер на пари.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во правец на натамошно усогласување на домашното законодавство со Директивата 32006L0048 и 32001L0024 до Собранието на РМ во вториот квартал на 2007 година ќе се поднесе текст на нов Закон за банките со кој:

- ќе се либерализира пазарот со тоа што ќе се овозможи странските банки, вклучително и банките од Европската Унија да даваат услуги во Република Македонија преку филијали;
- дефинициите за поврзани субјекти, контрола и подружница целосно ќе се усогласат со дефинициите од европското законодавство;
- капиталниот цензус потребен за основање и работење на банка ќе се зголеми од постојните 3,5 на 5 милиони евра;
- ќе се воведе критериум за укинување на дозволата за основање и работење на банка во случај на неизвршување на банкарски работи од страна на банката подолго од 6 месеци, наспроти досегашните 12 месеци;
- ќе се зајакнат критериумите за акционер на банка (претходна согласност за стекнување квалификувано учество во банка, со можност НБРМ да ја одземе претходно издадената согласност, можност НБРМ да врши продажба на акциите на акционер кој повеќе не ги исполнува критериумите за акционер или кој стекнал квалификувано учество без претходна согласност од Народна банка);
- ќе се унапреди корпоративното управување на банките, преку зајакнување на улогата и одговорностите на органите на управување, системите на внатрешна контрола, улогата на надворешниот ревизор, зголемување на транспарентноста во вршењето на финансиските активности, зајакнување на сметководствените стандарди и слично;
- ќе се зголеми на ефикасноста на постапката за излез (стечај и ликвидација) на банка од банкарскиот систем и
- се прецизираат видовите ризици на кои се изложени банките, се зајакнува пазарната дисциплина на банките и управувањето со ризиците се поврзува со видот и обемот на активностите на банка со што се врши и приближување кон новата базелска капитална спогодба.

До крајот на 2007 година ќе се донесе Закон за издавачи на електронски пари со кој ќе се регулираат институциите кои издаваат платежни средства во вид на електронски пари. Законот ќе биде усогласен со директивата 32000L0046;
Во текот на 2007 година ќе се пристапи кон анализа и согледувањето за потребата од законско регулирање на кредитни регистри, и донесување на соодветна регулатива со цел намалување на времето за обработка на барањата за добивање на кредити, создавање на услови за намалување на каматните стапки на банките;
До крајот на 2007 ќе се уреди основањето и работењето на финансиските друштва кои вршат работи на факторинг, кредитирање, гарантирање и други видови на финансиски активности;
Со цел унапредување на сметководствената евиденција кај банките и постигнување на усогласеност и примена на меѓународните стандарди од областа на сметководството, до крајот на април 2007 година ќе се изработи:

- унифициран сметковен план за банките кој ќе биде во согласност со ИФРС,
- соодветни сметководствени политики и правила за евидентирање и

- форма на извештаите за финансиско известување;

Со цел за понатамошно унапредување на Кредитниот регистар на Народна банка, кон средината на 2007 година ќе се извршат измени на постојната подзаконска регулатива во насока на намалување на лимитот на кредитната изложеност која банките ја пријавуваат во Кредитниот регистар, зголемување на фрекфенцијата на доставување на податоците (месечно наместо квартално) итн. Ваквото проширување на Кредитниот регистар е во директна поврзаност со активностите околу реализација на обврските по БЕРИС проектот (набавка на нов хардвер и софтвер), за што рокот за реализација е декември 2007 година;

Во врска со имплементација на Планот за супервизија ориентирана кон ризиците (која инаку е среднорочна активност која ќе се реализира во наредниот период од околу 3 години) на краток рок, односно до крајот на 2007 година, ќе се заокружи супервизорската рамка и супервизорските процедури, истите ќе бидат тестирани на најмалку две банки, по што ќе следи нивно конечно усвојување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Покрај краткорочните приоритети кои треба да бидат реализирани во текот на 2007 година, следните активности претставуваат среднорочни приоритети кои треба да се преземат заради усогласување со Европските директиви од областа на банкарството:

- Дефинирање на опфатот на финансиските конгломерати и нивна супервизија. Оваа активност ќе се реализира до крајот на 2008 година, со што ќе се направи усогласување со Европската директива 32002L0087;
- Вклучување на депозитите на правни лица во Фондот за осигурување на депозити со што во целост ќе се имплементира Директивата 31994L0019. За таа цел до крајот на 2009 година ќе се измени Законот за Фондот за осигурување на депозити;
- Имплементација на новата базелска капитална спогодба. Во тек се подготвителни активности за имплементација на Базел 2. Природата и комплексноста на овој проект наметнува потеба од преземање обемни активности, во подолг временски период кои вклучуваат и перманентна обука на банкарските супервизори и на банките. Соодветна имплементација се очекува за неколку години, но не порано од 2010 година,
- Понатамошна реализација и имплементација на Планот за супервизија ориентирана кон ризиците заклучно со крајот на 2009 година и
- Зајакнување на транспарентноста и пазарната дисциплина на банките, односно соодветна примена на третиот столб од Новата Капитална Спогодба. Од почетокот на 2008 година банките ќе бидат обврзани на квартална основа да објавуваат стандардизиран сет на финансиски показатели од своето работење.

## 3.9.2 ОСИГУРУВАЊЕ И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Осигурителниот пазар во Република Македонија го сочинуваат 10 друштва за осигурување и 5 осигурителни брокерски друштва. Од нив едно друштво за осигурување врши работи на осигурување на живот а останатите друштва за осигурување вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување. Осигурителните брокерски друштва вршат осигурителни брокерски работи во рамките на сите класи на осигурување. Се очекува да биде финализирана постапката за лиценцирање на странско друштво за осигурување на живот (до Министерството за финансии е поднесено барање за добивање дозвола за вршење работи на осигурување), од кое се очекува да ги подигне професионалните стандарди за работа и разновидноста и квалитетот на осигурителните производи во сферата на животното осигурување во Македонија. Вкупната пресметана бруто премија во првите III квартала од 2006 година изнесува 4,095 милиони денари, односно бележи пораст од 6.89% споредено со истиот период минатата година. Само во III-от квартал пресметаната бруто премија изнесува 1,568 милиони денари, и бележи раст од 26.4% во однос на просечно остварената бруто премија во првите два квартали од годината. Доколку и во IV-от квартал продолжи трендот на полисирање на бруто премијата согласно просечно оствареното во првите три квартали, вкупната бруто полисирана премија во 2006 година ќе бележи раст од околу 5.7% во однос на оствареното во 2005 година. Од вкупната пресметана бруто премија во текот на првите три квартали во 2006 година, 97,4 милиони денари, односно 2,38%, се однесува на осигурување на живот, што преставува пораст од 26.34% во однос на истиот период минатата година.

Учеството на странскиот капитал во вкупниот акционерски капитал на друштвата за осигурување на крајот на III-от квартал од 2006 година изнесува 62,5%, додека во четири друштва за осигурување учеството на странскиот капитал изнесува 100%. Во сопственичката структура во друштвата за осигурување, на крајот на 2005 година, доминантен е приватниот капитал со учество од 91.45%, од кој финансиски институции (учество од 57.3%) и останати правни и физички лица (учество од 34.15%).

Пазарот на осигурување во целина се карактеризира со релативно висока пазарна концентрација на крајот на III-от квартал од 2006 година, односно учеството на бруто премијата на првите две најголеми друштва за осигурување во

вкупната бруто премија на национално ниво во извештајниот период изнесува 51,7%. Истото претставува пад од 6,6% во однос на нивото на пазарна концентрација присутно на пазарот на осигурување на крајот на 2005 година.

Во Република Македонија во 2000 година поставени се основите на севкупниот пензиски систем како тростолбен пензиски систем кој е дел од социјалното осигурување. Првиот столб го претставува државниот Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија кој функционира на принципот на тековно финансирање (pay-as-you-go). Вториот столб претставува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Во неговите рамки функционираат две друштва за управување со пензиски фондови кои управуваат со по еден пензиски фонд. Друштвата се основани во 2005 година и имаат одобренија за управување со пензиски фонд за 10 години. Во првите пет години од функционирањето на вториот столб чувар на средствата на пензиските фондови е Народната банка на Република Македонија. Првите уплати во приватните пензиски фондови се извршија во јануари 2006 година. Двете друштва за управување со пензиски фондови се со мешовит основачки капитал, домашен и странски, каде учеството на странскиот капитал е 51%. Третиот столб ќе претставува доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Пензиите од првиот столб се во вид на дефинирани пензии. Пензиите од вториот столб се во вид на дефинирани придонеси и ќе се исплаќаат како доживотни ануитети од институција овластена за таа цел или како програмирани повлекувања од пензискиот фонд, по избор на членот.

**ПРАВНА РАМКА**

Основна законска рамка која ги регулира условите и начинот на вршење работи на осигурување и реосигурување, спроведување супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва, начинот и условите на вршење работи на посредување во осигурувањето претставува Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 27/02, 84/02, 98/02 и 33/04), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот ("Службен весник на РМ" бр. 88/05), Законот за облигациони односи во делот што се однесува на договорите за осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 18/01, 4/02 и 5/03) и Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" бр. 28/04).

**Законот за супервизија на осигурување** ги вградува принципите и стандардите за осигурување на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), како и директивите за осигурување на ЕУ. Со донесување на Законот во голема мерка се изврши усогласување на националното законодавство со ЕУ законодавтсвото. Законот е насочен кон воспоставување на стриктни правила за управување со ризик. Друштво за осигурување може да се формира единствено како акционерско друштво со седиште во Република Македонија. За основање на друштво за осигурување потребна е дозвола од Министерството за финансии која може да се однесува на една или повеќе класи на осигурување во рамки на исклучиво една од групите на осигурување и тоа неживотно осигурувување или осигурување на живот. Друштво за осигурување под еднакви услови може да основаат домашни и странски физички и правни лица. Согласно преземените обврски со пристапувањето на РМ во СТО, најдоцна до 1 јануари 2008 година ќе се овозможи филијала на странско друштво за осигурување да може да врши работи на осигурување на територијата на Република Македонија под услови определени во Законот за супервизија на осигурување.

Задижителното осигурување во сообраќајот е регулирано со **Законот за задолжително осигурување во сообраќајот** ("Службен весник на РМ" бр. 88/05 и 70/2006), кој предвидува поголема заштита на интересите на оштетените лица во сообраќајни незгоди преку зголемување на сумите на осигурување и нивно постепено (по однапред законски дефинирани фази) усогласување со сумите на осигурување усвоени со ЕУ легислативата., регулирање на роковите за пријавување и надомест на штети од страна на друштвата за осигурување, утврдување на правото на посредување (медијација), стриктно регулирање на надлежностите на Гарантниот фонд, промена на начинот на утврдување на тарифите на премии преку формирање на Комисија за осигурување од автомобилска одговорност како и олеснување на прекуграничното давање на осигурителни услуги преку воспоставување на т.н овластен претставник за штети и воспоставување на Служба за надомест на штети (последните две решенија ќе се актуелизираат со моментот на стапување на Република Македонија во Европската Унија). Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност е формирана на 19 декември 2005 година, и истата во рамки на III-та фаза од Проектот за реформа на системот на задолжително осигурување во сообраќајот финансиран од ФИРСТ Инитиативе, а која се однесува на имплементација на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, во мај 2006 година изготви нова тарифа на премија за осигурување од автомобилска одговорност. Од страна на Комисијата, а согласно овластувањата дадени со член 45 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, во октомври 2006 изготвени се и доставени до судовите Критериуми за надомест на нематеријална штета од употреба на моторни возила во сообраќајот. Мониторинг на имплементацијата, како и иницијалните ефекти од примена на утврдените критериуми, треба да се спроведе од страна на оваа Комисија на крајот на 2006 година.

Пензискиот систем во Република Македонија е уреден со Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. весник на РМ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 32/96, 24/00, 96/00, 5/01, 50/01, 85/03, 40/04, 4/05 и 101/05 ), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Сл.весник на РМ бр.29/02,85/03,40/04 и 113/05) и подзаконски акти кои ја

доразработуваат соодветната област. Законот за пензиското и инвалидското осигурување ја утврдува структурата на тростолбниот пензиски систем.

Со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување се уредува основањето и работењето на друштвата за управување со пензиски фондови, членувањето во пензиските фондови, известувањето, надоместоците, инвестирањето и проценката на средствата на пензиските фондови, чувањето на средствата на пензиските фондови, основањето и функциитре на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, како и други теми значајни за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежен орган за донесување на законски прописи од областа на осигурувањето и спроведување супервизија над работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва во Република Македонија е Министерството за финансии, во кое надлежни за системот на осигурување се две одделенија и тоа: Одделението за систем на осигурување (2 вработени) во рамки на Секторот за финансиски систем, задолжено за изготвување на законски и подзаконски акти од областа на осигурувањето и лиценцирање на друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, осигурителни брокери и актуари и Одделението за супервизија на осигурување (3 вработени) во рамки на Секторот за работи непосредно сврзани за министерот, задолжено за спроведување теренска и вонтеренска супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва.

Во однос на пензискиот систем надлежни институции за донесување на закони и подзаконски акти се Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување. Министерството за труд и социјална политика е креатор на пензиската политика, Фондот на ПИОМ врши спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, вклучително и наплата на придонесите за двата столба и нивна распределба меѓу првиот и вториот столб, додека Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување врши супервизија на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови и пензиските фондови, како и заштита на интересите на членовите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во насока на понатамошно усогласување со ЕУ законодавството и усвојување на европските осигурителни принципи и стандарди особено во делот на јакнење на независноста на супервизорскиот орган, јакнење на фит анд пропер барањата во однос на органите на управување и акционерите во друштвата за осигурување, регулирање на вршењето на работи на застапување во осигурувањето како и понатамошно јакнење на превентивните и корективни мерки на супервизија, Министерството за финансии во декември 2006 година изготви Предлог Закон за измени и дополнувања на Законот за супервизија на осигурување, кој треба да биде усвоен од страна на парламентот во вториот квартал од 2007 година. Основа за подготовка на измените на Законот претставува деталната Анализа на степенот на усогласеност на осигурителната законска рамка со релевантните директиви на Европската Унија и принципите и стандардите на Меѓународната Асоцијација на осигурителни супервизори, изготвена во рамки на проектот за Техничка помош на Министерството за финансии во областа на осигурителната регулатива финансиран од страна на Европската Агенција за реконструкција.

Во текот на 2007 година, согласно одредбите од Законот за измени и дополнувања на Законот за супервизија на осигурување, надлежностите за спроведување супервизија врз работењето на субјектите на осигурителниот пазар целосно ќе се префрлат на ново формирана Агенција за супервизија на осигурување како независна и самостојна институција за надзор во осигурувањето со јавни овластувања доделени со закон, во согласност со принципите и стандардите на Меѓународната Асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС). Агенцијата ќе има соодветна институционална поставеност, моќ, правна заштита и финансиски средства кои ќе овозможат извршување на функциите независно, самостојно и одговорно. Агенцијата се планира да отпочне да функционира во септември 2007 година.

Во текот на 2007 година ќе бидат донесени околу 15 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување а кои подетално регулираат одредени прашања од работењето на друштвата за осигурување како што се начинот на издвојување на технички резерви, вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви, начин на пресметка на капиталот и потребното ниво на маргина на солвентност, пресметка на коефициенти на ликвидност, детална содржина на годишниот извештај на друштвата за осигурување, детална содржина на ревизорскиот извештај, нов Контен План и билансни шеми за друштвата за осигурување итн. Со донесување на горенаведените подзаконски акти ќе се изврши доизградување на регулативата и нејзино понатамошно хармонизирање особено со Директивата 91/674/ЕЕЦ која се однесува на консолидирани финансиски извештаи на друштвата за осигурување, како и трите генерации Директиви за неживотно осигурување и осигурување на живот во делот на детално регулирање на потребното ниво на маргина на солвентност и капиталот на друштвата за осигурување, следење на ликвидноста и други мерки за управување со ризик.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

На среден рок Министерството за финансии планира понатамошно усогласување на домашната осигурителната регулатива со ЕУ законодавството, особено во однос на имплементирање на одредбите кои се однесуваат на соосигурување, електронска трговија, финансиски конгломерати и други прописи кои ќе бидат на сила во Европската Унија. Законската рамка од областа на осигурувањето ќе се доуреди и со целосно транспонирање на следните ЕУ директиви: 78/433/ ЕЕЦ - соосигурување; 84/641 ЕЕЦ - туристичка помош; 87/343 ЕЕЦ - осигурување на кредити; 87/344 ЕЕЦ - осигурување на правна помош; 91/674 ЕЕЦ - консолидирани финансиски извештаи; 98/78 ЕЕЦ - дополнителна супервизија на друштва за осигурување во оигурителни групи; 2001/17 ЕЕЦ - реорганизација и ликвидација на друштва за осигурување; 2002/13/ЕЕЦ - потребно ниво на маргина на солвентност; 2002/87/ЕЕЦ - финансиски конгломерати и 2002/92/ЕЕЦ - осигурителни посредници.

Во однос на задолжителното осигурување во сообраќајот на среден рок се планира усогласување со V –та Директива на Европската Унија за осигурување од автомобилска одговорност.

Во однос на институционалниот и административен капацитет, на среден рок се планира целосно оперативно функционирање на независниот супервизорски орган – Агенцијата за супервизија на осигурувањето, кој ќе има капацитет за спроведување на адекватна, стручна и постојана супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва.

Приоритет во областа на пензиското осигурување на среден рок е продолжување на започнатите реформи, пред се, со заокружување на правната рамка со донесување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии. Предвиден рок за донесување на двата закона е 2008 година, при што Министерството за труд и социјална политика, како и до сега, е креатор на пензиската политика, а Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување врши супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и на исплатата на пензии од капитално финансирано пензиско осигурување. Исто така, во однос на Законот за исплата на пензии, од аспект на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, за програмираните повлекувања предвидено е да се вршат директно од пензиските фондови, а анутетите да се исплаќаат од посебна институција овластена за оваа цел. Со самите закони ќе се определат и други надлежни институции. Краткорочните и среднорочните приоритети во врска со овие прашања подетално се опишани во Поглавје 02 – Слобода на движење на лица поднаслов 3.2.4 Координација на системот на социјална сигурност.

## СТРАНСКА ПОМОШ

Тековната странска помош во областа на осигурувањето се реализира преку следните проекти:

1. Германското друштво за техничка помош (ГТЗ) обезбедува техничка помош за хармонизација на домашното законодавство од областа на осигурувањето со правото на ЕУ односно германски експерт заедно со домашни експерти учествува на подготовка на Законот за измени на Законот супервизија на осигурување и
    22. Светска Банка преку FIRST Initiative учествува во имплементација на третата фаза од проектот за реформа на системот на задолжително осигурување од автомобилска одговорност.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

*Предвидени институции (формирање нови, екипирање и обука) за периодот 2007-2010*

**Агенција за супервизија на осигурување.** Вкупниот број на вработени е димензиониран на 20 и истиот ќе се комплетира до 2010 година како што следи:

## ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09001: Министерство за финансии | МФ: Сектор за финансиски систем | 15 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | НОВА: АСО_Агенција за супервизија на осигурувањето | 0 | 3 | 3 | 3 | 4 | 13 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 15 | 4 | 4 | 4 | 5 | 17 |
| КХВ: Комисија за хартии од вредност | КХВ: Комисија за хартии од вредност | 16 | 4 | 3 | 3 | 3 | 13 |
| КХВ: Комисија за хартии од вредност Вкупно | | 16 | 4 | 3 | 3 | 3 | 13 |
| **ВКУПНО** | | **31** | **8** | **7** | **7** | **8** | **30** |

### 3.9.3 ПАЗАР НА КАПИТАЛ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Тргувањето со хартии од вредност на пазарот на капитал во Република Македонија се одвива преку Македонската берза за хартии од вредност која е основана во 1995 година. На пазарот на капитал во Република Македонија функционираат 17 овластени учеснички на Берзата, од кои 11 се брокерски куќи а 6 се Банки, кои имаат посебни дирекции за работа со долгорочни хартии од вредност. Учеството на странскиот капитал во основната главнина на 11 брокерски куќи изнесува 5,32%.

**ПРАВНА РАМКА**

Законската рамка која го регулира пазарот на капитал ја сочинуваат: Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ"бр.95/05), како основен закон со кој се регулираат хартиите од вредност и Законот за инвестициони фондови ("Службен весник на РМ" број 9/2000).

Со Законот за хартии од вредност се олеснува можноста странските брокерски куќи да имаат експозитури во Република Македонија и се уредува поорганизиран систем за формирање на експозитури во земјава од страна на македонските брокерски куќи; се предвидуваат подетални упатства за водењето на евиденција и водењето на книга на налози од страна на брокерските куќи; се воведуваат одредби за основање и работење на друштва за инвестиционо советување и инвестициони советници; направено е допрецизирање на обврските за обелоденување на податоци на акционерските друштва кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност како акционерски друштва со посебни обврски за известување, како и целосно нови обврски за известување за вработените, членовите на нивните органи на управување, директорите и одделни акционери; секој поединечен акционер кој поседува повеќе од 5% од хартиите од вредност на друштвото со посебна обврска за известување мора да ги обелодени пред Комисијата за хартии од вредност сите трансакции и нетрговски преноси на тоа друштво со посебни обврски за известување. Согласно Законот за хартии од вредност, Брокерска куќа може да се основа од физички или правни домашни или странски лица. Странска брокерска куќа која е овластена да ги врши сите или некои од услугите со хартиите од вредност во која било од земјите членки на Организацијата за економска соработка и развој, може да ги врши истите услуги на територијата на Република Македонија преку своја подружница која има дозвола за работење добиена од Комисијата. Со законот се транспонирани одредби од следните ЕУ директиви: 32004Л0039, 31993Л0006, 32003Л0071, 32001Л0034 и 32003Л0006.

Правната рамка за регулирање на подрачјето за работа на инвестиционите фондови се состои од Законот за инвестициони фондови ("Службен весник на РМ" бр. 9/2000) и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон. Согласно **Законот за инвестициони фондови**, инвестиционите фондови се основаат за здружување на парични средства наменети за инвестирање, прибрани од инвеститори преку јавен повик, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со фондови. Законот предвидува два вида на инвестициони фондови: отворен и затворен.Друштвото за управување со фондови се основа по добивање на одобрение за работа од Комисијата. Едно друштво може да управува со повеќе фондови. Со законот се имплементираат 31985Л0611 и 31993Л0022. Оваа Директива е заменета со Директивата 32004Л0039.

Во Република Македонија се уште не функционира ниту еден инвестиционен фонд. Меѓутоа, развојот на пазарот на капитал во претходните години и појавата на нови хартии од вредност на пазарот на капитал, издавањето на државни записи кое започна во јануари 2004 година и стартувањето со работа на двата пензиски фонда од октомври 2005 година, се очекува да придонесат за зголемување на интересот за отворање на инвестициони фондови во Република Македонија. Согласно преземените обврски со пристапување на РМ во СТО, од 1 јануари 2008 година на странските друштва за управување со инвестициони фондови ќе им се дозволи пружање на услуги во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежен орган за изготвување на законските прописи од областа на пазарот на капитал во Република Македонија, Законот за хартии од вредност и Законот за инвестициони фондови е Министерството за финансии во соработка со Комисијата за хартии од вредност. Подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност и Законот за инвестициони фондови ги донесува Комисијата за хартии од вредност.

Во рамките на Министерството за финансии, во Секторот за финансиски систем функционира Одделение за пазар на капитал (со двајца вработени), задолжени за подготвување на прописи од областа на пазарот за капитал, превземање на неопходни активности за навремено донесување на законите од надлежност на Одделението за пазар на капитал.

Комисијата за хартии од вредност врши регулирање и контрола на сите учесниците во работењето со хартии од вредност на територијата на Република Македонија и во рамките на своите законски надлежности и овластувања, е одговорна

за законито и ефикасно функционирање на пазарот на хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, со цел постојано јакнење на довербата на широката јавност во институциите на пазарот на долгорочни хартии од вредност во Република Македонија. Согласно Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност функционира како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени со закон. Комисијата за хартии од вредност на меѓународен план, досега има потпишано 8 билатерални Меморандуми за соработка, со соодветните регулаторни тела на Словенија, Албанија, Федерација на Босна и Херцеговина, Бугарија, Црна Гора, Хрватска, Турција и Романија.Исто така Комисијата за хартии од вредност има склучено меморандум за соработка и размена на информации во национални рамки со Народна Банка на Република Македонија (НБРМ) и Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС). Комисијата за хартии од вредност од 1994 година е редовна членка на Меѓународната Организација на Комисиите за хартии од вредност (ИОСЦО).Во текот на 2006 година Комисијата за хартии од вредност согласно Законот за хартии од вредност донесе вкупно 58 правилници. Од предвидените подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност 5 правилници се во постапката на донесување,

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во насока на подобрување на законската рамка за функционирање на инвестиционите фондови во Република Македонија и имплементација на дел од европските директиви од оваа област, во Министерството за финансии, се планира донесување на нов Закон за инвестициони фондови до вториот квартал на 2007 година во кој ќе бидат имплементирани следниве директиви:

- 31985Л0611 - Директива за усогласување на закони, регулативи и административни одредби во врска со Друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност (ДКИПХВ),
- 32001Л0107 - Директива со која се изменува 31986Л0611 - Директивата за усогласување на закони, регулативи и административни прописи во врска со УЦИТС со цел регулирање на менаџмент компании и
- 32001Л0108 - Директива со која се изменува 31986Л0611 - Директивата за усогласување на закони, регулативи и административните одредби во врска со превземања на претпријатијата за колективни инвестирања со преносни хартии од вредност ДКИПХВ во однос на регулирани управувачки компании и поедноставени проспекти.

Комисијата за хартии од вредност во 2007/I ќе изработи Стратегија за зајакнување на улогата и функциите на КХВ во делот на секторот за контрола на пазарот на капитал. Со стратегијата треба да бидат идентификувани областите и учесниците на пазарот на капитал за кои постои најголема веројатност дека ќе бидат извор на прекршување на прописите за работење со хартии од вредност и измами. Откако ќе се изврши идентификација на областите со најголем ризик, КХВ ќе може да изврши поефикасна алокација на нејзините ресурси со концентрирање на најризичните проблеми и ентитети.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок Министерството за финансии планира понатамошно усогласување на регулативата од пазарот на капитал со Директивите на Европската Унија како и нејзина имплементација од страна на учесниците на пазарот на капитал во Република Македонија.

На среден рок се планира усогласување со Директивата за финансиски залог 2002/47/ЕЗ.

# 3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШЕСТВО И МЕДИУМИ

## 3.10.1 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/05) се уредуваат услови и начин за вршење на дејноста во областа на електронските комуникации, се создаваат услови за потполна либерализација во електронските комуникации, а посебно во делот за изградба на инфраструктурата, се обезбедува пристап и интерконекција со јавни комуникациски мрежи на други оператори и даватели на јавни комуникациски услуги, и се обезбедува поедноставна постапка за започнување на вршење на комуникациска дејност. Во законот се имплементирани сите релевантни ЕУ мерки.
Дополнително унапредување на легислативната рамка која ја уредува оваа област се постигна со донесувањето на 35 подзаконски акти со кои произлегуваат од Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/05) заклучно со 31.12.2006 година, а кои директно влијаат врз процесот на либерализацијата на телекомуникацискиот пазар и воведувањето конкуренција.

**Со измените и дополнувања на Законот за електронски комуникации** се обезбедува усогласеност во однос на можноста да се добие реална слика за финансиското работење на регулаторот во претходниот период, врз база на ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор. Измените и дополнувањата на законот што се предлагаат воедно вршат дополнување и допрецизирање на одредбите кои ги уредуваат прашањата на условите за разрешување претседател и членови на комисијата како и условите за избор односно именување на Директор на Агенцијата.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
**Времена стратегија за Универзална услуга (“Службен весник на Република Македонија“бр.72/2006)**
Со Времената стратегија за универзалната услуга (рок на важност до крајот на март 2007 година) се обезбедува идентификување на потребите на населението со утврдување на приоритетите за обезбедување на универзална услуга, како и обезбедување пакет на мерки кои треба да бидат спроведени од Агенцијата за електронски комуникации во периодот од две години по донесувањето на Законот за електронски комуникации, а со цел да се поттикне давањето на таа услуга без субвенции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за електронски комуникации** се надлежни институции за имплементација на работите што се однесуваат на електронските комуникации.

**Министерството за транспорт и врски** е надлежен државен орган за креирање и реализирање на политиката за електронски комуникации и изготвување на законската регулатива во соработка со Агенцијата за електронски комуникации. Согласно Законот за електронски комуникации, Министерството за транспорт и врски ги врши работите во врска со развојот на електронските комуникации и информатичките технологии, создавањето и развојот на информатичкото општество, и ги координира и усогласува работите од областа на електронски комуникации и информатичко општество. Министерството го промовира развојот на конкуренцијата во областа на електронските комуникации и информатичкото општество и зголемувањето на достапноста и користењето на електронските комуникации и информатичките технологии.

**Агенцијата за електронски комуникации,** оперативна од 01.07.2005 година, е независно регулаторно тело и правен наследник на Управата за телекомуникации. Агенцијата за електронски комуникации е надлежна за: овозможување на корисниците, вклучувајќи ги и крајните корисници со посебни потреби, да ги користат поволностите во смисла на избор, цена и квалитет на пристапот до електронските комуникации; заштита на нарушување или ограничување на конкуренцијата во областа на електронските комуникации; стимулирање на ефикасно инвестирање во изградбата на инфраструктурата и поддршка на иновации; промовирање на ефикасно користење на радиофреквенциите и нумеричкиот простор како ограничен природен ресурс, и овозможување во слични околности да нема дискриминација во третманот на операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги.

**ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИТЕ ВО РМ**
**Во декември 2006 година Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука со која го задолжи АД Македонски телекомуникации да изврши измена на Референтната понуда за интерконекција особено во Прилог:**

**8Б - Надоместоци**. Со извршената измена се постигнува значително намалување на цените за интерконекција со што ќе се создадат услови за воведување на ефикасна конкуренција на пазарот на електронските комуникации во РМ, посебно на пазарот на фиксната телефонија, со што ќе се допринесе до зголемување на поволностите за корисниците. Висината на надоместоците за интерконекција Агенцијата за електронски комуникации ги утврди врз основа на Методологијата за пресметување на пондерирана просечна цена на капиталот WACC како и врз основа на извршената споредбена анализа на пазарите за електронски комуникации на европски држави кои се слични на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија.

**Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во тек е постапка за воведување на четврт мобилен оператор во Република Македонија.**
Избран е третиот мобилен оператор во Република Македонија.

**На 18.10.2006 година, Владата на Република Македонија донесе Одлука за доделување на акции кои ги поседува во АД Македонски телекомуникации на вработените во фирмата.**

**Продолжува продажбата на пакети на акции што ги поседува Владата на Република Македонија во АД Македонски Телекомуникации.**
Владата на Република Македонија по претходната продажба на пакет од 9.9% акции што ја изврши во средината на 2006 година, трендот на продажбата на акции го продолжува.

**Започнат е процесот за доделување на радиофреквенции од WiMax опсегот, со што се очекува поголема либерализација и влез на голем број нови алтернативни оператори во Република Македонија.**

**СЕ ПРЕЗЕМААТ МЕРКИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ПОСТОЈНИТЕ ОПЕРАТОРИ СО ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ.**

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Донесување на документ за стратешките цели на Агенцијата за електронски комуникации согласно надлежностите утврдени со Законот за електронските комуникации.**
Документот го подготвува Агенцијата за електронски комуникации во соработка со техничката помош – TATC обезбедена од Европската Агенција за Реконструкција.

**Усвојување на измените и дополнувањата на Законот за електронски комуникации** доставени до Собранието на РМ во 2006.

**Донесување Уредба за утврдување на мерки за обезбедување на јавни комуникациски услуги во случаи на воена, вонредна или елементарна непогода кои треба да бидат вклучени во плановите на мерки на операторите.** **Со** Уредбата ќе се дефинира обврска на операторите на јавни комуникациски мрежи и јавни комуникациски услуги да изработат и донесат План на мерки за да се обезбеди интегритет на јавната комуникациска мрежа и пристапот до јавни комуникациски услуги во случај на пад на мрежата, воена или вонредна состојба или елементарна непогода.

**Донесување Одлука за определување на групи на корисници со право на приоритетни мрежни приклучни точки за користење во воена или вонредна состојба, или елементарна непогода**

**Спојување на постојните регулаторни тела за електронски комуникации и радидифузна дејност**
Земајќи ги во предвид новите текови во иформатичко-комуникациските технологии посебно во креирањето на информатичкото општество во Република Македонија, конвергенцијата која зема се поголем замав помеѓу електронските технолошки платформи и електронските медиуми создава неминовна потреба за конвергенција и помеѓу регулаторните тела надлежни за технолошките платформи и регулаторните тела надлежни за регулирање на електронските медиуми.

Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија ќе достави два нови текста на Законот за електронски комуникации и Законот за радиодифузна дејност со кои, покрај другото, ќе се обезбеди можност за спојување на постојните регулаторни тела за електронски комуникации и радиодифузија (Агенцијата за електронски комуникации и Советот за радиодифузија) во едно ново регулаторно тело – Агенција за електронски комуникации, радиодифузија и пошти.
Со спојувањето на регулаторните тела ќе се овозможи целосно заживување на едношалтерскиот систем, за издавање на дозволи/одобренија со што ќе се намали постоечкиот бирократскиот модел. Воедно, планирањето и издавањето на радиофреквенциите ќе го врши една заедничка стручна служба а со тоа ќе се избегне и постоечката некоординираност во

работењето помеѓу регулаторите. Со спојување на регулаторните тела ќе се надмине некоординираноста на нивното работење и во делот на затворање на дивите радиодифузери при што забраната за емитување и запленување на опремата ефикасно и транспарентно ќе го врши новото регулаторно тело, а би се надминале и проблемите кои постојат со кабелските оператори во делот на издавање на одобренија, регистрирање на програмските пакети, техничките стандарди итн. Правилното и ефикасно имплементирање на законските одредби ќе се обезбеди преку формирањето на една - заедничка стручна служба која ќе може поквалитетно и попрофесионално да им пристапи на задачите и воедно ќе се избегне дуплирањето на одредени исти професии (чувари, секретарки, шофери итн, со што ќе се постигне соодветна рационализација на кадарот.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

**Донесување Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации и информатичките технологии.**

Националната стратегија за развој во областа на електронските комуникации и информатичките технологии ќе ги утврди стратешките насоки, активности и цели за создавање на амбиент за подршка на дигиталната конвергенција помеѓу инфо-комуникациските технологии и електронските медиуми во Република Македонија, како услов за развој на информатичкото опшество.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Кадровско зајакнување на Секторот за комуникации при Министерството за транспорт и врски.**

Во Секторот за комуникации - Одделението за телекомуникации и информатички технологии, согласно актот за систематизација од 2006 година предвидени се вкупно 5 високо стручни лица, а вкупно во Секторот за комуникации, согласно тој акт, предвидени се 15 лица.

Во текот на 2007 година во Секторот за комуникации ќе се вработат 2 стручни лица.

**Зајакнувањето на капацитетите на Агенцијата за електронски комуникации-** ќе се реализира преку проектот на ЕУ, при што ќе се изврши и анализа на постојниот кадар. За таа цел се донесе нов правилник за внатрешна организација на стручната служба на Агенцијата и нов Правилник за систематизација на работите и задачите согласно кои ќе се изврши реорганизирање и доекипирање на Агенцијата за електронски комуникации. Во моментов Агенцијата брои 95 вработени, а се предвидува оптималниот број на вработени да биде околу 80.

**Подобрување на ефикасноста на жалбената постапка -** По однос на ефикасноста на жалбената постапка, истата е овозможена со одредбите од Законот за електронските комуникации со кои се предвидува против решенијата на директорот на Агенцијата за електронски комуникации да може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации која одлучува во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на решението. Комисијата е должна да одлучи по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот, а нејзината одлука по жалбата е конечна. На овој начин се оневозможува злоупотреба на апелациониот систем за одлагање на спроведувањето на одлуките на регулаторот.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**CARDS програма за 2005 година: Техничка помош за создавање на независен регулатор во секторот електронски комуникации,** 1.000.000,00 Евра. Овој проект се однесува на Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за транспорт и врски, трае 18 месеци, и треба да заврши во средината на 2007 година. Проектот е фокусиран на проценката на ситуацијата со акционен план кој ќе вклучи проценка на кадарот и систематизацијата; поддршка во специфични регулаторни функции вклучувајќи и обука на и вон работното место; перманентно градење на капацитетите и подобрување на транспарентноста во работењето.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Натамошно усогласување на Законот за електронски комуникации и Законот за радиодифузна дејност со acquis**

Со развојот на информациско–комуникациските технологии, порано одвоените сектори на информатичка технологија, телекомуникации и аудио-видео технологија вклучувајќи ја и радиодифузијата,_конвергираат кон една целина. Ова се однесува на конвергенцијата на мрежите и терминалните уреди, но и на содржината. Имајќи го ова во предвид Европската Комисија започна со ревидирање на директивите за електронски комуникации и Директивата телевизија без граници. Во таа насока на среднорочен план се планираат измени и дополнувања на Законот за електронски комуникации и Законот за радиодифузна дејност кои ќе бидат условени по усвојувањето на ревидираните директиви на Европската Унија во овие два сектора.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Формирање ново регулаторно тело за електронски комуникации, радиодифузија и пошти**

Со двата нови закона за електронски комуникации и радиодифузија (кои треба да бидат донесени во 2007 година) ќе се обезбеди можност за спојување на постојните регулаторни тела за електронски комуникации и радиодифузна дејност во едно ново регулаторно тело за електронски комуникации и медиуми

**Формирање на посебна нова Служба за итни повици.**

Службата ќе ги обедини постојните служби за итни потреби, и тоа: полиција 192 (Министерство за внатрешни работи), противпожарна заштита 193 (Министерство за внатрешни работи), итна медицинска помош 194 (Министерството за здравство) и Службата за известување и тревожење 195 (Министерство за одбрана). Имплементацијата на службата за итни повици ќе биде спроведувана од Центарот за управување со кризи согласно неговите законски надлежности.

## 3.10.2 ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО

Развојот на информатичкото општество се утврдува како национален приоритет во Република Македонија. и во таа насока се планира формирање на ново Министерство за информатичко општество, за кое е неопходно да се усвојат предлог измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа кој се усвојува со 2/3 мнозинство и е во Собраниска процедура, како и одвојување на буџетски средства за финансирање на голем број проекти за развојот на информатичкото општество..

Како времено решение, Собранието на РМ избра Министер без ресор кој ќе биде надлежен за проблематиката на информатичката технологија.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Областа на информатичкото општество во Република Македонија е уредена со Националната Стратегија за развој на Информатичко Општество и Акционен План (НСРИОАП).

Во Стратегијата се објаснети основните насоки за развој поделени во 8 стратешки столба (Инфраструктура, Е - бизнис, Е - Влада, Е - образование, Е - здравство, Е - граѓани, Легислатива, и Приоритети за одржлив развој на информатичко општество).

Акциониот план детално ги дефинира 109 –те планирани проекти во областа на информатичкото општество и мерливите индикатори за истите.

Целта на Стратегијата е да овозможи ефикасна имплементација и користење на ИКТ кај сите субјекти во Република Македонија, преку реализација на легислативните и институционалните приоритети дефинирани во Акциониот план, како што се основање Национален Совет за информатичко општество, подигање на јавната свест за потребите и значењето од придобивките на информатичкото општество; овозможување на пристап до Интернет за сите граѓани; дефинирање на механизми за обезбедување на средства за финансирање на процесот на изградба и развој на информатичко општество; и воспоставување на континуиран мониторинг и евалуација.

Националната Стратегија за развој на информатичко општество и Акциониот План се во согласност со преземените обврски на Република Македонија а кои произлегуваат од усвоената ”Е-декларација 2002, Препораки за забрзан развој на информатичко општество и дигитална економија во Република Македонија како национален приоритет”; Акциониот план и Декларацијата од Светскиот самит за информатичко општество во Женева, 2003 година; усвоениот Концепт за е-Влада од страна на Владата на Република Македонија, 2004 година, итн. Стратегијата ги опфаќа и нацрт-акциониот план на Европската комисија, i-2010, eEurope 2005, eEurope+ 2003.

**Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис** (Службен весник на РМ бр. 34/2001 и бр. 06/2002) овозможува електронските документи да бидат електронски потпишани, со што ќе се добие еквивалентност со хартиените документи кои се своерачно потпишани и/или печатирани. Тој создава предуслов со кој електронскиот потпис дефакто се изедначува со своерачниот.

Со донесувањето на сите подзаконски акти врзани за овој закон дополнително се обезбеди неговата имплементација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

До формирањето на Министерство за информатичко општество, Комисијата за Информатичка Технологија (КИТ) и Националната работна група (Task Force) за информатичко општество се надлежни институции за координација на активностите за изградба на информатичко општество и координација на имплементацијата на проектите од НСРИОАП.

Исто така надлежно за создавање и развој на информатичко општество е Министерството за транспорт и врски согласно Законот за електронски комуникации од 2005 (Службен весник на Република Македонија, бр. 13/05).

**Проекти со кои се реализира развојот на информатичкото општество**

Согласно Националната Стратегија за Информатичко Општество, во тек е реализацијата на следните проекти:

- Портал за сите граѓани на Република Македонија, www.uslugi.gov.mk (Проект 6.01 од Акциониот план на НСРИО) - Проект) за Процена на потенцијалот за добро владеење на Македонија
  На 19.12.2005 година поставен е порталот www.uslugi.gov.mk како централизиран и стандардизиран информативен портал за сите граѓани на Република Македонија, преку кој значително ќе се олеснува добивањето информации од јавниот сектор и пристап до услугите на државната администрација. Во неговата крајна верзија, овој портал ќе овозможи комплетна електронска комуникација и вршење трансакции меѓу граѓаните на РМ и државната администрација. Граѓаните преку овој портал можат навремено и на едноставен начин да добијат информации за услугите - документи, формулари, процедури, протоколи и лица за контакт. Тие имаат можност да упатуваат прашања и коментари за секоја услуга и соодветно да добијат одговор од државните службеници.

  Формирана е работна група која со поддршка на Метаморфозис, одговорни за ИТ компонентата, врши анализа на порталот и спроведува анкета за 5 најупотребувани услуги. Истата РГ ќе изработи Предлог концепт за натамошно креирање на услуги и надградба на порталот кон поголема интерактивност.
  Оваа РГ се поврзува и со Работната група за поедноставување на административните процедури (“гилотина“).

- **Колаборативна портал солуција за Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија**
  Проектот опфаќа електронски менаџмент на информациите во Генералниот Секретаријат на ВРМ .
  Имплементираното решение ќе ги опфаќа следните процеси за кои е задолжен Генералниот секретаријат:
  - Процесирање на пратеничките прашања од Собранието на Република Македонија;
  - Следење на реализацијата на заклучоците донесени на седница на Владата на Република Македонија;
  - Формирање и следење на реализацијата на Годишната програма на Владата на Република Македонија.

**Онлајн апликација за вработување во државните институции**

Оваа апликација овозможува електронско online поднесување на пријави за вработување на државни службеници преку интернет страната на Агенцијата за државни службеници http://prijava.ads.gov.mk.
Системот е пуштен во употреба на 19 декември 2005 година

- **Услуга е-Набавки**
  Со овој проект во неколку институции се воведува софтверска апликација за електронско менаџирање на целиот процес на јавни набавки.

- **Е-Маркет центар**
  Преку градење на е-маркет портал се овозможува интеграција на информациите на малите и средните претпријатија на Република Македонија, со цел нивно промовирање во глобалниот пазар. Мисијата на порталот www.emarketplace.org.mk е унапредување на работата на малите и средните претпријатија во Република Македонија, преку користење на Интернетот како еден од најефикасните медиуми за освојување на нови пазари и стекнување на нови странски партнери. Овој портал ќе им овозможи на малите и средни претпријатија самостојно, на едноставен и бесплатен начин да го претстават профилот на својата компанија, своите дејности и производи на Интернет медиумот преку сопствена веб инфраструктура.

- **Услуга на е-Оданочување**
  Управата за јавни приходи која е одговорна за собирање на даноците во РМ ги преструктуира своите операции преку воведување на е-Оданочување портал, со цел да ја зголеми ефикасноста и транспарентноста во своето работење. Порталот ќе им овозможува на плаќачите на данокот да го пријавуваат онлајн.
  За почеток, од 3-ти јули 2006 година, поканети се 130 даночни обврзници да го користат системот, од кои 94 досега имаат потпишано договор со УЈП за користење.

- **е-школо**
  Опремување на дополнителни 200 училишта со компјутерски лаборатории, доопремување на постоечките компјутерски лаборатории и опрема за Систем за централно одржување на компјутерските лаборатории во околу 700 училишта. Проектот вклучува и изработка на портал со образовни содржини и размена на искуства помеѓу учесниците на образовниот систем, како и продолжување на процесот на обука на наставниците во полето на ИКТ и е-содржини.

**Електронска седница на Владата на Република Македонија**

Почнувајќи со седницата од 11 мај 2006 година, Владата ги подготвува, организира и одржува седниците преку современ интегриран информатички систем, минимизирајќи ја на тој начин употребата на хартија во овие процес. Придобивките од ваквиот начин на работа се повеќекратни, со фокус на зголемена ефикасност на членовите на Владата за време на подготовката и одржување на седниците на Владата.

- **Македонија се поврзува**
  Проект за одржување и проширување на национална широкопојасна безжична мрежа, како и имплементација на порталот за информации околу институциите во примарно и секундарното образование, нивните активности и е-маил и веб сервиси за сите училишта, учители и ученици..

- **е-Рајдер**
  Преку овој проект им се дава поддршка на невладините организации и локалната самоуправа во развивање на стратегии за употребување на ИКТ технологии. Проектот е реализиран од страна на Метаморфозис.

- **Health registers (drug monitoring) - Здравствени регистри и надзор врз лековите -** воспоставен е нов систем во Министерството за здравство со кој врши надзор на дистрибуцијата и консумирањето на препишаните лекови. Ова воедно ја засилува интенцијата на МЗ за засилен надзор на начинот на кој лековите кои се наоѓаат на позитивната листа стануваат достапни како и нивно правилно распределување низ земјата според потребите на консументите. Овој систем ќе ги детектира нерегуларностите при препишување рецепти/лекарства, соодветната алокација сите кои имаат потреба од соодветен медицински третман во секое време ќе им бидат достапни неопходните лекови, ќе се елиминира можноста за злоупотреба на здравствениот фонд и ќе се намали можноста за продажба на илегално регистрирани лекови.
- **е-ЦЕМТ**
  Проект на Министерството за транспорт и врски за издавање на ЦЕМТ дозволи преку електронски пат.

- **Одговорност преку транспарентност**
  Овој проект треба да биде имплементиран од страна на 10 единици на локална самоуправа. Целта е да се овозможи полесно да се следи работата на локалните власти и да се зајакне дијалогот помеѓу граѓаните и нивните општински совети. Покрај редовниот пристап преку web, секоја од општините кои учествуваат во овој проект ќе имаат должност да отстапат еден компјутер само за граѓаните и тие ќе можат да пристапат на програмата "Одговорност преку транспарентност" каде ќе можат да напишат свои коментари или да постават директни прашања за преземените активности на локалните власти.

- **е-Budgeting**
  Овој проект ќе го олесни процесот на развој и мониторинг на националниот буџет преку електронско раководење/процесирање од страна на Министерството за финансии.
  Системот ќе се/се тестира во текот на изготвувањето на буџетот за 2007 и ќе биде целосно имплементиран во изготвувањето на буџетот за 2008.

- **е-Learning, -** ICT прирачник за државната администрација
  Проектот е-Gov во соработка со Агенцијата за државни службеници подготвуваат два e-learning курсеви (учење преку интернет), кои ќе бидат наменети за државните службеници и за кандидатите заинтересирани да работат како државни службеници.

- **ICT handbook for professionalns –** реализирано во соработка со Секретаријатот за европски прашања и НОРМАК

- **Security training courses**
  Системските дизајнери и системските програмери во разни оддели во Владата ан РМ успешно го завршија курсот/обуката за компјутерска безбедност. Потребата од овој тип обука се укажа поради фактот дека сите овие оддели во Владата се на почетно ниво во развојот на информатичките технологии и дури оние кои се на понапредно ниво сега почнуваат да навлегуваат во безбедносните системи во целосна смисла, особено што ова се применува во повеќе области од кои како клучен се издвојува финансискиот сектор.
  Како резултат од овој проект, се развива способноста Владата на Република Македонија за безбедноста на класифицираните информации и нивно пренесување низ органите на Владата како способноста да пружат услуги на јавноста. Ова во крајна линија се рефлектира врз подобро управувани владини институции кои стануваат потранспарентни и поефикасни.

- **Насоки за ИКТ сигурност**
  Проектот е спроведен од страна на „Метаморфозис“ и е наменет за подигање на јавната свест и креирање документ со насоки за ИКТ сигурност за сите институции, со особен аспект на заштита на приватноста на личните податоци на граѓаните. Истиот претставува спроведување на првата фаза од програмата ПГ 6.02 за е-сигурност од НСРИО.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Реализацијата на проектите за развој на информатичкото е помогната од страна на:

- ФИООМ (SOROS) - Портал за сите граѓани на Република Македонија, www.uslugi.gov.mk
- УСАИД - Услуга е-Набавки; Услуга на е-Оданочување; е-школо; Македонија се поврзува; Здравствени регистри и надзор врз лековите (e-gov IMPACT), е-ЦЕМТ(e-gov IMPACT), Одговорност преку транспарентност, e-Budgeting (e-gov IMPACT); e-Learning,
- донација на опрема од НР Кина за 200 училишта во рамки на проектот е-школо;
- НОРМАК проект - ICT handbook for professionalns
- ОСИ Будимпешта - Насоки за ИКТ сигурност

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Приоритет во градењето на институционалната рамка за развој во информатичкото општество е формирањето на Министерство за информатичко општество.

Улогата на Министерство за информатичко општество ќе биде дефинирање на политиката и нејзините приоритети, како и координирање на имплементацијата на НСРОАП и одделните проекти.

Министерството за информатичко општество ќе воспостави и развива партнерски однос меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор како основен предуслов за создавање и развој на информатичкото опшество во Република Македонија.

Посебен акцент врз имплементацијата на Националната Стратегија за развој на информатичко општество и Акциониот План, Министерството за информатичко опшество ќе стави врз изградбата на рбетна електронска комуникациска мрежа за поврзување на државните институции и тоа со силно партнерство со приватниот сектор.

Покрај другото, надлежности на Министерство за информатичко општество ќе бидат :

- Дефинирање на механизми за обезбедување и раководење со средства за финансирање на развојот на информатичкото општество;
- Евиденцијата, координацијата и следењето на имплементацијата на прифатените проекти за развој на информатичкото општество во Република Македонија;
- Координација и препораки за имплементација на информационите системи во државната управа во Република Македонија;
- Креирањето и водењето на централен регистар и евиденција на расположивиот хардвер, софтвер, телекомуникациона опрема и друга информатичка опрема и лиценци во рамките на државната управа;
- Креирањето и водењето на централна база на знаење достапна на секторите за информатика на државната управа;
- Пропишувањето на политики, препораки, насоки и други стратешки и оперативни документи на централно ниво;
- Предлозите за склучување на договори со стратешки партнери
- Пропишување на политика за оперативна обработка и архивирање на податоци и информации како јавно добро;
- Координирање на активностите кои се извршуваат од страна на секторите за информатика во органите на државната управа;
- Координирање, управување и развој на интегрирана безбедна владина мрежа за потребите на јавната администрација;
- Планирање, спроведување и развој на електронско-комуникациска мрежа за поврзување на сите јавни институции;
- Организирање на голем број на масовни обуки за граѓаните на Република Македонија со цел непосредно да се запознаат и директно да се вклучат во реализација на проекти како што се: Портал за сите граѓани на Република Македонија, е-Оданочување, е-Владеење, e-learning, Health registers, е-школо, Е-Маркет центар и слично;
- Грижа за подготвување и подигање на јавната свест и едукација за значењето на развојот на информатичкото општество и користењето на придобивките;
- Изработка на едукативни и промотивни материјали за користење на електронски услуги;

- Следење, иницирање и воведување на меѓународни стандарди во органите на државната управа во полето на информатиката и телекомуникациите, безбедносни аспекти и развојот на инфраструктурата;
- Воспоставување, развој и користење на државни и локални регистри и бази на податоци и нивно меѓусебно поврзување и размена на информации на безбеден начин;
- Развој на информатичката и телекомуникациската инфраструктура и технологија на органите на државната управа;
- Изработка, координирање и следење на реализацијата на плановите за континуирана едукација и усовршување на кадрите во секторите за информатика;
- Создавање и континуиран развој на образовен и научно истражувачки систем;
- Следење, евидентирање и остварување на технички и технолошка меѓународна соработка и склучување на меѓународни договори за соработка;
- Упатување на стручно усовршување во странство и користење на услугите на странски експерти;
- Стипендирање, специјализација и практично образование врз основа на меѓународни, државни и други спогодби;
- Врши други работи утврдени со закон.

***Други институции***

**Јакнење на капацитетите** на ИТ-секторот на Генералниот секретаријат на Владата и на ИТ-секторите во министерствата, органите на државна управа и на другите државни и јавни институции.

Во таа смисла, Генералниот секретаријат на Владата, секое министерство и државна институција треба да има ИТ-сектор[8], со согледување на предностите и недостатоците од ангажирање повеќе вработени во однос на извршувањето на задачите на договорна основа од страна на надворешни извршители. Конкретните надлежности на секој ИТ-сектор треба да се специфицираат со документите кои ги дефинираат функциите на секоја одделна институција, во согласност со Законот за информатичко општество.

**Формирање на ИТ сектор на локално ниво -** секоја општина во Република Македонија ќе треба да изработи програма за развој на информатичко општество на ниво на општината, како и да формира ИТ-сектор чие раководење ќе биде под ингеренциите на Советот на општината и/или градоначалникот. Во основа, ингеренциите на тие ИТ-сектори ќе се однесуваат на имплементирање на разнородни активности и проекти за развој на информатичко општество на ниво на општината. При тоа, тие сектори ќе треба да соработуваат меѓусебно и со Министерството за информатичко општество на Република Македонија.
За вршење на регулаторна функција веќе постојат одредени институции, а ќе се формираат и други, согласно потребите во одделни области.

**Организација на обука** за нововработените лица од Министерството за информатичко како и обуки за проект координаторите од министерствата и другите институции, носители на проекти и иницијативи според НСРИОАП. Темите на обуките кои треба да се спроведат се: Project management cycle; Project coordination and institutional cooperation; Fiscal Management; Risk Management.

Проекти со кои се реализира развојот на информатичкото општество (продолжување на тековни проекти и отпочнување нови)

Согласно Националната Стратегија за Информатичко Општество, на краткорочен период ќе се реализираат следните проекти:

- **Портал за сите граѓани на Република Македонија**, www.uslugi.gov.mk
  Со следните фази од овој проект се предвидува потполна двонасочна електронска комуникација и вршење трансакции помеѓу граѓаните и јавната администрација – краткорочна мерка
- **Услуга на е-Оданочување**
  Со следните фази од овој проект се предвидува понатамошна модернизација на начинот на спроведување на своите активности преку воведување на портал за електронси даночни услуги. Целта е да се зголеми ефикасноста и транспарентноста во работењето на Управата за јавни приходи. Понатамошниот развој на системот и проширување на истиот за средните и малите претпријатија е во тек.

- **е-Владеење во Република Македонија**
  Проектот воведува алатки за е-Владеење во локално ниво, преку воспоставување јавни точки на пристап за граѓаните на РМ.

[8] Обврска преземена со потпишувањето на Пактот за стабилност.

- **ИКТ поддршка на Општините на Република Македонија и одржлив развој**
  Локалната самоуправа преку ИКТ технологија работи во правец на зголемување на транспарентноста и одговорноста.
- **Граѓанско учество (е-локална самоуправа)**
  Со овој проект, организацијата Метаморфозис во соработка со УСАИД и Институтот Отворено Општество на Македонија, ги опремува општините со ИКТ солуции и консултации, со цел на зајакнување на односите помеѓу граѓаните и локалната самоуправа и мотивирање на граѓаните за поголемо учество во јавни расправи.
- **Физичка инфраструктура меѓу државните институции**
  После направената анализа на постојната ситуација и согледаните можните техничко-технолошки солуции, во тек е изборот на најпогоден начин на реализација на проектот преку кој ќе се поставува физичка инфраструктура помеѓу државните институции и пристап на Интернет.
- **МАРНЕТ**
  Продолжување на поврзувањето на МАРНЕТ со ГЕАНТ, како и меѓусебно поврзување на високо-образовните институции во државата преку проектите од ФП6.
- **ЕМИС**
  Проектот предвидува креирање на информационен систем за управување на образовниот систем.

- **Дигитални клубови за премостување на дигиталниот јаз**
  Целта на проектот на „Метаморфозис“ е премостување на дигиталниот јаз преку воспоставување на јавни точки за пристап до Интернет во руралните и ниско-развиените средини. Досега се отворени 12 ДК.

**Странска помош**
**Реализацијата на проектите за развој на информатичкото е помогната од страна на:**

- УСАИД **-** Услуга на е-Оданочување **,** Граѓанско учество (е-локална самоуправа;
- УНДП - е-Владеење во Република Македонија **(**Глобален Договор за Соработка помеѓу УНДП и Микрософт); ИКТ поддршка на Општините на Република Македонија и одржлив развој;
- Институтот Отворено Општество на Македонија (SOROS) **-** Граѓанско учество (е-локална самоуправа
- Грантот од Кралството Холандија – ЕМИС проектот

**ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО НАСОКА НА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШЕСТВО ВО РМ ЗА КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

Во 2007 и 2008 година, согласно Програмата на Владата ќе се реализираат следните проекти:

- Финансиска поддршка за создавање информатички кадар. Во буџетот за 2007 година се обезбедени средства за финансиска поддршка за 120 луѓе.
- Набавка на ефтини компјутери за училиштата и граѓаните (**продолжување на проектот е-школо)**
- Масовни обуки за работа со компјутери, Интернет и програми за канцелариско работење
- Воведување на задолжителен предмет информатика во основното образование и целосна компјутеризација на училиштата.
- Поврзување на сите гранични премини во централизиран информациски систем компатибилен со системот на ЕУ
- Реализација на интегриран медицински информатички систем и воведување на електронска здравствена картичка
- Компјутерски систем за следење на документите на судството
- Дигитализација на катастарот
- Стимулирање на безготовинското плаќање, е-трговија и е-банкарство
- Бесплатен интернет за сите граѓани во период од 4-6 месеци
- Имплементација на Национален Библиотечен Информациски Систем (Софтверот е веќе изработен преку финансирање на проект на Министерството за образование и наука)
- ДАРМ има изработено софтверски пакет кој е во употреба кај дел од државните институции, кој предвидува електронско водење на канцелариското и архивското работење

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Приоритети на среднорочен план се продолжување со усогласувањето на сите закони (постојни и нови) кои содржат одредби од областа на информатичко општество, како и измени и дополнувања на законите со коишто ќе се транспонираат новите директиви од областа на развој и изградба на информатичкото општество.

Се планира донесување на:

- Закон за е-криминал (Cyber Crime)
- Закон за електронска трговија и електронско банкарство
- Закон за далечинско образование

- Закон за условен пристап до услугите
- Усогласување на сите закони (постојни и нови) кои содржат одредби од областа на информатичко општество

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
На среднорочен план треба да се реализираат сите проекти (109) планирани според НСРИОАП. Исто така треба да се набави хардвер и софтвер, да се спроведат активности за имплементација и одржување на ИКТ системи. и да се продолжи со обуки и подигнување на професионалниот капацитет на вработените од Министерството за информатичко општество, и обуки за проект координаторите од министерствата и другите институции, носители на проекти и иницијативи според НСРИОАП.

## 3.10.3 АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА

***РАДИОДИФУЗИЈА***

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Областа на радиодифузијата во Република Македонија е уредена со новиот Закон за радиодифузната дејност (Службен весник на РМ бр. 100/05), Законот за основање на јавното претпријатие Македонска радиодифузија (Службен весник на РМ бр. 6/98-313), Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 13/05), Законот за авторско право и сродни права (Службен весник на РМ бр. 47/96, 3/98, 98/02 и 04/05), Законот за ратификација на Европската конвенција за прекугранична телевизија и Протоколот за измена на Европската конвенција за прекугранична телевизија (Службен весник на РМ бр.18/2003-59).

Во новиот Закон за радиодифузната дејност целосно се имплементирани одредбите на Директивата „Телевизија без граници“ на Европската унија, одредбите на Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа, како и декларациите и препораките на Советот на Европа со кои попрецизно се дефинираат европските стандарди и принципи во радиодифузијата.

Покрај постојните два (јавен радиодифузен сервис и комерцијален сектор), со законот се воведува можност за постоење и развој и на трет-непрофитен сектор, така што радиодифузна дејност со непрофитна цел можат да вршат и образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации.
Со одредбите од новиот закон се овозможува урамнотежување на два спротивставени принципа: плуралност на медиумската сопственост и слободно претприемништво во областа на електронските медиуми.

Согласно овој закон, Владата веќе не доделува концесии потребни за вршење радиодифузна дејност. Наместо тоа, Советот за радиодифузија ќе издава дозволи со што се постигнува согласност со Препораката 2000/23 на Советот на Европа со која на регулаторното тело треба да му се префрлат сите овластувања во регулирањето на радиодифузниот сектор вклучувајќи го и доделувањето дозволи.

Со Законот за радиодифузна дејност се обезбедува регулирање на сателитското емитување и реемитувањето на оригинални програмски сервиси преку кабел што ќе ја поттикне конкурентноста во радиодифузијата независно од расположливоста на природните ресурси (фреквенции).

Транспарентноста на постапката на доделување дозволи се зголемува и се овозможува контрола на јавноста и заинтересираните страни врз процесот на одлучување на Советот.

Програмските стандарди се развиени врз основа на препораките на Советот на Европа, Конвенцијата за прекугранична телевизија и Директивата „Телевизија без граници“. Во нив се инкорпорирани и одредбите за европските аудиовизуелни дела, кои се предуслов за зачувување на европскиот културен идентитет и за интегрирање на македонскиот радиодифузен пазар во единствениот европски радиодифузен пазар.

Исто така, одредбите за рекламирање и телешопинг целосно се усогласени со Конвенцијата за прекугранична телевизија и со Директивата „Телевизија без граници“.

Преносот на сигнали преку јавните комуникациски мрежи е регулиран со новиот Закон за електронските комуникации и тоа е во надлежност на Агенцијата за електронски комуникации.

Закон за радиодифузната дејност воспоставува врзана процедура во однос на регистрацијата на програмските сервиси што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи.

**Во Собраниска процедура се измени и дополнувања на Законот за радиодифузна дејност.**
Со измените и дополнувањата на законот, се предвидува во јавниот радиодифузен сервис - ЈП Македонска радиотелевизија да се воведе Работоводен орган составен од два извршни директора од кој еден ќе биде странски државјанин. Двата извршни директори ќе го користат "врзаниот потпис" како принцип на работа со што ќе се овозможи подобра ефикасност и сигурност во работата на јавниот радиодифузен сервис.

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Во тек е изготвување на Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија.
Формирана е Работна група составена од претставници на сите надлежни институции и отпочнат е процесот на консултации со сите релевантни субјекти во оваа дејност. Како главни приоритети и цели на стратегијата е спроведување на анализа на постојниот пазар и предвидување на темпото на технолошкиот развој во областа на радиодифузијата, телекомуникациите и информатичките технологии.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Согласно Законот за радиодифузната дејност, надзор над спроведувањето на законот во поглед на почитувањето на програмските принципи, програмските барања и ограничувања, како и условите во дозволата врши Советот за радиодифузија.

Советот за радиодифузија е независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузијата, утврдени во Законот за радиодифузна дејност. Советот за радиодифузија има својство на правно лице. Советот за радиодифузија при остварувањето на своите надлежности утврдени со овој закон, се грижи за обезбедување на слободата и плурализмот на изразувањето, за постоење на разновидни, независни и самостојни медиуми, економски и технолошки развој на дејноста и за заштита на интересите на граѓаните во радиодифузната дејност. Стручните и административните работи на Советот ги врши стручна служба која е формирана со Законот за радиодифузна дејност од 1997 година. Заклучно со 31 декември 2006 година, во стручната служба на Советот се вработени 24 лица во редовен работен однос на неопределено време. Освен тоа, согласно членот 30 став 3 од Законот за радиодифузната дејност, во редовен работен однос се и деветте членови на Советот, така што вкупниот број вработени изнесува 33 лица.

Согласно Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија се финансира во најголем дел од радиодифузната такса (4% од вкупните пробрани средства), а во помал дел од надоместоците за дозволи за вршење радиодифузна дејност.

Надзор над исполнувањето на условите за работа содржани во одобрението за користење на радиофреквенции, изградбата, одржувањето и употребата на мрежите и средствата за емитување и за пренос на програмите вршат Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за транспорт и врски.

Министерството за транспорт и врски е надлежен државен орган за креирање и реализирање на политиката поврзана со електронските комуникации, информатичкото општество и радиодифузијата.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

**Како приоритети на краток рок се утврдуваат:**

- Подготовка на Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации и информатичките технологии.
- Подготовка на нов Закон за електронски комуникации и нов Закон за радиодифузна дејност.

Националната стратегија за развој во областа на електронските комуникации и информатичките технологии ќе ги утврди стратешките насоки, активности и цели за создавање на амбиент за поддршка на дигиталната конвергенција помеѓу инфо-комуникациските технологии и електронските медиуми во Република Македонија, како услов за развој на информатичкото општество.

Со двата нови закона за електронски комуникации и радиодифузна дејност (кои треба Собранието на Република Македонија да ги донесе во 2007 година) покрај другото, ќе се обезбеди спојување на постојните регулаторни тела за електронски комуникации и радиодифузија т.е на Агенцијата за електронски комуникации и на Советот за радиодифузија, во едно ново регулаторно тело – Агенција за електронски комуникации и медиуми. Исто така, новиот Закон за радиодифузна дејност ќе воведе нов поефикасен начин на финансирање на јавниот радиодифузен сервис во Република Македонија.

**Во насока на целосна имплементација на Законот за радиодифузна дејност на краток рок се планира:**

- донесување на сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за радиодифузна дејност;

- усогласување на постојните договори за концесија со одредбите на Законот за радиодифузна дејност, односно премин од систем на концесии т во систем на дозволи;
- изработка на Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија.
- **воспоставување на нов систем** на мониторинг на исполнувањето на програмските обврски на радиодифузерите, систем на следење на медиумската концентрација, процедура на постапување во случаите кога ексклузивните права за пренесување настани од големо значење се користат спротивно на одредбите од член 78 од Законот и процедура на постапување по поплаки од гледачи и слушатели.
- **организација на работилници** со радиодифузерите на кои, низ практични примери, ќе се разговара за одредбите од Законот и од сите усвоени подзаконски акти.
- **спроведување на широка кампања** во делот на одредбите за заштита на малолетната публика, наменета за граѓаните со цел да се промовира и објасни моделот на сигнализација на програмите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Кадровско зајакнување на Советот за радиодифузија -** Со оглед на новата поставеност на регулаторното тело и зголемените надлежности, вкупниот број вработени во Советот се планира да се зголеми на 43 лица, вклучувајќи ги и деветте членови на Советот, кои се во редовен работен однос. Од вкупниот број, во 2007 година, бројот на вработените во стручната служба се планира да се зголеми за 4 лица.

**Организација на обука** за постојните и за новите вработени, во текот на 2007 година се планира да се реализираат обуки со цел да се обезбеди ефикасна имплементација на Законот, особено во поглед на прашањата за кои во Македонија нема доволно искуство: примена на одредбите за медиумска концентрација, изработка на Стратегијата за развој на радиодифузијата, воспоставување процедури за постапување по поплаки од гледачи и слушатели и др.).

**Набавка на опрема -** За новите членови на Советот и за стручната служба, исто така, неопходно е да се набави и инсталира нова ИКТ опрема, со цел да се зголеми ефикасноста на внатрешната организација и работење на Советот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Натамошно у**согласување на Законот за радиодифузна дејност со ревидираните директиви на Европската Унија**
**Целосна имплементација** на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

унапредување на регулирањето на прашањата од радидифузната област, кадровското зајакнување и целосната имплементација ќе се обезбедат со формирањето на новото регулаторно тело за чија ефикасност и формирање образложение е дадено во делот за електронски комуникации.

***ФИЛМСКИ ФОНД***

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Филмската дејност, кинотечната дејност како и областа на заштитата на авторското право и сродните права, согласно Законот за културата, ("Службен весник на РМ" бр.66/03-Пречистен текст), Законот за основање на Кинотеката на СРМ ("Службен весник на СРМ"бр.20/74), Законот за задолжителниот примерок ("Службен весник на РМ"бр. 11/94) и Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на РМ"бр. 47/96, 3/98, 98/02 и 4/05) спаѓаат во надлежност на Министерството за култура.

Согласно Законот за културата, филмската дејност, е дејност за продукција на кинематографски, телевизиски и видео филм и друго аудиовизуелно дело или друго уметничко дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без тон, без оглед на видот на носачот што ги содржи. Како филмска дејност согласно прописите од култура се смета и кинотечната дејност, како дејност за заштита и користење на движното културно наследство. Со Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на РМ" бр.20/04) е утврден нов вид на движно културно наследство-фонотечни добра, како изворен материјал на снимени звуци односно оригинални орални, музички или друг вид звучни записи или нивни копии, без оглед на формата, техниката на звучното запишување и видот на медиумот, вклучувајќи го и задолжителниот примерок на фонограм.

Република Македонија на 01.07.2003 година пристапи кон Европската Конвенција за кинематографија ("Службен весник на РМ" бр.18/03) од каде произлегуваат и обврските на Република Македонија кон Европскиот фонд за копродукции, дистрибуција и кинoприкажување EUROIMAGES.
Република Македонија воедно е членка и на Европската Аудиовизуелна опсерваторија (European Audiovisual Observatory), и на SEECN (Sauth East European Cinema Network)-Филмска мрежа на Југоисточна Европа чие седиште е во Солун, Р. Грција.

Со Законот за културата е утврдена можноста за основање фондови за културата како национални установи, а согласно Националната програма за културата за периодот од 2004-2008 година е утврдена потребата од донесување на Закон за основање на Филмски фонд.
Во 2006 беше донесен Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр.70/2006) со кој е извршено усогласување со Европската конвенција за копродукција во кинематографијата. Законот за Филмскиот фонд беше усвоен со одложена примена од 1.01.2007 година.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
Стратешки документ за аудиовизуелната политика претставува Националната програма за културата во периодот од 2004 година до 2008 година ("Службен весник на РМ" бр. 31/04

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Министерството за култура, аудиовизуелната политика е регулирана во два сектора: *Сектор за правни и општи работи и Сектор за дејностите од областа на културата, уметноста и културното наследство со 13 одделенија, од* **Одделението за филмска дејност** ги врши работите што се однесуваат на филмското творештво и тоа- изработка на студии, анализи, елаборати и програми, се следат, проучуваат и истражуваат состојбите во дејностите, се програмира и се следи остварувањето на Годишната програма за финансирање на националниот интерес во филмската дејност, учество во предлагање на активности од домен на меѓународната културна соработка (Види Поглавје 26).
Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски„-Скопје е надлежна за вршење на работи на евидентирање, документирање, валоризација, категоризација, негување и други облици на стручна заштита на фонотечните добра.
Кинотеката на РМ е основана 1974 година, а со работа започнува 1976 година со основна дејност -што опфаќа истражување, заштита, чување, обработка и јавно презентирање на филмови и филмски материјали од националното филмско производство, но и од светските кинематографии. Кинотечните добра се посебен вид движно културно наследство, утврден со Законот за заштита на културното наследство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Унапредување на правата рамка** преку донесување Правилник за утврдување на критериуми за финансирање на проекти и елементи што треба да бидат содржани во проектите врз основа на Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на РМ " бр.70/06).

**Подготовка за учество во Програмата на Европската Унија- MEDIA 2007,**. Министерството за култура ќе создаде услови за учество во проекти за развој на производството, дистрибуција на филмски и аудиовизуелни програми, промоција на филмски дела и аудиовизуелни програми.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Основање на Филмскиот фонд - ќе се основа и ќе работи како национална установа од областа на културата, единка корисник на Буџетот на РМ. Покрај со буџетски средства ќе се финансира и од други алтернативни извори на средства. Со основање на Фондот ќе се создадат услови за континуирано обезбедување на средствата за финансирање на филмската дејност преку филмски проекти како и за унапредување поттикнување, презентирање и грижа за филмското творештво. Кадровско екипирање на Националната установа- Филмски фонд на РМ - реализацијата на оваа цел е предвидена преку 5 вработувања со превземање во 2007 година.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 04001: Влада на РМ | НОВА: Министерство за информатичко општество | 0 | 6 | 7 | 7 | 5 | 25 |
| | ВРМ: Сите министерства (ИТ кадар) | 0 | 15 | 15 | 20 | 20 | 70 |
| 04001: Влада на РМ Вкупно | | 0 | 21 | 22 | 27 | 25 | 95 |
| 05004: ЦУК Центар за управување со кризи | ЦУК: Центар за управување со кризи/ Служба за итни повици (единствен број) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 05004: ЦУК Центар за управување со кризи Вкупно | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13001: Министерство за транспорт и врски | МТВ: Сектор за комуникации | 6 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| 13001: Министерство за транспорт и врски Вкупно | | 6 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18001: Министерство за култура | НОВА: ФФ Филмски Фонд | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18001: Министерство за култура Вкупно | | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| АЕК: Агенција за електронски комуникации | АЕК: Сектор за телекомуникации, Сектор за радиокомуникации | 95 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| АЕК: Агенција за електронски комуникации Вкупно | | 95 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **102** | **22** | **23** | **27** | **25** | **97** |

# 3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## 3.11.1 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Земјоделството и руралниот развој во Република Македонија имаат значајна улога во севкупните општествено економски движења. Во периодот кој следи, предвидени се интензивни активности , како во смисла на апроксимирање на европското законодавство, така и во делот на институционалната надградба и создавање на нови институции во оваа област. Со донесувањето на Законот за земјоделство и рурален развој кој се очекува да биде усвоен во 2007година како највисок правен акт во земјоделството, ќе се добие појдовна основа на реформите и фундамент на развојот не само на секторот, туку и на македонската економија во целина. Основните принципи на Законот се планирањето на развојот на земјоделството и развојот на руралните подрачја, мерките на земјоделската политика и носителите на право на користењето на тие мерки, минимум квалитет и ознаки на земјоделските производи, формирање на бази на податоци и надзор врз неговото спроведување.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во моментов не постои системски правен акт за хоризонтално регулирање на земјоделскиот сектор и руралниот развој. Определени области од секторот земјоделство се регулирани со следниве правни акти:

- Закон за вино („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/2004)
- Закон за сточарство („Службен весник на Република Македонија" бр.61/97)
- Закон за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/98)
- Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.18/99; 2/2004)
- Закон за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр.24/06)
- Закон за вршење земјоделска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/02)
- Закон за основање агенција за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија" бр.03/98)
- Закон за земјоделска инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04)
- Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04)
- Закон за пасишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/98)
- Закон за берзи на земјоделско-прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/92)

Управувањето и контролата на буџетските средства наменети за поттикнување на развојот на земјоделството е регулирано со следниве правни акти:

- Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000)
- Закон за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/92, 32/92, 83/92, 78/93, 14/96
- Закон за буџет („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93)
- Закон за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 73/2004)
- Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2005)
- Закон за финансиско работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/1993 и 32/1997)
- Закон за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2000)
- Закон за банки („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2000, 103/2000, 37/2002, 51/2003 и 85/2003)

Поддршката во руралните средини се спроведува согласно парцијалните програми имплементирани според следниве закони:

- Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството за реализација на Проектот за рурален развој на јужните и источните региони („Службен весник на Република Македонија" бр.7/97 и 45/97).
- Одлуката за прибирање и користење на средства од економската помош од странство за развој на земјоделството во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 1/98).
- Закон за поттикнување на развој во земјоделството („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/92, 78/93, 14/96).
- Закон за основање на агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/98).
- Закон за здружение на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98).
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/98 и 19/2000);

- Закон за водните заедници („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2003);
- Закон за водостопанствата („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/2003);
- Закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/94 и 39/99);
- Одлука за утврдување на стопански недоволно развиените подрачја во периодот од 2003 до 2007 година- („Службен весник на Република Македонија" бр. 28 /03 и 2/04).
- Закон за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97, 7/2000 и 89/2004);
- Закон за ловството („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/96, 26/96, 34/97 и 69/04);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04);

МЗШВ изработи Предлог Закон за основање на Управа за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој кој е во фаза на донесување од страна на Собранието на РМ. Со овој закон ќе се регулира воспоставувањето на институционална форма за управување со ЕУ фондовите наменети за земјоделство и рурален развој

Иако во моментов интегриран правен акт за воспоставување на интегрирани системи за прибирање на податоци и управување со регистри и бази на податоци како поддршка при креирање и имплементација на земјоделската политика не постои, сепак ова моементално е регулирано со општа правна рамка со која е регулирана областа за прибирање на податоци и информации и поставување и управување со бази на податоци и е регулирана со следниве правни акти:

- Закон за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2004).
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ *бр.12/94, 4/02 и 07/05* усогласен со следниве акти на ЕУ: 32001R0045 на Европскиот Парламент и Советот за заштита на индивидуи во поглед на преработка на лични податоци од институциите на Заедницата и телата и за слободно движење на тие податоци (OJ L 8, 12.01.2001);. 32002R0831 за примена на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 322/97 за статистика на Заедницата, во врска со пристап до доверливи податоци за научни цели (OJ L 133, 18.05.2002).
- Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2001; 6/2002).
- Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/97). усогласен во поглед на заштитата на податоците со. 31997R0322 (OJ: L052 of 22/02/97 Акт на Заедницата за Статистика) ; Советот на Европа, Конвенција 108, (81) за заштита на индивидуи во однос на автоматска обработка на лични податоци; Директива 95/46/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот од 24 октомври 1995 за заштита на индивидуи при обработка на лични податоци и на слободно движење на личните податоци (OJ на Европските Заедници бр. L 281/31); Совет на Европа, Препорака бр. R(97) 18.
- Закон за трговските друштва(„Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04)
- Закон за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на Република Македонија" бр.27/86, 17/91).

Тековно законодавство кое го регулира делот на водење регистри за разни потреби во земјоделскиот сектор се сите закони кои регулираат одредени области на земјоделскиот сектор, а наведени погоре. Покрај тоа, постоечки правни акти кои го регулираат делот за поставување на регистри во земјоделството се следниве:

- Закон за идентификација и регистрација на животните(„Службен весник на Република Македонија" бр. 69/2004)
- Законот за заштита на растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/98,6/00) и Закон за здравје на растенија (Службен весник на РМ бр. 29/2005)
- Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2006), и
- Закон за виното (Службен весник на Република Македонија бр. 69/2004).

Следниве стратешки документи ја дефинираат политиката за развој на земјоделскиот сектор и рурален развој:

- Национална Стратегија за Интеграција на Република Македонија во Европската Унија, План за Прилагодување на Законодавството (НППЗ), Економски и Социјален Дел, оддел 3.6.14 Земјоделство.
- Стратешки план на МЗШВ 2007-2009, и
- Програма за работа на Владата на РМ 2006-2010.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со сите свои сектори, управи и инспекторати е надлежно за подготовка на правните акти од областа на земјоделството и руралниот развој.

Со објавување на Одлуката на Владата на РМ од (Службен весник на РМ бр. 05/2006), МЗШВ е назначено за управувачко тело за рурален развој во Република Македонија.

Во моментов во РМ не постои институција која може да ги реализира ЕУ фондовите наменети за развој на земјоделството и руралните средини во пред-пристапниот период. Со Одлука на Владата на РМ, МЗШВ е задолжено да достави предлог закон за основање на Платежна Агенција. Во склоп на активностите за формирање на Платежна Агенција, во 2006 година беа вработени 22 лица при Секретаријатот за европски прашања, кои веднаш по основањето на Агенцијата ќе преминат во истата. За овие лица се обезбедија и соодветни канцеларии и основна опрема за работа. Покрај тоа, нововработените лица и вработените при Секторот за финансиска поддршка и рурален развој при МЗШВ и претставници од Националниот фонд во рамките на Министерството за финансии во 2006 година со поддршка на СЛР проектот реализираа повеќе обуки во врска со ИПАРД и ИПАРД Програмирање, искуства на други земји во однос на САПАРД Програмата, управување со проектен циклус и реализација и следење на проекти, основи за изработка на инвестициони програми, управување со документи и анализа на ризици и известување за неправилности.-

Парцијалните програми за развој на руралните средини се спроведуваат преку Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање и други државни институции.
Во насока на руралниот развој во 2006 година МЗШВ започна со реализација на нова програма за рурален развој за која се доделени 734.000 евра наменети за инвестиции во земјоделска механизација и опрема за физички и правни лица.

Заради неопходноста од вклучување на препораките од ЕК и реалните потреби за поддршка на земјоделската политика во процесот на прилагодувањето кон ЗЗП на ЕУ, а во врска со воспоставување на интегриран земјоделски информативен систем (ЗИС), во рамките на МЗШВ е формиран Сектор за анализа на земјоделска политика и земјоделски информативен систем (САЗПЗИС) со 3 одделенија. Овој Сектор ги опфаќа следниве елементи: анализа на земјоделска политика, интегриран систем за податоци за земјоделски стопанства (дата бази и регистри) вклучувајќи ги сите елементи на ЗИС-Систем на мониторинг на фарма/Мрежа на сметководствени податоци на фарма (ФМС/ФАДН), пазарен информативен систем за земјоделско-прехранбени производи, земјоделски статистики и економски сметки за земјоделство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на подобра реализација и управување со општите мерки за развој на земјоделството, предвидено е да се реализираат следниве активности:

**Донесување на Закон за земјоделство и рурален развој**

Во тек е подготовка на Закон за земјоделство и рурален развој, чие донесување е предвидено во 2007 година. Законот претставува системски правен акт на овој сектор, кој создава правна рамка за спроведување на сите реформи во политиката и институциите во земјоделско-прехранбениот сектор и руралните подрачја. Основните принципи на Законот се планирањето на развојот на земјоделството и развојот на руралните подрачја, мерките на земјоделската политика и носителите на право на користењето на тие мерки, минимум квалитет и ознаки на земјоделските производи, формирање на бази на податоци и надзор врз неговото спроведување. Законот за земјоделство и рурален развој, ќе биде усогласен со одредбите на Советот на ЕЕЗ: Регулатива бр. 26 со која се применуваат одредени правила при конкуренцијата во производството и трговијата со земјоделски производи (OJ 030 20.04.1962 п. 993) и делумно ќе биде усогласен со ЕУ правните акти во следниве области:

- Формирање на советодавни и стручни тела за поддршка на земјоделска политика;
- Уредување на пазари на одредени земјоделски и прехранбени производи;
- Систем  на непосредна поддршка на земјоделските производители;
- Заштита на географски ознаки, потекло и традиционални обележја на земјоделски и прехранбени производи;
- Политика за поддршка на рурален развој;
- Поддршка на научно-истражувачки проекти од областа на земјоделството;
- Земјоделски Информативен Систем (ЗИС);

**Донесување на подзаконски акти за Законот за земјоделство и рурален развој**

Со цел за операционализација на законот за земјоделство и рурален развој се очекува донесување на поголем број (над 200) подзаконски акти. До крајот на 2007 г. предвидено е донесување на  подзаконски акти во следните области:

- Формирање на советодавни и стручни тела;
- Поддршка на научно-истражувачки проекти од областа на земјоделството;
- Географски ознаки и наименувања на потекло на земјоделско-прехрамбени производи и ознаки за традиционална посебност;
- Интегрално земјоделско производство.

**Донесување на Национална Стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013**

Во тек е подготовка и на Националната Стратегија за развој на земјоделство и рурален развој со придружни оперативни планови за нејзино имплементирање (Акционен план за развој на земјоделството и Акционен план за рурален развој). Истите ќе бидат усвоени кон средината на 2007 година. Целта на стратегијата е дефинирање на политика за развој и зголемување на конкурентноста на земјоделството и руралните средини и нивно усогласување со Заедничката Земјоделска Политика (ЗЗП) на ЕУ.

Во насока на усогласување на законската регулатива и подобрување на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во РМ ќе се реализираат следниве активности:

**Подготовка на програма за поддршка на воведувањето на системи за сертификација и регистрација**
Како интегрален дел од програмата за потикнување на развојот на земјоделството, во тек е изработка на програма за поддршка на воведувањето на системи за сертификација, (HACCP, EUREP GAP и др.) како и за воведување на стандарди за квалитет на таргетирани производи со висок извозен потенцијал.

**Воведување на Кодекс на добра земјоделска пракса**
Кодексот на добра земјоделска пракса ќе им даде практични насоки и информации на земјодексите производители и преработувачи, како и на сите други вклучени страни во земјоделските активности. Тој ќе ги опише главните практики на управување со процесот на одржливо земјоделско производство кои треба да бидат усвоени за да се минимизира ризикот од штетното влијание на земјоделското производство врз животната средина.

Во насока на реализација на националната програма за рурален развој и особено во насока на искористување на средствата од претпристапната помош на ЕУ наменети за земјоделство и рурален развој ќе се реализираат следниве активности:

**Донесување на подзаконски акти за мерките за рурален развој**
Со донесување на овие акти ќе се регулираат критериумите за користење на финансиска поддршка согласно политиките и мерките утврдени во Стратегијата за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата.

**Изготвување на ИПАРД Програмата**
Подготовка на програма за предпристапна помош за земјоделство и руралниот развој во РМ. Овој документ ќе ги опише предвидените мерки и активности во областа на земјоделството и руралниот развој кои треба да станат предмет на финансиската поддршка и истите да ги оправда, со детално образложение за предвидените мерки со цел да се осигура ефективно и ефикасно користење на ЕУ фондовите. Програмата ќе се изготви во форма на правен акт во кој ќе биде наведено и национално кофинансирање во форма на финансиски аранжмани – помеѓу Европската Комисија и Р. Македонија. ИПАРД Програмата ќе содржи: Прелиминарна проценка; Анализа на секторот; Национален стратегија за развој на земјоделството и руралните средини; Известување за законодавството на кое се базира ИПАРД Програмата; Опис на вклучените институции; Опис на избраните мерки за поддршка; Финансиска табела (табели) / детали за распределба на фондовите по мерки по години, стапки на поддршка и стапки на кофинансирање; како и детали за спроведување на Програмата и аранжмани за мониторинг и проценка.

**Склучување на Повеќегодишен финансиски договор**
Овој Договор ќе ги регулира сите правни, технички и административни рамки за спроведувањето на ИПАРД Програмата.

**Донесување на Закон за основање на Управа за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој**
Основен услов за користење на средства од претпристапните фондови на ЕУ и реализација на мерките за поддршка на земјоделството од Буџетот на РМ е формирање на институција за спроведување на мерките за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Агенцијата, како орган во состав на МЗШВ ќе ја спроведува политиката и мерките на Владата на РМ и ќе биде надлежна да управува со ЕУ фондовите наменети за развој на земјоделството и руралните средини во претпристапниот период и буџетските средства за развој на земјоделството и рурален развој.

**Донесување на подзаконски акти за Закон за основање на Управ за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој**
За остварување на горенаведените цели ќе бидат изготвени следниве подзаконски акти за работа на Платежната Агенција:
- Правилници за спроведување на мерките за рурален развој дефинирани согласно Стратегијата за земјоделство и рурален развој;
- Процедури за административни и сметководствени постапки;

За целите за воспоставување на интегриран систем за проток и размена на севкупните информации од областа, во овој период ќе се реализираат следниве активности:

**Изготвување на стратешки документ за воспоставување на интегриран ИТ систем на МЗШВ**
Целта на овој документ е да се направи стратешка платформа за ИТ, хардверски и софтверски решенија со кои ќе се воспостави интегрален систем кој ќе ги поврзе различните постоечки бази на податоци и регистри, како и оние кои во моментов се во фаза на формирање.

**Изготвување на Стратегија и оперативен план за развој на одржлив и ефикасен ЗИС**
Изработка на стратегија и оперативен план за развој на одржлив и ефикасен Земјоделски Информативен Систем вклучително моделирање на податоци, дефинирање на стандарди и формати за размена, процедури за контрола на квалитет и севкупна стратегија за примена на информации и комуникација; развивање на пазарен информативен систем за земјоделско-прехранбени производи и формирање на Национален Комитет за ЗИС.

**Земјоделски попис**
Република Македонија не располага со релевантни и меѓународно споредливи податоци за земјоделството, а пред сé за индивидуалните земјоделски стопанства. Со Пописот ќе се обезбедат релевантни, целосни, меѓународно споредливи податоци за структурата на земјоделските стопанства во земјата, неопходни за анализа на состојбите и идните планирања на развојот на земјоделството во државата, научни истражувања и задоволување на потребите на други корисници.

**Донесување на закон за сметководство на фарма**
За потребите за воведување на Мрежа на сметководствени податоци за фарма (ФАДН) и земајќи ги во предвид карактеристиките на земјоделската активност во РМ, ќе се донесе правен акт кој ќе ја регулира областа.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во насока на зајакнување на административниот капацитет за подобра реализација и управување со општите мерки за развој на земјоделството, предвидено е да се реализираат следниве активности:

**Донесување на нова систематизација на МЗШВ и зајакнување и реорганизација на административниот капацитет**
Надградбата на капацитетот на администрацијата во областа на земјоделството ќе овозможи целосна подготовка за спроведување и практична примена на механизмите за управување на Заедничката Земјоделска Политика (ЗЗП) и реализација на инструментите на ЕУ за рурален развој. Со новата систематизација на МЗШВ се предвидува формирање на нови одделенија за човечки ресурси, планирање и управување со проекти, сектор за земјишна политика и пасишта и др. По формирањето на одделението за човечки ресурси ќе се изврши проценка на состојбата со постоечките човечки капацитети и според идентификуваните потреби ќе се направи план за обука на постоечките вработени како и за новите вработени во новоформираните организациони единици. Исто така, се предвидува и реструктуирање на подрачните единици на МЗШВ на регионален принцип и редефинирање на нивните надлежности.

**Формирање на Агро-прехрамбен совет за развој на приватниот и јавен дијалог**
Агро-прехрамбениот совет за развој ќе обезбеди ефикасна рамка за развивање на дијалог помеѓу јавниот и приватниот сектор по однос на разните секторски потреби и ќе им овозможи на групациите на индивидуални производители и преработувачи на земјоделски производи да влијаат на процесот на формулирање на политиката во земјоделскиот сектор.

Од аспект на руралниот развој и особено во насока на искористување на средствата од пред-пристапната помош на ЕУ предвидени се следниве активности:

**Формирање на Меѓуресорска група за рурален развој**
Заради координација, одржливост и сеопфатност на руралниот развој во РМ, на предлог на МЗШВ од страна на Владата на РМ ќе биде формирана Меѓуресорската група за рурален развој, како највисоко тело за формулирање на интегрирана национална политика за рурален развој.

**Формирање на Комитет за мониторинг на ИПАРД Програмата**
За целите за обезбедување на ефикасно и ефективно следење и контрола на реализацијата на ИПАРД програмата, како и за обезбедување на насоки за подобрување на ефикасноста и ефективноста на програмата, по усвојувањето на ИПАРД програмата ќе се формира Комитет за мониторинг на ИПАРД Програмата од претставници на релевантни институции и тела, како и од претставници на соодветни економски и социјални партнери.

**Зајакнување на административен капацитет во Сектор за рурален развој**
Кадровско зајакнување на Секторот за рурален развој за потребите за координација со останатите учесници во проблематиката и утврдување на критериумите за користење на стредствата од ИПАРД Програмата и националните шеми за поддршка.

**Зајакнување на административен капацитет при ПА**
По усвојување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и усвојувањето на соодветната систематизацијата, моментално вработените лица во МЗШВ, лицата вработени во текот на 2006 година, како и нововработените лица од 2007 година, предвидени за работа во Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, ќе продолжат да ги следат обуките (преку семинари, работилници, обуки на работно место, студиски посети итн) со цел целосна изработка на пишаните процедури потребни за донесување на актот за акредитација од страна на ЕК, како и спроведување на моменталните програми за рурален развој и програмата за

поттикнување на развојот на земјоделството. При тоа секако неопходно е и обезбедување на соодветни технички и сигурносни стандарди за работа - компјутерска опрема, софтвер, канцелариска опрема, противпожарна заштита и др.

Во насока на зајакнување на капацитетот за управување и реализација на мерките и активностите во однос на информативниот систем во земјоделството, ќе се реализираат следниве активности:

**Основање на Национален Комитет за ЗИС**
Заради обезбедување на координација на институциите и конзистентност на податоците кои се прибираат и обработуваат од областа на земјоделството, предвидено е формирање на интеринституционално тело - Национален Комитет за ЗИС.

**Кадровско зајакнување на Секторот за анализа на земјоделска политика и земјоделски информативен систем**
Доекипирање на Секторот за анализа на земјоделска политика и земјоделски информативен систем, како институција надлежна за формулирање, координација и спроведување на политиката за развој и управување со информативните системи во областа на земјоделството.

**Воспоставување на единствен Регистер на фарми**
Согласно резултатите од Земјоделскиот попис и со дополнување и интегрирање на различните регистри врз основа на стандардизирани процедури и методологии за управување, пристап и размена на податоци поддржани со соодветен софтверски и хардверски капацитет, ќе се формира единствен Регистер на фарми во РМ.

**Воспоставување на регистар на земјоделско земјиште**
Како појдовна основа во воспоставувањето на целосен LPIS, со дигитализација на податоците од катастарот од Државниот завод за геодетски работи (ДЗГР) ќе се формира Регистер на земјоделското земјиште.

**Мониторинг систем за фарми**
Со цел да се одржи постоечкиот ФМС и да се дефинираат насоките за развој и подобрување на Системот за да премине во Мрежа на сметководствени податоци за фарма (ФАДН) согласно ЕУ, ќе се изготви Проектна документација за воспоставување на мрежа на сметководствени податоци од фарма (ФАДН).

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

**Подзаконски акти согласно Законот за земјоделство и рурален развој**
Во овој период е предвидено донесување на подзаконски акти од Законот за земјоделство и рурален развој во повеќе области. Имено, се предвидува донесување на следниве подзаконски акти:

- Подзаконски акти за непосредни исплати,
- Подзаконски акти за интервенција на пазар со земјоделски и прехрамбени производи,
- Подзаконски акти за спроведување на мерките за развој на рурални средини, и
- Подзаконски акти во врска со ЗИС.

**Акт за Акредитација на Платежната Агенција од Европската Комисија**
Се предвидува во 2008 да се добие акредитација и пренесување на надлежност за управување и искористување на претпристапната поддршка за замјоделство и рурален развој за предвидените мерки.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Заради успешна реализација на Законот за земјоделство и рурален развој, за постоечките и новоформираните институции, покрај моменталниот кадровски потенцијал, потребни се нови вработувања на соодветен кадар. Покрај тоа, неопходно е опремување со соодветна ИТ технологија, професионална надградба на персоналот, дополнителни обуки и ангажман на локални и странски експерти. Од тие причини, во овој период предвидено е зајакнување на административниот капацитет на повеќе нивоа.

Од аспект на реализација на мерките за подршка на земјоделството и руралниот развој, предвидено е да се реализираат следниве активности:

**Зајакнување и доекипирање на Сектор за рурален развој**
Доекипирање на Сектор за Рурален Развој како институција надлежна за формулирање, координација и спроведување на политиката за развој на рурални средини.

**Зајакнување на капацитетот на новоформираната Платежна Агенција**

Согласно предвидените надлежности на Агенцијата за извршување на мерките од националните програми за поддршка, развојот на соодветни механизми за прифаќање на претпристапните фондови на ЕУ, како и останатите придружни активности во поглед на: регистрација на апликациите; одобрување на барањата; авторизација на плаќањата; извршување на плаќањата; сметководство и внатрешна ревизија; систем на проверки и контроли / инспекции на самото место и подготовка на извештаи за работа, постои низа на дополнителни мерки кои треба да се спроведат на среден рок кои се поврзани со ИПАРД менаџментот и ИПАРД Агенцијата, а детално ќе се утврдат по донесувањето на ИПАРД Програмата. Покрај тоа, за потребите на водење на земјоделска политика и уредување на пазарот со земјоделско-прехранбени производи, неопходно е да се зајакне капацитетот во однос на интервенции на пазарот, складирање и чување на стоки, продажба на стоки во случаи утврдени со закон и сл. Конечно, имајќи го предвид предвидениот обем на активности на Агенцијата на среден рок, како надоградба на краткорочните приоритети, ќе биде потребно да се обезбедат и дополнителни технички и сигурносни услови за работа.

За остварување на истите цели, но во насока на воспоставување на потребниот административен капацитет за управување и реализација на мерките и активностите во земјоделството и руралниот развој, предвидени се следниве активности:

**Воспоставување на Земјоделски пазарен информативен систем (ЗПИС)**

За потребите за водење на пазарно-ценовна политика и следење на движењата на пазарите на земјоделските и прехранбени производи, предвидено е воспоставување на земјоделски пазарен информативен систем.

**Кадровско зајакнување на Секторот за анализа на земјоделска политика и земјоделски информативен систем**

Доекипирање на Секторот за анализа на земјоделска политика и земјоделски информативен систем, како институција надлежна за формулирање, координација и спроведување на политиката за развој и управување со информативните системи во областа на земјоделството.

**Систем за идентификација на парцели на земјоделско земјиште (LPIS)**

Воспоставување на систем за идентификација на парцели на земјоделско земјиште (LPIS) согласно 32003R1782 и 32004R0795 со цел  да се евидентира употребата на земјишни парцели.

**Интегриран административен контролен систем (IACS)**

Воспоставување на Интегрирана административен контролен систем (IACS) согласно 32003R1782 и. 32004R0795 со цел ефикасно спроведување на мерките за поддршка на земјоделството. За таа цел во согласност со моделирање на податоци, дефинирање на стандарди и формати за размена, процедури за контрола на квалитет на податоци и севкупна стратегија за примена на информации и комуникација, се воспоставува Компјутерска база на податоци од постоечки регистри во единствен регистар на фарми (вклучително алфанумеричка идентификација на земјоделски парцели согласно регистарот за земјишни парцели и Систем на идентификација и регистрација на животни). Исто така ИАКС ќе ги опфати следниве системи како дел од активностите за финансиска поддршка на земјоделските производители: Систем за идентификација и регистрација на дознаки за исплата, Апликации за финансиска поддршка, интегриран систем за контрола, и единствен систем за евиденција на идентитетот на секој фармер кој поднесува апликација за поддршка.

**Воспоставање на национална Мрежа на сметководствени податоци од фарма**

Воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци за приходи и деловни операции на земјоделски стопанства во РМ , согласно. 31965R0079 заради неопходноста за поддршка на земјоделската политика во процесот на прилагодувањето кон ЗЗП на ЕУ.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

За спроведување на дел од претходно наведените реформи и активности, МЗШВ добива техничка поддршка обезбедена преку следниве Проектот за воведување на ЕУ Директиви во македонската земјоделска политика и поддршка на соработката во земјоделско-прехранбениот сектор со земјите од регионот, финансиран од Германската Влада и Проект за структурни и правни реформи на МЗШВ, финансиран од ЕУ, раководен од ЕАР.

Покрај проектите кои се во фаза на реализација, предвидено е во овој период да се реализираат и дополнителни проекти финансирани од повеќе меѓународни финансиски институции - Светска Банка, Меѓународен фонд за земјоделски развој – ИФАД, и ЕУ.

## 3.11.2 СТОЧАРСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Областа на сточарството во Република Македонија во моментов е регулирана со Законот за сточарство ("Службен весник на РМ" бр. 61/97), со кој се уредува одгледувањето и прометот на говеда, овци, кози, свињи, коњи, живина, куникули и

други животни од стопанско значење, добивањето на добиточни производи, добивањето и прометот на семе и ембриони, производството и прометот на добиточна храна и други прашања од областа на сточарството. Во Законот се дефинирани и овластувањата на правните лица по однос на водењето на матичното книговодство, селекцијата и мониторингот во сточарството, како и по однос на овластувањата за добивање и промет на семе и ембриони. Областа на сточарството покрај Законот за сточарство е регулирана и со следниве правни акти:

- Закон за ветеринарно здравство (“Службен весник на РМ” бр. 28/98);
- Закон за идентификација и регистрација на животните (“Службен весник на РМ” бр.69/04);

Стратешки документ кој ја дефинира политиката и насоките за развој на подрачјето е Националната одгледувачка програма за сточарство во РМ за период од 2000 до 2009 година ("Службен весник на РМ" бр. 17/2000).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Секторот за земјоделство е надлежен за изготвување, предлагање и спроведување на законската регулатива, како и за управни и стручни прашања од областа на сточарството.

Имплементацијата на актите од областа на сточарството е во надлежност на Одделението за сточарство (Секторот за земјоделство) со еден (1) вработен. Покрај Одделението за сточарство непосредно одговорен за надзорот над спроведувањето на одредбите од Законот за сточарството е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во состав на инспекторатот постои сектор за инспекциски надзор од областа на поледелството, сточарството, рибарството и земјишната политика со вкупно вработени дваесет и четири (24) лица, од кои еден раководител на сектор, пет (5) раководители на регионални одделенија и осумнаесет (18) државни инспектори во шест (6) регионални одделенија на секторот. За водењето на матичното книговодство, селекцијата и мониторингот во сточарството овластена институција е Универзитет "Св. Кирил и Методиј" ЈНУ Институт за сточарство – Скопје.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период се предвидува изработката на нов Закон за сточарство со подзаконски акти, со кои се предвидува целосно транспонирање на законодавството на ЕУ во националното законодавство од оваа област.

Со донесување на Законот за сточарство во 2007 година ќе се усогласи законската регулатива со истата на ЕУ во областите на утврдување на критериуми на здруженија на одгледувачи и организации на одгледувачи, усогласување на условите за водењето на матичното книговодство и мониторингот, како и по однос на зоотехничките стандарди и генеолошките услови при увозот на животни и собирањето и дистрибуцијата на иформации во врска со маркетингот на чисто расни грла.ќе се опфатат основните регулативи од областа на зоотехниката. Со донесувањето на подзаконските акти од Законот за сточарство до крајот на 2007 година ќе се опфатат ЕУ мерките кои се однесуваат и на: условите што треба да ги исполнува квалитетниот приплоден и елитниот приплоден добиток во поглед на производната и приплодната способност; испитување на машките приплодни грла на потомство (прогенотестирање) според единствен метод; начинот на водење на матичното книговодство; начинот на водење на евиденција за видот, квалитетот, количеството и испораката на семето за В/О; евиденција за видот и бројот на оплодени јајце клетки и ембриони, и за начинот на чување и пресадување на ембриони.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за сточарство, Сектор земјоделство со 2 (два) нововработени, како и доекипирање на Државниот инспекторат за земјоделство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период е предвидена изработка и донесување на Националната одгледувачка програма за сточарство за периодот од 2009-2018 година во која ќе се дефинираат Правците за унапредување и развој на одделните сточарски гранки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за сточарство, Сектор земјоделство со 1 (еден) нововработен, како и доекипирање на Државниот инспекторат за земјоделство.

## 3.11.3 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со Законот за Органско земјоделско производство (Сл.Весник на РМ бр. 16/04), се уредува производството, преработката, прометот, увоз-извоз, етикетирањето, стручна контрола и сертификација, програма за поттикнување и развој на органското земјоделско производство, надзорот и казнените одредби. Истиот е усогласен со Регулативата на Советот на ЕЕЗ .2092/91 за органското производство на земјоделски производи и индикации што се однесуваат на земјоделските и прехранбени производи и делумно усогласен со правните акти на ЕУ 31992R0094; 32001R1788; 31998R1367; 31999D0468.

Врз основа на законот донесени се следниве три правилници:

- Правилник за органско сточарско производство (Сл. Весник на РМ бр. 60/06),
- Правилник за органско растително производство (Сл. Весник на РМ бр. 60/06), и
- Правилник за преработка во органското производство (Сл. Весник на РМ бр. 60/06).

Следниве стратешки документи ја дефинираат политиката за развој на оваа област: Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските Заедници и нивните земји членки и Стратегија со Акционен план за заштита на биолошката разновидност

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Следниве институции се надлежни за подготовка на правните акти од областа на органското земјоделско производство:

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како надлежен орган за органско земјоделско производство, формулирање и предложување политики од областа;
- Министерството за животна средина и просторно планирање е надлежна институција за издавање дозволи за извоз на производи од самоникнати растенија и споредни шумски плодови;
- Министерството за здравство е надлежна институција за заштита на здравјето на луѓето и заштита на потрошувачите од заблуда;
- Министерството за економија е надлежна институција за регулирање на прометот во внатрешниот и надворешниот пазар;

За спроведување на прописите од областа на органското земјоделско производство, заштита на потрошувачите, заштита на здравјето на луѓето, прометот на органски производи надлежни се следните институции:

- Во МЗШВ,одговорен е, Секторот за земјоделство односно Одделението за органско земјоделско производство со 1 вработен за реализација на следните активности: креирање на политиките за воведување и развој на органското земјоделско производство; регистрација на субјектите, следење и евидентирање на состојбите во производството, преработката и прометот со органски производи; и соработка со владини и невладини институции и организации од областа.
- Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот пазарен инспекторат, Дирекцијата за храна преку инспектори за храна, Државниот инспекторат за животна средина се одговорни тела за надзор и контрола над спроведувањето на прописите од оваа областа.
- Министерството за животна средина и просторно планирање е надлежно за одржливиот начин на искористување на природните ресурси преку дозволи за извоз на одредени растителни видови и нивни преработки, заштита од исчезнување на загрозени видови растенија со објавени листи за строгозаштитени видови, заштита од загадување на водата, почвата и биодиверзитетот во целост.
- Во надлежност на Министерството за економија е заштитата на потрошувачите и инспекциски надзор над спроведувањето на прописите од внатрешниот промет со органски производи
- Министерството за здравство е надлежно за заштитата на здравјето на луѓето преку Кодекс Алиментариус Комисиите
- Министерството за финансии преку Царинската управа е надлежно за спроведување на царинските прописи.
- Институтот за Акредитација на РМ е одговорна за акредитирање на телата за инспекција и сертификација на органското земјоделство, како и органските производи според меѓународни критериуми.
- Институтот за стандардизација на РМ преку усвојување на техничките прописи од областа (стандарди).
- Завод за заштита на индустриска сопственост со регистрација на заштитниот знак за органски производи
- Како научно-образовна институција, Факултетот за земјоделски науки и храна преку студиска насока за Еко-земјоделство едуцира кадри од областа на органското производство, изработува студии и анализи, учествува во изготвувањето на законските и подзаконските акти.
- Агенцијата за потикнување на развојот во земјоделството обезбедува советодавни услуги за производителите и преработувачите
- Акредитирани тела (овластени правни лица) за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство.

- Сојузот на органски здруженија БИОСАН ги организира здруженијата и производителите за имплементација на органските стандарди во производството, заедничкиот маркетинг и извоз.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период предвидено е донесување на следниве 8 подзаконски акти усогласени со ЕУ легислативата од обласата на органско производство:

- Правилник за етикетирање на органски производи
- Правилник за стручна контрола и сертификација на органските производни системи и производи
- Правилник за регистрација на органски производители
- Правилник за регистрација на преработувачи на органски производи
- Правилник за регистрација на трговци на органски производи
- Правилник за регистрација на овластени тела за стручна контрола во органското производство
- Правилник за регистрација на овластени лабаратории, и
- Листа на официјално признаени сертификациони тела од трети земји

Во истиот период се предвидува да се донесат следниве програмски документи:

- Стратегија за развој на органското земјоделско производство
- Национална акциона програма за органско земјоделско производство
- Годишна програма за финансирање на мерки и активности од обласата органското земјоделско производство и Упатство за начин на користење на мерките, и
- Упатство  за форми на организирање и здружување во органското производство :

Покрај тоа, предвидена е и изработка на над 15 Прирачници за органско земјоделство, авторизирани од меѓународни институции - ЦИХЕАМ-ИАМ (Бари) и ФИБЛ (Швајцарија).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период, во однос на институционалното зајакнување, предвидени се следниве активности:

- доекипирање на Одделението за органско земјоделско производство со 1 (едно) ново вработување, и
- овластување на тела за вршење на стручна контрола од обласата на органското земјоделско производство, и
- воспоставување на регистри за органско производство на национално ниво.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период предвидено е дополнително усогласување националната законска регулатива со регулативата на ЕУ и развој на Програми за поддршка на органското земјоделство согласно Националниот Акционен План.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период, во однос на институционалното зајакнување, предвидени се следниве активности:

- доекипирање на Одделението за органско земјоделско производство со 2 (две) нови вработувања,
- обуки од обласата на органското производство на повеќе нивоа (институционално, производно и маркетинг).

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Странската поддршка во обласата на органското земјоделско производство се реализира преку Проект за органско земјоделско производство во Македонија (СДЦ-ФИБЛ од Швајцарија 2005-2008) и преку реализација на дел од активностите на Проект за структурни и правни реформи на МЗШВ (CARDS-2004).

## 3.11.4 ВИНО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка на винарството во Република Македонија во моментов е содржана во Законот за виното (Службен весник на РМ бр. 69/2004). Со оглед на тоа што од предвидените 13 подзаконски акти од Законот за виното, донесени се само правилникот за методите за делумна дехидратација на ширата и енолошките средства и постапки кои се применуваат во производството на вино и правилникот за методите на анализа за утврдување на хемискиот состав на вината и методот за употреба за рефракотометар (Службен весник на РМ 38/2006), а останатите се во фаза на донесување, сеуште се на сила дел од одредбите од стариот Закон за вино (Службен весник на СРМ бр. 27/1973) и Правилникот за реонизација на лозарските подрачја, за условите за производство и промет на грозје, шира и вино, и на производите од грозје и вино, за определување на квалитетот и заштитата на географското потекло на вината и нивното означување во СР Македонија (“Службен весник на СРМ” бр. 27/1973);

Со Законот за виното (Службен весник на РМ бр. 69/2004) се уредува производството и прометот на грозје и вино и другите производи од грозје и вино, националниот регистер на лозовите насади, правата и обврските на правните и физички лица кои произведуваат и тргуваат со вино, описот, ознаката, обележувањето, презентацијата и заштитата на виното. Законот за виното (Службен весник на РМ бр. 69/2004), како генерална рамка која го регулира секторот е усогласен се ЕУ мерките, и тоа со 31999R1493 за заедничката организација на пазарот на вино (OJ L 179).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Секторот за земјоделство е надлежен за изготвување, предлагање и спроведување на законската регулатива од областа на винарството.

Имплементацијата на Законот за виното (Службен весник на РМ бр. 69/2004) е во надлежност на Одделението за лозарство, винарство и овоштарство (Секторот за земјоделство) со еден (1) вработен. Покрај Одделението за лозарство, винарство и овоштарство, непосредно одговорен за надзорот над спроведувањето на одредбите од Законот за виното е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ. Во состав на инспекторатот постои сектор за инспекциски надзор од областа на овоштарството, лозарството, винарството и садниот материјал, кој во својот состав има 2 регионални одделенија и 1 одделение за стручно-административно работење. Во моментов во овој сектор се вработени 6 лица, од кои раководител на регионално одделение 1 со 2 државни инспектори - советници распоредени во подрачните единици на министерството и се предвидува да се вработи 1 раководител на одделението за стручно-административно работење со 3 вработени државни службеници.

Работите на инспекциски надзор на прометот на виното ги врши Дирекција за храна (Министерство за здравство).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во областа на винарството, покрај донесените два правилника, ќе се донесат уште 12 подзаконски акти од Законот за виното (Службен весник на РМ бр. 69/2004) со кои ќе се обезбеди усогласеност со легислативата на ЕУ од областа на винарството. Правилниците кои се предвидуваат да се донесат како краткорочни приоритети се:

- Класификација на сорти на грозје за производство на вино,
- Правилник за формата, содржината и димензиите на етикетата на виното и другите податоци на етикетата,
- Правилник за условите во поглед на просториите и опремата за производство на вино,
- Правилник за идентификација на лозовите насади и идентификација на производителите,
- Правилник за регистрирање на производителите на вино,
- Правилник за пријавување на количините на грозје и вино произведени д последната берба, залихите на грозје и вино од претходните години и залихите на увезени шира и вино,
- Правилник за условите во поглед на просториите и опремата на овластени лаборатории за вршење на енолошки испитувања и анализи, и
- Правилник за доставување на комињето и винскиот талог за дестилација или производство на оцет.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во областа на винарството предвидени се следниве краткорочни приоритети во однос на институционалното зајакнување на секторот:

- Основање на првична територијална база на податоци за потребите за воведување на Национален регистар на лозови насади; дел од средствата (за дел од тиквешкото виногорје) се обезбедени преку проектот "Систем за мониторинг и управување со лозови насади", финансиран од Програмата CARDS 2002 на ЕУ, раководен од Европската Агенција за Реконструкција;
- Набавка на опрема за оперативност на Националниот регистер на лозови насади на целата територија на Република Македонија (ИТ, хардвер); и
- Зајакнување на капацитетот на референтна лабораторија за испитување на квалитет на виното; средствата се обезбедени преку Програмата CARDS 2006 на ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Покрај 8-те правилници кои ќе бидат усвоени на краток рок, во областа на винарството, се предвидува донесување на уште 4 правилници како среднорочни приоритети, со кои ќе се обезбеди целосна усогласеност со легислативата на ЕУ од областа на винарството. Тоа се:

- Правилник за издавање на одобренија за садење,
- Правилник за придружни документи и влезни излезни регистри за производи од грозје и вино,
- Правилник за поделба на областите насадени со винова лоза, и
- Правилник за заштита на вината со географска ознака, обележувањето на нивните производни области и методот на нивното производство.

Покрај тоа, приоритет во областа на винарството, кој е и обврска согласно Член 5 од Закон за виното е подготовка и усвојување на Стратешки документ за маркетинг на македонски вина. Истиот ќе биде донесен до крајот на 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во областа на винарството предвидени се следниве среднорочни приоритети во однос на институционалното зајакнување на секторот:

- Кадровско зајакнување на секторот вино; вработување на 12 лица во рамките на Одделението за лозарство, винарство и овоштарство и во подрачните одделенија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Комплетирање на територијална база на податоци и воспоставување на Национален регистар на лозови насади; период - 2008/06; дел од средствата ќе се обезбедат преку проект финансиран од Програмата CARDS 2006 на ЕУ, а потребни се и средства од националниот буџет во висина од 1.000.000 денари;
- Воспоставување на национален регистар на лозови насади; средствата ќе се обезбедат преку проект финансиран од Програмата CARDS 2006 на ЕУ, раководен од Европската Агенција за Реконструкција.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во фаза на подготовка е реализацијата на уште еден проект финансиран од Програмата CARDS 2006 на ЕУ, за проширување на националниот регистер на лозови насади на целата територија на Република Македонија.

## 3.11.5 ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период во сила е Законот за тутун и тутунски производи (Службен весник на РМ бр. 24/06) во надлежност на МЗШВ, Министерство за економија, Министерство за финансии и Министерство за здравство преку Дирекција за безбедност на храна, со кој се уредува примарното производство на суров тутун, договорите за производство и откуп на тутун, откупот, сместувањето, обработката на откупениот суров тутун во лист, прометот на ферментираниот тутун, производство и промет на големо со тутунски производи, следењето на употребата на додатоци во тутунските производи, финансирањето, контролата на тутунот и тутунските производи, надзорот и казнените одредби.

Врз основа на Законот за тутун и тутунски производи ("Сл.Весник на РМ" бр. 24/06) донесени се 11 подзаконски акти.

- Правилник за единствени мерила за проценување на квалитетот на суровиот тутун во лист (Службен весник на РМ бр. 38/97, 110/2000)
- Правилник за образецот, содржината и начинот на издавање на картон за производство на тутун;
- Правилник за големината на просториите за откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун, соодветен простор за сместување на обработениот тутун и соодветна опрема за откуп и индустриска обработка на тутунот;
- Упатство за начинот на пријавувањето, формата и содржината на образецот на пријавата за договореното производство на тутун и за начинот на водење на евиденцијата на откупеното и обработеното количество на тутун;
- Правилник за содржината и формата на образецот за поднесување барање за запишување во регистарот на откупувачи на тутун;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун;
- Правилник за содржината и формата на образецот за поднесување барање за запишување во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи;
- Правилник за содржината, формата и начинот на водење на евиденцијата за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи и начинот на известување;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот за производители, извозници и увозници на тутунски производи и регистерот за марки на тутунски производи и формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на марки на тутунски производи;
- Правилник за условите за извоз и увоз на тутунски производи;
- Правилник за условите за производство на тутунски производи.

Стратешки документ кој ја дефинира политиката и насоките за развој на подрачјето се Стратегија за контрола на тутунот заради обезбедување и унапредување на заштитата на здравјето на населението во Република Македонија 2005-2010.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За подготовка на правните акти од областа на тутунското производство и индустрија надлежни се следниве институции:

- МЗШВ, како надлежен орган за тутунското производство, формулирање и предложување политики од областа.
- Стопанската комора на РМ преку групацијата на производители на тутун и тутунски производи учествува во изготвувањето на прописи од областа со предлози од нивен интерес.
- Министерството за економија е надлежна институција за регулирање на прометот во внатрешниот и надворешниот пазар.
- Министерството за финансии, преку Управата за јавни приходи, е надлежна институција за регулирање на даночната и таксена политика.

За спроведување на прописите од областа на тутунското производство, тутунската индустрија, заштита на потрошувачите, заштита на здравјето на луѓето, прометот на тутунот и тутунските производи се надлежни следните институции:

- Имплементацијата на правните акти од оваа област во МЗШВ е во надлежност на Одделението за поледелство и градинарство (Секторот за земјоделство) со еден (1) вработен.
- Во надлежност на Министерството за економија е заштитата на потрошувачите.
- Во надлежност на Министерството за здравство е заштитата на здравјето на луѓето.
- Министерството за финансии преку Управата за јавни приходи е одговорно за даночната и таксена евиденција и преку Царинската управа спроведување на царинските прописи.
- Сојузот на здруженија на тутунопроизводители која е највисоката асоцијација во земјата во спроведувањето на прописите од областа на тутунското производство и откуп на тутун учествува со давање на мислење за содржината на договорот за производство и откуп на тутун кој се склучува меѓу производителите и откупувачите, а преку своите членови, задолжително присуствува и при откупот на тутунот со право да ја оспори оцената на тутунот.
- Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон вршат:
  - Државниот инспекторат за земјоделство - врши надзор и контрола на производството, откупот, обработката и прометот на тутунот, на производителите и трговците;
  - Државниот пазарен инспекторат - врши надзор и контрола на производството и прометот на тутунските производи;
  - Дирекцијата за храна преку инспектори за храна- врши надзор и контрола на прометот на тутунските производи и употребата на адитиви и одредби за заштитата на потрошувачите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се донесат три подзаконски акти, од кои еден е во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанств, а останатите два се во надлежност на Министерството за здравство:

- Правилник за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на тутунот,
- Правилник за формата и содржината на образецот-барање за дозволени адитиви, листа на дозволени и забранети адитиви кои се употребуваат во тутунските производи и
- Правилник за текстовите на предупредувањата на пакувањата на тутунските производи што се пуштаат во промет.

За финансирање на активностите во примарното тутунско производство, за дополнително финансирање на примарното земјоделско производство и за финансирање на промоција на извозот, ќе се изготват Предлог-Програми, кои согласно Законот за тутун и тутунски производи ќе ги донесе Владата на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За спроведување на Законот и подзаконските акти неопходно е вработување на 2 (две) лица во МЗШВ, како и обука на постоечките човечки ресурси во насока на подобрување на компјутерските вештини и обука за запознавање со ЕУ регулативите кои се однесуваат на заедничкиот земјоделски пазар за суров тутун. Покрај тоа, во овој период е предвидено и кадровско зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство (МЗШВ)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Реформите во тутунското производство за периодот 2008-2010 ќе бидат насочени кон воспоставување на заедничка пазарна организација за суров тутун, обезбедување на финансиска и техничка поддршка на организирани производители на тутун, регистрирање и контрола на производството и прометот на тутун, здравствена заштита на луѓето, заштита на животната средина, одржлив развој и наоѓање начини за диверзификација на примарното тутунско производство.
Во овој период ќе се изготват измени и дополни на Законот за тутун и тутунски производи ("Сл.Весник на РМ" бр. 24/06) со кои истиот ќе се усогласи со правната рамка на ЕУ во областите на заедничките пазарни организации за суров тутун и меѓусекторските организации и договори во секторот за тутун.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во однос на институционалната реорганизација и зајакнување, во предвидениот период се планира вработување на 5 (пет) извршители во МЗШВ задолжени за областа на индустриски култури каде е опфатен и тутунот, со следниве активности и задачи: регистрација и евиденција на производство и површини со тутун, регистрација на откупувачи на тутун, постапки и процедури за добивање на лиценци за процена на тутун, изготвување на предлог мерки за поддршка на тутунското производство и организации на производители на тутун, следење на состојбите во тутунското стопанство и соработка со други надлежни владини и невладини организации. Покрај тоа, во овој период е предвидено и кадровско зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство (МЗШВ).

## 3.11.6 ИНСПЕКЦИЈА И НАДЗОР ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Државниот инспекторат за земјоделство е орган во состав на МЗШВ и е овластен за вршење инспекциски надзор од областа на земјоделството. Овластувањата на Инспекторатот за вршење на инспекциски надзор произлегува од материјалните закони и нивни подзаконски акти. Секоја измена на овие закони во процесот на усогласување со ЕУ acquis врши промена на надлежностите и одговорностите на Државниот Инспекторат за Земјоделство во смисла на процедури за работа и соодветен капацитет и организациона поставеност за извршување на поставените надлежности.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Државниот инспекторат за земјоделство е орган во состав на МЗШВ и е формиран врз основа на Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/00). Инспекторатот во својот состав има 2 (два) сектора и тоа: Сектор за инспекциски надзор од областа на поледелството, сточарство, рибарство и земјишна и Сектор за инспекциски надзор од областа на овоштарството, лозарството, винарството и садниот материјал.

Во Сектор за инспекциски надзор од областа на поледелството, сточарство, рибарство и земјишна политика во Државниот инспекторат за земјоделство се вработени 24 (дваесет и четири) лица, од кои 1 (еден) раководител на сектор, 5 (пет) раководители на регионални одделенија и 18 (осумнаесет) државни инспектори - советници распоредени во регионални одделенија на инспекторатот. Секторот врши надзор и контрола на законите и прописите од аспект на спроведување на истите во областа на поледелството, земјишната политика, сточарството и рибарството; инспекциски надзор над маркетингот на репроматеријалите (семе, заштитни средства, ѓубрива, премикси за сточна храна, риба и др.).

Во Сектор за инспекциски надзор од областа на овоштарството, лозарството, винарството и садниот материјал се вработени 6 (шест) лица, од кои 1 (еден) раководители на регионално одделение со 2 државни инспектори - советници распоредени во подрачните единици на министерството и 1(еден) раководител на одделени за стручно-административно работење со 2 (два) вработени државни службеници. Секторот врши надзор и контрола на законите и прописите од аспект на спроведување на истите во областа на овоштарство, лозарство, винарство, садниот материјал, инспекциски надзор над маркетингот на вино и репроматеријалите.

Во инспекторатот се вработени вкупно 30 (триесет) лица. Во делот на управувањето и раководењето во инспекторатот за земјоделство се одвива на централно како и регионално ниво на одлучување. Во текот на 2006 година Државниот инспекторат за земјоделство беше зајакнат со 4 нововработени лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Согласно законските одредби предвидено е вработување на 11 (единаесет) лица. Доекипирањето на инспекторатот ќе се одвива со презимање на соодветен кадар од други институции и со нови вработувања, со цел приближување на инспекторатот до принципите и методологиите за инспекција согласно стандардите на ЕУ. За сите вработени во инспекторатот, предвидена е обука за нивно запознавање со ЕУ Законодавство од областа на сите сектори во земјоделството со процедурите, програмите и активностите на инспекциската контрола.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во периодот од 2008-2010 година, делот од Инспекторатот надлежен за земјоделство, треба да се доекипира со стручен кадар од 51 ново вработени (вкупно 66 до 2010 вклучувајќи ги 4 нововработени во 2006 и 11 нововработени во 2007). За сите вработени во инспекторатот предвидена е обука за нивно запознавање со ЕУ Законодавство од областа на сите сектори во земјоделството со процедурите, програмите и активностите на инспекциска контрола.

## СТРАНСКА ПОДДРШКА

Странската поддршка во областа на земјоделската инспекцијата се реализира преку реализација на дел од Проектот за органско земјоделско производство (СДЦ-ФИБЛ од Швајцарија) и преку реализација на дел од активностите на Проектот за структурни и правни реформи на МЗШВ (CARDS-2004).

Предвидена е странска поддршка за инспекторатот во областа на инспекцискиот надзор во винарството со реализација на предвиден проект финансиран од Програмата CARDS 2006 на ЕУ.

## ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14001: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | МЗШВ: Сектор за земјоделски информативен систем и анализа на политиката | 0 | 5 | 5 | 4 | 4 | 18 |
| | МЗШВ: Сектор за рурален развој | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| | МЗШВ: Сектор за меѓународна соработка и европска интеграција | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 12 |
| | МЗШВ_ПА: Платежна агенција (управа за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој ) | 19 | 10 | 20 | 30 | 40 | 100 |
| | МЗШВ: Сектор земјоделство (по закон за сточарство) | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | МЗШВ: Сектор земјоделство (по закон за органско производство ) | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | МЗШВ: Сектор земјоделство (по закон за виното) | 1 | 0 | 2 | 4 | 4 | 10 |
| | МЗШВ: Сектор земјоделство (по закон за тутун и тутунски производи) | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| | МЗШВ: Сектор за земјоделство (по закон за земјоделство и рурален развој) | 15 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | МЗШВ: Управа за земјиште (Сектор за земјишна политика) | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 15 |
| | МЗШВ: Сектор за нормативно правни работи | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | 8 |
| | ИВ: Институт за винарство (Референтна лабораторија за испитување на квалитетот на виното) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | ДИЗ: Државен инспекторат за земјоделство/ Инспекциски надзор по сите закони | 30 | 10 | 10 | 15 | 20 | 55 |
| 14001: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Вкупно | | 79 | 40 | 52 | 68 | 80 | 240 |
| 14002: Агенција за поттикнување на развојот на змејоделството | АРЗЕМЈ: Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола | 126 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14002: Агенција за поттикнување на развојот на змејоделството Вкупно | | 126 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **205** | **40** | **52** | **68** | **80** | **240** |

# 3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

## 3.12.1 БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРОЛА НА ХРАНАТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Главна цел на Националната политика за безбедност на храната во Република Македонија е развој на интегриран систем за безбедност на храна според принципот "од нива до трпеза", односно контрола на сите стадиуми на производство на храната опфаќајќи го и примарното производство. Системот за безбедност и контрола на храната во Република Македонија е во надлежност на неколку органи на државна управа: Дирекцијата за храна во состав на Министерството за здравство, Управата за ветеринарство, Фитосанитарната управа, Управата за семе и саден материјал и Државниот инспекторат за земјоделство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Сл. Весник на РМ 54/02) е основен правен акт кој ги уредува условите за обезбедување на безбедноста на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната во производството и прометот, правата и обврските на физичките и правните лица со цел да се заштити здравјето на луѓето, да се заштитат потрошувачите од заблуда и измама и да се овозможи слободен промет на внатрешниот и надворешниот пазар, делумно усогласен со ЕУ acquis. Во законот се инкорпорирани следните ЕУ правни акти: 31998L0004,31992R2082, 31997R0258, 32000L0013, 32001L0018.

Согласно овој закон донесени се *тринаесет* подзаконски акти *хармонизирани со* законодавството на ЕУ и ги уредуваат следниве области: формата и содржината на пријавите за отпочнување со работа на објекти за производство и начин на водење на евиденција,*означување на храната,*посебните барања за безбедност на млечна храна за доенчиња, начинот на проверка на знаењата и издавањето потврди за стекнати основни знаења за хигиената на храната и заштита на животната средина, адитивите што можат да се употребуваат за производство на храна,општите барања за безбедност на храната *(МРЛ)* резидуи на пестициди, тески метали, микотоксини, ветеринарни лекови, и др. компоненти), санитарно-хигиенските услови за производство на храна, посебните барања кои се однесуваат на храната наменета за доенчиња и мали деца произведена на житна основа, безбедност на природна минерална вода, посебните барања за безбедност на какао производите и чоколадните производи, посебните барања за безбедност на шеќерите,посебните барања за безбедност на овошните сокови и одредени слични производи,посебни барања што се однесуваат на брзо замрзнатите производи

Исто така изработени се Упатства за имплементација на HACCP систем во прехранбениот сектор,Упатство за практивување на правилна хигиена во прехранбената индустрија,Упатство за основна хигиена на храната во угостителството.

Следните **стратешки документи** ја дефинираат политиката за безбедност на храната:

- Стратегија за прилагодување на Македонскиот земјоделски прехранбен сектор со CAP на ЕУ,
- Стратешки план на Министерство за здравство- Дирекција за храна 2007-2009
- Националната стратегија за Интегрирано Гранично управување
- Национален акционен план за Интегрирано Гранично управување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за безбедност на храна надлежни институции за имплементација на правните акти од областа за контрола и безбедност на храната се Министерство за здравство- Дирекција за храна и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство- Управа за ветеринарство.

Дирекцијата за храна како орган во состав на Министерство за здравство има надлежност на вршење на стручните и управните работи во областа на безбедноста на храната и производите и материјалите кои што доаѓаат во контакт со храната. Управата за ветеринарство како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги врши работите што се однесуваат на храната од животинско потекло во согласност со прописите за ветеринарно здравство и општите барања предвидени во законот.

Комисијата за Македонски Кодекс за храна е стручно советодавно тело (составено од 15 члена и претседател), кое ги разгледува прашањата што се уредуваат со Македонскиот Кодекс за храна и методите за анализа на храна засновани на меѓународни научни достигнувања.

Во системот за контрола и безбедност на храната се вклучени и следните институции Републички завод за здравствена заштита, 10 Регионални заводи за здравствена заштита во Република Македонија, Факултет за Ветеринарна медицина-Институт за храна, Организација на потрошувачите во Република Македонија, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање и субјекти од производството на храна.

Вкупниот број на вработени во Дирекцијата за храна е 75, распоредени во 3 сектори со 12 одделенија.

Во континуитет се врши обука на државните инспектори за храна, ветеринарните инспектори и на производителите за HACCP системот, како и тренинг за обучувачи за HACCP системот (26 државни инспектори за храна ги завршија тренинзите за HACCP системот и ЕУ стандарди),

Зајакнување на соработката на институциите вклучени во контрола на храната

- Потпишан е Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка и меѓу Дирекцијата за храна, Министерството за здравство и Управата за ветеринарство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

**Закон за измена и дополна на Законот за безбедност на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Сл.Весник на РМ 54/02)"** се врши со цел натамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ со следните ЕУ правни акти: 320002R0178, 32004R0852, 32004R0882, 32004R0853, 32004R0853, 32000R0013 и 31997R0258. Ќе се уредат општите начела и надлежности, проценката на ризикот, комуникација и управување на ризикот, принципи на претпазливост и транспарентност, прописите кои се однесуваат на безбедноста на храната, обврските на операторите со храна и заштита на потрошувачите, службена контрола на безбедност и квалитет на храната, водење на регистер и одобрување на објекти за производство, складирање, пласман на пазар, увоз-извоз, акредитирани лаборатории, управување со криза и итни случаи. До крајот на 2007 година се планира донесување на 16 подзаконски акти (види Образец 1, НПАА, краткорочни приоритети)

**Зајакнување на соработката на институциите вклучени во контрола на храната**

- Усвојување на Национална стратегија за безбедност на храната.

**Оспособување на капацитети за преработка на храна со цел задоволување на барањата на ЕУ**

Со процесот на усогласување на законската регулатива се зајакнува постојната и се воспоставува нова административна структура и тоа во насока на поддршка на производителите на храна во однос на воведување на стандардите на ЕУ и широка примена на HACCP системите. О*тпочнато е имплементирањето и сертифицирањето на HACCP системот во производните капацитети во Република Македонија, согласно законската регулатива, хрмонизирана со ЕУ законодавството. Имплементирањето и сертифицирање на HACCP системот делумно се финансира со буџетски средства доделени на Министерство за економија.* Во овој контекст *ќе се изработат:*

- административни процедури за спроведување на службени контроли на преработувачки капацитети со цел нивна регистрација, одобрување и сертификација на производите,
- технички чек листи за службени ветеринарни контроли, вклучувајќи проценка на ризик и акциони планови за усогласување на условите за регистрација,
- прирачник за добра хигиенска пракса и HACCP обука за локални ветеринарни инспектори и државни инспектори за храна за водење и документација на службени контроли на прехранбени капацитети,
- програма за обука и техничка помош за подобрување на капацитетот на индустријата за задоволување на ЕУ барањата за безбедност на храната.

**Зајакнување на капацитетот на Дирекцијата за храна**

Во текот на *2007* година предвидено е вработување на нови *25* лица во Дирекцијата за храна.
Планирана е обука за кадарот во следните области на безбедност на храната:

- ЕУ законодавството во областа на храната,
- процедури од инспекциска контрола на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната,
- анализа на ризик за безбедност на храната.
- Опасности од храна и нивна контрола:
- епидемиологија на болести преносливи преку храна,
- добра хигиенска пракса,
- третирање на вода и нејзино тестирање,
- технолошки процедури за преработување на храна,
- HACCP систем и HACCP контроли,

- официјални системи за сертифицирање,
- управување со ризикот и комуникација со ризикот во земјите на ЕУ,
- правни постапки и импликации од официјалните контроли и водење записници,
- обука за компјутерско работење,
- континуирана обука на сите инспектори од обласла на храна,
- студиско патување на инспекторите за храна во земја членка на ЕУ.

Дирекцијата за храна ќе се зајакне и со *дополнување на постоечката* опрема за државните инспектори за храна за земање мостри и тестови за брза детекција и надградба на ИКТ системите (хардвер и софтвер) и мрежно поврзување со подрачните одделенија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Усогласување на националното законодавство со ЕУ законодавството ќе продолжи со прогресивно усвојување на подзаконски акти дадени во Образец1, НПАА, среднорочни приоритети

Јакнење на системот за контрола на безбедност на храната преку:

- висок степен на имплементација на HACCP од страна на производителите на храна (согласно законската регулатива имплементација и сертификацијата на HACCP треба да се спроведе во сите капацитети за преработка, производство и промет на храна заклучно со 31.12.2008 година),
- надградба на системот за контрола на безбедност на храната преку акредитација на лабораторији за анализа на храна (хемиска, микробиолошка, GMO, и сл.),
- изготвување на годишни програми за обука на лицата вклучени во службена контрола на храната , со посебен акцент на HACCP.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во областа за безбедност на храна планиран е проект во рамките на програмата CARDS 2006. Исто така се очекува да започнат со имплементација проект од билатералната шведска помош (СИДА) и *проектот Helenik AID-WBCPN*

## 3.12.2 ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Оваа област ја уредуваат следните закони:

- ***Закон за ветеринарното здравство*** ("Службен весник на РМ" бр. 28/98); е базичниот закон од областа на ветеринарството во Република Македонија со кој се уредува здравствената заштита на животните од болести, заштитата од заразните болести кои од животните се пренесуваат на луѓето, ветеринарно-санитарен преглед и контрола, ветеринарна заштита и унапредување на животната средина и природата, минимален задолжителен обем на здравствена заштита на животните од болести, надоместоци и трошоци за здравствена заштита на животните, организација и вршење на ветеринарно-здравствената дејност и други прашања од областа на ветеринарното здравство. Овој закон, покрај другото, ги дефинира надлежностите на ветеринарната служба во целина како и правата и обврските на секој сегмент од структурата на службата и нивната одговорност. Законот не е усогласен со законодавството на ЕУ.
- ***Закон за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната*** ("Службен весник на РМ" бр. 54/2002); (објаснет е во под-делот безбедност на храна)
- ***Закон за лекови, помошни лековити средтсва и медицински помагала*** ("Службен весник на РМ" бр. 21/98) ; овој закон го регулира производството, прометот и употребата на ветеринарно-медицинските препарати.
- ***Закон за идентификација и регистрација на животните*** ("Службен весник на РМ" бр. 69/2004); овој ја уредува идентификацијата и регистрацијата на фармските и другите животни. Истиот е усогласен со законодавството на ЕУ.

Областа на зоотехниката во Република Македонија во моментов е регулирана со Законот за сточарство (Службен весник на РМ, бр. 61/97), со кој се уредува одгледување и промет на говеда, овци, кози, свињи, коњи, живина, куникули и други животни од стопанско значење, добивање на добиточни производи, добивање и промет на семе и ембриони, производство и промет на добиточна храна и други прашања од областа на сточарството. Во законот се дефинирани и овластувањата на правните лица по однос на водење на матичното книговодство, селекција и мониторингот во сточарството.

**Стратешки документи** кои ја дефинираат ветеринарната политика и развојот на Управата за ветеринарство се:

- Деловен план на Управата за ветеринарство
- Стратешки план на МЗШВ 2007-2009 година,
- Национална стратегија за интегрирано гранично управување со Акционен план,
- Меѓународен кодекс за здравствена заштита на животните на Меѓународното Биро за епизоотии

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Управата за ветеринарство е надлежна и одговорна за спроведување на управно- административните работи и надзорно инспекциските активности кои произлегуваат од горенаведените закони и подзаконски прописи во областа на безбедноста на храната од животинско потекло, здравствената заштита на животните, заштита од заразните болести кои од животните се пренесуваат на луѓето, ветеринарно-санитарниот преглед и контрола на производите, суровините и отпадоците од животинско потекло, превентива во размножувањето на животните, ветеринарната заштита и унапредување на животната средина и природата, минималниот задолжителен обем на здравствена заштита на животните, организација и вршење на ветеринарно здравствената дејност, ветеринарно здравствената контрола на добиточната храна и производите за исхрана на животните, производството, прометот и уптребата на лековите за употреба во ветеринарната медицина, обележувањето и идентификација на животните и благосостојбата на животните.

Во состав на Управата за ветеринарство функционираат 6 одделенија. Управата за Ветеринарство предвидува вкупно 205 работни места, од кои пополнети се 95. Како државни ветеринарни инспектори во подрачните канцеларии се вработени 44 лица, а како ветеринарни инспектори на граничен премин 12 лица.

Во системот на контрола на болести кај животните и безбедноста на храната од животинско потекло се вклучени лабораториите на Факултетот за ветеринарна медицина кои се започнати со процедурите за акредитација

Преку CARDS Програмата е набавена опрема за зајакнување на инспекциската служба, подобрување на лабораториското тестирање како и дел од опремата за системот за идентификација и регистрација.
Набавена е лабораториска опрема за испитување на авијарна инфлуенца.

**Зајакнување на капацитетот на Управата за ветеринарство**
Управата за ветеринарство се зајакна со нови 30 вработени .

**Обуки извршени во текот на 2005/06**

- процедури на преглед на граничен премин и обука ин ситу.
- обука на лабораторискиот кадар за добра лабораториска пракса и обезбедување на квалитет
- епидемиологија,
- имплементација на принципите за задолжително пријавување на заразни болести, општи мерки и процедури за сузбивање на заразни болести,
- општи насоки за плановите за итно делување при појавана заразни болести
- работилници за запознавање на новиот пакет на законски акти кои треба да се усвојат и новите постапки за службени контроли
- НАССР; ГМП

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
## ПРАВНА РАМКА

Во 2007 година се планира донесување на:

- **Основен Закон за ветеринарно здравство** и подзаконски акти кои призлегуваат од него дадени во Образец 1, НПАА, краткорочни приоритети
- **Измените и дополнувањата на Законот за идентификација и регистрација на животните** и Правилникот за идентификација и регистрација на овци и кози
- **Законот за јавно ветеринарно здравство**,
- **Законот за благосостојба на животните**,
- **Законот за отпад и нус-производи од животинско потекло**

**Зајакнување на капацитетот на Управата за ветеринарство**
*Обука*
Обука на вработените во Управата за ветеринарство ќе се спроведува во областа на усогласеното ЕУ законодавство, имплементација на процедурите на официјални контроли од новиот пакет на закони од областа на ветеринарство,

*Опрема*
Се планира развивање на ИТ ситем за мрежно поврзување и размена на информации и воспоставување на бази за податоци вклучително и воведување на системи компатибилени на ИТ системите во ЕУ предвидени со третата фаза на проектот И и Р, кој треба да започне во мај 2007

*Кадровско зајакнување на Управата за ветеринарство*
Управата за ветеринарство ќе се зајакне со 20 нови лица.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Краткорочните приоритети ќе бидат поддржани со CARDS проектите: Структурни и правни реформи на МЗШВ, ветеринарна компонента и проектот: идентификација и регистрација на животни.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Се предвидува усвојување на:
**Закон за исхрана на животните,**
**Закон за ветеринарно-медицински производи**

*Се планира донесување на преостанатите подзаконски акти од Законот за ветеринарно здравство дадени во Прилог 1 НПАА,*

*Се планира донесување на подзаконски акти од Законот за ветеринарно јавно здравство, дадени во Прилог 1 НПАА*

*Се предвидува донесување на подзаконски акти од Законот за благосостојба на животните, наведени во Прилог 1 НПАА*

*Се предвидува донесување на подзаконски акти од Законот за нус-производи од животинско потекло, дадени во Прилог 1 НПАА*

*Усвојување на подзаконски акти од Законот за ветеринарно-медицински препарати, дадени во Прилог 1 НПАА*

**Зајакнување на капацитетот на ветеринарните служби**
**Обука**
Обука на ветеринарните инспектори за систем на контрола на производството, прометот и употребата на ветеринарно медицински препарати, за систем на контрола на производството, прометот и употребата на добиточната храна, продолжување на обуките за сузбивање/контрола на други заразни болести, планови за итно делување при појава на заразни болести, безбедност на храната од животнско потекло

- Воведување на функција-овластен ветеринар
- Надградба на системот за идентификација и регистрација на животни со ИТ опрема и обука за управување на базите на податоци
- Воспоставување на систем за собирање и третман на нус-производи од животинско потекло

*Кадровско зајакнување на Управата за ветеринрство*
Во периодот од 2008 до 2010 година потребно е вработување на околу 50 лица во Управата за ветеринарство, за пополнување на предвидената систематизација во одделенијата, а посебно во одделението за ветеринарна инспекција како ветеринарни инспектори на подрачните канцеларии и ветеринарни инспектори на граничен премин.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Неопходна е финасиска техничка помош за систем за собирање и третман на нус-производи од животинско потекло, опремување на лабаратории за тестирање, обука на персоналот.

Се планира спроведување на проект од CARDS 2006 во областа на идентификација и регистрација на животни и регионален проект за интегрирано гранично управување

## 3.12.3 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Заради обезбедување на безбедна храна од растително потекло, остварување на поголема контрола на храната и целосна заштита на потрошувачите, е формиран единствен Фитосанитарен систем во Република Македонија

### ПРАВНА РАМКА

Оваа област ја уредуваат следниве закони

- **Закон за здравје на растенијата** (Сл. Весник 29/05),

Со законот се уредува здравјето на растенијата, мерки и обврски во врска со појавата на штетните организми кај растенијата, мерки за сузбивање, биолошки мерки за заштита на растенијата, размена на информации и информатички систем, трошоци и надоместоци, надлежност на органите, овластените служби, органи и тела во областа на здравјето на растенијата и се уредуваат и други прашања од областа на здравјето на растенијата. Овој закон е базиран на Директивата на советот 2000/29/ЕЕЦ.

- **Закон за заштита на растенија** (Сл. Весник 25/98*)*

Со донесувањето на Законот за здравјето на растенијата (Сл. Весник 29/05) се укинуваат одредбите кои се однесуваат на заштита на растенијата од болести, штетници и плевели, здравствената контрола на растенијата во внатрешниот промет и промет преку државната граница, а остануваат да важат одредбите кои се однесуваат на производството, прометот и употебата на средствата за заштита на растенијата, опремата и мерките за спречување на штетните последици од употребата на средствата за заштита на растенијата врз здравјето на луѓето, животните, животната средина и природата. (Овие одредби ќе важат до донесувањето на Законот за производи за заштита на растенија планиран за донесување кон крајот на 2007 година, усогласен со Директивата 91/414/ЕЦ ), како и одредбите за земјоделски посеви за производство на семе, шумски насади за производство на шумско семе, објекти за производство на саден материјал за повеќегодишни земјоделски и шумски растенија и промрт на семе и саден материјал.

- **Закон за семе и саден материјал** ("Сл. весник на РМ" бр. 39/2006), усогласен со Директивите на ЕУ. Со Законот се уредува производството, контролата, доработката, сертифицирањето, етикетирањето, трговијата, увозот и извозот на семенски и саден материјал од земјоделски растенија. Исто така се уредува и постапка за одобрување на нови сорти во Република Македонија, се уредува постконтролата на семенскиот материјал, чувањето на оригиналните примероци во Ген банка, давањето на Јавни овластувања за вршење одделни активности во делот на семето и садниот материјал се со цел добивање на квалитетен семенски и саден материјал, донесување на Годишна програма за семе и саден материјал како и други активности од областа на семето и садниот материјал.

**Стратешки документи** кои ја дефинираат фитосанитарната политика и насоките за развој во ова подрачје се:

- Меѓународната конвенција за заштита на растенијата,
- Меѓународната конвенција за заштита на нови сорти земјоделски растенија (УПОВ)
- Стандарди на Европската организација за заштита на растенијата,
- Стратегија за прилагодување на македонскиот земјоделско-прехрамбен сектор со САП,
- Национална стратегија за интегрирано гранично управување со Акционен план.
- Стратегија за прилагодување на македонскиот земјоделско-прехрамбен сектор во САР
- Стратешки план на МЗШВ 2007-2009 година

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

За спроведувањето на фитосанитарната политика надлежни се Фитосанитарната управа и Управата за семе и саден материјал како органи во состав на МЗШВ. Тековниот број на вработени во Фитосанитарната управа е 28 лица, од кои на 10 гранични премини контролата ја вршат 16 фито санитарни инспектори и двајца во внатрешноста како и 3 лица советници, регионални известувачи и овластени институции за мониторинг на здравствената состојба на ратсенијата во РМ. Сегашната состојба на вработени во Управата за семе и саден материјал е 6 лица.

Согласно Законот за здравје на растенијата воспоставена е Државна фитосанитарна лабараторија која ќе врши дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, анализа на физичко хемиски својства на средствата за заштита на растенијата, анализа на активна материја, како и биолошки испитувања по одредени области од фитосанитарното законодавство. Лабараторијата е во фаза на кадровско екипирање. Во дел од активностите на Управата за семе и саден материјал учествуваат и институциите ЈНУ Земјоделски инститит Скопје, ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури - Струмица, ЈНУ Институт за тутун Прилеп, Факултетот за земјоделски науки и храна и ДФЛ – државна фитосанитарна лабораторија во состав на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Инспекцискиот надзор и контролата на производството, прометот и употребата на средствата за заштита на растенијата, како и на семенскиот и садниот материјал за земјоделски растенија ја вршат 26 државни земјоделски инспектори од Државниот инспекторат за земјоделство орган во состав на МЗШВ.
Инспекцискиот надзор и контрола во областа на семето и садниот материјал го врши Државниот инспекторат за земјоделство во примарното растително земјоделско производство и внатрешниот промет и Фитосанитарна права на граничните премини.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

- Донесување на Закон за производи за заштита на растенија
- Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за здравје на растенијата: листа на штетни организми, регистрација на производители и увозници на растенија и растителни производи, наредби за контрола на компирот
- Донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за семе и саден материјал согласно Директивите: 31966RO4O1, 31966RO4O2, 31968RO193, 31992ROO33, 31992ROO34, 31998ROO56, 32OO2 ROO53, 32OO2ROO54, 32OO2ROO55, 32OO2ROO56, 32OO2ROO57.

Исто така во 2007 година ќе се отпочне со постапка за Ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на нови сорти земјоделски растенија (УПОВ).

**Зајакнување на капацитетот на фитосанитарниот систем**

- Изготвување на план за развој на институционален капацитет на интегриран фитосанитарен систем
- Обука за транспозиција на ЕУ мерки во Закон за здравје на растенија
- Воспоставување на ИТ систем за размена на информации меѓу надлежните служби и воспоставување на база на податоци за доделените авторизации
- Континуирана обука на кадарот на фитосанитарната управа (фитосанитарни инспектори, регионалните известувачи и кадарот во администрацијата)
- Кадровско екипирање на Фитосанитарната управа со 27 нови вработувања
- Кадровско екипирање на Управата за семе и саден материјал со нови вработувања проследено со едукација на кадарот во Управата.
- Воспоставување информативен систем за размена на информации помеѓу надлежните институции и обезбедување на база на податоци.
- Техничко зајакнување на Управата за семе и саден материјал со цел брзо и ефикасно извршување на активностите кои произлегуваат од законските прописи.
- Донесување на годишни програми, информации, деловници за работа и други видови активности

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Донесување на **Закон за заштита на нови сорти земјоделски растенија**

  Со овој Закон ќе се уредува постапката за заштита на нова сорта, заштита на носителот на правото на авторот или создавачот на сортата, методите за вршење на ДУС тестот, контролата на заштитената сорта во текот на периодот на заштитата, уредба за трошковите за водење постапка и за вршење на ДУС тестот, чување на оригиналните примероци на заштитената сорта во Ген банка и уредување на други регулативи од областа на заштита на нова сорта.
- Донесување на **Закон за вештачки ѓубрива** и негови подзаконски акти
- Донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Закон за заштита на нови сорти земјоделски растенија (дадени во табеларан преглед во Образец 1, НПАА).
- Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за производи за заштита на растенија
- Донесување на преостанатите акти кои произлегуваат од Законот за семе и саден материјал (дадени во табеларан преглед во Образец 1, НПАА).
- Регистрација на производители и увозници на растенија и растителни производи
- Издавање на пасоши за растенија
- Воведување на концепт на заштитни зони и обука на персоналот за барањата на заштитните зони
- Обука на кадарот за проценка на ризик на досиејата поднесени за авторизација
- Изготвување на подзаконски акти во делот на мониторинг на резидуи
- Континуирана обука на кадарот на фитосанитарната управа (фитосанитарни инспектори, регионалните известувачи и кадарот во администрацијата)
- Организацирање на мониторинг според ЕУ за пропишаните штетни организми
- Едукација на кадарот за вршење контрола и постконтрола на семенски посеви според шемите на ОЕЦД ( меѓународната организација за постконтролни тестови за испитување на идентичноста и чистотата на сортата).

- Акредитација на ДФЛ во делот на семето и садниот материјал според стандардите на ИСТА (меѓународната организација за квалитетни својства на семето).
- Учеството на Меѓународните состаноци организирани од страна УПОВ, ИСТА И ОЕЦД заради пратење на сите регулативи кои се во тек
- Акредитација на лабораторија за анализа на пестициди согласно ИСО 17025 и обука на персоналот за анализа на пестициди
- Дефинирање на листа на националните максимални дозволени количества усогласени со ЕУ вредеgreностите
- Воспоставување на лабораторија за резидуи и акредитација согласно ИСО 17025 и обука на кадарот за анализа на резидуи

**СТРАНСКА ПОМОШ**

За извршување на сите активности краткорочни и среднорочни треба да се предвидат Проекти за финансиска подршка од Буџетот на Република Македонија и странска помош.

Потребна странска помош во обука на стручен кадар за:
- апроксимација на регулативите
- фитосанитарна инспекција
- воведување регистри и издавање на пасоши за растенија
- мониторинг, дијагностицирање и детерминирање на растителни штетни организми
- процедури за авторизација на производи за заштита на растенија
- контрола и тестирање на опрема за апликација на производи за заштита на растенија
- стандарди за вештачки ѓубрива

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14001: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | УССМ: Управа за семе и саден материјал | 9 | 3 | 2 | 2 | 2 | 9 |
| | ФУ: Фитосанитарна Управа | 28 | 10 | 10 | 10 | 20 | 50 |
| | ДФЛ: Државна фитосанитарна лабораторија | 1 | 10 | 5 | 5 | 5 | 25 |
| | УВЕТ: Управа за ветеринарство | 74 | 10 | 10 | 20 | 20 | 60 |
| | ДИЗ: Државен инспекторат за земјоделство | 0 | 3 | 3 | 3 | 3 | 12 |
| 14001: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Вкупно | | 112 | 36 | 30 | 40 | 50 | 156 |
| 19001: Министерство за здравство | ККХ: Комисија за кодекс на храна (стручно и советодавно тело) | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | ДХ: Дирекција за храна | 75 | 5 | 5 | 10 | 15 | 35 |
| 19001: Министерство за здравство Вкупно | | 91 | 5 | 5 | 10 | 15 | 35 |
| **ВКУПНО** | | **203** | **41** | **35** | **50** | **65** | **191** |

# 3.13 РИБАРСТВО

## 3.13.1 РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Севкупниот риболов во Република Македонија се врши на слатководни риболовни подрачја и ревири. Законот за рибарство ("Службен весник на РМ бр.62/93) е основниот правен акт кој ја регулира областа на рибарството во РМ и се однесува на користењето, управувањето и заштитата на рибниот фонд од риболовните води. Како и да е, тековното македонско законодавство од оваа област не е доволно усогласено со ЕУ мерките во однос на структурните и пазарни политики и системот за информирање во рибарството и аквакултурата.

Од тие причини, започнати се активности за изработка на нов Закон за рибарство и аквакултура. Работниот текст на законот е изработен и е доставен на мислење до сите релевантни чинители од областа на рибарството. По вградување на евентуалните забелешки по текстот и по одржана јавна расправа за истиот, предлог законот е влезен во владина процедура во тек на месец декември 2006 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Одделението за сточарство (Секторот за земјоделство) со еден (1) вработен е надлежно за изготвување, предлагање и спроведување на законската регулатива, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството.

Покрај Одделението за сточарство, непосредно одговорен за надзорот над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарството е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ. Во состав на инспекторатот постои и сектор за инспекциски надзор од областа на поледелството, сточарството, рибарството и земјишната политика со вкупно вработени дваесет и четири (24) лица, од кои еден раководител на сектор, пет (5) раководители на регионални одделенија и осумнаесет (18) државни инспектори во шест (6) регионални одделенија на секторот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со оглед на тоа што Република Македонија нема пристап на море најголемиот дел од законодавството на заедничката политика за рибарство е неприменлива - техничките правила, квотите, регистер на флоти, систем за следење на пловни објекти итн. Сепак, со новиот Закон за рибарство и аквакултура и неговите подзаконски акти македонското законодавство од областа на рибарството ќе се усогласи со законската регулатива на ЕУ во областите кои се применливи за Република Македонија и тоа: управување со ресурси, инспекција и контрола, структурни и пазарни политики и дистрибуција на информации.

Со донесување на Законот за рибарство и аквакултура во 2007 година ќе се опфатат мерките на ЕУ кои имаат значење за рибарството и аквакултурата во Република Македонија од основните регулативи од областа на рибарството и аквакултурата во ЕУ. Во 2007 година ќе се донесат подзаконските акти од Законот за рибарство и аквакултура, во следниве области:

- Управување со ресурси - подзаконски акти за: (1) утврдување на риболовни подрачја, зони и ревири и рекреативни зони, (2) стопански риболов, (3) рекреативен и спортски риболов, (4) опрема, алат и други средства во рибраството, (5) условите и начинот на избор на овластените институции во рибарството.
- Инспекција и контрола - подзаконски акти за вршење на контрола во рибарството.
- Структурни и пазарни политики - подзаконски акти за: (1) услови, начин и постапка за користење на помош во рибарството и аквакултурата, (2) исплата на надоместоци и штети во рибарството, (3) квалитет на риби и производи од риби, (4) форми на организирање и здружување во рибарството.
- Дистрибуција на иформации - подзаконски акти за водење на евиденција во рибраството.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради непречено извршување на планираните активности по однос на изготвување на законската регулатива предвидено е дополнително вработување на еден извршител од областа на рибарството и формирање на Одделение за рибарство во рамките на Секторот земјоделство. Од страна на Државниот инспекторат за земјоделство, за поефикасно вршење на надзор и контрола во областа, предвидено е вработување на 4 инспектори за рибарство.

Покрај тоа, за реализација на активностите и обврските од областа на рибарството, во тек на 2007 година ќе се овластат институции и назначат и формираат работните тела согласно законот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со завршувањето на анализите на рибниот фонд во риболовните води, законската обврска за изработка на риболовните основи ќе претставува континуирана активност во периодот до 2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со оглед дека во периодот по транспонирање на ЕУ законодавството во областа на рибарството и аквакултурата ќе биде неопходно следење на структурните и пазарните политики и дистрибуција на информации и непречено извршување на активности кои ќе произлезат од усогласената регулатива, предвидено е дополнително вработување на еден извршител од областа на рибарството и аквакултурата во 2009 година во Одделението за рибарство.
Покрај тоа, за поефикасно вршење на надзор и контрола во областа во Државниот инспекторат за земјоделство предвидено е вработување на 4 инспектори за рибарство

За следење на структурните и пазарните политики и дистрибуција на информации од областа на рибарството, во 2008 година ќе се воспостави единствен ИКТ систем во рибарството.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14001: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | МЗШВ: Сектор за земјоделство/ Одделение за сточарство (рибарство) | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| | МЗШВ: Државен Инспекторат за Земјоделство/ контрола на рибарство | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| 14001: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Вкупно | | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 | 7 |
| **ВКУПНО** | | **1** | **3** | **1** | **2** | **1** | **7** |

# 3.14 СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА

## 3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**Закон за превоз во патниот сообраќај**
Со Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ„ бр. 68/04 и 127/06) целосно се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Со најновите измени и дополнувања на Законот целосно се регулира постапката и начинот за полагање на испитот за добивање на сертификат на управителот или овластеното лице од него одговорно за превоз и на возачите кои ќе учествуваат во меѓународниот превоз на патници и стока. Според решенијата предвидени со измените на Законот, обуката за добивање на сертификат за професионална компетентност и за сертификат на возачите кои ќе учествуваат во меѓународниот патен сообраќај ќе ја вршат правни лица овластени од Министерот за транспорт и врски кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот. Со ваквите решенија се создадени услови за отпочнување на постапката за добивање на лиценци за одделни видови на превоз во патниот сообраќај.
Во Законот се транспонирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија со кои се регулираат одделни прашања од областа на превозот на патници и стока во патниот сообраќај и тоа: Директива 96/26 ЕЦ; Директива 84/647 ЕЕЗ; Регулатива 56/83 ЕЕЗ; Регулатива 684/92 ЕЕЗ; Регулатива 881/92 ЕЕЗ; Регулатива 3118/93ЕЕЗ; Регулатива 792/94ЕЗ; Регулатива 3315/94ЕЗ; Регулатива 12/98ЕЗ; делумно Регулатива 2121/98 ЕЗ.

**Закон за јавни патишта**
Со Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ" бр. 26/96; 40/99; 96/00; 29/02;и 68/04) се уредуваат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Со Законот, меѓу побитните работи, се регулираат: категориите на патишта, надлежности, извори на финансирање и распределба меѓу субјектите надлежни за патната мрежа, донесување на среднорочни и годишни програми за изградба, реконструкција и одржување на патиштата, надлежности за издавање под концесија и сл.

**Закон за превоз на опасни материи**
Со Законот за превоз на опасни материи („Службен лист на СФРЈ" бр. 27/90 и бр. 45/90) и („Службен весник на РМ" бр. 12/93) се уредуваат условите со кои се врши превозот на опасните материи (подготвување на материјата, товарење, превоз, попатни манипулации, истовар, безбедноста во превозот, опремување на возило и обука на кадри) како и надзор над извршување на законот.
Во Законот е имплементирана директивата 31989L0684 за стручна обука на возачи што превезуваат опасни материи по патишта.

**Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата**
Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ" бр. 14/98, 38/02 и 38/04), целосно се утврдени условите кои мора да ги исполнуваат возилата во сообраќајот на патиштата, уредите и опремата што мораат да ги имаат возилата, димензиите, вкупната маса и осното оптоварување на возилото, условите за стекнување на право за управување со возило како и формата и образецот на возачката дозвола, проверка и техничка контрола на возилата, регистрација на возилото и образецот на сообраќајната дозвола и сл.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт, Царинската управа и единиците на локална самоуправа.
Министерството за транспорт и врски е државен орган надлежен за креирање и реализирање на сообраќајната политика во патниот сообраќај. Работите од оваа област ги извршуваат:

- Оддление за товарен сообраќај – шест лица
- Одделение за превоз на патници – три лица

Како орган во состав на Министерството, функционира Државниот инспекторат за транспорт во кој се вработени 34 државни инспектори за патен сообраќај. Тоа е контролен орган кој врши инспекциски надзор над работата на правните и физичките лица регистрирани за вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај.

Надлежни институции за имплементација на Законот за јавни патишта се: Министерството за транспорт и врски, Фонд за магистрални и регионални патишта на РМ, ЈП Македонијапат и единиците на локалната самоуправа – институции надлежни за локалните патишта и улици. За повеќе, види Поглавје 3.21.1 , точка 1.4

За имплементација на законодавството од областа на превозот на опасни материи, надлежни институции, покрај Министерството за транспорт и врски, се и Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерство за животната средина и просторно планирање и Дирекцијата за радијациона сигурност. Во рамките на Министерството за транспорт и врски во Секторот за сувоземен сообраќај функционира Одделение за превоз на опасни материи и безбедност во кое работат две лица.

Надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата е Министерството за внатрешни работи, во чии рамки е Секторот за сообраќајни работи со вработени 7 лица. Имплементацијата се одвива преку полициските станици и полициските одделенија за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

*Законски акти*
Во вториот квартал на 2007 година предвидено е донесување на **нов Закон за јавни патишта** со кој што, покрај уредувањето на основните услови дадени во постојниот Закон, ќе се постигне: водење на евиденција за патиштата како јавни добра во сопственост на државата; одржување на патиштата на раскрсниците и вкрстувањата; регулирање на приклучоците на патиштата; обезбедување на минимална безбедност на тунелите; дефинирање на надлежностите на инспекторите.

Во текот на 2007 година предвидено е донесување на **нов Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај,** со цел подобрување на услугите кои се обезбедуваат за корисниците и воведување мерки за стимулирање на безбедноста при превозот, како и одредување на сите соодветни средства и активности во склоп на активностите на претпријатијата и контрола на извршување на тие активности согласно правила кои се применуваат на најбезбеден можен начин.
Законот ќе биде делумно усогласен со одредбите од Анексите на Директивата 31994L0055 кои меѓу другото ја опфаќаат стручната обука на возачите кои превезуваат опасни материи во патниот сообраќај.

Во вториот квартал на 2007 година предвидено е донесување на **нов Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата.** Во новиот закон се планира да се транспонираат следниве ЕУ мерки: 31992L0006; 31985L3821; 31989L0459; 31991L0439; 31991L0671; 31996L0053; 31996L0096; 32000D275; 31985R3820; 31985R3821; 31998R2135; 31988L0599; 32002L0015; 31999L0037; 31994L0072; 31996L0047; 31997L0026; 32000L0056; 32001L0011; 32001L0092; 32002L0085; 32003L0020; 32003L0059; 32003D0425; 32003L0020; 32003L0127; 32004L0011.

Подзаконски акти
Врз основа на **Законот за превоз во патниот сообраќај** предвидено е донесување на следниве подзаконски акти во текот на првиот квартал на 2007 година:
- Правилник за посебните техничко-експлоатациони услови што треба да ги исполнуваат возилата за вршење на одделни видови на превоз како и за формата и содржината на потврдата за исполнување на условите. Се транспонираат 31991L0671 и 32003L0020
- Правилник за формата и содржината на патниот налог.
- Правилник за формата и содржината на лиценцата за вршење на одделни видови на јавен превоз во патниот сообраќај и начинот и постапката за добивање и одземање на лиценците. Се транспонира 31996L0026
- Правилник за начинот, постапката и програмата за полагање на испит за добивање на сертификат за професионална компетентност на управителот или од него овластено лице одговорно за превоз, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот за професионална компетентност. Се транспонира 31996L0026.
- Правилник за начинот, постапката и програмата за полагање на испит за добивање на сертификат за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот. Се транспонира 31996L0026
- Со останатите правилници кои се предвидени ќе се дефинира:
  - формата и содржината на патниот налог и на дозволата за општински линиски превоз на патници.
  - критериумите за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на одобрени линии во меѓуопштинскиот и меѓународниот превоз на патници,
  - регистерот за издадени дозволи за меѓународни линии

- дозволата за посебен линиски превоз на патници и за слободен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај.
- други технички детали

Во текот на 2007 година се предвидува донесување на **Одлука за определување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за употреба на патната инфраструктура**. Одлуката ќе биде усогласена со следниве ЕУ мерки: 31999L0062; 32004L0052; 32006L0038.

Врз основа на **Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај** во 2007 година, во поглед на подзаконски акти предвидено е да се донесат:

- Правилници за советник за безбедност при превоз на опасни материи и за стручно оспособување на возачи на моторни возила, со кои, меѓу другото ќе бидат пропишани должностите и одговорностите на советникот за безбедност и на возачите на опасни материи, нивното стручно оспособување и условите што треба да ги исполнат правните лица кои вршат стручно оспособување
- Правилници за формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за одобрение за превоз на експлозивни, отровни или заразни и радиоактивни материи, како и на листата на проверки за вршење на инспекциски надзор при превозот на опасни материи

Со донесувањето на нов **Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата,** во 2007 година, ќе се донесат и изменат поголем дел од подзаконските акти кои ја регулираат материјата од областа на безбедноста на сообраќајот.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Предвидено е зајакнување на капацитетот на постојните институции и тоа со нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки за вработените за подготовка и имплементација на законските прописи од оваа област.

Во Министерството за транспорт и врски - Секторот за сувоземен сообраќај предвидено е вработување на две лица како и техничко опремување на една канцеларија.

Во текот на 2007 година ќе бидат ангажирани правни лица согласно условите пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај, заради спроведување на обуката за добивање на сертификат за професионална компетентност и обуката за добивање на сертификат на возачите што учествуваат во меѓународниот патен сообраќај. Со тоа ќе се започне постапката за добивање на лиценци за одделни видови на превоз во патниот сообраќај.

Во 2007 година се планира развој на база на податоци за транспортните компании кои се занимаваат во меѓународен транпорт на патници и стока, со кој ќе се евидентираат извршените превози во и од ЕУ земјите како и во и од трети земји. Софтверот покрај водење на статистички податоци за извршените превози, ќе дава можност за следење на издавањето и искористувањето на меѓународните траспортни дозволи.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Предвидено е вработување на по едно лице во 2008 и 2009 година во Секторот за сувоземен сообраќај во рамките на Министерството за транспорт и врски.

## 3.14.2 ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА
### ПРАВНА РАМКА

**Законски акти**

**Законот за железниците** (“Службен весник на РМ” бр. 64/05) се уредува организацијата на железничкиот систем; начинот и условите за извршување на железничкиот превоз, управување, изградба, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на железничката инфраструктура, како и пристапот до истата; условите за давање под концесија за изградба на нова или управување со цела или со дел од железничката инфраструктура; финансирањето на железничката инфраструктура; вршење на услуги од јавен интерес и надзор. Законот е усогласен со следните директиви: 319991L0440; 32001L0012; 32001L0013; 32001L0014; 32004L0049.

**Законот за трансформација на Јавното претпријатие “Македонски железници”-Ц.О. Скопје** ( “Службен весник на РМ” бр. 29/05) се уредува трансформацијата на Јавното претпријатие “Македонски железници”-Ц.О. Скопје, т.е.

преобразување и приватизација на дел со поделба на постојното ЈП "Македонски железници"- Скопје на два нови субјекта:

- Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници"- орган кој ќе ги одредува инфраструктурните давачки и ќе го алоцира инфраструктурниот капацитет, согласно Директивата 32001L0014 и
- Акционерско друштво за транспорт „Македонски Железници Транспорт А.Д." Скопје.

Законот е усогласен со следните директиви: 31991L0440; 32001L0012.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за политиката, за предлагање на закони и донесување на подзаконски акти од областа на железничкиот сообраќај и инфраструктурата.

Согласно измените во Актот за систематизација, во Министерството за транспорт и врски се формираше **Сектор за железници**, кој ќе има улога **на регулаторно тело, безбедносен орган и орган кој ќе ги издава дозволата за јавен превоз и решението за безбедност на превозниците**, како и дозволата и решението за управување со железничката инфраструктура. Формирањето на овој сектор се прави од причина што до формирањето на Агенција за железнички сообраќај, која се предвидува да биде основана најдоцна до 1.01.2009 година со посебен закон, активностите се доделуваат на Министерството за транспорт и врски. Во состав на Секторот се две одделенија: Одделение за железнички сообраќај и Одделение за железничка инфраструктура. Согласно актот за систематизација на работни места предвидени се вкупно 14 лица. Во моментот работите од областа на железничкиот сообраќај ги извршуваат 4 лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

**Законски акти**

Во текот на првиот квартал на 2007 година ќе се донесе **Законот за безбедност во железничкиот сообраќај** со кој ќе се уредат правилата и условите за безбедно, уредно и непречено одвивање на железничкиот сообраќај на територијата на Република Македонија. Мерка која е имплементирана од ЕУ е: 32002L0049.

Во текот на првиот квартал на 2007 година ќе се донесе **Законот за изменување и дополнување на Законот за железниците.** Со измените на Законот за железници се врши понатамошно усогласување со правната регулатива на Европската Унија која се однесува на условите за добивање на дозвола на правното лице кое ќе управува со железничката инфраструктура и на условите за добивање на решение за безбедност за управување со железничката инфраструктура, како и на условите за добивање на дозвола за јавен превоз и на решение за безбедност на правни лица кои ќе вршат превоз во железничкиот сообраќај (железнички превозници).
Со измените на законот вграден е и член со кој за прв пат се третира **комбинираниот превоз на стока**.
.
Во текот на 2007 година се предвидува да биде изработен и донесен **Закон за договори за превоз на** железниците кој ќе биде усогласен со Конвенцијата за меѓународен превоз на стоки и патници (КОТИФ), која ги содржи правилата CIV за меѓународен превоз на патници по железници, и CIM за меѓународен превоз на стока по железници .

**Подзаконски акти**

Во рок од шест месеци од стапувањето на сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за железниците и Законот за безбедност во железничкиот сообраќај, ќе се изработат подзаконските акти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на капацитететот на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки на вработените за изработка и следење на законските прописи од оваа област.

До крајот на 2007 година се предвидуваат 3 **нови вработувања** распоредени во Одделението за железнички сообраќај и во Одделението за железничка инфраструктура, како и техничко опремување на канцеларии.

Во однос на потребните **обуки** за изработка и следење на законските прописи од оваа област, се предвидува ангажирање на домашни експерти како и експерти преку Програмата TAIEX за обука на лица кои ќе учествуваат во изработка на законите и подзаконските акти заради нивно усогласување со законодавството на Европската Унија, а во поглед на начинот на собирање на информации за изработка на заеднички безбедносни показатели, пропишување и усвојување на заеднички безбедносни методи како и нивно ревидирање, пропишување и усвојување на заеднички безбедносни цели како и нивно ревидирање и дефинирање на услови и елементи на систем на безбедно управување.
Согласно Законот за безбедност во железничкиот сообраќај, а според барањата на Директивата 32002L0049, ќе се формира независна Комисија- истражно тело во случај на несреќи и инциденти, која ќе биде составена од 5 члена ( по 2 од управителот на инфраструктурата и од превозникот и еден член од Министерството за транспорт и врски).

**Процес на трансформација на ЈП Македонски железници**. До средината на .2007 година ќе се изврши дополнување и ажурирање на Извештајот за проценка на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените на ЈП „Македонски Железници“ Ц.О. Скопје со состојба 31.12.2006 година и ќе се подготви план за делбен биланс за трансформацијата на истото. Исто така, до средината на 2007 година ќе биде изготвен биланс на состојба, биланс на успех и извештај за готовинските текови со состојба 31.12.2006 година.
По усвојувањето на Одлуките за основање и Статутите на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“- Скопје и на Акционерско друштво за транспорт „Македонски железници Транспорт АД “- Скопје во државна сопственост ќе следи регистрирање на двете нови компании во судскиот регистар.
Пред донесување на Статутите, на предлог на Министерството за финансии, Владата треба да донесе Одлука со која ќе се реши статусот со долговите кои ги има ЈП „Македонски Железници“ во овој момент по сите основи.
Со регистрирањето на двете нови компании во судскиот регистар, ќе заврши фазата на трансформација на постојното ЈП „Македонски Железници“. Рок во кој се предвидува целиот процес да се финализира е 2007/II квартал.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2008 година се предвидува изработка на подзаконските акти кои ќе произлезат од Законот за превоз на железниците. До крајот на 2008 година ќе се изготви и Законот за основање на Агенцијата за железнички сообраќај. До крајот на 2010 година ќе се следи спроведувањето на донесениот законски пакет на железници во Република Македонија, и ќе се иницираат потребни измени на законската регулатива со цел да се подобри работењето на железничкиот систем во Република Македонија во согласност со новите директиви од Европската унија, како и да се развие комбинираниот превоз во Република Македонија .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е зајакнување на капацитететот на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки на вработените за изработка и следење на законските прописи од оваа област. Во периодот од 2008-2010 година се предвидуваат 5 нови вработувања и тоа 2 вработувања во 2008 година, 2 вработувања во 2009 година и 1 вработување во 2010 година и соодветно техничко опремување.
Од 2009 година предвидено е да биде формирана Агенцијата за железнички сообраќај како независно регулаторно тело.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Проект од Светска Банка за Реформа на железницата бр.83499. Проектот е составоен од 4 компоненти и тоа:

- **Компонента 1:** Техничка помош за преструктуирање, регулирање и припремни чекори за инволвирање на приватниот сектор, како и изградба на капацитетите и поддршка за имплементацијата. Вкупната вредност изнесува 1.52 милиони Евра.
- **Компонента 2:** Социјална компонента наменета за ублажување на социјалните препреки. Вкупната вредност изнесува 0.65 милиони Евра (0.4 милиони евра од буџетот на РМ како in-kind money, а 0.25 милиони евра од заемот).
- **Компонента 3:** Зголемување на оперативниот капацитет на МЖ-Транспорт Вкупната вредност изнесува 7,90 милиони Евра.
- **Компонента 4:** Механизација за одржување на колосекот и модернизација на инфраструктурата за МЖ-Инфраструктура. Вкупната вредност изнесува 5,25 милиони Евра.

На 12 јуни 2006 година, започнаа со имплементација компонентите 1 и 2 од проектот. За компонентите 3 и 4, услов за да кредитот биде ефективен е поделбата и формирањето на двете нови претпријатија. Проектот се планира да заврши втората половина на 2009 година.

## 3.14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Внатрешната пловидба се одвива на природните и вештачки езера во Република Македонија. Пловидба на реки не се одвива.

Со **Законот за внатрешна пловидба** (Службен весник на Република Маќедонија бр.27/2000, 74/2005), се утврдува внатрешната пловидба во Република Маќедонија, условите и начинот на користењето, одржувањето, обележувањето и заштитата на пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и капалишта, условите кои треба да ги исполнуваат

пловните објекти, постапката за упис и бришење на пловните објекти, како и безбедноста на внатрешната пловидба, постапувањето во случај на пловидбена незгода, спасувањето и вадењето потонати предмети.
Во законот е имплементирана Резолуција бр.24 од 15 ноември 1985 година, а се однесува на примената на CEVNI Европски правила за пловидба по внатрешни пловни патишта.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски и Капетанијата на пристаништата, како орган во состав, се надлежни за креирање на политиката, изготвување на законска регулатива и имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста во внатрешната пловидба.

Согласно Законот за внатрешна пловидба, во надлежност на **Капетанијата на пристаништата** е вршење технички и стручни работи од областа на безбедноста на пловидбата, издавање одобренија за користење пловни патиша, пристаништа, зимовници, сидришта и капалишта; упис и бришење на пловни објекти; издавање бродски книшки и дозволи за качување; издавање уверенија за оспособеност за управување со чамец; издавање одобренија за доаѓање странски јахти или чамци; организирање спасување човечки животи и имот во внатрешните води.

Своите надлежности Капетанијата на пристаништата ги врши со 4 вработени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во 2007 година се предвидува:

- изготвување на **нов Закон за внатрешна пловидба**, кој ќе се усогласи со законодавството на ЕУ од оваа област.
- изготвување на подзаконски акти со кои ќе се регулираат правилата, сигналите и ознаките во внатрешната пловидба, планот и програмата за стекнување звања и овластувања на членови на екипаж на брод, ќе се пропише формата и содржината на бродската книшка и дозволата за качување, како и образецот на легитимацијата на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во 2008 година се предвидува изготвување на подзаконски акти со кои ќе се пропише начинот на определување на имињата, ознаките и знаците за распознавање на бродовите, како и образецот и содржината на главната книга на уписникот на бродови кои се стекнале со македонска државна припадност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е вработување на две лица во Капетанијата на пристаништа до 2010година.

## 3.14.4 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

**Законски акти**

Во почетокот на 2006 година се донесе Законот за воздухопловство (Сл.весник на Република Македонија 14/06) со кој се регулира одвивањето на воздушниот сообраќај во Република Македонија. Законот за воздухопловство е делумно усогласен со следниве ЕУ мерки: 32004R0549, 32004R0550, 31993R0095, 31994L0056 и 31996L0097 и поставува основа за истите понатаму да бидат целосно транспонирани во подзаконските акти.

**Подзаконски акти**

Во тек е изработка на подзаконски прописи на новиот Закон за воздухопловство. Во тој контекст веќе се транспонирани девет регулативи и директиви на ЕУ согласно обврските од Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област: 31992R2407, 31991R3922, 31989L0391, 32003L0088, 32000L0079, 31990L0314, 31992L0059, 31993L0013 и 31995L0046.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски, согласно Законот за воздухопловство, ги врши работите поврзани со воздухопловна политика, концесии во областа на воздухопловството, предлагање на закони и донесување на подзаконските акти од областа на воздушниот сообраќај и управен надзор над работата на Агенцијата. Во Министерството за транспорт и врски овие функции ги извршува **Сектор за воздушен сообраќај**. Во 2006 година во овој сектор се вработија 5 лица.

Работите поврзани со испитување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти се поврзани со Министерството за транспорт и врски. Формирана е **независна комисија за испитување на несреќи** на чие чело стои комисионер како постојан член веќе именуван од Владата на РМ, а променливиот состав ќе се именува за секоја несреќа и сериозен инцидент посебно со кадар од листата на воздухопловни стручњаци согласно Законот за воздухопловство.

Орган во состав на Министерството за транспорт и врски е **Управата за цивилна воздушна пловидба.** Управата за цивилна воздушна пловидба е надлежна за подготовка на законите и подзаконските акти од областа на воздушниот сообраќај, за имплементација на воздухопловните стандарди во пракса, за издавање на уверенија, одобренија и дозволи и за вршење на надзор. Моментално во Управата има 264 вработени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во октомври 2006 г. во Министерството за транспорт и врски е формирана Работна група чија задача е изработката на нацрт-текст за **Национална стратегија за развој на воздухопловството во РМ**. Стратегијата ќе има среднорочна валидност од 3-5 години и модуларна структура која ќе овозможи континуирано одржување, надградба и ажурирање на содржината. Планиран рок за донесување на финален нацрт-текст на стратегијата е крајот на вториот квартал од 2007 г.

Во почетокот на 2007 година ќе биде донесен **Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство.** Предлог-законот е усвоен од Владата на РМ и во моментот е во собраниска процедура. Измените и дополнувањата ќе ги отстранат пречките за трансформација на Управата за цивилна воздушна пловидба, ќе ги допрецизираат изворите на финансирање на новата Агенција за цивилно воздухопловство, ќе извршат усогласување со одредбите од Законот за прекршоци (донесен подоцна од Законот за воздухопловство) и ќе го усогласат со меѓународните регулативи и стандарди.

Во текот на  првиот квартал на 2007 година ќе биде ратификувана **Мултилатерална спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ECAA**), потпишана на 9 јуни 2006 во Луксембург. Нејзина цел е креирање унифицирани услови за слободен пазар на услуги во воздушниот транспорт и унифицирани правила во областа на сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина на целата територија на европскиот континент. Создавањето на Европската заедничка воздухопловна област и членството на РМ во неа подразбира почитување на воздухопловните прописи и стандарди на ЕЗ со цел РМ да создаде поефикасен, поадекватен и поконкурентен транспортен систем.

**Подзаконски акти**
Останатите подзаконски прописи кои ќе произлезат од Законот за воздухопловство ќе се донесат до крајот на 2008 година и ќе ги транспонираат следниве ЕУ мерки: 31992R2408; 31993R0095; 31996L0097; 32004R0549 (делумно); 32004R0550; 32004R0551; 32004R0552; 31994L0056; 32002R1592; 32003L0042; 32003R1702; 32003R2042; 32002R2320; 32003R0622; 32003R1217; 32004R1138; 31989L0629; 31992L0014; 32002L0030; 32002L0049; 31991L0670; 31991L3925.
Со подзаконски акти, меѓу другото, ќе се пропишат и:

- условите, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање; за доделување на слотови; за вршење на дејностите на аеродром и летилиште; за добивање на одобрение за летање; за давање на услугите на воздухопловна навигација
- постапката и начинот на пријавување, испитување на несреќи или сериозни инциденти на воздухоплови или падобрани и на инцидентите и посебните настани поврзани со АТМ
- градбата на воздухоплов и измена на воздухоплов, мотор, елиса, падобрани, опрема на воздухоплов, како и техничката контрола на градбата
- постапката за утврдување на пловидбеност на воздухопловите
- условите и начинот на вршење на аеродромски услуги и условите за безбедност на воздухопловно пристаниште
- основањето на Национален комитет за безбедност и Национален комитет за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај
- максимално дозволената јачина на бучавата и максимално дозволено количество емисија на гасови кои се создаваат при полетување, во текот на лет и при слетување

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со денот на стапување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, Управата за цивилна воздушна пловидба ќе продолжи да работи како Агенција за цивилно воздухопловство. Конечното одделување на регулаторните од оперативните функции и формирање на два независни субјекта за што е реализирана странска помош од ГТЗ која е спроведена преку ДФС (германска контрола на летање) ќе заврши до крајот на истекот на една година од денот на стапување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство. Законот за воздухопловство како надлежни државни органи за воздухопловството во Република Македонија ги прецизира

Министерството за транспорт и врски и **Агенција за цивилно воздухопловство** која ќе ги превеземе регулаторните функции на поранешната управа, а за оперативните функции поврзани со контрола на летање е предвидено формирање на **Акционерско друштво со еден акционер-државата**, согласно Законот за трговски друштва. Исто така, согласно препораките од Генералниот директорат за транспорт и енергија на Европската комисија изнесени во рамките на Извештајот за наодите од втората проценка на напредокот во исполнување на обврските од Спогодбата за ECAA, треба да се изведе формална анализа на капацитетите на аеродромот во Скопје и врз таа основа да се процени евентуалната потреба од **независен координатор за алокација на слотови** чие именување е надлежност на Министерството за транспорт и врски согласно Законот за воздухопловство.

- Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно новиот Закон за воздухопловство, ќе биде самостоен орган на државната управа во својство на правно лице кое ќе ги врши работите поврзани со подготвување на предлог на закони и донесување на подзаконски акти од областа на воздухопловството согласно воздухопловните стандарди и прописи на EU, ICAO, ECAC, EUROCONTROL, JAA/ EASA; ќе врши инспекциски надзор над примената на одредбите од законите и подзаконските акти за воздухопловство од страна на индустријата; водење на управна постапка за издавање, продолжување, промена, суспендирање и повлекување на дозволи, овластувања, уверенија, одобренија; регистрација на воздухоплови, аеродроми, леталишта и евиденција на терени; организирање и координирање на активности поврзани со потрага и спасување на воздухоплови и друго.
- Агенцијата ќе преземе дел од вработените од поранешната Управа кои извршуваат работи поврзани со горенаведените надлежности. Со CARDS регионален ASATC Phase II за унапредување на воздухопловната безбедност и контролата на летање, ќе се изврши зајакнување на функциите на Агенцијата и Акционерското друштво за контрола на летање кои ги имаат согласно Законот за воздухопловството, подигнување на капацитетот преку организирани обуки, семинари и слично. Исто така ќе биде потребно кадровско зајакнување на новата Агенција.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во последниот квартал на 2008 година е планирано донесување на Законот за облигациони односи од областа на воздухопловството и соодветните подзаконски акти. Со овој закон ќе се овозможи регулирање на приватно правната материја од областа на воздухопловството поврзана со договорот за превоз, т.е авиокартата за превоз на патници, одговорностите на авиопревозниците кои произлегуваат од договорот за превоз, надоместоците за штета, осигурувањето и слично. Законот и подзаконските акти кои ќе произлезат од него ќе бидат усогласени со следниве ЕУ мерки: 31992R2409; 31997R2027; 32004R0261 и 31989R2299.

Во вториот квартал на 2008 година е предвидено да се постигне сообразност на оперативните процедури кај субјектите во воздухопловната индустрија со одредбите од JAR FCL и JAR 145.

Во последниот квартал на 2008 година се планира да се донесат и преостанатите подзаконските акти на Законот за воздухопловство, како и оние подзаконски акти кои регулираат одредени аспекти на воздухопловството, а се засноваат врз одредби од други закони.

Во последниот квартал на 2009 година се планира да биде завршена реорганизацијата на националниот воздушен простор во функционални блокови (FAB-ови), како и да се воспостават и одржуваат механизми за координација на трите стратешки нивоа пропишани со принципот на флексибилно користење на воздушиот простор (FUA).

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Се планира подигнување на капацитетот на воспоставените институции, инвестиции, обуки на вработениот кадар, организирање на семинари и слично.. Во последниот квартал на 2009 година се планира да се завршат обврските од транзиционите периоди утврдени во протоколот на Договорот за воспоставување на Европска заедничка воздухопловна област (ЕЗВО) по што Република Македонија би се стекнала со полноправно членство во ЕЗВО и целосна либерализација на воздухопловниот пазар помеѓу земјите членки на ЕУ и Република Македонија.

### СТРАНСКА ПОМОШ

Тековно се реализира странска помош преку проектот CARDS 2005 "Транспортна политика и административен менаџмент – Подобрување на регулативната рамка во воздушниот сообраќај". Преку овој проект се извршува зајакнување на функциите на Министерството за транспорт и врски кои ги има согласно Законот за воздухопловството, подигнување на капацитетот на Секторот за воздушен сообраќај преку организирани обуки, семинари и слично.

Во последниот квартал на 2009 година ќе се реализира проектот CARDS регионален ASATC Phase II за унапредување на воздухопловната безбедност и контролата на летање.

## 3.14.5 ДРЖАВНА ПОМОШ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за државна помош (Сл. весник на РМ бр. 24/03 и 70/06) како и подзаконските акти донесени врз основа на Законот. Македонското законодавство за државна помош ги имплементира: членовите 87-89 од Договорот за основање на Европската Заедница, како и следните ЕУ мерки: 32001R0069 и 31999R0659. Види поглавје 3.08

Од страна на Министерството за транспорт и врски досега нема утврдено постоење на државна помош..Започнати се активности, односно именувано е лице од Министерството за транспорт и врски за контакт со Комисијата за државна помош со цел утврдување на постоење на државна помош во досегашното работење, како и во иднина.

### КРАТКОРОЧНИ ПРОРИТЕТИ

Во тек е процес на изготвување на подзаконскиот акт – Уредба за утврдување на условите за доделување на државна помош во одделни области. Нацрт-уредбата ќе биде изработена со техничка помош во рамките на проектот Приближување на трговско законодавство, КАРДС 2004.Уредбата за утврдување на условите за доделување на државна помош во одделни области ќе биде усогласена со следните ЕУ мерки: 52002XC0508(2); 31998Y0213(01); 32004R0364; 31997Y0710(01); 31996Y0217(1); 32002R2204; 32001Y0203(02); 32000Y0311(03) и 32001R0068.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Предвидено е понатамошно усогласување на македонското законодавство за државна помош со мерките на ЕУ од областа на транспортот.

### ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13001: Министерство за транспорт и врски | МТВ: Сектор за воздушен сообраќај | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | МТВ: Сектор за железница | 4 | 3 | 2 | 2 | 1 | 8 |
| | МТВ: Капетанија на пристаништа | 4 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 |
| | НОВА: Агенција за железнички сообраај и транспорт | 0 | 0 | 0 | 5 | 10 | 15 |
| | МТВ: Сектор за сувоземен сообраќај | 12 | 2 | 1 | 1 | 0 | 4 |
| | ДИТР: Државен инспекторат за транспорт | 34 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13001: Министерство за транспорт и врски Вкупно | | 57 | 6 | 5 | 8 | 12 | 31 |
| 13002: Управа за цивилно воздушна пловидба | АЦВ: Агенција за цивилно воздухопловство | 264 | 0 | 2 | 2 | 3 | 7 |
| | НОВА: Давател на услуги на воздухопловна навигација (МАККОНТРОЛ) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13002: Управа за цивилно воздушна пловидба Вкупно | | 264 | 0 | 2 | 2 | 3 | 7 |
| **ВКУПНО** | | **321** | **6** | **7** | **10** | **15** | **38** |

# 3.15 ЕНЕРГЕТИКА

## 3.15.1 БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Законска основа за безбедноста во снабдувањето со одделни видови на енергија дава ***Законот за енергетика*** *(Службен весник на РМ бр 63/2006)*, преку дефинирање на дејности од јавен интерес.

Понатаму, новина која произлегува од *Директивите 68/414/ЕЕЗ и 98/93/ЕК*, кои се транспонирани во Законот за енергетика, и се однесуваат на нафтените резерви е начинот на обезбедување и чување на стоковните резерви на нафтени деривати.

Финалниот документ на *Европската Конвенција за енергетска повелба* со: Анекс 1-Договор за енергетска повелба, Анекс 2-Одлуки за Договор за енергетска повелба и Анкес 3-Протокол за енергетска повелба за енергетската ефикасност и за соодветни аспекти за заштита на човековата околина, е ратификуван од Собранието на Република Македонија *со Закон за ратификација на финалниот документ на Европската Конвенција за енергетска повелба* (Службен весник на РМ бр. 16/98), со што истиот се транспонира во националното законодавство на Република Македонија.

Согласно *Законот за стоковни резерви* (Службен весник на РМ бр. 68/04), стоковните резерви на нафтени деривати задолжително ги сместуваат, чуваат и обновуваат субјектите кои вршат производство или промет на нафтени деривати и ги исполнуват општите и посебните услови за трговија со нафтени деривати во Република Македонија.

Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија донесува среднорочна програма со која ги утврдува видот и количината на стоковните резерви. Со среднорочната програма за 2005 - 2007 година се планира дополнување на резервите на нафтени деривати до 60 денови покриеност на потрошувачката да се достигне до крајот на 2007 година, а до 90 денови покриеност на потрошувачката ќе се достигне до крајот на 2010 година, што ќе биде предмет на среднорочната програма за периодот 2008 - 2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Нафтените деривати се составен дел на стоковните резерви и се во надлежност на Бирото за стоковни резерви. Бирото е орган на државна управа во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице. Во Бирото има 26 вработени, од кои 1 функционер –директор, 9 државни службеници и 16 работници за вршење помошни работи, без статус на државен службеник. Бирото е носител на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија. Бирото за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија и пред Министерот за финансии.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Енергетската политика на државата се дефинира со **Стратегија за развој на енергетика во Република Македонија**. Со Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија се утврдуваат: долгорочните цели за развој на поедини енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија, приоритети на развој, извори и начин за обезбедување на потребни количества енергија и енергенти, утврдување и користење на енергетските ресурси и капацитети од стратешка важност за државата, преобразба на енергетскиот сектор, поттикнувачки мерки за инвестирање во енергетски објекти во кои се користат обновливи извори на енергија, поттикнувачки мерки за зголемување на енергетската ефикасност, исполнување на обврските од меѓународните повелби, спогодби, договори, конвенции, и други документи кои ги ратификувала и кон кои пристапила Република Македонија, услов и начин за обезбедување на заштита на животната средина и мерки за реализација на заштитата, и други елементи од значење за енергетскиот развој на Република Македонија. Стратегијата за развој на енергетиката се донесува за период од најмалку дваесет години. До крајот на 2007 година планирано е донесување на нацрт Стратегија, а истата ќе биде финализирана во првата половина на 2008 година.

За 2007 година се планира да се направат **измени и дополнувања на Правилникот за квалитет на течни горива (**Службен весник број на РМ 90/06 и 120/06**)** со цел воведување на новите европски стандарди и директиви за квалиетот на течните горива (бензините ЕН 228 2005, дизел горивата ЕН 590 2005), а нивната примена да започне постепено.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Министерство за економија, во Секторот за енергетика, постојат четири одделенија и тоа одделение за инвестициони проекти во енергетиката, одделение за електроенергетски систем, одделение за фосилни горива и одделение за енергетска ефикасносот и обновливи извори на енергија, во кои се вработени вкупно 10 лица, Со постојната систематизација ќе има потреба од 7 нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во овој период, во континуитет ќе продолжат активностите за изготвување на подзаконските акти за имплементација на законот за енерегетика, привлекување на приватни инвестиции за изградба на нови енергетски објекти, реализација на конкретни проекти за подобрување на енергетската ефикасност, зголемување на учеството на ОИЕ во енергетската потрошувачка, меѓународни активности и други тековни активности во областа на енергетиката.

**ПРАВНА РАМКА**
Согласно новиот *Закон за енергетика*, во делот на нафтените резерви се предвидува обврската за обезбедување и чување на нафтените деривати да се пренесува постапно на учесниците на пазарот на нафтените деривати, за да во 2012 година прејде потполно во нивна надлежност.
Понатаму, **Стратегијата за развој на енергетика во Република Македонија** ќе биде донесена во текот на 2008 година.
Владата на Република Македонија, согласно овој Закон ќе донесе *Уредба* со која поблиску ќе ги пропише условите, постапката и начинот на формирање, чување, користење и обновување на стоковните резерви на нафтените деривати

## 3.15.2 ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Пазарот за електрична енергија и природен гас (Енергија) се трансформира во согласност со *Договорот за основање на Енергетска заедница* кој Република Македонија го потпиша со останатите земји од Југоисточна Европа (Албанија, Босна и Херцеговија, Бугарија, Романија, Хрватска, Србија, Црна Гора и УНМИК[9]) и Европската Комисија како претставник на земјите членки на Европската Унија.
Законската рамка на пазарот на енергија во Република Македонија ја сочинуваат ***Законот за енергетика*** *(Службен весник на РМ бр 63/2006)* и повеќе подзаконски акти. Во тој правец значајни се одредбите кои се однесуваат на пазарот на електрична енергија, природен гас, нафта и нафтени деривати и пазар со топлинска и геотермална енергија. Во овој дел во овој закон се транспонирани Директивата бр. 2003/54/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 26 јуни 2003 година во врска со општите правила за внатрешен пазар на електрична енергија (32003L0054), Директивата бр. 2003/55/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 26 јуни 2003 година во врска со општите правила за внатрешен пазар на природен гас (32003L0055) и со Директивите 68/416/ЕЕЗ и 98/93/ЕС со која се дополнува 68/414/ЕЕЗ кои се однесуваат на нафтените резерви.
Кон крајот на 2006 година се изготви ***Правилник за квалитет на течни горива*** (Службен весник на Република Македонија бр. 90/06 и 123/06), со цел воведување на биогоривата за транспорт во Републиката. Со овие измени се транспонира директивата 2003/30/ЕЦ од 08 мај 2003 година за промоција на искористувањето на биогоривата или други обновливи горива за транспорт во националното законодавство. Со овој Правилник се воведуваат два вида на биогориво: биодизел и биоетанол.
Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на 25 август 2006 година донесе Решение број 02-1203/1 за одобрување на *Мрежните правила за пренос на електрична енергија*.

**ПАЗАР НА СУРОВА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**
Со новиот *Закон за енергетика* се дефинираат правата и обврските на учесниците во пазрот на сурова нафта и нафтени деривати. Со закон се дефинираат вршителите на дејностите преработка на нафта и производство на нафтени деривати, транспорт на нафта и нафтени деривати преку нафтоводи и продуктоводи и преку други облици на транспорт, трговија со нафтени деривати на големо, трговија со нафтени деривати на мало и транзит на нафта и нафтени деривати преку нафтовод односно продуктовод.

**ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА ОДНОСНО ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА**
Со новиот *Закон за енергетика* се утврдуваат условите на користење и надлежностите во областа на топлинската / геотрмална енергија.

**ДОГОВОР ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЗАЕДНИЦА**
Република Македонија е потписник на ***Договорот за основање на енергетска заедница***. Истиот е потпишан на 25.10.2005 година. На 21.05.2006 година Договорот е ратификуван во Собранието на Република Македонија, а стапи на сила на 01.07. 2006 година. Основната цел на Договорот е да обезбеди слободна трговија со енергија под транспарентни услови помеѓу земјите од регионот, и со земјите членки на ЕУ.
Со стапувањето во сила на Договорот создаде овбрска за Република Македонија во рок од една година во потполност да ги имплементира одредбите на Директивите 2003/54/ЕК и 2003/55/ЕК, со предвидена динамика на отворањето на пазарот

[9] Како претставник на привремената извршна власт на Косово, согласно Резолуцијата на Советот на Обединетите Нации бр. 1244 .

за сите потрошувачи кои не се домаќинства да можат да го избираат својот снабдувач до 01.01.2008 година, а за сите потрошувачи до 01.01.2015 година.
Во периодот од август до ноември 2006 година, во Соработка со Секретаријатот на Енергетската заедница, за секоја земја-членка се изготвија *Насоки*, со соодветни услови, критериуми и рокови според кои ќе се раководи имплементацијата на преостанатите обврски од Договорот. Насоките добија поддршка од Министерскиот совет на Состанокот кој се одржа во Скопје, на 17.11.2006 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика,*** постојат четири одделенија и тоа одделение за инвестициони проекти во енергетиката, одделение за електроенергетски систем, одделение за фосилни горива и одделение за енергетска ефикасносот и обновливи извори на енергија, во кои се вработени 10 лица. Со постојната систематизација има потреба од 7 нови вработувања.
***Регулаторната Комисија за енергетика*** е основана со измените на Законот за енергетика од декември 2002 година, а е функционална од 1.01.2004 година. Регулаторната комисија е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамки на Законот. Петте членови на Регулаторната комисија, на предлог на Владата, ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Собранието, исто така, го одобрува буџетот на Регулаторната комисија. Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија е надлежна за следење на функционирањето на пазарот на енергија и предлагање на соодветни мерки за негово функционирање.
***Операторот на електропреносниот систем на Македонија (МЕПСО)*** официјално го започна своето функционирање на 1.01.2005 година. МЕПСО е сопственик на целокупната опрема за пренос на електрична енергија и врши одржување, планирање за проширување и изградба на преносната мрежа, потоа управување со електроенергетскиот систем и снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо и системски услуги, како и организирање и управување со пазарот на електрична енергија односно вршење на функцијата ***Оператор на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ)***. ОПЕЕ, како посебна организациона единица во МЕПСО, е одговорен за организирање на пазарот на електрична енергија на големо на национално ниво. Во зависност од потребите и барањата за развој на пазарот на електрична енергија во Република Македонија и регионот, ОПЕЕ би можел да прерасне во нова институција, одвоена од МЕПСО.
Законската постапка на издвојување на производството од вертикално интегрираното претпријатие и регистрацијата на одвоено акционерско друштво ***АД Електрани на Македонија (ЕЛЕМ)*** е завршена во септември 2005. Додека, во исто време, ***АД ЕСМ*** е регистрирано како акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија и ги извршува функциите врзани со дистрибутивната мрежа, ***Оператор на дистрибутивниот систем (ОДС)*** и снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало, како последна опција за снабдување (regulated retail supplier of tariff customers, as supplier of last resort). АД ЕСМ исто така е сопственик и управува со дистрибуираните производни единици на поранешното вертикално интегрирано претпријатие. Организационото реструктуирање на АД ЕСМ, кое овозможи сметководствено и функционално одвојување на ОДС, е завршено кон крајот на 2005 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На почетокот на 2007 согласно програмата за работа на владата за санација и реструктуирање на електроенергетскиот сектор ќе се изготви **Програма за консолидација на АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО** во сите сегменти на работење: технички, економски-финансиски правен и развојно инвестициски.
Во март 2007 година ќе се изготви **Анализа и дефинирање на можни модели за приватизација на енергетскиот систем.** Цел на оваа сутудија е да се изврши анализа на можните решенија и нивните ефекти во однос на приватизацијата во енергетскиот сектор и да се предложи динамика за можна реализација.
***Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија*** во текот на 2007 година ќе изготви и донесе подзаконските акти потребни за потполна имплементација на Законот за енергетика и воспоставување на функционален пазар на енергија: *Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија* и *Пазарните правила за електрична енергија*. Изготвени се предлог текстови за: *Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите приклучени на преносната мрежа, Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа* и *Услови за снабдување со електрична енергија* и истите се очекува во текот на 2007 година да бидат усвоени.
Од областа на природниот гас, се планира донесување на *Мрежни правила за пренос на природен гас и Услови за снабдување со природен гас*. Подзаконски акти од областа на топлинската односно геотермалната енергија кои се во план на донесување односно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика за 2007 година се следните: *Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија, Тарифен систем за продажба на топлинска енергија на потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа, Услови за снабдување со топлинска енергија, Мрежни правила за дистрибуција за геотермална енергија, Тарифниот систем за продажба на геотермална енергија на потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа и Услови за снабдување со геотермална енергија*.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок, се планира интензивна активност на Министерството за економија и Регулаторната комисија за енергетика, во рамките на соодветните надлежности, за изготвување и донесување на подзаконските акти потребни за имплементација на новиот Закон за енергетика во правец на воспоставување и јакнење на пазарот на енергија. Во областите на електрична енергија и природниот гас активностите ќе се одвиваат според акциониот план за спроведување на обврските од Договорот за енергетска заедница. Во овој период, останува потребата од усогласување на регулаторната рамка и прилагодување на пазарната структура во согласност со развојот на регионалниот пазар на енергија. Предвидената динамика на отворањето на пазарот на електрична енергија и природен гас треба да овозможи слободен избор на снабдувачот за сите потрошувачи освен домаќинствата до 1.01.2008 година, а за домаќинствата до 1.01.2015 година.

Во овој период, исто така, се очекува дека дерегулацијата на енергетскиот сектор и нововоспоставената политика на изградба на енергетски објекти ќе почнат да даваат резултати во смисла на ефектуирање на приватни инвестиции, особено во производството на електрична енергија и во дистрибуцијата на природен гас.

## 3.15.3 ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во Закон за енергетика (Службен весник на РМ бр 63/2006) има посебен дел кој ја обработува енерегетската ефикасност и обновливите извори на енергија. Со овој закон се утврдува дека политиката за унапредување на искористувањето на ОИЕ, како и политиката за унапредување на енергетската ефикасност ја креира Владата на Република Македонија преку донесување на соодветни стратешки документи.

Во текот на 2006 година распишан е Ограничениот повик број 1/2006 за избор на консултанстски услуги- изготвување на базна студија за обновливи енергетски извори во Република Македонија. Истиот е во завршна фаза и по изборот на најповолен понудувач ќе се пристапи кон изготвувањето на ***Базната студија за обновливи извори во Републиката,*** која ќе послужи како основа во текот на 2007 година да се изготви Стратегијата за обновливи извори на енергија. За изработка на Базна студија за искористување на ОИЕ, исто така, се одобрени средства од Швајцарскиот компензационен фонд во износ од 4.000.000 денари.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На 28 јули 2005 година донесен е ***Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија*** (Службен весник на РМ бр. 62/2005) која е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, подготовување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Во овој момент во Ангенцијата се вработени ВД Директорот и 3 лица. За 2007 година се планира да се вработат уште 2 лица. Екипирањето ќе биде етапно и тоа во 2008- 3 лица, 2009 - 3 лица, и 2010 - 4 лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

Врз основа на *Базната студија за обновливи извори на енергија* (која треба да се донесе во текот на 2007) ќе се пристапи кон изготвување на ***Стратегија за обновливи извори на енергија*** и нејзино донесување во текот на 2008 година. Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија ги дефинира целите за искористувањето на обновливите извори на енергија и начините на кои таквите цели се постигнуваат, а особено: потенцијалот на обновливите извори на енергија, изводливоста на искористувањето на потенцијалот на обновливите извори на енергија, обемот и динамиката за воведување на потрошувачка на електрична енергија од обновливите извори на енергија во енергетскиот биланс, дефинирање на преодни мерки за поддршка на искористувањето на обновливите извори на енергија преку повластени тарифи за повластени производители на електрична енергија и други мерки за поддршка.

**ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

Согласно Законот за енергетика во текот на 2007 година ке се донесе ***Правилникот за етикетирање на уредите за домаќинстав од аспект на енергетска ефикасност.*** Со овој правилник ќе се имплементираат следниве директива на Комисијата, и тоа 95/12/ЕЗ, 95/13/ЕЗ, 96/57/ЕЗ, 96/60/ЕЗ 97/17/ЕЗ, 92/42/ЕЗ, 98/11/ЕЗ, 94/2/ЕЗ, 92/75/ЕЕЗ, 2002/31/ЕС, и 2002/40/ЕС кои се однесуваат на енергетското етикетирање на уредите и апаратите за домаќинствата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

Согласно Зкаонот за енргетика во текот на 2008 година ќе се изготви ***Правилник за унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија.*** Со овој правилник ке се имплементира Директивата 2001/77/ЕС.

Исто така, Агенцијата за енергетика на Република Македонија во 2007 година треба да почне со издавање на *Сертификатите за потекло на електричната енергија произведена од ОИЕ*. Во овој период се очекува воспоставување на функционален механизам на повластени тарифи за поддршка на ОИЕ, како и првите резултати од неговата имплементација.

Исто така, во текот на 2008 година, ќе се донесе ***Стратегијата за обновливи извори на енергија*** која ќе се однесува на период од 10 години***.***

**ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

Приоритет во овој период е донесувањето и имплементацијата на подзаконските акти за унапредување на енергетската ефикасност кои треба да ги донесе Министерството за економија:

- ***Технички спецификации и стандарди за ефикасно искористување на фосилните горива***, со кои поблиску се утврдуваат критериумите кои треба да ги задоволуваат моторните возила, постројките за производство на електрична и топлинска енергија и други уреди од аспект на енергетска ефикасност;
- ***Правилникот за енергетска ефикасност на нови и реконструкција на постојни градежни објекти*** со кој ќе се имплементира директивата 2002/91/ЕС за енергетски капацитет на згради.

## 3.15.4 НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Прашањата од областа на нуклерната безбедност се уредени со *Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност* (Службен весник на РМ бр.48/02).

Во областа на нуклеарната безбедност и заштита од радијација, согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност надлежност има **Дирекцијата за радијациона сигурност (ДРС).** Дирекцијата за радијациона сигурност е формирана на 05.05.2005 година. Со дирекцијата раководи директор и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

**Републичкиот завод за здравствена заштита (РЗЗЗ)**, на барање на и под условите пропишани од Дирекцијата, ги врши работите во областа радијационата заштита во согласност со стандардите на меѓународните организации и Европската унија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Формирање на Комисија за радијациона сигурност која претставува советодавно тело за определени прашања од областа на заштита од јонизирачко зрачење и изготвување на предлози и решенија од нејзината надлежност;
- Измена и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;
- Изработка на следниве подзаконски акти:
    - правилник за границите на изложување на јонизирачко зрачење, условите за изложување во посебни околности и спроведување на интервенции во вонредни случаи;
    - правилник за условите и мерките за заштита од јонизирачко зрачење за извршување на работи со радиоактивни извори;
    - правилник за условите и мерките за заштита од јонизирачко зрачење при извршување работи со рендген апарати, акцелератори и други уреди кои произведуваат јонизирачко зрачење;
    - правилник за заштита од јонизирачко зрачење на професионално изложените лица;
- Меморандум за соработка со Царинска управа – Министерство за финансии, Министерство за внатрешни работи и Дирекцијата за храна – Министерство за здравство и други органи на управата;
- Меморандум за соработка со релевантни меѓународни институции;
- Ажурирање на Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење;
- Довршување на проектот МАК/4/002 „Управување и складирање на ниско и средно активен радиоактивен отпад", финансирано од МААЕ, кој има за цел изградба на склад за ниско и средно активен радиоактивен отпад со што ќе се исполни еден од условите наведени во член 103 од Спогодбата за стабилизација и асоција на РМ. Вредноста на проектот изнесува 150,000 € и е донација во облик на опрема и едукација на кадар кој ќе работи во оваа постројка;
- Операционализација и зајакнување на капацитетите на Дирекцијата за радијациона сигурност.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Целосна операционализација и зајакнување на капацитетите на ДРС со нови вработувања и континуирана обука и едукација на вработените;
- Изработка и донесување на Национален акционен план за вонредни настани;
- Изготвување на преостанатите правилници и донесување на подзаконски акти со кои се регулира: мониторингот на животната средина во поглед на радиоактивна контаминација; здравствената заштита на населението и работниците изложени на јонизирачко зрачење; заштитата на надворешните работници ангажирани во контролирани зони на зрачење; базичните мерки за медицинска изложеност и здравствена заштита при медицинска изложеност; експозиција на радон во затворени простории и во водата за пиење; контролата на превоз на радиоактивни материи и радиоактивен отпад; изработката на стандарден документ за супервизија и контрола на превоз на радиоактивен отпад и сертификати за увоз на земјоделски производи; увозот на прехрамбени продукти од подрачја погодени од нуклеарна катастрофа или радиолошка несреќа;
- Обука и едукација на лицата корисници на извори на јонизирачко зрачење.

## 3.15.5 ДРЖАВНА ПОМОШ

Законот за државна помош (Службен весник бр. 24/03) ги дефинира областите во кои смее да се доделува државна помош, меѓу кои е и секторот за јаглен.

## 3.15.6 ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ ПО ИНСТИТУЦИИ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 04001: Влада на РМ | РКЕ: Регулаторна Комисија за енергетика | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 04001: Влада на РМ Вкупно | | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 09004: Биро за стокови резерви | БСР: Биро за стокови резерви | 26 | 0 | 0 | 2 | 3 | 5 |
| 09004: Биро за стокови резерви Вкупно | | 26 | 0 | 0 | 2 | 3 | 5 |
| 10001: Министерство за економија | МЕ: Сектор за енергетика | 8 | 2 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| | МЕ: Сектор за минерални суровини | 7 | 2 | 1 | 1 | 0 | 4 |
| | НОВА: АЕ Агенција за енергетика (енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија) | 1 | 2 | 3 | 3 | 4 | 12 |
| 10001: Министерство за економија Вкупно | | 16 | 6 | 6 | 6 | 5 | 23 |
| 19001: Министерство за здравство | ДРС: Дирекција за радијациона сигурност | 3 | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 |
| 19001: Министерство за здравство Вкупно | | 3 | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 |
| **ВКУПНО** | | **50** | **11** | **11** | **13** | **13** | **48** |

## 3.15.7 СТРАНСКА ПОМОШ

Во подрачјето на обновливи енергетски извори и енергетска ефикасност со финансиска поддршка од *Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ)*, преку Светската банка, на 11.05.2006 година заврши *Проектот за подготвување на Програма за одржлива енергија (Проект за одржлива енергија)*. Вкупната вредност за подготвителната фаза на овој проект изнесува 350.000 USD.

Во рамките на проектот изготвени се *Студија за формирање на Институција за развивање на проекти за одржлив енергетски развој (ИРОЕ/PDAF)* и *Студија за формирање Институција за финансирање на проектите за одржлив енергетски развој (ИФОЕ/SEFF)*. Студиите се изработени од консултантските куќи Exergia од Грција и Nexant од САД, соодветно. Посебен дел од Проектот за одржлива енергија е помош во подготвителните активности за формирање на *Енергетска сервисна компанија* – ЕСКО (ESCO – *Energy Service Company*). За реализација на овој дел од проектот изготвена е *Студија за развој и поддршка на ЕСКО* од страна на консултантот Econergy од САД, а веќе е извршена обука на локални капацитети и се направени енергетски ревизии и студии за четири пилот проекти, од страна на HEP ESCO од Хрватска.

Имлементацијата на Програмата треба да започне во април 2007 година, за што ќе се користи грант од ГЕФ во износ од 5.500.000 USD. Времетраењето на Програмата е до април 2011 година, по што се очекува и нејзино продолжување во наредните четири години.

Со финансиска поддршка од Австриската влада, во тек се активностите за реализација на проектот за искористување на соларната енергија во Република Македонија „*Соларни загревачи на вода*". Проектот е предвиден да се резлизира во периодот од ноември 2005 до октомври 2008 година. Вредноста на проектот изнесува 300.000 EUR, австриски грант. За реализација на сите активности во проектот одговорна е австриската консултантска асоцијација AEE INTEC.

Битен проект е и Еколошкото санирање и енергетската рационализација на геотермалниот систем – Геотрмал Кочани Проект. Се имплементира со поддршка на Австриската Агенција за Развој (со вкупна вредност на проектот од 1.560.000 EUR).

Со финансиска поддршка на Швајцарската влада, во завршна фаза е реализацијата на проектот за *Ефикасна дистрибуција на енергија*. Вредноста на проектот изнесува 12.100.000 CHF, неповратна помош. Основна цел на овој проектот е давање на техничка и финансиска помош на Владата на Република Македонија за подобрување на енергетската ефиксност преку четири компоненти.

За изработка на тендерска документација за пакет од 10 мали хидроелектрани, одобрени се средства од Швајцарскиот компензационен фонд во износ од 6.000.000 денари.

**ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОЕКТИ**

Кон крајот на 2007 и почетокот на 2008 година се очекува завршување на изградбата на двата 400 кВ далекуводни врски: Штип (Република Македонија) – Црвена Могила (Република Бугарија) и Битола (Република Македонија) – Флорина (Република Грција).

Изградбата на 400 кВ ДВ со Република Бугарија претставува прва интерконективна врска на ова напонско ниво помеѓу двете земји и е дел од Коридорот 8. Со истата ќе се овозможи сигурен транзит на електрична енергија помеѓу двата електроенергетски системи на Република Македонија и Република Бугарија. Изградбата на 400 кВ далекуводна врска опфаќа и изградба на на трафостаница ТС 400/110 КВ – Штип со 400 КВ далекуводно поле во трафостаница ТС 400/110 Кв Дуброво.

Интерконективната 400 кВ далекуводна врска ТС Битола 2 (Република Македонија) -ТС Флорина (Република Грција) претставува втора 400 кВ врска помеѓу Македонија и Грција. Истата ќе го замени 150 кВ далекувод Битола-Аминдео, при што ќе се овозможи зајакнување на постојната преносна мрежа и ќе ја подобри размената на електрична енергија помеѓу Македонија и Грција и останатите земји во регионот.

На почетокот на 2007 година се објави меѓународен јавен конкурс за давање на концесија за изградба на 60-70 мали хидроелектрични централи. Со реализација на предметниот проект се предвидува влез на домашни и странски инвестиции кои ќе придонесат за локален развој во руралните средини. Од енергетски аспект, изградбата на 60-70 мали хидроелектрични централи значи зголемување на инсталираната моќност во Републиката за околу 180 МВт и годишно производство на електрична енергија за околу 700 ГВтч. Исто така се планира кон средината на 2007 година да биде објавен уште еден меѓународен јавен конкурс за давање на концесија за изградба на дополнителни 60-70 мали хидроелектрични централи.

Во смисла на изградба на нови големи хидроенергетски објекти во тек е постапката за избор на инвеститор за изградба на хидроелектричните централи ХЕЦ "Чебрен" и ХЕЦ "Галиште" на Црна Река и отпочнување на реализација на проектот ХЕЦ "Бошков мост". Исто така, во 2007 година се очекува да биде актуелизиран проектот Вардарска долина, кој претставува голем проект кој едновремено вклучува и изградба на 12 хидроелектрични централи на река Вардар.

Во текот на 2007 година се очекува интензивирање на активностите поврзани со отпочнување на реализацијата за изградба на гасна термоелектрана топлана во Скопје.

Исто така, во текот на 2007 година ќе се интензивираат активностите за изградба на повеќе топлани за централно греење и механизми за приклучување на домаќинствата на централното греење.

Во периодот од 2008 до 2010 година се планира отпочнување на изградба на *две нови 400 кВ далекуводни интерконективни врски* кои ќе го поврзат електроенергетскиот систем на Република Македонија со електроенергетскиот систем на Република Србија, односно на Република Албанија.

Помеѓу ЕЕС-и на Република Македонија и Република Србија постојат три интерконективни врски, и тоа една на 400 kV и две на 220 kV напонско ниво што ги поврзува регинот на Скопје со Косово. 220 kV ДВ-и веќе неколку години не се во функција и овозможуваат намалена доверливост на Балканските ЕЕС-и.

Новата 400 kV интерконективна врска ќе претставува втора интерконекција помеѓу двата соседни ЕЕС-и. Изградбата на оваа интерконекција е од големо значење за двата ЕЕС-и, ќе ја зголеми сигурноста и доверливоста на работата на системот и оперативноста на регионот во целост.

Коридорот Исток - Запад е еден од приоритетните коридори за економскиот развој на Македонија и на јужниот балкански регион. Предметната 400 кВ далекуводна врска овозможува добро поврзување на електроенергетските системи на Република Македонија и Република Албанија. Исто така, од италијанска страна е пројавена иницијатива за поврзување на оваа интерконекција со подводен 400 кВ еднонасочен кабел од Албанија кон Италија.

**ПРОЕКТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ОД ЕНЕРГЕТСКАТА СИРОМАШТИЈА**

Со финансиска помош од Европската банка за обнова и развој ќе се изготви *Проектот за социјална заштита од енергетската сиромаштија*. Носител на активностите во Проектот е Министерството за економија. Во реализацијата на овој Проект ќе учествуваат и Министерството за труд и социјална политика, Организација на потрошувачи на Република Македонија, АД ЕСМ, АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ, Регулаторната Комисија за енергетика, Министерството за финансии, АД Топлификација, Државен завод за статистика. Изборот на Консултантот е извршен и компанијата “РАМБОЛЛ” од Данска е избрана за реализација на оваaa проектна задача. На 06.03.2007 година се одржа завршната работилница на која се донесе План за имплементација со практични предлози и мерки на активности со носители и рокови за да се имплементира оваа студија и да се пружи помош на социјално загрозените слоеви на населението во снабдувањето со електрична енергија. Проектот ќе заврши до првата половина на 2007 година.

# 3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ

***ДАНОЧНА ПОЛИТИКА***

Постојниот даночен систем во Република Македонија е во голема мера компатибилен со даночните системи на земјите од Европската Унија, неговиот фискален капацитет ги задоволува потребите на државниот и буџетите на единиците на локалната самоуправа и одговара на пазарните услови за стопанисување, а заради ниските стапки на оданочување е привлечен за странски вложувања.

Законот за данокот на додадена вредност е усогласен со шестата директива на ЕУ, а Законот за акцизите во голем дел е хармонизиран со системската директива за акцизи на ЕУ и нејзините структурни директиви поодделно за секој вид на добро кое подлежи на оданочување.

Идната даночна политика на Република Македонија продолжува со започнатата реформа на даночниот систем за хармонизација со директивите на ЕУ. По успешното хармонизирање на индиректните даноци, во процес се активности и за хармонизација со директивите на ЕУ во областа на директното оданочување.

## 3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

***ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ***

**ПРАВНА РАМКА**

Оданочувањето на потрошувачката на стоки и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност (Сл. весник на РМ бр. 44/99,59/99,86/99,11/2000,8/2001,21/2003,19/2004,33/2006 и 101/2006).
Со овој закон како основен правен акт е уредено пресметувањето и плаќањето на данокот на додадена вредност при промет на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност, како и увозот на добра.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за ДДВ, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за Јавни приходи и Царинската Управа.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Законот за данокот на додадена вредност во РМ е со примена од 1.04.2000 година, и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на :

1. Шестата (системска) директива на Советот - 31977L0388 - за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Заеднички систем на данок на додадена вредност: единствена основа на пресметување, и
2. Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560, за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата.

Во однос на висината и бројот на применетите даночни стапки, ЗДДВ кореспондира со она што е предвидено во Директивите на ЕУ, од причина што во РМ во примена се две даночни стапки и тоа општата од 18%, и повластената од 5%.

Хармонизираност е постигната и во делот на даночниот третман на инвестиционите добра со прифатено решение според кое се постигнува целосно ослободување од платениот данок на опремата наменета за производство на стоки и услуги кои подлежат на оданочување и на недвижностите потребни за вршење на дејност.

Во ЗДДВ воглавно, согласно со ЕУ актите се регулирани и местото на прометот, времето на настанување на даночниот долг, административните обврски, пропишувањето на специјални шеми за оданочување за тур-операторите, враќањето на данокот и др.

Во текот на првиот квартал на 2006 година, а со примена од 1.01.2006 година, беа усвоени измените на Законот за ДДВ, заради вградување на некои одредби во делот на ослободувањата при увозот на добра , со цел да се изврши хармонизираност на истите со оние предвидени во новиот Царински закон.

Со оглед на тоа што основниот закон за ДДВ во РМ е изготвен пред 2000 год., а Шестата директива која има за цел хармонизација на законите во земјите членки на полето на ДДВ, постојано трпи промени, потребно е нивно понатамошно транспонирање во македонското законодавство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2007 година, фокусот е на подготовка, односно проучување на законодавството на ЕУ, со цел успешно хармонизирање на Законот за данок на додадена вредност на среден рок.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот од 2008-2010 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување и усогласување на законодавството со одредбите на директивите на ЕУ, кои децидно се однесуваат на системот на данокот на додадена вредност. Ова особено во насока на:

- Примена на ДДВ при вршењето на промет на добра и услуги внатре во заедницата помеѓу даночни обврзници регистрирани за целите на ДДВ во различни земји членки и примена на даночните ослободувања при тоа, како и третманот на стекнувањето на добра и услуги од македонски ДДВ обврзници од даночни обврзници од други земји членки на Заедницатата.
- Воведување на "посебните постапки на оданочување", преку внесување на посебни шеми за оданочувањето на: "инвестициското злато " како и за "употребувани добра, уметнички предмети, збирки и старини".
- Вградување на одредби за промет на услуги кои се извршуваат по електронски пат.
- Хармонизација во поглед на полето на примена на одредбите на ЗДДВ во слободните зони .
- Пропишување и изработка на сите обрасци , вклучително и на даночната пријава за ДДВ , како и на периодичните извештаи во кои македонските даночни обврзници регистрирани за целите на ДДВ треба да го пријавуваат прометот што тие го извршиле кон ДДВ обврзници од други земји членки на ЕУ, со едновремено пропишување на другите административни обврски.

Во процесот на хармонизација на домашното законодавство во делот на ДДВ во предвид ќе бидат земени следните ЕУ акти:

- Шеста директива на Советот - 31977LO388 (Шеста директива на Советот 77/388/ЕЕЗ од 17 мај 1977 за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Заеднички систем на данок на додадена вредност: единствена основа за проценка) како и сите нејзини измени и дополнувања;
- Директива на Советот 31969LO169 за хармонизација на одредбите кои се регулирани со закони, регулативи или административни мерки во врска со ослободување од данок на промет и акциза при меѓународни патувања и сите нејзини измени и дополнувања;
- Осма директива на Советот 31979L1072 (Осма директива на Советот 79/1072/ЕЕЗ од 06 декември 1979, со сите измени и дополнувања, за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет
- Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на земјата);
- Тринаесетта директива на Советот 31986LO560 (Тринаесетта директива на Советот 86/560/ЕЕЗ од 17 ноември 1986 за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата);
- Директива на Советот 31983LO181 (83/181/ЕЕЗ) со сите измени со која се утврдува опфатот на член 14 (1) (д) на Директивата 31977LO388 во врска со ослободување од данокот на додадена вредност за краен увоз на одредени стоки;
- Регулативата бр. 1777/2005 на Советот за утврдување на мерките за имплементација на Директивата 77/388/ЕЕЗ за заедничкиот систем на ДДВ.

Сите изменувања и дополнувања на Законот за данокот на додадена вредност ќе се имплементираат со влезот на РМ во ЕУ.

### *АКЦИЗИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнени одредби.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за акцизите надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за Јавни приходи и Царинската Управа.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Законот за акцизите е во голем обем хармонизиран со Системската Директива на Европската Унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи.

Режимот за оданочување на тутунски производи во кој постоеше дискриминација помеѓу домашните и увозните производи е веќе изменет со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 45/2002), со кој е пропишано целосно изедначување на акцизата на цигарите од домашно производство и од увоз, почнувајќи од 1 јануари 2007 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРОИРИТЕТИ**

Во текот на 2007 година, фокусот е на подготовка, односно проучување на законодавството на ЕУ, со цел успешно хармонизирање на Законот за акцизи на среден рок.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот од 2008-2010 година ќе следи усогласување со директивите на ЕУ, кои децидно се однесуваат на системот за акцизите. Одредбите од Директивата на Советот за општите аранжмани за производите подложни на акциза и за чување, движење и следење на тие производи (31992L0012), пред се одредбите за акцизни складови, кои се уште не се инкорпорирани во Законот за акцизите, ќе се вградат во истиот заради спроведување на режимот на суспендирање кој важи внатре во заедницата.

Со истите измени и дополнувања ќе се изврши и хармонизација со одредбите на Директивата за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија (32003L0096), како и усогласувањето на стапките на акциза на тутунските добра (31992L0079, 31992L0080 и 31995L0059) и алкохолни пијалоци (31992L0083 и 31992L0084) со најниското ниво кое се бара во Директивите. Бидејќи вградувањето на одредбите од овие директиви ќе има значителни импликации врз малопродажните цени на енергетските производи и електричната енергија и на цигарите, РМ веројатно ќе има потреба од транзиционен период заради ублажување на ценовниот удар врз населението. Сите изменувања и дополнувања на Законот за акцизите ќе се имплементираат со влезот на РМ во ЕУ.

## 3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

***ДАНОК НА ДОБИВКА***

**ПРАВНА РАМКА**

Со Законот за данокот на добивка (Сл. весник на РМ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05 и 139/2006), се уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за данок на добивка, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Управата за Јавни приходи.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со Законот за данокот на добивка се дефинира: даночен обврзник, даночна основа, трошоци кои се признаваат како расход во даночниот биланс и влијаат на висината на остварената добивка, даночен третман на приходите од капитал и на капиталните добивки и загуби, задржување на данок на приход исплатен на странски правни лица, даночни ослободувања и олеснувања, избегнување на двојното оданочување, утврдување и наплата на данокот на добивка, даночен период и казнени одредби.

Со цел да се подобри инвестиционата клима во Република Македонија, односно да се поттикнат и стимулираат странските и домашните инвеститори во државата, на крајот на 2006 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка со кој се воведува рамен данок, односно се воведува најниска стапка на данок на добивка во регионот и пошироко од 10%, со примена од 01.01.2008 година, и стапка од 12% која ќе се применува во периодот од 01. 01.2007 до 01.01.2008 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел усогласување и хармонизирање на Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ, во 2007 година фокусот е на подготовка за правилно толкување на директивите и нивно транспонирање во Законот, иако Република Македонија во дел преку ширењето на мрежата на Договорите за одбегнување двојно оданочување со земјите членки на ЕУ се обидува да ги оствари општите цели на хармонизација со ЕУ.

Исто така, ќе следи и процес на подготовка за утврдување на даночните мерки во согласност со принципите на Кодексот на постапување при оданочувањето на стопанството.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот од 2008-2010 година ќе следи усогласување на домашното законодавство со директивите на ЕУ, кои децидно се однесуваат на системот за данокот на добивка. Ќе се донесе нов Закон за данок на добивка кој ќе се имплементира со влезот во ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат и заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји членки (31990L0434),

заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји членки (31990L0435), наплата на давачка за придонеси на капитал во капиталните компании (31969L0335) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји членки (32003L0049).
Исто така, ќе се воведат и арбитрарни процедури за спречување на двојното оданочување во врска со профитите помеѓу поврзани претпријатија од различни земји членки.
Ќе се изврши и усогласување на новиот Закон за данок на добивка со принципите на Кодексот на постапување при оданочување на фирмите како и транспонирање на Merger Directive во поглед на отстранување на пречките за прекугранични бизнис реорганизации.

## *ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД*

### ПРАВНА РАМКА

Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на РМ" бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/2006 и 139/2006), целосно го уредува оданочувањето на годишниот доход на физичките лица остварен како збир на нето приходи од сите извори и тоа: лични примања, приходи од земјоделска дејност, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи. Освен приходи на кои се плаќа данок, со Законот е уредено кои приходи се изземени од оданочување, кој е даночен обврзник, даночната основа, даночните стапки, начинот на пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход, жалбената постапка, обнова на постапката и казнени одредби.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Согласно Законот за персоналниот данок на доход, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Управата за Јавни приходи.

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

На крајот на 2006 година, во функција на создавање услови за економски напредок на земјата, порадикално намалување на невработеноста и привлекување на странски инвестиции, се донесе Закон за изменување и дополнување на законот за персоналниот данок на доход со кој се воведе рамен данок, со тоа што постојните стапки на персоналниот данок на доход од 15%,18% и 24% се заменија со единствена даночна стапка од 12% за 2007 година и стапка од 10% со примена од 01.01.2008 година.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Обврските по однос на усогласувањето на Законот за персоналниот данок на доход, со Директивите на ЕУ во 2007 година ќе се одвиваат во правец на подготовки за изработка на нов закон, преку проучување на системите и искуствата на земјите членки на ЕУ во нормативното регулирање на оданочувањето на одделни извори на приходи на физичките лица регулирани со директивите и другите документи на заедницата.
Тука пред се се мисли на Директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби, делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји - членки (31990L0434), во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица.
За таа цел како краткорочен приоритет ќе биде градењето на искуства на даночната администрација за имплементација на оваа директива.
Исто така, краткорочните приоритети во усогласувањето на Законот за персоналниот данок на доход ќе се однесуваат и на подготовките за имплементација на двете препораки и тоа: Препораката (93/79 EU) за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во земја-членка друга (различна) од онаа во која се жители и Препораката (94/390 ЕС) за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби ќе се однесуваат на физичките лица - вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Приближувањето на домашното законодавство кон законодавството на ЕУ во делот на оданочувањето на доходот на физичките лица во периодот 2008-2010 година ќе се одвива во правец на усогласување на домашното законодавство со директивите на ЕУ, и донесување на нов Закон за персоналниот данок и подзаконските акти, со имплементација на истите со влезот во ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област.
Реализацијата на овие мерки ќе се одвива преку посебни проекти и учество на странски консултанти од земјите членки, со цел да се создаваат услови за вградување и имплементација на новите решенија усогласени со директивата (32003L0048) за оданочување на каматните исплати и посебните спогодби на ЕУ со Андора, Лихтенштајн, Швајцарија, Монако и Австрија .

Од особена важност за овој закон ќе биде неговото усогласување со директивата која се однесува на доходот во форма на каматни исплати. Основна намена на оваа директива е потврдување дека доходот од заштедите во облик на плаќања на камати (од денарски депозити кај банки, од должнички хартии од вредност и од други финансиски побарувања), кои се исплатени во државата членка на физичко лице кое е резидент на друга држава членка, да биде успешно оданочен во согласност со законодавството на последната држава, односно на државата во која физичкото лице е резидент. Со оглед на наведената намена за повеќе држави членки е одреден механизам на автоматска размена на информации за каматите на физичките лица меѓу членките за нивните резиденти. За таа цел, а во согласност со Директивата за заедничката помош од органи во земјите членки надлежни за директните даноци, одредени видови акцизни давачки и оданочувањето на премиите за осигурување, Република Македонија би морала да ги пренесе одредбите на директивата во домашното законодавство и најдоцна до денот на пристапот да ги примени условите за автоматска размена на информации во делот на каматните исплати и другите приходи на физичките лица кои се предмет на оданочување согласно персоналниот данок на доход.

## 3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И ВЗАЕМНА ПОМОШ

Хармонизацијата на законодавството по однос на взаемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ.

Република Македонија има склучено вкупно 25 Договори за одбегнување на двојното оданочување од кои 11 со земјите членки на ЕУ или 13 вклучувајќи ги Бугарија и Романија. По однос на другите земји членки на ЕУ, Република Македонија има 3 Договори во постапка на ратификација (Германија, Велика Британија и Латвија) и 2 Договори кои чекаат на потпишување (Белгија и Австрија), и еден Договор со Словачка кој е во завршна фаза на усогласување.

На полето на размена на информации со другите земји, особено со членките на ЕУ, во текот на 2006 година, направено е следното: на веб страната на УЈП истакнати се ратификуваните Договори и Спогодби за одбегнување на двојно оданочување, потребните обрасци за нивно спроведување на македонски и англиски јазик, компаративен преглед на даночните стапки кои се применуваат согласно наведените договори и спогодби и Инструкции за примена на меѓународната правна помош..

Согласно член 26 од ОЕЦД моделот за даночна конвенција, Управата за јавни приходи има добиено од надлежните органи на други држави вкупно 13 барања за размена на податоци и информации. Управата за јавни приходи обезбеди податоци по 12 барања и истите ги достави до надлежните органи, а за едно од барањата постапката за прибирање на податоците и информациите е во тек. Управата за јавни приходи исто така согласно член 26 од ОЕЦД моделот за даночна конвенција, упати 25 барања за податоци и информации од надлежните органи од други дави. Одговор на барањата УЈП има добиено само од 5 држави.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Забрзување на процесот за ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Германија, Велика Британија, Латвија, Белгија и Австрија, како и забрзување на процесот за реализација на завршната фаза на усогласување на Договорот со Словачка.

Краткорочни приоритети на Управата за јавни приходи за размена на информации, а во врска со примената на член 26 од ОЕЦД моделот за даночна конвенција приход и капитал се: воспоставување на регистар на овластени лица за контакт и размена на податоци, од земјите со кои Република Македонија има склучено договори за одбегнување на двојното оданочување; определување на овластени лица од страна на Управата за јавни приходи на Република Македонија за размена на податоци и информации; воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји членки на ЕУ и тоа со Луксембург, Ирска, Грција, Португалија, Естонија, Литванија, Кипар и Малта.

Регулативата 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и взаемна соработка на државите членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата членка на примена на истата и нема потреба од нејзино претходно инкорпорирање во македонското законодавство.

Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување електронска и спонтана размена на податоци со државите со кои Република Македонија има склучено договори за одбегнување на двојното оданочување.

## 3.16.4 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

### ПРАВНА РАМКА

Правната рамка која го одредува административниот капацитет на Управата за јавни приходи во поглед на делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на Управата за јавни приходи претставува Законот за Управата за јавни приходи кој е донесен во Септември 2005 год.
Во месец Јануари 2006 год. Собранието на Република Македонија го донесе Законот за даночни постапки со кој се создаваат единствени основи за општото даночно право и даночната управна постапка. Со него на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници и даночната казнена постапка и постапката за паричните казни. Законот се применува од 01.04.2006 год., а за негова примена донесени се повеќе подзаконски акти и оперативни инструкции за работа на функциите.
Наведената правна рамка обезбедува можност за засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање на даноците со преземање на краткорочни и среднорочни мерки.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Управата за јавни приходи (УЈП) е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (шест регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (24) со вкупно 1251 вработени.(состојба na 30-10-2006)

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Правната рамка обезбеди преструктуирање на Генералната дирекција на УЈП, измени во организацијата на регионално и на локално ниво по принципите на функционално организирање како и организација на Дирекцијата за големи даночни обврзници. Генералната дирекција на УЈП се организира во посебни сектори за функција и за поддршка, додека внатрешната контрола и ревизија, единицата за жалби и правните услуги се непосредно раководени од директорот на УЈП. За таа цел во 2006 год. се донесоа нови акти за организација и систематизација и се утврди бројот и видот на неопходниот персонал, се пристапи кон назначување на раководните лица и распоредување на вработените на сите нивоа.

Во борбата против одбегнување на плаќање на даноците, во текот на 2006 година се отпочна со изградба на сеопфатна програма за наплата и изградба на мерки за мерење на учинок и сопрограми за електронски даночни услуги.
Системот на електронски даночни услуги од 01-07-2006 е во функција во Дирекцијата за големи даночни обврзници и се применува за електронско пополнување на даночни пријави. Склучени се договори за електронски пренос на податоци од даночни пријави и доделени се кодови за идентификација на 91 голем даночен обврзник, а персоналот засилено работи на привлекување на даночните обврзници кон овој начин на поднесување на пријави и зголемување на бројот на корисниците.

На планот на изградба на сеопфатни програми за наплата на даноци Управата за јавни приходи овозможи електронска конекција кон Централниот Регистар на Република Македонија преку која се одвива функционирањето на едношалтерскиот систем за регистрација на правни лица и лица регистрирани во други основни регистри кои се водат во Република Македонија. Во овој систем УЈП презеде активна улога на доделување на Единствениот даночен број (ЕДБ) заради идентификација на секој даночен обврзник во даночна постапка и негово електронско доставување до Централниот регистар кој го запишува во решението за регистрација.

Спроведена е едукација на новопримените работници за работа во ДГДО од областа на даночната политика и нејзината имплементација и сестрана обука за примена на одредбите од Законот за даночни постапки.
Во Дирекцијата за големи даночни обврзници која е во оперативна состојба од 01-07-2006 а од 26-09-2006 е сместена во прилагоден простор, се развиваат активности на: воведување и операционализирање на функцијата услуги на даночните обврзници; подолгорочно планирање на надворешните контроли кај големите даночни обврзници врз основа на претходна анализа и согледување на нивната ризичност; спроведување на процеси на наплатата на даночните долгови.
Во тек е реализирање на програма за градење на мерки за мерење на учинок која предвидува идентификување на носечки комплет мерки за резултатите при администрирање на даноците кој се состои од квантитативни и квалитативни мерки за секоја функционална област во УЈП, развивање на стандарди за секој учинок; утврдување на критериуми, процедури и формулари за спроведување на контрола на квалитетот на секоја функционална област, а потоа и редовно објавување на извештаи за работа во јавноста и воспоставување методологија за мерење на нивото на задоволство на даночните обврзници со целокупната работа на УЈП и нејзините различни програми.

Во тек е реализација и на другите предвидени активности од мерката изградба на сеопфатна програма за наплата и изградба на мерки за мерење на учинок кои во овој моментот не се целосно завршени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Вкупниот капацитет на Управата за јавни приходи во текот на 2007 година ќе се зајакнува и со:

- Имплементација на сегменти на поедноставени даночни системи за директното оданочување со соодветна едукација на вработените и обезбедување на софтверска инфраструктура ;
- Развој на посебни програми за услуги на даночни обврзници кои опфаќаат изготвување на национална стратегија, база на знаења и техничка подршка за нејзина примена, уредување и ажурирање на веб страната на УЈП, изготвување едукативни и информативни пишани материјали и организирање семинари за даночни обврзници. Активностите ќе започнат во 2007 год. и континуирано ќе се спроведуваат и средноročно;
- УЈП ќе дизајнира стратегија за унапредување на администрирањето на малите и средните даночни обврзници и ќе ја реализира и развива и во 2008 година;
- Ќе се продолжи со зајакнување на наплатата на заостанати обврски и по задоцнети даночни пријави со развој на стратегија, план, методи и процедури и едукација на вработените .

Преземање на структурни мерки за итно реформирање на политиката за контрола, со подобрувањето на капацитетот за контрола и со развивање на стратегија за ревизија и соодветни објективни системи за контрола. Ќе се развива посебна методологија за контрола при регистрација на нови бизниси, за откривање на непријавени даночни обврзници, методологија на брзи контроли, на целосни контроли, методологии за контрола за можноста и за видовите на наплата на долгови. За таа цел ќе се реализира насочена едукација за контрола на даноци по видови на дејности и ќе се организираат специјализирани обуки за методологии на контрола. Ќе се развиваат методи на контрола за борба против корупцијата и други казниви дела. За остварување на целите на ревизијата ќе се изготват критериуми за планирање,а за следење на нивната реализација и стандарди за мерење на учиноците. За остварување на овие цели потребни се вработувања на инспектори за надворешна контрола.

Во рамки на ДГДО ќе се развие функција на услуги на даночни обврзници и функција на контрола на даноци по економски сектори за да се обезбеди максимална ефикасност и ефективност во администрирањето и контролата на даноците. Ќе се пристапи кон едукација за посебни методологии за контрола на големи даночни обврзници со посебен акцент на примена на Меѓународните сметководствени стандарди. Планирана е едукација за примена на МСС во рамки на РЕПАРИС програмата на Светска банка за која сеуште не се дефинирани термините.
Ќе се изврши и едукација и за примена на методологии на трансферни цени.
Новите усвоени методи ќе се пренесуваат и на другите организациони делови на УЈП и во таа смисла ќе се врши едукација.

Донесувањето на стратегија на ревизија на обезбеден објективен систем за контрола и соодветни ИТ системи ќе обезбеди дефинирање на објективни критериуми за селектирање за контрола, ризични фактори за посебни даноци и за посебни статуси на компании со цел на избегнување на субјективистички пристап кон изборот за контрола и избегнување на дискриминаторна примена на законодавството.

За целосна реализација на наведените мерки планирано е изготвување на соодветни софтверски пакети.
Ефектите од преземените мерки потребно е да се продолжат со понатамошна реформа на администрацијата за оданочување и обезбедување на нејзиното правилно функционирање. За таа цел ќе се продолжи со развивање и понатамошно надградување на електронските даночни услуги со овозможување и на други комуникации по електронски пат со даночните обврзници што се планира да се заврши до крајот на 2007 год. и да се обезбедат електронски даночни услуги и за средните по големина даночни обврзници.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Електронските даночни услуги ќе се развиваат во правец кон сервисирање на малите даночни обврзници во 2008 и кон граѓаните во 2009 год.

Од 2008 год УЈП ќе продолжи со спроведување на стратегија за контрола на ДДВ, акцизи и директни даноци преку донесување на тримесечни планови со конкретни активности.

За Управата за јавни приходи приоритет претставува и работата на полето на човечките ресурси. Со конституирање на посебен Сектор за човечки ресурси ќе се изготви Стратегија за вработување, за едукација, годишни планови и програми за едукација согласно потребите на работните места и искуството на вработените, но и ќе се дефинираат потребите за нови вработувања. Интензивно ќе се работи на професионалното однесување на даночните работници и во тој однос ќе се развиваат методите на работа на внатрешната ревизија и внатрешната контрола.

Како посебна мерка за подобрување на капацитетот на УЈП и ефикасно користење на кадарот во 2009 год.се планира креирање на локација за централизиран прием и обработка на даночните пријави и соодветна едукација на вработените.
Еден од приоритетите, кој е од посебна важност за УЈП е развојот на ИТ системите, а посебно воспоставување на акцизни ИТ системи (MVS, EWS/E и SEED) и нивно поврзување со компјутерските системи на ЕУ, воспоставување на компјутерски систем за движење и следење на акцизните стоки внатре во заедницата (EMCS), воспоставување на систем за размена на информации за ДДВ (VIES), формирање на нов организационен дел во рамките на УЈП со посебно едуциран кадар за што е потребно и вработување и соодветна обука.

УЈП планира да ги вклучи и да даде приоритет на наведените програми за поврзување со системите во ЕУ. Доколку овие програми се стандардизирани и со различна ИТ платформа ќе треба да се набават, да се предвиди нова опрема, ИТ кадар и негова обука, како и интеграција во целосниот ИТ систем на УЈП. Што се однесува до акцизните системи сето ова УЈП може да го планира доколку е сосема извесно дека надлежностите за администрирање со акцизите останувааат во УЈП и не се пренесуваат во Царинската Управа во 2008 година.

Системите EMCS И VIES се воспоставуваат пред влезот на земјата во ЕУ. Техничка помош за изградба на системите и начинот на нивната имплементација е вообичаена за земјите кои почнуваат да го градат, и ќе биде потребна и за УЈП.
Во истиот период потребно е формирање на посебен организационен дел (Централна канцеларија за врски) кој ќе има директен пристап за целите на ДДВ и акцизите до базата на податоци во другите ЕУ членки и ќе биде одговорен за контролата на односите на обврзниците меѓе земјите членки.
За воспоставување на канцеларијата потребни се и посебни трошоци: простор, опрема, хардвер и софтвер, нови вработувања и едукација за вработените.

Најголем дел од буџетските средства ќе се користат за воведување нови ИТ системи (хардвер и софтвер), обука на кадрите за негова употреба и одржување, како и на обезбедување на просторни услови и канцелариска опрема каде тие ќе бидат сместени како посебна канцеларија за врски. За оваа намена не е обезбедена странска помош но разумно е таа да се очекува. Остатокот на средствата е потребен за воспоставување на новите системи на работа, нови вработувања и едукација на кадарот.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09001: Министерство за финансии | МФ: Сектор за даночен и царински систем | 19 | 2 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 19 | 2 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| 09005: Управа за јавни приходи | УЈП: Управа за јавни приходи | 1251 | 30 | 30 | 30 | 20 | 110 |
| | ДГДО: Дирекција за големи даночни обврзници | 35 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | КГДП: Дирекција за големи плаќачи на придонеси | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 09005: Управа за јавни приходи Вкупно | | 1286 | 30 | 30 | 30 | 20 | 110 |
| **ВКУПНО** | | **1305** | **32** | **32** | **32** | **21** | **117** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

CARDS 2006 (КАФАО-МАК) Техничка помош за царина и даноци 1.000.000 евра
ММФ - Холандска влада, ГТЗ, УНДП, УСАИД ПОДРШКА НА УЈП - зајакнување на административен капацитет, структурни мерки, стратегија за ИТ 3.720.081 евра

# 3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА

## 3.17.1 ОПШТИ НАСОКИ

Основната законска рамка е обезбедена преку законите кои ги регулираат јавните финансии и операциите на Народната банка.

Во делот на јавните финансии, еден од позначајните документи претставува Фискалната стратегија на Република Македонија, преку која се приближува процесот на планирање на јавните финансии на Република Македонија во согласност со принципите кај земјите членки на Европската унија. Фискалната стартегија се изготвува за период од три години и обезбедува основи за дефинирање на вкупните економски политики на Владата, преку утврдување на насоките на макроекономската и фискалната политика, финансиското управување и соодветната контрола на трошењето на буџетските средства. Со неа се дефинираат: макроекономската рамка за тековната година и проекциите на основните индикатори во следните три години, остварување на буџетските приходи и расходи за тековната година и среднорочна проекција на истите, како и претпоставките и ризиците кои ги детерминираат среднорочните проекции и политиките на Владата.

Процесот на интеграција во ЕМУ се одвива во четири фази: пред членство, членство во Европска унија, влез во ЕРМ2 и влез во ЕМУ.

Главните институции во овој дел (Министерството за финансии, Народната банка на Република Македонија, Министерството за економија и Државниот завод за статистика), ги извршуваат обврските на полето на усвојувањето и примената на законите, спроведувањето на политиките, подобрувањето на квалитетот на статистичките податоци, како и координирање на економските политики.

## 3.17.2 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**Закон за Народна банка на Република Македонија**
Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05, 129/06) во голема мерка е усогласен со европската регулатива која се однесува на целта и поставеноста на централните банки во земјите на Европската унија, пред се со Статутот на ЕСЦБ и Европската централна банка.

Согласно со член 3 став 1 од Законот, основна цел на Народната банка е одржување на ценовната стабилност. Народна банка ја поддржува економската политика на земјата и финансиската стабилност на земјата, без да се загрози остварувањето на основната цел, почитувајќи ги начелата на пазарна економија (член 3 став 2 од Законот).

Народна банка има висок степен на независност која е гарантирана со Уставот на Република Македонија и со Законот за Народна банка. Согласно член 60 од Уставот на Република Македонија, Народна банка е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Републиката и кон странство.

Народна банка е независна во остварувањето на своите функции, со финансиска и административна самостојност. При остварувањето на функциите, Народна банка и членовите на органите надлежни за донесување на одлуки не бараат и и не добиваат инструкции од органите на државната власт и органите на државната управа (член 4 од Законот). Народна банка ги определува инструментите за остварување на своите функции.

Согласно со член 70 од Законот, гувернерот на Народната банка го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, по предлог на Претседателот на Република Македонија, за период од 7 години, со право на уште еден последователен избор. Во Народна банка се именуваат тројца вицегувернери. Вицегувернерите ги именува Собранието на Република Македонија на предлог на гувернерот за период од седум години со право на уште еден последователен избор (член 70 од Законот). Надворешните членови на Советот на Народна банка ги именува Собранието на Република Македонија, на предлог на Претседателот на Република Македонија, за период од 7 години, без право на последователен избор (член 60 од Законот). Во Законот (членови 60, 70 и 73) се регулирани случаите на престанок на мандатот и отповикувањето на гувернерот, вицегувернерите и надворешните членови на Советот на Народна банка.

Подолгиот мандат на гувернерот, вицегувернерите и надворешните членови на Советот на Народна банка од мандатот на Владата и Претседателот на државата е во функција на обезбедување на личната независност.

Народна банка е со финансиска и административна самостојност (член 5 од Законот). Финансискиот план (нацрт буџет) и финансиските извештаи на Народна банка ги донесува Советот на Народна банка (член 92 од Законот). Капиталот на Народна банка не може да се пренесува или да е предмет на било какво оптоварување (член 7 од Законот).

Во Законот за Народна банка експлицитно е дадена забрана за одобрување позајмици и кредити на органите на државната власт и органите на државната управа. Народна банка не гарантира за преземените обврски на државната власт и органите на државната управа (член 51 од Законот).

Во 2006 година направени се измени и дополнувања на Законот за НБРМ кои се во насока на зајакнување на финансиската самостојност на НБРМ преку издвојување на поголем дел од добивката (70%) во општите резерви, а помал дел (30%) во Буџетот по достигнување на ова ниво. Ваквата распределба се задржува сé до моментот кога општите резерви ќе го постигнат нивото на основниот капитал, по што 15% од нето добивката ќе се распределува во општи резерви на НБРМ, додека останатите 85% во буџетот на Република Македонија.

Направени се и измени со кои донесените решенија од Гувернерот се конечни во управната постапка. Имено, се укинува правото на жалба до Советот на НБРМ на решенијата на гувернерот по надворешни прашања, кое право се остварува директно на суд. По исклучок, правото на жалба до Советот на НБРМ на решенијата на гувернерот останува за интерни прашања поврзани со работните односи на вработените во НБРМ. Направените измени се со цел зголемување на ефикасноста во донесувањето на решенијата од страна на Гувернерот кои се од исклучителна важност за нормално и законско работење на банките, како и за нивно навремено извршување и избегнување на последиците од ненавременото превземање на соодветни мерки.

**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**

Во Законот на НБРМ е утврдена правната рамка за спроведување на монетарната политика и политика на девизен курс преку определување на инструменти и мерки. Тековниот сет ги опфаќа следниве инструменти:

- Задолжителна резерва
- Задолжителна резерва во денари
- Задолжителна резерва во девизи
- Операции на отворен пазар
- Емисија на краткорочни хартии од вредност
- Репо операции за емитирање/повлекување на ликвидност[10]
- Операции за фино регулирање – дефинитивни трансакции со хартии од вредност
- Расположливи кредити и депозити преку ноќ
    - ломбарден кредит
    - депозит преку ноќ

НБРМ при спроведување на монетарната политика применува индиректни инструменти за монетарно регулирање. Имајќи предвид дека банкарскиот систем се наоѓа во состојба на структурен вишок на ликвидност, во инструментариумот на НБРМ, покрај задолжителната резерва, доминира издавањето на краткорочни хартии од вредност заради стерилизација на ликвидносниот вишок. Покрај благајничките записи, од март 2006 година, НБРМ во координација со Министерството за финансии започна да издава државни записи за монетарни цели како дополнителен инструмент за стерилизирање на вишокот на ликвидност на подолг рок. Државните записи за монетарни цели се очекува да придонесат за натамошен развој на секундарниот пазар на државни хартии од вредност, зголемување на нивната ликвидност, избегнување на сегментација на пазарот, постигнување на поефикасен ликвидносен менаџмент од страна на НБРМ и банките со цел подобрување на трансмисиониот механизам на монетарната политика.

Во услови на структурен вишок на ликвидност, воведувањето на аукциски репо трансакции е наменето за управување со ликвидноста на пократок рок, преку спроведување на повремени интервенции. Притоа, аукциските репо трансакции може да се спроведуваат во двете насоки, за емитирање и повлекување на ликвидност. Од друга страна, воведувањето на дефинитивни трансакции со хартии од вредност овозможува повлекување или емитирање на ликвидност на подолг рок, со цел компензирање на факторите кои имаат влијание врз ликвидноста на трајна основа.

[10] Одлуката за дефинитивни и репо трансакции стапува во сила на 1.12.2006 со истовремено укинување на Одлуката за аукција на кредити на НБРМ

Задолжителната резерва е традиционален инструмент на НБРМ, при што со системот на просечно одржување се овозможува компензирање на ликвидносните промени, како и стабилизирање на флуктуациите на краткорочните каматни стапки на пазарите на пари.
Расположливите кредити и депозити преку ноќ обезбедуваат формирање на коридор на каматните стапки на пазарите на пари и зајакнување на сигналниот механизам на НБРМ. Овие инструменти се применуваат на иницијатива на банките, во услови на непланирани ликвидносни вишоци/недостатоци на пазарите на пари.

Имајќи предвид дека пазарот на државни хартии од вредност е еден од позначајните сегменти на финасиските пазари преку кој се имплементира монетарната политика, НБРМ е активно вклучена во поддржување на развојот на примарниот и секундарниот пазар на државни хартии од вредност. По успешното отпочнување на функционирање на примарниот пазар на државни записи на почетокот на 2004 година, каде НБРМ е агент на државата , НБРМ во текот на 2005 година беше насочена кон воспоставување на регулаторна и инфраструктурна рамка за тргување со државни записи на секундарен пазар. Имено, пазарната инфраструктура за тргување со хартии од вредност во Република Македонија беше надоградена со воспоставување на пазари преку шалтер каде се склучуваат купопродажни трансакции со хартии од вредност, надвор од берзата, во директна релација помеѓу купувачот и продавачот (без посредници), со што се намалуваат високите трансакциони трошоци. Истовремено, пазарите преку шалтер овозможуваат порамнување во реално време, во текот на истиот ден, што делува во насока на креирање амбиент за поефикасно управување со ликвидноста, како кај банките и останатите финансиските институции, така и кај субјектите од нефинансискиот сектор.

Истовремено, со цел зголемување на транспарентоста на тргувањето на пазарите преку шалтер беше воспоставен електронски систем преку кој банките можат секојдневно да котираат куповни и продажни цени на државни хартии од вредност и да реализираат купопродажби.

Исто така, со цел понатамошно поттикнување на развојот на секундарниот пазар и зголемување на ликвидноста на краткорочните хартии од вредност, НБРМ го промовираше воведувањето на репо трансакции. За непречено спроведување на репо трансакциите НБРМ подготви Генерален репо договор како правна рамка за склучување на репо трансакции во Република Македонија.

Во услови на режим на de facto фиксен девизен курс на денарот во однос на еврото, НБРМ е континуирано присутна на девизниот пазар преку интервенции во насока на откуп или продажба на девизи. Во рамки на напорите за обезбедување на поефикасна интервентна политика од страна на НБРМ и со цел да се унапреди работата на меѓубанкарски девизен пазар, беше воведена *електронска платформа* за котирање и тргување со девизи помеѓу банките. Преку електронската платформа на банките им се овозможи следење на информациите за движењата на курсевите во реално време и директно електронско тргување со девизи. На тој начин се обезбеди зголемена транспарентност на пазарот, полесно вкрстување на понудата и побарувачката на девизи и формирање на девизниот курс врз основа на информации за состојбата на пазарот во реално време.

Покрај тоа, со цел да го стимулира тргувањето помеѓу банките и да го намали сопственото присуство на пазарот во услови на рамнотежа на понудата и побарувачката, НБРМ воведе *банки-поддржувачи* на девизниот пазар. Овие банки, кои во суштина го сочинуваат јадрото на девизниот пазар, имаат ексклузивно право да тргуваат со НБРМ со цел задоволување на маѓубанкарските потреби за девизи, како и обврска за континуирано котирање на куповни и продажен курсеви во одреден распон.

***Статистика***

Народна банка е надлежна за прибирање, обработка и објавување (dissemination) на податоци во областа на монетарната статистика (Упатство за пополнување, прибирање, контрола и обработка на податоците од книговодствената состојба на банките од 1992 година). НБРМ разменува податоци со ДЗС од областа на монетарната статистика. Монетарната статистика во НБРМ се изготвува согласно Прирачникот за монетарна и финансиска статистика на ММФ[11]. Покрај монетарната статистика НБРМ изготвува и одредени финансиски индикатори (каматни стапки на банките, каматни стапки на пазарот на пари, податоци за државни записи). ЕУ правниот акт 32001R0018(01) кој се однесува на статистиката на каматните стапки е во голема мерка имплементиран со донесувањето на Одлуката за доставување на податоци за каматните стапки на банките за примени депозити и дадени кредити („Службен весник на РМ“ бр. 22/2005) и Упатството за пополнување на извештаи за каматни стапки на примени депозити и дадени кредити („Службен весник на РМ“ бр. 25/2005). Целосно усогласување со оваа регулатива ќе следи по стекнување на Република Македонија на статус земја членка на ЕУ. Во 2006 година билансот на штедилниците е инкорпориран во монетарниот преглед со што се обезбеди целосен опфат на движењата во банкарскиот сектор.

---

[11] Monetary and Financial Statistics Manual, International Monetary Fund.

НБРМ е надлежна за прибирање, обработка и објавување (dissemination) на податоци во областа на статистиката на билансот на плаќање. Ваквите активности се вршат во соработка со Државниот завод за статистика. Платниот биланс се изготвува во согласност со Прирачникот за платно - билансна статистика на ММФ - V издание[12]. Податоците се изготвуваат на месечна основа и се објавуваат 75 дена по истекот на извештајниот месец, во САД долари, а од 2006 година и во евра. Придржувањето кон меѓународните стандарди и кодови за изготвување на платниот биланс беше предмет на оценка од страна на ROSC[13] мисијата на ММФ во 2004 година, чиј извештај е јавно објавен на страната на ММФ. Оценките во делот на платно билансната статистика се позитивни, што значи дека изготвувањето на платниот биланс во голема мерка е во согласност со меѓународните стандарди.

Во насока на унапредување на статистиката на платниот биланс во текот на 2006 година воведени се нови извори на податоци со кои се применува бруто принципот на евидентирање на пооделни ставки, како и изготвување на стандардна презентација на билансот на плаќања, на квартална основа со полугодишна динамика.

Со цел намалување на времето за изготвување на податоците за платниот биланс, отпочнат е проект за електронска достава на податоци за трансакциите со странство (ITRS) преку вклучување на три банки во првата подготвителна фаза од проектот.

***Финансиско сметководство***

Во согласност со Законот за НБРМ, изготвувањето на финансиските извештаи и финансиското известување на Народна банка се врши согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување IFRS[14].

**Закон за државна статистика**

Со овој закон (Службен весник на РМ бр.54/97), се уредува поставеноста и работата на државната статистика, методолошките и организациски основи на статистичките истражувања, прибирањето, обработката, презентирањето, чувањето, заштитата и давањето на статистички податоци. Законот за државна статистика во најголем дел е усогласен со регулативите на ЕУ кои го регулираат ова подрачје.

Државниот завод за статистика од 1993 година започна со имплементација на методологијата за пресметка на Бруто-домашниот производ ЕСА 95, континуирано ги подобрува пресметките, а ги следи измените и дополнувањата кои се во тек. Во 2002 година се донесе Стандарднатна класификација на институционалните сектори групирано според видот на производството и нивните главни дејности и функции кои се земаат како показатели за нивното економско однесување. Со одлука на Владата од септември 2005 донесена е Класификација на институционалните сектори целосно усогласена со меѓународните препораки согласно ЕСА 95.

Во ноември 2006 година воспоставена е Национална класификација за статистика на владините финансии чија примена овозможува усогласеност во прибирањето, обработката, анализата и публикувањето на статистичките податоци за единиците и трансакциите на владината потрошувачка.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Согласно член 60 од Уставот на Република Македонија Народна банка е утврдена како емисиона банка која е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност за плаќањата во Републиката и кон странство. Согласно Уставот, организацијата и работата на НБРМ се уредуваат со закон.

Во согласност со Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/00) надлежна институција за подготовка на Законот за Народна банка е Министерство за финансии, предлагач е Владата, а Народна банка е надлежна институција за имплементација на законот, како и носител и надлежна институција на подзаконските прописи.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**Донесување нов Закон за НБРМ**

Заради понатамошно усогласување со европскиот правен поредок и со Статутот на ЕСЦБ и Европската централна банка, во 2007 година ќе се донесе нов Закон за Народна банка на Република Македонија, со кој ќе се елиминираат и допрецизираат законските одредби кои не се усогласени со Европското законодавство. Така, во новиот Закон за Народна

[12] Balance of Payments Statistics -V Edition, International Monetary Fund.
[13] Report on the Observance of Standards and Codes, International Monetary Fund, 2004.
[14] International Financial Reporting Standards, International Accounting Standards Board.

банка ќе се допрецизираат четирите видови на независност на Народната банка (функционална, институционална, лична и финансиска).

Во новиот закон за НБРМ ќе се прецизира одредбата за забрана за директно финансирање на јавниот сектор од страна на НБРМ, односно ќе се дополни со цел експлицитна забрана за кредитирање не само кон органите на државна власт и органите на државна управа туку и кон други јавни институции. Со новиот закон за НБРМ ќе се доуредат одредбите кои се однесуваат на заштита од конфликт на интереси и ќе се регулира односот на Народна банка со Европската унија во делот на соработка со ЕЦБ и другите институции и тела на Европската унија.

**Прилагодување на монетарните инструменти на НБРМ со инструментите на ЕСВ**
Во услови на структурен вишок на ликвидност, НБРМ ќе продолжи со примена на инструментите за повлекување на ликвидноста, фокусирајќи се на ефикасноста на аукцискиот механизам, како и подобрување на ликвидносното управување. Истовремено, воведениот депозит преку ноќ ќе овозможи формирање на коридор на каматни стапки со што ќе се зголеми влијанието на каматните стапки во сигнализирањето на насоките на монетарната политика на НБРМ.

**Прилагодување на статистиката**
На полето на статистиката до крајот на 2007 година ќе се реализираат следните активности:

**Платен биланс**
Натамошно унапредување на начинот на презентација на податоците од областа на платно-билансната статистика, согласно меѓународните стандарди и препораки (бруто надворешен долг и меѓународна инвестициона позиција).

Натамошно развивање на системот на електронска достава на податоци од овластените банки за трансакциите со странство (ITRS[15]), преминување кон следната фаза на проектот со вклучување на повеќе банки и прилагодување на софтверските решенија.

Анализирање на можностите за воведување на алтернативни извори на податоци за проценка на приватните трансфери во платниот биланс.

**Монетарна статистика**
Усогласување на презентацијата на монетарната статистика, согласно меѓународните стандарди и препораки за секторизација и класификација на финансиските инструменти.

**Отпочнување со активности за воведување на статистика на финансиски сметки.**
Министерството за финансии планира да премине кон користеwе на методологијата од Прирачникот за владините финансии од 2001 година, како и кон усогласуваwе со методологијата на ЕУРОСТАТ, односно ЕСА (European System of Account)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во овој период, континуирано со зајакнувањето на врските и односите помеѓу Република Македонија и Европската унија, ќе се јави потреба од регулирање на следната материја:

- ЕУ мерката 31998D0415 се однесува на обврската за доставување законска регулатива на централната банка на земјата-членка до европските институции, за консултации и мислење во врска со истите. Оваа директива непосредно ќе се применува со станување на РМ земја-членка на ЕУ;
- ЕУ мерките 31971D0142, 31964D0300, 31964D0301 и 32001D0150, се однесуваат на меѓусебната соработка на националните централни банки, како и нивна соработка со ЕЦБ. Оваа материја ќе се следи континуирано, а обврските ќе бидат исполнети со стекнување на статусот земја-членка на ЕУ;
- ЕУ мерката 11997Е110 се однесува на примена и почитување на регултивата на ЕЦБ од страна на националните централни банки, додека правните акти 31998R2532 и 31999R2157 го регулираат овластувањето на ЕЦБ да воведе санкции кон националната централна банка за непочитување на нејзините прописи. Овие две регулативи ќе се применуваат кога Република Македонија ќе стане земја-членка на ЕУ;
- Со цел понатамошно прилагодување на инструментариумот на монетарната политика на Народна банка на поставеноста на монетарните инструменти на ЕСВ во наредниот период, во зависност од условите при спроведувањето на монетарната политика, НБРМ ќе врши прилагодување кај инструментот задолжителната резерва (постепено намалување на стапката на задолжителна резерва; промена на начинот на пресметка на обврската за задолжителна резерва; промена на временскиот период на одржување на обврската за задолжителна резерва и др.). Целосно усогласување со ЕУ регулативата

[15] International Transaction Reporting System.

Council regulation concerning the application of minimum reserves by the ECB 2531/98 ќе се реализира во моментот на пристапување на Република Македонија во ЕМУ;

- Сите останати монетарни инструменти, освен задолжителната резерва, кои се регулирани со ЕУ актот Guideline on monetary policy instruments and procedures of the Eurosystem, of 7 March 2002 amending Guideline ECB/2000/7, постепено ќе се прилагодуваат со овој ЕУ правен акт. Целосно усогласување со горенаведената ЕУ директива ќе се реализира во моментот на пристапување на Република Македонија во ЕМУ;
- Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на ECB, во наредниот период НБРМ континуирано ќе врши прилагодувања. Најголем дел од ЕУ правните акти (32001R0018, 31998R2533, 32004O0001, 32002O0007, 32001R2423) во целост ќе се применуваат кога Република Македонија ќе стане земја-членка на ЕУ;
- Прилагодувањето на финансиско сметководствената статистика и на начинот на известување до ECB, континуирано ќе се следи од страна на НБРМ. Народна банка ќе отпочне со подготовки за примена на ЕУ актот 32002O0010 кога Република Македонија ќе стане земја членка на ЕУ.

**Државен завод за статистика**

- На листата на среднорочните приоритети на Државниот завод за статистика се наоѓаат следните активности:
- Ревизија на методологијата за пресметка на БДП;
- Подготовка на Методологија за распоредување на деловните субјекти според класификацијата за функции на владата COFOG;
- Финализација на проектот за постигнување на исцрпност во националните сметки за земјите од Западен Балкан во организација на EUROSTAT и OECD;
- Публикување на интегрираниот сет на економски сметки за периодот 1997-2003 на ниво на цела економија и по институционални сектори;
- Започнување со пресметки за додадена вредност на квартално ниво за сектор држава и за финансиски сектор;
- Започнување на активности за пресметка на бруто национален производ GNP.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во текот на изминатиот период, од страна на одделни дирекции во НБРМ користена е техничка помош главно од меѓународни финансиски институции (ММФ). Техничките мисии од ММФ се однесуваа на усовршување на инструментите на монетарна политика, управување со ликвидност, операции на девизен пазар и платни системи и развој на пазарот на пари и хартии од вредност, како и за усовршување на монетарната и платно-билансната статистика. Покрај тоа, користена е техничка помош од страна на експерти од Централната банка на Холандија и од Централната банка на Англија. Кадрите во НБРМ дополнително се обучуваат преку посети на семинари во ММФ и преку семинари на билатерална основа организирани од други централни банки.

## 3.17.3 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

*Очекувани среднорочни макроекономски движења*

Основните цели на економската политика и во идниот период ќе бидат задржување на макроекономската стабилност, забрзување на растот и постигнување на одржливост, како и намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Порастот на економијата присутен во претходните години, се очекува да продолжи и во периодот 2007-2009 година преку остварување на просечна стапка на пораст на БДП од околу 6%. Поради високото учество во структурата на БДП, главниот двигател врз економскиот раст ќе биде индустриското производство, а се очекува пораст и во останатите економски сектори, пред се трговијата, градежништвото, транспортот и комуникациите, како и секторот на финансиски услуги.

Ценовната стабилност и понатаму ќе биде една од основните компоненти на макроекономскиот амбиент во овој период, изразена преку просечна годишна инфлација од околу 2,5% до крајот на 2009 година. Во овој правец ќе делува и монетарната политика преку продолжување на примената на стратегијата на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото.

Подобрувањето на целокупниот економски амбиент, односно остварувањето на подинамични стапки на економски раст ќе придонесе за пораст на вработеноста од околу 4% на годишно ниво, со истовремено намалување на стапката на невработеност. За таа цел, ќе бидат неопходни и реформи на пазарот на работна сила, како една од клучните компоненти во процесот на подобрување на инвестициската клима во земјата. Притоа, реформите ќе опфатат поедноставување и намалување на бирократските процедури, регулативите и администрацијата, промовирање на флексибилни и различни форми на договори за вработување и работни аранжмани, како и подобрување на пристапот до обука и преквалификација на вработените.

Согласно среднорочната стратегија за управување со јавниот долг, долгот на општата влада ќе се одржува на ниво од 35-38% од БДП, а јавниот долг на ниво од 38-41% од БДП. Притоа, Министерството за финансии ќе има активна улога за искористување на можностите за предвремена отплата на јавниот долг онаму каде има економска оправданост.

**Среднорочни и долгорочни цели на макроекономската политика**
Среднорочни цели на Макроекономската политика на Република Македонија се остварување на еконосмки раст од 6 до 8%, одржување на ниска стапка на инфлација во согласност со Мастришките критериуми, подобрување на анализите на тековните економски движења. Во Секторот за макроекономска политика ке се развие и одржува CGE (Computable general equilibrium model). Во контекст на подготовката за учество во координацијата на економските политики секоја година ќе се врши ревизија на Претпристапна економска програма (ПЕП) и нејзина ревизија

Долгорочни цели на Макроекономската политика се: намалување на стапката на невработеност на едноцифрено ниво. одржување на стапка на раст двојно поголема од онаа на Европската Унија со цел постигнување на Convergence и развој на софистициран макроекономски модел за проекција на економските индикатори.

**Среднорочни и долгорочни цели на управувањето со јавниот долг**
Среднорочни цели на управувањето со јавниот долг се:намалување на големината на јавниот долг во однос на БДП; развој и одржување на пазарот на државни хартии од вредност постепено зголемување на долгот со фиксни каматни стапки; зголемување на делот од долгот деноминиран во денари; зголемување на долгот деноминиран во евра во структурата на надворешниот долг; зголемување на учеството на внатрешниот долг со истовремено намалување на надворешното задолжување; зголемување на пазарниот долг, со постепено намалување на заемите од официјалните кредитори; п родолжување на рочноста на вкупниот јавниот долг; обезбедување профил на непречени отплати; рестриктивен пристап кон финансирањето на јавните проекти со издавање на државни гаранции.

Долгорочни цели на управувањето со јавниот долг се:континуирано намалување на големината на јавниот долг во однос на БДП и подобрување на неговата структура; минимизирање на трошоците за сервисирање на јавниот долг; постигнување на одржливо ниво на ризиците на кои е изложено должничкото портфолио; и развој и одржување на пазарот на државни хартии од вредност.

## ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09001: Министерство за финансии | МФ: Сектор за управување со јавен долг | 9 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 9 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| **ВКУПНО** | | **9** | **1** | **1** | **0** | **0** | **2** |

## СТРАНСКА ПОМОШ

Во текот на изминатиот период, Секторот за управување со јавен долг има користено техничка помош од страна на CARDS проектот за “Technical Assistance for Institution Capacity Building of the Ministry of Finance in the Debt Management Function”, преку повремен престој на двајца консултанти во одделни области, односно за управување со јавен долг и за информациона технологија, во периодот од јули 2005 до јули 2006 година. Притоа, од страна на GTZ, USAID (World Learning) и FSVC како донатори, добиена е помош за Секторот во насока на остварување на една работна посета, три обуки и еден дво-месечен курс.

# 3.18 СТАТИСТИКА

## 3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

**ПРАВНА РАМКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Темелен законски акт кој ја уредува областа на државната статистика е Законот за државната статистика кој е донесен во 1997 година („Службен весник на Република Македонија„ бр.54/97). Со Законот се поставени основите за градење на статистичкиот систем на земјата чија основна цел е:

- обезбедување на статистички показатели на ниво на земјата;
- прилагодување кон меѓународните статистички стандарди, класификации и друго, преку чија примена се обезбедуваат споредливи податоци со останатите земји;
- квалитетни статистички податоци на нови методолошки основи за следење и поддршка на нашата земја за пристапно членство кон ЕУ;
- задоволување на меѓународните обврски на Република Македонија;
- подготовка на компаративни податоци со другите земји засновани на научни основи кои се во функција на поддршка на транзицијата кон пазарна економија.

Програмата за статистички истражувања претставува најзначаен подзаконски акт кој го донесува Владата на Република Македонија и која е објавена во „Службен весник на Република Македонија„ бр.69/03. Програмата ги содржи сите статистички истражувања кои ги спроведува Државниот завод за статистика и овластените носители за периодот 2003-2007 година. Во подготовката на Програмата се вклучени и најзначајните корисници на статистички податоци. Нејзината реализација претставува примарна активност на Државниот завод за статистика.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Државниот завод за статистика е самостојна стручна организација чијашто надлежност и делокруг на работа се уредени со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија„ бр.58/00) и Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија„ бр.54/97).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика
- Програма за статистички истражувања за периодот 2008-2012

**СРЕДНОРОЧЕН ПРИОРИТЕТ**

- Закон за Попис на населението, домаќинствата и становите, 2011

***АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА***

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Делокругот на работа на Државниот завод за статистика е уреден со Законот за државната статистика. Во согласност со наведениот Закон, статистичкиот систем на земјата е централизиран, при што Заводот е основен носител на статистичката дејност во земјата. Покрај Заводот, учесници во статистичкиот систем се и овластените носители (вкупно 8) кои ја продуцираат официјалната статистика. Законот за државната статистика го дефинира терминот "официјална статистика". Значајна улога во статистичкиот систем на земјата има и Советот за статистика на Република Македонија кој има стручна и советодавна улога на државната статистика. Членовите на Советот за статистика ги именува Собранието на Република Македонија и тие се стручни работници од областа на статистиката, економијата, општествените дејности и политичкиот систем.

Со Заводот раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија. Директорот може да има заменик. Независноста на директорот на Заводот во однос на стручно-методолошките прашања е гарантирана со одредбите на Законот за државната статистика. Со измените на Законот ќе се зајакне неговата позиција и во однос на неговото именување и разрешување.

Најзначаен подзаконски акт со кој се утврдуваат статистичките истражувања претставува Петгодишната програма за работа која ја носи Владата на Република Македонија, по предлог на Заводот. Во подготовката на Програмата учествуваат овластените носители, широк круг на корисници и извештајните единици.

Активностите во текот на годината Заводот ги програмира со Годишната програма за работа која ја носи директорот на Заводот.

Системот на планирање и програмирање во Заводот непосредно се однесува на Петгодишната програма за статистички истражувања и на годишниот Извештај за нејзината имплементација кој годишно се доставува до Владата заради негово разгледување и усвојување. Во моментов, во Заводот, со помош на странски експерти, се воспоставува систем на стратешко планирање и мониторинг на имплементацијата на Програмата за статистички истражувања, во кој треба да бидат вклучени:индикаторите за успешност, цената на чинење на статистичките активности, мониторинг на активностите и други елементи.

Правците за натамошниот развој и приоритетите се утврдени во Стратешкиот план на Заводот. Во стратешкиот план за периодот 2006-2008 година Заводот ја утврди својата мисија, визија и вредности, како и приоритетите за наведениот период.

Државниот завод за статистика своите активности ги финансира преку буџетот на Република Македонија. Делумно, Заводот ги финансира своите активности и потреби (обуки, набавка на опрема и др.) преку обезбедување на финансиски средства остварени преку вршење на услуги за трети лица и продажба на публикации.
Финансиското работење на Заводот се спроведува по упатства и мониторинг на Министерството за финансии.

Владата на Република Македонија, односно органите на државната управа се најзначајни корисници на статистичките податоци. Воедно, наведените тела се и битни даватели на административни податоци.
Релацијата со органите на локалната самоуправа е посебно изразена во реализацијата на пописите кои ги спроведува Заводот. Заводот започна со оценка на потребите кои произлегуваат од процесот на децентрализацијата во однос на барањата на податоци на локално ниво.
Релацијата со научната и бизнис заедницата, социјалните организации и др.е тековна и најмногу доаѓа до израз при подготовката на Петгодишната програма за статистички истражувања, подготовката на статистичките стандарди (класификации, номенклатури и сл.), како и при спроведување на масовните статистички акции (пописи итн.).
Внатрешната организациона структура на Заводот е уредена со Правилник за организација и работа. На централно ниво постојат девет сектори од кои четири реализираат статистички истражувања, а останатите се во функција на нивна поддршка. На локално ниво постојат осум регионални одделенија чија основна функција е прибирање на статистички податоци и нивна примарна обработка. Во функција на подобрување на работењето на регионалните одделенија, се преземаат мерки во насока на зголемување на опфатот, поефикасно работење, подобар квалитет и поголема самостојност во работењето.
Во Заводот во моментов се вработени вкупно 252 вработени, од кои 79 во регионалните одделенија. Евидентен е недостигот на стручен и искусен статистички кадар, како последица на заминувањето на кадарот од институцијата. Обуката на вработените главно се спроведува во странство, со финансиска помош на странски донатори. Делумно, обуката која има општ карактер се реализира со посредство на Агенцијата за државни службеници.
Политиката на човечки ресурси во Заводот се заснова на законските решенија утврдени во Законот за државните службеници и внатрешните акти на Заводот. Имплементацијата на оваа политика во Заводот не е на задоволително ниво. Во таа смисла, неопходно е да биде подготвен интегриран план за развој на човечките ресурси во кој ќе бидат утврдени потребите на Заводот за кадар, обуките на вработените и др.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Воспоставување на механизми за соработка со давателите на податоци
- Подобрување на постојаната мрежа на анкетари
- Едукација на вработените во регионалните одделенија за користење на ИТ опремата

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Да се засили капацитетот на Државниот завод за статистика за стратешко планирање, буџетирање и за менаџмент со човечки ресурси
- Унапредување на соработката со давателите на податоци
- Оспособување на вработените за користење на осовременета ИТ инфраструктура

## 3.18.2 ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ АУТПУТИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

### *ОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ*

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Според Стратешкиот план на Заводот, неговата мисија е да ,,произведува и дисеминира квалитетни статистички информации за општеството и економијата, неопходни за поддршка на демократските процеси, развојот на економијата и процесот на евроинтеграција, како и за научноистражувачки цели". Во согласност со Стратешкиот план, како вредности се наведени професионалноста, независноста и интегритетот, ориентираноста кон корисниците, почитувањето на давателите на податоци, квалитетот и ефикасноста. Во Заводот нема утврден систем за следење и утврдување на квалитетот на статистичките процеси и податоци. Од индикаторите за квалитет што се применуваат во ЕСС, во Заводот континуирано се пресметуваат варијансите и коефициентите на варијација за сите примерочни истражувања, стапките на (не)одговор. Се посветува и особено внимание на навременоста и запазувањето на предвидените рокови (timeliness and punctuality) .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Воспоставување на основите на системот за утврдување и следење на квалитетот на статистичките податоци

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подготовка на методолошко упатство за извештај за квалитет и изготвување на извештаи за квалитет
- Примена на сите препораки на ЕУ за квалитет на статистичките истражувања и на статистичките податоци
- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци

### *ИТ ИНФРАСТРУКТУРИ И УСЛУГИ ЗА ДЗС*

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Информатичката инфраструктура, алатките за апликативен развој и човечките ресурси се битни аспекти на ИТ опкружувањето од кои зависи способноста да се одговори на континуираното зголемување на барањата од корисниците, обврските што произлегуваат од меѓународната соработка и процесот на евроинтеграција.

Во третиот квартал на 2006 г., преку проектот СИДА беа набавени три сервери: бекап сервер, датабаза сервер и тест сервер. Тест серверот е наменет за воспоставување на развојно ИТ опкружување за да се раздвои продукцијата од развојниот дел. Покрај хардверот беше набавен и софтвер:

- за бекапирање
- за апликативен развој ( Visual Studio 2005 i PowerDesigner)

Во поглед на обуката, во 2006 година 5 лица поминаа обука за развој на апликации во Microsoft.net околина, како и за дата моделирање и обуката континуирано продолжува со нови 4 лица до крајот на 2006 и почетокот на 2007.

Во рамките на тековниот Твининг проект, во серија од три експертски мисии беше направена детална евалуација на ИТ опкружувањето и во втората половина на декември 2006 година подготвената деталната спецификација на опремата беше доставена во ЕАР. Според процедурите на ЕАР, тендерот за набавка на опрема ќе биде објавен на 5 февруари.
Во третиот квартал на 2006 година тројца информатичари од Генералниот секретаријат беа распоредени во ДЗС.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Надградба на информатичката инфраструктура и користените апликативни решенија

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Осовременување на ИТ опкружувањето во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација
- Воспоставување на метадата покренуван интегриран статистички информационен систем

### *ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА Европскиот статистички систем (ЕСС)*

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Доставувањето на податоци до Еуростат најчесто е по електронска пошта или на ЦД. Правени се обиди за користење на STADIUM за доставување на податоци, но тоа не стана редовна пракса. Определба на ДЗС е прифаќање на стандардните алатки и апликации за пренос на податоци до Еуростат преку единствената влезна точка (Single Entry Point

– SEP) и во таа насока неодамна е назначен локален координатор. Инсталиран е следниот софтвер:eWa server i Statel кој понатаму ќе се користи за размена на податоци со Еуростат. Направен е пробен тест за размена на дата сетови.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Користење на продуктите и алатките на Еуростат за трансмисија на податоци

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Интегрирање на податоците во датабазите на Еуростат со прифаќање на стандардните алатки за трансмисија

## *РЕФЕРЕНТНИ ПОДАТОЦИ И МЕТАДАТА СКЛАДИШТА*

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Метаподатоците се битни заради рационализација на целиот статистички процес и заради достапност до податоците и нивно правилно толкување. Исто така, многу е битно и адекватното документирање на процесите заради континуирано обезбедување и следење на квалитетот.

Во 2006 година се изработени или доусовршени неколку апликации со користење на новите алатки и стекнатото знаење низ обуките, и тоа: апликација за прибирање на основните метаподатоци во врска со статистичките истражувања и апликација за подготовка на годишната програма за работа. Во тест фаза е апликацијата за следење на извршувањето на активностите од статистичката програма.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подготовки за развој на централната база на метаподатоци

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Развој на статистички метаинформационен систем

## *ИСТРАЖУВАЊА ВО СТАТИСТИКАТА И МЕТОДОЛОГИИ*

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во поглед на примерочните истражувања, во 2006 се спроведоа неколку нови примерочни истражување ( ИКТ.1 и ИКТ.3 во 2006), а во дел од постоечките имаше проширувања (пилот-дизајн и пресметки на регионално ниво за АРС и АПД).
Недостигот на човечки ресурси посебно е изразен во однос на лицата кои работат на развој на статистичките методологии, дизајнирање на примерок и импутации. Во областа на истражувањето (research) и развој, како и во областа на статистичките методологии, неопходна е континуирана надградба и усовршување на методите и софтверите за дизајнирање и процесирање на примерочни истражувања.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Создавање на мастер примероци (на претпријатија и на домаќинства) користејќи различни административни извори
- Примена на калибрација за намалување на ефектот на неодговорите

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Организација и воведување на програми за обука и техничка помош за теорија за дизајнирање примерок

## *СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И СТАТИСТИЧКА ДОВЕРЛИВОСТ*

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во поглед на заштитата на податоците, Законот за државната статистика е усогласен со важечките регулативи на ЕУ кои се донесени пред стапувањето во сила на Законот. Заради целосно усогласување со новодонесените регулативи, се планира целосно усогласување на Законот со следните регулативи на ЕУ:

- Commission Regulation (EC) No 45/2001 of the European Parliament and of the Council on the protection of individuals with regard to the processing of personal data by the Community institutions and bodies and on the free movement of such data
- Commision Regulation (EC) No 831/2002 on implementing Coincil Regulation (EC) No 322/97 on Community statistics, concerning access to confidential data for scientific purposes

Индивидуалните податоци, вклучувајќи ги и посебните категории на лични податоци за физичките лица прибирани за статистички цели, претставуваат доверливи податоци и можат да се користат исклучиво за статистички цели и научни истражувања во согласност со Законот за државната статистика („Сл.весник на РМ“ бр.54/97) и Законот за заштита на личните податоци („Сл.весник на РМ“ бр.07/05).

Во Државниот завод за статистика се преземени мерки за заштита на статистичките податоци од неовластен пристап или од физичко уништување.

Микроподатоците од статистичките истражувања се сместени на централен сервер во просторија со контролиран влез со картички и камери. Пристапот до базите на податоци е селективен, со користење на корисничко име и лозинка на Unix серверите и доделување на привилегии во DB2.

Во Државниот завод за статистика е дефинирана процедура за секојдневен бекап како и постапка за архивирање на податоците и апликациите по завршување на секое статистичко истражување. Бекапите и архивираните податоци се чуваат во заклучен огноотпорен сеф во ДЗС и во изнајмен сеф надвор од просториите на Заводот.

Заштитата во однос на пристапот до мрежата е решена со принципот на WindowsNT domain која е комплетно застарена и ќе биде заменета во 3. квартал на 2007 преку твининг проектот.

Дефинирана е процедура за редовен системски бекап на серверите и политика за доделување на кориснички имиња и лозинки со соодветни привилегии (администратори, оператори, корисници).

За излез на вработените на Интернет се користи MS Proxy server кој исто така служи и како заштита од надворешни упади.
Во однос на заштита од вируси се користи Symantec Antivirus - Corporate Edition, инсталиран на посебен сервер, кој редовно се ажурира.

Во поглед на техничкиот аспект на сигурност на податоците, во рамките на Твинингот имаше две експертски мисии каде што исцрпно беа дискутирани аспектите на сигурност на податоците и мрежата во целина. Препорачаните мерки, изградбата на демилитаризирана зона, ќе може да се имплементира оваа година (2007) откако ќе заврши тендерската постапка за набавка на соодветен хардвер и софтвер.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Имплементација на меѓународни стандарди за заштита на информациски системи
- Воведување на SDC методи и соодветен софтвер

## 3.18.3 ДИСЕМИНАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Дисеминацијата на статистичките податоци треба да овозможи пристап и користење на статистичките податоци од страна на корисниците во земјата и во странство. Статистичките податоци се достапни до корисниците преку повеќе форми - печатени публикации со различна периодика, ВЕБ дисеминација и подготовка на податоци според потребите на корисниците.
Во текот на 2006 година, во областа на дисеминацијата на статистичките податоци се реализирани следните активности:

- обезбедување на статистички податоци во согласност со барањата на корисниците,
- редовно публикување на постоечките, како и подготовка на нови публикации во неколку области,
- активности поврзани со преуредување на едицијата Соопштенија,
- почеток на активностите за каталогизација на библиотечниот фонд на институцијата,
- содржинско доуредување на веб-страницата,
- почеток на активностите за целосен технички и содржински редизајн на ИНТРАНЕТ страната,
- редовно информирање на корисниците за новите дисеминациони продукти,
- подготовка на новото Решение за цени на публикации и услуги и доследно почитување на законската обврска во однос на Решението.

**СРЕДНОРОЧЕН ПРИОРИТЕТ**

- Зголемено користење на статистичките податоци и јакнење на свеста на корисниците за официјалната статистика

## 3.18.4 КЛАСИФИКАЦИИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2001 година Владата на Република Македонија ја донесе ***Номенклатурата на територијални единици за статистика (НТЕС).*** Според неа, на нивоата НТЕС 1 и НТЕС 2 територијата на РМ е една единица, на нивото НТЕС 3 има 8 единици - статистички региони, на нивото НТЕС 4 има 34 единици - групи на општини и на нивото НТЕС 5 има 123 единици - општини. Поради новата територијална организација на локалната самоуправа од 2004 година (бројот на општините од 123 е намален на 84) и Регулативата 32003Р1059 на ЕУ, се пристапи кон измени на Номенклатурата усогласена со новата територијална организација и Регулативата на ЕУ.

Ажурирањето на Националната номенклатура на индустриски производи со последната верзија на ***ПРОДКОМ*** - Лист верзија 2005 година, е спроведено во 2006 година.

Државниот завод за статистика ја применува ***Класификација на производи по дејности***, донесена со одлука на ЕУ во октомври 1993 година и дополнета во јули 1998 година. Таа се користи како средишна класификација на производи (стоки и услуги ) кои се еднозначно распределени според дејностите на Националната класификација на дејностите (НКД Рев.1.).

Усогласувањето со CPA 2002 е подготвено во 2006 година. Во почетокот на 2007 беше донесена Националната класификација по производи според дејноста (КПД) како статистички стандард.

Според препораките на СНС 93 и ЕСС 95, Државниот завод за статистика во 2002 година, како национален стандард, ја донесе Стандардната класификација на институционалните сектори групирани според видот на производството и нивните главни дејности и функции кои се земаат како показатели на нивното економско однесување.
Со одлука на Владата од септември 2005, донесена е ***Класификација на институционалните сектори***, целосно усогласена со меѓународните методолошки препораки во согласност со ЕСА 95.
Во ноември 2006 година донесена е одлука на Владата за примена на Класификацијата за функции на Владата, COFOG.
Преведена е Класификацијата според целите на непрофитните институции што им служат на домаќинствата COPNI.

**Националната класификација на занимања - НКЗ** е подготвена и усогласена со Меѓународната класификација на занимања ISCO-88 .
Класификацијата се користи за прибирање, анализа, објавување и дисеминација на податоците.

Во статистиката на патниот транспорт се користат националните верзии на NST (Стандардна класификација на стоки во транспортната статистика од ЕУРОСТАТ), како и ADR (Класификација на транспорт на опасни стоки). Во железничкиот транспорт се користи NST.

Во градежната статистика се користи Номенклатурата на градежни објекти и градежни работи која е хармонизирана со CC (Classification of types of constructions 1997).

Во статистиката на надворешната трговија се применуваат следниве класификации и номенклатури:

- Царинска тарифна номенклатура базирана врз Комбинираната номенклатура која ја донесува Министерството за финансии;
- Стандардна меѓународна трговска класификација СМТК , рев .3 донесена од ООН
- Класификација на стоки според нивната економска намена врз база на СМТК;
- Класификација на производите според степенот на обработка врз база на СМТК;
- Класификација на земји ИСО - 3166 алфа -2 код ;
- БЕЦ класификација на пошироките економски категории.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усогласување на Номенклатурата на територијални единици за статистика – НТЕС на трето ниво со ЕУРОСТАТ
- Усогласување на Класификацијата на дејностите во согласност со измените кои следат во NACE rev. 2.( превод на NACE rev. 2 и дефинирање на врските помеѓу НКД Рев.1 и NACE rev. 2
- Подготовка и донесување на Класификација за целите на непрофитните институции кои им служат на домаќинствата хармонизирана со меѓународната класификација COPNI.
- Донесување на класификација на енергенти

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Дефинирање на конечна верзија на национална класификација на дејностите НКД Рев.2.
- Примена на Класификацијата на дејностите во согласност со измените кои следат во NACE.rev.2
- Донесување на класификација на отпадоци
- Ревизија на NST по спроведена ревизија во ЕУРОСТАТ
- Усогласување на Националната класификација на занимања -НКЗ со новата верзија на меѓународната класификација на занимања ISCO -08

## 3.18.5 СЕКТОРСКИ СТАТИСТИКИ

***ДЕМОГРАФСКА, СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА***

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во рамките на статистиката на населението, преведени се Препораките за попис на населението и домувањето во регионот ЕЦЕ за пописите околу 2010.
За потребите на изработка на проекции на населението по региони (НТЕС 3), се анализираат податоците за фертилитет, морталитет и миграции, со цел да се поставaт хипотезите за идното движење на компонентите на демографскиот развој.

Статистиката на миграции во Македонија се води врз основа на податоците кои се прибираат од Министерството на внатрешни работи. Опфатот на лицата кои заминуваат во странство за период подолг од три месеци во редовните истражувања не е комплетен.

Во 2003 година е донесена Националната стратегија за интегрирано гранично управување и на 06.10. 2005 година е донесен Националниот акционен план за интегрирано гранично управување. Државниот завод за статистика прави напори да се вклучи во оваа стратегија со што ќе се подобри опфатот на надворешните мигранти. ДЗС подготви и достави до Владата на Република Македонија Информација за системот на статистичко следење на надворешните миграции во Република Македонија, со предлог-заклучоци, во ноември 2004 година, која беше подготвена од работна група составена од претставници на МВР, МНР, МТСП, Економски институт и ДЗС во периодот 2003-2004. ДЗС, со допис од мај 2006 година, побара да се вклучи во Националната комисија за интегрирано гранично управување , но нема добиено официјален одговор од Комисијата. Во областа на статистичкото следење на миграциите на странци, со цел обезбедување на електронско преземање на податоците, ДЗС, во соработка со МВР, спроведува усогласување на базите на податоци за странци. Ова се прави врз основа на потпишан Договор за електронска размена на податоци со МВР (септември 2005 година). Врз основа на анализата на добиените бази од МВР за 2006 година, ДЗС побара од РГ 24 Правда, слобода и безбедност, како краткорочен приоритет да се вклучи примена на националните класификации и стандарди.

Демографските податоци се обезбедуваат на сите територијални нивоа (национално, регионално, општинско и на ниво на населено место). Во 2006 година, објавена е публикација со демографски индикатори на регионално ниво (НТЕС 3) за периодот 1994-2004, со наслов „Демографска статистика 1994-2004“.

***Статистиката на образованието*** ги обезбедува податоците и индикаторите за национални и меѓународни потреби (прашалникот УОЕ-УНЕСКО, ОЕЦД, ЕУРОСТАТ).

Во 2006 година се воведени две нови истражувања: Истражување за запишани лица на последипломски студии и Истражување за лица што пријавиле докторска дисертација. Истражувањето за запишани лица на последипломски студии се однесува на учебна година, а Истражувањето за лица што пријавиле докторска дисертација се однесува на календарска година.

Државниот завод за статистика е вклучен во Проектот за стратешко и финансиско планирање и ИСОМ ( Информационен систем за образовен менаџмент ) . Проектот го финансира Светска банка, а одговорен за спроведување на проектот е Министерството за образование и наука. Проектот се однесува на воспоставување на генерален информационен систем - софтвер за заедничка база на податоци од областа на образованието (основно и средно), кој се базира на едновремено давање на информации од страна на училиштата, а информациите ќе бидат наменети за различни нивоа на одлучување (министерство, локална самоуправа , ДЗС). Проектот треба да се реализира во три фази, и по комплетната реализација, ДЗС ќе ги презема податоците за образованието директно од базата на Министерство за образование и наука, а статистичките хартиени обрасци ќе бидат укинати.
Државниот завод за статистика е одговорна институција за обработка на ***податоците за морталитет*** според причините за смрт. Шифрирањето на причините за смрт го прави Институтот за епидемиологија, од 2006 година во согласност со МКБ 10.

Во рамките на ***истражувањата за социјална заштита***, вклучена е активност во рамките на КАРДС твининг проектот за проучување на методологијата ЕССПРОС.

***Анкета за работната сила*** во Република Македонија - Во рамките на КАРДС твининг проектот реализирани се активности во насока на подобрување на содржината на прашалниците како и евалуација за репрезентативноста и големината на примерокот и квалитетот на податоците на регионално ниво. Направени се експериментални пресметки на регионално ниво по квартали и годишно за годините 2004 и 2005. За подобрување на квалитетот на резултатите од Анкетата на регионално ниво и по квартали неопходно е постоење на прогнози на население ( на регионално ниво и по квартали).

***Анкета за цената на трудот -*** *В*о тек се проучувањата на регулативите за пресметка на индексот на цената на трудот.
***Повреда при работа -*** Податоците се обработени и се во фаза на анализирање во соработка со Републичкиот фонд за здравствена заштита и Институтот за трудова медицина. Во вториот квартал од 2007 година се планира ова истражување да оди како ad hoc модул со четиригодишна периодика во рамките на Анкетата за работната сила, а е подготвено во согласност со регулативите на Еуростат ( 577/98; 384/2005; 341/2006).

***Анкета за потрошувачка на домаќинствата --*** Направени се експериментални пресметки на годишно ниво по региони за годините 2004 и 2005. За подобрување на квалитетот на резултатите од Анкетата на регионално ниво и по квартали неопходен е редизајн на примерокот и калибрација на податоците.

Завршен е Проектот за подобрување на ***половите статистики*** кој се спроведуваше со поддршка на Шведската меѓународна агенција за развој и објавена е третата публикација „ Жените и мажите во Македонија". Државниот завод за статистика континуирано ќе продолжи со подготовка на оваа публикација со двегодишна периодика.

Во областа на ***статистиката на криминалитетот***, во согласност со измените во Кривичниот законик („Службен весник на РМ" бр 19/2004 ), во 2005 година е подготвена Класификацијата на кривични дела. Се планира спроведување на процес на консултации со корисниците и овластените носители, со цел таа да се донесе како статистички стандард.

Државниот завод за статистика спроведува годишно ***истражување за наука и технологии*** во согласност со препораките на ЕУРОСТАТ.
Во 2005 година е спроведено истражувањето за иновации според методолошките упатства на ЕУРОСТАТ (CIS 4-Communities inovation surveys 4). Истражувањето ќе се спроведува со повеќегодишна периодика.

Државниот завод за статистика во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост ќе започне со подготвителни активности со цел обезбедување на статистички податоци од областа на правото на интелектуална сопственост.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Тековно следење на промените во регулативите на ЕУ од областа на миграциите и усогласување со тие регулативи и со Препораките за статистичко следење на меѓународните миграции од ООН/ЕЦЕ и ЕУРОСТАТ
- Обезбедување на податоци за трошоците во образованието преку Министерството за образование и наука
- Објавување на податоци според Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми (10 Ревизија)
- Запознавање со методологијата ЕССПРОС ( European system of integrated socal protection statistics)
- Редизајн на Анкетата за работната сила според упатството на Еуростат за 2008
- Пресметување на индексот на цената на трудот
- Обезбедување на статистички податоци од областа на интелектуална сопственост
-

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Спроведување на подготвителни активности за идниот Попис на населението и домувањето
- Електронска размена на податоците за странци со МВР
- Усогласување и хармонизирање на податоците за миграции со промените во Регулативата од Советот NO: 311/76/EEC
- Креирање на податоци за идното движење на населението за потребите на креирање на идните национални и регионални развојни политики
- Подготовка за спроведување на анкета за приходи и животен стандард -СИЛК
- Спроведување на истражувањето за плати во јавниот и во приватниот сектор во 2008 и објавување на резултатите
- Обезбедување на статистички податоци од областа на интелектуална сопственост

## 3.18.6 СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Државниот завод за статистика на секои две години спроведува истражувања од областа на отпадот и тоа само за комуналниот отпад.
Државниот завод за статистика, исто така, произведува податоци за рециклиран индустриски отпад на месечно и на годишно ниво, како и за увоз и извоз на отпад по видови, количини и вредност.

Во Државниот завод за статистика се спроведуваат годишни истражувања на ниво на населени места за вкупните отпадни води, отпадни и пречистени отпадни води од населени места кои имаат јавна канализација, испуштање на отпадни води, испуштање на отпадни води по сливни подрачја, канализациона мрежа, уреди за механичко пречистување на отпадните води, хемиско пречистување на отпадните води, биолошко пречистување на отпадните води, црпење и начин на одведување на каналските води и искористување на водените ресурси по намена и по количини.

Државниот завод за статистика располага со податоци за остварените инвестиции во заштитата на животната средина преку редовното годишно статистичко истражување за инвестиции. Овие податоци се однесуваат на остварените инвестиции / тековни трошоци за заштита на животната средина и тоа вкупно и по одделни сегменти како што се: отпадоци, води, бучава, воздух, почва и вода и флора и фауна.

Во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во тек се активности околу изработката на вториот Национален извештај за климатски промени. Во рамките на Извештајот е завршена инвентаризацијата на стакленичките гасови во согласност со методологијата на меѓународниот панел за климатски промени (ИППЦ) која ги опфаќа трите стакленички гасови -јаглероден двооксид, метан и диазот оксид. Во овој Извештај е направена инвентаризација и на сулфур двооксид. Како базна година за собирање и обработка на податоците е земена 2000 г. Но, дадени се и проекции за 2001 и 2002 година.
Вклучувањето и објавувањето на податоците од областа на воздухот и количините на емисии на ниво на Република Македонија во Статистичкиот годишник на Република Македонија ќе се спроведува континуирано од 2006 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Воспоставување на годишен циклус на објавување на податоците од областа на воздухот и количините на емисии на 4 основни загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија по одделни сектори
- Дополнување на Катастарот на загадувачи и загадувачки супстанции во воздухот на ниво на РМ со загадувањето од сообраќајот по магистралниот пат Табановце – Гевгелија

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Истражувањето за комуналниот отпад што се спроведува тековно да се ревидира според регулативата на ЕУ за статистиката на отпадоци
- Пресметка на индикатори од животната средина во делот за статистиката на вода во согласност со регулативите на ЕУ
- Обезбедување на податоци за трошоци во животната средина

## 3.18.7 МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Пресметките на ***бруто-домашниот производ со тримесечна динамика*** се изработуваат почнувајќи од 2000 година, само според производниот метод, по постојани цени, при што базна година е секоја претходна година. Сега се располага со серија од 1997 година наваму. Пресметките се базираат на методот на единечни индикатори (месечни, тримесечни краткорочни индикатори, квартално истражување за нефинансиските деловни субјекти кои ги произведува Државниот завод за статистика ), истовремено користејќи и споредбени податоци од други извори (Управата за јавни приходи). Врз основа на квантитативните податоци се пресметуваат волуменски индекси користејќи соодветни пондери. Усогласувањето на кварталните со податоците за БДП по постојани цени на годишно ниво се врши користејќи го про-рата методот. Според расходниот метод, на тримесечно ниво се објавуваат само јавната потрошувачка, инвестициите во машини и опрема, увозот и извозот на стоки и услуги, по тековни цени. Направени се првични пресметки на БДП според расходниот метод за периодот 2002-2005.

При пресметките се користат методолошките препораки во ЕСА 95 и СНА 93, Прирачникот на Еуростат за кварталните национални сметки, прирачникот на ММФ за кварталните национални сметки и Прирачникот на Еуростат за ценовни и волуменски мерки.

Во тек е спроведувањето на ревизија на пресметките следејќи ги, покрај препораките од наведените прирачници, и препораките на техничката мисија од ММФ . Во тек се активности за:

- Подобрување на кварталните пресметки со вршење на пресметки на најдетално можно ниво по постојани цени и пресметки и подготовки за публикување на податоци на квартално ниво по тековни цени
- Подобрување на индикаторите за процена со екстраполација на податоци врз база на примерок добиени од кварталното истражување за додадена вредност и инвестиции во основни средства за нефинансиските друштва, и импутација на податоци во случаи на неодговор

За периодот 1994-1996 година е изработен и публикуван ***интегриран сет на економски сметки за вкупната економија и институционалните сектори*** . При изработката се користени методолошките препораки во СНА 93 и ЕСА 95. Во подготовка е интегрираниот сет на економски сметки за периодот 1997-2003.

Користејќи ги расположливите податоци, во Државниот завод за статистика во 2005 година се започна со составување **на *прелиминарни табели на понуда и употреба*** за 2000 година. Во почетокот на 2006 година е подготвена и објавена публикација за табелите на понуда и употреба. Анализирани се расположливите вредносни и квантитативни податоци добиени преку статистичките истражувања за трговските друштва, Анкетата за потрошувачка на домаќинствата и останатите расположливи податоци во Државниот завод за статистика, и во 2006 година подготвени се и објавени симетрични инпут-аутпут табели. Со Твининг проектот за 2007 година предвидени се активности за прогрес на ова поле и совладување на тековните проблеми.

Во тек се анализи на расположливите податоци во Државниот завод за статистика и испитување на можните дополнителни извори на податоци за пресметка на ***додадената вредност на регионално ниво*** според Номенклатурата НТЕС, во согласност со меѓународните методолошки препораки.

Во соработка со ОЕЦД, од 1996 година Република Македонија е вклучена во пилот-проектот ***Европска програма за споредба***. Во тек е реализација на активностите од Европската програма за споредба 2008, при што тековно се снимаат пазарните цени на производите и услугите од претходно формирани и усогласени листи на производи и услуги во Еуростат.

Република Македонија, во периодот 1999-2000 година, за првпат учествуваше во пилот-проектот на Еуростат " Исцрпност на БДП ".

Тековно, при пресметките на бруто-домашниот производ се врши ***мерење на неопфатената економија*** и вклучување во пресметките со цел постигнување на сеопфатност на националните сметки.

Корекции за постигнување на сеопфатност на БДП се вршат врз основа на анализи на повеќе извори на податоци, тие се вклучени во пресметките на БДП од 1997 и се објавуваат во редовните годишни публикации за бруто- домашниот производ во Република Македонија

Подготвена е Класификацијата COPNI за потребите на непрофитните институции што им служат на домаќинствата. Се очекува нејзино донесување во февруари 2007.

Се проучува методологијата за подготвување на евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Организирање на истражување за пресметка на додадената вредност на тромесечно ниво по тековни цени за секторот Финансиски претпријатија и секторот Држава
- Целосна имплементација на методологијата за пресметка на кварталниот БДП според расходниот метод ( по тековни и по постојани цени)
- Составување на економски сметки по институционални сектори и изработка на интегрираниот сет на економски сметки;
- Совладување на техниките за процена на податоците кои недостасуваат за балансирање на податоците за табелите на понуда и употреба
- Воспоставување на база на податоци за пресметки на додадената вредност на регионално ниво (NTES 3).

- Продолжување на активностите во рамките на Проектот ППП (паритет на куповната моќ), според насоките дадени во рамките на EUROSTAT – координирано преку носителите на групите (Централната група раководена од Австрија)
- Финализирање на активностите поврзани со проектот "Постигнување на исцрпност во националните сметки за земјите од Западен Балкан" и реализација на натамошните препораки кои ќе произлезат од Проектот во координација на OECD и Евростат.
- Зајакнување на капацитетот за подготвување на податоци за евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој
- Проучување на методологиите за обезбедување на евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Продолжување на активностите во рамките на Проектот ППП (паритет на куповната моќ), според насоките дадени во рамките на EUROSTAT – координирано преку носителите на групите (Централната група раководена од Австрија) за активностите што се во согласност со Планот за активности
- Подобрување на номиналните индикатори за пресметка на БДП на тромесечно ниво за останатите институционални сектори (Домаќинствата и секторот Земјоделство)
- Отпочнување на прелиминарни пресметки на додадената вредност на регионално ниво;
- Подготвување на инпут-аутпут табелите за доставување на Евростат
- Обезбедување на евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој и обезбедување на податоци

***ЦЕНИ***

**ЦЕНИ НА МАЛО**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Движењето на цените на мало се изразува преку индексот на цените на мало и трошоците на животот. Во функција на хармонизирање со стандардите на ЕУ, индексот се пресметува според Класификацијата COICOP.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Развивање на националниот индекс во насока на HICP

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Воспоставување на методологијата за пресметка на HICP

***СТАТИСТИКА ЗА АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНИТЕ ЦИКЛУСИ***
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Државниот завод за статистика ги прибира, обработува и објавува ***краткорочните статистички податоци*** во согласност со Регулативата за краткорочни статистики број 1165/98 и ги опфаќа главните индикатори како што се индексот на физичкиот обем на индустриското производство, цените на производителите на индустриски производи, градежништвото, дистрибутивната трговија, транспортот и угостителството.

Во делот за ***индустријата*** се спроведуваат месечните истражувања за индустрија и цените на производителите на индустриски производи. Основен извор на податоци се деловните субјекти од областа на рударството, преработувачката индустрија и снабдувањето со електрична енергија, гас и вода и деловните единици на претпријатијата од други области кои се занимаваат со индустриска дејност. Податоците за цените на производителите на индустриски производи се однесуваат само на цените за домашниот пазар.

Во делот на ***градежништвото*** се спроведуваат месечното и тримесечното истражување за краткорочни показатели во градежништвото. Притоа, месечно се обезбедуваат податоци за вредноста на договорените и извршените градежни работи, бројот на вработени и извршените ефективни часови. На квартално ниво се обезбедуваат податоци за вредноста на извршените градежни работи по видови градби. Во статистиката на градежништвото се опфаќа и вредноста на договорените и извршените градежни работи во странство. Опфатот на деловните субјекти е со месечна и квартална периодика, додека објектите градени во индивидуална режија се опфаќаат со годишна периодика. Во делот на ***угостителството*** се спроведуваат месечните истражувања за хотелите и другите објекти за сместување и квартално истражување за угостителските единици, при што, месечно се обезбедуваат податоци за вкупниот промет и бројот на вработени, додека со квартална периодика се обезбедуваат податоци за прометот по видови и категории на објекти, по општини и по видови на услуги Во делот за внатрешната трговија се спроведуваат месечното и тримесечното истражување за краткорочните показатели во дистрибутивната трговијата на мало и на големо. Притоа, се обезбедуваат

податоци на месечно ниво за прометот и залихите во трговијата на мало и на големо, додека на тромесечно ниво се обезбедуваат податоци за промет, залихи и вработени во трговијата на големо.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Спроведување на експериментално статистичко истражување за одобренија за градба
- Спроведување на експериментално статистичко истражување за приходи од продажба и нови порачки во индустријата

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Пресметка на индексите на приходи од продажба на готови производи во индустријата
- Воспоставување на редовно статистичко истражување за одобренија за градба
- Обезбедување на податоци за цените на производителите на индустриски производи вкупно и за странски пазар во согласност со Регулативата за краткорочни статистики бр.1165/98
- Воспоставување на истражување за следење на цените на трошоците за градење , по позиции на градба.

## 3.18.8 ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Статистичко истражување за ***структурните статистики*** според Регулативата на Советот за структурни статистики број 31997P0058 сè уште не се спроведува во Државниот завод за статистика. Податоците за одредени варијабли се прибираат со постоечките годишни истражувања. Во индустријата и транспортот структурните статистики се покриени во најголем обем, додека во дистрибутивната трговија, градежништвото и угостителството не се прибираат податоци според Регулативата за структурните статистики.

Во тек е анализа на постоечката состојба и можностите за спроведување на истражувањата во соработка со Германската статистика во рамките на Твининг проектот.

Енергетските биланси, според препораките на ЕУРОСТАТ (како дел од пилот-проектот на ЕУРОСТАТ "Хармонизација на енергетските статистики - фаза 3"), во Државниот завод за статистика се изработени за првпат во 1998 година и потоа се изработуваат редовно на годишно ниво. Во пресметката на енергетските биланси се користи методологијата "Energy Statistics Methodology" Евростат Ф4, 1998.

Во тек е подготовката на податоци за периодот 1990- 2005 година во форма на годишни енергетски биланси.

Државниот завод за статистика ги подготвува месечните енергетски податоци и тие се во фаза на работа со почетна година 2003. Во месечните пресметки се користи методологијата користена во годишните енергетски биланси.

Истражувањето за ***патниот транспорт*** на стоки Државниот завод за статистика го спроведува со квартална динамика. Методологијата и обрасците се усогласени со Регулативата на ЕУ бр. 1172/98. Тековно се спроведуваат активности во насока на оценка на потребата од подобрување на истражувањето.

Државниот завод за статистика ги спроведува истражувањата од областа на ***железничкиот сообраќај*** на месечно и на годишно ниво. Истражувањата се целосно усогласени со Регулативата бр.91/2003 како и со Директивата бр. 1177/80. Податоците годишно се доставуваат до ЕУРОСТАТ.

Државниот завод за статистика спроведува 5 истражувања за ***воздухопловниот транспорт*** на месечно и на годишно ниво. Со нив целосно се задоволуваат барањата за податоци пропишани со упатството од ЕУРОСТАТ ( Manual of the ICAO Statistics Programme, 1994).

Новите истражувања се целосно усогласени со Регулативата на ЕУ бр.437/2003.

Државниот завод за статистика не спроведува статистичко истражување за интермодален товарен транспорт заради слабата застапеност на овој вид транспорт. Во Државниот завод за статистика не се спроведува и истражување за безбедност на транспортот.

Државниот завод за статистика спроведува истражувања за ***телекомуникацискиот и поштенскиот сообраќај***. Методолошките упатства и обрасците се подготвени во согласност со важечките регулативи на ЕУ . Истражувањата се спроведуваат со месечна и годишна динамика. Во рамките на овие истражувања е опфатена и мобилната телефонија.

Во 2006 година Државниот заводот за статистика го спроведе како редовно истражување истражувањето за користењето на информатичко-комуникациските технологии во Република Македонија. Се спроведоа 4 истражувања за користењето на ИКТ од страна на претпријатијата, финансиските институции, домаќинствата и поединците и установите на јавната власт. Методологијата е хармонизирана со Регулативата на ЕУ бр.1099/2005.

Резултатите се публикуваа и најдоа примена при изготвувањето на Националната стратегија за развој на информатичкото општество.
Во рамките на ***статистиката на туризмот***, Државниот завод за статистика спроведува статистички истражувања усогласени со методолошките препораки во согласност со Директивата на Советот за статистиката на туризмот (1995Л0057).

Со месечното истражување за туристи и ноќевања се опфатени сите деловни субјекти кои во својот состав имаат објект за сместување на гости - туристи и се обезбедуваат податоци за бројот на туристи и бројот на ноќевања. Не се пресметува стапка на нето-искористеност на капацитетите.Со Анкетата за странски туристи, со петгодишна периодика, на база на примерок, се опфатени странските туристи во сместувачките објекти. Со Анкетата за странски посетители со петгодишна динамика, исто така, врз база на примерок, се опфатени странските посетители на излез на граничните премини.

Со петгодишното истражување за патувањата на домашното население се следат трошоците за патување на домаќинствата како целна група. Истражувањето ќе се спроведе во 2007.

Пописот на капацитетите за сместување во ***угостителството,*** со петгодишна динамика (последен пат спроведени во 2003 година), ги опфаќа сите деловни субјекти кои во својот состав имаат објект за сместување на гости - туристи. Паралелно се спроведува попис на продажните капацитети во трговијата на мало со цел обезбедување на податоци за структурата на продажната мрежа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подготовка на годишни енергетски биланси за периодот 1990- 2005
- Воспоставување на методологија за цени на енергенти и спроведување на тест истражување

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Воведување на варијабли за пресметка на нето - искористеноста на капацитетите во угостителството
- Усогласување на статистичките истражувања во туризмот и угостителството во поглед на видовите и категориите капацитети за сместување според директивите и националното законодавство во соработка со Министерството за економија - Сектор за туризам
- Оценка на квалитетот на податоците за товарниот патен транспорт
- Спроведување на попис на капацитетите во трговијата на мало и угостителството во согласност со препораките од Регулативата на ЕУ за структурни статистики бр. 58/98
- Спроведување на тест-статистички истражувања за структурни статистики во индустријата, дистрибутивната трговија, градежништвото, транспортот и угостителството.

## 3.18.9 СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Државниот завод за статистика прибира податоци за користење на земјиштето во рамките на статистичките истражувања за растителното производство и тие се базираат на податоци од катастарот и извештаи од надворешни соработници, т .н. проценители.

Во Државниот завод за статистика во тек се подготовки за спроведување на Пописот на земјоделството, 2007 со кој ќе се обезбедат податоци за земјоделското земјиште и обработливите површини, бројната состојба на добитокот, земјоделското производство, агротехничките мерки, механизацијата и опремата, објектите во стопанството, шумарството, рибарството и работната сила. Тековно се спроведува анализа на недостатоците во статистиката за структурата и типологијата на земјоделските стопанства.

Со цел да се изврши целосно хармонизирање на начинот на пресметка на ***економските сметки во земјоделството,*** во согласност со препораките на ЕУРОСТАТ, во текот на 2003 година се отпочна со ревидирање на тековните пресметки и нивно подобрување. За пресметка на економските сметки во земјоделството се користи Прирачникот за економски сметки за земјоделството, ЕСЗ 1997 год.(ревизија 1.1), издаден од ЕУРОСТАТ. Во 2006 година се пристапи кон ревизија на податоците кои беа користени за процена на додадената вредност во индивидуалниот сектор во земјоделството со

користење на податоци од Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството. Отпочнати се и активности за ревизија на пресметките за амортизацијата во земјоделството преку користење на податоци за инвестициите во периодот 1980-2000 год. и индексот на цените на производителите со базна година 1995 (1995=100). Во 2006 година се спроведоа и методолошки подготовки за пресметка на економските сметки по постојани цени.

Државниот завод за статистика за пресметка на ***индексите на цените во земјоделството*** ја користи Европската методологија за земјоделски цени 2000=100. Во 2006 година продолжи континуираното пресметување и објавување на индексите на месечно ниво.

Со статистичките истражувања се обезбедуваат податоци за растителното производство и тоа податоци за посеани површини во есенската и пролетната сеидба , ожнеани површини и приноси од рани и доцни посеви, добиточното производство што опфаќа податоци за бројот на добитокот по категории, заклан добиток и производство на добиточни производи (месо, млеко, јајца, мед ).

Државниот завод за статистика спроведува годишни ***истражувања за засеани површини во пролетната и есенската сеидба и очекуваното и оствареното производство од рани и доцни посеви и овошје.***

Истражувањата имаат целосен опфат на деловните субјекти преку извештаи кои претпријатијата ги пополнуваат врз основа на книговодствената евиденција.

За индивидуалните земјоделски стопанства (семејни фарми), податоците се прибираат преку методот на процена на површината и производството.

Шест пати во текот на годината се прибираат податоци за површини, вкупно производство и производство по хектар, по посеви, по општини и по производи .

Податоците за производството на грозје и вино се прибираат три пати во текот на годината, по општини и по производи. Податоците за производството на овошје се прибираат 5 пати во текот на годината , по општини и по производи.

Бројот и тежината на добитокот, колењето, како и добиточното производство (месо, млеко, јајца, волна и мед) се утврдуваат преку анкетен прашалник за бројот на добитокот кај индивидуалните земјоделски домаќинства и статистички истражувања за деловните субјекти (годишно истражување за сточарството за правни лица и за делови на правните лица, годишно истражување за сточарството за правни лица и за делови на правните лица, тримесечно истражување за заклан добиток и месечни истражувања за продажба и откуп на земјоделски производи).

Податоците се обработуваат според Националната номенклатура на земјоделски производи и услуги усогласена со Европската класификација на производи според дејноста, CPA 2002. Според Националната класификација на дејностите (НКД Рев.1) опфатено е подрачјето А (областите земјоделство, лов и шумарство) .

Државниот завод за статистика спроведува годишно истражување за бројот на добитокот во индивидуалните земјоделски стопанства, базирано на примерок (Sample surveys) преку методот интервју со носителот на домаќинството. Анкетирањето го вршат надворешни лица - анкетари. За правните лица и за единиците во состав, се спроведува годишно статистичко истражување за сточарство. Набљудувани варијабли на годишно ниво се вкупниот број и тежина на: коњи, говеда, свињи, овци, кози, живина и пчелни семејства .

Државниот завод за статистика, на квартално ниво, го следи производството, продажбата и залихите на ***шумски сортименти*** во државните шуми, а измените на површината на шумите, пошумувањето, сечата на шумите, штетите во шумите, механизацијата и сообраќајните објекти во шумите, како и ловството, се следат годишно.

Сите податоци за производството на државните шуми се добиваат врз основа на книговодствената евиденција на подружниците – ШС на ЈП "Македонски шуми " и националните паркови кои и правно се одговорни за стопанисување и заштита на шумите.

Податоците за приватните шуми се добиваат по пат на процена од страна на подружниците – ШС на ЈП "Македонски шуми ". Дефинициите и статистичките истражувања се прилагодени и ревидирани според важечката Регулатива на ЕУ.

Податоците за ***статистиката на рибарството*** се следат само за слатководното рибарство преку годишно истражување. Годишниот извештај за слатководно рибарство се спроведува за правни и за физички лица кои се занимаваат со улов на отворени слатководни води (реки, езера, канали, акумулации и слично), или правни или физички лица кои се регистрирани за производство на слатководна риба и други слатководни организми. Билансот на рибите ги

опфаќа следниве категории: почетна состојба, производство и улов на консумна риба – слатководна и откуп на подмладок. Во Република Македонија не постои значајна рибарска флота, а податоците за пловни средства и опрема се прибираат од комерцијалните рибарски претпријатија и задруги.

Во Република Македонија не постои производство на аквакултури.

Податоците за социоекономските активности за секторот Рибарство се прибираат и обработуваат од повеќе редовни истражувања и анкети што ги спроведува Државниот завод за статистика .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Спроведување на Пописот на земјоделството
- Објавување на дефинитивни резултати од Пописот на земјоделството
- Подготовка на податоци за економските сметки во земјоделството по постојани цени

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Воспоставување на регистар на фарми врз основа на податоците од Пописот
- Подготовка на првото структурно истражување на фармите и негово спроведување во 2009 година

## 3.18.10 МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Основните принципи, стандарди и процедури за спроведување на статистичкото ***истражување на прометот на стоки со странство*** се базираат на методолошките препораки на Обединетите нации "International Merchandise Trade Statistics: Concepts and Definitions " , како и методологијата за надворешно-трговскиот промет на ЕУРОСТАТ.

Државниот завод за статистика спроведува истражување за пресметка на увозно-извозните индекси на единица вредност и волумен на увезената и na извезената стока. Податоците се публикуваат годишно, но во годишните соопштенија се дадени: месечни податоци за индексите на ниво на сектори и отсеци од Стандардната меѓународна трговска класификација, рев.3 и квартални податоци на ниво на сектори од Стандардната меѓународна трговска класификација, рев . 3.

Народната банка на Република Македонија е надлежна за прибирање, обработка и објавување на податоци во областа на статистиката на ***билансот на плаќање***. Ваквите активности се вршат во соработка со Државниот завод за статистика. Платниот биланс се изготвува во согласност со Прирачникот за платен биланс на ММФ[16] (Balance of Payments, Manual -fifth edition, IMF). Податоците се изготвуваат на месечна основа и се објавуваат 75 дена по истекот на извештајниот месец во САД долари, а од 2006 година и во евра. Придржувањето кон меѓународните стандарди и кодови за изготвување на платниот биланс беше предмет на оценка од страна на мисијата ROSC[17] на ММФ[1] во 2004 година, чиј извештај е јавно објавен на веб-страницата на ММФ[1]. Оценките во делот на платно-билансната статистика се позитивни, што значи дека изготвувањето на платниот биланс во голема мерка е во согласност со меѓународните стандарди.
Во насока на унапредување на статистиката на платниот биланс, во текот на 2006 година се воведени нови извори на податоци со кои се применува бруто-принципот на евидентирање на одделни ставки, како и изготвување на стандардна презентација на билансот на плаќање на квартална основа со полугодишна динамика.

Министерството за финансии на Република Македонија изготвува финансиски извештаи за останатите приходи и извршените расходи од буџетот на централната власт. Податоците се изготвуваат на месечна основа и се објавуваат 30 дена по истекот на извештајниот месец.

Народната банка на РМ е надлежна за прибирање, обработка и објавување на податоци во областа на ***монетарната статистика***. . Народната банка на РМ разменува податоци со Државниот завод за статистика од областа на монетарната статистика. Монетарната статистика се изготвува во согласност со Прирачникот за монетарна и финансиска статистика на ММФ[1] (Monetary and Financial Statistics Manual). Последната мисија ROSC[2] даде позитивна оценка за усогласеноста на монетарната статистика со препораките во Прирачникот на ММФ[1]. За изготвување на монетарната статистика се прибираат податоци од банките и штедилниците и тоа со месечна динамика (се објавуваат еден месец по завршувањето на месецот). Врз основа на овие податоци се изготвува преглед на депозитни банки, преглед на Народната банка на РМ и консолидиран монетарен преглед. Во 2006 година билансот на штедилници е инкорпориран во

[16] Меѓународен монетарен фонд.
[17] Report on the Observance of Standards and Codes.

монетарниот преглед, со што се обезбеди целосен опфат на движењата во банкарскиот сектор. Покрај прегледите, Народната банка на РМ изготвува и одредени финансиски индикатори (каматни стапки на банките, каматни стапки на пазарот на пари, податоци за државни записи и сл.).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Пресметка на увозно-извозните индекси со променлива база
- Државниот завод за статистика и Народната банка на РМ преку заедничка соработка ќе ги идентификуваат компонентите на платниот биланс на она ниво на деталност/дезагрегираност кое е неопходно за системот на националните сметки
- Министерството за финансии на РМ планира да премине кон користewе на методологијата од Прирачникот за владините финансии од 2001 година, како и кон усогласувawе со методологијата на ЕУРОСТАТ, односно ЕСА (European System of Account)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Народната банка на Република Македонија ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји и по сектори, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци.

## 3.18.11 РЕГИСТРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Државниот завод за статистика со закони се воспоставени и се водат два административни регистри и тоа: Единствен регистар на населението и Регистар на просторни единици. Покрај овие регистри, Заводот е одговорен за организационо-техничка и методолошка обработка на податоците од Избирачкиот список.
Основна цел на Државниот завод за статистика е да се ослободи од вршењето на административни функции и нив да ги пренесе во соодветните министерства и други институции.

Во Државниот завод за статистика во тек е процесот на воспоставување и водење на статистичките регистри.

Во согласност со регулативите и препораките на ЕУ, во тек е процесот на воспоставување и водење на статистичкиот **Деловен регистар**, при што како основа се користат административните податоци од Централниот регистар: Едношалтерскиот систем и Складиштето на податоци.

Во 2008 година се планира да се спроведе Попис на деловните субјекти, со цел да се утврди активноста на деловните субјекти, големината, прометот и друго.

Државниот завод за статистика води ***Статистички регистар на просторни единици*** со основните територијални единици: општина, населено место, катастарска општина и статистички круг. За потребите на пописите се формираат пописни кругови како најмала единица на која се прибираат податоците. Изводите од Регистарот се користат за спроведување на пописи, анкети, пилот-проекти и статистички истражувања. Регистарот на просторни единици тековно се ажурира од административните извори: Државниот завод за статистика и локалната самоуправа во согласност со промените кои настануваат во државата
Се планира подготвување на пописната картографија со користење на новите технологии.

***Статистичкиот регистар на население*** (СРН ) е дел од системот на статистички регистри во Државниот завод за статистика.
Во тековниот период се изработува апликативно решение кое е директно поврзано со правилна и целосна имплементација на методолошките основи.
Во тек се активности поврзани со преземање на внесот на податоците добиени од евиденциите во МВР, пописниот материјал и од статистичките истражувања од областа на демографските статистики.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Отпочнување на активности за ослободување на Државниот завод за статистика од административните и управните функции и целосно насочување кон основната дејност (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Дефинирање и развој на методолошките основи и функционалноста на СДР
- Дефинирање на методолошкиот материјал за спроведување на Попис на деловните субјекти
- Развивање на методолошките основи и функционалноста на СРН, усогласени со европските стандарди и препораки

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подготовка на пописната картографија со користење на новата расположлива технологија
- Спроведување на пилот-истражување и Попис на деловните субјекти

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 06001: Министерство за внатрешни работи | МВР: Сектор за аналитика, истражување и документирање | 3 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| 06001: Министерство за внатрешни работи Вкупно | | 3 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| 22001: Државен завод за статистика | ДЗС: Државен завод за статистика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | ДЗС: Државни советници | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | ДЗС: ИТ сектор | 25 | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 |
| | ДЗС: Сектор за деловни статистики | 26 | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| | ДЗС: Сектор за дисеминација | 18 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | ДЗС: Сектор за национални сметки | 16 | 2 | 2 | 2 | 3 | 9 |
| | ДЗС: Сектор за организација и спроведување на статистички истражувања на терен | 102 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| | ДЗС: Сектор за пазар на труд и животен стандард | 12 | 2 | 2 | 1 | 1 | 6 |
| | ДЗС: Сектор за правни и финансиски работи, европска интеграција меѓународна соработка | 14 | 1 | 2 | 2 | 1 | 6 |
| | ДЗС: Сектор за регистри | 19 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | ДЗС: Сектор за социјални статистики | 16 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| 22001: Државен завод за статистика Вкупно | | 250 | 17 | 18 | 16 | 16 | 67 |
| Р333: Републички завод за здравствена заштита | Р333: Републички завод за здравствена заштита (статистика) | 7 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| Р333: Републички завод за здравствена заштита Вкупно | | 7 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| **ВКУПНО** | | **260** | **19** | **20** | **17** | **16** | **72** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во периодот 2007-2008 година во Заводот ќе течат и активности кои ќе бидат финансирани преку неколку Проекти: Национален CARDS твининг проект ( градење на капацитетот на ДЗС, национални сметки, деловни и социјални статистики, јакнење на ИКТ капацитетот, практики на следење на квалитетот, стратегија на соработка и комуникација); Регионална CARDS 2003 програма за статистика 2006-2008**,** Грант проект на Еуростат за дисеминација; СИДА проекти (земјоделски статистики, статистики на животна средина, метабаза на податоци, регионален проект за статистички методологии).

# 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

## 3.19.1 ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### *ТРУДОВО ПРАВО*

Од август 2005 година се применува нов Закон за работните односи, во кој се утврдени новини во однос на договорите за вработување на определено време од 3 на максимум 4 години, утврдени се пофлексибилни основи за склучување на договор за вработување на определено работно време за вршење на работи дома, за вработување на куќни помошници, поширoки можности за склучување на договори за работа со скратено работно време. Во врска со колективниот технолошки вишок, во новиот Закон за работните односи утврдена е надлежна институција, а тоа е Агенцијата за вработување на РМ, која задолжително пред колективните отпуштања написмено се информира во врска со отпуштањата на работниците.

Со новиот Закон за агенции за привремени вработувања (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/06) се уредуваат условите и начинот на основање на агенции за привремени вработувања како и условите и начинот за привременото вработување за вршење на привремени работи кај друг работодавач во функција на спречување на сивата економија и регулирање на работно правниот статус на овие лица.

Со Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност (“Службен весник на Република Македонија“ бр.37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05 ) работниците кои ќе бидат отпуштени од работа поради деловни причини имаат право на паричен надоместок, здравствено, пензиско и инвалидско осигурување.

Работниците на кои им недостасуваат до 5 години пензиски стаж за остварување на право на пензија, правата по основ на невработеност ги остваруваат до нивното повторно вработување или пензионирање преку и на товар на средствата од буџетот на АВРМ.

Во првата половина на 2006 година (шест месеци по неговата имплементација), во соработка и со техничка помош од КАРДС Проектот Политика за вработување 2 фаза, беше направена анализа за усогласеност на овој закон како и другите закони од областа на трудово право со европското законодавство и се пристапи кон изработка на нов Твининг проект со кој се утврдени активности за усогласување на законодавството во областа на трудово право со ЕУ мерките .

Со Законот за вработување на инвалидни лица (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/00, 62/05) се регулираат посебните услови за основање на друштва кои вработуваат инвалиди и за погодностите што ги имаат при вработувањето и се изедначуваат правата на лицата со пречки независно дали овие лица работат во инвалидски претпријатија или вон нив. Во септември 2005 година донесен е Правилник за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/05).

Во рамките на трудовото законодавство во Република Македонија, исто така, функционира и Законот за евиденциите во областа на трудот (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04) со кој се уредува воспоставувањето на евиденциите во областа на трудот и начинот на нивно водење.

### *БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА*

Законот за заштита при работа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/98, 33/00 и 29/02) ги уредува мерките за заштита при работа, обврските на работодавецот и правата и обврските на работниците во безбедноста и здравјето при работа. Со законот се опфатени мерките, средствата и методите за создавање на безбедни услови за работа. Заштитата при работа е составен дел на организацијата на работа и на работниот процес и неа ја организира, уредува и обезбедува работодавецот. Под работодавец во смисла на Законот за заштита при работа се подразбира секое домашно и странско физичко и правно лице кое вработува работници. Овој закон се применува кај сите работодавци (вооружените и полициски сили, куќни помошници и др), доколку со друг закон поинаку не е определено. Законот за заштита при работа се однесува на сите видови на дејности и во него во потполност не се опфатени сите потребни мерки за заштита при работа, поради што се донесени 50 посебни правилници со кои се уредува областа на заштитата при работа.

На крајот на 2005 година донесен е Правилник за мерки за заштита при работа со екрани (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/05) усогласен со Директивата 31990L0270.

Во мај 2006 година Владата на РМ ја донесе Националната стратегија за здравје, здрава животна и работна средина и безбедност при работа .

Со актот за организација на Министерството за труд и социјална политика, предвидено е Одделение за легислатива во Секторот за заштита при работа во состав на Државниот инспекторат за труд, кое ќе го сочинуваат три стручни лица, кои ќе работат на усогласување на домашните прописи со прописите на Европската Унија.

Набавен е дел од опремата и возилата за Државниот инспекторат за труд. Со овие активности ќе се продолжи во наредниот период, а ќе се обрне посебно внимание на обуките на кадарот.

***СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ***

Социјалниот дијалог во Република Македонија е воспоставен и функционира на повеќе нивоа и тоа на трипартитно и бипартитно ниво. Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05) дава основа за формирање на Економско- социјален совет и ги утврдува надлежностите на Советот.

Во 2002 година Владата на Република Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија потпишаа Социјален договор во кој се утврдени прашањата, приоритетите и обврските од областа на економската и социјалната сфера.

Согласно Законот за работни односи потпишан е Општ колективен договор за стопанството на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр. 76/06) и следниве грански колективни договори: Колективен договор за социјална заштита на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/06); Колективен договор за здравствената дејност на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр.60/06); Колективен договор за комуналните дејности ("Службен весник на Република Македонија"бр.107/06); Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи("Службен весник на Република Македонија" на РМ БР.16/06).

Екипирано е Одделението за социјално партнерство во Министерството за труд и социјална политика со две нововработени лица.

***ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД***

Политиката на вработување која се спроведува во РМ е во насока на остварување на започнатиот процес на реформи во оваа сфера. Во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05 ) се инкорпорирани следните ЕУ мерки:

- Регулативата 320003R2257 која се однесува на организација на Анкетата на работна сила за усвојување на листата на карактеристики на анкетата;
- Препораката 32002H0178 за насоките за вработување согласно Стратегијата за вработување и
- Резолуцијата на Советот 32003G1029 за трансформирање на непријавената работа во редовното вработување.

Со помош на КАРДС проектот од областа на вработување, изработени се два основни документи кои ја утврдуваат и дефинираат целокупната политика за вработување на земјата. Првиот документ е Националната стратегија за вработување за период до 2010 година во која се утврдени националните цели и политики.
Вториот документ е Национален акционен план за вработување 2006-2008 во кој се дефинирани планираните активности, програми и проекти во релевантниот период.
Двата документа се изработени согласно ЕУ насоките за вработување и истите се усвоени од страна на Владата на РМ во декември 2006 година. Динамиката на промени во регулативата, посебно во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ќе бидат утврдени по усвојувањето на овие документи.

Обуки на вработените во АВРМ и МТСП се започнати од почеток на 2006 и ќе завршат во првиот квартал на 2007 година и се од областа на изработка и имплементација на Националниот акционен план за вработување, анализа на пазарот на труд, анализа за потребите од вештините, обука за мониторинг и имплементација на НАП 2006 - 2008, обука на обучувачи. Опфатени се сите локални центри за вработување, АВРМ и МТСП.

Во однос на веќе започнатите подготовки за Европскиот социјален фонд превземени се поинтензивни активности за зајакнување на капацитетите на децентрализираниот систем на имплементација (ДСИ) на помошта на ЕУ.
Координацијата на активностите поврзани со реализација на четвртата компонентата на ИПА за развој на човечките ресурси (како претходник на ЕСФ) претставува надлежност на Министерството за труд и социјална политика со активно учество на Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и на други релевантни институции и партнери на национално и регионално ниво кои ќе бидат вклучени во процесот на подготовка и имплементација на програмите. Поради тоа, во МТСП се пристапи кон зајакнување на институционалните капацитети на Секторот за меѓународна соработка преку формирање на Одделение за координирање на помош обезбедена преку инструментите на ЕУ (систематизирани две работни места, согласно

Систематизацијата на работни места од ноември 2006година), обука за вработените заради подготовка, управување, спроведување, следење и контрола на имплементацијата на програмите, согласно правилата на ЕУ.

### *СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ*

Следејќи ги искуствата кои произлегуваат од Отворениот метод на координација меѓу земјите членки на ЕУ, може да се истакне дека Република Македонија делумно излегува во пресрет на генералните водичи, препораки и заедничките цели во доменот на социјалното вклучување. Намалувањето на ризикот од социјалното исклучување се остварува преку: а) Обезбедување на социјални права и социјални услуги за основните социјални ризици дефинирани со Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија бр. 50/97, 16/00 , 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05), ризици по здравје, стареење, мајчинство и семејство, невработеност, професионална неадаптираност и неадаптираност кон социјалната средина; б) дополнителни мерки во даночната политика, вработувањето, образованието, домувањето, семејната политика и здравството; како и в) реализација на плурална социјална заштита и спроведување на принципите на децентрализација и деинституционализација.

Во Секторот за социјална заштита при Министерството за труд и социјална политика, основано е и Одделение за заштита и згрижување на социјално исклучени лица, каде што се креираат и реализираат програми за социјално вклучување на: деца на улица, жртви на семејно насилство, корисници на дроги и членови на нивните семејства, бездомни лица и други ранливи групи. Со воведување на Регистарот на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита се овозможува вклучување на релевантни невладини организации во програмите за справување со социјално исклучување. За развивање на партнерскиот однос со невладини организации и приватните институции МТСП креираше и Одделение за јавни и приватни установи, преку кое во текот на 2006 година се реализираше соработка со 2 невладини организации за: Национална СОС линија за жртви на семејно насилство и Национална СОС линија за помош во врска со проблеми со дроги.

Намалувањето на ризиците од социјална исклученост се реализира и преку формирање на вонинституционални форми за социјална заштита и помагање на ранливите групи со што се намалува и ризикот од институционализација. Отворени се: (17) Дневни центри за деца со интелектуална попреченост, (2) Дневни центри за лица кои злоупотребуваат дроги, ( 6 ) Центри за жртви на семејно насилство, (1) Дневен центар за деца на улица-улични деца и ( 1) Прифатен центар за згрижување бездомни лица.

### *СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА*

Легислативата во РМ генерално ги следи и применува општите цели и препораки на Европската Унија за социјална заштита. Со Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05) се воведоа можностите за децентрализација, деинституционализација и плурализам на системот на социјална заштита.

Процесот на децентрализација, согласно Законот за локалната самоуправа, Законот за социјалната заштита и Законот за заштита на децата е спроведен така што Јавните установи за стари лица-старски домови и Јавните установи за деца-детски градинки се пренесени на локално ниво, а на општините, односно градот Скопје дадена е можност да се вклучат како даватели на одредени услуги од социјална заштита преку сопствени развојни програми за специфичните потреби на граѓаните, донесени и финансирани од органите на соодветната општина.

Во социјалната заштита воведено е ново право како парична помош на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, најдоцна до 26-годишна возраст. Воведен е инспекцискиот надзор над спроведувањето на законите и другите прописи од областа на социјалната заштита над установите за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита, со цел поефикасно и поцелисходно остварување на правата на граѓаните од областа на социјалната заштита. Министерството за труд и социјална политика донесе Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места, со кои е основан Сектор за инспекциски надзор во социјалната заштита.
Изготвена е генерална листа за специфичните потреби за лицата со пречки во развојот.
Донесен е Правилник за нормативи и стандарди за основање и отпочнување со работа на дневен центар за лица со попреченост.

Значајна реформа во социјалното осигурување беше спроведена со реформата на пензискиот систем на Република Македонија. Пензискиот систем во Република Македонија е уреден со Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 32/96, 24/00, 96/00, 5/01, 50/01, 85/03, 40/04, 4/05, 101/05 и 70/06 ), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02,85/03 , 40/04 и 113/05) и многубројни подзаконски акти. Со спроведената реформа, чија практична имплементација отпочна во јануари 2006 година со задолжително зачленување на сите осигуреници вработени по

01.01.2003 година во еден од двата приватни пензиски фондови, се обезбеди пензискиот систем да излезе во пресрет на демографските предизвици и истиот да биде поодржлив и прилагоден на економските и социјалните промени во општеството.

### *АНТИДИСКРИМИНЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ*

Еднаквиот третман на лицата независно од расното или етничкото потекло, еднаквиот третман при вработување и ангажирање и заштитата на правата и дигнитетот на лицата со инвалидност се содржани во повеќе законски одредби во Република Македонија (Уставот на Република Македонија, Законот за работни односи, Законот за здравствено осигурување, Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за високо образование и Националната Програма за развој на образованието во РМ 2005-2015). Со наведените закони се регулира еднаквиот третман на сите лица во сферата на вработувањето, здравственото осигурување и образованието во согласност со 32000L0043.

Со Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05 ) се уредува областа за еднаков третман при вработување и ангажирање, односно се забранува секаков вид на дискриминација (директна и индиректна) при вработување, што е во согласност со Директивата 32000L0078.

Со Законот за вработување на инвалидни лица во Република Македонија се уредува областа за промоција и заштита на правата и дигнитетот на лицата со инвалидитет што е во согласност со Известувањето на ЕК до Советот и Европскиот парламент за законски обврзувачкиот инструмент на ОН за унапредување и заштита на правата и дигнитетот на лицата со инвалидитет (COM (2003) 16 final).

Во текот на 2005 Националната работна група ги подготви Оперативните планови за имплементација на целите зацртани во Националните акциони планови од четирите приоритетни области на иницијативата "Декада за вклучување на Ромите'' за период од 2006-2008 кои Владата на Република Македонија ги усвои на 18 ноември 2005 година и се обврза за нивно имплементирање.

Во областа на еднаквите можности помеѓу жените и мажите, со Законот за работни односи се регулираат условите за користење на родителското отсуство согласно Директивата 31996L0034, како и теретот на докажување во случаите на дискриминација врз основа на полот согласно Директивата 31997L0080;

Правната рамка од оваа подрачје се надополни со донесувањето на Закон за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на Република Македонија бр.66/06). Со овој закон се уредуваат основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, надлежностите, задачите и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности, постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, правата и должностите на застапникот за еднакви можности на жените и мажите како определено лице за спроведување на постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, како и правата и обврските на субјектите кои учествуваат во таа постапка. Цел на овој закон е промовирање на принципот за воспоставување еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната област, како и во другите области од општествениот живот.

Формирана е Комисија за еднакви можности на жените и мажите во рамки на Собранието на РМ која исто така се грижи за инкорпорирање на родовиот концепт во законската регулатива.

Во единиците на локалната самоуправа согласно член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите отпочнат е процесот на усогласување на Статутите на единицата на локалната самоуправа и започна имплементацијата на обврската од законот за формирање на Комисија за еднакви можности во рамките на Советите при единиците на локалната самоуправа. Формирани се вкупно 38 Комисии за еднакви можности помеѓу жените и мажите во рамките на Советите на локалната самоуправа кои ќе се грижат за соодветно имплементирање на Законот на локално ниво.

Со извршениот скрининг на постојните акти (Устав на РМ член 9, Закон за народен правобранител член 29, Закон за еднакви можности на жените и мажите член 15) и направените консултации дојдено е до сознание дека постојната законска рамка му дава доволно широки овластувања на народниот правобранител да постапува по основ на дискриминација на основа на пол и други видови на дискриминација.

Спроведени се три обуки (во Битола, Тетово, Струмица) за претставниците на локалните самоуправи (администрација и претставници на Советот при локалната самоуправа) за gender mainstreaming и обврските на локалната самоуправа произлезени од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Со измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 101/05) покрај системското решение се дава можност за стекнување на правото на пензија врз основа на стаж ( 35 години за жена и 40 години стаж за маж). Ваквата преодна одредба ќе важи до септември 2007 година, а по овој рок ќе се применува само системското решение утврдено со Измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/00, ( 62 години старост за жена и 64 години старост за маж). Законот не прави разлика во остварувањето на право на пензија помеѓу државните службеници и останатите вработени.

## 3.19.2 КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

***ТРУДОВО ПРАВО***

Усогласување на националното законодавство со директивите на ЕУ согласно направената анализа за хармонизација почнувајќи од јуни 2007 година и во наредните 18 месеци, ќе се реализира Твининг проект со цел усогласување на законите од областа на трудово право (посебно Законот за работните односи);
Донесување на Закон за мирно решавање на работните спорови;

Воспоставување на специјализирани одделенија за работни спорови во редовните судови во кои истите не постојат.

***БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА***

- Во 2007 година ќе се донесе новиот Закон за безбедност и здравје при работа и истиот ќе биде усогласен со рамковната директива 31989L0391.
- Донесување на следните подзаконски прописи:
  - Правилник за личната заштитна опрема која работниците ја употребуваат во работата кој ќе биде усогласен со Директивата 31989L0656;
  - Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на работна опрема кој ќе биде усогласен со Директивата 31989L0655;
  - Правилник за безбедносни знаци при работа, усогласен со Директивата 31992L0058;
  - Правилник за безбедност и здравје од ризици при рачно товарање и истоварање на товар, усогласен со Директивата 31990L0269;
  - Правилник за безбедност и здравје на работниците од ризиците поврзани со изложување на бучава на работно место, усогласен со Директивата 31986L0188;
  - Правилник за безбедност и здравје на работниците од ризици поврзани со изложување на вибрации на работно место, усогласен со Директивата 32002L0044.
  - \- Правилник за безбедност и здравје на привремени мобилни градилишта усогласен со Директивата 31992L0057;
- Донесување на Акционен план со кој ќе се обезбеди спроведување на Националната стратегија за здравје, здрава животна и работна средина и безбедност при работа.
- Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд со нови вработувања, обуки и подобрување на условите за работа (возила, компјутери, мобилни телефони, видео камери и други помагала).

***СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ***

- Имплементација на Законот за работните односи во однос на колективното преговарање
  - преку усогласување на Општиот колективен договор за јавниот сектор и на гранските колективни договори; Создавање на услови за подобрување на работата на Економско-социјалниот совет преку донесување на нова Спогодба за формирање на Економско - социјалниот совет и Деловник за работа на Економско-социјалниот совет;
- Спроведување на обуки, семинари и работилници за имплементација на ЕУ мерките во
  - функција на зајакнување на капацитетите на лицата вклучени во социјалниот дијалог, со
  - учество на странски експерти, информативни материјали и сл., како и примена на
  - искуства и механизми од земјите членки на Европската унија.

***ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД***

Како главен и основен приоритет остануваат имплементација на усвоената активна политика за вработување (Националната стратегија за вработување и Националниот акционен план за вработување) и обезбедување на континуитет во мониторингот на политиката за вработување. За таа цел, предвидени се:

- Во тек на 2007 година, ќе се реализираат обуки за зајакнување на капацитетите на вработените во новоформираното одделение во рамките на МТСП со цел ефикасно отпочнување на имплементација на програмите и проектите чие што (ко)финансирање ќе биде од страна на Буџетот на РМ и од ЕУ фондовите;

- Исто така, во тек на 2007, како задолжителни документи за имплементација на овие програми ќе бидат изработени и нацрт Заеднички меморандум за инклузија (JIM) и Заеднички документ за проценка (JAP);
- Следење на имплементацијата на Стратегија за вработување со инкорпорирани ЕУ насоки и политики за вработување;
- Мониторинг и евалуација на Националниот акционен план за вработување 2006-2008, односно изработка на годишни извештаи за прогрес на програмите и активностите наведени во документот;
- Набавка на дополнителна ИТ опрема за Агенцијата за вработување на РМ и соодветна обука за користење на опремата. Опремата ќе биде набавена согласно реализираната проценка на потребите од опрема која е направена во рамките на КАРДС II Проект Политика за вработување.
- Согласно утврдените приоритети во Мулти индикативниот програмски документ, ќе се изработи и нацрт Оперативна програма како и Стратешка кохерентна рамка кои ќе се однесуваат на развојот на човечките ресурси во земјата.

***СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ***

- Подготовка на РМ за целосно учество во Отворениот метод на координација за социјално вклучување преку заеднички ангажман на ресурсите на РМ и ЕК;
- Превземање на активности за подобрување на социјалната вклученост на младите лица, согласно Одлуката на Советот и претставници на владите на земјите членки од 14 Декември 2000 година;
- Редуцирање на семејното насилство преку утврдување на приоритетни цели, мерки и активности за нивно спроведување и клучни носители во политиката за борба против семејното насилство – Донесување на Национална стратегија за семејно насилство; Јакнење на капацитетите на локално ниво за работа со жртви на семејно насилство;
- Остварување на правото на детето да живее и да му биде овозможена грижа во биолошкото семејство или соодветно алтернативно згрижување, преку обезбедување на соодветна вонинституционална заштита и намалување на бројот на деца згрижени во институции - Донесување на Национална стратегија за деинституционализација; Јакнење на капацитетите во Центрите за социјална работа за работа во алтернативните форми на грижа за деца;
- Подобрување на состојбата и остварување на правото за самостојно живеење на возрасни лица со интелектуална попреченост сместени во Специјален завод - Демир Капија - Деинституционализација, подобрување на состојбата и остварување на правото за самостојно живеење на возрасни лица со интелектуална попреченост сместени во СЗ Демир Капија, преку јакнење на капацитетите и политиките на МТСП
- Развивање на вонинституционални форми за социјална заштита на социјално исклучени лица - за деца со попреченост, за деца на улица, за лица кои злоупотребуваат droги; Основање на два мали групни дома, за вклучување на мали институции во системот на социјалната заштита, согласно Националната стратегија за деинституционализација.

***СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА***

- Усогласување на националното законодавство со acquis во делот на социјалната заштита и реформирање на системот во насока на заштита на најсиромашните групи на население;
- Усогласување на националното законодавство за семејство заради унапредување на системот на заштита на жртвите на семејно насилство;
- Јакнење на капацитетите на Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита, во спроведувањето на законите и другите прописи од областа на социјалната заштита на установите за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита, со цел поефикасно и поцелисходно остварување на правата на граѓаните од областа на социјалната заштита;
- Промена во законодавството за пензиското и инвалидското осигурување во делот на инвалидското осигурување за создавање на правна основа во инвалидското осигурување покрај инвалидската пензија како крајна мерка на заштита, по пример на современите европски начела и принципи, во пензискиот систем претходната превентивна мерка да се остварува само преку правото на професионална рехабилитација по основ на намалена работна способност.

***АНТИДИСКРИМИНЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ***

- Имплементација на Декадата за вклучување на Ромите;
- Унапредување на статусот на родова рамноправност преку:
  - Реформирање на постоечкото Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите (во рамки на МТСП) во повисока организациона структура, односно во Сектор за еднакви можности на жените и мажите;
  - Надополнување на постојната законска регулатива во областа на образованието, со вметнување на родовиот концепт во одредбите кои се однесуваат на содржината на наставната програма;

- Продолжување на процесот на усогласување Статутот на единиците на локална самоуправа со одредбата од Законот за еднакви можности на жените и мажите која се однесува на обврската на единиците на локалната самоуправа за формирање на комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите при Советите на локалната самоуправа;
- Континуирано спроведување на обуки со цел успешна имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите;
- Донесување на нациналeн план на акција за полова рамноправност од страна на Владата на РМ и негово усвојување од страна на Собранието на РМ.

## 3.19.3 СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### *ТРУДОВО ПРАВО*

Натамошно усогласување на Законот за работните односи со ЕУ мерките и имплементација на директивите особено во однос на половата дискриминација, обезбедувањето на подобри животни и работни услови, како и интензивна работа со цел отворање нови работни места, ограничување на слободата при договарање за вработување, како и транспонирање на ЕУ мерките 31996L0071 и 31980L0987

### *БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА*

- Правилник за безбедност и здравје на работниците од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци, усогласен со Директивата 31998L0024;
- Правилник за максимално дозволените концентрации на штетни гасови, пареи и аеросоли во работните простории и простори каде што работат работници, усогласено со Директивите 31991L0322, 32000L0039, 31998L0024 и 32006L0015;
- Правилник за безбедност и здравје на работниците од ризици поврзани со изложување на биолошки супстанци, усогласен со Директивата 32000L0054;
- Правилник за безбедност и здравје на работниците од ризици поврзани со изложување на физички супстанци (електомагнетско поле), усогласен со Директивата 32004L0040 и 32006L0025;
- Правилник за безбедност и здравје на работниците од ризици поврзани со изложување на азбест на работно место, усогласен со Директивите 31983L0477и 32003L0018;
- Правилник за безбедност и здравје при работа во работни простори каде што постои ризик од експлозија, усогласен со Директивата 31999L0092;
- Правилник за безбедност и здравје при работа со канцерогени и модифицирани (мутантни) супстанци на работното место, усогласен со Директивата 32004L0037;
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на работниците во индустријата за површинска и подземна експлоатација на минерали, усогласен со Директивата 31992L0104;
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на работниците во индустријата за добивање минерали со дупчење, усогласен со Директивата 31992L0091;
- Правилник за минимален безбедносен и здравствен медицински третман на рибарски пловни објекти усогласен со Директивата 31992L0029;
- Правилник за минимални безбедносни и здравствени услови за работа на рибарски бродови , усогласен со Директивата 31993L0103;
- Ќе се изврши зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд и Министерството за труд и социјална политика со техничка опрема и соодветни обуки и специјализации;
- Ќе се изврши ревизија на постојните стратешки документи, односно ќе се донесат нови од областа безбедност и здравје при работа.

### *СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ*

Зајакнување на капацитетите на сите социјални партнери и нивно континуирано ангажирање во донесување на законите и имплементација на истите

- Вклучување на социјалните партнери во елаборирањето, изработка и имплементацијата на законодавството во работните групи и во Економско-социјалниот совет;
- Континуирано спроведување обуки, семинари и работилници за имплементација на ЕУ мерките во функција на зајакнување на капацитетите на лицата вклучени во социјалниот дијалог, со учество на странски експерти, информативни материјали и сл., како и примена на искуства и механизми од земјите членки на Европската унија

### *ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД*

- Мониторинг и евалуација на Националниот акционен план за вработување 2006-2008, односно изработка на годишни извештаи за прогрес на програмите и активностите наведени во документот;
- Изработка на Национален акционен лпан за вработување 2009-2010;
- Подготовката и реализацијата на првите ИПА проекти во рамки на компонентата за развој на човечки ресурси, што ќе овозможи подготовка на релевантните институции за имплементација и управување со Европскиот социјален фонд (ЕСФ), особено по пат на финансирање на активности и мерки кои што се предмет на финансирање на ЕСФ. Во рамки на оваа компонента ќе се подржуваат приоритетите, мерките и активностите на политиката на вработување и социјалната политика, кои се во согласност со целите на Европската стратегија за вработување и Интегрираните насоки на ЕУ за вработување;
- Континуиран развој на капацитетите за програмирање и управување во надлежните институции во насока на нивна целосна подготвеност за ефикасно користење на ЕСФ по стекнување на статусот Земја членка на ЕУ;

### *СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ*

- Подготовка на РМ за целосно учество во Отворениот метод на координација за социјално вклучување: Потпишување на Заеднички меморандум за инклузија; Донесување на Национален акциски план за справување со сиромаштија и социјално вклучување врз основа на идентификуваните приоритетни подрачја во текот на подготовката на ЗМИ; Следење и евалуација на реализацијата на НАП за справување со сиромаштија и социјална исклученост
- Редуцирање на семејното насилство преку реализација на утврдени приоритетни цели, мерки и активности за нивно спроведување од клучните носители во политиката за борба против семејното насилство со Донесување на Национален акциски план за борба против семејното насилство 2008 – 2010 година и Следење и евалуација на мерките и активностите предвидени со НАП за борба против семејното насилство;
- Остварување на правото на детето да живее и да му биде овозможена грижа во биолошкото семејство или соодветно алтернативно згрижување, преку обезбедување на соодветна вонинституционална заштита и намалување на бројот на деца згрижени во институции преку Донесување на Национален акциски план за деинституционализација на институциите за грижа за деца 2008 – 2010 година и Следење и евалуација на мерките и активностите предвидени со НАП за деинституционализација;
- Подобрување на состојбата и остварување на правото за самостојно живеење на возрасни лица со интелектуална попреченост сместени во Специјален завод - Демир Капија преку Донесување на Национален акциски план за подобрување на состојбата и остварување на правото за самостојно живеење на возрасни лица со интелектуална попреченост 2008 – 2010 година и следење и евалуација на мерките и активностите предвидени со НАП за подобрување на состојбата и остварување на правото за самостојно живеење на возрасни лица со интелектуална попреченост;
- Унапредување на грижата за ранливите групи преку развивање на вонинституционални форми за социјална заштита на социјално исклучени лица со проширување на мрежата на вонинституционални форми за социјална заштита на социјално исклучени лица со нови форми покрај постоечките и за други вулнерабилни групи преку развивање на услуги во заедница за стари лица, лица со психички тешкотии; возрасни лица со интелектуална попреченост и др.ранливи групи;
- Превземање на активности за искористување и подобрување на информатичкото општество за потребите на социјална вклученост, согласно Одлуката на Советот од 8 Октомври 2001, за "е-Вклученост".

### *СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА*

- Национална програма за развој на социјалната заштита (до крајот на 2009 година), како прв стратешки документ во кој ќе бидат содржани мерки и активности за заштита на одделни групи социјално загрозени лица, поаѓајќи од препораките и резолуциите на Советот на Европската унија;
- Ревидирање на Националната стратегија за еднакви можности на лицата со хендикеп ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/01), поаѓајќи од препораките и резолуциите на Советот на Европската унија и тоа за промовирање на вработување и социјална интеграција на луѓето со попреченост ( 32003G0724 (01)), за еднакви можности за луѓето со попреченост во склоп на Европскиот Акционен План (52003DC0650 и за Европската година за лица со попреченост (32001D0903);
- Заокружување на правната рамка во областа на пензиското осигурување со донесување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии.

### *АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ*

- Формирање на тело за еднаквост на сите луѓе без разлика на пол, расата етничкото потекло и др. (или давање надлежности на постоечко), согласно со Директивите 32000L0043 и 32000L0078;
- Изготвување на скрининг и план за понатамошен развој на антидискриминациониот систем во Република Македонија;

- Имплементација на целите од Националните Акциони Планови од двата документи ''Стратегијата за Ромите во РМ'' и ''Декада за вклучување на Ромите 2005-2015'';
- Јакнење на институционалните капацитети за имплементација на родовиот концепт и постојан надзор над законските решенија
- Континуирано инкорпорирање на родовиот концепт во законите, подзаконските акти, стратегиите, програмите, внатрешните документи и правилниците од соодветната област.

## 3.19.4 СТРАНСКА ПОМОШ

- CARDS 2006 Техничка помош за институционална изградба како поддршка на политиката за вработување (трета фаза), Проект финансиран од ЕУ и управуван од Европската агенција за реконструкција;
- TWINING – Проект за усогласување на законите од областа на трудово право
- SPIL-Проект за имплементација на социјалната заштита, финансиран од Светска банка 2004-2008;
- Деинституционализација на системот за грижа на деца, МТСП/UNICEF;
- Обука за работа со жртви на семејно насилство во заедница, МТСП/UNICEF
- Изработка на национална програма за семејно насилство, МТСП/ЕСЕ;
- Подобрување на состојбата и остварување на правото за самостојно живеење на возрасни лица со интелектуална попреченост сместени во Специјален завод – Демир Капија, МТСП/SOROS;
- Проект за имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, МТСП/Норвешка влада.
- Унапредување на системот за заштита на жртви на семејно насилство, МТСП/ Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ-ЕСЕ;
- Подобрување на грижата за групите во ризик од социјално исклучување, МТСП/ DPP – Друштво за психолошка помош - Загреб, Хрватска и СРКА – Центар за психосоцијална акција -Скопје.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15001: Министерство за труд и социјална политика | МТСП: Сектор за труд | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| | МТСП: Сектор за труд/ Одделение за социјално партнерство | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | МТСП: Сектор за еднакви можности | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | МТСП: Сектор за надзор и инспекција на социјалната заштита | 13 | 2 | 2 | 1 | 1 | 6 |
| | МТСП: Сектор за европска интеграција (одделение за координација на ИПА, одделение за реализација на НПАА, одделение за мониторинг и евалуација) | 3 | 2 | 1 | 1 | 0 | 4 |
| | МТСП: Сектор за меѓународна соработка, Одделение за управување со секторски програми | 3 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | ДИТ: Државен инспекторат за труд/ Сектор за заштита при работа/ одделение за законодавство (3); Сектор за труд | 91 | 3 | 2 | 2 | 1 | 8 |
| 15001: Министерство за труд и социјална политика Вкупно | | 118 | 12 | 8 | 6 | 3 | 29 |
| **ВКУПНО** | | **118** | **12** | **8** | **6** | **3** | **29** |

# 3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

## 3.20.1 ИНДУСТРИСКА СТРАТЕГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Индустриската политика во Република Македонија опфаќа неколку аспекти кои воедно ја формираат и политиката на зголемувањето на конкурентноста на македонската економија. Тие аспекти се:

- дозаокружување на процесот на приватизацијата;
- продолжување и интензивирање на структурните реформи, а преку тоа и создавањето на нова структура на индустриското производство;
- подобрување на деловното окружување;
- зголемување на инвестициите (домашни и странски), а особено инвестициите во информатика, технологија и знаење;
- подигнување на квалитетот на работна сила; и
- промоција на малите и средните претпријатија и на претприемништвото.

Од аспект на дефинираност во стратешките документи на државата, индустриската политика на Македонија е содржана во Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во ЕУ, како и во други рамковни документи, стратегии или годишни програми за тековната економска политика.

Индустриската политика на Македонија, воглавно, има хоризонтална димензија, а вертикалниот пристап се потврдува преку подршката на индустрискиот кластеринг. Во таа насока беа формирани пет кластери за: јагнешко месо и сирење, туризам, информатичка технологија, вино и текстил. Со иницијатива на Министерството за економија и НСПК отпочнати се активности за формирање на два нови кластери и тоа за: дрвната индустрија и преработка на храна.

Национален совет за претприемништво и конкурентност претставува трипартитно тело кое ги вклучува приватниот, јавниот и граѓанскиот сектор. На крајот на годината, Советот изготвува Национални извештаи за конкурентност кои содржат јасни насоки за подобрувањето на конкурентноста на македонската економија, а кои што се резултат на партнерскиот однос помеѓу Владата со приватниот и граѓанскиот сектор. Во декември беше промовиран Националниот извештај за конкурентност на Република Македонија за 2006 година.

За преструктуирање на претпријатијата од индустријата за производство на челик, како и за зголемување на нивната конкурентност, усвоена е посебна “Национална програма за реструктуирање и преобразба на челичната индустрија на Република Македонија”, како обврска од Протоколот 2 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија е орган надлежен за дефинирање на политиката во доменот на индустријата. Во рамките на Министерството за економија за креирање на политиката во однос на индустријата е надлежен Секторот за индустрија во кој моментално има 20 вработени распоредени во: одделение за следење на индустриското производство и технолошки развој, одделение за структурно прилагодување, одделение за приватизација, одделение за индустриска политика и предлагање на мерки и одделение за челик.

За креирањето и имплементацијата на одделните секторски стратегии и делови на политиката се надлежни соодветни сектори од Министерството за економија (Сектор за туризам и угостителство, Сектор за потикнување на инвестициите, Сектор за конкурентност и подршка на претприемништвото), како и одделни органи во состав на министерството и/или посебно формирани агенции (Агенцијата за странски инвестиции – Макинвест, Агенцијата за поддршка на претприемништвото и Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како приоритетни задачи кои ќе се реализираат во текот на 2007 година се следниве:

1. Подобрување на конкурентноста на македонсктата индустрија преку поддршка на секторите во нивно преструктуирање и поставување на конкурентни основи. Ова ќе се обезбеди пред се преку следните активности:
   - изготвувањето на Студија за индикатори за конкурентност на македонската индустрија, што треба да претставува основа за изработка на Стратегија за индустриска политика, која пак треба да се изготви во 2008 година;
   - изготвувањето на Стратегија за развој на текстилната индустрија на Република Македонија која има за цел да даде преглед на состојбата, како и насока за преструктуирање на текстилниот сектор;

- понатамошна имплементацијата на “Национална програма за реструктуирање и преобразба на челичната индустрија на Република Македонија”;

23. Развој и промоција на туризмот како посебна гранка која има големи потенцијали што ќе придонесе кон зголемување на бројот на туристи.

- подготвување на Стратегија за развој на туризмот која ќе ги дефинира и разработи можностите за развој на туризмот во Република Македонија;

24. Привлекување на СДИ во одредени сектори преку анализа на капацитетите на секторите за привлекување СДИ и нивна промоција на таргетирани групи компании

- изработка и имплементација на студии за сектори и подсектори кои нудат потенцијал за СДИ и тоа: информациони технологии, автомобилска индустрија, преработка на храна и медицинска опрема (оваа активност е опфатена и во рамките на КАРДС проектот „Техничка помош на МЕ за поддобрување на инвестиционата клима во РМ“).

25. Зајакнување на административните капацитети на МЕ преку обуки, техничко опремување и обезбедување на нови вработувања. Исто така, планирани се кадровски зајакнувања и на Агенцијата за странски инвестиции, Агенцијата за подршка на претприемништвото, како и Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зонии.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот 2008-2010 како приоритети се поставуваат:

- врз основа на Студијата за индикатори на конкурентноста, во 2008 година ќе се изработи единствен сеопфатен документ-Стратегија за индустриската политика, со цел да се зголеми конкурентноста на македонската економија;
- имплементација на Стратегијата за индустриска политика;
- имплементација на Стратегија за развој на текстилната индустрија на Република Македонија;
- понатамошна имплементацијата на “Национална програма за реструктуирање и преобразба на челичната индустрија на Република Македонија”;
- имплементација на Стратегијата за туризам;
- изработка и имплементација на пооделните секторски и подсекторски студии за преструктуирање и развој кои ќе произлезат како приоритетни по изработката на студијата на индикатори за мерење на конкурентноста;

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во рамките на БЕРИС проектот договорен со Светска банка (Проект за реформа на бизнис окружувањето и јакнење на институциите) се предвидени средства за изготвување на Студија за индикатори за конкурентност на македонската индустрија, изготвување на Стратегија за индустриска политика, како и средства за имплементација на “Национална програма за реструктуирање и преобразба на челичната индустрија на Република Македонија”. Исто така, предвидени се и средства за експертска помош и обука на вработените.

Во рамките на Компензациониот фонд од Швајцарија предвидени се средства за изработка на проектни задачи за Стратегијата за развој на текстилната индустрија во Република Македонија.

Секторските стратегии за привлекување СДИ се финансирани во рамките на КАРДС проектот “Техничка помош на Министерството за економија за подобрување на инвестиционата клима во РМ” .

## 3.20.2 ПРИВАТИЗАЦИЈА И ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Процесот на приватизација на неприватизираните претпријатија со општествен и државен капитал, како и процесот на сопственичка трансформација на јавните претпријатија, установите и делови од здравствените организации на јавниот сектор, се одвиваат согласно неколку закони: Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Службен весник на РМ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06), Законот за приватизација на државен капитал (Службен весник на РМ бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/00, 06/02, 77/05), Законот за установите (Службен весник на РМ бр. 32/05, 120/05), Законот за трансформација на јавното претпријатие Македонски Железници (Службен весник на РМ бр. 29/05), Законот за здравствена заштита (Службен весник на РМ бр. 84/05), Законот за култура (Службен весник на РМ бр. 31/98, 49/03) и Законот за радиодифузна дејност (Службен весник на РМ бр. 100/05).

По престанувањето на функционирањето на Агенцијата за приватизација на Република Македонија, Министерството за економија (Сектор за индустрија, одделение за приватизација) и неколку други државни институции (Фонд за ппензиско и инвалидско осигурување, Јавно претпријатие за управување со станбен и деловен простор и Министерството за

финансии) го продолжуваат процесот на приватизација на неприватизираните претпријатија со општествен и државен капитал, како и сопственичката трансформација на јавните претпријатија, установите и делови од здравствените организации во јавниот сектор.

Во текот на 2006 година е завршена приватизацијата на три бањски лекувалишта, две кино сали, аптеките, две претпријатија со општествен капитал, а се изврши и продажба на дел (10,31%) од државниот капитал во АД „Македонски телекомуникации". Во 2006 година, исто така беше приватизирано и претпријатието за дистрибуција на електрична енергија. Таа приватизација воедно претставува и најголема странска инвестиција во РМ во 2006 година.

Исто така, започна и приватизацијата на три од 29-те локални радио станици, едно од издвоените друштва со несуштинска дејност од ЈП „Македонски шуми", едно од издвоените друштва со несуштинска дејност од ЈП „Македонски железници", една кино сала, како и две претпријатија со општествен капитал.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во наредниот краткорочен период се планира заокружување на процесот на приватизација особено приватизација на неприватизираните претпријатија со општествен и државен капитал, продажба на акции и удели на РМ во трговските друштва, како и сопственичка трансформација на дел од јавните претпријатија, установите и делови од здравствените организации на јавниот сектор. Бидејќи рокот за приватизација на локалните радио станици е продолжен до крајот на мај 2007 година, поголем дел од тие претпријатија ќе се приватизира во тој период. Исто така, во 2007 година ќе се приватизира и остатокот од друштвата во рамките на ЈП „Македонски шуми", ЈП „Македонски железници" и Македонска радио телевизија кои се издвоени од нив како несуштински дејности, а ќе биде продаден и државниот капитал (34,813%) кој се уште постои во АД Македонски телекомуникации (Види Економски критериуми).

## 3.20.3 ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Најзначајна реформа во 2006 година во однос на подобрувањето на деловното окружување во Република Македонија е подобрувањето на процедурите за влез и излез од пазарот. Во таа смисла се вбројува воспоставувањето на едношалтерскиот систем со што се поедностави и се забрза постапката за регистрација на фирми, а воедно се намали и цената на услугата.

Од друга страна, со новиот Закон за стечај (Службен весник на РМ бр. 34/06) се обезбедува законска регулатива за брзо и ефикасно водење на стечајните постапки. Во таа насока се и донесените подзаконски акти: Правилник за формата и содржината на легитимацијата на стечајните управници, Правилник за формата и содржината на лиценцата за овластен стечаен управник и на лиценцата на друштвото стечаен управник, Правилник за награда и надоместок на реално потребните трошоци на стечајниот управник, начинот на утврдување на нивната висина и определување на износот на авансот за покривање на трошоците на предтходна постапка, Правилник за формата и содржината на уверението, начинот на полагање на испитот за овластен стечаен управник и програмата за спроведување на курс за овластен стечаен управник, Правилник за професионални стандарди за стечајна постапка и Етички кодекс за стечајни управници (сите објавени во Службен весник на РМ бр. 119/06).

Во наредниот период ќе следи обука на стечајни управници и стечајни судии.
Инвестициите и инвестирањето во Република Македонија не се регулирани со посебен закон, туку оваа материја е вградена во околу 70 закони и подзаконски акти, а пред се во Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/04, 84/05).

Во 2003 година беше изготвена Програма за стимулирање на инвестициите во Република Македонија за периодот 2003-2006 со Акционен план на мерки и активности како нејзин составен дел, а со цел елиминирање на административните бариери за инвестирање и привлекување странски инвестиции во Република Македонија. Во текот на реализацијата на Програмата беше оценета потребата од прецизирање на одделни мерки, прецизирање на клучни институции и преформулирање на одделни бариери идентификувани во Програмата. Имплементацијата на ова програма е заокружена со истекот на 2006 година, а во тек е изготовката на нов програмски документ за периодот 2007-2010.

Во функција на подобрување на деловното окружување во Македонија кон крајот на 2006 година е започната посебна активност поврзана со преоценување на регулаторното влијание врз деловното окружение. Таа активност има назив „Регулаторна гилотина" (или „Гилотина на прописите"). Во ноември 2006, Владата на РМ донесе Одлуката за воведување гилотина на прописите (Службен весник на РМ бр. 129/06) со што се отпочна со регулаторна реформа како нов институционален механизам за преиспитување на решенија за прописите за нивната релевантност и оправданост, нивно поедноставување, подготвување предлози за измена или престанување на важноста на несуштинските прописи. Ова ќе

се спроведе преку поедноставување на системот на формалности (уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други формулари и обрасци) кои го оптоваруваат работењето на граѓаните и стопанските субјекти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во креирањето и подобрувањето на деловната клима во РМ надлежност имаат повеќе министерства. Во таа смисла, како главни носители на тие активности се Министерство за економија кое е надлежно за економскиот дел (креирање на индустриска и инвестиционата политика преку предлагање мерки за подобрување на условите за инвестирање), а истото се однесува и на Кабинетот на потпретседателот на Влада задолжен за економски прашања. Во рамките на Генералниот секретаријат на Владата е формиран Сектор за економски систем, тековни и развојни политики кој претставува институционална поддршка зајакнувајки го административниот капацитет на Владата. Ова тело функционира како координативно тело за креирање и координирање на економски реформи, развој на методологија за оценка на влијанието на регулативата и зајакнување на комуникацијата со приватниот сектор, посебно на деловниот сектор.

Во јануари 2005 година започна со работа Агенцијата за странски инвестиции на РМ -МАКИНВЕСТ која има клучна улога во процесот на привлекување на СДИ. Агенцијата е државна институција, формирана со цел давање услуги и информации на инвеститорите и промоција на инвестиционите потенцијали на РМ.

Во 2006 година, назначени се  двајца  Министри без ресор кои се занимаваат исклучиво со странски инвестиции. Тие во идниот период ќе имаат активна улога во процесот на контактирањето и привлекувањето на странските инвеститори.

Како институционална поддршка на технолошко индустриско развојните зони се јавува  Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони која има за цел да ги развие и промовира овие зони изнаоѓајки странски инвеститори како основачи на зоната.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Подобрувањето на деловното окружување ќе ги опфати следниве аспекти: (а) системското подобрување на квалитетот на регулативата која има влијание врз деловната активност, како и градењето на институционална рамка неопходна за развој и имплементација на регулаторната реформа; (б) зајакнување на капацитетите на националните институции (Бирото за метрологија, Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација) за давање на услуги на европско ниво на квалитет; (в) зајакнување на државните капацитети за креирање и имплементација на политиката за зголемување на конкуренцијата во согласност со практиката на ЕУ; (г) воведување на регистар за кредитни информации, со што ќе се обезбедуваат информации за позајмувачите во согласност со законската регулатива на ЕУ за заштита на приватноста на овие информации и формирање централизирана база на податоци во Централниот регистар.

Посебно битен приоритет на Владата во текот на 2007 година е спроведувањето на *проектот Регулаторна гилотина*, а се планира тој да биде целосно завршен до крајот на септември 2007 година. По завршувањето на регулаторната реформа и прочистување на прописисте од аспект на нивната релевантност ќе се формира Единствена електронска евиденција на прописи, кои ќе бидат достапни на јавноста преку посебна веб страна www.regulatornareforma.com.

Се предвидува во текот на 2007 година Владата да донесе нова *Програма за поттикнување на инвестициите за периодот 2007-2010 година*. Програмата ќе содржи препораки и насоки за надминување на преостанатите бариери кои го ограничуваат и попречуваат инвестирањето во РМ.

Особено значајна за потикнувањето на СДИ е *промоцијата на инвестициските можности во Македонија* која Владата веќе ја започна во соработка со стопанските комори и бизнис заедницата воопшто. Споменатите активности ќе продолжат и во наредниот период.

Во функција на подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги на странски пазари во рамките на Министерство за економија се подготвува *Програма* која има за цел поддршка и промоција на македонските производи и услуги во странство, зголемување на бројот на компаниите што поседуваат меѓународни сертификати за квалитет, поголемо користење на интернет од страна на деловните субјекти, поголем број на деловни партнери и слично.
Во контекст на унапредувањето на деловното окружување како една од најбитните приоритетни области треба да се наведе и имплементирањето на реформите на судството. Овој дел од вкупните идни реформи подетално е опфатен во другите делови од овој документ, меѓутоа треба да се наведе и во контекст на подобрувањето на деловното окружение. Особено се големи очекувањата во однос на подобрувањето на заштитата на сопственоста и сопственичките односи, како и заштитата на договорните и должничко-доверителските права и обврски, кои се уште претставуваат исклучително слаба точка на постојното деловно окружение во РМ. Конечно, во оваа смисла како приортетни треба да се наведат и идните реформи вообласта на подобрувањето на корпоративното управување, преку унапредувањето на системите на ревизија и отчетност на менаџментот, заштитата на акционерските права (особено на малите акционери) итн.

Исто така, во наредниот период планирано е зајакнување на административниот капацитет на Агенцијата за странски инвестиции со што ќе се овозможи зголемување на ефикасноста во нејзиното работење.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Планирано е континуирано спроведување на *Програмата за поттикнување инвестиции во Република Македонија за периодот 2007-2010*. Исто така, ќе се следат новодефинираните препораки и насоки за подобрување на условите за деловно работење, зголемување на продуктивноста, конкурентноста и атрактивноста на земјата за инвестирање.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во 2006 година отпочнаа неколку проекти финансирани од различни донатори, а кои имаат основна цел поддршка на процесот на создавање на поволна деловна клима атрактивна за привлекување странски инвеститори.
Во таа смисла најсеопфатен е БЕРИС – Проект за реформа на бизнис окружувањето и јакнење на институциите. Овој проект е финансиран преку кредит од Светска Банка во вредност од 8.851 милиони евра и средства од буџет 2.487 милиони евра. Тој отпочна во 2006 година, а ќе трае до 2010 година.

Во февруари 2006 година започна реализацијата на КАРДС Проектот „Техничка помош на МЕ за подобрување на инвестиционата клима во РМ" со вкупна вредност од 1.2 милиони евра. Овој проект има за цел да го поддржи економскиот развој како и напорите на Македонија за градење здраво деловно окружување преку подобрување на севкупната инвестициона клима. Истовремено ќе се даде поттик и подршка за про-активна промоција на Македонија како место за инвестиции. Истиот ќе го помага имплементирањето на Програмата за поттикнување на инвестиции во РМ и ќе обезбеди зајакнување на капацитет во Министерството за економија-Сектор за Поддршка на СДИ, како и на Агенцијата за странски инвестиции на РМ- МакИнвест.

## 3.20.4 ПОЛИТИКА НА МСП

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Клучни правни акти со кои се регулира работењето на малите и средни претпријатија се: Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 60/2003), Закон за вршење на занаетчиска дејност (Службен весник на РМ бр. 62/04) и Закон за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/04, 84/05). Покрај овие Закони идентификувани се и околу 60 други закони кои во дел ги третираат и малите и средните претпријатија (МСП) во Република Македонија.
Основни стратешки документи во кои се дефинирани приоритетите на секторот на МСП претставуваат Европската повелба за мали претпријатија, како и Националната стратегија за мали и средни претпријатија. Споменатите документи даваат многу јасен патоказ за развојот на малите и средните претпријатија. Од нив произлегуваат едногодишни акциски програми во кои се конкретизирани мерки и активности за подршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во областа на МСП, институционалната инфраструктура, покрај Секторот за подршка на конкурентноста и претприемништвото во рамките на Министерството за економија, ја сочинуваат и следниве субјекти:

- Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија,
- 8 регионални фондации за развој на МСП,
- Прилепска регионална агенција за помош на претпријатијата,
- Ромски деловен центар во Скопје
- 4 центри за трансфер на технологија (3 во Скопје и 1 во Битола)
- Еуро-инфо кореспондентен центар,
- 7 деловни инкубатори
- Центар за поттикнување развојот на мали и средни претпријатија во рамки на Стопанската комора на Македонија кој дава услуги на претпријатијата;
- Start up центарот и Cirko-Центар за истражување, развој и континуирано образование кои се во рамките на Мажинскиот факултет;

Исто така, отворени се и повеќе (17) локални центри за економски развој и се очекува истите да имаат голема улога во развојот на претприемничката култура и дух.

Во наредниот период, посебно внимание ќе се посвети на зајакнувањето на мрежата помеѓу постоечките институции, како и квантитативно и квалитативно подобрување на услугите кои што ги пружат.

Во однос на човечките ресурси, во изминатиов период реализирана е професионална надградба на вработените во надлежните министерства и на вработените во Секторот за претприемништво и конкурентност во Министерството за

економија преку посета на соодветни семинари и обуки. Во континуитет се вршени и обуки на вработените во регионалните институции за развој на МСП.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во контекст на исполнувањето на приоритетите кои што се наведени во Европската повелба за мали претпријатија, како и Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП (2007-2010), во 2007 година, Министерството за економија ќе изготви годишна програма за подршка на МСП која ќе ги опфати следниве активности:

- Ширење на мрежата на бизнис центри по општините со што на малите претпријатија ќе им се даде на располагање заедничка инфраструктура и соодветен консалтинг за отпочнување и водење на бизнисите;
- Продолжување на Програмата за советување преку ваучери;
- Јакнење на капацитетот на Фондот за човечки ресурси и негова трансформација во Академија за менаџери;
- Натамошно ширење на мрежата на консултанти и создавање на мрежа од мали консултантски фирми;
- Поттикнување на отварање на мали занаетчиски работилници од типот на семеен бизнис
- понатамошно намалување на трошоци и скратување на времето за регистрација и дерегистрација на фирма.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Среднорочните цели на развојот на малите и средни претпријатија се тесно поврзани со континуираното спроведување на Европската повелба за мали претпријатија и со насоките на Лисабонската стратегија на ЕУ (особено во делот на конкурентноста, иновативноста и промоцијата на претприемачката култура како услов за раст на целото стопанство, а посебно за МСП). Во периодот 2008-2010 ќе продолжи имплементацијата на Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП (2007-2010). Мерките и активностите кои се конкретизирани во новата Програма треба да допринесат за уште поефикасно работење на и подобрување на конкурентноста на секторот на МСП. Посебно внимание се посветува на:

**<u>а) Зајакнување на институционалната инфраструктура</u>**

Во рамките на овој приоритет ќе се продолжи со зајакнувањето на постојната и создавање на нова институционална инфраструктура, особено создавање на бизнис центри во општините, како и јакнење на капацитетот на институциите кои креираат нови претпријатија. Фондот за развој на човекови ресурси ќе делува на подигање на нивото за обука и стандардите помеѓу обучувачите, консултантите и МСП. Преку Националниот совет за претприемништво и конкурентност и Форумот за МСП ќе се развива дијалог помеѓу приватниот и јавниот сектор. Исто така ќе се зајаке и капацитетот на Обсерваторијата за мали и средни претпријатија за да се користи како алатка за мониторинг и евалуација.

Формирањето на Релејниот центар за иновации ќе претставува институционална инфраструктура за соработка помеѓу образовниот систем и МСП за трансфер на знаење.

Ќе се стимулира формирањето на мрежа од мали консултантски фирми  ангажирани во изработка на бизнис планови, маркетиншки стратегии, помош во склучување зделки;

**<u>б) Образование и обуки за претприемништво</u>**

Воведување на претприемничкото учење како дел од редовната настава на училиштата и универзитетите, промовирање на принципот на доживотно учење и перманентно образование на претприемачите, поддршка на инкубатори за млади претприемачи-завршени студенти или пред завршување, насочување на дипломците кон претприемништво и самовработување, трансфер на знаења од други земји, обуки за невработените и сл. Од особена важност ќе биде подобрувањето на протокот на знаење помеѓу универзитетите и приватниот сектор.

Исто така, ќе се организираат специфични програми за обука на менаџери, ќе се јакне и проширува ваучер системот за МСП.

**<u>в) Подобрување на деловното окружување</u>**

Со цел создавање на поволно деловно окружување за просперитет на МСП ќе се подобрува учеството на МСП во процесот на креирање на политиката преку воспоставување на механизмот на оценка на влијанието на новата регулатива врз бизнисот, а особено малите и средните претпријатија.

Исто така ќе се изврши корекција на националната дефиницијата за МСП и усогласување со европската дефиниција. Со тоа ќе се овозможи продуцирање на компаративни статистичи податоци за секторот на МСП.

Особено значајно ќе биде јакнењето на е-услугите, особено можноста за on-line регистрација, електронската трговија, како и ефикасна примена на законодавството за е-потпис;

**<u>г) Натамошен развој на мехамизмите за подршка на МСП и подобрување на пристапот на МСП до финансиските услуги</u>**

Ќе се зајакнат алтернативните финансиски инструменти како лизингот, факторингот франшизирањето, финансирањето со сопственички капитал, како и обезбедување на подршка за извозните МСП. Исто така ќе се подобри ефикасноста во функционирањето на Гарантниот фонд со цел зголемување на бројот на издадени гаранции за малите и средните претпријатија.

Ќе се развијат програми за микрофинасирање на специфични целни групи кои се помалку ангажирани (жени, млади, студенти, фармери, самохрани родители, хендикепирани, прво вработување и сл).

**<u>д) Подобрување на конкурентноста и иновативноста</u>**

Активностите ќе бидат насочени кон развивање на шеми за поддршка на формирање на бизнис инкубатори, кластери, технолошки/бизнис паркови, иновативни проекти и научно-истражувачка соработка, како и за воведување на нови технологии во малиот бизнис.
Ќе се поттикнува здружување на истородни мали претпријатија во мини асоцијации за реализирање на заеднички цели, стимулирање на хоризонтално и вертикално поврзување на фирмите, поддршка на уметнички занаетчиски ракотворби, поддршка на мали занаетчиски работилници од типот на семеен бизнис, користење на стандардите за квалитет, регионално поврзување на кластерите итн.

## СТРАНСКА ПОДРШКА

Во тек е реализацијата на *КАРДС 2005 проектот „Развој на мали и средни претпријатија"* во кој се опфатени следниве компоненти: поддршката на политиката на МСП, мерки на поддршка на МСП, како и јакнење на јавно-приватното партнерство (износот на проектот е околу 2,4 милиони евра).
Исто така, во тек е и КАРДС проектот *„Фонд за развој на човечки ресурси во претпријатијата- Фаза 2"* во рамите на кој целта е создавање на „претпријатија кои учат" или поконкретно: подобрување на менаџмент практиките во претпријатијата, квалитетот на тренерите со нови знаења, подигање на свеста во претпријатијата за потребите од обуки, создавање на платформа за вмрежување помеѓу претпријатијата-размена на искуства и сл. Во јануари 2007 година започна со реализација и третата фаза на проектот *„Фонд за развој на човечки ресурси во претпријатијата"*..
Од септември 2006 година, во тек е техничка помош од ЈИЦА за Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ. Во рамките на техничката помош ќе бидат реализирани обуки за вработените, како и ќе биде изработена студија за можностите за создавање на нови претпријатија во секторот на информациони технологии.

## АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

| **ИНСТИТУЦИЈА** | **Сектор/ одделение** | **Состојба 31.12.2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10001: Министерство за економија | МЕ: Сектор за индустрија/ Одделение за индустриска политика и предлагање мерки | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | МЕ: Сектор за конкурентност и поттикнување претприемништво | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МЕ: Сектор за поттикнување на инвестиции и економска промоција/Одделение за инвстициона политика | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МЕ: Сектор туризам и угостителство | 8 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | АППРМ: Агенција за поддршка на претприемништво | 8 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | ДТИРЗ: Дирекција за технолошко индустриски развојни зони | 9 | 7 | 4 | 3 | 1 | 15 |
| | АСИ: Агенција за странски инвестиции (МАКИНВЕСТ) | 6 | 12 | 2 | 1 | 0 | 15 |
| | МЕ: Сектор индустрија/ други одделенија | 18 | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| 10001: Министерство за економија Вкупно | | 66 | 24 | 9 | 7 | 3 | 43 |
| **ВКУПНО** | | **66** | **24** | **9** | **7** | **3** | **43** |

# 3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ

Вкупна функционална интегрираност на просторот на државата како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји е основна стратешка определба на **Просторниот план на Република Македонија**. Надлежна институција за спроведување на процесот на просторното планирање, регулирано во Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр.51/05) како и во Законот за спроведување на просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр.39/04) е МЖСПП. Правилниот пристап во планирањето и изградбата на инфраструктурните објекти кој подразбира реализација на Просторниот план на РМ и заштита на животната средина, е обезбеден со Законот за животна средина (“Службен весник на РМ” бр.53/05, 81/05) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се определува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (“Службен весник на РМ” бр.74/05).

## 3.21.1 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која се однесува на транспортните мрежи е дел од правната рамка која ја регулира транспортната политика**. Види Поглавје 3.14.1**

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

**Меморандумот за разбирање за главната регионална транспортна мрежа на Југоисточна Европа и Финален извештај на Високата група за транспорт**

Со потпишувањето на **Меморандумот за разбирање за главната регионална транспортна мрежа на Југоисточна Европа** во јуни 2004 година во Луксембург, земјите потписнички ја потврдија цврстата политичката волја за развој на главната транспортна мрежа на Југоисточна Европа и за промовирање на административни и регулаторни процедури со кои ќе се осигури нејзиното ефективно функционирање. Меморандумот предвидува и блиска соработка во хармонизирањето на техничките стандарди и практики, со цел истите да се усогласат со европските практики.

Во тој контекст, ЕК ја формираше Висока група за транспорт на ЕК (High Level Group) која имаше за цел да ги проучи, идентификува и препорача најприоритетните транснационални транспортни оски за подобро поврзување на ЕУ со соседните земји. Согласно **Финалниот извештај** на Високата Група во кој и двата Коридора 10 и 8 се препознатливи како транс-национални оски и како мултимодални правци, како приоритетни проекти за Република Македонија за реализација до 2010 година предвидени се :

- Изградба на автопатот Куманово-Табановце (15 милиони евра)
- Изградба на автопатот Демир Капија-Удово-Смоквица (150 милиони евра)
- Изградба на автопатот граничен премин со Р Албанија-Скопје -граница со Р Бугарија (832 милиони евра)
- Рехабилитација на железничката линија Табновце-Гевгелија, фаза1(50 милиони евра)
- Железничката линија Куманово-Бељаковце-граница со Р Бугарија (200 милиони евра)
- Железничка линија Кичево-Струга- граница со Р Албанија (206 милиони евра)

За реализација по 2010 година:

- Рехабилитација на железничката линија Табановце-Гевгелија фаза2 " (100 милиони евра)

Проект со регионално значење и национален приоритет:

- Изградба на мултимодален терминал лоциран во Струга (4.8 милиони евра)

Пресметковните вредности на делниците од коридорот Х се земени од постоечките физибилити студии, додека за останатите делници по препорака од Високата група вредностите треба да се преиспитаат.

**Повеќе-годишен план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа-СЕЕТО (2007-2011)**

Во рамките на Меморандумот за рабирање за Развој на главната регионална транспортна мрежа на ЈИЕ, формиран е Управниот комитет и Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа -СЕЕТО (South-East Transport Observatory). СЕЕТО ја има улогата на технички секретаријат кој му асистира на Управниот комитет во имплементацијата на целите на Меморандумот за разбирање (МзР). Важноста на СЕЕТО во координацијата на развојот на главната регионална транспортна мрежа и во подготовката на Повеќегодишниот акциски план беше потврдена со потпишувањето на Резолуциите на Првиот и Вториот годишен министерски состанок, одржани во Скопје, во ноември 2005 година и во Брисел, 1 декември 2006 година, соодветно. Република Македонија активно учествува во работата на Управниот комитет преку свои претставници, а исто така има назначено свој Национален координатор.

Главната задача на Повеќегодишниот план на СЕЕТО е да обезбеди точен и ажуриран попис на состојбите, функционирањето и перформансите на главната регионална транспортна мрежа, којашто е дефинирана во

Меморандумот за разбирање. Повеќегодишниот план, покрај олеснувањето на планирањето на проектите, има цел да ги промовира институционлните “меки мерки“ кои се потребни за ефективни инвестиции во мрежата, како и да го вклучи регионалниот елемент во планирачкиот процес на национално ниво

Повеќегодишниот план 2007-2011, кој го надградува претходниот план (2006-2010), беше финално усвоен на Вториот министерски состанок во Брисел, на 1.12.2006. Едно од најзначајните подобрувања на СЕЕТО планот 2007-2011 е тоа што значителен прогрес е направен во собирањето на податоците, со што е подобрен описот на состојбите на инфраструктурата, на идентификацијата на тесните грла на главните коридори и на можностите за оценка на импликациите за идниот развој. Исто така, дефинирана е листа на инвестициски приоритетни проекти и индикативна програма за имплементација. Во листата на приоритети од значење за Република Македонија, ставени се проектите:

- Демир Капија-Удово-Смоквица оd Коридорот 10,
- делниците Гостивар-Букојчани и Деве Баир-Крива Паланка од Коридор 8,
- рехбилитација на железничката линија Табановци-Гевгелија (делници: Велес-Згрополци и Згрополци-Демир Капија) и
- унапредување на железничката сигнализација и телекомуникации долж Коридорот 10.

**Програма за јавни инвестиции (2007-2009)**

Програмата за јавни инвестиции е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од три години. Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок се базира на динамична инвестициона активност која се очекува да резултира со оптимализација на користење на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност.

**Национален развоен план (2007-2009)**

Министерството за транспорт и врски ја координира подготовката на инвестициските приоритети во областа на транспортната инфраструктура, дефинирајќи приоритетни проекти од областа на патната, железничката и авио инфраструктурата за наредниот период од 3 години (2007-2009). Повеќе за НРП види во Поглавје 3.22.5

**Состојбата на патната и железничката инфраструктура долж коридорите 10 и 8**

Двата Коридора 10 и 8 претставуваат стратешки економски приоритети за Република Македонија кои ќе придонесат кон побрза и побезбедна заедничка комуникација и транспорт на патници и добра, што доведува до економска безбедност и стабилност.

**Коридорот 10** со вкупна должина во Република Македонија од 172 км започнува од граничниот премин Табановце, граница со Република Србија и се протега до граничниот премин Богородица, граница со Република Грција. Исто така во состав на патниот коридор X е и автопатот –крак Велес Меџитлија, кој поминува и ги поврзува Велес, Прилеп, Битола со Република Грција, со вкупна должина од 127.1км

Состојба на автопатот Е-75 Табановце- Гевгелија е следна: изградени на ниво на автопат се 132км; преостанати делници за изградба се Демир Капија- Удово- Смоквица и Куманово-Табановце.

Изградбата на патната инфраструктура долж **Коридорот 8** е следна: вкупната должина што поминува низ Република Македонија изнесува 304км од кои 84км или 27,6% се изградени на ниво на автопат, 8,7 % на ниво на автопат се во фаза на изградба ( обиколница Скопје во должина од 26,5км. )

Преостанати се 14 делници за изградба и тоа:

1. Деве Баир – Крива Паланка, 13,47 км
2. Крива Паланка – Длабочица, 10,34км
3. Длабочица – Страцина , 14,11 км
4. Страцин – Стрезовце, 18,30км
5. Стрезовце-Романовце , 16,6км
6. Гостивар – Горна Ѓоновица, 17,3 км
7. Горна Ѓоновица – Букојчани, 12,69 км
8. Букојчани – Кичево, 12,0 км
9. Кичево – Подвис, 10,43 км
10. Подвис – Пресека, 11,82 км
11. Пресека – Песочани, 11,5 км
12. Песочани – Требениште, 12,7 км
13. Требениште – Охрид, 10,26

13.а Подмоље – Струга, 7,5 км

14. Струга – Ќафасан, 14,40км




**Железничката линија** во насока север-југ, **Коридор 10,** низ територијата на Република Македонија е со должина од 215 км и започнува од граничниот премин Табановце на север и завршува на југ со граничниот премин Гевгелија, и кракот 10д од Коридорот 10 кој почнува од Велес и завршува на граничниот премин Кременица кај Битола. Железничката линија, долж Коридорот 10 е со брзина од 100км/ч, а на некои места брзината драстично се ограничува. Имајќи предвид дека 85% од вкупниот транспорт, примарно се извршува по Коридорот 10, посебно приоритет се придава на покачување на брзината на одредени делници од 130км/час а со тоа подобрување на нивото на инфраструктурата, со цел да бидат постигнати технички услови за ниво на Коридор, кое е подржано од иницијативата на СЕЕЦП- Партнерство за соработка на земјите од југоисточна Европа.

**Железничката линија** во насока Исток-Запад **Коридор 8**, низ територијата на Република Македонија е со должина од 339 км. Во овој момент врската со соседните земји Р Албанија и Р Бугарија недостасува. Изградбата на железничката линија од Куманово до граница со Бугарија до 2004 година беше поддржана само со средства од државен буџет.

Развојот на транспортната инфраструктура во Република Македонија има постигнато забележителни резултати во изминатиот период но сепак, се уште не е достигнато ниво на развој кое би ги исполнило современите побарувања на општеството и економијата при транспортот на патници и стока

**Финансирањето на патната и железничката инфраструктура** во моментот, се реализира преку буџетско учество, странски донации и кофинансирање.Со препораките на ЕУ ќе започне и финансирање преку систем на инвестирање-Јавно/приватнопартнерство (PPP) и концесии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерство за транспорт и врски**

Во рамките на Министерството за транспорт и врски има Сектор за меѓународни инвестиции и евроинтеграции кој што со новата предлог-систематизација ќе биде Сектор за ЕУ и во чиј состав ќе има: Одделение за преговори и интеграција,

Одделение за имплементација на ИПА, Одделение за координација, мониторинг и евалуација и Одделение за програми на Заедницата. Во секторот моментално се вработени девет лица. Согласно новата предлог-систематизација, предвидено е вработување на вкупно уште 11 лица до 2010 година
Во Министерството за транспорт и врски, согласно измената на актот за Систематизација на работни места ќе се формира нов Сектор за железници, во кој ќе постои и Оддление за железничка инфраструктура. Во Секторот е предидено вработување на 4 лица во 2007 година. Види Поглавје 3.14.2

**Фонд за магистрални и регионални патишта**
Фондот за магистрални и регионални патишта изготвува и реализира Годишна програма за наредната година за работите во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија. Програмата ја донесува Владата на Република Македонија. Во моментот Фондот се финасира од; приходи од централниот буџет (акциза од нафтени деривати), сопствени (изворни); заеми од МФИ; како и неповратни средства.

**ЈП Македонијапат**
Македонијапат е Јавно претпријатие кое согласно Законот за јавни патишта е надлежно и одговорно за одржувањето на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија. За својата работа Јавното претпријатие склучува годишен договор со ФМРП.
Врз основа на Студијата за реструктуирање на патниот сектор ќе се превземат мерки и активности во институционално зајакнување на ФМРП од една страна и реконструирање на Јавното претпријатие Македонијапат. (види точка 5.Странска помош)

**ЈП Македонски железници**
Согласно Законот за трансформација на ЈП Македонски железници Ц.О. Скопје (Сл.весник на РМ 29/05) претстои процес на трансформација на ова јавно претпријатие. Види Поглавје 3.14.2
Согласно Законот за железниците (Службен весник на РМ бр.64/2005) финансирањето на изградбата, реконструкцијата, модернизацијата, ремонтот и одржување на железничката инфраструктура се уредува со поместувачка и динамичка Национална програма за железничка инфраструктура која се донесува за период од пет години, врз основа на која, управителот на инфраструктурата во согласност со Министерот за транспорт и врски изработува годишен план.

**ЈП за аеродромски услуги-Македонија**
ЈПАУ Македонија-Скопје е претпријатие формирано од Владата на Република Македонија кое своето работење го врши во согласност со Законот за јавни претпријатија, Законот за воздухопловство и другите позитивни законски прописи.
Финансикото работење е организирано на ниво на ЈП при што аеродромите не се посебни правни субјекти.
Јавното претпријатие 70% од своите приходи ги остварува од вршење на својата основна дејност (давање на аеродромски услуги), 25% од приходите се од комерцијалните дејности и 5% од приходите се од одржување на полетно-слетната патека (ПСП) која се уште е во сопственост на државата, а со неа стопанисува Управата за цивилна воздушна пловидба. Во наредниот период ЈП за аеродромски услуги треба да го превземе стопанисувањето на ПСП, како резултат на реорганизација на УЦВП (поделба на УЦВП на Агенција за цивилна воздушна пловидба и давател на услуги-АД во државна сопственост за контрола на летење ) при што ќе се остваруваат приходи од слетување и осветлување. Во тек е процесот на преобразба на ЈП во акционерско друштво во сопственост на државата, после кој, претпријатието ќе функционира согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- **Изградба на Обиколка Скопје, I фаза**. До крај на 2007 година се планира да заврши проектот Изградба на Обиколката на Скопје ,I фаза, делница: Хиподром до Шуто Оризари, должина од 14.7 км. Вкупната вредност на проектот е 120.6 милиони ЕВРА, од кои за прва фаза – 50 милиони Евра се обезбедени од ЕИБ. Работите се извршени на првата делница околу 70%.
- **Изградба на делницата Табановце-Куманово** во должина од 8,4 км. Изградена е само 1,1 км. пред граничниот премин Табановце во 1994 година. На овој дел треба да се изврши рехабилитација. Останува да се изградат преостанатите 7,3 км. за што е изработена комплетно инвестиционо техничка документација и воедно претставува приоритет. Преговорите со Светска Банка за изградба на оваа делница со во финална фаза.Со завршување на оваа делница на ниво на автопат се очекува сигурен и квалитетен транспорт што ќе овозможи подобрување на протокот на сообрќај како и зголемување на трговијата и превозот на патници и стока.
- **Изградба на делницата Демир Капија-Удово-Смоквица**. За оваа делница постојат главни изведбени проекти вклучувајќи и физибилити студија. Оваа проектна документација е финансирана преку Фаре програмата за прекугранична соработка, а е подготвена од француската фирма Scetaroute.C.O. Изградбата на ниво на автопат ќе се одвива во неколку фази. Согласно Scetaroute.C.O студијата со изградба на оваа делница капацитетот ќе се зголеми за 180%.

- Со изградба ќе се заштедат средства за сите видови патници до 35% и тоа: намалување на количеството на гориво; намалување на времетраењето на патување и зголемување на безбедноста

  Со изградбата ќе се постигне директно и индиректно влијание на зголемување на економијата. Директно влијание е вработувањето на локација; времен ефект за време на изградба, но со значајна подддршка на градежниот сектор во земјата. Индиректното влијание се однесува на подобрување на нивото на локалните, индустриски зони во близина на новиот автопат и подобрување на понудата на туристичките услови со оглед на намалувањето на времето и чинењето на патувањата.

  За финансирање на овој проект се вклучени средства од **Грчкиот план за економска обнова на Балканот (ГПЕОБ), ИПА-Компонента 3 за регионален развој и заеми.** Согласно Акциониот план за комплетирање на Коридорот 10 во рамките на ГПЕОБ, договорени се конкретните чекори на македонската и грчката страна во реализацијата на проектот, при што предвидено е градежните работи да отпочнат при крајот на 2007 година
- **Континуирано учество во СЕЕТО-** По усвојувањето на новиот петогодишен план за 2007-2011, следи континуирано учество во работата на Управните комитети, редовно доставување на податоци од Националните координатори до СЕЕТО секретаријатот и уплаќање на годишното национално учество во буџетот на СЕЕТО. Имплементацијата на петгодишниот план 2007-2011 подразбира понатамошно усогласување со acquis communautaire, правна и регулаторна реформа во сите транспортни потсектори, посебна посветеност на спроведувањето на меките мерки и активна соработка и координација со Меѓународните финансиски институции, Секретаријатот на транспортните Коридори и други заинтересирани страни.
- Избор на консултански тим кој што ќе предложи **постапка како и доделување на концесија на дел од патната инфраструктура долж коридорот 8, како и кракот 10d** во Република Македонија.
- **Изработка на Студија со модел за развој на аеродромот Скопје и аеродромот Охрид**. Во месец октомври 2006 година од страна на Владата на Република Македонија е донесена Одлука за ангажирање на консултански тим по пат на меѓународен ограничен повик заради изработка на Студија со модел за развој на аеродромот Скопје и аеродромот Охрид *(прва фаза претквалификација и втора фаза доставување на понуди за проценка на техничката и финансиската понуда).* Во тек е проценката на комплетноста и валидноста на документацијата во однос на финансиската, економската и техничката способност на понудувачите.
- **Реализација на CARDS 2006 - Техничка помош на Министерството за транспорт и врски** за подготовка на: Национална транспортна стратегија, Инвестициски план за патишта и реструктуирање на патниот сектор ( подетално во дел 5- Странска помош)
- 

•

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- **Изградба на Обиколка Скопје, II фаза**. Втората фаза од проектот Изградба на Обиколка Скопје делница Шуто Оризари-Сарај во должина од 11.8 км се предвидува да заврши во 2009 година. Втората делница оди според динамичкиот план со 30%.
- **Реализација на проектитте идентификувани од страна на Високата група за транспорт (види точка 1.2)**
- **Изградба на делницата Велес-Прилеп.** Делницата претставува дел од Европскиот коридор 10д и е врска од особено значење за транспортот на целиот регион спрема централна и западна Европа.
- Во рамки на програмирањето на СЕЕТО предложени рути кои влегуваат во среднорочни приоритети се и рутите:
  - **Надградба на делницата на ниво на автопат Битола-Ресен-Охрид-Подмолје и**
  - **Изградба на автопатот Отовица-Штип-Делчево**
- Имплементација на **Договорот за воспоставување на железничка мрежа со високи перфоманси во Југоисточна Европа, кој се потпиша** во мај 2006 година во Солун, во рамките на СЕЕЦП процесот за соработка на Југоисточна Европа. Со договорот се предвидува подобрување на квалитетот на услуги, поедноставување и подобрување на квалитетот на постапките за контрола на документи кои се потребни за патниците и превозот на стоки во меѓународниот превоз, идентификација и извршување на мерки и иницијативи кои ќе го намалат времето потребно за завршување на граничните процедури како и подобрувања на железничката инфраструктура и инфраструктурата на граничните премини, со што ќе се овозможи поефикасен и непречен премин на возови и патници на границите.
- Имплементација на **Протоколот за прекугранична соработка долж земјите на Пан-Европскиот Коридор 10,** кој беше потпишан во јуни 2006 на Крф и кој има главна цел олесување на протокот на лица и стоки долж Коридорот 10. Потписниците за краток или среден рок потребно е да реализираат усогласување на законодавството и процедурите за граничните премини со ЕУ acquis, постојана размена на информации помеѓу релевантните администрации и агенции особено со електронски средства, како би се постигнала поблиска соработка и зголемена ефикасност. Препорака е создавање на контакт точки во секоја земја кои ќе се задолжени за оваа задача. Во тек е формирање на работна група. Прв претседавач е Република Грција.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ**

Во Министерството за транспорт и врски, во Секторот за меѓународни инвестиции и евроинтеграции во 2006 година се вработи едно лице. Во 2007 и 2008 година се предвидува да се вработат уште 11 лица.

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкуп но |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13001: Министерство за транспорт и врски | МТВ: Сектор за европска унија ( поранешен сектор за меѓународба соработка и европски прашања) | 9 | 2 | 3 | 3 | 3 | 11 |
| 13001: Министерство за транспорт и врски Вкупно | | 9 | 2 | 3 | 3 | 3 | 11 |
| **ВКУПНО** | | **9** | **2** | **3** | **3** | **3** | **11** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

**CARDS 2006 - Техничка помош на МТВ** за подготовка на Национална транспортна стратегија, 200.000 Евра, Инвестициски план за патишта 200.000 Евра и реструктуирање на патниот сектор во износ од 700.000 Евра.

- **Подготовка на Национална транспортна стратегија**

Целта на проектот е подготовка на долгорочна Национална транспортна стратегија (2007-2017) која ќе ги одреди основните насоки за развој на транспортната политика во РМ преку идентификување на цели и стратегија за развој на патниот сектор. Главните насоки за развој на патниот сектор во РМ ќе произлезат врз основа на следниве анализи кои ќе ги опфати Стратегијата:

- Интерконекција на регионите во РМ како и поврзување со Европските транспортни линии;
- Анализа на развојот на транспортниот систем (Развојни трендови, Состојба на националната патна мрежа, Одржување на патишта, Сигурност на патиштата, СВОТ Анализа);
- План за развој на патната мрежа;
- Можности за странски директни инвестиции како и поддршка преку кредити од меѓународни финансиски институции;
- Институционални мерки;
- Воведување на конкуренција за одржување на патишта.

**Подготовка на инвестициски план за патишта**

Целта на проектот е подготовка на инвестициски план за патишта со цел подобрување на инвестициската клима во транспортниот сектор. Во рамки на проектот ќе се изврши контунирана соработка со МТВ и ФМРП со цел да се утврдат приоритетите за формулирање на инвестицискиот план. Ќе се подготви кратка листа на приоритетни проекти согласно 5 годишниот план на СЕЕТО, Финалниот извештај на високата група за транспорт и Студијата на JBIC за развој на транспортна мрежа во Западен Балкан.Исто така ќе се подготви концепциски дизајн за проектите за да се овозможи подготовка на економска анализа и анализа за заштита на животната средина. Подготовката на инвестицискиот план започна во септември, 2006 година и се очекува да заврши во април, 2007 година.

**Подготовка на студија за реструктуирање на патниот сектор во РМ**

Целта на проектот е подготовка на Студија за реструктуирање на патниот сектор во РМ со цел унапредување на економскиот развој во земјата преку реструктуирање на патниот сектор, институционални реформи во согласност со стандардите на ЕУ и подобрување на инвестиционата клима.Студијата ќе изврши анализа на решенија за зголемување на ефикасноста на управување во транспортниот сектор вклучувајќи институционални промени на ФМРП и трансформација на ЈП Македонија пат. Конкретно, проектот ќе ги опфати следниве активности: Анализа на планот за реструктуирање одобрен од Владата; Помош на МТВ за имплементирање на планот за реструктуирање; помош на МТВ за подготовка на Закон за јавни патишта; помош на МТВ и ФМРП за воведување на конкуренција; помош на МТВ во процесот на реструктуирање на ФМРП и ЈП Македонијапат; помош на ЈП Македонијапат за превземање на новите обврски. Подготовката на студијата за реструктуирање на патниот сектор се очекува да започне во Јануари 2007 година и да заврши во 2008 година.

## 3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

***КРИТЕРИУМИ ЗА ЕНЕРГЕТСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ***

**РЕГИОНАЛНИ СТУДИИ**

Во рамки на програмата SECI (Southeast European Cooperation Initiatve) и Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа

(Transmission System Planning - TSP), започнат во 2001 година со техничка помош од USAID и USEA (United States Energy Association. Основната идеја на проектот е запознавањето со регионалниот пристап во праксата на планирање на преносните мрежи и создавање на заедничка база на податоци за ЕЕС-и во регионот која постојано би се надградувала и користела од страна на електроенергетските компании од земјите од Југоисточна Европа.
SECI работната група ги презема следните задачи согласно барањата на Атинскиот Форум:

- Изработка на **Студија за методологија на регионалното планирање на преносната мрежа и критериум за рангирање на проектите на преносните далеководи во пазарни услови**;
- Надградба на **SECI Студијата** со имплементација на утврдената методологија за регионално планирање и критериуми за рангирање на проектите на преносните ДВ-и во пазарни услови, а врз основа на сценаријата за снабдување/потрошувачка на електрична енергија од Студијата за инвестирање во производство (GIS). Во почетните анализи ќе се користи моделот за 2010 година со дополнителни проекти. Подоцна SECI работната група ќе ги дефинира деталите на моделот 2015 година. Студијата треба да се изработи до пролетта 2007 година.

**Договор за основање на Енергетска заедница**
Пазарот за електрична енергија и природен гас се трансформира во согласност со Договорот за основање на Енергетска заедница, кој Република Македонија го потпиша со останатите земји од Југоисточна Европа и Европската Комисија на 25 октомври 2005 година во Атина. Република Македонија го ратификува овој Договор во мај 2006 година а истиот стапи на сила на 01.07.2006 година.

- За постигање на целите на Договорот, активностите на земјите потписнички вклучуваат, меѓу останатото, и создавањето единствен механизам за прекуграничен пренос или транспорт на овој вид енергија и создавање пазар на електрична енергија и природен гас без внатрешни граници за сите земји-пристапници кон Договорот, вклучително и координација на заемната помош во случај на сериозно нарушување на функционирањето на енергетските мрежи.

### *СЕГАШНА СОСТОЈБА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Правната и институционалната рамка кои се однесуваат на енергетската мрежа се подетално обработени во Поглавјето 3.15

### *СТОПАНСКА СТРУКТУРА НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР*

**а) Електроенергетски систем**
Согласно Законот за преобразба на АД Електростопанство на Македонија од 2004 година и Законот за трговски друштва, во текот на 2005 година се заврши расчленувањето на вертикално интегрираните стопански структури во електроенергетскиот сектор. Заклучно со месец септември 2005 година процесот резултира со основањето на четири нови компании кои денес стопанисуваат како независни правни субјекти:

**1. АД МЕПСО,** (Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост), кој ги врши дејностите: (1) пренос на електрична енергија и моќност; (2) управување со електроенергетскиот систем на Република Македонија; (3) организирање и управување со пазарот на електрична енергија ; и (4) снабдување со електрична енергија на тарифни потршувачи на енергија. Во согласност со Законот за енергетика," Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД "МЕПСО",формирано на 1 јануари 2005 година, согласно лиценците кои ги доби од страна на Регулаторната Комисија за Енергетика во декември 2005 година, е одговорно и за долгорочното планирање на преносната мрежа.
**2. АД ЕЛЕМ**, кој врши производство на електрична енергија за тарифните потрошувачи во Република Македонија; и
**3. АД ЕСМ** кој ги реализира функциите на: (1) дистрибуција на електричната енергија, (2) управување со дистрибутивниот систем за електрична енергија, и (3) снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало.
**4. АД ТЕЦ Неготино"** е издвоен регулиран термоенергетски производствен капацитет.

**б) Гасоводен систем**
Согласно со Законот за енергетика, како единствен систем-оператор кој управува со транспортниот систем за природен гас во Република Македонија дејствува АД ГА-МА, како правен наследник на јавното претпријатие ЈП ГА-МА трансформирано во август 2006 година.
АД "ГА-МА" е и носител на лиценца за транспорт на природен гас и управување со транспортниот систем за природен гас.
Покрај АД ГА-МА, кое има обврска за вршење на наведените дејности од јавен интерес, доминантна улога на пазарот на природен гас има АД "Макпетрол" кој е носител на лиценца за дистрибуција на гасот.

*ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА*

**а) Електропреносен систем** (на мапата подолу е прикажана постојната состојба на ЕЕС на РМ и на предвидените приоритетни проекти)




Македонскиот електропреносен систем интерконективно е поврзан со Грција, Бугарија и Србија. Електроенергетскиот систем на Република Македонија е увозник на електрична енергија во текот на целата година. Увозот на електрична енергија е во количина еднаква на 15% до 20% од вкупното домашно производство што кореспондира на производството од хидроелектричните централи.

Високонапонската преносна мрежа работи на четири напонски нивоа: 110 kV, 150 kV (кое ќе згасне со надградба на 400 kV), 220 kV и 400 kV. Вкупната должина на надземните далеководи е околу 2000 km.

Основата на електропреносниот систем е 400 kV напонско ниво. Прстенот составен од три 400 kV далековод го поврзува најголемиот потрошувач во северниот дел од земјата (Скопје) со најголемите производствени капацитети во јужниот дел (Битола и Неготино).

Најголемиот дел од електропреносната мрежа е 110 kV високонапонска мрежа со ДВ-и со должина поголема од 1600 km. Нејзината улога е поврзување на производните капацитети односно 400 kV мрежа со потрошувачката област односно обезбедува напојување на дистрибутивната мрежа.

Во насока на *Транспортниот коридор 10*, електроенергетскиот систем (ЕЕС) на Република Македонија интерконективно е поврзан на 400 kV напонско ниво на Север со еден ДВ со ЕЕС на Србија (Косово) и на Југ со еден ДВ со ЕЕС на Грција.

На 220 kV напонско ниво ЕЕС на РМ е поврзан на Север со два ДВ-и со ЕЕС на Србија (Косово), но од 1999 година оваа конекција не е во функција и до сега не е планирана реконструкција на постојните ДВ-и.

На 150 kV напонско ниво ЕЕС на РМ е поврзан на југ со еден ДВ со ЕЕС на Грција.

Во насока на *Транспортниот коридор 8* не постои интерконективна електроенергетска врска според сегашните стандарди на UCTE. На 110 kV напонско ниво ЕЕС на РМ е поврзан на Исток со два ДВ-и со ЕЕС на Бугарија.

**б) Гасоводен систем**

Гасоводниот систем на Република Македонија е изграден како дел од *Коридорот 8.*

Гасоводот е со капацитет од 800 милиони m3 годишно. Должината на магистралниот гасовод е околу 98 km, и се протега од границата со Бугарија до Скопје.

До сега е изградена разводна мрежа во должина од 26 km и градска мрежа во должина од 31,5 km.

Развојот на транспортната гасоводна мрежа во Република Македонија се координира од приоритетите во: (1) изградбата на нови гасни термоенергетски објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија и евентуална конверзија на горивото кај постоечките; (2) директно снабдување на потенцијалниот конзум (индустрија и домаќинства); и (3) поврзување со соседните гасоводни системи со цел за проширување, надградување и развој на транспортната гасоводна мрежа во регионот и пошироко.

**в) Нафтовод Солун – Скопје**

Нафтоводот ја поврзува рафинеријата "ОКТА" со Солунското пристаниште во должина од 212,6 км и е наменет за транспорт на суровата нафта и снабдување на рафинеријата. Нафтоводот е изграден во 2002 година и истиот е во насока на Коридорот 10. Капацитетот на нафтоводот е 360 m3/h односно 2,5 милиони тони годишно.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Изготвување на Студија за доверливост на електроенергетскиот систем и инвестициона програма. Заради остварување на законски утврдената надлежност за одржување и развивање на преносната мрежа, како и извршување на обврските за обезбедување на јавна услуга на сигурен начин, што подразбира сигурно, навремено и квалитетно напојување со електрична енергија по разумна цена на испорака и грижа за заштита на животната средина, МЕПСО ќе ја развива преносната мрежа на начин предвиден во Студија за доверливост на електроенергетскиот систем, која што треба да се изготви врз основа на оценка на доверливоста на електроенергетскиот систем, согласно Мрежните правила за пренос на електрична енергија. Краткорочното – годишно планирање и инвестирање во електропреносниот систем на МЕПСО се заснова на инвестиционата програма изготвена согласно Студијата за доверливост на електроенергетскиот систем и анализи на ЕЕС за нови објекти во тековната година и плановите за реконструкција и ревитализација на постојните објекти од електропреносниот систем .
- Реализација на Акциониот план за спроведување на насоките и обврските од Договорот за енергетска заедница

- **Реконструкција и ревитализација на постојните преносни трафостаници и далекуводи** со што ќе се подобрат перформансите на електропреносниот систем и ќе се обезбеди доверливо снабдување со електричната енергија на потрошувачите.

  Проектот Изградба на објекти од електрична мрежа – Power Substation Project, во кој влегува изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза, ТС Петровец, ТС Драчево и 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово е започнат во 2004 година и е финансиран од Европската Банка за Инвестиции (EIB).До сега е завршена изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза и набавена е високонапонска опрема за ТС Драчево и ТС Петровец.

- **Нови интерконективни поврзувања со соседните електроенергетски системи**:

Кон Исток - како дел од *Транспортниот коридор 8*:

- **400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Червена Могила (Бугарија)**

Изградбата на 400 кВ ДВ со Република Бугарија претставува прва интерконективна врска на ова напонско ниво помеѓу двете земји и е дел од Коридорот 8. Со истата ќе се овозможи сигурен транзит на електрична енергија помеѓу двата електроенергетски системи на Р. Македонија и Република Бугарија. За оваа интерконекција потпишани се договорите за градба на далекoводот и трафостаницата Штип. Започната е градбата на столбните места на далековoдот и во тек е изработката на техничката документација за градба на ТС Штип од страна на изведувачот. Овој проект е вклучен во приоритетите на Транс-европските енергетски мрежи (TEN-E – Decision No 1229/2003/EC од 26.06.2003).

Кон Југ – како дел од *Транспортниот коридор 10*:

- **400 kV интерконеконективна врска Битола (Македонија) – Флорина (Грција)**

Интерконективната 400 кВ далекуводна врска ТС Битола 2 (Република Македонија) -ТС Флорина (Република Грција) претставува втора 400 кВ врска помеѓу Македонија и Грција. Истата ќе го замени 150 кВ далекувод Битола-Аминдео, при што ќе се овозможи зајакнување на постојната преносна мрежа и ќе ја подобри размената на електрична енергија помеѓу Македонија и Грција и останатите земји во регионот. Договорот за градба за оваа интерконекција е потпишан и започнати се активностите околу изградбата на столбните места.

- **Проект за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија.**

Во рамките на Стратешкиот план на Светска Банка за инвестирање во Енергетската заедница на Југоисточна Европа за Развој на Регионалниот Енергетски Пазар влезен е Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија.

Проектот за развој на електроенергетскиот систем на РМ се реализира во период од 2006 до 2011 година и се состои од следните пет компоненти:

1. Проширување на трафостаница Скопје 5 (реализирано во декември 2006 годин- пуштен во работа вториот трансформатор во ТС Скопје 5)
2. Реконструкција и градба на интерконективен и надземни далекуводи. Покрај интерконективната врска со Грција, опишана погоре, во рамките на оваа компонента планирани се и Изградба на нов 2x110 kV ДВ од ТС Битола 3 до ТС Битола 4 и Реконструкција на постоен 110 kV ДВ ТС Скопје 1 – ТС Тетово 1[ планирани да се градиат во период 2007 - 2008год.]
3. Надградба на постојниот EMS систем и планирачки софтвер;
4. Надградба и реконструкција на постојните 110/x kV трафостаници;

5. Поддршка на институционалниот развој.

Во 2007 година ќе започнат со реализација и останатите компоненти кои со посебна динамика треба да се реализираат до 2011 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**а) Електропреносниот систем**

- **<u>Нови интерконективни поврзувања со соседните електроенергетски системи</u>**

  Кон Север – како дел од *Транспортниот коридор 10*:

  - **400 kV интерконеконективна врска Скопје (Македонија) – Ниш (-Лесковац-Врање) (Србија).** Предвидениот трошок за македонскиот дел од проектот е 8.880 мил.Евра. За овој проект електропреносните оператори на Македонија (МЕПСО) и Србија (ЕМС) потпишаа Меморандум за разбирање (Memorandum of understanding) во кој е назначено дека двете страни треба да превземат активности за обезбедување на финансиски средства за изградба на оваа интерконекција, односно секој за својот дел од интерконекцијата.

  Кон Запад – како дел од *Транспортниот коридор 8*:

  - **400 kV интерконеконективна врска: 400 kV далековод Битола (Македонија) – Елбасан (Албанија) – Тирана (Албанија) – Драч (Албанија) и 400 kV подморски кабел Драч (Албанија) - Фоџиа (Италија).** Предвидениот трошок за македонскиот дел од проектот е 16,7 мил.Евра. Имено, на 13 Април 2005, во Софија , министрите од Албанија, Бугарија, Италија и Македонија потпишаа “Joint Statement for energy infrastructure cooperation” за поддршка на имплементацијата на енергетските инфраструктурните проекти, вклучувајќи ги проектите од Транс Европските Мрежи (TEN-E) во Европско - Медитеранскиот Енергетски Ринг, и воспоставување на работна група од земјите членки за имплементација на специфичните проекти за изградба на енергетската инфраструктура во европскиот коридор 8.

**б) Гасоводен систем**

- **<u>Продолжување на магистралниот транспортен гасовод во правец Скопје – Тетово – Гостивар – Дебар – Охрид и Струга и поврзување со Р. Албанија</u>** (*Коридор 8)*

Должината на објектот ќе изнесува 158 km, а капацитетот 800 милиони m3 годишно. Планираната инвестиција изнесува 21 милиони евра. Времетраењето на градбата е 24 месеци.

- **<u>Разводен гасовод кон УНМИК-Косово, адаптација на гасоводот Скопје – Генерал Јанковиќ (Србија)</u>** *(Коридор 10)*

Ревитализацијата на постоечкиот гасовод е со цел да се овозможи снабдување со природен гас на потрошувачите на територијата на Косово.

Должината на гасоводот е 20 km, а капацитетот е предвиден да биде 50.000 m3/h. Со своите карактеристики гасоводот спаѓа во категоријата на дистрибутивна мрежа.

Инвестицијата се цени на 2,0 милиони Евра.

- **<u>Изградба на магистрален гасовод Клечовце – Неготино (Коридор 10)</u>**

Со овој транспортен капацитет ќе се овозможи снабдување на постоечката термоцентрала ТЕЦ “Неготино” (210 MW) со природен гас и замена на мазутот кој сега се користи како примарно гориво. Покрај тоа ќе се овозможи снабдување на конзумот во централниот и источниот дел на Македонија.

Должината на гасоводот изнесува 101 км а капацитетот 800 милиони m3 годишно. Вкупната вредност на инвестицијата се проценува на 20 милиони Евра. Времетраењето на градбата е 24 месеци.

Изградбата на овој гасовод е од посебно значење ако се согледа во контекст на поширок инвестиционен проект со кој ќе се изврши надградба на ТЕЦ Неготино и замена на горивото.

Интересот во прв ред е наведените проекти да се финансираат главно преку странски директни инвестиции. Предвидена е и можност за финансиско учество од Република Македонија со сопствени средства.

- **<u>Транс-јадрански гасовод (Trans Adriatic Pipeline)</u>**

Изградбата на Транс-јадранскиот гасовод претставува инфраструктурен проект чија цел е да се поврзат енергетските пазари во Италија и Југоисточна Европа со гасоводните системи на блискиот исток. Гасоводот се планира да поминува низ Бугарија, Македонија, Албанија и Италија, во правец на Коридорот 8, во вкупна должина од 585 km.

Капацитетот на гасоводот ќе изнесува 8 – 12 билиони m3 годишно од кои 10% ќе биде наменето за земјите низ кои ќе транзитира.Во Република Македонија се предвидува да помине од Делчево преку Прилеп до Струга. Должината на трасата е околу 200 km. Вредноста на проектот се проценува на 1,2 билиони Евра. Како инвеститор на проектот се појавува трговската компанија за гас и електрична енергија EGL (Elektrizitats-Gassellschaft Laufenburg) со седиште во Швајцарија.

Досега е изработена пред-физибилити студија, а Физибилити студијата е во завршна фаза. Изградбата се планира да трае 2,5 години. На 14.07.2004 година е потпишан Меморандум за разбирање за реализација на проектот помеѓу EGL и Република Македонија. Слични меморандуми се потпишани и со Р. Бугарија, Р. Албанија и Р. Италија. Во наредниот период ќе се формира мешовит работен тим кој ќе ја одреди деталната траса, и ќе се основаат приватни компании како носители на реализацијата.

**в) Нафтовод АМБО**

Значаен проект во *Коридорот 8* е Транс -балканскиот нафтовод АМБО. Намената на овој нафтовод е да го премости Балканскиот полуостров и со тоа да го олесни транспортот на суровата нафта наменета за европската нафтена индустрија, на потегот помеѓу Црноморскиот брег и Јадранското море, избегнувајќи го теснецот Босфор.

Нафтоводот е со вкупна должина од 894,5 km од која низ територијата на Република Македонија ќе минуваат 273 km. Предвидени се 4 пумпни станици (2 во Република Бугарија и по 1 во Република Македонија и Република Албанија). Капацитетот е 750.000 барели дневно што значи транспорт од околу 30 – 40 милиони тони сурова нафта годишно. Времетраењето на изградбата се цени на 2,5 години.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

- Проект: Изградба на објекти од електрична мрежа (ТС Петровец и 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово )- средствата за 2006 година се 0,1 мил.евра (МЕПСО) и 1,00 мил.евра (кредит од ЕИБ), за 2007 година 3,70 мил.евра (МЕПСО) и 6,12 мил.евра (кредит од ЕИБ), а за 2008 година 0,11 мил.евра (МЕПСО) и 0,5 мил.евра (кредит од ЕИБ).
- Проект за развој на ЕЕС на РМ - средствата за 2006 година се 0,51 мил.евра (МЕПСО) и 0,87 мил.евра (кредит од Светска Банка), за 2007 година 3,15 мил.евра (МЕПСО) и 2,98 мил.евра (кредит од Светска Банка), за 2008 година 0,72 мил.евра (МЕПСО) и 1,25 мил.евра (кредит од Светска Банка), за 2009 година3,37 мил.евра (МЕПСО) и 5,81 мил.евра (кредит од Светска Банка), и после 2009 година 2,97 мил.евра (МЕПСО) и 6,64 мил.евра (кредит од Светска Банка).
- Интерконективен далекувод 400 кV ТС Битола 2 (Македонија)- ТС Флорина (Грција) и 400 кV ДВ поле во ТС 400/110кV Битола 2- средствата за 2006 година се 0,01 мил.евра (МЕПСО) и0,32 мил.евра (кредит од Светска Банка), и за 2007 година 0,42 мил.евра (МЕПСО) и 2,89мил.евра (кредит од Светска Банка).
- Интерконективен далекувод 400 кV Штип (Македонија)- Червена Могила (Бугарија) и нова трафостаница 400/110 кV Штип - средствата за 2006 година се 0,27 мил.евра (МЕПСО) и 3,93 мил.евра (кредит од ЕБОР), за 2007 година 3,18мил.евра (МЕПСО) и 23,25 мил.евра (кредит од ЕБОР) и за 2008 година 0,16 мил.евра (МЕПСО) и 1,28 мил.евра (кредит од ЕБОР).
- Транс-јадрански гасовод- 1,2 милијарди евра. Како инвеститор на проектот се појавува трговската компанија за гас и електрична енергија EGL (Elektrizitats-Gassellschaft Laufenburg) со седиште во Швајцарија.
- Нафтовод АМБО - 1,2 милијарди американски долари. Средствата се обезбедуваат со финансиска поддршка од IFC на Светската банка, приватни инвеститори од САД EX/IM Банката од Вашингтон и ЕБОР од Лондон.

## 3.21.3 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/05) се уредуваат услови и начин за вршење на дејноста во областа на електронските комуникации, се создаваат услови за потполна либерализација во електронските комуникации, а посебно во делот за изградба на инфраструктурата, се обезбедува пристап и интерконекција со јавни комуникациски мрежи на други оператори и даватели на јавни комуникациски услуги, и се обезбедува поедноставна постапка за започнување на вршење на комуникациска дејност. Во законот се имплементирани сите релевантни ЕУ мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерството за транспорт и врски** и **Агенцијата за електронски комуникации** се надлежни за имплементација за работите што се однесуваат на електронските комуникации. За подетално види Поглавје 3.10

**Оператори на електронски комуникациски мрежи**

Согласно Законот за електронските комуникации, изградбата, одржувањето и работата на електронските комуникациски мрежи и придружната инфраструктура се работи од јавен интерес. Електронските комуникациски мрежи и придружната инфраструктура треба да бидат изградени и да работат во согласност со Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз негова основа, прописите за просторно планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, како и важечката техничка регулатива и стандарди.

**АД Македонски телекомуникации** е оператор на јавна фиксна телефонска мрежа во Република Македонија, кој беше приватизиран во декември 2000. Во ноември 2006, државата е сопственик на 47.125% од капиталот на компанијата плус една златна акција. Структурата на меѓународните капацитети на мрежата на АД Македонски телекомуникации, преку кои Република Македонија остварува телефонска комуникација со сите држави во светот е дадена на сликата подолу.




Со цел да се забрза процесот на создавање на конкурентен пазар во областа на електронските комуникации и да се поттикнат инвестициите во електронските комуникации со воведување на нови технологии и услуги, со Законот за електронските комуникации во голема мера се поедноставува постапката за започнување со активности на изградба и/или употреба на јавни електронски комуникациски мрежи и/или обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги. Имено, правните лица – оператори на јавни електронски комуникациски мрежи се должни пред да започнат изградба и/или употреба на јавни електронски комуникациски мрежи да достават нотификација пред Агенцијата за електронски комуникации. Постапката на нотификација е едноставна и трае не подолго од 15 дена од денот на поднесување на нотификацијата, после што Агенцијата доставува писмена потврда за извршена регистрација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со Законот за електронските комуникации предвидено е донесувањето на:

- Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации и информатичките технологии

Оваа стратегија ќе се донесе имајќи ја во предвид стратегијата за развојот на информатичкото општество во Република Македонија. Со Националната стратегија ќе се утврдат главните стратешки цели за побрз развој на секторот за електронските комуникации во Република Македонија, а особено либерализација на пазарот на јавните електронски комуникации и во капацитетите и технологиите за меѓународното поврзување на државата.

# 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

Со добивањето на статус земја кандидат за членство во ЕУ, клучни активности во наредниот период за Владата на Република Македонија во областа на регионалнaта политика се: подготовка за користење на претпристапните фондови (Инструментот за претпристапна помош-ИПА 2007-2013), т.е изработка на Стратешка кохерентна рамка (СЦФ) и оперативни програми, како и обезбедување на потребната институционална рамка за управување со инструментите на ЕУ помошта и обезбедување административен капацитет за управување со фондовите.

Паралелно со ова, Владата работи и на воспоставување на соодветна национална правна и институционална рамка за рамномерен регионален развој, каде како првични чекори по финализацијата на Националниот развоен план и Претпристапната економска програма, ќе се донесат Законот за рамномерен регионален развој и Националната стратегија за рамномерен регионален развој со што ќе се уредат односите на рзвојот на ниво НУТС 3(статистички региони).

## 3.22.1 ТЕРИТОРИЈАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Номенклатурата на територијални единици за статистика - НТЕС во Република Македонија е донесена од страна на Владата на Република Македонија во април 2001 година. Во тек е усогласување на Класификацијата НТЕС како национален стандард во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија од 2004 година (Сл.весник на РМ бр.55/04) и со ЕУ Регулативата 32003R1059.

Според оваа Класификација на ниво НТЕС 1 и 2 е целата територија на Република Македонија ( 1 единица), на ниво НТЕС 3 се регионите (8 статистички - неадминистративни единици, на ниво 4 , односно ЛАУ 1 се општините (84 единици), на ниво 5 односно ЛАУ 2 се населените места (1776 единици).

Регионите на НТЕС 3 ниво, се статистички и се неадминистартивни региони. Продуцирањето на усогласени и споредливи статистички податоци за пазарот на труд, земјоделството, демографијата, образованието, економијата и др. на ниво на статистички региони, претставува основа за планирање и програмирање на рамномерниот регионален развој .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- **Усвојување на предлог одлуката за НТЕС** од Државниот завод за статистика која ќе биде во согласност со ЕУ регулативата 32003R1059. Во тек на 2007 година Владата треба да ги усвои измените на Номенклатурата на територијални единици за статистика - НТЕС.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Имплементација на одлуката преку обезбедување соодветна статистичка база на податоци за водење на политика на рамномерен регионален развој.

## 3.22.2 ПРАВНА РАМКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

На национално ниво не постои единствен закон кој интегрално ги уредува односите во регионалниот развој.
Меѓутоа, од правните акти кои на директен начин или индиректно се релевантни за регионалниот развој треба да се споменат:

- Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/2002)
- Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ( Службен весник на РМ бр..55/04)
- Законот за Градот Скопје (Службен весник на РМ бр.55/04)
- Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја (Сл.Весник на РМ , бр 2/94, 39/99
- Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/2004)
- Закон за даноците на имот (Службен весник на РМ бр.61/04 )

- Закон за данокот за додадена вредност ( Службен весник на РМ бр. 44/99, 19/04 )
- Законот за буџетите ( Службен весник на РМ " бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/00,11/01, 93/01, 46/02, 61/02, 24/03 и 85/03)
- Законот за државна помош ( Службен весник на РМ бр.24/03)
- Одлука за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја ( Службен весник на РМ 67/99)
- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05)
- Просторен план на РМ (Службен весник на РМ бр.39/04)
- Одлука за утврдување на стопански недоволно развиените подрачја во Република Македонија во периодот од 2003 до 2007 година ( Службен весник на РМ бр.28/03 и 2/04)

Со **Законот за локална самоуправа** (Сл.Весник на Република Македонија, бр.55/04) се уредуваат: надлежностите на општината дефинирани во членот 22 кои од 1 јули 2005 станаа изворни надлежности на општините; постапките за непосредното одлучување на граѓаните во делот на трошењето на нивните пари; механизмите на соработка мегу општините и Владата на Република Македонија и др.

Со **Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија**, (Сл.Весник на Република Македонија, бр.55/04) се утврдува бројот и границите и подрачјата на единиците на локална самоуправа, според кој, РМ е организирана во 84 општини и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Со истиот се уредуваат и постапките за спојувањето, поделбата и промената на границите на општините и на градот Скопје, како и други прашања што се однесуваат на територијалната организација на локалната самоуправа.

Во **Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја** (Службен весник на Република Македонија, бр.2/94, 39/99) се уредуваат мерките за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, критериумите врз кои ке се утврдат населените места кон кои ќе бидат насочени мерките утврдени со овој закон, критериумите за утврдување на специфичните подрачја, изворите и намените на средствата на иституцијата преку која ке се спроведува оваа политика.
Законот е во функција на намалување на регионалните диспаритети во земјата, но на сегментарна основа, односно се поддржува развојот само на најнеразвиените подрачја во земјата, утврдени со посебна одлука на Владата, која се донесува на секои четири години. Во имплементацијата на Законот во целост е применет проектниот пристап, принципот на прибирање на иницијативи од локално ниво (општини, месни заедници, здруженија на граѓани и сл.), принципот на кофинансирање, односно инвеститорот учествува со 20% од вкупната пресметковната вредност на проектот, а е обезбедена и контрола на реализацијата на проектот и трошењето на средствата, преку ангажирањето на стручен надзорен орган, исплата по доставена документација за извршена работа и избор на реализатор на инвестицијата преку тендер во согласност со Законот за јавни набавки.

Со **Законот за буџети** (Службен весник на РМ бр.64.05) се уредуваат постапката за изготвување, донесување, извршување на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје и известување за извршување на истите.
Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Буџетот на Европската унија, согласно одредбите и правилата на Европската унија за финансирање и склучување на договори. Средствата од структурните и кохезиони фондови на Европската Унија, како и соодветни помош и програми на Европската Унија се составен дел на буџетите и се прикажуваат одделно преку планови на приходи и одобрени средства по програми и потпрограми. Одобрените средства од основниот буџет наменети за кофинансирање се прикажуваат во буџетот преку соодветна програма, односно потпрограма. Средствата од структурните и кохезионите фондови на Европската Унија, како и соодветните помош и програми на Европската Унија се долгорочна финансиска обврска на Република Македонија, односно на општината и се користат за време на траењето на проектот.

Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлог стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика, како и приоритетите на општините. Министерот за финансии е одговорен за подготвување на Буџетот на Република Македонија и за неговото доставување до Владата на Република Македонија.Градоначалникот е одговорен за подготвување на буџетот на општината и за неговото доставување до Советот на општината.

Владата на Република Македонија ги утврдува стратешките приоритети за наредната година, најдоцна до 15 април во тековната година. Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија како збир на цели и иницијативи, буџетските корисници на централната власт и фондовите, задолжително ги вклучуваат во своите буџети преку владини програми и потпрограми.
Законот обезбедува механизми за повеќегодишно програмирање на буџетот. Буџетските корисници изготвуваат тригодишен стратешки план во кој се содржани програми и активности за остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, како и целите и приоритетите на буџетскиот корисник за тој период.

**Министерството за финансии изготвува Фискална стратегија за среднорочен период од три години** со која ги предлага насоките и целите на фискалната политика и ги утврдува износите за главните категории на проценетите приходи и одобрените средства за тој период. Фискалната стратегија ја донесува Владата на Република Македонија најдоцна до 31 мај во тековната фискална година.
Фискалната стратегија ги содржи:

- основните економски претпоставки и насоките за изготвување на Предлог Буџетот на Република Македонија;
- процената за висината на приходите, расходите и финансирањето на Буџетот за тековна фискална година;
- процена за висината на приходите, расходите и финансирањето на Буџетот на среден рок од три години;

Во контекст на правилата за користење на ЕУ фондовите кои се однесуваат на делот за јавни набавки, државна помош, животна средина и еднакви можности за мажите и жените, правната рамка во Република Македонија е следна:

**а) Јавни набавки** (За повеќе види во поглавје 3.05).
Со **Законот за јавни набавки** се обезбедува подобрување на транспарентноста на процедурите за јавните набавки, а со цел обезбедување на лојална конкуренција и спречување на корупција и измама, преземени се и следниве активности: објавување на јавните набавки, тендери, процедури, постапки и обрасци на веб-страна, вклучувајќи ги и наодите на второстепената Комисија за јавни набавки; изготвување на квартални извештаи за постапките за жалби и приговори по јавни набавки; редовно и континуирање ажурирање на Единствениот регистер за остварени јавни набавки; и изготвување на квартални извештаи до Државната комисија за спречување на корупција.

**б) Државна помош** (За повеќе види во поглавје 3. 08)
Со **Законот за државна помош** (Сл. весник на РМ бр. 24/03 и 70/06) се регулира постапката и надзорот на доделувањето и користењето на државната помош со цел за имплементирање на начелата на пазарната економија, одржувањето на лојалната конкуренција и извршувањето на обврските по меѓународно ратификуваните договори кои содржат одредби за државната помош. Законот забранува доделување државна помош со која се нарушува или се заканува да се наруши конкуренцијата преку фаворизирање на одредени претпријатија или одредени производи, се додека истата може да влијае врз трговијата меѓу Република Македонија и Европската заедница.
Законот за државна помош ја регулира регионалната помош која се дава за унапредување на економскиот развој на подрачја во Република Македонија, во кои животниот стандард е исклучително низок или каде што постои голема невработеност, како и регионалната помош која е во согласност со целите на регионалната политика на Република Македонија и со која се дава поддршка на продуктивните почетни инвестиции или отворање на работни места, поврзано со инвестициите.

**в) Животна средина** (За повеќе види во поглавје 3. 27)
**Законот за животна средина** ( Службен весник на РМ бр.53/05 и 81/05), е рамковен закон од областа на животната средина и го транспонира оној дел од acquis communautaire познат како хоризонтално законодавство. Законот за животна средина ги дава основните принципи и постапки на управување со животната средина и контрола на загадувањето на кои се повикуваат другите секторски закони.
Со Законот за животна средина е регулирана оценката на влијанието врз животната средина ( во понатамошниот текст ОВЖС) за што во 2005 и 2006 година се донесени подзакоснките акти кои целосно ја регулираат постапката за спроведување на ОВЖС. (прилог табела бр.1) Дополнително, во Законот за животна средина се имплементирани барањата од Конвенцијата за оценка на влијанието врз животната средина во прекугграничен контекс – Еспо Конвенција, (Службен весник на на РМ бр.44/99), кој ја пропишува постапката за оценка на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст. Надлежен орган за спроведување на целосната ОВЖС постпака е Министерството за животна средина и просторно планирање, вклучувајќи го и делот на учество на јавноста во денесувањето на одлуките.
Постапката за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина (СЕА) е уредена со Законот за животна средина, каде целосното регулирање ке биде постигнато со донесување на подзаконски акти кои се планирани да се реализираат во 2007 година, со што ќе се овозможи истовремено ратификација и имплементација и на СЕА Протоколот.

**г) Еднакви можности на мажите и жените** (За повеќе види поглавја 3.19 и 3.23.3)
Со **Законот за еднакви можности** (Сл.весник на РМ бр. 66/06) се уредуваат заедничките основи за подобрување и унапредување на статусот на жените и воспоставањето еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната област и во другите области од општествениот живот. Законот е усогласен со следните директиви: Директива на Советот бр. 97/80/ЕЗ од 15 декември 1997 г. за тежината на доказот во случаи на полова дискриминација како и Директивата на Советот бр. 2002/73/ЕЗ за имплементацијата на пристапот за еднаков третман на мажите и жените.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**Стратешки документи**

- **Изготвување на Национална стратегија за рамномерен регионален развој -** Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија претставува долгорочен плански документ (за 10 години) кој содржи: принципи на политиката на регионален развој, анализа на економската и социјалната состојба на ниво на статистички региони (НУТС 3), концепт за развој, приоритети и стратешки цели на регионалниот развој, институции и механизми за имплементација, мониторинг и евалуација на Стратегијата и мерки на регионалниот развој.Стратегијата ќе отпочне да се изработува по официјализирање на работната верзија на Националниот развоен план на Република Македонија. Работата на Стратегијата ќе трае 9 месеци и се очекува работната верзија да биде готова до крајот на 2007 година.
- 
- **Правни акти**
- **Донесување на Закон за рамномерен регионален развој -** Со овој закон потребно е да се уредат: општите принципи и цели на политиката на рамномерениот регионален развој; планските региони на НУТС-3 ниво и подрачјата со специфични развојни потреби; планирањето на регионалниот развој и планските документи; надлежноста на јавните органи за креирање и спроведување на политиката на рамномерен регионален развој; финансирањето; поттикнувачки инструменти за регионален развој; мониторинг, евалуација и финансиска контрола на имплементацијата на планските документи, програми и проекти; и други прашања поврзани со регионалниот развој. Законот е изготвен во нацрт верзија, и се очекува негово усвојување во текот на 2007 година.

## 3.22.3 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
На национално и регионално ниво не постојат тела или институции кои се занимаваат со регионален развој. Институција преку која се реализира политиката на поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја е Бирото за стопански недоволно развиени подрачја, на начин и по критериуми утврдени со Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја(Сл.весник на РМ бр.2/94, 39/99). Средствата за оваа политика се обезбедувааат во најголем дел преку Буџетот на државата, а се користат во согласност со Одлуката за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја ("Службен весник на РМ бр. 67/99). Законски предвидениот обем на овие средства е 1% од планираниот бруто домашен производ за односната година, меѓутоа досега е обезбедуван помал обем на средства.

Бирото како орган во состав на МЛС од аспект на донесување на одлуки во својата работа е самостојна институција. Работи врз начелото на партнерство со локалните административни органи или невладини институции, здруженија и слично, при што проектните иницијативи поткрепени со соодветна инвестициона и друга документација се од локален карактер. Од страна на Бирото се врши објективизација на пресметковната вредност, се врши увид на лице место каде што се гради објектот, а решението за учество во финансирањето Бирото го донесува врз претходно прибавено мислење од посебна комисија. Бирото нема својство на инвеститор, заради што корисникот на средствата, односно инвеститорот самостојно ја спроведува постапката за јавна набавка во согласност со законската регулатива. Во текот на реализацијата на проектот Бирото врши увид во изведувањето на сите фази на изградба, а по целосното завршување на објектот учествува во техничкиот прием заедно со надзорниот орган. Средствата се исплаќаат директно на изведувачот по приемот на комплексна документација за извршената работа, а целосната исплата по извршениот технички прием на објектот. Доколку се утврди ненаменско трошење на средствата Бирото има законска можност да поведе постапка за враќање на ненаменски употребените средства со засметување на затезна камата.

Бирото нема свои локални единици, а со сегашната оргазицациона поставеност, кадровска екипираност и техничка опременост не е во можност за водење на комплексен регионален развој, без негова трансформација и организационо, кадровско и техничко зајакнување.

Со Одлуката од страна на ВРМ за почеток на **процесот на Децентрализација на имплементациониот систем на ЕУ помошта,** се оформи и назначи целата национална структура за сите фази од циклусот на користење на ЕУ фондовите (програмирање, имплементација, мониторинг и евалуација). Согласно Законот за Влада, **Заменикот претседател на Владата задолжен за европски прашања е и Национален координатор на странската помош,** а заради конзистентност и неопходна комплементарност, ја има надлежноста и на **Национален ИПА координатор**, согласно правилата за децентрализација на ЕУ помошта.

Во ноември 2005 година, со Измените на Правилникот за систематизација на работните места во МФ и Правилникот за организација и работа на МФ, беа формирани две посебни одделенија, **Одделение за централно финансирање и**

**склучување на договори ( ЦФЦУ) и Националниот фонд (НФ). Во декември 2006 година именуван е Компетентниот службеник за авторизација (CAO-Competent Authorising Officer), односно Министерот за финансии** и **националниот службеник за авторизација (НАО), односно раководителот на секторот за управување со јавен долг**.

Во ресорните министерства се назначени **Виши службеници за програмирање** (Senior Programming Officers– SPO'c ).

Стратегијата и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се усвоени од Владата, а КАРДС твининг проектот за зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во Р.Македонија -ПИФЦ е подготвен (проектните задачи се изработени од страна на Секторот за Централна внатрешна ревизија) и почетокот на проектот се очекува во почетокот на 2007 година.

**ДИС структурата** во Република Македонија (МФ_ЦФЦУ)) ќе биде одговорна за имплементација на четирите компоненти на ИПА: Помош за транзиција и институционална надградба; Регионална и прекугранична соработка; Регионален развој и Развој на човечки ресурси.

Според ЕУ процедурите за управување на петтата ИПА компонента за Рурален развој, пак, се наметнува потребата од воведување на **целосен ДИС**. За таа цел, во тек се активности за воспоставување на административни структури за формирање на Платежна агенција- ИПАРД која во предпристапниот период ќе ја имплементира Националната програма за поттикнување на развојот на земјоделството и ИПА фондовите кои се однесуваат на компонентата рурален развој. ИПАРД агенцијата ќе биде одговорна за авторизирање и извршување на исплатите и водење на сметководствена евиденција на ИПА средствата за рурален развој. Види поглавје 3.11.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- **Доделување на национална акредитација до крајот на 2007 година.** Подготовка на целиот Децентрализиран систем на имплементација (ДСИ) ќе се изврши до јуни 2007, откако ќе бидат реализирани преостанатите фази, по што треба Република Македонија да добие целосна акредитација и ДСИ да профункционира во Република Македонија. Од воведувањето па натаму, се очекува надградување и континуирано унапредување на децентрализираниот систем на имплементација во целосно независен систем. Што се однесува до целосно децентрализираниот систем за имплементација (целосен ДИС), се планира истиот да биде акредитиран до крајот на 2007 година.

- **Принципот на партнерство** ќе се остварува преку соработка, поврзување и активно учество при подготвување на актите и проектите кои се во функција на регионалниот развој на национално, регионално и локално ниво. Оваа соработка ќе се остварува на вертикално и на хоризонтално ниво, преку вклучување на бизнис партнерите, социјалните партнери, невладините организации, преку предвидените тела во предлог Законот за рамномерен регионален развој:
  - Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија (тело за усогласување и координирање на генералната политика),
  - Совет за развој на планскиот регион (тело за спроведување на регионалната политика на ниво на планскиот регион, кое соодветствува на единиците на НУТС-3 нивото)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

За успешно водење на комплексен регионален развој, како среднорочен приоритет претставува формирањето на институција за регионален развој која што во прво време ќе биде надлежна за имплементација на проектите од компонентите 3-Регионален развој и 4-Развој на човечки ресурси, а потоа на проектите финансирани од структурните инструменти.

## 3.22.4 АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Административниот капацитет на РМ е во процес на надоградба. За да може да се реализира ефикасно користење на ЕУ помошта неопходно е градење на соодветна структура, човечки ресурси и системи и процедури.

**Одделението за централно финансирање и склучување на договори** е одделение во рамките на Секторот за буџети и фондови во Министерството за финансии. Раководител на ова одделение е Програмскиот службеник за авторизација (ПАО), кој е назначен во ноември 2005 година и за почеток беше предвидено одделението да фунционира со 8 вработени. ЦФЦУ ќе биде надлежно за реализација на четирите компоненти од ИПА: транзиција и институционална надградба, прекугранична соработка, регионален развој и развој на човечки ресурси.

**Националниот фонд** е посебно одделение во рамките на Секторот трезор. Раководителот на НФ исто така е назначен во ноември 2005 година и ова одделение ќе функционира со 6 вработени. Ова одделение ќе раководи со средствата за петте компоненти од ИПА.
Во моментов, 7 лица работат во ЦФЦУ и 5 во НФ.
. Во соработка со ЕУ експертите, беа разработени органиграмите за ЦФЦУ и НФ.

Фаза 2 од воведувањето на ДИС- фазата на отстранување на недостатоците и недоследностите, започна на 3-ти јули 2006 година и беа реализирани два паралелни проекти:

- Обуки и ИТ поддршка за ЦФЦУ и НФ, СЕП и ресорни министерства, и
- Помош за раководење и институционалните процедури во ЦФЦУ, НФ, СЕП и ресорни министерства.

Проектите завршија на 15 декември 2006.

.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Донесување на Правилник за процедури за работа на Одделението за централно финансирање и склучување договори и Правилник за работа на Одделението за управување со ЕУ фондови.
- Измена и и дополна на правилниците за организација и систематизација на работните места во Министерството за финансии и сите други ресорни миситерства - корисници на ИПА фондовите по Заклучок на ВРМ.

Во 2007 година ќе се продолжи и интензивира обуката за ДСИ - децентрализираниот систем на имплементација на ИПА. фондовите. Имено, во рамките на Проектот за обуки за ДИС компонента 1 се изготвува Стратегија за обуки според која ќе се предвидат сите потребни обуки за доизградба на капацитетот на ДИС структурите во 2007 г.

Ќе следи зајакнување на капацитетите на Националниот фонд и соодветните Платежни агенции и организациони структури за имплементација, како и Одделението за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии.
Исто така, административниот капацитет ќе се надоградува согласно структурите/институциите што ќе ги дефинира Законот за рамномерен регионален развој.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Среднорочен приоритет на Владата на Република Македонија до 2010 година е да се изврши обука за користење на структурните и кохезионите фондови, со што Македонија како членка на ЕУ подготвено би можела да ги користи можностите на структурните и кохезионите фондови.
На среден рок предвидено е зајакнување на капацитетот за управување со инфраструктурни проекти во рамките на институцијата која ќе биде надлежна за регионален развој.

## 3.22.5 ПРОГРАМИРАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Во текот на 2006 година беше изготвен <u>Националниот развоен план</u>.** Националниот развоен план НРП (2007-2009) е сеопфатен среднорочен програмски документ во кој е направена детална анализа на тековниот економски и социјален контекст, дефинирани се развојните цели на Република Македонија и се формулирани и детално презентирани развојните и инвестициски приоритети на секторско ниво, со алокација на финансиски ресурси за секој приоритет одделно. Како таков, тој претставува квалитетен рамковен документ за градење на развојна политика, и солидна основа на која ќе се базира изработката на подолгорочен развоен документ за периодот 2009-2013, на Стратешката кохерентна рамка и на оперативните програми за ИПА.

Порастот на меѓународната конкурентност на државата е основен фокус на НРП, а неговото спроведување се базира на четири групи на мерки на економската политика и инвестициони интервенции наречени развојни и инвестициони приоритети, кои сите се директно или индиректно насочени кон придонесување за остварувањето на таа цел. Тие се: (а) конкурентност на корпоративниот сектор; (б) развој на човечките ресурси; (в) економска инфраструктура; и (д) аграрен и рурален развој. Во рамките на секој од тие четири приоритети вклучена е и компонентата на техничка помош. Покрај тие четири тематски приоритети, пак, приоритетите на еколошкиот и регионалниот развој, како и развојот на информатичкото општество, се вклучени како приоритети на хоризонтално ниво.

Националниот развоен план е изработен со активно учество на сите релевантни државни органи, единици на локалната самоуправа и други институции, координирани од Меѓуминистерски комитет на политичко ниво и Секретаријат, на оперативно ниво. Истовремено, во неговата изработка, беа вклучени домашни и меѓународни експерти, како и УНДП. Партиципативниот пристап во изработката на документот НРП и принципот на партнерство ја потврдуваат неговата извонредна значајност и го зајакнуваат чувството на сопственост над истиот. Националниот развоен план е подготвен во нацрт-верзија, а конечното усвојување од страна на Владата се очекува vo 2007/I.

Во рамките на проектот за Регионален економски развој на источниот дел на Република Македонија (РЕДЕМ-ГТЗ) се изработуваат **планови за развој на два статистички региони(источниот и југоисточниот)** кои треба да бидат готови до средината на 2007 година. Во рамките на проектот воспоставено е Регионално собрание на 23 општини како структура за регионален менаџмент а во исто време преку ГТЗ се врши обука за регионални менаџери.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- **Изготвување и донесување на <u>Стратешка кохерентна рамка (Strategic Coherence Framework-SCF) и Оперативни програми</u>**, како две најважни алатки за користење на ИПА фондовите. СЦФ како стратешки документ за компонентите 3 и 4 (Регионален развој и Развој на човечки ресурси), во кој се поставуваат клучните насочувачки стратегии, ја дефинира заедничката стратегија за програмските фондови во која двете компоненти мора да бидат комплементарни и конзистентни една со друга. На тој начин, СЦФ обезбедува стратешка поврзаност помеѓу приоритетите на РМ и на ЕУ дефинирани во Повеќегодишниот Индикативен Планирачки Документ. Во однос на Оперативните програми, потребни за програмирање на петте компоненти од ИПА, потребно е за компонентата 3 да се изработи една оперативна програма (2007-2009) која ќе ги покрива следниве теми: транспорт и животна средина .
- Првиот нацрт на СЦФ документот и на оперативните програми би требало да се подготви и да се достави во првата половина од 2007 година, со цел по дискусиите со ЕК, истите да се финализираат, со што ќе се овозможи да се донесат одлуките од страна на ЕК по однос на одобрување на финансирањето. Сврзано со ова, со одлука на Влада се номинирани партнери на централно и министерско ниво со контакт лица, т.е. формирани се оперативни тимови кои ќе работат на ИПА програмирањето за секоја компонента поединечно, како и за изработката на Стратешката кохерентна рамка.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Спроведување на приоритетите во Националниот развоен план и годишна ревизија и ажурирање на документот.

## 3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА; МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во моменот ЦФЦУ и НФ не управуваат со средства и проекти финансирани со прет-пристапните фондови на ЕУ. Но, процедурите за финансиско управување, контрола, мониторинг и евалуација се изготвени во нацрт веризја и обуките за нивно спроведување за двете одделенија се завршени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Правилникот за процедурите за програмирање, финансиско управување, контрола, мониторинг и евалуација ќе се финализира во втората половина на 2007 г.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Да продолжи развојот на ДИС системот со што ќе се изгради капацитет за пренесување на надлежноста за управување со третата и четвртата компонента од ИПА на институцијата за регионален развој.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09002: Министерство за финансии/ Функции на Влада | НОВА: (8 Центри за развој на планските региони) | 0 | 0 | 10 | 5 | 10 | 25 |
| 09002: Министерство за финансии/ Функции на Влада Вкупно | | 0 | 0 | 10 | 5 | 10 | 25 |
| 19101: Министерство за локална самоуправа | НОВА: Сектор за регионален развој | 20 | 3 | 0 | 3 | 4 | 10 |
| 19101: Министерство за локална самоуправа Вкупно | | 20 | 3 | 0 | 3 | 4 | 10 |
| 28001: Биро за стопански недоволно развиени пордрачја | БСТОП_РРЕГ: Биро за стопански недоволно развиени подрачја (ќе пређе во Биро за рамномерен регионален развој) | 14 | 0 | 2 | 4 | 4 | 10 |
| 28001: Биро за стопански недоволно развиени пордрачја Вкупно | | 14 | 0 | 2 | 4 | 4 | 10 |
| **ВКУПНО** | | **34** | **3** | **12** | **12** | **18** | **45** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во периодот март - јуни 2007 година со техничка помош од ЕУ ќе биде спроведен проект во рамките на кој ќе биде изготвен извештај за недостатоците на ДИС системот (Gap Assessment Report) и обезбедат препораки за нивно отстранување (Gap Plugging Stage). Во рамки на проектот, ќе биде извршена и проценка на капацитетите на независното ревизорско тело и оценета потребата за зајакнување на истите со спроведување на нов проект со техничка помош. од ЕУ.

Во јуни 2007 година ќе започне проект за техничка помош во траење од 18 месеци наменет за поддршка на Секретаријатот за европски прашања, Одделението за централно финансирање и склучување на договори и Националниот фонд при воспоставување на децентрализиран систем за управување со прет-пристапната помош од ЕУ. Со проектот ќе бидат спроведени обуки на вработените и разработени процедурите на ДИС.

# 3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

## 3.23.1 ПРАВОСУДЕН СИСТЕМ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА
### ПРАВНА РАМКА

Правосудниот систем на Република Македонија беше реформиран во периодот 1995 – 1997 година, кога законодавството во голем дел беше усогласено со меѓународните конвенции и стандарди (Советот на Европа позитивно ги оцени реформите). Главни цели на постоечката **Стратегијата за реформа на правосудниот систем** заедно со **Акцискиот план** за нејзино спроведување (2004-2007 година) се зајакнување на независноста и зголемување на ефикасноста на правосудниот систем.

Во текот на 2005 и 2006 година беа реализирани крупни законодавни активности предвидени во Стратегијата. Уставните амандмани усвоени во декември 2005 година овозможија суштински промени во поставеноста и функционирањето на правосудните институции. Изборот и разрешувањето на судиите и јавните обвинители премина во исклучива надлежност на Судскиот совет на Република Македонија (мнозинството на неговите членови ги избираат судиите од своите редови) односно на Советот на јавни обвинители. Се овозможи реструктуирање на судовите по специјализирани области. Укината е исклучителната судска надлежност за прекршоците со што се овозможи изрекување на санкции за сторени прекршоци од управен орган односно орган што врши јавни овластувања (притоа се гарантира судска заштита против актите на државната управа), како и задолжителната двостепеност во управната постапка.

**Законот за судски совет на РМ** и **Законот за судови** од јуни 2006 година ги операционализира новите уставни одредби со кои се редефинира надлежноста во процесот на избор и разрешување на судиите, составот и надлежноста на телото кое ќе го врши изборот и разрешувањето како и промените во организационата структура и надлежностите на судовите. Советот е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Независноста и самостојноста на судиите се обезбедува со новиот начин на нивен избор и разрешување кој го врши Судскиот совет. Гаранција за судската независност се и одредбите согласно кои судиите уживаат имунитет, се избираат без ограничување на траењето на мандатот и не можат да бидат преместени од еден во друг суд, ниту од еден во друг судски оддел против нивна волја. Независноста на Советот се гарантира со неговиот состав сочинет од мнозинство судии избрани од самите судии на непосредни и тајни избори. Судскиот совет ќе одлучува за сите статусни прашања на судиите: избор и разрешување, утврдување престанок на судиската функција, следење и оценување на работата, дисциплинска одговорност, одземање на имунитет. Условите за избор на судиите и членови на Советот од редот на судиите се поригорозни – се предвидува одреден стаж во вршење на правосудна функција и изборот се врши преку јавен конкурс. На разрешен судија му се признава правото на жалба пред независно тело. Во законот се инкорпорирани следниве меѓународни инструменти: Европската Конвенција за заштита на човековите права и слободи; Препораки на Комитетот на министри на Советот на Европа за независноста, ефикасноста и улогата на судиите; Европската повелба за статусот на судиите; Универзалната декларација за независност на судството; Резолуција 1987/23 и Резолуција на ГС на ОН бр. 40/32;4/1. Законот за судовите воведува уште една многу значајна новина – специјализација на судовите. Предвидено е формирање на специјализирани оддели и одделенија во судовите, а ќе се формира и посебен Управен суд надлежен да решава за законитоста на актите на државната управа со што ќе се растерети Врховниот суд од ваквиот вид на предмети. Предвидено е формирање на уште еден Апелационен суд (покрај постоечките три) заради зголемување на достапноста на правдата до граѓаните. Во законот е прифатено начелото за судење во разумен рок согласно со чл.6 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и слободи. Законот е во согласност со следниве меѓународни и ЕУ акти: Заедничка акција од 22 април 1996 година усвоена од Советот врз база на чл К3 од Договорот за ЕУ, која се однесува на дефинирање рамка за размена на судии за подобрување на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ; Заедничка акција од 29 јуни 1998 година усвоена од Советот врз база на чл К3 од Договорот за ЕУ, за основање на мрежа на Европските судови; Препораки на Комитетот на министри на Советот на Европа за независноста, ефикасноста и улогата на судиите, Европската повелба за статусот на судиите и Универзалната декларација за независност на судството, Резолуција 1987/23 и Резолуција на ГС на ОН бр. 40/32;4/1.

Важен услов за зајакнување на независноста на судиите се и нивната селекција, едукација и критериуми за избор. **Законот за Академија за обука на судии и обвинители** донесен во јануари 2005 година ја регулира селекцијата, организирањето и спроведувањето на почетната обука на кандидатите за судии и обвинители во основните судови/обвинителства и постојаното стручно усовршување на судиите и обвинителите и судските и обвинителските службеници. Завршувањето на иницијална обука ќе гарантира компетентно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно вршење на судската и обвинителската функција. Донесени се Деловникот за работа на Управниот одбор, Статутот на Академијата и Правилникот за внатрешната организација и систематизација на работните места.

**Законот за судски буџет** од 2003 воведе нов начин на финансирање на судската власт, што придонесе за јакнење на независноста на судството. Судскиот буџет е издвоен како посебен дел означен со “Судска власт” и се утврдува во вкупен износ, а во согласност со критериуми утврдени од Судскиот буџетски совет (врз основа на фискалната политика и главните категории за проценетите приходи и расходи). Овие средства се распределуваат на судовите од страна на Судскиот буџетски совет.

Со донесувањето на **Законот за Јавното обвинителство** во 2004 година беа имплементирани Европската Конвенција за заштита на човековите права и слободи и Препораката (2000) 19 на Комитетот на министри на Советот на Европа - “Улогата на јавното обвинителство во кривичноправниот систем“. Законот од 2004 не ја имплементира во целост Препораката 2019 во однос на управување со постапката на истрага. Најзначајни новини се: формирањето на Совет на јавни обвинители надлежен за спроведување на постапката за именување, разрешување и утврдување на одговорноста на јавните обвинители; именувањето на замениците јавни обвинители без ограничување на траењето на мандатот; востановувањето на посебно Одделение за сузбивање на организираниот криминал и корупцијата; како и правото на повисокиот јавен обвинител да дава писмени задолжителни упатства на понискиот јавен обвинител. Исклучивата надлежност на Советот на јавни обвинители да ги избира и разрешува обвинителите (освен Јавниот обвинител на РМ) содржана во уставните амандмани ќе биде регулирана со донесувањето на новите **Закон за Јавно обвинителство на РМ и Законот за Совет на јавни обвинители.**

Со цел зголемувањето на *ефикасноста* беа воведени значајни новини во процесното и законодавството. Со воведените новини во процесните закони се создадоа законски претпоставки за забрзување на постапките преку надминување на лоцираните слабости кои придонесуваат за долгото траење на постапките. Беа и се преземаат бројни активности кои имаат за цел да се намали бројот на предметите во судовите и да се растеретат лоцираните тесни грла во судството.
Со цел заострување на казнената политика, воведување на нови инкриминации и ефикасно сузбивање на организираниот криминал во согласност со законодавството на ЕУ измените на **Кривичниот законик** од 2004 година беа насочени кон вградување на: алтернативно казнување; кривична одговорност за правни лица; кривично-правен институт - *конфискација на имотна корист прибавено со кривично дело*; мерки за сузбивање на перење на пари, корупцијата, тероризмот, економскиот и финансискиот криминал, криумчарење на мигранти и друго. При изготвувањето се имаа предвид пристигнатите извештаи на Европскиот комитет за борба против криминалот на Советот на Европа во врска со мерките за сузбивањето на перење пари; ГРЕКО во однос на сузбивањето на корупцијата; Комитетот на експерти за справување со тероризмот во однос на инкриминациите за тероризмот; Центарот за превенција од криминалот на Обединетите Нации во однос на економскиот и финансискиот криминал; Вториот протокол на Конвенцијата за заштита на финансиските интереси на Европската Унија од 1997 година; и Конвенцијата за спречување на поткупувањето на странските службени лица во меѓународните трансакции на ОЕЦД и други.

Со измените на **Законот за кривична постапка** од 2004 година извршено е усогласување со европските правни акти и другите меѓународни конвенции како и со препораките од извештаите за Република Македонија (Конвенција на ОН против трансанационалниот организиран криминал; Европската конвенција за човекови права; Конвенцијата за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело; Казнената конвенција за корупција; Конвенцијата за компјутерски криминал; Европската конвенција за трансфер на осудени лица со протоколот; Препораките на ГРЕКО; Основните насоки за човековите права и борбата против тероризмот на Советот на Европа; препораките на Европскиот комитет за превенција од тортура и понижувачко однесување и казнување). Заради забрзување на постапката законот предвидува куси рокови за одлучување и за преземање на процесните дејствија. Подобрени се и решенијата за доставата, со што се оневозможуваат непотребните одолговлекувања на постапката. Воведени се посебни истражни мерки кои овозможуваат прибирање на податоци и докази неопходни за успешно водење на постапката и зајакната е улогата на јавниот обвинител и истражниот судија во постапката. Предвидени се нови решенија со кои се прошируваат мерките за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на постапката и детално се доразработуваат решенијата за притворот и неговото траење согласно тежината на кривичните дела. Новина претставуваат одредбите во однос на процесната заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите, со можност за користење модерни аудиовизуелни средства. Внесени се одредби за привремено обезбедување и одземање на предмети или имот што се во врска со кривичното дело. Заради поедноставување и забрзување на постапката кога се работи за кривични дела за кои е пропишана поблага казна во законот се внесени посебни поглавја со кои се обработува материјата за донесување на пресуда без одржување на главен претрес. За првпат разработена е постапката спрема правните лица, имајќи ги предвид измените што се предвидени во Кривичниот законик. Разработена е постапката за примена на мерката конфискација на имот и имотна корист.

Донесувањето на новиот **Закон за парнична постапка** во 2005 година (започна да се применува од 29.12.2005) произлезе од потребата за натамошно доградување на нормативните решенија на парничната постапка и изнаоѓање на посоодветни законски механизми со кои ќе се овозможи побрзо и поефикасно постапување на судовите во споровите од личните, семејните, работните, имотните и другите граѓанско-правни односи, а со тоа и побрзо правосилно разрешување на спорните односи помеѓу правните субјекти, со што се создава поголема правна сигурност во таа сфера. Со новите

измени јасно се постави позицијата на судот и на странките во постапката. Ревидирано е начелото на материјална вистина со што товарот на докажување е обврска само на странките во постапката но не и на судот. Зајакнато е начелото на концентрација на постапката со што се обезбедува определени дејствија странките и судот задолжително да ги превземаат во точно утврдените стадиуми на постапката и во утврдените рокови во текот на постапката. Воведено е ново нормативно решение според кое нови факти и нови докази неможат да се истакнуваат во постапка по жалба. Предвидени се парични казни заради злоупотреба на процесните овластувања од страна на странките во постапката. Предвидени се куси рокови за одлучување и за преземање на определени процесни дејствија и подобрени се решенијата за доставата. Се напушта институтот мирување на постапката, како една од причините за пролонгирање на времетраењето на постапката. Воведени се две нови пресуди: пресуда поради неподнесување одговор на тужба и пресуда без одржување на расправа; се дава можност парничната постапка завршена со правосилна пресуда да се повтори и врз основа на одлука на Европскиот суд за човекови права, со која е утврдена повреда на основните човекови права и слободи. Законот за пранична постапка е усоглесен со ЕУ стандардите (*види анекс со легислатива и усогласеност со ЕУ мерки).*

Основната причина за донесување на нов **Закон за извршување** во 2005 година (започна да се применува од 26 мај 2006) беше да се отстранат причините за големата бавност во процесот на извршување на судските одлуки во граѓанските предмети, како и на одлуките на органите на државната управа кои гласат на исполнување на парична обврска. Целта е ефикасно постапување, кое би се постигнало со воведување на институтот *Извршител* – лице кое врши јавни овластувања, и го спроведува извршувањето надвор од судот заради реализација на веќе утврдените права на граѓаните од страна на судовите и управните органи, во парнични или управни постапки. Законот за извршување не претпоставува повторна постапка, туку едноставно извршување на веќе донесените судски одлуки. Се напушта институтот на дозволување на извршување од страна на судовите. Еднаш донесената правосилна судска одлука и конечната управна одлука, а за која истекол рокот за доброволно исполнување на обврската утврдена со неа, станува извршна исправа која што доверителот ја предава на извршител по свој сопствен избор, кој ја извршува на начин на кој што тој смета дека е најсоодветен. Меѓу извршните дејствија што може да ги презема извршителот, револуционерна е можноста тој да ја врши доставата на судските писмена, како и да врши легитимирање на странките и учесниците во извршувањето. Со законот е одземена можноста за одолжување на извршувањето заради поднесени приговори и жалби од страна на должникот, но притоа се води сметка должникот да не остане без никаква заштита при неправилности во извршувањето. Имено должникот може да поднесе приговор само заради неправилности при извршувањето, а не како претходно да ја оспорува извршната исправа. Новина е внесена и во одредбите кои се однесуваат на посебните одредби за извршување врз имотот на правните лица заради наплата на парично побарување – се предвидува спроведување на извршувањето да се врши од сите расположливи средства на должникот, а не како досега само од неговата жиро-сметка. Усвоени се Статутот и Програмата за работа на Комората на извршителите и правилници за работата на извршителите. Законот за извршување е усоглесен со ЕУ стандардите (*види анекс со легислатива и усогласеност со ЕУ мерки).*

**Со Законот за прекршоците** донесен во јуни 2006 година законски се уредува уставната одредба според која за одделни прекршоци определени со закон прекршочна постапка ќе може да води и прекршочна санкција ќе може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања но исклучиво на надзор над спроведувањето на законите со кои се определени прекршоците. Имајќи предвид дека административните органи во своето постапување применуваат специфични административни постапки, во законот се вградени одредби со кои се допушта  за одделни прекршоци со посебни закони да се пропише друга прекршочна постапка. На овој начин, се врши изземање на одреден вид на типично административни прекршоци од судска надлежност со цел да се намали бројот на нерешените прекршочни предметите во судовите. Исто така со оглед на современите тенденции во казнено правната реформа се предлага нов систем на санкции, имајќи го предвид помалото општествено значење на прекршоците – глобата се предлага како главна санкција, а се укинува казната затвор. Значајна новина се и востановувањето на прекршоци на правните лица, со оглед на појавата на нови форми на прекршоци во економската сфера.

Со **Законот за управни спорови** донесен во јуни 2006 година се измени претходната концепција управните акти на извршната власт да можат да бидат предмет на судско испитување само од Врховниот суд. Главен проблем претставуваше неефикасноста при решавањето на овој вид на предмети, при што според статистичките показатели од моментот на поднесување на тужбата за покренување на управен спор пред Врховниот суд па до почетокот на неговото решавање поминуваат околу две години или повеќе. Со овој закон се воспостави Управен суд, кој ќе одлучува во управен спор по тужби против управни акти на органи на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања, со што Врховниот суд на РМ ќе се растовари од овој вид на предмети. Со ваквото решение се овозможува поголема ажурност, ефикасност и економичност на постапката по управен спор.

**Законот за медијација** донесен во јуни 2006 година ги уредува правилата на постапката  за медијација како алтернативен начин за решавање на споровите. Со Законот за медијација  ќе се овозможи подобар пристап  до правдата, намалување на судските  предмети, и брзо и ефикасно алтернативно решавање на спорови (економичност). Законот се применува во граѓански, трговски, работни, потрошувачки и други спорни односи меѓу физички и правни лица. Законот за медијација е усогласен со Препораката  на Комисијата  (31998X0257)од 30 март 1998 година која се однесува на телата

кои се одговорни за вонсудско решавање на потрошувачките спорови, Препорака од Комисијата (32001H0310) од 4 април 2001 година  која се однесува на начелата за вонсудски тела  кои се вклучени  во договорно решавање на потрошувачките спорови, УНЦИТРАЛ Модел законот и Резолуцијата 35/52 усвоена од Генералното собрание на 4 декември 1980 година и 35/53 Правилата за мирење на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право. Донесени се Програма за селекција и обука на медијатори, Етички кодекс за медијатори и Статут на комората на медијаторите.

Со **Законот за извршување на санкции,** донесен во декември 2005 година, се уредува извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци како што се казни, алтернативни мерки, мерки за безбедност и воспитни мерки. Се пристапува кон реформа на пенитенцијарниот систем со цел подобрување на условите во казнено-поправните установи и обезбедување на поефикасно извршување на санкциите во согласност со меѓународните стандарди. Работите на извршување на санкциите се во надлежност на Управата за извршување на санкции која има својство на правно лице. Со законот се предвидува формирање на уште една казнено-поправна установа од затворен и полуотворен вид заради растоварување на притворскиот и осуденичкиот капацитет и создавање на организациони и функционални претпоставки за востановување на дом-болница за лекување на осуденичка популација. Тренинг-центарот за обука на вработените во пенитенцијарните установи добива законски основи при што треба да се обезбедат материјални и кадровски услови а негово перманентно функционирање. Со законот се обезбедува практична имплементација на алтернативните мерки предвидени во КЗ (предвидена е соработка со други државни органи преку профункционирање на Одделението за извршување на алтернативните мерки во состав на Управата за извршување на санкциите). Законот е усогласен со Европските затворски правила – Препорака бр. Р(87) на Комитетот на министри на Советот на Европа, Европската Конвенција за заштита од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Протоколи бр. 1 и 2 (ратификувани во 1997), Европската конвенција за човековите права, како и со стандардните минимални правила на ОН за постапување со затвореници (1955).

Согласно Уставот, адвокатурата е дефинирана како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон. Адвокатурата е регулирана со **Законот за адвокатура** од 2002 година. Со измените и дополнувањата на законот од 2006 година се регулира обврската за задолжителна едукација на адвокатите, воведување на адвокатски испит, одговорноста на адвокатите за злоупотреба на овластувањата и заштита за правата на странките преку гарантирање на обештетување на штети сторени од страна на адвокатите, како и можноста за вршење на адвокатска дејност на адвокати од држави членки на ЕУ на територијата на РМ по приемот на РМ во ЕУ (преодна одредба).

Јавната служба за вршење нотарски работи во Република Македонија е воведена со донесувањето на **Законот за вршење нотарски работи** од 1996 година,  а првите нотари се именувани во 1998 година. Воведување на нотаријатот како самостојна, стручна, непристрасна и независна јавна служба позитивно се одрази врз растоварување на судовите од делот на вонпроцесните работи кои преминаа во надлежност на нотарите. Исто така правната сигурност се зголеми со признавањето на нотарските исправи да имаат својство на јавни исправи.

Материјата што се однесува на правната заштита на имотните права и интереси на Република Македонија, како и институционалниот облик на органот овластен за обезбедување на таа заштита се регулирани со Законот за јавното правобранителство од 1997 година, со кој се уредени организацијата, надлежностите, условите и постапката за именување и разрешување на Јавниот правобранител и неговите заменици. Јавното правобранителство на Република Македонија е организирано како служба на Владата на Република Македонија која презема со закон определени мерки и правни средства заради заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Јавното правобранителство ја застапува Република Македонија и нејзините органи пред судовите, другите органи и правни лица и пред странските судови и странските органи во имотно-правните спорови со странски физички и правни лица.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Правосудните институции се оптоварени со кадровски, материјални и други проблеми кои директно го ограничуваат капацитетот за постапување, а индиректно ефикасноста во постапувањето на правосудните институции.

**Министерство за правда –** ги врши функциите кои се однесуваат на: судството, јавното обвинителство, и јавното правобранителство; државната управа; кривичната одговорност и одговорноста за прекршоци; нотарските работи, адвокатурата и другите видови правна помош; наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи; меѓународната правна помош; извршувањето на санкциите за кривичните дела и прекршоци; организацијата и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи; амнестијата и помилувањето; судските вештачења, експертизи и супер-вештачења; изборниот систем, водењето евиденција на избирачкото право; кривичната, прекршочната, парничната, вонпроцесната, извршната и управната постапка; управниот надзор.

**Судски совет на Република Македонија** е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите. Во негова надлежност се: изборот и разрешувањето на судиите; утврдувањето престанок на судиската функција; изборот и разрешувањето на претседателите на судовите; следење и оценување на работата на судиите; одлучување по дисциплинска одговорност на судиите; одлучување за одземање на имунитетот на судиите; одлучување по барање за одобрување на притвор на судија; одлучување за времено отстранување на судија од вршење на судиска функција; утврдување на број на потребни судиски места по судови; разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите; постапување по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Во согласност со уставните амандмани и новиот закон, во ноември беа спроведени првите непосредни и тајни избори за членови на Судскиот совет од редот на судиите преку кои беа избрани 8 судии за членови во ова тело. Новиот Судскиот совет започна со работа и избрани се негов претседател и заменик претседател.

Во судскиот систем судската власт ја вршат **основните судови**, **апелационите судови**, **Управниот суд** и **Врховниот суд на Република Македонија**. Во моментот во сите судови во Република Македонија согласно Судскиот изборен именик работат вкупно 624 судии

**Врховен суд -** највисок суд во државата кој го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите. Надлежен е да одлучува во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон; да решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови; решава во втор степен по жалба на одлука на Управен суд во случаите предвидени со закон; да решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон; да решава за судирот на надлежноста меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациони судови, судир на надлежност меѓу апелациони судови, судир на надлежност меѓу Управниот суд и друг суд и да решава за пренесување на месната надлежност кај овие судови; да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото за судење во разумен рок, во постапка утврдена со закон пред судовите.

**Апелациони судови -** се второстепени судови. Надлежни се да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови. Покрај оваа основна надлежност, апелационите судови се надлежни да решаваат и во случаите на судир на надлежност меѓу основните судови од своето подрачје. Се основаат на подрачјето на повеќе судови од прв степен (во моментов постојат 4: Скопје, Штип, Битола и Гостивар).

**Основните судови** се основаат за една или повеќе општини чие подрачје е определено со овој закон. Во РМ има 27 основни судови. Согласно со стварната надлежност судат во прв степен и се основаат како судови со основна надлежност и судови со проширена надлежност Во рамките на основните судови со проширена надлежност се основаат специјализирани судски оддели што ќе постапуваат за одделни видови на спорови. Основните судови можат да имаат и судски одделенија. Во 5 основни судови се формираат специјализирани судски одделенија надлежни за судење на дела од областа на организираниот криминал. Основниот суд Скопје I се определува како исклучиво кривичен суд, додека пак Основниот суд Скопје II како исклучиво граѓански суд.

**Управен суд –** заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, Управниот суд, во управни спорови ќе одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и Градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за актите донесени во прекршочна постапка. Сеуште не е конституиран.

**Јавно обвинителство** – е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела. Според уставните амандмани функцијата на јавно обвинителство ја вршат Јавен обвинител на Република Македонија и јавните обвинители. Јавниот обвинител на РМ ќе го именува и разрешува Собранието на РМ за време од шест години со право на повторно именување. Јавните обвинители ќе ги избира Советот на јавни обвинители без ограничување на траење на мандатот. Според постоечкиот закон за подрачјата на првостепените судови основани се 22 основни јавни обвинителство. За подрачјето на второстепените судови основани се 3 виши јавни обвинителства. ЈОРМ се основа за целата територија на РМ со седиште во Скопје. Јавните обвинители имаат свои заменици без ограничување на мандатот.

**Академија за обука на судии и обвинители** како јавна установа врши дејност од јавен интерес и има својство на правно лице. Врши селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидатите за судии и обвинители во основните судови, односно основните обвинителства и постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите и судските и обвинителските службеници. (опфака и обука на администрацијата во судството, обвинителството и Министерството за правда). Академијата е целосно функционална – обезбедено е просторно сместување, опрема како и

буџетски средства. Формиран е Управен одбор, именувани се директор и извршен директор. Заклучно со 2006 година Академијата има 6 вработени, кои согласно законот беа превземени од Центарот за континуирана едукација.
**Извршителите** се лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон кои директно одлучуваат за дејствијата кои треба да се преземат во рамките на нивните овластувања за да се спроведе извршната одлука и да ги преземат извршните дејствија. Тие се именуваат за подрачјата на основните судови и извршуваат извршни исправи на судот или органот чие седиште е на подрачјето за кое што е именуван. Досега се именувани 41 извршители од вкупно предвидените 69. Спроведени се и обуки на именуваните извршители. Тие започнаа со работа на 26 мај 2006. Формирана е **Комора на извршителите** која има својство на правно лице и избран е нејзин Претседател. Во рамките на Министерството за правда се формира Сектор за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите кој се уште е во фаза на екипирање. Во првите 6 месеци од својата работа извршителите реализираа 1981 од барањата за извршување од вкупно поднесените 4988 барања. До крајот на ноември со-односот на реализирани наспроти поднесени барања за извршување е 1981 наспроти 4988. Вкупната вредност на извршувањата е 14 милиони евра.

**Адвокати и адвокатски друштва** вршат самостојна и независна јавна служба која единствено обезбедува и дава правна помош на физички и правни лица во остварувањето и заштита на нивните права и врз закон засновани интереси во постапките пред судовите, државните органи и други правни лица. Тие се слободни, самостојни и независни во својата работа и во рамките на законот, актите на Комората и овластувањето, самостојно одлучуваат за начинот на застапување на правата и интересите на странката. **Адвокатска комора -** има својство на правно лице и во извршувањето на работите од својот делокруг обезбедува унапредување на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба, ефикасно обезбедување на правна помош и вршење јавни овластувања.

**Нотаријат/нотари** е самостојна, стручна, непристрасна и независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции. Во 1998 година формирана е Нотарска комора во која денес активно учествуваат 130 нотари.

**Медијаторите** се физички лица кои им помагаат на страните да постигнат спогодба, без право да наметнат решение на спорот, во согласносот со принципите на медијацијата. Во 2006 година, именувани се 60 медијатори кои поминаа почетна обука. Формирана е **Комора на медијатори** која има својство на правно лице. Првиот центар за медијација беше отворен во Скопје. Со преземањето на овие активности се очекува да се стимулира вонсудското решавање на споровите, со што судовите би се растовариле од значителен број предмети.

Во Република Македонија **пенитенцијарниот систем** е поставен во определена хоризонтална и вертикална поврзаност, како единствен и заокружен систем на казнено-поправни установи. Во така поставениот систем работите на извршувањето на санкции се во надлежност на **Управата за извршување на санкциите**, која има статус на правно лице, а со неа раководи директор. Казната затвор и воспитно-поправната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршува во казнено-поправни односно воспитно-поправни установи кои имаат својство на правно лице. Казнено-поправните установи можат да бидат казнено-поправни домови и затвори, а спред степенот на безбедност се делат на казнено-поправни установи од отворен, полуотворен и затворен вид. Во Република Македонија моментално функционираат 8 казнено-поправни и 2 воспитно-поправни установи, во кои се вработени вкупно 509 лица. Завршена е адаптација на второто крило на КПД Идризово и обезбеден е соодветен простор за сместување на **Тренинг центарот за обука на вработените во казнено-поправните установи**. Изготвени се идејни проекти за адаптација на КПУ Штип и Куманово.

Во МП формиран е Сектор за ИКТ **(информатичко комуникациска технологија)** во рамките на кој ќе функционира новоизградениот Центар за информатичка технологија (обебзбедени, адаптирани и опремени се простории). За потребите на Секторот за ИКТ Владата на РМ обезбеди средства за вработување на нови 12 изврштели. За потребите на правосудните институции во Република Македонија во 2006 година набавени се 500 персонални компјутери, 240 принтери, 50 мрежни принтери и 10 сервери. Изградена е IP WPN мрежа (WAN conection) помеѓу 74 институции во правосудниот систем на РМ на 50 различни локации. Оваа мрежа е единствена во регионот. Развиени се софверски апликации за Судскиот совет на РМ, јавните обвинителства и казнено-поправните установи, како и софтверска апликација за LDBIS (Правна дата база на податоци за која софтверската апликација е равиена, останува да се реши проблемот околу едитирање на базата). Активностите беа подржани преку ЕК/КАРДС 2003 средства.

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

**Стратегијата за реформа на правосудниот систем со Акционен план** беше донесена во ноември 2004 година. Стратегијата е поделена на два сегмента што се однесуваат на: судскиот систем и јавното обвинителство. Кон Стратегијата се приложени и Анекси кои ги содржат основните планирани реформски зафати во пенитенцијарниот систем, јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот. Главна цел е зајакнување на независноста и непристрасноста на правосудството и на зголемувањето на неговата ефикасност.

**Стратешки план на Министерство за правда** е документ кој ги проектира значајните активности и чекорите за нивна имплементација во областа што со својата надлежност ја покрива Министерството за правда за периодот 2006-2008 година.

**Стратегија за Информациско комуникациска технологија во правосудството** е документ кој го проектира воведување на информатичка технологија во правосудството во периодот од 2007-2010 година (изработена е нацрт верзија).

Идната реформа на казненото законодавство ќе се изведе согласно насоките кои ќе бидат утврдени во **Стратегијата за реформа на казненото законодавство** која ќе се изготви во текот на 2007 година. Во овој документ посебен акцент ќе биде ставен врз понатамошното усогласување на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка со меѓународните стандарди.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2007 година е предвидено донесување на преостанатите закони предвидени со Стратегијата и Акцискиот план како и измена на дел од новодонесените реформски закони со цел нивна успешна имплементација.

Заради комплетирање на законодавниот дел од Стратегијата и Акцискиот план се предвидува донесување на следниве закони и подзаконски акти:

- **Закон за јавно обвинителство** – ќе се регулира надлежноста, основање, укинување, организација и функционирање на јавните обвинителства во согласност со уставните амандмани. Предвидено е зајакнување на надлежностите на Јавниот обвинител во предистражната и истражната постапка, и во преземање мерки за откривање и гонење на сторителите на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција како и на ингеренциите на јавниот обвинител во однос на другите надлежни органи во правец на раководење и координирање на овластените службени лица од Министерството за внатрешни работи и другите органи;
- **Закон за Совет на јавни обвинители** – ќе се регулира надлежноста, составот, структурата, мандатот на членовите како и постапката за избор, престанок и разрешување на јавните обвинители;
- **Судски деловник** – уредување на внатрешна организација на судовите и внесување на новини за подобрување на управувањето со предметите со оглед дека со него се регулира и начинот на работење на судовите, водењето на уписниците и другите книги, постапувањето со списите, обрасците, работата по меѓународна правана помош и постапувањето со претставките, повикување и распоредувањето на судиите поротници, постапувањето на постојаните судски преведувачи, толкувачи вешти лица, водењето статистика и евиденција и стручно усовршување на кадрите.
- **Закон за адвокатура** – усогласување со Директивата 98/5/ЕС и Директивата 77/249/ЕЕС кои што го регулираат вршењето на дејноста адвокат во земја членка што не е земја каде што е добиена квлификацијата и давањето на адвокатски услуги од страна на странски адвокати и адвокатски друштва. Се предвидува Адвокатскта комора да донесат Етички кодекс на адвокатите и Програма за задолжителна континуирана едукација на адвокатите.
- **Закон за вршење на нотарски работи** – натамошно уредување на вршењето на јавните овластувања на нотарите, јакнење на надзорот и дисциплинска одговорност на нотарите.
- **Закон за плати на судиите** - ќе бидат вградени најновите меѓународни стандарди за статусот и положбата на судиите, во функција на јакнење на нивната независност и ефикасно, квалитетно и навремено решавање на предметите;
- **Закон за јавно правобранителство** – јакнење на статусот на јавното правобранителство заради поефикасна заштита на имотните права и интереси на државата;
- **Закон за вршење на судска служба** – ќе биде регулирана материјата за вршењето на судската служба и положбата на судските службеници;
- **Закон за судски буџет** – зајакнување на финансирањето на судството во однос на управувањето и менаџирањето на средствата на Судскиот буџет;
- **Закон за обезбедување на побарувања** - обезбедување на правна сигурност во граѓанската област;
- **Закон за вонпарнична постапка** – усогласување со Уставот на Република Македонија и можност за пренесување на дел од неспорните постапки кај нотарите и други јавни служби, со цел ослободување на судовите од несуштинските постапки;
- Измени и дополнувања на **Кривичниот Законик –** усогласување со меѓународното и европското право во делот на одредбите за трговија со луѓе;
- Измени и дополнувања на **Законот за кривична постапка** – заради усогласување со меѓународното и европското право во делот на заштита на правата на малолетниците кои се јавуваат како сведоци во постапката.
- **Подзаконски акти на Судскиот совет -** Деловник за работа на Судскиот совет; Правилник за постапката за дисциплинската одговорност на судиите; Правилник за внатрешна организација на судската служба на Судскиот совет; Правилник за систематизација на судската служба на Судскиот совет; Правилник за постапката и начинот

за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција; Правилник за поведување и утврдување на трајно губење на способноста за вршење судиска функција; Правилник за формата и содржината на образецот и постапката за издавање и одземање на судиската легитимација.

По започнувањето со примена на реформските закони од 2006 година се наложи потребата од допрецизирање и усовршување на одредени одредби на законите заради унапредување на нивното спроведување. За таа цел предмет на измени ќе бидат: Законот за Академија за обука на судии и обвинители, Законот за судови, Законот за Судски совет на РМ, Законот за извршување, Законот за медијација.

Подзаконски акти на Академијата за судии и обвинители - ќе се донесат Правилник за начинот на селекција, правата и обврските на едукаторите и менторите (ќленовите на комисиите), вклучително и правото на надоместок за извршената работа и надоместок на трошоците поврзани со подготовката и изведувањето на обуката; Образец на пријавата за јавниот оглас за прием на кандидати; Правилник за начинот и постапката на полагање и оценување на квалификациониот тест; Правилник за начинот и постапката на полагање и оценување на приемниот испит; Правилник за содржината и начинот на полагање и оценување на завршниот испит; Правилникот за почетокот, текот на одвивањето, редот и дисциплината, дисциплинската одговорност и други права и обврски на кандидатите во врска со одвивањето на почетната обука во Академијата; Правилник за водење на евиденција и издавање на потврди на корисниците на услугите на Академијата.
Заради започнувањето на почетната обука која ја врши Академијата, предвидено е да се донесат следниве програми: Програма за полагање на приемниот испит; Програма за почетна обука; Програма за завршниот испит; Програма за постојано стручно усовршување; Програма за одразување на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија; Програма за подготвителна настава за прием во Академијата.

Во насока на имплементација на изменетата концепција на **судска заштита од управните акти на извршната власт** се предвидува да се донесат - Упатство за начинот на преземањето на предметите од Врховниот суд на Република Македонија, **Закон за претставки и предлози**; изменување и дополнување на **Законот за управна инспекција,** Правилник за методологија за начинот на постапување на управната инспекција и да се спроведат - Анализа за имплементацијата на Законот за управни спорови и Анализа за работата на Комисиите на ВРМ за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни области за периодот од Јануари-Декември 2007 година.

Во рок до јуни 2007 година ќе се изврши измена на сите закони во кои се пропишани прекршочни санкции заради законско уредување на уставната одредба според која за одделни прекршоци определени со закон орган на државната управа ќе може да води прекршочна постапка и да изрече прекршочна санкција, како и усогласување со новините на Законот за прекршоци. Ќе се донесат и Правилник за трошоците на прекршочната постапка и Правилник за водење на евиденција и за формата на образецот за водење евиденција на прекршочните предмети. За таа цел, Министерството за внатрешни работи изготви динамика за усогласување на сите закони[18] во своја надлежност кои содржат прекршочни санкции со Законот за прекршоците најдоцна до мај 2007 година.

По донесувањето на реформските закони во 2006 година, во текот на 2007 година ќе се следи нивната примена во практиката и ќе се подготви **Анализа за имплементација на законите од областа на правосудството.**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во согласност со новиот **Закон за судови** предвидено е формирање на 5 специјализирани одделенија за борба против организиран криминал и корупција во основните судови со проширена надлежност. Исто така ќе се формираат Апелационен суд во Гостивар и Управен суд.

Во насока на обезбедување на соодветна инфраструктура за реализирање на промените во рамките на **судската организација** во текот на 2007 година ќе се изготви Физибилити студија и Проект за изградба на новата судска зграда во Скопје. Ќе се изведе проширување и опремување на објектот на Судскиот совет на РМ, и изготвување на проекти за реконструкција и модернизација на 11 судови со проширена надлежност (изведување на градежни работи и опремување со мебел и опрема). Средствата се обезбедени преку LJIIS проектот на Светска банка (заем).

Се очекува до-конституирање на органите на **Академијата за обука на судии и јавни обвинители**: Програмски совет, Комисија за квалификација и прием на кандидати, Комисија за завршен испит и ќе се утврди листа на едукатори.

---

[18] Закон за оружјето, Закон за надзор на државната граница, Закон за патните исправи на државјаните на РМ, Закон за личната карта, Закон за матичната евиденција, Закон за личното име, Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, Закон за пожарникарството, Закон за странците, Закон за азил и привремена заштита, Закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, Закон за обезбедување на лица и имот, Закон за детективска дејност, Закон за јавните собири, Закон за складирање и заштита од запални течности и гасови, Закон за заштита од експлозивни материи и Закон за прометот на експлозивни материи.

Подготвен е сет од 30 обуки на различни теми: етика на судската администрација, услуги, управување со времетраењето на споровите, управување со приливот на предметите, безбедноста во судовите и јавното обвинителство и обуки на новоименуваните судии и јавни обвинители, финансирани од страна на УСАИД/ДПК. Со помош на ОПТАД програмата ќе се организираат курсеви за англиски јазик и француски јазик за судиите од Врховен суд на РМ, Апелационен суд Скопје и Основните судови 1 и 2 во Скопје. Со помош од Твининг проектот од Европската Комисија за право и политика на конкуренција ќе се организираат курсеви за компјутери за судиите, јавните обвинители и стручните соработници во судовите и јавните обвинителства и ќе се организираат семинари на тема финансиско право.

Во Собранието на Република Македонија треба да се изберат 5 члена на Судскиот совет на РМ (три члена по предлог на надлежната собраниска комисија и 2 по предлог на Претседателот на РМ) со што Судскиот совет ќе биде во полн состав. Советот со одлука ќе го определи бројот на судиите во судовите на РМ.

По донесувањето на Законот за Совет на јавни обвинители и Законот за јавно обвинителство ќе се пристапи кон конституирање на нов **Совет на јавни обвинители** со изменети и зајакнати надлежности особено во поглед на изборот на обвинителите.
Во првата половина на 2007 година се очекува да се формира центар за медијација во Гостивар, а по одобрување на дополнително финансирање ќе се отворат уште два центри.

Потребно е јакнење на капацитетите на **Јавното правобранителство.** Ќе се изврши негово кадровско доекипирање и креирање на веб страна.

За реконструкција и зајакнување на капацитетите на **пенитенцијарниот систем на Република Македонија** ќе се изврши адаптација на објектите на КПУ Штип, Куманово и Струмица. Изготвени се идејни проекти за КПУ Штип и Куманово од кои КПУ Штип (без отвореното одделение), ќе биде финансирано од ЕК/КАРДС2006 средства и активностите треба да започнат во август 2007 година. Изградбата на дел од објектите на КПУ Куманово треба да започнат во вториот квартал на 2007 година и ќе бидат финансирани од буџетот на РМ. За изградба на затворот во Струмица дополнително ќе се обезбедат средства. За преселба на малолетничкиот затвор од Охрид ќе се изврши претходна адаптација со изградба на ограден ѕид и реконструкција на фекалната канализација во затворот Прилеп. Активностите ќе биде финансирано од ЕК/КАРДС2006. Адаптацијата и санацијата на помошните објекти во КПД Идризово се во подготвителна активност и се финансирани од ЕК/КАРДС2006 средства. Во рамките Тренинг центарот за обука ќе се спроведе обука на вработените и ќе се изготват едукативни програми и литература (веќе се спроведени обуки на вработените во превоспитната служба).

Во функција на воведувањето на информатичка технологија во правосудството во **Врховниот суд на Република Македонија** ќе се воспостави одделение за документација на LDBIS (Правна дата база на податоци во правосудство). Во функција на имплементација на **Стратегијата за Информатичко комуникациска технологија за правосудството** ќе се реализираат следните активности:

- Обезбедување на ИКТ кадри за Министерството за правда и судовите во РМ и нивна перманентна обука;
- Поддршка на ИКТ центарот за на Министерството за правда;
- Пристап до правната база на податоци;
- Димензионирање на систем за електронска пошта и воведување на Интернет во сите судови во РМ;
- Набавки на хардвер и софтвер и одржување на ИКТ во правосудството;
- Заштита на WAN широкопојасна мрежа и развој на апликација за контрола на интернет протоколите;

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Фокусот на среднорочните приоритети ќе биде насочен кон целосно спроведување на усвоените законодавни и институционални мерки од Стратегијата и акцискиот план за реформа на правосудството како и на евалуацијата на нивната имплементација. Непосредна цел ќе биде да се постигнат мерливи резултати во унапредувањето на функционирањето на правосудството. Тоа во практика ќе значи евалуација на ефектите од донесувањето на:

- **Закон за извршување и Закон за парнична постапка** – индикатори за успешност ќе бидат намалувањето на времето за донесување на пресуда; зголемување на стапката на извршување на пресудите; воспоставување на ефикасен систем на достава на судски покани;
- **Закон за судови, Судски деловник, Законот за плати на судиите -** индикатори ќе бидат специјализација на судовите, намалување на заостанатите предмети во судовите, судење во разумен рок, подобрување на управувањето со предмети, ефикасно, квалитетно и навремено решавање на предметите.
- **Закон за управни спорови -** индикатори за успешност ќе бидат: намалување на заостанатите предмети во судовите; зголемување на ефикасноста на решавање на управните спорови од страна на специјализираниот Управен суд (предметите по управен спор ќе се одземат од Врховниот суд);
- **Закон за прекршоци –** индикатори за успешност ќе бидатат намалување на приливот на нови прекршочни предмети во судовите и ефикасност на прекршочната постапка.

- **Закон за медијација** – индикатор ќе биде подобар пристап до правдата, намалување на судските предмети, и брзо и ефикасно алтернативно решавање на спорови (економичност).

Во насока на поедноставување на управната постака и скратување на роковите за постапување, ќе се донесат измени **и дополнување на Законот за општа управна постапка.** Исто така ќе се донесе и **Упатство за обрасците во управната постапка.**

Во насока на зголемување на ефикасноста и економичноста на постапките законски ќе се уредат **критериумите и условите за судски вештачења**.

Врз основа на резултатите од **евалуацијата на примената на законите** од областа на правосудството ќе се оцени функционирањето на правосудните институции и ќе се изготват извештаи во кои ќе се дефинираат потребите и насоките за измени на реформските закони.

Заради следење на ефектите од имплементацијата на законите (Закон за парнична постапка, Закон за судови и Закон за прекршоци, Закон за извршување на санкциите и други) и добивање на мерливи резултати, Министерството за правда и правосудните инмституции во соработка со Државниот завод за статистика ќе го унапреди **системот за водење на статистика во судовите.** Ќе се востанови единствен и унифициран статистички ситем за водење на евиденција на предметите во судовите компатибилен за изготвување на анализи за ефикасноста на судството во сите негови области.

Согласно насоките за воспоставување на ефикасен кривично-правен систем, утврдени во **Стратегијата за реформа на казненото законодавство,** ќе се стави посебен акцент врз понатамошното усогласување на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка со новите закони и меѓународните стандарди. Во таа насока предвидени се:

- Измени на **Законот за кривична постапка** со цел да се усогласи со новот Закон за јавно обвинителство и веќе ратификуваните меѓународни конвенции. Потребата од измени и дополнувања на овој закон произлегува од пројавените слабости во областа на истрагата, надоместокот на штета на лица за неоправдана осуда или неосновано лишување од слобода, процесните мерки за заштита на сведоци и потребата за усогласување со најновите меѓународни стандарди.
- Измена на **Кривичниот законик** во насока на конфискацијата на имот и имотна корист, казнена одговорност на правните лица, дефинирање на организираниот криминал економските казнени дела, делата на компјутерскиот криминал, прецизно утврдување на меѓународните обврски на РМ и усогласување на нашето казнено законодавство со меѓународните стандарди (усогласување со Кривичната конвенција за корупција на CoE во насока на воведување на одговорност на правни лица за противзаконско посредување).
- Ќе се донесе нова **Одлука за класификација на кривични дела.**
- Согласно Кривичниот законик **казнената евиденција** ќе биде пренесена од Министерството за внатрешни работи во судовите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среднорочен план согласно предвидените активности со Проектот за правна и правосудна имплементација и институцинална поддршка - LJIIS се планира да заврши изградбата и опремувањето на новата судска зграда во Скопје, во функција на обезбедување на целосна функционалност и имплементација на Законот за судовите. Се предвидува завршување на реконструкцијата и модернизацијата на 11 судови со проширена надлежност. Останатите судови кои е потребно да се реновираат ќе се изберат во соработка на МП со Врховниот суд (Административна канцеларија за судски буџет).

Со цел за намалување на времетраењето на постапките, почитување на начелото на судење во разумен рок и зголемување на ефикасноста во извршување на судската функција во рамки на Судскиот совет на РМ ќе се воспостави **механизам за вршење на надзор врз работата на судиите** во поглед на ненавремено, нестручно и несовесно вршење на судската функција.

Во однос на воспоставувањето на **ефикасен систем на извршување на пресуди од граѓанската сфера и ефикасен нотарски систем,** на среднорочен план се предвидува поврзување на ИТ системот на извршителите со Министерството за правда и спроведување на континуирана обука на вработените во организациониот облик во МП задолжен да врши контрола и надзор над работата на извршителите и нотарите.

Во **Јавното правобранителство** се планира зголемување на бројот на носители на јавно-правобранителската функција и набавка на техничка опрема. Ќе се востанови и задолжителна едукација и обука на носителите на јавно-правобранителската функција, која ќе се реализира преку посебна програма во рамките на Академијата за судии и јавни обвинители. За зајакнување на капацитетот на оваа институција ќе се воспостави мрежна поврзаност на сите подрачја на Јавното правобранителство, ќе се набави дополнителна техичка опрема.

По завршувањето на почетната обука која ќе се изведува во текот на 2007 Судскиот совет ќе ја избере првата генерација на судии од листата на кандидати кои успешно ја поминале почетната обука во Академијата.

**Академијата за судии и јавни обвинители** ќе заврши со процесот на кадровско екипирање и јакнење на административните капацитети. Во насока на зајакнување на капацитетот на АОСО ќе се подготови и имплементира стратегија за управување со буџетот на Академијата, ќе се спроведе анализа за потребите од инфраструктура, мебел, компјутерска опрема и простории за далечинско учење. Ќе се дизајнира и воспостави внатрешен ИТ систем на Академијата, организација на правно истражување, Оддел за документација и Библиотека, како и реализирање на студиски посети во релевантните центри за правосудна обука во Европа за персоналот на Академијата.

Со оглед на предвиденото донесување на Законот за јавно обвинителство и измените на Законот за кривична постапка предвидени во 2007 година на средно-рочем план се планира Јакнење на капацитетите на Јавното обвинителство во функција на спроведување на новите надлежности и справување со организираниот и економскиот криминал.

Во **Министерството за правда** ќе се изврши негово доекипирање и континуирано спроведување на обуки, семинари, студиски посети, тркалезни маси и други активности за вработените со цел зајакнување на неговиот институционален и административен капацитет.

Во однос на **реформата на пенитенцијарниот систем,** среднорочно е предвидено завршување на некои од започнатите активности. Се предвидува: завршување на адаптација на КПУ Штип, Прилеп и КПД Идризово; изградба и опремување на објектот за сместување на Дом-болница и негово започнување со работа; **изградба на затвор од полуотворен вид во Струмица,** изградба на отворено одделение на КПД-Штип, изградба на полуотворено одделение на КПД-Идризово, изградба на отворено одделение на КПД-Идризово; изградба на третото крило во КПД Идризово и нивно опремување и кадровско екипирање и обезбедување на локација и изградба на нов објект за ВПД Тетово; да постои функционален ИТ систем помеѓу Управата за извршување на санкции (казнено – поправните установи), Министерството за правда и другите правосудни институции кои ќе разменуваат информации.

Во насока на завршување на **процесот на воспоставување на ефикасна и функционална информатичка технологија во правосудните институции**, заклучно со 2010 година се планира интегрираниот ИТ систем на правосудните институции да биде потполно функционален (имплементирана Стратегија за информатичко комуникациска технологија во правосудството). Тоа ќе придонесе за поедноставување и забрзување на постапките пред судовите и поефикасно управување со судските предмети, како и електронско и попрецизно водење на статистиката во однос на приливот на нови предмети и заостатокот на предмети во секој орган, одделение и за секој вработен поодделно. Конкретните активности/потреби предвидуваат:

- Подобрување на Судскиот Информациски Систем (СИС) и негово воведување во работа во сите судови во РМ
- Надоградба на (СИС) со извештаи за менаџмент (статистики)
- Техничка помош при имплементација на (СИС)
- Воведување на Document Management систем во судовите
- Воведување на систем за управување со човекови ресурси
- Проценка и подобрување на безбедноста и сигурноста на ИКТ системите во правосудство
- Проширување и одржување на WAN широкопојасната мрежа на правосудството на РМ.
- Проект за изградба на правосудна мрежа
- Развој на софтверска апликација за публикување на информациите од јавен карактер
- Развој и имплементација на софтверска апликација за case-management system за МП
- Развој и имплементација на софтверска апликација за Active Directory System за МП
- Надградба на софтверската апликација во Судскиот совет на РМ
- Надградба на софтверската апликација во јавните обвинителства
- Надградба на софтверската апликација во Управата за извршување на санкции
- ИКТ опремување на Тренинг центарот за обука на вработените во КПУ.

Дел од предвидените активности за воведување на ИТ во правосудството ќе бидат подржани преку ЛЈИИС проектот (заем) на Светска банка и грантови на Кралството Холандија.

**СТРАНСКА ПОДРШКА**

Во функција на поддршка на спроведувањето на реформите на правосудниот систем активни се повеќе проекти кои вклучуваат странска помош. Некои од најзначајните во оваа област се:

- **Проект ДПК/УСАИД - *Модернизирање на судството*** (8.500.000 УСД, јуни 2002 – декември 2005, продолжен до септември 2007).
- **Проект КАРДС 2003 регионален – *Востановување независно, сигурно и функционално судство и унапредување на судската соработка меѓу државите од Западен Балкан*** (5.000.000 ЕУР, декември 2004 –

јули 2007) – проектот се реализира преку четири модули кои се раководени од 4 партнери: 1) Модул 1 – Независно судство (Бугарија); 2) Модул 2 – Сигурно и функционално правосудство (Германија); 3) Модул 3 – Меѓународна и Европска правосудна соработка (Словенија); 4) Модул 4 – Воведување на правото на ЕЗ и правосудниот систем на ЕУ (Италија). Во рамките на секој од модулите е предвидено одржување на обуки, регионални тркалезни маси, студиски посети и мисии за техничка помош.

- **Проект КАРДС 2003 - *Техничка помош за реформа на јавната администрација – правосудството***, конципиран во III фази (2.300.000 ЕУР, септември 2005 – декември 2006) – претставува надградба и функционално заокружување на Проектот ФАРЕ 2000, со цел подршка на ИТ поврзувањето на правосудните органи во РМ. Истиот предвидува:
- **Проект Alternative Dispute Resolution – The Private Enterprise Partnership for Southeast Europe, IFC (ADR PEP-SE) 2005-2008 –** техничка помош за подобрување на пристапот до правдата, преку воведување на медијацијата како алтернативно решавање на спорови..
- **Проект КАРДС 2004 – Техничка помош за поддршка на развојот на Институцијата за обука на судии и обвинители – II фаза** (1.099.000 ЕУР, септември 2006 - септември2008) **–** овој проект претставува продолжение на КАРДС 2001 проектот помош за поддршка на формирањето на Институцијата за обука на судии и обвинители и негова општа цел е да обезбеди техничка помош и поддршка за Академијата за обука и градење на нејзините капацитети за обезбедување на бараните услуги како и обезбедување на неговата одржливост.
- **Проект КАРДС 2005 Твининг – *Поддршка на ЈО: Организиран криминал*** (2007-2009, 1.400.000 ЕУР) – ориентиран кон јакнење на капацитетот на Одделението на ЈО за борба против организираниот криминал и корупција
- **Проект КАРДС 2006 – *Понатамошна имплементација на Стратегијата и Акциониот план за реформа на правосудниот систем*** ( предвидени се 2.200.000 ЕУР) – ориентиран е кон поддршка на развојот на пенитенцијарниот систем при што вклучува дел за техничка помош или твининг и дел за набавки и изградба (реконструкција на затвори).
- **Проект: светска банка - Правна и правосудна имплементација и институционална поддршка** 2006-2011 година во вредност од 12.000.000 Евра (заем со 16% владино учество). Целта на проектот е да придонесе во подбрување на судската ефикасност и ефективност на бизнис климата во Република Македонија. Проектот ќе го подржи етаблирањето на новиот Судски совет, управните инспекции и решавањето на управните спорови, подобрување на стечајната управа, подобрувањето на судската инфраструктура, зајакнување на судските информатичко-технолошки системи.
- **Меморандум за соработка и разбирање помеѓу програмата на УСАИД за човеков и институционален развој, World Learning и Министерството за правда** - Спроведување на пакет препорачани интервенции што произлегуваат од извршената анализа на работењето на Министерството во јуни 2006 година и Завршна евалуација на работењето на Министерството што ќе биде извршена по спроведувањето во насока на подобрување на работењето и менаџментот во Министерството и со цел остварување на основната функција на Министерството за правда – придонес кон општеството преку транспарентно, ефикасно и ефективно работење во сервис на граѓаните и исполнување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија

## 3.23.2 АНТИ – КОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Република Македонија ги има ратификувано следните конвенции кои се однесуваат на борбата против корупцијата:

- Казнена конвенција за корупција (СЕ)
- Дополнителниот протокол на Казнената конвенција за корупција
- Цивилна конвенција за спречување на корупција (СЕ)
- Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотната корист прибавена со кривично дело (СЕ)
- Конвенција (Палермо конвенција) против транснационален организиран криминал со Протоколите (ОН);
- Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја со Дополнителниот протокол и Вториот дополнителен протокол кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја (СЕ);

Република Македонија ја има потпишано Конвенцијата на ОН за борба против корупцијата во септември 2005.

Република Македонија е членка на Групата држави на Советот на Европа за борба против корупција (ГРЕКО) од октомври 2000 година. Со донесувањето на уставните амандмани (07.12.2005 година) се постави правната основа за реализацијата на преостанатите препораки на ГРЕКО од првиот круг на евалуација, кои се однесуваат на создавање на јасно дефинирани услови и процедури за назначување и разрешување на јавните обвинители и судии, промена на национално законодавство за да се обезбеди за процедурата за одлучување за имунитетот на члeновите на Влада да не

одлучува самата Влада и намалување и листата на лицата за кои е предвиден имунитет. Имено, согласно амандманите Јавниот обвинител на РМ го избира Собранието со мандат од 6 години, додека пак останатите јавни обвинители ги избира Советот на јавни обвинители со неограничен мандат. Изборот на судиите од страна на Судскиот совет (претходно го вршеше Собранието) е регулиран со новите Закон за Судски совет и Закон за судови. Исто така, единствено претседателот на Владата ужива имунитет по кој одлучува Собранието за разлика од претходно кога имунитет уживаа сите министри. Исто така единствен носител на правото на имунитет е Јавниот обвинител на РМ.

**Законот за спречување на корупцијата** донесен во 2002 година (изменет во 2004 и 2006) предвидува превентивни механизми за спречување на корупцијата. Со законот се создаваат потребните правни претпоставки и превентивни механизми за попречување односно оневозможување на појавата на казнените дела поврзани со корупцијата, подигање на одговорноста на носителите на јавните функции и се оневозможуваат различните можности за злоупотреба на положбата на носителите на власта за одредени лични, семејни или групни интереси. Конкретно, со овој закон се уредуваат мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интересите, мерки и активности за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавни овластувања како и мерки и активности за спречување на корупцијата во трговските друштва. Со измените и дополнувањата на **Законот за спречување на корупцијата** усвоени во 2006 година се допрецизираше постапката за избор на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата. Членовите на ДКСК имаат непрофесионален статус и се избираат од страна на Собранието со мандат од 5 години. Воведена е обврска на субјектите да постапуваат по барањата на ДКСК, како и да сносат одговорност во случај на непостапување, со цел спроведување на препораките на ДКСК и подобрување на комуникацијата и соработката на ДКСК со другите органи. Исто така се овозможува јавност на податоците за имотната состојба, преку нивно објавување на веб страната на ДКСК.

Со донесувањето на Законот за ратификација на **Цивилната конвенција за спречување на корупцијата**, согласно со членот 9 од оваа Конвенција, Република Македонија презеде обврска во националното законодавство да предвиди соодветна заштита од секаква неоправдана санкција против вработените лица кои ги откриваат делата на корупција. Во **Законот за спречување на корупцијата**, се содржани повеќе одредби кои се во функција на заштита на граѓанинот или службеното лице во пријавување на казнивите дела (член 5, 18, 19, 20, 21, 44). **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** содржи одредба со која се ослободува од одговорност вработен во државната администрација кој ќе даде заштитена информација, доколку таа е од значење за откривање на злоупотреба на службената положба и коруптивно однесување.

Законот за спречување на корупцијата е целосно усогласен со следниве ЕУ – мерки: Договор составен врз основа на член К.3 од Спогодбата на Европската унија, за заштита на финансиските интереси на Европската заедница - 41995A1127(03); Договор составен врз основа на член К.3 (2) (в) од Договорот на Европската унија, за борба против корумпирањето на службеници на Европската заедница или службеници на земјите членки на Европската унија - 41997A0625(01); Извештај за објаснување на Конвенцијата за борба против корумпирањето на службеници на Европската заедница или службеници на земјите членки на Европската унија - 41998Y1215(01); Заедничка акција од 22 декември 1998 година усвоена од Советот врз основа на член К. 3 од Договорот за Европска унија која се однесува на корупцијата во приватниот сектор - 31998F0742.

Казнено-правната репресија на делата на корупција останува во сферата на казненото законодавство. Делото корупција е инкриминирано индиректно преку дефинирањето на повеќе кривични дела санкционирани во **Кривичниот законик**, како на пример активен и пасивен поткуп, незаконско посредување, злоупотреба на службената должност и јавни овластувања, прикривање на потекло на несразмерно стекнат имот и перење пари. Покрај ова со Кривичниот Законик се утврдува кривичната одговорност за правни лица, а утврден е и кривично-правниот институт за конфискација на имот и имотна корист. Со измените на **Законот за кривична постапка** од 2004 година се воведе примената на посебните истражни мерки, се унапредија мерките за обезбедување на присуство на обвинетиот во текот на постапката, заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите, се пропиша постапката за утврдување на одговорноста на правните лица и постапката за конфискација на имот и имотна корист.

**Законот за следење на комуникациите** донесен во 2006 година овозможува значително олеснување на докажувањето на случаите на корупција на високо ниво. Со законот се уредуваат условите и постапката за следење на комуникациите, начинот на постапување, чување и користење на податоците добиени со негова примена и контролата на законитоста на следењето на комуникациите.

Со **Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело** донесен во 2004 година, нормативно е уредено обезбедувањето поефикасен систем на превентивни мерки и дејствија против перењето на пари. Овој закон ги утврдува надлежностите и овластувањата на Дирекцијата за спречување на перење пари, обврските на субјектите кои се должни да ги преземаат мерките и дејствијата за спречување и откривање на перење пари, на државните органи кои

вршат надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и на надлежните органи за спроведување на истрага (*Види и поглавје 04. Слободно движење на капитал*).

**Законот за јавното обвинителство** донесен во 2004 година ја регулира постапката за ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривични дела поврзани со организираниот криминал и корупцијата.

Со **Законот за финансирање на политичките парти** донесен во 2004 година се создадоа услови за поголема транспарентност, јавност и отчетност на политичките партии. Со него се овозможува поголем увид и контрола на сите надлежни органи во финансиското работење на политичките партии. Овој закон го уредува прашањето за начинот и постапката за обезбедување на финансиски средства, располагање со средствата за тековна работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии. Глава 2 од Законот за спречување на корупцијата има за цел спречување на корупцијата во политиката, при што неколку одредби се однесуваат на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи. Изборниот законик исто така содржи посебна глава за изборните кампањи и нивното финансирање. **Изборниот законик** содржи одредби за задолжително објавување на финансиските извештаи од изборните кампањи на веб страната на Државната изборна комисија. Државниот завод за ревизија доколку утврди неправилности во финансискиот извештај на организаторот на изборната кампања, а се поврзани со надминување на лимитот за изборна кампања или финансирање на изборна кампања спротивно на одредбите на овој законик ќе ги извести надлежните органи заради поведување на соодветна постапка.

Со **Законот за јавни набавки** донесен 2004 година се востановуваат прецизни механизми и постапки за спроведување на јавните набавки, кои оневозможуваат дискреција при одлучувањето за набавките и се обезбедува транспарентност на постапката, а се формира и Биро за јавни набавки.

Со цел зголемување на транспарентноста на јавните дејности, усвоен е **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** кој почна да се применува во септември 2006 година. Надзорот врз спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации го врши Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, формирана во мај 2006. Статутот на Комисијата беше усвоен во јуни 2006. Заради имплементација на законот донесени се следните подзаконски акти: Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информаци од јавен карактер, Барањето за пристап до информации од јавен карактер и Жалбата.

Со измените на **Законот за државна ревизија** се зајакнуваат постоечките контролни механизми на вршењето на ревизијата. Во насока на спречување на корупцијата, со одредбите на овој закон е предвидено Годишниот извештај за извршените ревизии да содржи податоци за сите материјални случаи на корупција за кои е известена Државната комисија за спречување на корупцијата или друг надлежен орган.

Со цел подигање на нивото на соработка донесено е **Упатство за соработка на органите на државната управа, јавните претпријатија, јавните установи и други правни лица што располагаат со државен капитал со Државната комисија за спречување на корупцијата**. Соработката се остварува преку хармонизирање на активностите и мерките во борбата против корупцијата, воспоставување, координирање и одржување на комуникации, давање на техничка помош преку размена на професионално, научно и техничко знаење како и преку давањето информации за лица за кои постои сомневање дека извршиле дејствија кои имаат елементи на корупција. При подготовката на законски проекти од значење за спречување на корупцијата, предвидено е истите да се доставуваат на мислење и до Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Пристапот до јавните служби** е отворен за секој граѓанин. Уставното начело секому под еднакви услови, да му е достапно секое работно место е операционализирано во двата основни законски акти (Закон за државни службеници и Закон за работни односи) во кои се уредени начините на вработување на државните службеници и другите вработени во јавниот сектор. Процедурите за селекција и вработување на државните службеници се базирани на два основни принципа: уставниот принцип на еднаков пристап до работните места и мерит принципот-селекција врз основа на способностите. Покрај тоа, при вработувањето на државни службеници се применува и начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, во сите звања утврдени во Законот, со целосно почитување на критериумите на стручност и компетентност.

Со цел подобрување на квалитетот на јавните услуги и борба против бирократијата и корупцијата, во декември 2006 Владата го воведе **Граѓанскиот дневник**. Механизмот за контрола на работата на органите опфаќа воведување на Формулар за оценување на услугите од страна на корисниците, кој претставува едноставен прашалник со кој граѓаните корисници на одредени услуги се прашуваат за начинот, брзината, временскиот рок за добивање на услугата и едновремено преставува можност за давање предлог за унапредување на начинот на давање на услугите.

Согласно Законот за спречување на корупцијата избраните или именувани функционери, одговорните лица во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал и службените лица подлежат на обврска да го пријавуваат имотот.

Начелата на интегритет, одговорност и транспарентност на државната администрација се вградени во експлицитни одредби во повеќе закони:

- **Законот за државните службеници** утврдува дека државните службеници ги вршат работите поврзани со функциите на државата во согласност со Уставот и закон, професионално, политички неутрално и непристрасно. Професионалниот интегритет е поддржан и со начелата на непристрасност и самостојност во решавањето, слободна оцена на доказите и заштита на правата на граѓаните и заштита на јавниот интерес, утврдени во **Законот за општата управна постапка**.
- Законот за државните службеници содржи посебни одредби за одговорноста на државните службеници, како дисциплинска така и материјална одговорност. Внатрешната ревизија како важно средство за контрола на вкупното управување во дадена институција, опфаќајќи финансиска, правна и ревизија на извршувањето на работите, значајна е за ефикасноста и квалитетот на работењето, за процесот на донесувањето на одлуки и превенција на неправилноста и злоупотребата во работењето
- Во контекст на операционализација на начелата на отвореност и транспарентност и партиципација на граѓаните во процесите на донесување на одлуките се и одредбите од **Законот за организација и работа на органите на државната управа**, со кои се уредуваат информирањето на јавноста за нивната работа и обезбедувањето консултации со граѓаните при подготовката на законите и другите прописи. Транспарентноста на државната администрација во голема мерка ќе се зајакне со имплементацијата на **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.**
- Одговорноста на државната управа е операционализирана преку законски механизми на надзор од страна на извршната власт, повисоките управни органи, судска контрола, институцијата омбудсман, државната и интерна ревизија и преку Државната комисија за спречување на корупцијата

Заради уредување на начинот на однесувањето на службениците и избраните и именувани лица донесени се повеќе етички кодекси: Етичкиот кодекс за државните службеници; Кодексот на полициската етика; Кодексот на однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи; Кодексот на етика на даночните службеници; Царинскиот кодекс; Кодексот за медицинска деонтологија; Кодекс на судска етика; Кодекс на јавнообвинителска етика; Кодекс на професионална етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници, адвокатските соработници и адвокатските приправници.

Мерки за подигање на свеста за корупцијата како сериозно кривично дело преземаат Владата и другите државни органи, како и Државната комисија за спречување на корупцијата, при што се остварува соработка и со цивилниот сектор:

- Со цел реакција на јавноста за случаите на корупција, во крајот на 2004 година е создадена интернет страницата на ДКСК (**www.dksk.org.mk**), каде што може да се најдат најновите активности на Комисијата, правни акти, поважни документи кои се однесуваат на спречување на корупцијата и сл.
- Во Министерството за внатрешни работи е отворена бесплатна телефонска линија со број 199 за пријавување случаи на корупција кај службените лица.
- Во Царинската управа е отворена бесплатна телефонска линија со број 197 која им овозможува на граѓаните да пријават шверц, корупција и малверзации во работата на Царинската управа.
- Во Управата за јавни приходи е отворена бесплатна телефонска линија со број 198 за пријавување на злоупотреба на службената положба на вработените во Управата, затајување данок и неиздавање фискални сметки
- Владата ја разгледува можноста за 2007 година и во наредните години да се обезбедат средства за користење на услугите на call centre. Бесплатниот број 190 е наменет за пријавување на можни случаи на мито и корупција кај вработените во јавната администрација.
- Во повеќето општини во Скопје се воведени **бесплатни телефонски линии** за пријавување на случаи на корупција на општинската администрација. Бесплатни телефонски линии се воведени и во Клиничкиот центар, Катастарот, Јавното претпријатие – Водовод, Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор итн.

Со цел промовирање на транспарентноста на јавните набавки, од почетокот на март 2005 година, Бирото за јавни набавки води Единствен регистер и подрегистар на јавните набавки спроведени од сите субјекти на територијата на Република Македонија. Овој регистер е објавен и редовно ажуриран на интернет страницата на Бирото на која може да се најдат законот и подзаконските акти, стандардната тендерска документација со модели на договори, повиците за набавка, решенијата на Комисијата за жалби, Прирачникот за самообука како и сите останати релевантни информации за јавните набавки кои се подеднакво корисни и за набавувачите и за понудувачите (http://javni-nabavki.finance.gov.mk/).

Покрај државните органи и институции во борбата против корупцијата е вклучен и приватниот сектор во контекст на определување на насоки кои истиот би го одвраќале од коруптивни дејства. Донесен е ***Кодекс за добро корпоративно однесување*** заради зајакнување на одговорноста на менаџерите и корпоративното управување. Развивањето на овие кодекси на однесување за компаниите е во насока на спречување на корупцијата и на поттикнување на придонесот на компаниите кон општеството во кое стопанисуваат.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Државната комисија за спречување на корупцијата** е надлежен орган за примена на мерките и активностите за спречување на корупцијата утврдени во законот. Државната комисија има својство на правно лице и сопствен буџет. За вршење на стручните, административните и техничките работи на Државната комисија, формиран е Секретаријат како стручна служба. Државната комисија е составена од седум члена, именувани од редот на истакнати стручњаци од областа на правото и економијата, кои уживаат углед за вршење на функцијата. Ги именува и разрешува Собранието на РМ. Секретаријатот на Државната комисија во текот на 2006 година кадровски се зајакна со вработување на 3 лица, а во тек е постапка за вработување на 3 нови лица.

Во 2004 година во Јавното обвинителство на Република Македонија е основано специјално **Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата**. Тоа има надлежност да постапува за кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, извршени од организирана група од најмалку 3 лица која дејствува во одреден период, со цел да оствари непосредна или посредна финансиска корист или друг вид материјална корист и која ќе изврши едно или повеќе кривични дела, како и за други кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од најмалку 4 години. Одделението целосно функционира со вкупно 9 лица, од кои 7 обвинители специјализирани за определена проблематика, еден советник од правосудна структура и еден државен службеник. Обезбедени се работни простории и технички е опремено.

***Полицијата*** е уште еден од органите кои се надлежни за ефикасната борба против корупцијата. Во 2003 година во Министерството за внатрешни работи се конституира Сектор за внатрешна контрола, професионални стандарди и внатрешна ревизија, кој е надлежен за изготвување на Антикорупциска програма во МВР и за следење на активностите кои произлегуваат од неа. **Антикорупциската програма** е донесена кон крајот на 2006 година и започнати се активностите за нејзина имплементација во сите сегменти на Министерството и полицијата. Исто така овој сектор е надлежен да истражува случаи на корупција во полицијата. Со Европската Агенција за реконструкција е договорен проект за јакнење на капацитетот на Секторот, насочен кон обука и тренинг, усогласување на правната рамка за работа на Секторот, зајакнување на соработката со сите субјекти вклучени во борбата против криминалот, како и кон развивање на механизмите за транспарентност – интерно и екстерно. Во јануари 2005 започна со работа **Одделот за организиран криминал**. Активностите за сузбивање на корупцијата и тешкиот економски криминал непосредно се извршуваат во рамките на **Секторот за финансиски криминал** составен од: **Одделение за економски криминал** и **Одделение за перење пари и корупција**. Покрај тоа, значајно е формирањето на **Сектор за криминалистичко разузнавачка анализа**, за собирање, проверување и оценка на информациите и податоците, нивна анализа, повторна оценка и синтеза. На овој начин добиената аналитичка информација на оперативен план овозможува изведување на полициски акции, а на стратегиски план - планирање на развојните, техничките, финансиските и други активности.

Со Законот за финансиска полиција од 2002 година, за прв пат во Република Македонија се востанови **Финансиската полиција**, како орган во состав на Министерството за финансии со специфична надлежност (откривање на прекршителите на законот кои се вклучени во активности поврзани со најсложени видови на финансиски криминал, даночно затајување, перење пари, криумчарење, недозволена трговија со стока и производи или друг вид кривични дела кои вклучуваат неплаќање поголеми и значителни износи на данок, царина или претставуваат легализирање на приноси од казниви дела и делокруг на работа). Со овој закон се прави одвојување и трансфер на полицискиот надзор над финансискиот криминал од Министерството за внатрешни работи во Министерството за финансии, преку специјализиран тим кој ќе ја следи трагата на парите што потекнуваат од криминал.

**Јавното правобранителство** на Република Македонија е орган кој врши функција на заштита на имотните права и интереси на државата. Надлежностите и овласувањата на Јавното правобранителство се утврдени во повеќе посебни закони и подзаконски акти[19] и истите се состојат од застапување во имотно-правни спорови пред судовите, како и оценка на законитоста на склучени договори или донесени решенија во управна постапка. Обврската што ја имаат државните органи за доставување на договори или одлуки донесени во првостепена постапка со кои се располага со државен имот е

---

[19] Закон за денационализација, Закон за користење и располагање со стварите на државните органи, Закон за вршење на нотарски работи, Закон за градежно земјиште, Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште, Закон за експропријација, Закон за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, Закон за извршување, Закон за општа управна постапка, Закон за управни спорови, Закон за трансформација на претпријатија со општествен капитал, Закон за трансформација на претпријатија и задруги со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, Закон за продажба на станови во општествена сопственост и други

своевидна контрола на Јавното правобранителството на Република Македонија и заштитен механизам од евентуални злоупотреби од страна на државните органи.

Во Управата за јавни приходи -Генерална Дирекција Скопје во рамките на Секторот за надворешна контрола формирано е **Одделение за спречување на корупцијата**. Во истото има овластено две лица кои ги водат постапките согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и две лица за административни работи. Одделението за спречување на корупцијата во рамките на Секторот за надворешна контрола има надлежност да ги врши следните работи: изготвување на методологија и упатство за нејзина примена, водење на постапки пропишани со закон за кои не е предвидена вообичаената даночна постапка (антикорупциски мерки), развивање и координирање на програма за идентификација и борба против сивата економија и на тој план да соработува со регионалните дирекции.

**Биро за јавни набавки** – е орган на државната управа без својство на правно лице во состав на Министерството за финансии. Бирото за јавни набавки се грижи за развојот на системот за јавни набавки, преку обезбедување на законитост, рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки и за поттикнување на конкуренцијата и рамноправноста на понудувачите во постапките за јавни набавки. Имено, Бирото го следи и анализира спроведувањето на законот и подзаконските акти и функционирањето на системот на јавните набавки и иницира предлози за изменување и донесување на нови закони и подзаконски акти а се со цел за подобрување и унапредување на системот за јавни набавки. Исто така, Бирото обезбедува совети и дава помош на субјектите на кои се однесува Законот за јавни набавки, соработува со меѓународните институции за работи поврзани со развојот на системот на јавните набавки и поднесува годишен Извештај до Владата за функционирањето на системот за јавни набавки со осврт на констатираните неправилности и предлог мерки што треба да се преземат.

**Дирекцијата за спречување на перење пари** како орган во состав на Министерство за финансии е надлежна да дејствува како посредник во размената на информациите меѓу приватниот сектор и државните органи надлежни за гонење на кривичното дело перење пари. Дирекцијата ги прибира, обработува, анализира, доставува и чува податоци добиени од субјектите кои се обврзани за преземање мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари. Согласно Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии, Дирекцијата како административен модел на Финансиско разузнавачка единица (ФИУ) е организирана во три одделенија: Одделение за аналитика, Одделение за сомнителни трансакции и Одделение за развој на системот и меѓународна соработка. (Види поглавје 04. Слободно движење на капитал).

Царинска управа - во интерес на обезбедување на интегритет на царинските службеници и спречување на корупцијата, во Царинската управа функционира **Сектор за професионална одговорност,** со две одделенија: **Одделение за внатрешна инспекција** и **Одделение за внатрешни истраги**. (Види поглавје 29. Царинска Унија.

**Државниот завод за ревизија** до Собранието на РМ поднесува годишен извештај за извршените ревизии и за својата работа како и тековни ревизорски извештаи со наоди за значајни незаконитости. Годишните извештаи и конечните ревизорски извештаи ДЗР ги објавува на својата веб страна. ДЗР е обврзан да врши ревизија најмалку еднаш годишно на Буџетот на РМ, буџетите на фондовите, корисници на средства од Буџетот на РМ , буџетите на општините и јавните претпријатија формирани од државата и на политичките партии финансирани од буџетски средства. Годишниот извештај содржи и извештај за сите материјални случаи на корупција за кои е известена Државната комисија за спречување на корупција или друг надлежен орган.

Со одлука на ВРМ формирано е **Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата** заради координирање на активностите на сите надлежни органи вклучени во превенцијата и борбата против корупцијата, за нивно навремено и заемно информирање и за размена на информации и за реализација на препораките содржани во извештаите на ГРЕКО, на Советот на Европа и на други меѓународни организации. Телото е составено од претставници на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии (Биро за јавни набавки, Финансиска полиција, Управа за јавни приходи), Министерството за локална самоуправа, Секретаријатот за европски прашања, Агенција за државни службеници, Јавното обвинителство и судовите. За прецизно регулирање на својата работа, Меѓуресорското тело изготви Деловник за работа.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Државната комисијата за спречување на корупцијата ја донесе **Државната програма за превенција и репресија на корупцијата со Акционен план** во 2003 година. Државната програма содржи препораки за неопходните мерки и активности кои треба да бидат преземени со цел да се воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата. Составен дел на Државната програма е и Акциониот план за имплементација во кој се предвидени краткорочни, среднорочни и долгорочни цели, како и систем на мониторинг и евалуација на нејзината имплементација. Во текот на 2005 година беше донесен Анекс на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата со мерки

за превенција и репресија на корупцијата во рамки на локалната самоуправа со Акционен план за мерки и активности за спречување на корупцијата во единиците на локалната самоуправа.

Во декември 2006 година беше усвоена **Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи**. Државната комисија за спречување на корупција во првата половина на 2007 година ќе изготви нова **ажурирана верзија на својата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата** заснована на индикатори за оценка на ефикасноста во нејзиното спроведување. Програмата како и претходната верзија од 2003 година, која во голем дел беше успешно реализирана, ќе биде заснована врз столбовите на системот за национален интегритет - политички систем, Собрание и политички партии, правосудство, јавната администрација и локална самоуправа, органите на прогонот и институциите задолжени за надзор, економски и финансискиот систем, невладиниот сектор и медиумите. За разлика од претходно, ќе биде развиен систем за нејзина имплементација и следење кој ќе го врши Секретаријатот на Комисијата.

Во насока на обезбедување на сеопфатен пристап во борбата против корупцијата новина ќе претставува изработката на **Акциски план на Владата за борба против корупцијата** кој ќе биде комплементарен со Државната програма. Тој во исто време ќе претставува и јасно изразена заложба на Владата за преземање на одредени мерки и активности од нејзина надлежност за сузбивање на корупцијата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Конвенцијата на ОН за борба против корупцијата**, потпишана во август 2006 година, се наоѓа во собраниска постапка за ратификација. Во ноември 2006 година започна процедурата за потпишувањето на **Конвенцијата на ОЕЦД за спречување на поткупот на странски јавни службеници во меѓународните трговски трансакции**.

Со донесувањето на Одлука за воведување **гилотина на прописите** од ноември 2006, Владата ја отпочна регулаторната реформа како нов институционален механизам за преиспитување на решенијата во прописите заради нивно поедноставување. Реформата е насочена кон намалување на корутивните дејствија и зајакнување на бизнис климата. До август 2007, предвидено е да се ревидираат 1500 закони и 1000-1500 подзаконски акти, така што оние кои што се некомпатибилни со принципите на пазарната економија ќе престанат да важат. Реформата ќе се одвива во три фази: 1. изготвување на листа на сите прописи и оценка за оправданоста на секој пропис; 2. преиспитување на мислењата за оправданост на прописите и изготвување мислење за измена, престанување на важност или неменување на прописот и 3. воспоставување единствена електронска евиденција на прописи која ќе се објави на интернет страната на Владата.

Со цел постигнување на што поголема транспарентност во напорите за сузбивање и надминување на состојбите кои можат да доведат до судир на интереси кај носителите на јавни функции и воопшто кај службените лица кои работат во државни органи, органи на општините, како и други институции кои во своето работење користат средства од буџетот на РМ, односно од буџетот на општината се изготви **Закон за спречување на судир на интереси**. Истиот се наоѓа во собраниска постапка – втора фаза. Со овој закон поблиску и подетално ќе се утврдат мерките и активностите за утврдување, спречување и санкционирање на случаите кога постои судир на јавниот и приватниот интерес, а со успешно постапување во постапка уредена со законот ќе се спречат “поопасни” општествени појави како корупцијата. ДКСК ќе биде надлежна за спроведување на законот.

Заради спроведување на **препораките на ГРЕКО** содржани во Извештаите за Република Македонија и исполнување на приоритетите предвидени со Европското партнерство ќе се преземаат следниве мерки:

- Допрецизирање на постапката за одземање на имунитетот на пратениците во Собранието на РМ;
- Изготвување проект за имплементација на новата законска регулатива за конфискација и заплена на приносите од криминал и со нив поврзаните прашања, вклучувајќи воспоставување насоки и темелна обука на овластените службени лица;
- Заради одредување на степенот на феноменот на корупција во главните области на јавниот живот (полиција, образование, здравство, судство, царина итн.) и воспоставување на ефикасни превентивни мерки и мерки на откривање ќе се димензионира проект кој ќе понуди конкретни податоци и индикатори за мерење на степенот на корупција по области.
- Зголемување на јавната свест за Омбудсманот како потенцијален механизам кој постапува по претставки во врска со корупцијата во јавната администрација (со оглед на малиот број на претставки од областа на корупцијата);
- Дополнување на Етичкиот кодекс за државните службеници со одредби за пријавување на сознанија за корупција;
- Зголемувањето на транспарентноста при донесувањето на јавните одлуки и при управувањето со државните средства (вклучувајќи го и земјиштето во државна сопственост, концесиите и јавните набавки) ќе се врши преку:

- воведување на јасни и прецизни правила и воедначување на постапките, одредби за транспарентност во доделување на градежно земјиште во државна сопственост и располагањето со друг државен имот и воведување на прецизни одредби за можностите за склучување на непосредни спогодби.
- Зајакнување на внатрешната ревизија во институциите;

- Спроведување на планот за ограничување на дискреционите овластувања на носители на јавни овластувања, согласно анализата за дискреционите овластувања;
- Подигнување на свеста на граѓаните за аспектите на феноменот на корупцијата и за законските механизми за превенција и репресија на корупцијата преку спроведување на медиумска кампања и воведување на антикорупциски програми во системот на образованието.

Во насока на спроведување на препораките на ДКСК и натамошно **подобрување на координацијата и соработката помеѓу институциите** ќе се преземат следните активности:

- Донесување на нов **Законот за финансиска полиција** чија цел е да придонесе во надминување на досегашните проблеми на кои наидуваше финансиска полиција во справувањето со криминалните активности од своја надлежност, а особено преклопувањето на надлежностите и размената на информациите помеѓу Финансиската полиција, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи (имајќи во предвид дека сите овие органи со најновите измени на ЗКП се стекнаа со исти овластувања во предистражната постапка);
- Измена на **Упатството за соработка на органите на државната управа, јавните претпријатија, јавните установи и други правни лица што располагаат со државен капитал со Државната комисија за спречување на корупцијата заради негово усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата (член 53, 53-а) со што се овозможува подобрување на функционирањето на ДКСК и надминување на пројавените проблеми во комуникацијата со одредени органи тела**;
- Изготвување и спроведување на **нова Државна програма/стратегија** за превенција и репресија на корупцијата, од страна на новиот состав на ДКСК, како надградба на постоечката, изготвување на **индикатори** за оценка на имплементираноста и **систем за следење на примената** на мерките од Државната програма;
- Зајакнување на механизмите за надзор и контрола на нотарите и воведување на законска обврска за пријавување на сознанија за корупција од страна на нотарите во новиот **Закон за вршење на нотарски работи**.

Со цел да се обезбеди целосно спроведување на донесеното законодавство за финансирање на политичките партии и нивните изборни кампањи, за контрола на средствата на функционерите, ќе се следи примената на соодветните одредби од Изборниот законик, Законот за политички партии, Законот за спречување на корупцијата.

Во насока на реализација на Препораката бр. 1 од ГРЕКО (втор круг на евалуација) за изготвување на проект за имплементација на новата законска регулатива и заплена на приносите од криминал и со нив поврзаните прашања,. Министерството за финансии, односно Дирекцијата за спречување на перење пари во рамки на МОЛИ-МК проектот - заеднички проект со Советот на Европа и Европската Агенција за реконструкција во периодот 2005-2006 реализираше голем број обуки за поефикасна имплементација на новата законска регулатива за спречување на перење пари. Овие обуки беа наменети за вработените на ДСПП, надлежните органи на прогонот и за претставниците од приватниот сектор, односно претставници на субјектите задолжени да применуваат мерки и дејствија за спречување на перење пари согласно законот. Во рамки на проектот, со поддршка на странски експерти, изготвен е Извештај за усогласеноста на националното законодавство со меѓународните стандарди во делот на одредбите за конфискација, заплена и постапување со запленетиот имот. Националната работна група беше составена од претставници на Министерството за правда, ДСПП, експерти од Правниот Факултет и Обвинителството. Овој документ ќе послужи како основа при анализата на Кривичниот Закон и Законот за кривична постапка. Активностите на ДСПП поконкретно се елаборирани во поглавје 4. Слободно движење на капитал.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во декември 2006, Владата ја разгледа можноста за воспоставување на систем за собирање и размена на информации и за заеднички пристап до базите на податоци во борбата против корупцијата. Беше спроведена анализа на тековната состојба на сите институции кои имаат анти-корупциски надлежности Анализата ги содржи нивните технички можности за собирање, чување и размена на информации. Владата планира проект со кој ќе се креираат решенија за електронска размена на информации и за воспоставување на заеднички пристап до базите на податоци со цел ефикасна борба против корупцијата.

Заради, зајакнување на улогата на УЈП и ДКСК за евиденција на имотот и проверка на анкетните листови за имотната состојба предвидено е креирање и ажурирање на база на податоци во ДКСК за евиденција на имотот и мрежно поврзување со базата на податоци на УЈП.

**Понатамошно зајакнување на капацитетите на МВР, ЈОРМ, ДКСК** за справување со случаите на корупција ќе се врши преку:

- Кадровско зајакнување на МВР, ЈОРМ, набавка и примена на техничка опрема за примена на специјални истражни мерки;
- Зајакнување на капацитетите на ДКСК, екипирање на секретаријатот на ДКСК со 5 нови вработени, обезбедување на нови просторни услови и нивно соодветно опремување, воспоставување на регионалната и меѓународна соработка со сродни институции за борба против корупција и спречување судир на интереси;
- Зајакнување на целокупната соработка и координација меѓу останатите надлежните органи за борба против корупција (ДКСК, ЈОРМ, МВР, БзЈН, ФП, ДСПП, УЈП, ЦУ судство) преку спроведување на меморандумите за соработка меѓу надлежните органи за борба против корупција.

Договорен е проект за јакнење на капацитетот на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, насочен кон обука и тренинг, усогласување на правната рамка за работа на Секторот, зајакнување на соработката со сите субјекти вклучени во борбата против криминалот, како и кон развивање на механизмите за транспарентност – интерно и екстерно.

**Обука**

Следниве видови обуки и фокус групи се приоритетни на краткорочен план:

- Обуки на овластени службени лица за конфискација и заплена на приносите од криминал;
- Спроведување на обуки за јавните и државните службеници со цел зголемување на нивните знаења за превенција и спречување корупцијата; промоција и спроведување на етичките стандарди во администрацијата ;
- Обука на внатрешните ревизори за справување со појавите на коруптивни активности во администрацијата;
- Спроведување на континуирана едукација, специјализирани и заеднички обуки за претставниците на , МВР, ЈОРМ, ДКСК, судови, ЈП, НП, ФП, ДСПП, БзЈН, УЈП, ЦУ за зајакнување на нивните капацитети за справување со случаите на корупција;
- Организирање на обуки, и студиски посети во држави со развиени системи за превенција и репресија на корупцијата и откривање на судир на интереси за членовите на Комисијата и нејзиниот Секретаријат;
- Спроведување на обуки за вработените во УЈП и ДКСК за користење на новиот систем за собирање и размена на податоци.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среднорочен план ќе бидат спроведувани мерки и активности што се однесуваат на реализација на следниве приоритети:

- Целосно спроведување на препораките на Групата на држави против корупција – ГРЕКО:
    - уредување на начинот на однесување на јавните службеници преку донесување на Кодекс за јавните службеници;
    - Воспоставување на казнена евиденција за правните лица со цел располагање со податоци за поведени постапки за сторени кривични дела од правни лица;
- Утврдување методологија за определување на ризични елементи ("triggers") за корупција при јавните набавки;
- Измена на кривичното законодавство заради усогласување со Казнената конвенција за корупција (воведување на одговорност на правните лица за кривичното дело противзаконско посредување); усогласување со Конвенцијата на ОЕЦД и Конвенцијата на ОН за борба против корупцијата;
- Имплементација на проект со цел определување на степенот на корупција во одредени области на јавниот живот (полиција, образование, здравство, судство, царина итн.);
- Спроведување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и засилување на иницијативата за зголемување на свеста во администрацијата и меѓу пошироката јавност, како и обезбедување на ефикасно спроведување на мерките и законодавството донесени за борба против корупцијата ќе се врши преку:
    - Операционализација на системот за следење на примената на мерките од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата со цел да се прибираат податоци за нејзината имплементираност;
    - Подготвување и одржување на годишни конференции за оценка на имплементираноста на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата врз основа на индикатори изготвени во 2006 година;
    - Спроведување на кампањи во јавноста и едукации во администрацијата за зголемување на знаењето за превенцијата и спречувањето на корупција;
- Имплементацијата на антикорупциски програми во системот на образование;
- Ефикасно евидентирање на анкетните листови и спроведување на постапки за проверување на имотната состојба на избрани и именувани и функционери., како и ефикасна размена на податоци што се однесуваат на имотната состојба на избрани и именувани функционери преку заедничката мрежа на УЈП и ДКСК;
- Јакнење на меѓународна соработка со антикорупциски органи и тела на други држави, меѓународни институции и организации преку реализација на студиски посети, учество на семинари, работилници и конференции на регионално и меѓународно ниво;

- Јакнење на капацитетите на Агенцијата за државни службеници за координација на активностите за обука и стручно оспособување на државните службеници, вклучително обуки за антикоруциски мерки и за промоција на етично однесување во државната служба.

**СТРАНСКА ПОДРШКА**

Во функција на подршка на антикорупциската политика, активни/извесни се следните проекти кои вклучуваат странска помош::

**КАРДС 2005 – Твининг проект за поддршка на Јавното обвинителство,** во тек, (твининг: 1.500,000 мил. ЕУР, корисник: Јавно обвинитество на РМ): целта на проектот е да му овозможи на Јавното обвинителство да ги извршува новите надлежности и одговорности дадени со законодавството кое се однесува на истрага и гонење на организираниот криминал и корупцијата. Очекувани резултати:1) Зајакнат капацитет на Јавното обвинителство за ефективно да го имплементира новиот Закон за Јавно обвинителство и Законот за кривична постапка. 2) Одделение за гонење на организираниот криминал и корупција согласно решенијата од новиот Закон за јавно обвинителство да е воспоставено и ставено во функција.

**UNDP; Норвешка - Борба против корупцијата за да се подобри управата (**грант: 420.000 ЕУР; Корисник: локалните власти, приватниот сектор и граѓанското општество; Реализација: 01/2006-12/2007). Проектот има за цел да работи со локалните власти, приватниот сектор и граѓанското општество на институционализирање на практики кои ќе се фокусираат на резултати, утврдување на јасни цели, развивање на ефективни стратегии и мониторинг и известување за работата на локалните власти во секојдневната превенција, борба и санкционирањето на коруптивните практики. Активностите на проектот се следните: а) тренинзи за транспарентен и одговорен локален менаџмент, б) спроведување на истражување со цел да се утврди нивото на корупција на локално ниво заради преземање на соодветни мерки за понатамошно справување со ова прашање, ц) асистенција во развивање на Кодекс за однесување за избраните и именувани лица во рамки на локалната власт . Една специфична компонента е насочена кон зајакнување на граѓанската контрола во борбата против корупцијата со градење на капацитети на невладините организации во подобро остварување на нивните функции како надгледувачи (контролори).

**Норвешка- Пилот проект: Мерки за анти-корупција,** грант: 70.000 ЕУР, корисници: Центрите за социјална работа, Агенција за вработување, држаните универзитети. Проектот има за цел да придонесе за намалено ниво на корупција и јавната перцепција на корупцијата, со подобрување на квалитетот на јавните услуги кои се даваат од државните институции. Компоненти: А. Подобрување на квалитетот на услугите кои им се даваат на граѓаните во Центрите за социјална работа, Агенцијата за вработување, и двата државни универзитети (преку тренинг за анти-корупција и етика). Б.Зголемена свест за потребата за борба против корупцијата и улогата на граѓаните (примачите на јавните услуги) во корупцијата.

**УСАИД – Поддршка на Државната комисија за спречување на корупцијата за изготвување на Државна програма за превенција и репресија на корупцијата како надградба на предходната и Акционен план за имплементација, како и Акционен план за борба против корупцијата на Владата комплементарен со Државната програма, (грант: 500.000 УСД, корисник: Државната комисија за спречување на корупцијата)**. УСАИД / World Learning ќе ангажира два меѓународни експерти како поддршка на Државната комисија за спречување на корупцијата и на домашните експерти за изработка на Клучни показатели (индикатори) на работењето/ефикасноста и Систем на следење на работењето врз основа на индикаторите, како и развој на институционалниот капацитет на Државната комисија. Клучните индикатори ќе се утврдат за шест области на системот на националниот интегритет. По усвојувањето на Државната програма, еден од експертите ќе работи на оценка и развој на Системот на следење на работењето и институционалниот капацитет на Државната комисија**.**

**Велика Британија - „Чадор“ Проект за корупцијата** (грант, корисник: Влада на РМ), реализација: 04/ 2007-03/2009. Проектот има за цел да обезбеди поддршка на Владата на Република Македонија во борбата против корупцијата

**Велика Британија - Поддршка за имплементација на Законот за слободен пристап до информации (Македонски Институт за медиунми и** Државна комисија за слободен пристап до информациите**)**, грант, корисник: Државна комисија за слободен пристап до информациите, реализација: 04/ 2007-03/2009.

**УНДП регионално- Суб-регионални механизми за олеснување на анти-корупциските иницијативи на Западен Балкан,** грант, реализација : 2007-. Овој проект ќе креира суб-регионален механизам за поддршка на канцелариите на УНДП на Западниот Балкан во преземање на анти-коруптивни иницијативи. Овојо проект ќе се фокусира на дефинирање на суб-регионален стратегиски пристап, менаџмент и размена на знаењето, идентификација на повторливи проектни компоненти и поддршка за примена на научените лекции. Цел на проектот е учење едни од други и осигурување дека се воспоставени соодветни врски помеѓу програмските напори во различни земји.

Следнава листа на проекти содржат компоненти кои се однесуваат на анти-корупциската политика:

- **Светска банка - Проект за реформа на бизнис околината и институционално зајакнување (БЕРИС),** заем: 8.800,000 EUR; корисник: Министерство за економија, реализација: 10/2005 -03/2010. БЕРИС се состои од 4 компоненти, една од нив (бизнис регулатива) ја поддржува борбата против корупцијата.
- **Светска банка, Холандија, Шведска - Проект за катастерот за недвижнини и регистрација, (**заем+ грантови: 10,300,000 (заем)+ 550,000 (холандски грант) + (27,000,000 SEK) ЕУР, корисник :Државен катастер, реализација: 09.2005 - 12/2009 (заем), 12/2004-07/2006 (холандски грант). Развојната цел на проектот е подобрување на регистрацијата на земјиштето и катастерскиот систем, придонесувајќи кон развојот на ефикасен пазар на недвижнини
- **Светска банка, Холандија - Холандски фонд за техничка помош (ПДПЛ),** заем+грант 2.500.000 ЕУР, реализација: 01/2007 -12/ 2009. Цел на проектот е насочен кон поддршки, Реформа на правосудството, реформа на пазарот на труд, подобрување на бизнис околината, реформа на јавната администрација, реформа на здравството, вклучително и реформа на Фондот за здравствено осигурување
- **ММФ- Холандија - Техничка помош на Управата за јавни приходи,** грант 2.460.000 ЕУР, корисник-УЈП. реализација: 07/2006 - 12/2009. Цел на проектот е техничка помош од страна на ММФ и холандското Министерство за финансии за зголемено придржување и прибирање на приходи преку подобрување на даночната администрација и интеграција на даноците и продонесите.
- **ЕУ КАРДС 2006, Холандија- Јакнење на системот на јавна внатрешна финансиска контрола,** твининг 1.200.000 ЕУР, корисник: МФ- Сектор за централна внатрешна ревизија, реализација: 01/2007-12/2008. Проектот е наменет за обезбедување техничка помош за Министерството за финансии - сектор за централна внатрешна ревизија од страна на холандското Министерство за финансии и правда;
- **ЕУ/ КАРДС 2005- Техничка помош на државите од Западен Балкан во полето на царината и оданочувањето,** грант 2.730.000 ЕУР, корисник - Царинска управа, реализација: 2006/04/01-2007/06/30. Генералната цел на овој проект е да продолжи помошта на царинските и даночните власти во државите од Западниот Балкан при нивните подготовки кон идното зачленување во ЕУ.
- **ЕК- Регионален проект ФП 6-ЕЛЕКТРА Веб (Рамка за Европска електронска апликација за јавни набавки во регионот на Западен Балкан)** грант 35.000 ЕУР, корисник Биро за јавни набавки, реализација: 01/2007-12/2008. Цел на проектот е да определи, изгради и тестира електронски апликации за јавни набавки (засновани на отворена платформа) и да воспостави образци и правила за нивна поддршка со што ќе обезбеди безбедна и ефикасна употреба на системот за јавни набавки за јавните институции и наддавачи од регионот на Западен Балкан.
- **Холандија - Билатерален твининг помеѓу холандската даночна и царинска управа и македонската царинска управа,** твининг 500.000 ЕУР, корисник Царинска управа, реализација: 09/ 2005 -12/2008. Генералната цел на твиниг програмата помеѓу македонската царинска управа и холандската даночна и царинска управа (НТЦА) е да се придонесе кон подобрувањето и развојот на македонската Царинска управа и да се поддржи реализацијата на целите наведени во Стратешкиот план 2004- 2008.
- **Холандија- Твининг помеѓу холандскиот Суд за ревизија и македонскиот Државен Завод за ревизија** твининг твининг 931.812 ЕУР, корисник Државен завод за ревизија, реализација: 2005-2008. Обезбедување на техничка помош на Државниот завод за ревизија во делот на законската рамка, зајакнување на организационите и административни капацитети, зајакнување на ревизорските вештини и ревизија на информациони системи.
- **Холандија - Програмска поддршка на граѓанската асоцијација МОСТ, грант 120.000 ЕУР, корисник – јавноста,** реализација : 03/2006 - 12/2007. Проектот се состои од едукација и вклучување на граѓаните, институции кои реагираат, одговорност и транспарентност.
- **USAID - Е- влада IMPACT - Развој на управувањето со јавната администрација преку комуникациската технологија, грант** 4.950.000 УСД, корисник Генерален Секретаријат, реализација: 09/2004-09/2009. Проектот помага во развивањето на стратегија, стандарди и капацитети за фискално управување со цел поголема ефикасност и транспарентност во активностите на Владата и намалување на можностите за измама и злоупотреба преку користење на ИЦТ;
- **USAID- Проект за модернизација на судството,** договор 13.310.000 УСД, корисник Министерство за правда, судство, реализација: 10/2006-09/2007.
- **USAID-АКТИВНОСТИ ВО СТОПАНСКАТА СФЕРА,** грант 7,940.000 УСД, реализација: 10/2006 - 09/2008. Целта на овој проект е развивање на транспарентна клима за инвестирање и започнување на деловни потфати во РМ. Елиминацијата на корупцијата е еден од факторите за подобрување на бизнис- климата во Македонија.
- **Велика Британија- Национална акција на медиумите и јавната администрацијаза зголемување на политичката и економска транспарентност и одговорност во Македонија**, грант 70.000 фунти, корисник медиуми /јавна администрација, реализација: 2006-2007. Целта на проектот е да се овозможи јавните медиина претставниците на јавната администрација да се здобијат со соодветни вештини и способности, кои ќе им овозможатда спроведуваат дејствија со цел осварување и одржување поголема политичка и економска

транспарентност и одговорност на ниво на сите државни органи во РМ. Организација која ги спроведува активностите: Македонски иснтитут за медиуми

- **ОБСЕ- Поддршка во спроведување на Законот за пристап до информации, грант** 2006 - 0,029; 2007 околу – 175.000 ЕУР, корисник Државна Комисија за слободен пристап до информациите, реализација: 2006-2007. Овој проект е директно поврзан со поголема транспарентност во Владата и јавната администрација како клучни средства во борбата против корупцијата.

## 3.23.3 ОСНОВНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА (види, исто така, Поглавје I – Политички критериуми)

Во текот на 2005-2006 регистрирано е зголемување на бројот на граѓаните кои се обраќаат со Народниот Правобранител кога им се повредени правата од органите на државна управа и од други органи и организации со јавни овластувања. Во првата половина на 2005 година Народниот правобранител функционираше со вкупно 45 извршители во Стручна служба и со носителот на функцијата народен правобранител и 4 заменици во седиштето во Скопје. Во втората половина на 2005 Собранието на Република Македонија ги избра 6 заменици за подрачните канцеларии. Во текот на 2006 година се вработија уште 3 извршители по што Народниот правобранител својот делокруг на работи ќе го остварува со 60 извршители во Стручната служба и 10 заменици на Народниот правобранител. Со цел да се зајакне соработката меѓу Народниот Правобранител и органите на државната управа во 2006 година се воведе механизам за квартално следење на постапувањето на органите на државната управа по препораките на НП.
Во 2007 година, за унпаредување на комуникацијата помеѓу централната и подрачните канцеларии на НП, ќе се воспостави мрежно поврзување на овие канцеларии. Во 2007 година се планира Канцеларијата на Народниот Правобранител да се зајакне со дополнителни 4 извршители.

## 3.23.4 ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци донесена во рамките на Советот на Европа на 28 јануари 1981 година.

Правото на заштита на личните податоци, како едно од фундаменталните слободи и права на човекот и граѓанинот, во Република Македонија е утврдено со член 18 од Уставот на Република Македонија, со кој се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци и заштитата од повреда на личниот интегритет на граѓаните што произлегува од регистрирањето на информациите за нив преку обработка на податоците.

Република Македонија има донесено Законот за заштита на личните податоци кој стапи во сила во февруари 2005 година. Законот во основа е усогласен со Директивата 95/46/ЕС од 1995 година, Одлуката на Комисијата 2001/479/ЕС и 2004/915/ЕС и Конвенцијата бр. 108 на Советот на Европа од 28.01.1981 година. Транзицискиот период за целосно усогласување на работата на контролорите со Законот за заштита на личните податоци е две години од донесување на подзаконските акти и трае до средината на декември 2007 година.

Поздаконските акти (пет правилници) кои се однесуваат на непосредната имплементација на Законот за заштита на личните податоци се донесени во декември 2005 година и објавени во Службен весник на Република Македонија

Заштитата на личните податоци во одделни специфични сектори (полиција) е усогласена со ЕУ регулативите во Законот за полиција што е донесен во 2006 година, а во постаока на усогласување во соодветните прописи во другите сектори (статистика, здравство итн).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Дирекција за заштита на лични податоци**
Со Законот за заштита на личните податоци е предвидено основање на Дирекција за заштита на лични податоци како независен државен орган со својство на правно лице за вршење назор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита. Дирекцијата е основана во јуни 2005 година.

Директорот на Дирекцијата го именува Собранието на Република Македонија со мандат од 5 години (различен од мандатот на законодавната и извршната власт) со право повторно да биде именуван, но не повеќе од два пати. Директорот поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Македонија. Вработените во Дирекцијата имаат

статус на државни службеници. Вкупниот број на вработени во Дирекцијата вклучувајќи ги и именуваните лица на крајот на 2006 година е 13.

Во 2006 година беа обезбедени простории за сместување на Дирекцијата. Се обезбеди опрема за информатичка поддршка на Дирекцијата. Формирана е Комисија за постапување по барања на граѓаните кои сметат дека им е повредено правото на заштита на личните податоци загарантирано со Законот. Комисијата во прв степен веќе постапила по поднесените барања од граѓаните. Во втората половина на 2006 година отпочнато е со вршење на управен надзор кај контролорите според утврден План и во инцидентни случаи. Веќе се донесуваат одлуки за бришење на збирки на лични податоци заради неусогласеност на нивното водење со Закон. Во текот на годината отпочнати се активностите за запознавање на јавноста со правото на заштита на личните податоци кое произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци и постапката за остварување на заштита на ова право.

Во 2006 година Дирекцијата активно се вклучи во подготовка на Законот за полиција во поглед на уредувањето на заштитата на личните податоци, а во функција на усогласување на одредбите на овој Закон со Директивата 95/46 на Европската Комисија и Советот, Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа, како и Препораката 15(97) на Комитетот на Министри. Дирекцијата се вклучи во подготовката на измените на Законот за државната статистика.
Дирекцијата на барање на поголем број контролори изготви стручни мислења по однос на склучување на мемеорандуми/протоколи за размена на личните податоци на државни органи од Република Македонија со соодветни институции од други земји (во области како царина, внатрешни работи итн), и беше одговорено на поголем број барања на контролорите околу пренос на личните податоци надвор од границите на Република Македонија, како и за пристап до збирки на личните податоци во земјата. Тековно се даваат мислења за содржината на општите акти на контролорите во поглед на заштитата на личните податоци. Воедно, Дирекцијата воспостави практика да реагира кај контролорите во случаи на незаконско објавување на лични податоци од нивна страна.

Дирекцијата отпочна со остварувањето на меѓународната соработка (стана членка на Конференцијата на Европските институции за заштита на личните податоци, како и на Конференцијара на институциите за заштита на личните податоци во југоисточна Европа. Во 2006 година Дирекцијата потпиша договор за соработка со канцеларијата за заштита на личните податоци на Република Чешка. Во рамките на Советот на Европа, Дирекцијата стана членка на Консултативниот Комитет T-PD.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ:**
**ПРАВНА РАМКА**
До крајот на 2007 година ќе се реализираат следниве активности:
- Ќе се потпише и ратификува Дополнителниот протокол на Конвенцијата 108 на Советот на Европа, кој се однесува на органите на супервизија и прекуграничен проток на податоци;
- Ќе се изврши анализа на Законот за заштита на личните податоци во поглед на целосна усогласеност со ЕУ Директивата 46/95 и Конвенцијата 108/81
- Ќе се направат измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци заради целосно усогласување со Директивата 46/95 и Конвенцијата 108/81и како и Дополнителниот протокол на Конвенцијата;
- Ќе се направат измени и дополнувања на дел од подзаконските акти што ќе произлезе од измените на Законот за заштита на личните податоци;
- Дирекцијата ќе земе активно учество во проследувањето на предлозите за измена на законската регулатива по однос на заштитата на личните податоци што се планира за донесување во 2007 година.
- Дирекцијата ќе продолжи да го следи усогласувањето на актите и работењето на контролорите со Законот за заштита на личните податоци и со донесените подзаконски акти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Дирекција за заштита на лични податоци**
До крајот на 2007 година ќе се реализираат следниве активности:
- Ќе се зајакне соработката со Министерството за внатрешни работи заради остварување на оперативна соработка на Република Македонија со ЕУРОПОЛ;
- Ќе се утврди Стратешки план за периодот 2007-2010 со имплементирачки годишни програми;
- Ќе се изработи анализа на констатираните слабости во пропишаните постапки со Законот за заштита на личните податоци за имплементација на управен надзор и контрола и постапување по бараната на граѓаните со предлог мерки;
- Ќе се подготви План за надзор и контрола и истиот ќе се имплементира, како и вршење надзор и контрола во инцидентни случаи;
- Ќе се воспостави Централниот регистар за збирките со лични податоци што ги водат контролорите;
- Ќе се инсталира WEB SITE на Дирекцијата.

Дирекцијата ќе подготви Годишен извештај за работата за 2006 година во регуларен рок. Извештајот ќе биде доставен до Собранието на Република Македонија и по неговото усвојување ќе биде објавен во Службен Весник на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
До крајот на 2008 година ќе се извршат измени и дополнувања на подзаконските акти заради нивно усогласување со измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци .
Посебно се очекува хоризонтална соработка со МВР околу имплементацијата на Законот за полиција и развојот на односите со ЕУРОПОЛ, како и активностите околу Шенгенскиот систем.
Ќе се усогласи секторската регулатива во поглед на заштитата на личните податоци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Дирекцијата за заштита на личните податоци**
- Целосна функционална имплементација на Централниот регистар.
- Воспоставување редовен инспекциски надзор врз обработката на личните податоци и зајакнување на административните капацитети (од 2008 година да се назначат и обучат инспектори за вршење на контролата и надзорот).
- Интензивно ќе се делува на подигнување на јавната свест за заштита на правото на приватноста од аспект на заштитата на личните податоци.
- Се очекува Дирекцијата целосно да се вклучи во работата на телата на ЕУ преку регуларни извештаи за Република Македонија и учество на состаноци (како посматрач или член).
- Да се интензивира меѓусекторската (хоризонталната) соработка со надлежните институции како МВР, МНР, МП, Народниот правобранител и други, по претходно обезбедување предуслови и имплементација на правото на заштитата на личните податоци,
- Воспоставување на институционален систем за утврдување и изрекување на пркршочни казни;
- Подготовка и објавување на годишни извештаи за извршените надзори.

Во овој период поради перманентното зголемување на обемот на работа и бројот на извршители, ќе се јави неопходна потреба од дополнување на ИТ подршката со хардвер и софтверски решенија како и доопремување на Дирекцијата со канцелариска и друга опрема.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Дирекција за заштита на лични податоци:
- Програма CARDS 2004 - 850.000 ЕУР обезбедени за **техничка поддршка** за воспоставување на Дирекција за заштита на личните податоци и развој на заштита на личните податоци во Република Македонија (проектот се реализира во период од 18 месеци, мај 2006 – ноември 2007 година).

За периодот 2007-2010 година, покрај обезбедените средства преку Програмата CARDS, што ќе се користат до максимум до крајот на ноември 2007 година, дополнително треба да се обезбедат средства преку странска поддршка следните износи по години: 2007 година –вкупно 321.185 ЕУР; за 2008 година- вкупно 218.110,00 ЕУР; за 2009 година –вкупно 87.000,00 ЕУР; и за 2010 година вкупно 61.486,00 ЕУР.

## 3.23.5 ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ НА ЕУ

Оваа област ќе биде предмет на усогласување на среднорочен план. Меѓу другото, мерките на заедницата поставуваат детални правила околу правото на граѓаните на ЕУ да се движат и престојуваат на територијата на земјите членки. Во овој поглед, се планира прецизирање на институцијата одговорна за имплементацијата на Директивата (32004L0038) за правата на граѓаните на Унијата и нивните членови на фамилијата да се движат и престојуваат слободно на територијата на земјите членки. Покрај правата на движење, исто така постои потреба за понатамошно усогласување во областа на избирачките права. На среднорочен план ќе се направат измени на Изборниот законик за конституирање на правото на глас за граѓаните на другите држави членки на заедницата. Европската Унија има утврдена правна рамка за организирање на изборите за Европскиот парламент која гарантира дека граѓаните на Унијата кои престојуваат во земја членка на која не се државјани можат да учествуваат во локални и парламентарни избори под истите услови како државјаните на таа држава. За таа цел ќе треба да се прифати актот за избор на претставници во Европскиот Парламент. Исто така, според членот 13 од Директивата (31993L0109) ќе треба да се воспостави национална контакт канцеларија.

## АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 02003: Државна комисија за спречување на корупција | ДКСК: Државна комисија за спречување корупција | 9 | 5 | 2 | 2 | 1 | 10 |
| 02003: Државна комисија за спречување на корупција Вкупно | | 9 | 5 | 2 | 2 | 1 | 10 |
| 02006: Дирекција за заштита на личните податоци | ДЗЛП: Дирекција за заштита на лични податоци | 10 | 4 | 4 | 4 | 3 | 15 |
| 02006: Дирекција за заштита на личните податоци Вкупно | | 10 | 4 | 4 | 4 | 3 | 15 |
| 04001: Влада на РМ | ВРМ: Одделение за соработка со невладини организации | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 04001: Влада на РМ Вкупно | | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 04006: Јавно правобранителство на РМ | ЈП: Сектор за правни работи и застапување | 22 | 2 | 2 | 3 | 3 | 10 |
| | ЈП: Сектор за сметководствени и општи работи/ Одделение за опти и заеднички работи | 42 | 2 | 2 | 2 | 4 | 10 |
| | НОВА: ЈП: Одделение за извршување пресуди | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | НОВА: ЈП: Одделение за одржување софтвер | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | НОВА: ЈП: Одделение за геодетски работи | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | НОВА: ЈП: Одделение за внатрешна ревизија | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 04006: Јавно правобранителство на РМ Вкупно | | 64 | 7 | 6 | 6 | 7 | 26 |
| 07001: Министерство за правда | МП: Државни советници | 6 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | МП: Подрачни одделенија на Министерството на правда | 530 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МП: Сектор за европска интеграција и меѓународна-правна соработка | 9 | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| | МП: Сектор за информатички и комуникациски технологии | 2 | 12 | 2 | 1 | 1 | 16 |
| | МП: Сектор за координација на работите на министерот | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | МП: Сектор за меѓународна правна помош | 10 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | МП: Сектор за правосудство | 16 | 2 | 2 | 1 | 0 | 5 |
| | МП: Сектор за финансирање | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | МП: Сектор за човечки ресурси, анализа и стручна поддршка | 7 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| | МП_ДУИ: Државен управен инспекторат | 23 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | МП: Сектор за надзор на работата на извршителите, нотарите и медијаторите | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 7 |
| | НОВА: Сектор за европска унија | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| | МП: Сектор за државна управа, изборен систем и управни надлежности | 7 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| 07001: Министерство за правда Вкупно | | 619 | 25 | 16 | 11 | 7 | 59 |
| 07002: Управа за извршување на санкции | УИС: Сектор за општи, правни и економски работи | 3 | 0 | 2 | 1 | 2 | 5 |
| | УИС: Сектор за третман | 3 | 0 | 2 | 2 | 2 | 6 |
| | НОВА: Сектор за управни работи, праавни анализи | 0 | 1 | 2 | 6 | 6 | 15 |
| | УИСЗ: КПД Идризово | 179 | 9 | 21 | 30 | 30 | 90 |
| | УИСЗ: Затвор Скопје со Отворено одделение во Крива Паланка | 97 | 0 | 2 | 3 | 9 | 14 |
| | УИСЗ: Затвор Битола со отворено одделение во Прилеп | 74 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | УИСЗ: Затвор Штип со отворено одделение | 49 | 0 | 3 | 5 | 7 | 15 |
| | УИСЗ: Затвор Охрид | 26 | 0 | 2 | 3 | 5 | 10 |
| | УИСЗ: Затвор Тетово | 17 | 3 | 8 | 8 | 9 | 28 |
| | УИСЗ: Затвор Гевгелија | 14 | 3 | 3 | 3 | 4 | 13 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | УИСЗ: КПД од отворен вид Струга | 14 | 0 | 2 | 3 | 5 | 10 |
| | УИСЗ: ВПД Тетово | 39 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | УИСЗ: Тренинг центар за обука на вработените во казнено поправните установи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 07002: Управа за извршување на санкции Вкупно | | 515 | 16 | 47 | 64 | 80 | 207 |
| 29010: Судска власт | СУДАКАД: Судска Академија | 6 | 5 | 5 | 5 | 10 | 25 |
| | СС: Судски Совет/ Членови на совет | 7 | 6 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| | СС: Судски Совет/ Судска администрација | 14 | 6 | 7 | 7 | 10 | 30 |
| | НОВА: Апелационен суд Гостивар - судии | 0 | 11 | 0 | 0 | 0 | 11 |
| | НОВА: Апелационен суд Гостивар - администрација | 0 | 11 | 5 | 5 | 4 | 25 |
| | НОВА: Управен суд Гостивар - судии | 0 | 19 | 0 | 0 | 0 | 19 |
| | НОВА: Управен суд Гостивар - администрација | 0 | 19 | 5 | 5 | 6 | 35 |
| | СУДОВИ: Постоечки судови/ Судии | 658 | 10 | 20 | 30 | 30 | 90 |
| | СУДОВИ: Постоечки судови/ Судска администрација | 2107 | 20 | 50 | 50 | 50 | 170 |
| 29010: Судска власт Вкупно | | 2792 | 107 | 92 | 102 | 110 | 411 |
| 31010: Јавно обвинителство на РМ | ЈО: Јавно обвинителство на РМ | 173 | 5 | 25 | 30 | 30 | 90 |
| | НОВА: Ново вишо јавно обвинителство Гостивар/ Виши јавни обвинители | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| | НОВА: Ново вишо јавно обвинителство Гостивар/ Администрација | 0 | 4 | 1 | 1 | 1 | 7 |
| | НОВА: СЈО: Совет на Јавни Обвинители/ Членови | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| | НОВА: СЈО: Совет на Јавни Обвинители/ Администрација | 0 | 4 | 1 | 1 | 1 | 7 |
| 31010: Јавно обвинителство на РМ Вкупно | | 173 | 26 | 27 | 32 | 32 | 117 |
| 31101: Народен правобранител | НП: Организациона единица за меѓународна соработка и односи со јавноста | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | НП: Организациска единица за стручно аналитички работи-ГК Скопје | 16 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | НП: Организациска единица за човекови ресурси и финансиско работење | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | НП: Подрачна канцеларија на Народниот правобранител во Битола | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 31101: Народен правобранител Вкупно | | 24 | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| **ВКУПНО** | | **4209** | **194** | **194** | **221** | **240** | **849** |

# 3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

**ВОВЕД**

Основна цел на националната политика на правда, слобода и безбедност на Република Македонија е воспоставување на стабилни демократски институции и усвојување на инструментите за примена на acquis communitaire, кои ќе го гарантираат владеењето на правото и почитувањето на фундаменталните човекови права. Остварувањето на оваа цел ќе придонесе кон целосната интеграција на Република Македонија во ЕУ.

Следниве институции во Република Македонија се надлежни за имплементирање на правото на ЕУ во оваа област: Врховниот суд и другите судови во Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии - Царинска Управа, Министерството за финансии - Финансиска полиција, Министерството за финансии - Дирекција за спречување на перење пари, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Министерство за труд социјална политика, Министерството за здравство - Биро за лекови, Државен завод за статистика, Државна комсија за спречување на корупција, телата на Владата на Република Македонија: Националната комисија за интегрирано гранично управување, Меѓуресорската државна комисија за борба против илегално производство, трговија и злоупотреба на дрога и Националната комисија за борба против илегална миграција и трговија со луѓе.

## 3.24.1 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ, ВИЗНА ПОЛИТИКА, НАДВОРЕШНА МИГРАЦИЈА И АЗИЛ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Надворешни граници**

Режимот на преминување на државната граница, движење и престој на лица во граничниот појас и мерките потребни за обезбедување на државната граница позитивно - правно се уредени со Законот за преминување на државната граница и движење во граничниот појас и подзаконските акти што произлегуваат од истиот.

Согласно Националната Стратегија и Акциониот план за интегрирано гранично управување, донесен е Законот за надзор на државната граница со кој се уредува надзорот на државната граница, соработката помеѓу државните органи кои имаат надлежност во управувањето на државната граница, како и надлежностите на полицијата во внатрешноста и оние на полето на меѓународната полициска соработка. Овој закон влезе во сила на 16 јуни 2006 година, а истиот ќе се применува од 01. 04. 2007 година.

Законот за надзор на државната граница е делумно усогласен со Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор и Шенгенскиот граничен кодекс (562 / 2006). Целосна усогласеност на овој закон со законодавството на Европската унија ќе се постигне со измени во предметниот закон и тоа во делот на усогласување и прилагодување на правната терминологија, евиденциите и временските рокови на нивно водење и граничните проверки на одредени категории на лица .

Донесени се следниве акти кои произлегуваат од Законот за надзор на државната граница:

- Правилник за начинот на извршување на обезбедување на државната граница и на контрола на преминување на државната граница (,,Службен весник на РМ“ бр.3/2007 од 10.01.2007 година);
- Правилник за начинот на издавање на беџ за вработените кои на подрачјето на граничниот пемин извршуваат стопанска дејност, како и формата и содржината на образецот на барањето за издавање на беџот и на образецот на беџот (,,Службен весник на РМ“ бр.3/2007 од 10.01.2007 година) и
- Правилник за начинот на утврдување и решавање на граничните инциденти (,,Службен весник на РМ“ бр.6/2007 од 18.01.2007 година).

Во правец на унапредување на системот на ИГУ утврдена е категоризација на граничните премини (инфраструктурни, просторни и технички услови) која е усвоена од ВРМ на 07. 06. 2006 година.

Во Министерството за внатрешни работи е изготвен текст на Уредбата за стандардите и нормативите на граничните премини. Уредбата е во фаза на меѓуресорска консултација. Со примената на Законот за надзор на државната граница, ќе престане да важи Законот за преминување на државната граница и движење во граничниот појас и подзаконските акти што произлегуваат од истиот.

Покрај овие подзаконски акти во фаза на изработка е Акт ”Стандардни оперативни процедури и постапки за вршење на гранична контрола и обезбедување на државната граница”, кој ќе биде изготвен до крај на февруари 2007 година.

Во однос на меѓусоседската соработка на полето на интегрираното гранично управување, потпишани се билатерални договори за одржување, обновување и замена на граничните белези (знаци) со Албанија, Бугарија, Грција, и Србија.
Демаркацијата на границата на Република Македонија во делот со Косово, како техничко прашање, се предвидува да се реши во рамките на Планот на специјалниот пратеник на Обединетите нации за Косово, што е во согласност со барањето/очекувањето на Република Македонија во врска со ова прашање. Според овој документ, Македонија и Косово, во рок од 120 дена треба да формираат мешовита / заедничка комисија. Комисијата би требало да ја изврши демаркацијата во рок од една година.

Согласно билатералните договори со Албанија, Бугарија и Грција се формирани постојани мешовити гранични комисии чија основна надлежност е одржување, обновување и замена на граничните белези (знаци), додека со Србија е формирана Мешовита комисија за демаркацијата на границата до делот со Косово чија работа е во крајна финална фаза. Овие активности се уредени во билатерален Договор за демаркација на граничната линија, депониран во Обединетите нации.

Истовремено, потпишани се билатерални спогодби со Владите на Бугарија, Албанија и Грција, за спречување и решавање на инцидентите на државната граница и Протоколи за определување на насоките, начинот и редот на соработка во областа на пограничната контрола и спречување на илегалната миграција меѓу МВР на РМ и МВР на Албанија и Бугарија. Со УМНИК е потпишан Меморандум за разбирање, Привремен протокол за полициска соработка и Привремен протокол за воспоставување на два заеднички поткомитети за унапредување на полициската соработка.
Согласно препораките за јакнењето на регионалната полициска соработка, потпишан е Договор за прекугранична полициска соработка со Република Бугарија на 03. 06. 2006 година.
Во однос на меѓу - ресорската соработка усогласени се низа текстови на меморандуми на соработка меѓу соодветните органи инволвирани во граничната контрола:

- Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерство за финансии-Царинска управа ( *Предлог - верзија)*
- Меморандум за разбирање помеѓу Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за финансии - Царинска управа ( *Нацрт – верзија)*
- Меморандум за разбирање помеѓу Министерство за здравство, Министерство за финансии-Царинска управа, Министерство за внатрешни работи и Дирекцијата за радијациона сигурност ( *Нацрт - верзија)*
- Меморандум за разбирање помеѓу Министерство за здравство и Министерство за внатрешни работи (*Нацрт – верзија ).*

Реализирано е телекомуникациско поврзување на граничните премини со седиштето на МВР и овозможување трансфер на податоци од граничните премини до Централната база на податоци и обратно. Владата на Република Македонија на предлог на Националната комисија за интегрирано гранично управувањеја усвои Предлог - Студија за информатички систем за ИГУ со насоки и препораки. Во однос на активностите поврзани со воспоставувањето на ТЕТРА системот, истите се одвиваат непречено. Евалуацијата на понудувачите е завршена и избран е најповолниот понудувач. Во моментов тече рокот за жалби.

Република Македонија доследно ги спроведува обврските предвидени со Way forward документот (Охридски граничен процес).

**Визна политика и надворешна миграција**
Донесен е нов Закон за странци со кој се уредуваат условите за влез, напуштање и престој на странците во Република Македонија, како и нивните права и должности. Примената на овој закон, кој е усогласен со бројни ЕУ мерки[20],ќе отпочне од 31.03.2007 година. Со неговото донесување престана да важи Законот за движење и престој на странци.

Донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за странците, е предвидено во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила. Од утврдените подзаконски акти, донесен е Правилникот за куќниот ред на Прифатниот центар за странци („Службен весник на РМ“ бр.6/2007). Изготвени се предлог верзии на преостанатите подзаконски акти.

Потпишани се договори за реадмисија со Белгија, Холандија, Луксембург, Шпанија, Полска, Австрија, Данска, Шведска и Норвешка. До сега Република Македонија има ратификувано 14 договори за реадмисија со 16 држави членки на ЕУ и 6

[20] *31996E0197, 32002X1216, 31995P1683, 32002P0334, 32002D0585, 32002D0586, 32002X1216, 31994D0795, 32002P1030, 31996Y0318, 31996Y0919, 31996Y0919, 31997Y0719, 31997Y1216, 31998D0701, 91999JHA1002, 32001L0051, 32002F0946, 32002L0090, 32001L0040, 31996Y0110, 31996Y0919, Конвенција за имплементирање на Шенгенскиот договор од 14 јуни 1985 година (OJ L 239/19.22.9.2000); (SCH-Com-ex (93)21,; (SCH-Com-ex (93) 24); Препораки и најдобра пракса на Советот на Европската унија за контрола на надворешната граница, отстранување и реадмисија од февруари 2002 година.*

договори за реадмисија со држави кои не членуваат во ЕУ. Усогласени се нацрт текстовите за потпишување на договор за реадмисија со Босна и Херцеговина, Молдавија и Украина.

Согласно препораката содржана во Извештајот на европските експерти ангажирани во Модулот ВИЗА за Република Македонија (изработен во рамки на Регионалниот КАРДС, усвоен во декември 2005) РМ треба да продолжи со постепено усогласување на нејзината визна политика со онаа на ЕУ, имајќи го предвид нејзиниот национален интерес и Партнерство со ЕУ. Во тој правец, Владата на Република Македонија усвои План за либерализација на националниот со визниот режим на ЕУ.
Истовремено, визниот режим кон сите земји членки на ЕУ (вкупно 27) беше еднострано укинат, што значи дека земјите на ЕУ се наоѓаат на листата за чии граѓани не е потребна виза за влез во РМ. Во однос на тоа на кои лица им е забранет влезот во РМ, МВР има листа на лица под забрана за влез во земјата и листа на земји за чии државјани е потребна согласност. Оваа листа континуирано се ажурира. При издавањето на виза МНР во соработка со МВР има постојана консултација со овие листи.

Започнати се преговорите за олеснување на визниот режим и потпишување на хоризонтален договор за реадмисија меѓу РМ и државите членки на ЕУ. МНР е надлежно за преговорите за визниот режим, а МВР за договорот за реадмисија. Визното олеснување е преодна фаза кон воспоставување на безвизен режим на патување на граѓаните на РМ во ЕУ, согласно напредокот на РМ во спроведувањето на релевантните реформи.

**Лични документи**

Личните документи на граѓаните на Република Македонија се уредуваат со неколку закони во надлежност на Министерството за внатрешни работи:

- Закон за личната карта (,,Службен весник на РМ“ бр.8/95, 38/2002, 16/2004 и 12/2005);
- Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија (,,Службен весник на РМ“ бр.67/92, 20/2003 и 46/2004) и
- Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (,,Службен весник на РМ“ бр.14/98, 38/2002 и 38/2004).

Согласно потребата за усогласување на националното законодавство во областа на личните документи за граѓаните со ICAO стандардите и ISO регулативите на Европската унија, како и создавање формално-правни предуслови за имплементација на Проектот за нови документи за лична идентификација, предвидено е изменување и дополнување на наведените закони.

Заради целосно усогласување на Законот за државјанството на Република Македонија со Европската конвенција за државјанство, донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија. Нашата земја ја применува Конвенцијата за издавање на повеќе-јазични изводи од матични книги наменети за странство. Освен со наведените законски акти, областа е регулирана и со подзаконски акти.[8]

**Азил**

Со Законот за азил и привремена заштита се уредуваат условите и постапката за добивање и престанок на право на азил на странец или лице без државјанство кое бара признавање право на азил во Република Македонија, како и правата и должностите на барателите и лицата на кои им е признаено право на азил во Република Македонија. Законот е усогласен со повеќе ЕУ мерки[21], како и со низа меѓународни инструменти кои се ратификувани од страна на Република Македонија[22].

---

[8]*-Правилник за образецот на личната карта, постапката за водење и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденцијата за личната карта и начинот на водење на евиденцијата за издадени лични карти (“Сл.весник на СРМ” бр.15/88),*
*-Правилник за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, на начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција (“Сл.весник на РМ” бр.2/93, 54/93 и 73/04),*
*-Упатство за начинот на издавање на пасош и заеднички пасош на државјаните на Република Македонија како и постапката за издавање на визи на тие пасоши (“Сл.весник на РМ” бр.36/94).*

[21] *32003L0086, 32003L0009, 32001L0055,31995Y1007 и 1996 Y 0919(05).*

[22] *Конвенцијата за статустот на бегалците од 1951 година и нејзиниот Протокол од 1967 година;Конвенцијата на Обединетите Нации против мачење и други облици на сурово, нехумано и понижувачко постапување или казнување; Меѓународната спогодба за граѓански и политички права; Меѓународната спогодба за економски, социјални и културни права; Конвенцијата на Обединетите Нации за елиминација на дискриминација против жените; Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на децата и нејзините два Опционални протоколи; Женевската Конвенција од 1949 година, вклучувајќи ги и Протоколите I и II.; Еропската Конвенција за човекови права и основни слободи и нејзините протоколи под број 1, 4, 6, 7, 11, 12, 13 и 14; Европската Конвенција за спречување на мачење и нехумано или понижувачко постапување или казнување; Европската социјална повелба од 1961 година и Протоколот од 1991 година со кој се изменува и дополнува Европската социјална повелба; Република Македонија исто така е потписник на Опционалниот протокол кон Конвенцијата на Обединетите Нации за елиминација на дискриминацијата против жените; Европската Конвенција за државјанство од 1997 година.*

Според статистичките податоци повеќе од 50% од барателите на право на азил, кои во 2003 година, по донесувањето на ЗАПЗ, поднесоа барања за признавање право на азил, се здобиле со право на азил заради хуманитарна заштита. Утврден е тренд на големо опаѓање на бројот на лицата кои поднеле барање за азил од 2003 (1153 барања), 2004 (30) и 2005 (13). Заклучно со 31.12.2006 година на 1133 лица им е признато право на азил заради хуманитарна заштита, на 17 лица им е признато право на азил - признаен бегалец, за 217 лица донесено е Решение за престанок на правото на азил и за 32 лица во тек е постапката за донесување на одлука по нивното барање.
Врз основа на овој закон донесен е единствениот обврзувачки подзаконски акт[23]. Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика во соработка со УНХЦР и ЕУ експерти изготвија Прирачник за Прифатен центар за баратели на право на азил и Прирачник за спроведување на Законот за азил и привремена заштита.

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

- Национална стратегија за интегрирано гранично управување, усвоена од Владата на Република Македонија на 22.12.2003 година.
- Национален акционен план за интегрирано гранично управување, усвоен од Владата на Република Македонија на 06.10.2005 година.
- Национален акционен план на Република Македонија за миграција и азил
- Модел стратегијата на Република Македонија за усогласување со ЕУ во областа на миграцијата.
- Модел стратегијата на Република Македонија за усогласување со ЕУ во областа на азилот.
- Националниот извештај на Република Македонија за визниот модул.
- Проект "Нови лични документи"
- Проект "Автоматизирано водење на матичните книги"
- Проект "Регистар население"
- Проект "Спроведување на Законот за оружјето"
- Проект "ON-LINE" – "Е-Влада".
- Way forward документ (Охридски граничен процес).

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

### Надворешни граници

Спроведувањето на Законот за надзор на државната граница е во надлежност на Министерството за внатрешни работи, додека Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Царинската управа се надлежни за спроведување на законот во делот за Интегрирано гранично управување.

Во рамки на МВР на стратешко ниво, функционира Секторот за гранични работи, во чиј состав функционираат 4 Регионални центри за гранични работи. Во составот на Регионалните центри за гранични работи, на тактичко ниво функционираат вкупно 50 полициски станици, од кои 28 полициски станици за обезбедување на државната граница, 14 полициски станици за гранична контрола, 6 полициски одделенија за гранична контрола и 2 мешовити полициски станици. Досега се спроведени бројни обуки вработените во Секторот за гранични работи и во Регионалните центри. Преку годишни наставни планови направени врз основа на извршени анализи од страна на Секторот за гранични работи континуирано се одвива обука за персоналот на Граничната полиција. Наставната програма започна да се спроведува од самото етаблирање на Граничната полиција (2004 година).

Министерството за надворешни работи во тесна соработка со Министерството за внатрешни работи останува надлежно за соработката со соседните земји за прашања поврзани со државната граница. Националната комисија за интегрирано гранично управување е помошно тело на Владата, во чиј делокруг се и мерките и активностите во врска со развојот и унапредувањето на системот на интегрирано гранично управување. Националната комисија за ИГУ е надлежна за спроведување на Националната стратегија за ИГУ и нејзиниот акциски план, унапредување на соработката, размената на податоци и информации како и координација на државните органи кои имаат надлежности во ЕУ, следење на состојбата со човечки ресурси во државните институциии кои имаат надлежности во ЕУ, а кои се поврзани со нивните одговорности за гранично управување, остварување на меѓународна соработка во врска со активностите за ИГУ итн.
Со цел формирање на Национален координативен центар за ИГУ (НКЦГУ) и дефинирање на неговата функција и надлежност, Националната Комисија за интегрирано гранично управување изработи Предлог - одлука за основање на НКЦГУ и работи на изготвување на актите (донесувањето на одлуката е во Владина процедура).

---

[23] *Правилник за образецот на барањето за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и постапката за издавање и замена на исправи на баратели на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција "Службен весник на РМ,, бр.48/04.*

**Визна политика и надворешни миграции**
Надлежни институции за имплементација на странци се Министерствата за внатрешни и надворешни работи. Согласно овој закон Министерството за надворешни работи е надлежно за издавањето на визите и за постапките при издавање на визи за влез во Република Македонија (прием на барањето и издавањето на визата) односно постапувањето на дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, додека работите во врска со контролата на движењето и престојот на странците во РМ ги врши МВР, доколку со закон не е определена надлежност на друг орган.

Во МНР визната политика е во надлежност на Секторот за конзуларни работи и меѓународно право, поточно на Одделението за пасоши, визи и прелети, кое ги врши работите кои се однесуваат на визно - пасошкиот режим со странство, издавање и евиденција на дипломатските и службените пасоши и визи, вонредни прелети на странски воздухоплови, легализација на документи и комуникација со странските и дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) на Република Македонија и за издавање визи. Согласно новата систематизација Секторот за конзуларни работи и меѓународно право (со 25 вработени) се реструктуира на 2 организациони облици: Сектор за конзуларни работи и Сектор за визен центар.

Конзуларните работи во врска со издавањето на визите ги вршат 37 - те ДКП – а на Република Македонија во странство кои вршат конзуларни функции, а обуката на дипломатско - конзуларни и административни работници се врши пред нивното заминување на служба во странство.

**Лични документи**
Надлежна институција за издавање на лични документи во Република Македонија е МВР-Секторот за управно - надзорни работи при Министерството за внатрешни работи. Секторот за управно-надзорни работи има советодавна, координативна и надзорна функција во однос на подрачните единици.

**Азил**
Надлежни институции за спроведување на Законот за азил и привремена заштита се: Министерството за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство и Министерството за образование и наука. Во насока на зајакнување на системот за интеграција на баратели на азил и признаени бегалци формирано е Меѓуминистерско тело за зајакнување на системот за интеграција на бегалци и странци[24]. Истовремено за таа цел е изграден Прифатен центар за баратели на азил, што ги задоволува минимум стандардите на ЕУ за прифат на баратели на азил.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Надворешни граници**
Ќе се донесат следните подзаконски акти на Законот за надзор на државна граница:
- Правилник за обликот, содржината и начинот за поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација;
- Правилник за начинот на поставување и користење на техничките уреди и вршење фотографирање, снимање и видео надзор на граничните премини и долж граничната линија;
- Подзаконски акт за стандардите и нормативите што мораат да ги иполнат граничните премини за безбедно, непречено и економично извршување на граничната контрола.

До крајот на 2007 ќе се изработат Плановите за дејствување во итни ситуации меѓу институциите кои имаат надлежности во ИГУ.

Кон средината на 2007 година ќе започне користењето на пишани прирачници со кои се утврдуваат граничните постапки. Тоа е активност која се однесува на изработка на Оперативни процедури во согласност со Шенгенскиот прирачник. Овие процедури претставуваат своевидни пишани прирачници со кои се уредува постапувањето на полициските службеници при преземањето на конкретни активности.
Истовремено предвидено е континуирано склучување на билатерални договори за прекугранична соработка со земјите од регионот.

**Визна политика и надворешни миграции**
До средината на 2007 ќе бидат изготвени Формата, содржината и подзаконските акти за патната исправа за странец и дозволите за одобрен привремен и постојан престој.
Истовремено, се предвидува донесување на Закон за вработување на странци во кој ќе се инкорпорираат европските стандарди и правила во однос на издавањето на работните дозволи на странци. Одобрена е техничка помош во рамките

[24] *Во ова тело учествуваат по два претставници од Министерствата за: внатрешни работи, надворешни работи, одбрана, труд и социјална политика, здравство, Секретаријатот за европски прашања, ЗЕЛС, Црвениот крст, Врховниот суд и другите судови во Република Македонија.*

на TAIEX Програмата и во текот на месец март се очекува експертска мисија, која ќе помогне при изготвувањето на текстот на овој закон.
Во однос на договорите за реадмисија, се очекува отпочнување на процесот на усогласување на текстот на договорите за реадмисија со Турција, Русија, Србија, Украина и Црна Гора.
РМ ќе продолжи со преговорите за олеснување на визниот режим и за склучување на хоризонтален договор за реадмисија. согласно платформата на ВРМ.
Истовремено, неопходно е понатамошно усогласување со негативната визна листа на ЕУ.

**Лични документи**
Со цел да се постигне усогласеност на патните исправи со ЕУ стандардите, донесени се следниве закони со кои ќе се измени и дополни позитивната легислатива и ќе се обезбедат формално правни предуслови за имплементација на Проектот "Нови лични документи:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на РМ;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта и
- Закон за изменување и дополнување на Законот на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Со наведените закони ќе се овозможи хармонизирање на македонското законодавство во областа на личните документи за граѓаните, односно воведување на нови патни исправи, лични карти и возачки дозволи во Република Македонија и воспоставување на високо-технолошки центар за производство во рамките на Министерството за внатрешни работи.
Министерството за внатрешни работи ќе ги имплементира процедурите за издавање на документи за лична идентификација според регулативите на ЕУ и стандардите на ISO и ICAO во овој домен.
Во овој период приоритет во издавањето на документите имаат патните исправи, и затоа во првата половина на 2007 година се предвидени итни измени и дополнување во Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија, како и усогласување на подзаконските акти со Законот од оваа област.
Глобална цел на Проектот Нови лични документи е приближување на Република Македонија до Европската унија и исполнување на еден од условите за либерализација на визниот режим.
Конкретни цели :

- Развој и имплементација на систем за собирање на биометриски податоци на граѓаните „во живо";
- (фотографија, потпис и отпечатоци од два прста);
- Развој и имплементација на електронска патна исправа, нова лична карта и нова европска возачка дозвола,
- според стандардите, препораките и директивите на EU, ISO и ICAO;
- Развој и имплементација на Центар за персонализација на документи во МВР според препораките на ICAO;
- Развој и имплементација на информационен систем за чување на биометриските податоци на граѓаните;
- Развој и имплементација на заштитена информатичко-комуникациска инфраструктура, со цел примена на стандардите за заштита на личните податоци на граѓаните.

Со проектот ќе се зголеми капацитетот и ефикасноста на МВР во постапките на идентификација на лица, со индиректно позитивно влијание врз безбедноста. Со имплементација на оваков напреден технолошки проект ќе се зголеми институционалниот капацитет на МВР, во смисла на заштита на процедурите на работење, специјалистичкото знаење и заштита на информацискиот систем.
Република Македонија ќе оствари лидерска улога во регионот во доменот на имплементација на препораките на Европската Унија за биометриски информациони системи и електронски патни исправи, но и дополнителен аргумент за капацитетот и посветеноста на земјата за постигнување на глобалната безбедност.

Имплементацијата на новата патна исправа се планира за Април 2007 година, а останатите документи ќе се имплементираат 6 месеци подоцна.

**Азил**
Во текот на 2007 година, се планира донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија и измени во подзаконскиот акт. Се планира Законот да почне да се спроведува од 2008 со што ќе се овозможи имплементација на директивата на Советот 2004/83/ЕС од 29.04.2004 година.

Покрај имплементацијата на ЕУ мерките, во соработка со Министерството за правда и Генералниот секретаријат на Владата на РМ во Законот за измени и дополнувања на Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија ке се имплементират и одредби со кои ситемот на жалба во редовна и забрзана постапка ке овозможи поднесување жалба до Управен суд, а кај редовната постапка ќе се задржи и правото за поднесување тужба до врховниот суд на Република Македонија.
Иако одредени членови од Законот за странци упатуваат на субсидиарната заштита[25], со претстојните измени и дополнувања на Законот за азил и привремена заштита ќе се овозможи имплементација на одредени видови на субсидијарна заштита.

---

[25] Член 49, 69, 71, 81 и 107 од Закон за странци ("Службен весник на Република Македонија", бр.35/06).

Заради целосна имплементација на членовите 10, 11, 12 и 15 од предметната директива[26] која се однесува на образование на малолетни лица, вработување, професионално обучување и здравствена заштита на барателите на азил, Законите за основно и средно образование, Законот за социјална заштита, како и Законите за здравствено осигурување и за засновање на работен однос на странски државјани ќе се подложат на измени и дополнувања.
Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за внатрешни работи заради зајакнување на капацитетите за прием ќе изготви План за постапување во случај на масовен прилив на бегалци, кој е во изработка.
Министерството за внатрешни работи,во текот на 2007 година, зарди ефикасно протерување на неуспешните баратели на право на азил,ке изготви и донесе Упатство за протерување на одбиените баратели на право на азил. Во истиот период ќе се изготви и донесе и Упатство за издавање на лични документи за барателите на право на азил и признаените бегалци.
Прашањето за доброволно враќање на лицата кои барале азил во Република Македонија ке биде поставено и третирано на првиот нареден состанок на " Меѓуминистерското тело за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија". Активностите кои се планираат да се преземат се со помош на одредени меѓународни организации пред се " ИОМ " и " УНХЦР " со кои ке бидат изготвени заеднички програми за помош на барателите на азил што доброволно ќе сакаат да се вратат во земјата на нивното потекло.

Измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита се во владина процедура и се очекува нивно донесување во Март 2007.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

### Надворешни граници

Во текот на 2007 ќе се формира Национален координативен центар за гранично управување (НКЦГУ). Истовремено заради негова операционализација ќе се именува Координатор, негов заменик и ангажирање на потребниот персонал.

Центарот има за цел да ја олесни размената на податоци и информации помеѓу институциите вклучени во интегрираното гранично управување и да ги координира заедничките активности и операции за отстранување на инцидентите на државната граница. Во него ќе бидат назначени претставници од сите институции вклучени во ИГУ, а за нивно оспособување за работа ќе бидат спроведени повеќе обуки. Истовремено предвидена е можноста од страна на граничните служби на соседните држави да се назначат офицери за врска кои би учествувале во работата на НКЦГУ и преку кои би се координирале активностите во однос на прекуграничната соработка.

Во однос на собирањето и размена на податоци и информации во врска со граничното управување ќе се зајакне меѓуресорската соработа со поголема инволвираност на ДЗС.

Со годишната програма за напредна и специјална обука за граничната полиција во текот на 2007 година ќе се обработуваат тематски единици кои покрај другото имаат за цел и да го променат однесувањето на полициските службеници од воен во цивилен пристап, особено за персоналот кој беше преземен од Министерството за одбрана. Во таа насока како важни тематски единици се: Запознавање со концептот на „Интегрирано гранично управување", обука за практична примена на Законот за надзор на државна граница, обработка на новиот Закон за странци, обработка на Законот за полиција како и обука за подзаконските акти кои произлегуваат од претходно споменатите закони. Истовремено на тактичко ниво ќе се спроведува децентрализирана практична обука со локални инструктори со кои ќе се обработуваат претходно наведените содржини.

### Визна политика и надворешни миграции

Согласно одредбите на Законот за странците, Министерството за внатрешни работи ќе формира Прифатен центар за странци во кој ќе се сместуваат странци кои од било кои причини не е можно присилно да се отстранат од територијата на РМ како и странци кои не поседуваат важечка и призната патна исправа, а за кои е донесено решение за протерување. Во Прифатниот центар, со преземање од други институции ќе бидат вработени 16 извршители, а согласно својот делокруг на работа ќе функционира во рамките на Граничната полиција.

Во 2007 година бројот на извршители во Одделението за странци при МВР ќе се зголеми за 4 главни инспектори со прераспоредување. Освен тоа, кадровското доекипирање ќе биде проследено со нивна соодветна едукација за најдобрите пракси во оваа област на земјите членки на Европската Унија. Потребно е исто така техничко опремување на подрачните единици кои работат на оваа проблематика.

Во Министерството за надворешни работи ќе се формира Визен центар и Национален визен информациски систем како предуслов за олеснување односно либерализација на визниот режим со земјите членки на ЕУ. За таа намена преку

[26] *Council Directive 2003 / 9 / EC of 27 January 2003 laying down minimum standards for the reception of asylum seekers [ Official Journal L 31 of 06.02.03)*

CARDS програмата на ЕУ се обезбедени средства во износ од 1.200.000,00 милиони евра. Визниот центар ќе биде лоциран во МНР и во врска со неговата реконструкција како и опремување се очекува и донација од страна на МНР на Луксембург во висина од 250,000 евра. Исто така и Владата на РМ ќе издвои средства од буџетот во висина од 300,000 евра за неговото опремување што согласно подготвениот акционен план треба да стане оперативен до крајот на 2007 година. Според постојната Систематизација во МНР, во Одделението за визен центар кое е во рамките на Секторот Визен центар, се предвидени вкупно 10 работни места. Истите ќе се пополнуваат согласно динамиката врзана со развојот на активностите на Центарот, а пред се со постепеното поврзување со нашите ДКП-а во странство. Со оглед на тоа дека се планира Центарот да отпочне со активностите до крајот на 2007 година, во тековната година се планира пополнување на Одделението со 3 вработени, а до 2010 година ова Одделение ќе зајакне со уште 7 вработени. Во однос на кадровското до-екипирање на Секторот за конзуларни работи при МНР, се предвидуваат 10 нови вработувања заклучно со 2010 година, од кои 3 се проектирани да се вработат до крајот на 2007 година.

Со оглед на фактот дека зајакнувањето на капацитетот за откривање на фалисификувани документи е неминовен предуслов за либерализација на визниот режим, потребни се буџетски средства за набавка на опрема за откривање на фалсификувани патни исправи за ДКП – та.

Заради обезбедување на функционирање на квалитетен модел на статистичко следење на миграциите покрај обезбедување на информатичка поддршка, ќе се обезбеди соодветна обука на персоналот во институциите задолжени за статистичко следење на миграциите.

Во сите активности поврзани со миграциите - законските решенија, стратегиите, развојните планови од областа на илегалната миграција и азил ќе се остварува соработка меѓу надлежните институции и Државниот завод за статистика заради следење и примена на барањата на законодавството на ЕУ во однос на податоците за миграциите

Истовремено, во рамки на делокругот на активности на Државниот завод за статистика ќе се изврши тестирање на можноста од преземање на податоците за странците по електронски пат (содржинско усогласување). Исто така предвидено е вградување на националните стандарди (национална класификација на занимања, систематски список на општини и населени места во Република Македонија, систематски список на улици) во евиденциите на Министерството за внатрешни работи и сите субјекти во државата.

**Лични документи**

За реализирање на проектните активности[27] од областа на управно - надзорните работи, ќе бидат ангажирани надлежните служби во Министерството за внатрешни работи, како и други правни субјекти[28]. Новите лични документи според договорот со добавувачот ќе се издаваат од април 2007.

**Азил**

Со цел да се исполнат предвидените обврски за целосна операционализација на Прифатниот центар за баратели на азил, во текот на 2007 истиот кадровски ќе се екипира со вработување на 3 лица, а истовремено ќе се работи на негово техничко опремување. До 2009 во Прифатниот центар на редовна база че се вработат вкупно 7 лица. Истовремено потребно е спроведување на специфични обуки за персоналот кој ќе биде вработен во наведениот Центар. Со цел успешно да се спроведат обврските во оваа област до крајот на 2007 ќе има 1 ново вработување во нововоспоставеното Одделение за заштита на хуманитарно згрижени лица – бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица, мигранти, лица вратени со реадмисиони договори и хуманитарна подршка. Во однос на собирањето и размена на статистички податоци и информации во врска со барателите на азил ќе се зајакне меѓуресорската соработа со Државниот завод за статистика во насока на размена на статистички податоци изразени низ бројки за број на барања, број на баратели, пол, возраст, но не и податоци за генералии и причини заради кои побарале, добиле или биле одбиени по поднесеното барање.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Надворешни граници**

До средина на 2008 година предвидено е изготвување на „Шенгенски акциски план“.

Согласно протоколите кои се донесуваат заеднички на секоја средба на Постојаните мешовити гранични комисии со соседните земји се предвидува во периодот од 2007 - 2009 да се изврши уредување на границата кое опфаќа замена, обележување и одржување на граничните белези ( ознаки) и чистење и сечење на дрвата и вегетацијата во ширина од 6

[27] *Проект - поврзување на станиците за технички преглед со системот за АОП во МВР. Проект “Автоматизирано водење на матични книги” Проект “Обединување на матичното работење” (преземање на месните канцеларии од Министерството за правда)*

[28] *Авто мото сојузот на Македонија, Авто мото друштвата, Сојуз на возачите на Македонија, Здружение на возачите и ДАСУЦ “Боро Петрушевски ”.*

метри на заедничката граница и посебно поставување на гранични пловки на Преспанското и Охридското Езеро. Владата на Република Македонија има обезбедено финасиски средства за наредните три години за оваа намена.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Надворешни граници**

Се планира изградба на информатичко - технолошка структура за ИГУ и изработка на информатички систем за интегрирано гранично управување ( софтвер за гранично работење ).

Во правец на зајакнување на капацитетот за откривање на лажни и фалсификувани документи, ќе се пристапи кон развивање на централизиран електронски систем за пријавување и архивирање на информации за откривање на лажни и фалсификувани исправи.

Утврдена е потреба од буџетски средства за набавка на опрема за надзор на државната граница и за опрема за Граничните премини и ДКП-еата за откривање на фалсификувани патни исправи, како и дополнителна обука за персоналот на граничната полиција.

Ќе се пристапи кон имплементирање на активностите кои ќе произлезат од имплементацијата на Шенгенскиот граничен кодекс и Шенгенскиот акциски план.

Потребно е подобрување на инфраструктурата, изградбата и реконструкција на граничните премини од страна на Министерството за транспорт и врски.

На база на годишни програми подготвени по претходно извршени анализи, до 2010 година континуирано ќе се спроведува обука на персоналот на Граничната полиција и ќе се обработуваат тематски единици кои и понатаму ќе имаат за цел и да го променат однесувањето на полициските службеници во насока на минимизирање на милитантниот на сметка на цивилниот пристап, како и едукација за примена на Законот за надзор на државна граница, Законот за странци, Законот за полиција и подзаконските акти кои произлегуваат од претходно споменатите закони. Истовремено на тактичко ниво ќе се спроведува децентрализирана практична обука со локални инструктори со кои ќе се обработуваат претходно наведените содржини

**Визна политика и надворешни миграции**

Во делот на визна политика ќе се применуваат одредбите предвидени со Заедничките конзуларни инструкции. Ќе се пристапи кон имплементирање на активностите кои ќе произлезат од имплементацијата на Шенгенскиот граничен кодекс и Шенгенскиот акциски план.

Ќе се воведе систем на визни такси согласно принципите на Шенген, но и примена на принципот на рецопроцитет кадешто тоа е потребно. Ќе се развие систем за анализа на ризикот и врз основа на истиот ќе се надградува и опремата за откривање на лажни или фалсификувани документи.

Со цел да се зајакне политиката на миграција во РМ се планира донесување на Резолуција за миграциона политика. Ќе се алоцираат средства за набавка на опрема за откривање на фалсификувани патни исправи во ДКП - еата и ќе се пристапи кон спроведување на дополнителна обука на персоналот.

Ќе се развијат и спроведат кооединирани програми и политики на имиграција, интеграција и вработување. Во таа смисла ќе се развиваат програми за помош на лица кои се враќаат во РМ врз основа на реадмисија. Како паралелен процес ќе се работи на развивање на бази на податоци и информации за оваа категорија на лица.

Република Македонија ќе работи на прилагодување на своето законодавство со регулативите за статистиката за миграции, државјанство и азил на ЕУ). За таа цел ќе се зајакне меѓуресорската соработка и ќе се обезбеди примена на меѓународните дефиниции, стандарди и класификации кои се однесуваат на странците, заради обезбедување на релевантни статистички податоци. Во однос на меѓуресорската соработка ќе се пристапи кон мрежно поврзување и подготовка на унифицирани софтвери за прибирање на статистичките податоци со што ќе се применува интегрален пристап во прибирањето на податоците. Истовремено, релевантните институции бидат снабдени со соодветна информатичка опрема и ќе се обезбеди соодветна обука на персоналот во институциите задолжени за статистичко следење на миграциите. Ќе се формира меѓуресорска работна група која ќе подготвува годишен извештај за следење на миграционите текови и размена на статистичките податоци на национално и регионално ниво.

**Азил**

До 2010 во рамки на Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи ќе се вработат 9 лица, а во Министерството за труд и социјална политика за потребите на Одделението за азил, миграција и бегалци - 4 лица.

Одделението за азил при МВР ќе се прошири со систематизирање на нови организациони единици: Отсек за спроведување на обврските согласно Eurodac договорот и Отсек за меѓународна соработка и спроведување на обврските од Даблин 2 договорот. Неопходни се понатамошни вработувања во Одделението за азил, миграции и бегалци во Министерството за труд и социјална политика во насока на создавање капацитет за исполнување на идните обврски на ова одделение. Со цел успешно имплементирање на новите ЕУ мерки, како и отпочнување со подготовка за планираните измени и дополнувања на Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија (планирани за 2007), потребна е обука на вработените во делот на проучување на најдобрите пракси на земјите членки на ЕУ, обука во делот

на прием на барања, обука за најдобрите пракси за протерување на одбиените баратели чија постапка е конечна по однос на нивните барања.

## 3.24.2 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ, БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ, СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ДРОГИТЕ, ЦАРИНСКА СОРАБОТКА, СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**Полициска соработка и борба против организиран криминал**
Основните надлежности на Министерството за внатрешни работи, неговиот делокруг на работа, организацијата на Министерството, посебните должности и овластувања на овластените службени лица, меѓународната соработка на министерството, вклучувајќи ги и работните односи, се регулирани со Законот за внатрешни работи[25]. Врз основа на Законот за внатрешни работи донесени се 15 подзаконски акти наменети за практична имплементација на Законот за внатрешни работи, како и повеќе подзаконски прописи заради практична имплементација на одредбите на законот од страна на вработените во Министерството за внатрешни работи.[*]

Целта на Законот за полиција е воспоставување на соодветна основа за јавна безбедност со точно утврдени правила на однесување на припадниците на полицијата. Законот е усогласен со Универзалната декларација за човековите права[27], Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи[28], меѓународните инструменти со кои се гарантира корпусот на права и слободи на човекот и граѓанинот, Европскиот кодекс на полициска етика, Европската полициска повелба, како и со Резолуцијата на Декларацијата на полицијата.

На 16. 01. 2007 година Република Македонија и канцеларијата на Европската полиција - Европол потпишаа Стратегиски договор за соработка. Целта на потпишаниот договор е да се овозможи поефикасна размена на стратегиски и технички информации за спречување на криминалот.

Република Македонија во насока на усогласување со европските искуства, е во фаза на развивање на концептот на Безбедносна дипломатија. Концептот се развива согласно одредбите од Законот за надворешни работи и Законот за полиција, во делот на развивање на меѓународната полициска соработка. Условите за назначување и испраќање на полициските аташеа се уредени со Правилникот за полициски аташеа и Правилникот за основи и коефициенти за плати.
РМ е потписник на Конвенција за полициска соработка на земјите од југоисточна Европа[29], која овозможува директна полициска комуникација меѓу полициски службеници од две земји, директна размена на информации, заеднички патроли, заеднички полициски активности на територијата на една од земјите, користење интероперабилни средства за комуникација и др,

Исто така, во делот на полициската соработка ,РМ има склучено договори со следниве држави: Република Албанија[30], Република Грција[31], Република Бугарија[32], Србија и Црна Гора[33] и УНМИК[34].

---

[25] *(„Службен весник на РМ" бр. 19/95, 15/97, 55/97, 38/02, 13/03 и 19/04).*
** Преглед на подзаконски прописи донесени согласно Законот за внатрешни работи е содржан во Пописот на постојното законодавство (Поглавје 24. Правда, слобода и безбедност, Област: Полициска соработка и борба против организиран криминал).*

[27] *Усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 година, со што се овозможува постигнување на оштиот стандард на почитување на основните слободи и права на човекот*
[28] *(склучена на 4 ноември 1950 во Рим, а стапила во сила на 3 септември 1953 година,), која Република Македонија ја ратификува во 1997 година (Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и на Првиот протокол, Протоколот број 4, Протоколот број 6,Протоколот* број 7 *и Протоколот број 11 кон Конвенцијата Број на слубен весник бр.-11/97 и Закон за ратификација на Протоколот број 12 кон Конвенцијата Број на службен весник -30/04).*

[29] *мај 2006*
- [30] Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во борбата против тероризам, организиран криминал, недозволена трговија со наркотични дроги, психотропни субстанции и прекурсори, илегална миграција и други нелегални активности, склучен во.2004 година
- Спогодба меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско – албанската државна граница од 04.12.1997 година, ратификувана на 11.02.1998 година.
- Спогодба меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за регулирање на малограничниот сообраќај на лица во пограничната зона од 04.12.1987 година, ратификувана на 19.03.1998 година.

Во меѓународната соработка во борбата против организираниот криминал склучени се билатерални договори со повеќе држави.[35]

---

- Спогодба меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за спречување и решавање на инцидентите на македонско - албанската државна граница од 04.12.1997 година, ратификувана 11.02.1998 година.
- *Договор за соработка меѓу МВР на Република Македонија и Министерството за јавен ред на Република Албанија од 16.07.2000 година. Врз основа на овој Договор, на 16.07.2000 година, потпишан е и Протокол за определување на насоките, начинот и редот на соработка во областа на пограничната контрола и спречување на илегалната миграција меѓу Министерството за јавен ред на Република Албанија и МВР на Република Македонија од 16.07.2000 година. и Протокол за соработка во областа на безбедноста помеѓу МВР на Република Македонија и Министерството за јавен ред на Република Албанија и Националната информативна служба на Албанија од 05.06.1992 година.*

- [31] *Протокол за соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за јавен ред на Република Грција, потпишан на 8.07.1998 година*
- *Привремена спогодба од 13.09.1995 година, со која Република Македонија и Република Грција ја потврдија меѓусебната постојна граница како трајна и неповредлива меѓународна граница*
- *Протокол за гранична соработка од 23.06.1998 година*

- [32] *Договор за соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија од 20.10.1992 година , ратификуван 1993 година.*
- *Протокол за определување на насоките, начинот и редот на соработка во областа на пограничната контрола и спречување на илегалната имиграција потпишан во 1992 година*
- *Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за преземање на лица со незаконски престој од 04.06.2001 година, ратификуван 2002 година.*
- *Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за мерките за спречување и решавање на граничните инциденти на Македонски - Бугарската граница од 15.05.2000 година, ратификувана на 23.01.2002 година.*
- *Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните белези на Македонско - Бугарската државна граница, потпишана на 15.05.2000 година, ратификувана на 23.01.2002 година.*
- *Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурзори, нелегална миграција и кривични дела од 26.02.2002 година.*
- *Протокол меѓу Одделот за полиција – Сектор за гранични премини при Министерeството за внатрешни работи на Република Македонија и Националната служба „Гранична полиција„ при Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија за соработка во текот на 2003 година.*
- *Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отварање на два нови меѓународни патни гранични премини меѓу двете земји, ратификувана 1999 година.*

- [33] *Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни субстанции и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, склучен на 10.06.2003 година, ратификуван на 22.07.2003 година,*
- *Меморандум меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни субстанции и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, склучен на 25.07.2003 година (не подлежи на ратификација).*
- *Договор меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница од 23.02.2001 година, ратификуван во март 2001 година.*

- [34] *Протокол за соработка меѓу МВР на Република Македонија и УНМИК (27.11.2003 година)*
- *Меморандум за разбирање меѓу Република Македонија и УНМИК од 2001 година*
- *Протокол за полициска соработка од 29.08.2002 година.*

- [35] *Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка против тероризмот и организираниот криминал (1995);*
- *Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во борбата против меѓународната трговија со дрога и психотропни супстанции, меѓународниот тероризам и организиран криминал (1997);*
- *Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурзори, илегалната миграција и останатите кривични дела (2003);*
- *Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурзори, илегална миграција и останати кривични дела (2003);*
- *Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурзори, илегална миграција и останати кривични дела;*
- *Владата на Република Македонија и Владата на Република Романија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурзори и останатите недозволени активности;*

- *Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Република Албанија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурзори, илегалната миграција и останатите недозволени активности.*
- *Во 1995 година ратофикуван е Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Словенија за соработка во борбата против тероризмот, недозволена трговија со дрога и организиран криминал;*

Кривичниот законик, Законот за кривичната постапка, Законот за заштита на сведоци, Законот за јавно обвинителство, Законот за спречување на корупцијата, Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, Законот за Финансиска полиција, како и Законот за следење на комуникации[36], ја сочинуваат правната рамка која содржи одредби со кои се уредува функционирањето на системот на институции и инкриминации во кривичната материја во борбата против организираниот криминал.

Измените на Кривичниот законик од 2004 година[36] имаа за цел да ги зајакнат мерките за превенција и јакнење на казнено-правната репресија и да создадат инструменти за борба против криминалитетот особено со вградување на одредби за алтернативно казнување; кривична одговорност на правни лица; востановување на кривично-правен институт конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело, на кој институт му претходат мерките трагање, замрзнување и одземање на нелегално стекнати средства и приход; со утврдување нови кривични дела и санкционирање на новите облици на перење пари, компјутерски криминал и криумчарење на мигранти, како и употребата на специјални истражни мерки.

Измените на Законот за кривичната постапка[37] од 2004 година, покрај другото, имаа за цел создавање нормативни основи за сузбивање на организираниот криминал и корупцијата, со утврдување на примената на посебните истражни мерки, обезбедување заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите, пропишување на постапка за одговорност на правните лица и постапка за конфискација на имот и имотна корист стекната со кривично дело.
Согласно последните измени на Законот за кривичната постапка, за точно дефинирани кривични дела, покрај Министерството за внатрешни работи, овластувања за прогон, добија и Финансиската полиција и Царинската управа на Република Македонија.

На 29. 12. 2006 година, беше потпишан Меморандум за разбирање меѓу Министерство за внатрешни работи и Министерство за финансии[37].

Во тек е изготвување на Стратегија за развој на Одделот за организиран криминал (2007-2008 година) при МВР. Со овој документ се цели кон зголемување односно зајакнување на капацитетите на Одделот, заради поефикасно справување со организираниот и сериозниот криминал.
Во однос на законската рамка со која се дозволува употреба на цврсти/ јаки истражни техники, Република Македонија изготви и донесе Закон за следење на комуникации, Закон за кривична постапка (во членовите за Посебни истражни техники), Закон за полиција. Во согласност со нив во фаза на донесување се подзаконски акти со кои ќе се операционализираат одредени одредби од наведените законски текстови.

**Борба против тероризмот**
Со цел поефикасна борба против тероризмот во текот на 2006 година, правната рамка во оваа област, се доуреди со усвојување на 2 нови законски текстови,

- Закон за следење на комуникации[38]
- Закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја.

---

- *Во 1997 година ратификуван е Договорот за соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Република Хрватска во борбата против меѓународната незаконска трговија со дрога и психотропни супстанци, меѓународниот тероризам и организираниот криминал;*
- *Во 2000 година ратификувана е Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Арапската Република Египет за соработка на полето на борбата против криминалот;*
- *Во 2004 година ратификуван е Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Романија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори и други нелегални активности;*
- *Во 2006 година ратификуван е Договорот меѓу РМ и Швајцарската Конфедерација за полициска соработка во борбата против криминалот;*
- *Во 2006 година ратификуван е Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Франција за соработка од областа на внатрешната безбедност.*

[36] *(Службен весник на Република Македонија бр.121/06)*
[36] *(Службен весник на РМ бр. 15/97, 37/96, 80/99, 4/02, 43/03 и 74/04)*
[37] *("Службен весник на РМ", бр. 15/97, 44/02 и 74/04`)*
[37] *Досега се потпишани меморандуми меѓу Министерство за финансии - Царинска управа и Министерство за внатрешни работи (04. 07. 2000) за борба против трговија со луѓе за блиска соработка за справување со овој вид активности;*
*На 18.11.2004 година потпишан е Меморандум за соработка за спречување на организиран и други видови криминал во РМ меѓу МФ и МВР. За спроведување на одредбите од Меморандумот за соработка за спречување на организиран и други видови криминал во РМ меѓу МФ-ЦУ и МВР-Биро за јавна безбедност, а на 13.12.2004 година е потпишан Протокол за спроведување на Меморандумот за соработка. Со Протоколот подетално се уредува начинот на соработка, размената на информациите, соработката на граничните премини, координацијата и заедничкото дејствување помеѓу овие две институции; Меморандум за соработка во откривање и гонење на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција(Јавно обвинителство, Министерство за внатрешни работи, Царинска управа, Управа за јавни приходи, Дирекција за спречување на перење пари ) потпишан на 24. 06. 2005 година;*

[38] *(Службен весник на Република Македонија бр.121/06)*

Република Македонија, во текот на 2006 година ги има ратификувано следните меѓународни конвенции[39] за борба пртоив тероризмот:

- Конвенцијата за спречување на акти на нуклеарен тероризам
- Конвенцијата за нуклеарна безбедност

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување на тероризам е потпишана на 21 ноември 2006 година, а Конвенцијата за присилно исчезнати лица е во фаза на ратификација.

Владата на Република Македонија склучи договори за билатерална соработка за борба против тероризмот со владите на: Турција (1992); Словенија (1995); Хрватска (1997); Бугарија (2002); Србија (2003); Црна Гора (2003); Романија (2003);.Албанија (2004).

**Соработка во областа на дрогите**

Заштитата на здравјето на луѓето, спречувањето на социјалните проблеми и злоупотребата на опојните дроги се главни цели на постојното законодавство во Република Македонија кое ја регулира оваа област. Законот за производство и промет на опојни дроги, Законот за определување на органи за вршење на одредени работи во областа на производството и прометот со опојни дроги, Законот за прекурзори, како и Законот за евиденциите во областа на здравството ја сочинуваат правната рамка со која се уредува производството, прометот и контролата на опојните дроги и психотропните супстанции. Освен со овие законски акти областа е регулирана и со повеќе подзаконски акти. Истотака, Република Македонија ги има ратификувано конвенциите[40] од оваа област. Постоечката правна рамка е делумно усогласена со европското законодавство. Владата на Република Македонија на 19.12.2006 година ја усвои Националната стратегија за контрола на дрогите во РМ 2006-2012. Националната стратегија за контрола на дрогите е конзистентна со конвенциите на ОН, меѓународните резолуции, протоколи и други правни документи ратификувани од Република Македонија, како и со Стратегијата за контрола на дрогите на ЕУ 2005-2012 и нејзиниот Акционен план 2005-2008.

**Царинска соработка**

Царинскиот закон кој се применува од 01.01.2006 година, ги уредува правата и обврските на лицата и царинските органи кои се однесуваат на стоката во патничкиот и стоковниот промет меѓу царинското подрачје на Република Македонија и странските царински подрачја.

Царинскиот закон доведе до потполно усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, при што како модел се користеше Регулативата на Советот (ЕЕЗ) 2913/92 со која се воспоставува Царински кодекс на Заедницата ( 31992 R 2913).

Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (во најголема мера усогласена со Регулативата 31993R 2454 на Европската унија која ги содржи одредбите за спроведување на Регулативата на Советот ( ЕЕЗ) 2913/92 со која се воспоставува Царински кодекс на Заедницата ( 31992 R 2913) е во најгоема мера усогласено. Новиот Закон за царинска управа почна да се применува во 2004 година. Со уредбата за негово спроведување се создаде основа за ефикасно делување и извршување на задачите кои треба да се спроведуваат во областа на царината.

Ратификувана е Конвенцијата за привремен увоз (Истанбулската Конвенција).

Царинската Управа остварува меѓународна соработка со други царински служби преку склучените спогодби за заемна помош во царинските работи како и за спречување, истраги, борба против царинските прекршоци. Врз основа на Протоколот 5 за заемна помош во царински работи кој е дел од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските Заедници се остварува соработка со земјите членки на Европската Заедница.

---

*[39] Република Македонија, ги има ратификувано следните меѓународни конвенции за борба против тероризмот:*
*•Конвенција за превенција и казнување на злосторства против лица под меѓународна заштита, вклучително и дипломатски агенти;*
*•Меѓународна конвенција против земање на заложници;*
*•Конвенција за сузбивање на нелегална заплена на авион;*
*•Конвенција за казнените дела и одредени други дела сторени во воздухоплов.*
*•Конвенција за физичка заштита од нуклеарниот материјал;*
*•Конвенција за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на цивилното воздухопловство;*
*•Протокол за сузбивање на незаконски акти на насилство на аеродроми кои служат за меѓународно цивилно воздухопловство, дополнение кон Конвенцијата за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на цивилното воздухопловство;*
*•Меѓународна конвенција за сузбивање на терористички напади со експлозивни материи;*
*•Меѓународна конвенција за сузбивање на финансирање на тероризмот;*
*•Конвенција за спречување на актите на нуклеарен тероризам (потпишана во 2005 година);*
*•Конвенција за нуклеарна безбедност;*
*•Конвенција за обележување (означување) на пластичните експлозиви;*
*•Европска конвенција за сузбивање на тероризмот;*
*•Европска конвенција за екстрадиција и Дополнителните протоколи на Европската конвенција за екстрадиција;*
*•Европска конвенција за взаемна судска помош за казниви дела;*
*•Дополнителен протокол на Европска конвенција за взаемна судска помош за казниви дела;*
*•Конвенција за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело.*

*[40] Единствената конвенција за опојни дроги од 1961 година дополнета со Протоколот од 1972 година, Конвенцијата за психотропни супстанции од 1971 година и Конвенцијата на Обединетите Нации против незаконитиот промет со опојни дроги и психотропни супстанции од 1988 година.*

**Судска соработка во кривични и граѓански предмети**
Согласно Законот за кривичната постапка, меѓународната правна помош во кривичните предмети се врши согласно одредбите на овој закон, доколку поинаку не е уредено со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

Во Законот за парничната постапка на Република Македонија се утврдени општите одредби, кои ја регулираат постапката за взаемна правна помош во граѓанските предмети и поголемиот дел од овие одредби се однесуваат на надлежноста на судовите. Со Законот за парничната постапка се вградени одредбите од ратификуваните меѓународни документи и препораките од европските правни акти и другите меѓународни конвенции. Основна конвенција која ја регулира оваа област е Хашката конвенција за граѓанска постапка од 1954 година.

Република Македонија има склучено низа билатерални договори од областа на граѓанската и кривичната материја
Во Република Македонија по основ на сукцесија се применуваат сите договори што ги имаше склучено бившата СФРЈ, а се преземени со член 5 од Уставниот Закон за спроведување на Уставот на Република Македонија како републички пропис. Законот за меѓународно приватно право (I фаза), кој се наоѓа во собраниска процедура, содржи соодветни правила за определување на меродавното право за материјално правни односи со меѓународен елемент, правила за надлежност на судовите и правила за признавање на странски судски одлуки. Во Законот делумно се инкорпорирани следниве ЕУ акти 32001R0044 (Брисел I), 300R1347 (Брисел II) и Конвенцијата за меродавното право во договорни односи (Рим 1980).

Според член 118 од Уставот на Република Македонија, ратификуваните меѓународни договори, претставуваат дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија и не можат да се менуваат со закон.

Република Македонија ги има ратификувано следните меѓународни конвенции од областа на меѓународната правна помош: Европската конвенција за екстрадиција со Протоколите; Европската конвенција за взаемна помош во кривичната материја со Протоколите; Конвенцијата за трансфер на осудени лица со Дополнителниот протокол; Европската конвенција за заштита од тортура и нечовечност или деградирачко однесување и казнување; Конвенцијата за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело; Казнената конвенција за корупција; Цивилната конвенција за корупција: Конвенцијата за компјутерски криминал со Дополнителниот протокол; Конвенцијата на ООН (Палермо Конвенција) против транснационалниот организиран криминал со Протоколите; Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд; и Конвенцијата за пренос на казнените постапки.

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

- Стратегијата за реформи во полицијата;
- Акционен план за имплементација на процесот на реформи во полицијата;
- Конктретни мерки и активности за спречување на организираниот криминал во Република Македонија;;
- Проект - Стратегија за имплементација на Законот за заштита на сведоци (мај 2005);
- Стратегија и Акционен план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција ;
- Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи за периодот 2007-2009 година
- Проект за чување на тајноста на идентитетот и изготвување на лични документи ;
- Национална концепција за безбедност и одбрана;
- Национална стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот;
- Стратегијата за развој на Царинската управа на Република Македонија (2004-2008);
- Стратегија за реформа на правосудниот систем со Акционен план.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Полициска соработка и борба против организиран криминал**
Министерството за внатрешни работи ги извршува своите законски надлежности во делот на внатрешните работи.
Со имплементација на процесот на реформи во полицијата, воспоставена е нова организациона структура на Министерството за внатрешни работи. За таа цел, во Министерството за внатрешни работи покрај Бирото за јавна безбедност, во чиј состав работат служби од советодавен карактер, надлежни за стратешко - концептуално планирање и утврдување на генералните насоки и стандарди за работа, функционираат и оперативни служби (Централни полициски служби, Регионални центри за гранични работи и Сектори за внатрешни работи), како и служби задолжени за координација, меѓународна соработка, односи на министерството со јавноста, односно организациони единици надлежни за административна и логистичка поддршка. Во рамките на Министерството, согласно европските стандарди и насоки, формирани се организациони единици специјализирани за одредени области Оддел за организиран криминал, Одделение за заштита на сведоци, Сектор за криминалистичко - разузнавачка анализа, Одделение за управување со човечки ресурси) чии надлежности се прецизно утврдени со закон односно подзаконски акти.

Натамошното унапредување на регионалната полициска соработка се развива преку програмите и активностите на Директорите на полициите од регионот (SEPCA), на стратешко ниво и преку реализирање на билатерални и регионални полициски акции.

Организацијата на Европските полициски колеџи (CEPOL), во која е член и Полициската академија од Република Македонија, ќе продолжи да им помага на националните полиции во подигнување на знаењето и оперативните структури на полицијата.

За борба против организираниот криминал надлежни се следниве институции: Јавно обвинителство на Република Македонија во чии рамки функционира специјално Одделение за гонење сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Финансиската полиција, Дирекцијата за спречување перење пари[41] Царинската Управа на Република Македонија.
Во тек е донесување на нов Закон за јавно обвинителство кој ќе резултира со одредени промени, што ќе доведе до промена и во систематизацијата, а можно е и целосно издвојување на Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција како посебно јавно обвинителство со специјални ингеренции, а воедно следува и формирање на Јавнообвинителскиот совет со кој  радикално ќе се промени начинот и постапката за избор и разрешување на јавните обвинители.

Надлежен за јакнење на капацитетите за борба против организираниот криминал при МВР е Одделот за организиран криминал, кој во својот состав ги има следниве организациони единици: Сектор за финансиски криминал; Сектор за недозволена трговија со оружје и дрога; Сектор за меѓународна полициска соработка; Сектор за насилен криминал; Сектор за криминалистичко - разузнавање и анализа, Сектор за специјални истражни техники; Сектор за борба против трговија со луѓе и изнуди и Одделение за потраги. Прилагодувајќи се на професионалните стандарди на современите полициски служби Одделението за заштита на сведоци, организационо е поместено во рамки на Централните полициски служби.
Во рамките на Одделот за организиран криминал -Секторот за финансиски криминал формирано е Одделение за компјутерски криминал и фалсификати со 2 вработени. Надлежност на Одделението е борба против сите видови на компјутерски криминал што подразбира кражба на информации, продирање во компјутерските системи заради предизвикување други последици (шпионажа, злоупотреби на банкарски сметки, кредитни картички, електронски потписи итн.), како и заштита од фалсификување на еврото и други видови монети.

Во Секторот за криминалистичко - разузнавање и анализа работат 15 извршители.
Во делот на употребата на специјалните истражни мерки формиран е Сектор за специјални истражни техники. Со Акцискиот план за работа на Секторот формирани се 3 Одделенија:

- Одделение за следење и оперативно извидување;
- Одделение за прикриени операции и
- Одделение за електронско набљудување.

Во моментот оперативни се две Одделенија (Одделение за следење и оперативно извидување и Одделение за прикриени операции) со 64 извршители.
Финансиската полиција е орган во состав на Министерството за финансии и во својот состав ги има следните одделенија:

- Одделение за криминалистичко – разузнавачка анализа;
- Одделение за финансиски истраги;
- Одделение за компјутерска експертиза.

**Борба против тероризмот**
Надлежни институции за преземање на мерки за борба против тероризмот се: Министерството за внатрешни работи (Управа за безбедност и контраразузнавање и Специјални сили – Единица за специјални задачи и Единицата за брзо распоредување), Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана (Воена служба за безбедност и разузнавање), Министерството за правда, Министерството за финансии (Финансиска полиција, Царинска управа, Дирекција за спречување на перење пари, Народна банка на Република Македонија), Агенцијата за разузнавање и во Јавното обвинителство на Република Македонија - Одделението за гонење сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, како и Меѓуресорско координативно тело за координирање на активностите во борбата против меѓународниот тероризам
Во таа насока, безбедносните служби на Република Македонија, реализирајќи ги обврските за спречување на тероризмот, континуирано, вршат размена на информации, за разоткривање на организаторите, извршителите и логистичарите на терористичките активности. Размената на податоци сознанија и информации се врши преку назначени офицери за врска, а непосредна соработка е воспоставена со службите и агенциите од следните земји: Албанија, Бугарија, Обединетото Кралство, Германија, Грција, Италија, САД, Руската Федерација, Франција, Турција, Хрватска.

[41] *(види подетално во поглавје_4. Слободно движење на капитал)*

Исто така воспоставена е соработка и непосредни контакти со надлежни претставници од Србија и Црна Гора, Словачка и Мисијата на Обединетите Нации на Косово - УНМИК.
Во рамките на СЕКИ Центарот во Букурешт назначени се офицери за врски од Министерството за внатрешни работи и Царинската Управа, а Секторот за антитероризам со свој претставник учествува во работата на "Работната група за антитероризам„.

**Соработка во областа на дрогите**
Согласно постојното законодавство Министерството за здравство ги пропишува условите за производство и промет на опојни дроги, а постапката за издавање на дозволи за производство, увоз, односно извоз на опојните дроги ја спроведува Бирото за лекови, додека Државниот санитарен и здравствен инспекторат врши контрола и надзор на производството и прометот со отрови, како и на евиденциите. Министерството за здравство преку Бирото за лекови до Меѓународниот Борд за контрола на наркотици, доставува извештаи за прометот и производството на опојните дроги, психотропните супстанции и прекурзорите.
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежно за одредување на површините на кои може да се сее афион, склучува индивидуални договори со производителите на афион, води евиденција за истото и податоците од евиденциите ги доставува до Министерството за здравство.

Постојат 4 овластени лаборатории кои вршат лабораториска анализа на опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори. Од овие лаборатории две се наменети за испитување и контрола на фармацевтски производи кои во својот состав содржат опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори. Едната е лоцирана на Фармацевтскиот факултет во Скопје, а втората во Републичкиот завод за здравствена заштита. Лабораторијата лоцирана во Институтот за судска медицина врши испитување на присуство на опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори во биолошки материјали. Лабораторијата во МВР е овластена да извршува лабораториска анализа на опојните дроги, психотропните супстанции и прекурзорите, кои се нелегално пуштени во промет. Постои меѓусебна соработка меѓу лабораториите, размена на искуства, заедничко користење на постојната опрема по укажана потреба за специфични намени.

Републичкиот завод за здравствена заштита води евиденција и статистичка обработка на податоците поврзани со зависниците од опојни дроги, применувајќи ги 5 -те епидемиолошки индикатори за зависност. Овие податоци се основа за изготвување на годишниот извештај за побарувачката на дроги ( ARQ), обврска која произлегува од конвенциите на Обединетите нации.

Државната меѓуресорска комисија за борба против дрога во својот делокруг на работење има обврска, согласно Конвенциите на ОН да изготвува Годишен ( ARQ ) и Двогодишен извештај кој го доставува до UNODC.
Годишниот извештај се состои од три дела:
- Законодавни и административни мерки,
- Злоупотреба на дрога и
- Недозволено снабдување со дрога.

Сите делови од извештајот се изготвуваат во меѓусебна соработка меѓу институциите претставени во Државната меѓуресорска комисија за дрога, но најголема одговорност при изработката имаат: за првиот дел Министерството за правда и Министерството за здравство; за вториот дел Министерството за здравство и за третиот Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда .

Во согласност со Конвенциите е и учеството на Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи во меѓународните координативни операции: Пурпур - против нелегална активности со калиум перманганат за производство на кокаин; Операцијата Топаз, насочена против нелегални активности со анхидрид на оцетна киселина за производство на хероин и Операцијата ПРИЗМА - против нелегални активности поврзани со синтетските дроги.

**Царинска соработка**
Институција одговорна за спроведување на царинското законодавство е Царинската управа на Република Македонија, како орган во состав на Министерството за финансии. Царинската управа е одговорна за контрола на стоките кои се пренесуваат преку граничната линија на службените гранични премини, а истовремено Царинската управа е одговорна и за многу други задачи кои произлегуваат од новите закони и прописи.
Во борбата против измамите, по службена должност вклучени се сите Сектори на Царинската управа, а особено Секторот за контрола и истраги. Во рамките на Секторот за контрола и истраги функционираат :
- Служба за комуникација и координација;
- Одделение за царинско разузнавање;
- Одделение за истраги - со Служба за спречување на економски криминал и Служба за спречување на криумчарење;
- Одделение за контрола на трговски друштва со пет служби;
- Одделение за оперативни работи;

- Одделение за анализа на ризик како и службата за Аналитика и статистика.

**Судска соработка во кривични и граѓански предмети**

Централен орган при давањето на меѓународната правна помош во граѓанските и кривичните предмети е Министерството за правда (Секторот за меѓународна правна помош). Тоа значи дека барањата за правна помош од странски држави се доставуваат до Министерството за правда кое ги проследува до надлежните правосудни органи во Република Мкаедонија. Одговорите се враќаат на истиот начин.

Согласно Законот за парнична постапка, Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка освен Министертвото за правда други надлежни институции за судската соработка во кривични и граѓански предмети се следниве:

- Врховниот суд како највисок суд во државата кој ја обезбедува единственоста во примената на законите од страна на судовите;
- Апелационите судови (второстепените судови надлежни да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови);
- Основните судови (како првостепени судови надлежни да одлучуваат во прв степен по предметите од судска надлежност во кривични, граѓански, вонпроцесни работи и прекршоци);
- Јавното обвинителство на Република Македонија (како единствен и самостоен државен орган, кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела);

Во Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда, во кој работат 10 лица, се состои од три одделенија: Одделение за екстрадиција, Одделение за трансфер на осудени лица и Одделение за постапување по замолници во граѓански предмети.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Полициска соработка и борба против организиран криминал**

Врз основа на Законот за полиција, предвидено е донесување на повеќе подзаконски акти со кои, во период од 12 месеци од донесувањето, ќе се обезбеди негова имплементација.

Во текот на ноември 2007 се планира изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, согласно потребата од негово усогласување со Законот за полиција.

Врз основа на  Меморандумот мегу министерствата за внатрешни работи и финансии органите во состав на овие органи на државната управа  имаат обврска да подготват и потпишат протоколи за соработка. Ќе се подготви и потпише Протокол за соработка меѓу Дирекцијата за спречување на перење пари и Министерството за внатрешни работи (Оддел за организиран криминал). Со овој протокол ќе се прецизира начинот на кој се остварува досегашната соработка мегу Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за спречување на перење пари со цел зајакнување на меѓуинституционалната соработка.

Во почетокот на 2007 година, Република Македонија ќе поднесе барање за склучување на договор за соработка со Европравда.

Во насока на потпишување на Оперативниот договор со ЕВРОПОЛ ќе продолжат активностите со кои ќе се создадат предуслови за негово потпишување: формирање бази на податоци, изработка на правни акти и систем за физичка заштита на податоците, односно подигање на нивото на безбедност на просториите во кои се сместени базите на податоци. Согласно Законот за заштита на лични податоци, потребна е соодветна заштита од упад во компјутерскиот систем, изготвување на Правилник за содржина и начин на водење на евиденции, размена на личните податоци со другите органи на управа, од една страна и со оваа меѓународна полициска организација од друга. Заради реализација на овие активности од страна на министерството ке биде назначено лице за контакт со ЕВРОПОЛ, кое при десиминација на  податоците ќе се придржува на нормативите пропишани со Законот за безбедност на класифицирани информации[42], а исто така ќе се формира меѓуресорско тело за соработка меѓу службите кои го спроведуваат законот, и ќе се спроведат активности за склучување на Меморандуми за соработка со МВР, ЦУ и ФП.

Со потпишувањето на Стратешкиот договор министерството за внатрешни работи ќе работи на исполнување на условите за потпишување на Оперативниот договор, и во соработка со експертите од оваа полициска организација ќе ги имплементира препораките што ќе произлезат од скринингот на состојбата што ќе се изврши во овој организационен облик.

Во однос на планираните активности и меѓународна соработка која се реализира преку ИНТЕРПОЛ, ќе се обезбедат неопходните услови со кои ќе се овозможи 24 часовно работење на Националното биро на Интерпол Скопје.

Република Македонија ќе учествува на преговорите во врска со Конвенцијата на SELEC (Southeast European Law Enforcement Center), која  е подготвена од страна на експерти во рамките на проектот на Европската Комисија за

[42] Службен весник на Република Македонија бр. 09/04.

асистенција на СЕКИ, ICMPD - International Center for Migration Policy Development. Првиот состанок на Експертска работна група ќе се одржи во февруари 2007 година. Работната група треба да ги заврши преговорите до септември 2007 година, по што текстот од Конвенцијата ќе биде презентиран на 25 - тата сесија на JCC (Joint commettee cooperation) и доставен до земјите потписнички на СЕКИ договорот.

Одделението за управување со човечки ресурси при МВР работи на развивање и идна имплементација на Стратегијата за човечки ресурси и обуки на полицијата.

Одделението за заштита на сведоци во соработка со Секторот за правни и кадровски работи при Министерството за внатрешни работи изготвува Правилник за форма и содржина на прашалникот што го пополнува лицето со кое се склучува спогодба.

Согласно Законот за судовите, ќе се формираат специјализирани судски одделенија надлежни за судење на дела од областа на организираниот криминал во 5 основни суда: Скопје 1, Битола, Тетово, Струмица и Штип.

Законот за финансиска полиција (втора фаза) ќе се усвои во II квартал 2007. Финансиската полиција ќе го донесе Предлог Правилникот за носење, чување и употреба на огнено оружје и други средства за присилба, кој произлегува од новиот Закон за финансиска полиција.

Во периодот октомври 2006 – јуни 2007 се работи на изготвување на а) Проект „Активности за изработка на прикриени документи"; и б) Упатство за начин на постапување на надлежните организациони единици на МВР во постапката за изработка на прикриени документи.

Во операционализирањето на Стратегијата и Акциониот план за борба против трговијата со луѓе ке се работи на обезбедување на информации за активностите на НВОи, Владините и меѓународните организации кои се инволвирани во борбата против трговијата со луѓе во државата, како и за хармонизација на националното со законодавство на Европската унија. На полето на заштитата и превенцијата на жртвите на трговијата со луѓе активностите ке бидат насочени кон зајакнување на капацитетот на постоечката СОС линија за помош на жртви на трговија со луѓе и превенција.

Имајќи го предвид стадиумот на хармонизираност на активностите кои се преземаат со оние пропишани во минималните стандарди за борбата против овој облик на организираниот криминал, а заради нивна потполна усогласеност, ќе се работи на зајакнување на меѓуинституционалната соработка за поуспешна борба против трговијата со луѓе и измена и дополна на низа законски текстови[43], се со цел да се заостри криминализацијата на сите дејствија, со посебен акцент на активностите за елиминирање на трговијата со деца. Потребата за преземање активности за заострување на казнената политика за овие тешки облици на организираниот криминал, е со цел криминалните структури да се одвратат од вршењето на овој вид на кривични дела, а во исто време да се воспостави и пропорционалност на санкцијата со тежината на криминалното дејствие.
Во својата намера за сериозни и одржливи напори за спречувањето на трговијата со луѓе во сферата на превентивните активности потребно е да се изготват норми со кои ќе може да се изврши дистинкција меѓу жртва и претпоставена жртва на трговија, како и да се изврши едукација на вулнерабилните групи за модалитетите со кои се користат криминалните организации при регрутацијата на идните жртви, со интенција да не бидат дел од ланецот на овој софистициран облик на организираниот криминал. Во оваа насока ке треба во овој период да се преземаат активности на обука и градење на капацитетите на универзитетско ниво, во рамки на судскиот систем, социо - воспитните установи, а особено за невладините организации, како и воспоставување на бази на податоци за експерти и градење на капацитетите на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција.

Во делот на компјутерскиот криминал ќе се регулира доменот на контактите со Интернет провајдерите во нашата држава во II квартал 2007 година, преку потпишување Меморандум за соработка меѓу Бирото за Јавна безбедност - Оддел за компјутерски криминал и овластените Интернет провајдери.

**Борба против тероризмот**
За воспоставување на ефикасна размена на информации за терористичките групи и нивните мрежи за подршка, ќе се воспостави соработка со надлежните служби на МВР за размена на податоци и инфомации поврзани со тероризам. За таа цел согласно Меморандумот за разбирање со Министерство за финансии, ќе дојде до склучување на Протоколи за операционализирање на Меморандумот, меѓу кои и Протоколот за размена на информации меѓу Министерство за внатрешни работи (Управа за безбедност и контраразузнавање) и Министерство за финансии (Дирекција за спречување на перење пари), активност која ќе финализира до октомври 2007 година.

[43] Кривичниот законик, Законот за кривична постапка, Законот за семејство, Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата

Одделот за антитероризам и деминирање, при Управата за безбедност и контраразузнавање, во Програмираните активности за оваа година, помеѓу другото има планирано донесување Упатство за мерки и активности што ги презема Министерството за внатрешни работи по добиено сознание за извршен терористички акт и Упатство за антитерористичка заштита на објекти.

Ќе се ратификуваат Конвенцијата за спречување на незаконските акти против безбедноста на морската пловидба и нејзиниот протокол, како и Протоколот за спречување на незаконските акти против безбедноста на фиксните платформи лоцирани на континенталниот гребен. Ќе се ратификува и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување на тероризам

Во делот на определувањето на инкриминациите што се однесуваат на тероризмот, финансирањето на тероризмот треба да се утврди и нормира на начин како што е тоа направено во Меѓународната конвенција за спречување на финансирање на тероризмот. Република Македонија во идниот период ќе настојува да ја зајакне соработката и координацијата помеѓу контраразузнавачките и разузнавачките служби и агенции, особено во делот за спротивставувањето на тероризмот. Во таа насока до октомври 2007 ќе се подготви Закон за основите на системот на национална безбедност кој ќе ги дефинира односите помеѓу различните служби и агенции со цел зајакнување на капацитетите на државата за справување со новите облици на тероризам и организиран криминал.

**Соработка во областа на дрогите**

Се предвидува усвојување на измените и дополнувањата на Законот за прекурзори во согласност со следниве ЕУ регулативи: 32004R0273; 32005R0111 и 32005R1277. Исто така, се планира и донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за прекурзори. Со нив ќе се уредат содржината на барањето и обрасците на дозволите за увоз, извоз, транспорт и транзит на прекурзори, содржината и начинот на водење на регистарот на правни лица кои вршат производство и промет со прекурзори. Со донесување на подзаконскиот акт за содржината на барањето и на одобрението за вршење на промет со прекурзори, ќе бидат имплементирани следниве ЕУ мерки: 32005R3677, 31992R0900; 32005R1277; 32004R0273; 32000R1610.

Ќе се донесе нов Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции до крајот на јуни 2007 година. Со законот ќе се регулираат организацијата, овластувањата и задачите на државните органи надлежни за контрола, производство и промет на наркотичните дроги и психотропните супстанции; мерките за сузбивање на незаконито производство и промет на опојни дроги и психотропни супстанции и мерките за превенција на употреба и злоупотреба, како и за лекување, рехабилитација и социјална реинтеграција на лица зависни од дрога. Законот ќе биде целосно усогласен со Конвенцијата на ОН против незаконитиот промет на опојни дроги и психотропни супстанции, како и со ЕУ мерката 32000R1673.

Изготвување на Акциски план кој ќе опфати 2 фази. Првата фаза, активности кои ќе се спроведуваат во период од една година и се однесуваат на подготовка на процесот на имплементирања на Националната стратегија за дроги.

**Царинска соработка**

Во текот на 2007 година се очекува да биде потпишана и Конвенцијата за олеснување и хармонизирање на царинските постапки (Ревидираната Кјото Конвенција).

Во текот на 2007 ќе се потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за соработка и взаемна помош во царинските работи.

**Судска соработка во кривични и граѓански предмети**

Преку донесување на **нов Закон за меѓународно приватно право** ќе се замени застарениот од 1982 година (го регулираше решавањето на судир на законите со прописите на другите земји) и ќе се усогласи со меѓународните и европските стандарди од оваа област. Предмет на регулирање ќе биде судирот на законите – чии правила го одредуваат меродавното право за регулирање на граѓанско-правните односи со странски елемент, и меѓународната граѓанска постапка со чиишто норми се ргулираат правилата на посатпување во ситуации кога пред судовите и другите државни органи треба да се расправа и одлучува во врска со граѓанскоправни односи со странски елемент. Законот ќе биде усогласен со: Брисел I Регулативата на Советот (ЕС) бр. 44/2001 од 22 декември 2000 година за јурисдикцијата и признавањето и извршувањето на пресуди во граѓански и трговски работи; Брисел II Регулативата на Советот (ЕС) бр.1347/2000 од 29 мај 2000 година за јурсидикцијата и признавањето и извршувањето на пресудите во брачните спорови и во спорови за родителска одговорност за заеднички деца; Конвенцијата од Лугано за јурисдикцијата и извршувањето на пресуди во граѓански и трговски работи. Ќе следи усогласување со Конвенцијата за меродавно право во договорни односи.

Согласно Стратегијата за реформа на казненото законодавство, ќе се измени и дополни Законот за кривична постапка во главата за меѓународна правна помош, со цел негово доуредување во согласност со веќе ратификуваните конвенции: Европската конвенција за екстрадиција со Протоколите; Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја со Протоколите; Конвенцијата за трансфер на осудени лица со Дополнителниот протокол; Конвенцијата за пренос на казнените постапки.

Покрената е иницијатива за продолжување постапка за водење на преговори и склучување на билатерален договор со Руската Федерација за правна помош во граѓанските и семејните предмети и Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија за правна помош во граѓанските предмети.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Полициска соработка и борба против организиран криминал**

Со Законот за полиција, полицијата функционира како дел од Министерството за внатрешни работи. Од аспект на соработката на Министерството за внатрешни работи со надлежните органи и институции, воспоставената соработка меѓу Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, надлежните судови, Царинската управа на РМ, Финансиската полиција и Дирекцијата за спречување на перење пари, ќе се одржува и подобрува.

Во рамки на Секторот за меѓународна полициска соработка делува НЦБ Интерпол Скопје, Националната канцеларија за СЕКИ Центарот, а по потпишувањето на Стратешкиот договор предвидено е да се формира и канцеларија за Европол.

Согласно концептот на Безбедносна дипломатија, се предвидува да се назначат полициски аташеа во 7 држави: Албанија, Бугарија, Србија, Турција, Германија, Белгија и САД.

Во текот на 2007 година во однос на јакнење на капацитетот за управување со човечки ресурси ќе се превземат следниве активности:

- градење на база на податоци за човечките ресурси;
- реализирање на континуирана обука на вработените.

Одделот за организиран криминал - Сектор за криминалистичко - разузнавање и анализа, кадровски ќе се доекипира со уште 14 извршители (со преземање).

Модернизација на криминалистичките лаборатории во МВР ќе се заврши до крајот на 2007 година. За опремување на форензичната лабораторија и опремата за криминалистичка техника одобрени се средства од буџетот на РМ за 2006 во висина од околу 90.000 евра. Обуката на корисниците на лице место ќе биде изведена по целосната инсталација на опремата, како и обука за купениот модел, обезбедена во лабораторији на производувачот на опремата за три лица. Опремувањето на форензичката лабораторија и инсталирање на опремата за криминалистичка техника во полициските станици ќе се реализира до 1.05.2007.

Согласно Стратегијата за развој на Одделот за организиран криминал (2007-2008 година), Одделот за организиран криминал при МВР ќе ја усогласи методологијата на работа и ќе воспостави оперативно административни процедури и правила. Со цел ефикасно справување со организираниот криминал и корупцијата, ќе се врши континуирана обука на припадниците на Одделот, како и материјално - техничко опремување.

Во Одделот за организиран криминал -Секторот за финансиски криминал ќе се вработат 2 лица со прераспоредување.
Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи и Законот за полиција, е одговорно и за преземање на мерки за спречување на појавата на фалсификување на еврото и другите странски валути со навремено откривање и фаќање на изготвувачите на фалсификати и сите учесници во препродажбата на истите. За реализација на оваа задача во Министерството за внатрешни работи во Одделот за организиран криминал - Секторот за финансиски криминал, основано е Одделението за компјутерски криминал и фалсификати, кое работи на сузбивање и откривање на фалсификување, ќе се вработат 2 лица.

Секторот за насилен криминал при Одделот за организиран криминал ќе ги зајакне капацитетите за интегрирани финансиски истраги, насочени кон откривање, документирање и сузбивање на криминалните дејствија поврзани со финансиски трансакции, како и кон конфискација на приходи кои потекнуваат од криминални активности, како и активности насочени кон откривање на сторители на кривични дела, трговија со луѓе, криумчарење на мигранти, организирање група за криумчарење на мигранти, изнуда. Со цел воспоставување на база на податоци за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, ќе се воспостави унифициран систем за доставување на унифицирани информации кои се однесуваат на овој вид кривични дела од страна на сите сегменти во МВР.

Секторот за криминалистичка анализа при МВР работи на докомплетирање на базите на податоци за криминалистичко - разузнавачка анализа, обука на персоналот за работа со базите на податоци, како и на меѓуинституционална и регионална соработка.

Секторот за недозволена трговија со оружје и опасни материи при МВР ќе превзема координирани мерки и активности насочени кон откривање и насочување на сите организациони облици на недозволена трговија со мало и лесно оружје, оружје за масовно уништување, како и експлозиви од друг вид.

Покрај ова Одделение задолжено за спречување и појава на фалсификувани пари е и Одделението за испитување на спорни документи при Одделот за криминалистичка техника кое работи на обезбедување на докази за утврдување на фалсификат на странски банкноти и ковани пари со спроведување на соодветна техничка анализа. Во ова Одделение планирани се 5 работни места, од кои 4 се пополнети.

Согласно Законот за следење на комуникациите претстои операционализирање на Одделението за електронско набљудување и негово кадровско екипирање со 16 извршители (9 со преземање и 7 нововработени).

Со оглед на специфичноста и карактерот на работните задачи на Секторот, во тек се континуирани ангажмани за селекција на извршители во Одделението за следење и оперативно извидување и Одделението за прикриени операции кои на ротирачка основа добиваат ангажман во Секторот. Се предвидуваат активности од примена на специјални истражни мерки за доопремување, набавка на специјални возила и специјални станици за оперативците. Истовремено, Секторот за специјални истражни техники ќе ја интензивира соработката со ЈО, истражните судови, како и меѓународната соработка.

За потребите на Одделението за борба против компјутерски криминал, со цел постигнување на целосна ефикасност во работењето констатирани се потреби од набавка на: 3 моќни компјутерски конфигурации, со лиценциран оперативен систем и неограничен Интернет пристап (ADSL инсталирана во просториите на одделението); 2 преносни лап-топ компјутери со неограничен безжичен Интернет пристап и Kit опрема; специјализирани лиценцирани софтвери за анализа; и доопремување со специјализирана опрема и возила.

До крајот на 2007 година ќе се формира и развива интегриран систем за извршување на полициските работи врз основа на разузнавачки податоци добиени со криминалистичко - разузнавачка анализа за меѓуресорска употреба во борбата против организираниот криминал, вклучувајќи ја и недозволената трговија со луѓе, оружје и droги.
Целокупната соработка на МВР со органите со посебни овластувања, посебно со Јавното обвинителство на Република Македонија - Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата е на завидно ниво, а со Дирекцијата за спречување на перење на пари, Управата за јавни приходи и Финансиската Полиција, ќе се унапредува по однос на размена на информации и податоци со цел преземање ефикасни заеднички мерки на терен, квалитетно документирање и доставување на доказниот материјал до Јавното Обвинителство на Република Македонија.

Со цел изработка на единствена платформа за соработка на органите со посебни овластувања, се изготвува Протокол со Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи, а веќе е потпишан Протокол со Управата за јавни приходи.

Од есенцијално значење при усогласувањето со минималните стандарди за елиминирање на трговијата со луѓе е воспоставувањето на бази на податоци за оваа категорија лица, како и соработка со земјите од регионот и пошироко во однос на истрагата и гонењето на сторителите на тешките форми на овој облик на организираниот криминал.

Со Стратегијата за спроведување на Законот за заштита на сведоци и Финансискиот план потребно е: просторно сместување на Одделението, материјално - техничкото опремување и проекти поврзани со спроведување на мерките за заштита (согласно чл. 26 од Законот за заштита на сведоци).

За кадровско доекипирање на Финансиската полиција во 2007 година ќе има 5 вработувања со преземање и 3 нови вработувања.

Исто така неопходна е потребата од нови вработувања во Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција при Јавното обвинителство и во таа насока предвидено е кадровско доекипирање со 6 вработени од кои 3 носители на јавнообвинителска функција, 2 советника и 1 во логистичките служби. Во текот на 2007 година во рамки на Твининг проектот при ЈО, ќе се реализираат повеќе конференции, семинари, работилници и обуки од областа на организираниот криминал, со учество на околу 50 експерти.

**Борба против тероризмот**
Изработка на Елаборат за формирање на антитерористички тренинг центар (за обука), во рамките на Одделот за антитероризам односно Управата за безбедност и контраразузнавање.

**Соработка во областа на дрогите**
Ќе се воспостават два нови центри:
- ***Национален Центар*** кој во својот делокруг ќе опфаќа два сегменти: еден за следење на дроги и зависности од дрога, а во другиот сегмент ќе опфаќа превентивни активности поврзани со дрога. Овој Центар ќе биде поврзан со Европскиот центар за следење на дроги и зависности од дрога во Лисабон. Покрај прибирањето, обработката и следење на податоците истиот ќе опфати и изготвување на извештаи за дроги во согласност со критериумите на EMCDDA, односно покрај петте епидемиолошки здравствени индикатори, ќе бидат вклучени и податоците од МВР и Царинските органи. Лоцирањето на овој Центар ќе биде во Републичкиот завод за здравствена заштита. Координативните активности на Центарот ќе ги извршува Бирото за лекови, Министерство за здравство. За потребите на Центарот ќе бидат активирани лицата од Републичиот завод за здравствена заштита, Градските заводи за здравствена заштита, Одделенијата за аналитика при МВР и Царинските органи, кои и досега ја извршувале оваа работна активност.
Во поглед на превентивните активности, во соработката ќе бидат вклучени Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика
Во Центарот ќе се вработи 1лице.

***- Национален Центар за третман, намалување на штети, социјална реинтеграција и ресоцијализација.***
За Национален центар се предвидува Дневната болница за третман на зависности лоцирана во општината Кисела вода. Оваа болница е во функционална поврзаност со Психијатриската болница Скопје. Како прва установа која го покрива третманот на зависностите, со својот капацитет, опременост и кадровска стручна спрема Дневената болница ќе прерасне во Национален центар за третман, намалување на штети, социјална реинтеграција и ресоцијализација. Овој Центар ќе има задача да ги координира работењето, стручната подготвеност, изработката на материјали за континуирана едукација на новоформираните центри за третман, намалување на штети, социјална реинтеграција и ресоцијализација на локално ниво. За функцијата на овие центри веќе се преземени кадри од институциите во рамките на општините кои веќе постојат и кои и досега вршеле слични активности.

Во Центарот ќе има 4 нови вработувања (високо стручен кадар и лица со средна стручна спрема - медицински сестри).

Во делот на МВР како институција имплементатор се врши континуирана обука за извршителите од Секторот за НТ со дрога во рамки на Националната CARDS Програма. Секторот за НТ со дрога ќе врши интензивирање на соработката со соседните земји во борба против дрогата со директна размена на информации и изведување на заеднички меѓународни операции.

Секторот за насилен криминал при Одделот за организиран криминал, ќе дејствува во насока на намалување на понудата и побарувачкта со дрога, пресекување на меѓународните канали на дрогата, спречување на парите кои потекнуваат од бизнисот со наркотици.

**Царинска соработка**
До крајот на 2007 година ќе има вработување на нови 20 лица во Царинската Управа на Република Македонија, кои во најголем дел од случаите се планира да бидат ангажирани во Центарот за автоматска обработка на податоци и по царинарниците во Република Македонија.

**Соработка во граѓански и кривични предмети**
Во 2007 година во Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда ќе има кадровско доекипирање во Одделението за екстрадиција со 1 вработен и Одделението за трансфер на осудени лица со 1 вработен.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
## ПРАВНА РАМКА
**Полициска соработка и борба против организиран криминал**
До крајот на 2008 година целосно ќе се компјутеризираат оперативните и работните евиденции од областа на аналитичките служби во седиштето на МВР и во подрачните организациони единици.

До јуни 2010 ќе се постигне целта 1:300 (полициски службеник: граѓани) и ќе има соодветна правична застапеност на сите заедници на полицијата.

Ќе има измена на постоечките подзаконски акти согласно Законот за финансиска полиција.

Ќе се заврши спроведувањето на Акцискиот план за реформа на полицијата, ќе се продолжи со надградба на опремата и ќе има засилена обука.

Во текот на 2008 година ќе се работи на натамошен развој во создавањето на база на податоци за човечките ресурси и имплементација на Стратегијата, а во 2009 ќе се зајакнат капацитетите за управување со човечките ресурси на сите нивоа, ќе се реализира обука на раководни кадри за потребите на управувањето со човечките ресурси, внатрешна ревизија, буџетско планирање, канцелариска работа и ракување со податоци и информации со податоци и информации.
Системот за управување со човекови ресурси во континуитет ќе се развива и ќе се имплементира Стратегијата.
На среден рок ќе се обезбеди натамошен развој на интегриран систем за криминалистичко разузнавање и засилување на можностите за водење на специјални истраги во борбата против организираниот криминал вклучувајќи недозволена трговија со луѓе, оружје и дроги.

На среднорочен план се планира донсесување на Закон за е-криминал (Cyber Crime).

**Борба против тероризмот**
Ќе се ратификува Конвенцијата на Советот на Европа против перење пари, претрага, заплена и конфискација на приходи од кривични дела и финансирање на тероризмот (потпишана на 17 ноември 2005).

Ќе се формира антитерористички тренинг центар (за обука), во рамките на Одделот за антитероризам односно Управата за безбедност и контраразузнавање.

**Соработка во областа на дрогите**
Усогласувањето на законодавството ќе продолжи преку донесување на подзаконски акти на Законот за котрола на опојни дроги и психотропни супстанции, со што ќе се изврши доуредување на постапките за регистрација на лековите кои содржат опојни дроги и психотропни супстанции, ќе се уреди начинот на водење на евиденции според листите на опојни дроги и психотропни супстанции и др. Ќе се склучат и меморандуми за соработка меѓу релевантните ресори и индустријата.

Реализација на Акциски план - фаза 2 (период 2008 - 2012 година), кој ќе опфати активности поврзани со конкретните процеси на имплементирање на целите на Националната стратегија (период од 5 години).
Во делот на дрогите ќе се реализираат и следните програмски активности:

1. Активности за превенција во семејниот систем
    1. Активности за превенција на работното место
    2. Активности за превенција во локалната заедница
    3. Активности за превенција во колективно организираните системи (интернати, студентски домови, касарни итн.)
    4. Активности за превенција во казнено поправни и воспитно поправни домови

**Царинска соработка**
Нехармонизираните области[44] ќе бидат конечно усогласени во рамки на втората ревизија на царинското законодавство, што значи дека Република Македонија ќе почне да ги применува нив како дел од *Acquis* на денот на влегување во Европската унија. Истовремено ќе отпочне имплементацијата на Заедничката Комуникациска Мрежа (Common Communication Network (CCN) и ќе се пристапи кон развивање на предлог за воведување на Нов Компјутеризиран Транзитен Систем (NCTS).
Ќе започнат и подготовки за ратификација и имплементација на Конвенцијата за взаемна помош и соработка помеѓу земјите членки на ЕУ од 1997 год. (Naples II) и Конвенција за користење на информатичка технологија за царински цели (CIS), а нивно конечно ратификување и имплементација ќе следи по влезот во ЕУ.

**Судска соработка во кривични и граѓански предмети**
Ќе се усогласи постапката за давање на меѓународна правна помош во граѓанските и кривичните предмети со следните ЕУ мерки: Брисел II, Конвенцијата од Лугано, Конвенција за јурисдикцијата и извршувањето на пресудите во граѓански и трговски предмети (Брисел, 27 септември 1968 година) со Протоколот од 1971 година – во најголема мерка заменета со Регулатива на Советот (ЕD) бр. 44/2001 од 22 декември 2000 година за јурисдикцијата и признавањето и извршувањето на пресуди во граѓански и трговски работи; 2001/470/ЕС како и со другите регулативи и одлуки на Советот на Европа.

[44] Овие области, посебно се однесуваат на: правилата за потекло на стоките-усвојување на правилата за непреференцијално потекло на стоките и на правилата што ги применува Европската унија во поглед на окупираните територии и правилата за примена на GSP; специјални правила и документи кои се применуваат на царинските стоки кои се движат помеѓу земјите членки; специјални правила за размена на различни видови на информации за спроведување на царинските прописи помеѓу земјите членки, или помеѓу земјите членки и Комисијата; специјални правила кои се дел на спроведувањето на Заедничката Земјоделска Политика

Конвенцијата за поедноставување на постапката за екстрадиција помеѓу земјите членки на Евопската унија, Европскиот налог за апсење, Европскиот налог за замрзнување на имот и докази, ќе биде обврзувачка за Република Македонија кога ќе биде земја членка на Европската унија, но тоа повлекува и измена на Уставот на Република Македонија, бидејќи во истата е предвидено екстрадиција на македонски државјани. Одредбите од конвенциите кои не се во спротивност со Уставот на Република Македонија и другите правни прописи можат да бидат инкорпорирани во домашното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Полициска соработка и борба против организиран криминал**

На среднорочен план ќе бидат спроведувани мерки и активности што се однесуваат на реализација на следниве приоритети:

- Развивање методологија и работа со систем за собирање и размена на оперативни податоци и заеднички пристап до базите на податоци, односно воспоставување систем и заедничка мрежа за размена на податоци меѓу органите со посебни овластувања.
- Согласно Законот за следење на комуникациите во рамките на Секторот за специјални истражни техники во Одделението за електронско набљудување ќе се доекипира, во 2008 со две лица, 2009 со едно лице и 2010 со едно лице и ќе се спроведе континуирана обука во соработка со разни меѓународни организации. Овој процес ќе биде придружен со соодветно материјално - техничко опремување со софистицирана опрема.
- Надградба на ИКТ систем - опрема односно два софтвери за потребите на Финансиската полиција (еден за оперативна анализа и еден за компјутерски експертизи) кои би чинеле околу 6.160.000,00 денари или 100.000,00 евра како и 616.000,00 денари или 10.000,00 евра потребни за одржување на годишно ниво.
- Во Секторот за финансиски криминал – одделение за ко=мпјутерски криминал и фалсификати во 2008 и 2009 година ќе се вработи по едно лице.
- Во Одделот за крим техничка се планираат две нови вработувања во 2008, шест во 2009 и шест нови вработени во 2010.
- Во текот на 2008 ќе има 3, 2009 - 4 и во 2010 4 нови вработувања во Финансиската полиција. Ќе има и обуки и едукација на постоечките и новопримените вработени кои ќе чинат 12.238.000,00 денари или 200.000,00 ЕУР.
- Во текот на 2008 година, во рамки на Твининг проектот во ЈО ќе се реализираат стажирања на 10 обвинители во Окружното Антимафија Биро во Рим.

**Борба против тероризмот**

Зајакнување на меѓуагенциската соработка, преку координирано учество и заеднички активности на безбедносните агенции, со цел успешно справување со тероризмот. Обука на вработените вклучени во борба против тероризмот и заштита на лицата кои отстапуваат информации поврзани со тероризмот, организираниот криминал, финансирањето на сомнителните активности и сл., итн.

**Соработка во областа на дрогите**

Во текот на 2008 година во Националниот центар за droги ќе се вработи едно лице, а во Националниот центар за третман, намалување на штети, социјална реинтеграција и ресоцијализација ќе се вработат во 2008 4 нови лица, во 2009 уште 4 и во 2010 3 нови лица.

Професионалците во образованието, социјалната помош, полицијата и судството, како родители и други членови на семејството да се здобијат со знаење и вештини во однос на превенцијата од користење на дрога и раното откривање и одговор на проблемот на користење на дрога.

Да се воведат специјализирани програми за едукација и обука од областа на дрогата, кои имаат за цел да го зголемат нивото на информираност, знаење и вештини кај оние дипломски, постдипломски програми и програми за постојано образование кои ги обучуваат професионалците кои играат улога во одговорот на проблемот со дрога.

**Царинска соработка**

РМ работи на креирање интегрален систем на разузнавање и заедничка база на податоци што ќе ја користат сите државни органи вклучени во борбата против организираниот криминал. Зголемувањето на капацитетот на царината за борба против прекуграничниот криминал е приоритет на овој план. За поефикасната царинска соработка ќе се обезбеди соодветно ниво на инфраструктура и опрема, вклучувајќи компјутеризација и соодветни капацитети за истраги, како и востановување на ефикасна царинска организација со доволен број квалификувани и мотивирани кадри со висок степен на интегритет.

Во таа насока ќе има реорганизација и доекипирање на царинската служба кои ќе овозможат:

- усвојување на законодавството кое се однесува на организацијата на царинската служба;
- обезбедување на висок степен на соработка помеѓу царинската, даночната и другите државни служби;

- воспоставување на ефикасна царинска контрола особено во делот на криумчарењето и прибирањето на јавните давачки;
- дообученост на царинската служба, особено на вработените во Секторот за контрола и истраги, со цел успешно следење на најновите трендови на организиран и друг вид на криминал;
- регулирање на статусот, платите како и можноста за унапредување на високо квалификуваните и мотивирани вработени со висок степен на одговорност и професионалност;
- поддршка на информационен систем, споредлив со структурата на Информациониот систем на Европската унија.

Реорганизацијата и стручната обука на царинската служба за ефикасно и правилно прибирање на директните приходи на Европската унија, како и заштитата и надзорот на надворешните граници на Европската унија се основни цели кои треба да се постигнат од страна на Царинската управа во исполнувањето на обврските кои произлегуваат од членството во Европската унија.

**Судска соработка во кривични и граѓански предмети**

Кадровското зајакнување во 2008 година, во Одделението за екстрадиција со 1 вработен и во Одделението за трансфер на осудени лица со 1 вработен. Ќе има обука на вработените во Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда. За 6 лица, кои ќе работат во Одделението кое ќе ја покрива кривичната материја, ќе има обука за практична примена на Конвенциите за екстрадиција со протоколите, Конвенцијата за трансфер на осудени лица со протоколот, Конвенцијата за меѓусебна правна помош во кривичната материја со протоколите, а  за 6 лица кои ќе работат во Одделението кое ке ја покрива ѓраѓанската материја, обука за примена на ЕУ акти и тоа 32001R0044, Конвенција за меродавното право во договорни односи ( Рим 1980) и на Законот за меѓународно приватно право.

## СТРАНСКА ПОМОШ

**Надворешни граници**

- Обезбедување опрема за потребите на граничната полиција: “Телекомуникациска опрема ТЕТРА”-CARDS 2004, со кој е предвидено да се набави радио-комуникациски систем. Вкупна вредност на проектот е 9.000.000,00 евра и истиот е планирано целосно да се реализира до средина на 2006 година. Со операционализација на проектот ќе се овозможи ставање во функција на:
- Мобилен репетитор за специјални операции и посебни ситуации;
  - Средства за врски/Моторола ГП 340 и базни станици ГМ 360;
  - Централното поврзување на сите Полициски станици за обезбедување на државната граница и Полициски станици за гранична контрола, а воедно и со останатите корисници на Министерството за внатрешни работи преку „Лотус„ системот.
- Преку CARDS-Твининг проектот на Европската комисија “Советодавна поддршка на реформата на полицијата”, ќе биде дадена помош за изработка на дел од подзаконските акти што треба да се донесат врз основа на Законот за надзор на државната граница.

**Визна политика и надворешни миграции**

Законот за  вработување на странци ќе биде потпомогнато со експертска помош преку TAIEX експертиза.

Финансирањето на проектот за воспоставување на Националниот визен информациски систем за визно работење со Визен центар во МНР ќе се реализира преку CARDS програмата за 2006 година за која веќе има изработено feasibility студија. За реализација на првата фаза од овој проект понудена е донација од Луксембург во висина од 250.000,00 евра.

Обуката за вработените во Визниот центар ќе се остварува преку CARDS 2006 програмата.

Во делот на активностите на *Државниот завод за статистика* преку Регионалниот CARDS 2003 би се реализирала обука и учество на семинари за правилно следење на препораките и донесувањето на новите регулативи за миграции кои се во процедура.

**Азил**

За изградбата на Прифатниот центар обезбедени се средства од Националниот CARDS проект 2002 година во висина од 1.207.581 евра.

**Полициска соработка и борба против организиран криминал**

Во тек се следниве проекти:

- Твининг проект – “Советодавна поддршка на Реформата на полиција” – (КАРДС 2004).
- Реформа на полицијата - македонска полициска единица за брзо распоредување(КАРДС 2005) -6500000 ЕУР.
- Поддршка на Полициската академија (фаза 2) (КАРДС 2003).
- Полициската академија -Твининг проект: “Развој на полицискиот едукативен систем” (КАРДС 2004)
- Проект КАРДС 2005 Твининг – Поддршка на ЈО: Организиран криминал (предвидени се 1.400.000 ЕУР) – ориентиран кон јакнење на капацитетот на Одделение за гонење сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата.(од декември 2006 до декември 2008).

- Проект за ,,Поддршка на развојот на управувањето со полициската евиденција и капацитети за форензичка анализа во рамки на Националниот CARDS 2004 година во вкупен износ од 4.000.000,00 евра. Дел од овие средства (2.000.000,00 евра) се наменети за Институтот за судска медицина.
- Проект КАРДС 2003 Опрема за обезбедување - опрема за заштита на сведоци основен суд Скопје 1
- Регионален проект за ,,Спречување на организиран криминал,, каде се реализираат активности за спречување на меѓународен организиран криминал, со фокус на трговијата со луѓе и криумчарење на мигранти, преку оперативна асистенција, совети, обука за разузнување и опрема за Одделот за организиран криминал на ниво на Министерство.
- Регионален проект во организација на МВР на Република Австрија - Поддршка на земјите од ЈИЕ за зајакнување на капацитетите на полицијата со цел да се намали трговијата со луѓе, криумчарењето на луѓе и илегалната миграција
- МВР: Регионален проект ( Финска)- Борба против трговија со луѓе, превенција и активности за подобрување на способностите на Косово и РМ
- МВР: Резиденција 2005 - ОБСЕ, УСАИД
- МВР: Развој на базата на податоци за трговијата со луѓе - Амбасада на САД - ИЦИТАП
- МВР: Програма за зајакнување на одговорот на трогијата со луѓе во ЈИЕ, собирање на податоци и менаџмент на информации - Швајцарија, Норвешка
- PHARE компензациони фондови - МФ_ФП: Зајакнување на финансиска полиција

За I квартал од 2007 година се планира да отпочне Проект ,,Зајакнување на регионалната судска и полициска соработка. Средствата за проектот се предвидени во рамки на Регионалниот CARDS 2006 година во вкупен износ од 2.500.000,00 евра.

**Соработка во областа на дрогите**

Во тек е CARDS 2003 Твининг проектот за зајакнување на капацитетите во борба против дрогите од околу 1 000 000 евра (напомена: не е предвидено обезбедување на опрема).

**Царинска соработка**

Република Македонија веќе активно користи определени форми на техничка помош во рамките на техничката помош CARDS од Европската унија (CAFAO-МАК). Оваа помош се реализира преку CAFAO-МАК Проектот во Република Македонија, кој изнесува 2 милиони евра[45] за фискалната 2006 година. CAFAO-МАК Мисијата е тим на царински експерти од земјите-членки на ЕУ кои и даваат техничка поддршка на Царинската управа во модернизацијата и создавањето комплетно оперативна царинска дејност во согласност со европските стандарди. Тимот, кој е составен од меѓународни експерти, е наречен Канцеларија за Царинска и Фискална помош на Македонија (CAFAO-МАК), а освен што доставува опрема и специјалистички обуки, исто така работи заедно со своите македонски колеги на терен, за да се поттикне пренесување на вештини и знаења, со техники за обука за време на извршување на работата. CAFAO-МАК е насочен кон царинското законодавство, управување со човечки ресурси, обука и примена на царинскиот закон.
Исто така, одредена билатерална помош се користи во рамките на твининг проектот со Царината на Кралството Холандија во периодот од 2005 до 2008 година. Истиот изнесува околу 500.000 евра, а средствата ќе се користат согласно договорените програмски активности.

**Судска соработка во кривични и граѓански предмети**

Република Македонија веќе активно користи определени форми на техничка помош во рамките на ДПК/USAID и CARDS 2003:
- Проект ДПК/USAID - *Модернизирање на судството* (продолжен до септември 2007 година)
- Проект CARDS 2003 регионален – *Воспоставување на независно, сигурно и функционално судство и унапредување на судската соработка меѓу државите од Западен Балкан* (продолжен до април 2007година), за примена на Законот на меѓународно приватно право.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 06001: Министерство за внатрешни работи | МВР: Сектор за заштита на сведоци/ Одделение за заштита на сведоци; | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МВР: Сектор за криминалистичко-разузнавање и анализа | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

[45] *Со овој проект, освен Царината, ќе се покрие и дел од областа на даноците. Поделбата на средствата се уште не е договорена.*

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | МВР: Сектор за специјални истражни техники/ Одделение за следење и оперативно извидување + Одделение за прикриени операции. | 64 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МВР:Сектор за финансиски криминал | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | НОВА: Тренинг центар за антитероризам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МВР: Сектор за финансиски криминал/ Одделение за компјутерски криминал и фалсификати (заштита на интелектуална сопственост) | 2 | 2 | 1 | 1 | 0 | 4 |
| | МВР: Сектор за специјални истражни техники/ Одделение за електронско набљудување | 0 | 3 | 2 | 1 | 1 | 7 |
| | МВР: Оддел за граѓански работи/ Одделение за азил | 9 | 0 | 1 | 1 | 3 | 5 |
| | МВР: Оддел за граѓански работи/ Оделение за странци | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | НОВА: Сектор за гранични прашања (Прифатен центар за странци) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МВР: Оддел за криминалистичка техника/ Оделение за испитување на спорни документи | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | МВР: Оддел за крим техника | 70 | 0 | 2 | 6 | 6 | 14 |
| | МВР: Сектор за ЕУ | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МВР: Сектор за правни и кадровски работи | 32 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| | МВР: Сектор за управно - надзорни работи | 27 | 0 | 1 | 2 | 3 | 6 |
| | МВР: Сектор за гранични работи | 2351 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 06001: Министерство за внатрешни работи Вкупно | | 2600 | 6 | 8 | 12 | 13 | 39 |
| 08001: Министерство за надворешни работи | МНР: Сектор за конзуларни работи | 0 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| | МНР: Сектор за визен центар/одделение за визен центар (Национален визен центар) | 25 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| 08001: Министерство за надворешни работи Вкупно | | 25 | 6 | 6 | 4 | 4 | 20 |
| 09001: Министерство за финансии | ФП: Финансиска полиција | 13 | 3 | 3 | 4 | 4 | 14 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 13 | 3 | 3 | 4 | 4 | 14 |
| 15001: Министерство за труд и социјална политика | МТСП: Сектор за социјална заштита/ Одделение за заштита на хуманитарно згрижени лица - бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица, мигранти, лица вратени со реадмисиони договри и хуманитарна подршка (формирана во 2006) | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | НОВА: Прифатен центар за баратели на АЗИЛ | 0 | 3 | 3 | 1 | 0 | 7 |
| 15001: Министерство за труд и социјална политика Вкупно | | 1 | 4 | 4 | 2 | 1 | 11 |
| 19001: Министерство за здравство | НОВА: БЛ_РЗЗЗ: Национален центар за дроги (контакт со Европскиот центар за следење дроги Лисабон | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| | БЛ: Биро за лекови (3.24) | 10 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| 19001: Министерство за здравство Вкупно | | 10 | 4 | 4 | 2 | 2 | 12 |
| 31010: Јавно обвинителство на РМ | ЈО: Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа организиран криминал и корупција | 9 | 6 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| 31010: Јавно обвинителство на РМ Вкупно | | 9 | 6 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| ДКДРОГА: Давна комисија за дроги | ДКДРОГА: Државна комисија за борба против илегално производство, трговија и злоупотреба на дрога | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДКДРОГА: Давна комисија за дроги Вкупно | | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ИГУ: Интегрирано гранично управување | НКИГУ: Национаона комисија за интегрирано гранично управување (НК_ИГУ) | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | НОВА: НКЦ_ИГУ Национален кооринативен центар за ИГУ | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ИГУ: Интегрирано гранично управување Вкупно | | 27 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ИМТЛ: Националн комисија за борба против илегална миграција и трговија со луѓе | НКТРГ. Национална комисија за борба против илегална миграција и трговија со луѓе | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ИМТЛ: Националн комисија за борба против илегална миграција и трговија со луѓе Вкупно | | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ФЗО: Фонд за здравствено осигурување | ЦЕНТРИ_дроги: Националнен центар за третман (Центри за лекување зависности), превенција на дроги | 0 | 4 | 4 | 4 | 3 | 15 |
| ФЗО: Фонд за здравствено осигурување Вкупно | | 0 | 4 | 4 | 4 | 3 | 15 |
| **ВКУПНО** | | **2710** | **33** | **29** | **28** | **27** | **117** |

# 3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ИСТРАЖУВАЊЕ**

Во насока на проекција на научно-истражувачката дејност, во јуни 2006 година Владата на Република Македонија ја усвои Програмата за научно-истражувачка дејност 2006-2010.Таа преставува платформа за дејствување на сите субјекти и поединци кои се занимаваат со наука или чие функционирање зависи од оваа дејност. Програмата за научно-истражувачка дејност 2006-2010 нуди мерки кои државата треба да ги превземе во финансиски, правен и институционален смисол со цел да обезбеди развој на науката и истражувањето. Програмата нуди нов проактивен пристап во меѓународната соработка, со посебен осврт на зголемување на учеството на Република Македонија во проектите од рамковните и од другите програми на Европската Унија.

Дел од Програмата за научно-истражувачка дејност 2006-2010, се однесува на поврзаноста на науката со стопанството. Во него се предложени мерки и активности за интензивирање на оваа соработката односно за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

**РАМКОВНИ ПРОГРАМИ**

Република Македонија на покана од Европската комисија ја започна соработката за учество во Рамковните програми**.** Република Македонија се вклучи во последната година од реализацијата на Четвртата рамковна програма во периодот 1998/99 година. Учеството во оваа рамковна програма беше симболично за научно - истражувачките институции. Во Петтата рамковна програма**,** Република Македонија учествуваше во период од 1999 до 2002 година и оттогаш наваму учеството се реализира непречено со растечки интензитет. Во овој период единствениот инструмент кој беше отворен за учество беше INCO COPERNICUS. Научно - истражувачките институции од Република Македонија учествуваа во 40 апликации, од кои 13 беа одобрени и финансирани. Во Шестата рамковна програма Република Македонија учествува од 2003 до 2006 година, како трета земја на проектна основа. Во првите две години од реализацијата на програмата (2003 и 2004 година) учеството беше на ниско ниво заради: недоволниот број на вработени во Министерството за образование и наука кои работеа на програмата, немањето соодветна обука за имплементација на програмата, немањето мрежа на национални контакт точки кои би ги дисеминирале информациите и услугите до крајните корисници. Пресвртница во нашето учество преставува влегувањето во проектот ERA WEST BALKAN во мај 2004 година, во рамките на Шестата Рамковна Програма, кој имаше за цел да ја зголеми успешноста и квалитетот на учеството на РМ преку поставување мрежа на национални контакт точки, нивна соодветна обука и подигнување на нивото на квалитетот на информирањето и услугите кон научно - истражувачката јавност. Номинирани се 4 национални контакт точки, а Министерството за образование и наука формираше и мрежа од 20 институционални контакт точки.

Министерството за образование и наука креираше сопствена интернет страница за Шестата рамковна програма (www.mon.gov.mk/fp7.asp**),** како и база на податоци за научно - истражувачкиот потенцијал во Република Македонија (www.westbalkanresearch.net).

На истекот на Шестата рамковна програма Република Македонија 42 апликации беа одобрени со вкупен буџет од 4.255.286 евра.

Во текот на 2006 година во рамки на Повикот за изградба на капацитети на земјите од Западен Балкан, Република Македонија учествуваше со 23 апликации од кои 3 успешни проекти со вкупен буџет од 1 милион евра ќе ја започнат својата реализација во 2007 година. Проектите ќе се реализираат на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на Природно - математичкиот факултет - Институтот за хемија, Електротехничкиот факултет и Ветеринарниот факултет. Со средствата ќе се обезбеди квалитетна надградба на научно - истражувачката опрема и ќе се вработат 7 млади истражувачи.

Во текот на 2006 година, Република Македонија започна со активности за подготовка за учество во Седмата рамковна програма, како земја со асоцијативен статус. Министерството за образование и наука го зајакна својот институционален капацитет со определување на 3 лица кои ќе работат на програмата. Зајакната е и мрежата на националните контакт точки, согласно националните приоритетите усогласени со приоритетите на програмата. Во буџетот на Република Македонија за 2007 година се предвидени финансиски средства за информативни кампањи во висина од 20.000 евра.

**ЕВРОПСКА ИСТРАЖУВАЧКА ОБЛАСТ**

Република Македонија, на свое барање, на 148-от состанок на COST, што се одржа на Кипар на 13 и 14 мај 2002 година, едногласно , по скратена постапка е примена како рамноправна членка.

Од приемот на РМ во COST во мај 2002 година, остварени се следните постигнувања:

- Остварено е вклучување и соработка на начниците во истржувачките тимови од најдобрите европски и светски истражувачки центри.
- Остварен е придонес за поттикнување на младите истржуважи да престојуваат на престижни европски начно-исржувачки центри по пат на размена.
- Остварено е финансирање за учеството на истражувачи во акциите на COST со финансиска поддршка од фондовите на COST и публикување на нивните истражувачки резултати на европско ниво во вид на годишни и завршни извештаи, извештаи од работилници и финали конференции.
- Ошта оценка е дека преку COST е дадена можност за учество на научни кадри од РМ во т.н. “Network of excellence” и на тој начин рамноправно да конкурираат за добивање на грантови за истржување од рамковните програми на ЕУ и други европски и светски научно-истраувачки програми.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИСТРАЖУВАЊЕ**

- Нов Закон за научно -истражувачка дејност. Со овој закон ќе се уредуваат начелата, целите и облиците на организирањето и управувањето во научно-истражувачката дејност, условите за вршење на оваа дејност, како и оспособувањето и усовршувањето на научно-истражувачките кадри. Во овој закон ќе се утврдат обврските кои ќе се финансираат од државниот буџет и од други извори (меѓународни програми и фондови, единиците на локалната самоуправа и стопанството) и кои што ќе бидат насочени кон постигнување на целите на оптшествениот и стопанскиот развој на Република Македонија. Со Законот ќе бидат уредени и етичкиот аспект на научно-истражувачката дејност, детерминирање на критериумите за центрите на одличност, условите за соработка во науката помеѓу јавниот и приватниот сектор и формирање на единствена база на податоци во науката.
- Во рок од 3 месеци по стапувањето на сила на Законот за научно истражувачка дејност , Министерството за образование и наука ќе ги донесе нови подазконски акти во научно-истражувачката дејност:
- - Правилник за утврдување на условите и критериумите за доделување средства за поттикнување и помагање на научно-истражувачката дејност
- - Правилник за утврдување на условите и критериумите за доделување средства за реализација на годишните програми за работа и развој на јавните научни установи
- Правилник за утврдување на условите и критериумите за доделување средства за создавање на научно-истражувачки кадри
- Правилник за водењето на базите на податоци од областа на научно истражувачка дејност
- Правилник за утврдување на условите и критериуми за прогласување на центри за одличност.
- Формирање на Совет за развој на Република Македонија кое ќе биде експертско советодавно тело на Владата на Република Македонија. Советот ќе ги користи научните сознанија во креирањето на развојната политика на државата.
- Формирање на Одбор за етичност. Одборот ќе донесе етички кодекс со кој ќе се утврдат етичките начела во научната работа. Задача на Одборот ќе биде следење и оценување на примената на етичките начела и вредности во научно-истражувачката дејност и технолошкиот развој.
- Прогласување центри за одличност за определен временски период.
- Нов Закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.
- Во рок од три месеци по влегување во сила на законот, ќе се донесе нов Правилник за условите, критериумите и начинот на користење на средствата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со кој ќе бидат утврдени условите и критериумите за доделување на средства за финансирање на дејност.

**Рамковни програми**

- Потпишување на Меморандум за разбирање со Европската Комисија за учеството во Седмата Рамковна Програма
- Зголемувањето на апсорбциониот капацитет на научно- истражувачките институции за подготвување на успешни апликации и успешно вклучување во програмата.
- Организирање на информативни кампањи и обуки на националните контакт точки и истражувачите од областа на проектното менаџирање, подготовката на предлог проектите, финансиските прашања како и прашањата на интелектуалната сопвеност.
- Зголемување на буџетот за наука, особено во делот на националната партиципација за учеството во рамковните програми.

**Европска истражувачка област**

- Одржување на Инфо ден за COST програмата за научната јавност
- Одржување на Конференција за COST програмата, со намера да се зголеми бројот на проектите во оваа програма за уште десет
- Интензивирање на Промоцијата на COST програмата, со цел за зголемување на бројот за уште 20 проекти
- Пилот заеднички конкурс од областите земјоделие и биотехнологија, екологија и информатичка технологија.
- Одржување на Инфо ден за Пилот заедничкиот конкурс

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**Истражување**

- Реализацијата на приоритети во однос на зголемување на вложувањата во научно-истражувачката инфраструктура како услов за примена на современи методи на истражување преку модернизација на постојната научно-истражувачка опрема и збогатување на библиотечните фондови со научни книги и списанија
- Обезбедување континуиран, лесен и брз пристап до Интернет за науно-истражувачките институции, како еден од императивите за подобро вклучување во Европскиот истражувачки простор (ЕРА)
- Програма за технолошки развој со која ќе се проектира политиката и ќе се утврдат насоките на државата во функција на технолошкиот развој. Во оваа програма ќе се предложат мерки, кои од законски, институционален и финансиски аспект ќе го поттикнуваат и помагаат технолошкиот развој преку поддршка на развојно-истражувачки и иновациски проекти/програми особено на стопанските субјекти, носители на развојот. Во програмата ќе се лоцираат мерки за поуспешно учество во меѓународните програми поврзани со поддршка на развојноистражувачките активности. Од Програмата за технолошки развој треба да призлезе обврската за зголемување на издвојувањата во буџетот за развојни истражувања и нивно користење врз строго селективна основа, само во случај на проекти поврзани со прифатените развојни цели и приоритети на државата.

**Рамковни програми**

- Партиципирање на научно-истражувачките институции од Република Македонија во сите акции поддржани од Седматта рамковна програма.
- Зголемување на процентот на издвојувањата за науката и истражувањата со цел да се реализираат препораките од Европската Комисија за поголеми издвојувања од националните буџети во науката.
- Изготвување на документ за Интегрираната истражувачка политика

**Европска истражувачка област**

- Интензивирање на Промоцијата на COST програмата, со цел зголемување на бројот за уште 10 проекти
- Заеднички конкурс за научно –истржувачки проекти од тематските области на Седмата рамковна програма
- Одржување на Инфо ден за Заедничкиот конкурс
- Одржување тематска конфернција за Заедничкиот конкурс на SEE ERA NET
-

| **ИНСТИТУЦИЈА** | **Сектор/ одделение** | **Состојба 31.12.2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16001: Министерство за образование и наука | МОН: Сектор за наука и технолошки развој | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| 16001: Министерство за образование и наука Вкупно | | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| **ВКУПНО** | | **3** | **3** | **3** | **2** | **2** | **10** |

# 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Основно и средно образование**

Во насока на продолжување на реформите во образованието, донесен е Законот за Бирото на развој на образованието (Службен весник на Република Македонија бр.37/06) со кој се уредени не само надлежностите, туку се допрецизирани и одговорностите на Бирото за развој на образованието. При неговата изработка земена е во предвид Препораката на Европскиот Парламент и Советот од 12.02.2001 за европска соработка за квалитетно оценување во училишното образование.

Донесен е и Законот за стручното образование и обука (Службен весник на Република Македонија бр.71/06).Со овој закон се промовира и актуелизира стручното образование и обука. Истиот претставува основа за донесување квалитетни наставни планови и програми кои се базираат на технолошкиот развој, вклучување на деловната заедница и локалната власт како активни учесници во креирање на политиката на стручното образование и обука (преку формирање на Национален совет за стручно образование и обука), донесување на стандарди на знаења и изготвување на каталог на занимања. Донесувањето на Законот беше иницирано и потпомогнато од страна на КАРДС програмата, преку проектите ВЕТ 2 и ВЕТ 3 и Проектот ,,Унапредување на стучното образование во техничките занимања, (ГТЗ) финансиран од Владата на Република Германија.

Во Законот за стручно образование и обука земени се во предвид Одлука на Советот од 2.04.1963 за утврдување на општите начела за спроведување на заедничка политика за стручно образование (63/266/ЕЕЗ) и Одлука на Советот од 16.07.1985 за споредбеност на квалификациите на стручната обука помеѓу земјите - членки на Европската заедница (85/368/ЕЕЗ)

Донесени се измени и дополнувања на Законот за основното образование и Законот за средното образование (Службен весник на Република Македонија бр.35/06)

Во април 2006 година, усвоена е Национална програма за развој на образованието и придружните програмски документи, а во мај 2006 година донесена е Програмата за образование на возрасните во Република Македонија во контекст на доживотно учење.

Согласно Законот за стручно образование и обука со Одлука на Владата на Република Македонија, во август 2006 година формиран е Центарот за стручно образование и обука. Во Центарот се усогласуваат и интегрираат државните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Република Македонија. Центарот ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука.

Во Република Македонија продолжија да се пренесуваат надлежностите во образованието од централната на локалната власт. Со одлука на Владата на Република Македонија на општините им беа предадени училишните објекти и опремата во нив. Со цел поуспешно локалните власти и директорите на основните и средни училишта да управуваат со образовните установи, Министерството за образование и наука акредитира шест специјализирани кои вршат обука на директорите и кандидатите за директори на основните и средни училишта. Со ова започна процесот на професионализација на менаџерскиот кадар во образованите установи.

Во април 2006 година во 23 средни училишта се спроведе Пилот државна матура за македонски јазик и литература, албански јазик и литература и турски јазик и литература, а во ноември 2006 година се спроведе втората Пилот државна матура за англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик и математика. Сега е во постапка евалуација на инструментите за оценувањето на знаењата на учениците.

**Високо образование**

Областа на високото образование е уредена со Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 64/00) и Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија"број 49/03). Заради усогласување со Законот за едно-шалтерскиот систем, на крајот на 2005 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 113/05)

Во април 2006 година Владата на Република Македонија ја донесе Програмата за развој на високото образование, како дел од Националната програма за развој на образованието.

Во 2006 година Одборот за акредитација на високото образование изврши акредитација на еден проект за основање на 5 нови факултети ( покрај веќе постојните пет) без правен субјективитет во состав на постојниот приватен Европски универзитет- Скопје и 5 нови проекти за основање на приватни високообразовни установи во Скопје (Универзитет “Американ Колеџ” “- Скопје и Факултет за туризам”- Скопје, Висока стручна школа за италијански дизајн”- Скопје, Нов балкански факултет”- Скопје и Нов балкански факултет за технички науки”- Скопје, како самостојни високообразовни установи, надвор од универзитет. Од октомври оваа година започнаа со работа Универзитетот “Американ Колеџ”- Скопје и Факултетот за туризам”- Скопје.

За учество на Република Македонија во Програмите на Заедницата, Министерството за образование и наука е назначено како национално координативно тело за учество во Програмите на Заедницата од областа на образованието и обуката.

**Млади**

Имајќи ги во предвид меѓународните искуства и востановената практика на институциите и невладиниот сектор во Република Македонија, под терминот млади во Република Македонија се подразбира посебна социо-етичка категорија на населението на Република Македонија, на возраст од 15 до 24 години. Под терминот младинско здружение на граѓани се подразбира секое здружение на граѓани кое е раководено од млади луѓе, работи со и за младите луѓе.

Со цел поддршка на младинските здруженија на граѓани, во рамките на Агенцијата за млади и спорт донесен е Правилник за финансирање на проекти од областа на младите со кој се уредуваат начинот и видовите активности кои можат да се финансираат со средства од државниот буџет преку Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија. Приоритетните области на финансирање се утврдуваат секоја година согласно развојните приоритети на државата за соодветната тековна година.

Со цел да се поддржи општиот развој на младите, Владата на РМ во 2005 година донесе Национална стратегија за млади на Република Македонија со која се утврдуваат темелните вредности на младинската политика, приоритетите и приоритетните области на Република Македонија во развојот на младите, институционалната рамка за нејзино спроведување, како и специфични краткорочни и долгорочни приоритети и акции во секоја приоритетна област поединечно. Со оваа стратегија, како дејности од посебен интерес за младите беа определени: образованието и тренингот, неформалното образование, младинското претприемништво, партиципацијата во јавниот живот и информирањето, културата и развојот на младите на локално ниво.

Средства за реализација на конкретни активности и проекти од Стратегијата се определуваат од буџетот на Република Македонија и се распределуваат со Годишната програма за поддршка на проекти на здруженија на граѓани од областа на Младите.

Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија (Закон за организација и работа на органите на државна управа: Сл. Весник на РМ бр. 58 /2000) е надлежен самостоен орган на Владата на Република Македонија кој ги врши работите кои се однесуваат на развојот на младите и нивното градење како активни граѓани и психо-физички здрави индивидуи.

Во рамките на агенцијата воспоставен е Сектор за млади, во кој функционираат *Одделение за меѓународна соработка* (надлежност: учество на меѓународни форуми, младински размени и проекти) и *Одделение за младинска политика* (надлежност: имплементација на националната стратегија за млади и соработка со здруженија на граѓани).

**Култура**

Со Законот за културата (Службен весник на РМ бр.49/03 и 82/05) се уредуваат основите на културата како темелна вредност на Република Македонија, облиците на остварување на културата, начинот и условите на нејзино финансирање, како и други прашања од интерес за културата. Културата ги опфаќа творештвото, објавувањето на уметничкото творештво и заштитата и користењето на творештвото.

Дејности од областа на културата се дејности за објавување и дејности за заштита и користење. Дејности за објавување се издавачката дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, филмската, галериската дејност, дејност на домови на културата и дејност за посредување во културата.Дејности за заштита и користење на творештвото се дејности за заштита на недвижното културно наследство и дејности за заштита на движното културно наследство (музејска, библиотечна и кинотечна дејност).

Односите во областа на заштитата на културното наследство се регулирани со Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр.20/04 и 71/04). Со овој закон се уредуваат видовите, категориите, начините на ставање под заштита и другите инструменти за заштита на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на културно наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот и

други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот на заштита на културното наследство во РМ.
Потребата за усогласување на вршењето на музејската и библиотечната дејност со Уставот на Република Македонија, Законот за културата, Законот за локалната самоуправа и Законот за заштита на културното наследство беше причина за донесување на Законот за музеите и Законот за библиотеките ("Сл.весник на РМ" бр.66/04), Законот за меморијалните споменици и спомен - обележјата (Сл.весник на РМ бр.66/04) со што се изгради нов систем за вршење на дејноста на музеите и библиотеките.

Со донесувањето на законот и подзаконските акти од областа на заштитата на културното наследство се создадени услови за имплементација на Резолуцијата на Советот на Европската унија 32002Г0706 (02) за зачувување на утрешниот спомен,сеќавање-зачувување на дигитална содржина за идните генерации.

Една од надлежностите на Управата е и водењето на Националниот регистар на културно наследство и Информативниот систем за културно наследство во Република Македонија.

Согласно Законот за заштита на културното наследство установи за заштита на недвижното културно наследство се: Националниот конзерваторски центар како матична установа и 6( шест) конзерваторски центри за подрачјето за кое се основани. Установи за заштита на движното културно наследство се музејските установи и Музејот на Македонија, Скопје, како матична установа; библиотечни установи и Националната и универзитетска библиотека Св.Климент Охридски-Скопје, како матична установа; Кинотеката на Република Македонија. Покрај националните и локалните установи за заштита на културното наследство, други надлежни и овластени субјекти за заштита на културното наследство се Државниот архив, овластен субјект за заштита на фонотечните добра е Националната и универзитетска библиотека Св.Климент Охридски, Скопје, за заштита на фолклорните добра е Институтот за фолклор Марко Цепенков, Скопје, за заштита на јазикот и топонимите овластен субјект е Институтот за македонски јазик Крсте Мисирков.

Со цел да се одржи и да се подигне квалитетот на културата како темелна вредност во животот на граѓаните на Република Македонија донесена е Националната програма за културата за периодот од 2004-2008 година ("Сл.весник на РМ" бр.31/04). Со неа се утврдени темелните принципи во културата, целите, инструментите за спроведување на утврдената стратегија како и приоритетите на културниот развој.

Во Националната програма се утврдени општи приоритети кои се однесуваат на генералната Национална програма која ќе се спроведува во периодот до 2008 година, како и одделните приоритети кои се однесуваат на дејностите од областа на културата, имајќи ги предвид нивните специфики. Општите приоритети утврдени со Националната програма се: децентрализацијата, балансирана поддршка на културното наследство и на современото творештво, подобрување на менаџментот во културата, афирмирање на културниот идентитет на заедниците, соработка со невладините организации и меѓународната соработка со соседите.

Согласно Законот за културата, а за реализација на Националната програма се донесуваат годишни програми за остварување на националниот интерес во културата. Средствата за остварување на националниот интерес во културата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и се распределуваат со Годишна програма за остварување на националниот интерес во културата.

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/2000), Министерството за култура, како надлежен државен орган ги врши работите што се однесуваат на: следење, анализирање предлагање акти и мерки за развој и унапредување на културата, дејностите и активностите од областа на културата, заштитата на авторското право и сродните права, надзор од неговата надлежност и други работи определени со закон.Во Министерството за култура вкупно се вработени 55 лица.

Органи во состав на Министерството за култура со својство на правно лице се Управата за заштита на културното наследство и Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**Основно и средно образование**

- Измени на Законот за средното образование со кои ќе се регулира полагањето на испитите за државна матура, училишна матура и завршен испит, а ќе започне од учебната 2007/2008 година
- Дополнителни проверки на постапката за изведување на државната матура, училишната матура и завршниот испит, проверка на инструментите со кои ќе се врши оценување на знаењата на учениците од овие испити, како и

дополнително обучување на наставниците и вработените во Министерството за образование и наука за успешна реализација на државната матура, училишната матура и завршниот испит.
- Измена на дел од постојните подзаконски акти кои произлегуваат од измените и дополнувањата на Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 63/04).
- Донесување на нови и измена на дел од постојните подзаконски акти кои произлегуваат од измените и дополнувањата на Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 67/04).
- Компјутеризација на основните училишта почнувајќи од 2007/2008 учебна година со што учениците од петто одделение ќе започнат со изучување на наставниот предмет информатика, додека од прво до четврто одделение изучувањето на наставните предмети ќе биде со употреба на софтверската програма Тоол Кид.
- Задолжително изучување на англискиот јазик од прво одделение и втор странски јазик од петто одделение**.** Од учебната 2007/2008 година изучувањето на англискиот јазик во прво одделение и втор странски јазик во петто одделение ќе е задолжително за секој ученик.

**Високо образование**
- Во 2007 година универзитетите ќе започнат со издавање на бесплатна Дополнителна диплома. За оваа цел се планирани средства во Предлог буџетот за 2007 година во износ од 2 милиони денари.
- Закон за основање на Универзитет Гоце Делчев во Штип,
- Закон за основање на Факултет за јавна администрација и дипломатија, во состав на Универзитетот Св. Климент Охридски-Битола.
- Донесување на нов Закон за високо образование, во согласност со болоњскиот процес
- Формирање на Национална агенција за програмите на Заедницата во областа на образованието и обуката (Доживотно учење и Младина во акција) како еден од предусловите за учеството во Програмите.
- За 7 Рамковна Порграма (ФП7) ќе се формира посебно оделение во систематизацијата оделение за соработка во ФП7.

**Млади**
- Закон за волонтерство со кој ќе се уредат особено правата и обврските на волонтерите, младинските размени на волонтери со други држави, законското регулирање на волонтерскиот стаж.
- Агенцијата за млади и спорт ќе изработи програмска рамка за едукација на кадри и стручна помош во областа на младинска работа, поддршка за младински програми и локален одржлив младински развој, како дел од подготовките за учество во Програмата Млади на Европската Унија (2007-2013).
- Акционен план за имплементација на Националната стратегија за млади

**Култура**
- Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита и унапредување на разноликоста во културните изразувања
- Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната Конвенција за вредноста на културното наследство во општеството,
- Изменување и дополнување на Законот за културата заради создавање на нормативни претпоставки за натамошна децентрализација во културата, со што во втората фаза на децентрализацијата ќе се создадат основи и други национални установи да се пренесат на локално ниво.
- Правилник за заштитна евиденција.
- Правилник за чување, обработка и начин на документирање на културното наследство.
- Изградување на соодветен информативен систем за културното наследство со кој ќе се воспостави база на релевантни податоци, централно информатичко поврзување на јавните субјекти за заштита на културното наследство и јавно достапни и точни информации за културното наследство. Со донесувањето на предметните правилници ќе се создадат нормативни претпоставки за имплементацијата на Резолуцијата на Советот на Европската Унија 3200Г0706 (02) за зачувување на утрешниот спомен, сеќавање-зачувување на дигитална содржина за идните генерации.
- Отпочнување со работа на филмскиот фонд и негово кадровско екипирање

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**Основно и средно образование**

- Донесување на Закон за образование на возрасни согласно Резолуција на Советот од 27.06.2002 за доживотно учење
- Измени и дополнувања на Законот за основното образование и Законот за средното образование во насока на регулирање на условите и постапката за лиценцирање на наставници за основно и средно образование и обезбедување на основно и средно образование за децата на жителите на земјите на ЕУ

- Регулирањето на условите и постапката за лиценцирање на наставниците во училиштата и обезбедување нивна постојана едукација и надградување, со цел наставниците постојано да бидат во тек со современите текови на наставата.
- Обезбедување услови за образование на децата на жители на земјите на ЕУ согласно стандардите пропишани во директивата 31977Л0486.

**Високо образование**
- Иплементација на новата законска регулатива за високото образование согласно Болонскиот процес
- Промена на досегашнот модел на универзитот и негова трансформација во интегриран универзитет
- Привлекување на странски инвестиции во насока на отварање на високообразовни установи од реномирани странски универзитети.
- Формирање на Државен испитен центар во чија надлежност ќе биде подготовка и реализација на државната матура, како и спроведувањето на процесите на екстерна евалуација во основното и средното образование.

**Млади**
- Пристапување на Република Македонија кон Европската повелба за учество на младите во локалниот живот на заедницата, преку подготовка и усвојување на Закон за асоцијативен живот на младите и младинско информирање
- Формирање на посебна Комисија за млади во рамките на Собранието на Република Македонија.

## СТРАНСКА ПОДДРШКА

Во текот на 2007 година ќе се реализира пилот проектот за култура и образование на Италијанската Влада во соработка со Меѓународната менаџмент група со канцеларија во Скопје. Согласно договорот со Италијанската Влада проектот предвидува финансиска поддршка во износ од 1.710.000 евра и се состои од финансиска и стручна помош за:
- санација на интериерот и екстериерот на Музејот на современа уметност во Скопје - 400.000 ЕУР;
- за обука/помош за менаџмент на МСУ - 150.000 ЕУР;
- помош за заштита, валоризација и обука за археолошките локалитети Скупи, Хераклеа и Стоби - 540.000 ЕУР;
- поддршка на процесот на децентрализација - 290.000 ЕУР
- поддршка за основање на УНЕСКО-виот регионален центар за дигитализација на културното наследство (носител за регионалниот центар е Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура ) - 380.000 ЕУР.

Во текот на 2007 година со финансиска помош во износ од 50.000 ЕУР на Регионалното биро на УНЕСКО-БРЕСЦЕ ќе се реализира проектот „Културното наследство на Македонија. Во рамките на проектот ќе се издадат 4 публикации тоа за: Македонските цркви, Отоманските споменици, Културното наследство на Охрид и Археолошки локалитети. Носител на проектот е Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура, а проектот е во рамките на регионалниот проект на БРЕСЦЕ за унапредување и промовирање на културниот туризам.

Предлог проекти за кои се очекува конфирмација од УНЕСКО:
- Меморија и интерпретација - МАНУ - субрегиоален проект во износ од 35 000 ЕУР
- Танцот како израз на културната разноликост - Интерарт, Скопје- субрегионален проект 35.000 ЕУР.

Во партнерство со Британскиот Совет на РМ во 2007 година ќе стартува Проект за развој на креативните индустрии. Средства за имплементација ќе се обезбедат од Владата на РМ и европски фондации кои се занимаваат со креативните индустрии.

## ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16001: Министарство за образование и наука | МОН: Сектор за високо образование | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | НОВА: Национална агенција за програмите на Заедниците, од областа на образованието | 0 | 5 | 5 | 3 | 2 | 15 |
| | ВЕТ: Центар за стручно образование и обука | 4 | 4 | 4 | 0 | 0 | 8 |
| | НОВА: Одделение за рамковна програма ФП7 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| 16001: Министарство за образование и наука Вкупно | | 9 | 11 | 11 | 4 | 3 | 29 |
| 16002: Биро за развој на образованието | БРО: Биро за развој на образованието | 144 | 4 | 4 | 4 | 3 | 15 |
| | НОВА: Државен испитен центар | 0 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16002: Биро за развој на образованието Вкупно | | 144 | 7 | 7 | 6 | 5 | 25 |
| 16101: Агенција за млади и спорт | АМС: Агенција за млади и спорт/ Сектор млади | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 12 |
| 16101: Агенција за млади и спорт Вкупно | | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 12 |
| 18001: Министерство за култура | МК: Управа за заштита на културното наследство | 33 | 3 | 3 | 4 | 5 | 15 |
| | МК: Сектор за дејности од областа на културата, уметноста и културното наследство | 18 | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| | МК: Сектор за материјалнофинансиски и инвестициски работи | 8 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | МК: сектор за меѓународна соработка, европска интеграција, промоција на културата и културен развиток | 7 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | МК: Сектор за правни и општи работи | 8 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| | МК: Управа за афирмирање и унапредување на културата на заедниците во РМ | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 10 |
| 18001: Министерство за култура Вкупно | | 76 | 10 | 9 | 11 | 10 | 40 |
| **ВКУПНО** | | **232** | **31** | **30** | **24** | **21** | **106** |

# 3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ЗАКОНОДАВСТВО**

Во Република Македонија во последните неколку години во областа на животната средина, изработени се и усвоени повеќе закони и подзаконски акти и стратешки документи, кои ги дефинираат политиките и насоките за заштита на животната средина.

Националното законодавство од областа на животната средина во одделни подрачја е во голема мера хармонизирано со правото на ЕУ, додека во други се наоѓа во почетна фаза на анализа на разлики (хемикалии и ГМО). Направен е прогрес во донесување на повеќе подзаконски акти врз основа на донесените закони. Понатамошното усогласување ќе се постигне со донесување на Закон за хемикалии, Закон за генетски модифицирани организми во животната средина и Закон за бучава во животната средина, како и со донесување на останатите подзаконски акти.

**Хоризонтално законодавство:**

Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05 и 81/05), е рамковен закон од областа на животната средина и го транспонира оној дел од acquis communautaire познат како хоризонтално законодавство. Законот за животна средина ги дава основните принципи и постапки на управување со животната средина и контрола на загадувањето на кои се повикуваат другите секторски закони.

Во оваа област се донесени следните стратешки и плански документи:

- Втор Национален акционен план за животна средина (НЕАП 2) (2006 година);
- Стратегијата за мониторинг во животната средина (2006 година);
- Стратегија за подигање на јавната свест во областа на животната средина, (2005 година);
- Стратегија за комуникација во областа на животната средина, (2005 година);
- Стратегија за управување со податоци во областа на животната средина, (2005 година);
- Стратегија со акционен план за имплементација на Архуската конвенција, (2005 година);
- Самооценка на потребните националните капацитети за глобално управување со животната средина, (2005 година);
- Визија 2008 (2004 година);
- Просторен План на Република Македонија, (2004),( Службен весник на РМ бр.39/04);
- Национален еколошки здравствен акционен план (НЕЗАП), (1999 година);

Со Законот за животна средина е регулирана оценката на влијанието врз животната средина (во понатамошниот текст ОВЖС) за што во 2005 и 2006 година се донесени подзаконските акти кои целосно ја регулираат постапката за спроведување на ОВЖС. (прилог табела бр. 1). Дополнително, во Законот за животна средина се имплементирани барањата од Конвенцијата за оценка на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст - Еспо Конвенција, (Службен весник на РМ бр.44/99), кој ја пропишува постапката за оценка на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст. Надлежен орган за спроведување на целосната ОВЖС постапка е Министерството за животна средина и просторно планирање, вклучувајќи го и делот на учество на јавноста во донесувањето на одлуките.

Постапката за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина (СЕА) е уредена во Законот за животна средина, каде целосното регулирање ќе биде постигнато со донесување на подзаконски акти кои се планирани да се реализираат во 2007 година, со што ќе се овозможи истовремено ратификација и имплементација и на СЕА Протоколот.

Постапката за правото за слободен пристап до информации од областа на животната средина е дефинирана во Законот за животна средина, кој е lex specialis во однос на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен Весник на РМ бр.13/06), кој претставува lex generalis. Со донесувањето на овој закон се исполнија процедуралните претпоставки за имплементација на Архуската конвенција.

Со Законот за животна средина е воспоставена и правната рамка за спроведување на мониторинг и известување за состојбата со животната средина. Начинот и формата на известување за секој одделен медиум и област се утврдени во донесените секторски закони.

Република Македонија преку Министерството за животна средина и просторно планирање соработува со Европската агенција за животна средина (ЕЕА) и нејзините Тематски центри од 1998 година. Од почетокот на соработката, Република Македонија бележи постојан тренд на подобрување во квалитетот и во ефикасноста на известувањето, особено во доменот на протекот на приоритетни податоци и информации, во рамките на EIONET, каде степенот на испретени податоци од 29% во 2000 година, денес е постигнат процент од 69%, со што земјата се рангира на 17-то место од 37-те земји членки и соработнички на ЕЕА. Горните резултати се постигнати врз основа на воспоставениот систем за

известување, којшто треба да се одржува и понатаму да се надградува, со што земјата ќе има можност да ги исполнува обврските за известување кон ЕЕА и кон други релевантни меѓународни организации и договори.

Основата за одговорност за штета во животната средина исто така е уредена во Законот за животна средина, а за целосно имплементирање потребно е донесување подзаконски акти со кои подетално ќе бидат утврдени професионалните активности со чие вршење може да настапи одговорност за еколошка штета.

**Воздух:**
Управувањето со квалитетот на воздухот е уредено со Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, (Службен весник на РМ бр.67/04) кој е хармонизиран со Рамковната директива 31996L0096. Во Република Македонија во сила се повеќе подзаконски акти кои уредуваат одделни гранични вредности за емисии во воздухот, донесени врз основа на старите закони. Врз основа на Закон за квалитетот на амбиентниот воздух дел од нив се заменети со донесувањето на Уредба за гранични вредности за нивоата и видовите на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и праговите на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели на озон, сулфур двооксид, азотни оксиди, суспендирани честици од 10 микрометри, јаглерод моноксид и бензен (“Службен Весник на РМ” бр.50/05); и Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух (“Службен Весник на РМ” бр. 82/06);

Во глава XIX од Законот за животна средина ставени се одредби со кои се имплементира Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени, (″Службен весник на РМ″ бр.61/97) и е дадена основа за понатамошно транспонирање на правото на ЕУ во оваа област.
Со измените на законот МЖСПП е утврден како орган кој ќе известува за климатските промени, на национално ниво.

Во 2003 година се донесе Првиот Национален извештај за климатски промени со Акционен план, а во тек е изработка на Вториот национален извештај за климатски промени (2005-2008). Стратегијата за имплементација на Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенцијата за климатски Промени (“Национална стратегија за Механизмот за чист развој – за првиот период на обврски според Протоколот од Кјото 2008-2012“), е усвоена од страна на Владата на Република Македонија во февруари 2007 година

Заштитата на озонската обвивка е регулирана со воспоставен систем на дозволи за промет со супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, врз основа на донесената Национална програма за елиминација на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, (1996 година). Во периодот 1996 – 2006 година реализирани се повеќе фази на проектот за конечна елиминација на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка во РМ. Воедно е донесена Наредба за забрана на увоз на употребувани фрижидери, замрзнувачи или други уреди за ладење или замрзнување и увоз на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка (“Службен Весник на РМ” бр. 82/06).

**Отпад:**
Во рамките на CARDS 2001 изработен е Национален план за управување со отпад, кој се планира да се донесе, по донесувањето на Стратегијата за управување со отпад чија изработка е планирана за 2007година.

Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04 и 71/04), воспоставува рамка за управување со отпад, вклучувајќи го управувањето со опасен отпад, како и со другите видови на посебен отпад. Врз основа на Законот се донесени повеќе подзаконски акти во кои се опфатени барањата на acquis, а во моментов се во тек на изработка дополнителен број подзаконски акти во оваа област, (прилог табела бр. 1).

Во областа на прекуграничното пренесување на отпадот се применуваат одредбите на повеќе закони и подзаконски акти, меѓу кои:

- Закон за ратификација на Базелската Конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и неговото складирање (″Службен весник на РМ″ бр. 49/97) и Закон за ратификација на Амандманот на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасниот отпад и негово одлагање и Амандманот на Анекс 1, Анекс 8 и Анекс 9 (″Службен весник на РМ″ бр. 49/04);
- Правилник за формата и содржината на обрасците за прекугранично пренесување на опасен отпад (″Службен весник на РМ″ бр. 37/03 и 38/03);
- Одлука за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз (″Службен весник на РМ″ бр. 113/05), и
- Закон за превоз на опасни материи (“Службен лист на СФРЈ” бр. 27/90 и 45/90 и “Службен весник на РМ” бр.12/93).

- Правилник за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола за преработка, третман и/или складирање на отпад, формата и содржината на дозволата како и минималните технички услови за вршење на дејноста (″Службен весник на РМ″ бр. 23/07);
- Правилник за начинот и условите за складирање на отпад, како и за условите кои треба да ги исполнуваат локациите на коишто се врши складирање на отпад (″Службен весник на РМ″ бр. 29/07);
- Правилник за минималните технички услови во поглед на заштита на животната средина коишто треба да ги исполнуваат претоварните станици, условите што треба да ги исполнуваат локациите на коишто се градат односно се поставуваат претоварните станици, како и роковите за чување на отпадот во претоварните станици според видовте на отпад;

Во рамките на CARDS 2006 во февруари 2007 година започна проект за управување со медицинскиот отпад во рамките на кој ќе се направат анализи и ќе се постават условите за утврдување на практика за управување со медицински отпад на национално ниво .

**Води:**

Законот за водите (Службен весник на РМ" бр.4/98, 19/00 и 42/05) ја дава правната основа за заштита и управување со водите во Република Македонија. Со него е уреден начинот на употреба и користење на водите, заштита од штетно дејство на водите, заштита на водите од исцрпување и загадување, управување со водите, изворите и начинот на финансирање на водостопанските дејности, давање на водата на користење со одобрение (концесија), меѓудржавните води и други прашања од значење за обезбедување единствен режим на користење на водите. Врз основа на овој Закон донесени се низа подзаконски акти за негово спроведување. Законот не е усогласен со acquis commuautaire од оваа област.

Областа на водите е делумно регулирана и со следните закони:

- Закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро ("Службен весник на СРМ" бр.45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и "Службен весник на РМ" бр. 62/93);
- Закон за хидрометеоролошки работи (Службен весник на РМ бр. 19/92 и 5/03);
- Закон за минерални суровини (Службен весник на РМ бр.18/99 и 29/02);
- Закон за внатрешна пловидба (Службен весник на РМ бр. 27/00 и 74/05);
- Закон за рибарство (Службен весник на РМ бр.62/93);
- Закон за водни заедници (Службен весник на РМ бр. 51/03 и 95/05);
- Закон за водостопанства (Службен весник на РМ бр. 85/03 и 95/05);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр. 68/04), и
- Закон за концесии (Службен весник на РМ бр.25/02 и 24/03).

Заради надминување на недостатоците на постоечкиот Закон за водите, а со цел воведување на интегрален пристап во управувањето со водите, согласно барањата на европското законодавство, во 2003 година се пристапи кон изготвување на нов Закон за водите. Во Предлогот за донесување на Законот за водите се транспонирани основните барања на Рамковната директива за води на ЕУ – 32000R0060.

**Природа:**

Областа на заштита на природата е регулирана со Законот за заштита на природата (″Службен весник на РМ″ бр. 67/04 и 14/06). Истиот е усогласен со acquis commuautaire од оваа област, а во него се вградени и обврските од ратификуваните меѓународни договори од областа на природата. Целосна имплементација на законот ќе се постигне преку донесување на подзаконски акти.

Во оваа област се донесени следните стратешки и плански документи:

- Национална Стратегија со Акционен план за заштита на биолошката разновидност (2004 год);
- Национална студија за биолошката разновидност, (2003 год).

Во 2006 година, заради усогласување со Законот за заштита на природата постојните организации на нацоналните паркови и заштитените подрачја се трансформираа во Јавни установи за национални паркови и Јавно претпријатие, заради што беа донесени повеќе правни акти. Со цел, да се уреди прашањето на донесувањето на плановите за управување со заштитените подрачја се донесе Правилник за содржината на плановите за управување со заштитени подрачја и содржината на годишните програми за заштита на природата Закон за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 117/05).

Со донација на Швајцарската Влада подготвен е план за Управување со Националниот парк Пелистер, кој е и усвоен, а со втората фаза од швајцарската помош започнати се активности за негово имплементирање. Воедно, како заштитени подрачја - споменици на природата прогласени се: Смоларските Водопади и Маркови Кули.

**Индустриско загадување:**
Директивата за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ) е транспонирано во Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05 и 81/05). Во 2005 и 2006 година се донесени повеќе подзаконски акти со кои речиси е постигнато целосно уредување во оваа област, (прилог табела бр.1). Секторските закони, особено во областа на воздухот и отпадот, упатуваат на примена на одредбите за ИСКЗ.

Во проектот CARDS 2004 се започнати активности за изработка на Дозволи за усогласување со оперативен план за пет пилот компании, кои се на листата на поголеми индустрики капацитети кои со својата работа имаат поголеми влијаниеја врз животната средина во Република Македонија: Фени Индустри - Кавадарци, Силмак - Јегуновце, Усје Цементарница (Титан) - Скопје, Макстил - Скопје и Рафинерија Окта - Скопје. Воедно во МЖСПП се пристигнати уште 12 барања за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план од Еурокомпозити - Прилеп, Митал Стил - Скопје и МЗТ Леарница – Скопје, Фабрика за шавни цевки „11 Октомври„ -Куманово, Весна САП Акумулатори ДОО – Скопје; Топлификација:Топлана Запад и Топлана Исток, Фарма Агрипро – Валандово, Фарма Везе Шари – Тетово, РЕК Осломеј – Кичево, Живинарска фарма Гица – Битола, Амак СП - Охрид. За целосна имплементација на одредбите од оваа област неопходно е зајакнување на капацитетите на МЖСПП. Со новата организациона поставеност на МЖСПП во рамките на Управата за животна средина е формирано посебно одделени за ИСКЗ.

Областа за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции е регулирана со Законот за животна средина, додека целосна имплементација ќе се постигне со донесување на соодветните подзаконски акти.

Во Законот за животна средина е пропишано доделување на национална еколошка ознака. За таа цел формирана е Комисија за еколошка ознака и е донесен Правилник за формата и содржината на еколошката ознака, начинот, условите и постапката за нејзино доделување и користење, како и составот и начинот на формирање и работа на комисијата за еколошка ознака (“Службен весник на РМ” бр.109/05).

Во постапка е јавен оглас за изработка на студии и правилници за определување на критериуми за доделување на еколошка ознака за туристички објекти и детергенти за рачно перење на садови. Воедно е изработен Предлог правилник за начинот на изработка на еколошки критериуми за доделување на еколошка ознака и Предлог правилник за критериуми за додделување на еколошка ознака за картонско пакување

Во истиот закон е дадена основа и за усвојување на систем за управување со животната средина.

**Генетски модифицирани организми:**
Во оваа област во соработка со ГЕФ и УНЕП се изработи Национална рамка за биосигурност, (2005 година) и работна верзија на Законот за генетски модифицирани организми во животната средина.

Во Република Македонија не постои законски пропис што ги регулира прашањата што се однесуваат на управувањето со ГМО и со производите што содржат ГМО, намерното ослободување во животната средина или пуштањето на ГМО или на производи што содржат ГМО, како и увоз, извоз и прекугранично движење на ГМО.

**Хемикалии:**
Со цел намалување на постојните количини на органски загадувачи, а во насока на имплементација на Стохломската конвенција се донесе Национален план за намалување и елиминација на перзистентни органски загадувачи во Република Македонија, (2005 година).

Во 2006 година се изработи Концептуален пристап за управување со хемикалии. Истовремено се изработува проектната задача за петгодишна програма за техничка соработка со Инспекторатот за хемикалии на Кралството Шведска и МЖСПП, која опфаќа национална и регионална компонента за здраво управување со хемикалии. Со Програмата ќе се опфати законска и институционална компонента во оваа област.

Во областа на хемикалиите не постои рамковен закон за хемикалии, со кој се регулира управувањето со хемикалиите согласно acquis commuautaire од оваа област. Националното законодавство го уредува управувањето со отрови, средства за заштита на растенијата, вештачки ѓубрива, експлозивни материи, запални течности и гасови, опасни и штетни супстанци и производи и сл. Постојат посебни закони за запални и експлозивни супстанции и за прекурсори. Законот за животна средина делумно регулира прашања од областа на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка.

Во моментот во Министерството за здравство – Биро за лекови се подготвува Предлогот за донесување на закон за хемикалии.

**Бучава:**
Законот за спречување од штетна бучава (Службен весник на СРМ бр. 21/84, 10/90 и Службен весник на РМ бр.62/93) ја регулира областа на заштита од бучава. Делови од оваа област се регулирани и со:

- Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05 и 81/05);
- Законот за угостителската дејност (Службен весник на РМ бр. 62/04) и
- Законот за санитарната и здравствената инспекција (Службен весник на РМ бр.19/95).

Областа е регулирана и со низа подзаконски акти. Во моментов во постапка на донесување е Предлог Закон за бучава во животната средина.

**Шумарство:**
Во јуни 2006 година од страна на Владата на РМ е донесена Националната стратегијата за одржлив развој на шумарство со Акционен план.

Со Законот за шумите ("Службен весник на РМ" бр. 47/97, 7/00 и 89/04) се уредува одгледувањето, користењето и заштитата на шумите, каде заштитата на шумите претставува интегрален и неодвоив дел од стопанисувањето на шумите. Заштита на шумите опфаќа заштита од: противправно присвојување и користење, бесправни сечи, пожари, растителни болести и штетници, напасување на добиток, желадење, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања. За стопанисување со шумите во државна и приватна сопственост, Собранието на Република Македонија донесува општ план за стопанисување со шумите за период од 20 години. Врз основа на овој план, субјектите кои стопанисуваат со шумите, донесуваат посебни планови за стопанисување со шуми, за период од десет години.

Во постапка е Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрва во кој е транспонирана директивата за промет на шумски репродуктивен материјал 1999/105/ЕЦ (Council Directive 1999/105/EC on the marketing of forest reproductive materijal), и истиот ќе биде усвоен до крајот на 2006 година.

**Заштитата и спасувањето** на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства е регулирана со Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.36/04 и 49/04) и Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ бр.67/04).

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр.44/02 и.58/00), е надлежен државен орган за креирање и спроведување на политиките во областа на заштитата, унапредувањето и следењето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина: воздух, вода, почва, отпад, биолошка разновидност и други природни богатства, вклучувајќи ги и Националните паркови, како и заштита на озонската обвивка. Исто така, МЖСПП е надлежен државен орган за заштита од штетни влијанија, како што се: бучава и вибрации, јонизирачко и нејонизирачко зрачење во природата, вршење различни дејности, загадувачки супстанци и технологии.

МЖСПП е надлежен државен орган за подготовка и координација на процесот на изработка на правните акти во областа на животната средина, во кој процес со оглед на интердисциплинарноста на животната средина и потребата од интегрираност на пристапот се вклучени и консултирани релевантните државни институции.

Согласно новото национално законодавство во областа на животната средина, МЖСПП има целосна надлежност за спроведување на законите. Имено, МЖСПП е надлежен државен орган за спроведувањето на постапката за оценката на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина, пристапот до информации за животната средина, донесувањето на стратешки планови од областа на животната средина, одржливиот развој и климатските промени, заштитата од опустинување и други глобални прашања поврзани со животната средина, следењето и известувањето на состојбата со медиумите и областите на животната средина, управувањето со информативниот систем за животна средина, одговорноста за штета врз животната средина, финансирањето во животната средина, и сл.

Врз основа на донесените закони МЖСПП донесе нова органзициона поставеност на министерството во која се креирани организациони единици кои произлегуваат од обврската за импленетирање на acquis commuautaire. МЖСПП е насочено кон креирање на политики во областа на животната средина, додека стручните работи во областа на животната средина ќе се спроведуваат од страна на Управата за животна средина и Службата за просторен информативен систем, кои се органи во состав на МЖСПП.

Имено, досегашната Служба за животна средина е трансформирана во Управата за животна средина со што се спроведе обврската која произлегува од Законот за животна средина. Управата е надлежен орган кој ги спроведува постапките на дозволи, а особено постапките за оценка на влијанието врз животната средина, интегрираното спречување и контрола на загадувањето, спречувањето и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции, управувањето со отпад и квалитетот на воздухот, заштитата на природата и заштитата на водите од загадување. Воедно на Управата за животна средина ќе спроведува стручни и управни работи во заштита на природата, стручни работи во управување со отпадот, воздухот, хемикалиите, бучавата и другите области на животната средина, стручни работи во заштита на водите и почвите од загадување, водење на Катастарот за животна средина и Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики, мониторинг на животната средина и други работи согласно закон.

Инспекцискиот надзор над спроведувањето на законите се врши од страна на Државниот инспекторат за животна средина кој е орган во состав на МЖСПП и е надлежен за надзор над спроведувањето на законодавството од областа на животната средина. Во рамките на инспекторатот, покрај државните инспектори за животна средина се воведени државни инспектори за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.




Согласно постојната надлежност на органите на државната управа определена со Законот за организација и работа на органите на државната управа, покрај МЖСПП, определени надлежности од доменот на животната средина се реализираат од страна на други органи на државната управа, како што се: Министерство за транспорт и врски - Државен комунален инспекторат, Министерството за здравство - Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Републичкиот завод за здравствена заштита, Бирото за лекови, Дирекцијата за храна, Министерство за образование и наука - Хидробиолошкиот завод - Охрид, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управата за водостопанство, Управата за хидрометеоролошки работи, како и Дирекција за заштита и спасување

Согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), единиците на локална самоуправа (ЕЛС) се надлежни и одговорни да ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со закон. Во законот е дефинирана и листата на изворни надлежности на ЕЛС, меѓу кои е и заштитата на животната средина и природата. Со децентрализацијата, особено за работите од јавен интерес од локално значење, голем број надлежности се во надлежност на ЕЛС. Во спроведувањето на стратешката оцена на влијанијата врз животната средина, ЕЛС учествуваат во спроведувањето на јавната расправа за донесувањето на плановите, стратегиите и програмите. ЕЛС

имаат можност да воспоставaт локален мониторинг на животната средина, како и да управуваат со дел од националната мрежа за мониторинг на животната средина доколку тоа им е делегирано од страна на МЖСПП. Воедно ЕЛС имаат надлежност во пристапот до информации за животната средина, локалениот одржлив развој, како и вршење на комунални услуги, снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадни води, одведување и третман на атмосферски води, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови, јавна чистота, управување со комуналниот и комерцијалниот отпад и друг вид на неопасен отпад на локално ниво, спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни материи и супстанции и преземање мерки за заштита и спречување на индустриското загадување на воздухот.

ЕЛС се должни да назначат локални инспектори за животна средина кои ќе вршат инспекциски надзор над спроведување на одредбите од законите во кои се утврдени надлежностите на ЕЛС. Преглед на бројот на назначени советници и инспектори во животна средина на ЕЛС се дадени во прилог на табела бр. 2. Воедно, ЕЛС имаат право своите постојни комунални инспектори да ги овластат да вршат работи и на инспектор за животна средина, доколку го исполнуваат условот на образование и години на работа утврдени во Законот за животна средина. Согласно истиот закон, ЕЛС треба да доставаат годишни извештаи за вршење на инспекциски надзор до МЖСПП согласно Законот за животна средина и Правилник за содржината на годишниот извештај за извршениот инспекциски надзор како и начинот и рокот за негово доставување ("Службен Весник на РМ" бр.71/06). Извештајот ја опишува содржината на годишниот извештај за извршениот инспекциски надзор, како и начинот и условите за доставување на истиот.

Воедно ЕЛС се должни да изработуваат годишни програми за вршење на инспекциски надзор, а со измените на Законот за животна средина се воспоставува обврска за доставување на програмите до МЖСПП.

Во законите е дадена прецизна разграниченост на надлежностите помеѓу локалните и државните инспектори за животна средина. Генерално, државниот инспектор е надлежен за поголемите инсталации кои влегуваат во рамката на ИСКЗ (ИППЦ-директивата) и се водат како А инсталации. Локалните инспектори за животна средина се надлежни за помалите инсталации кои се водат како Б инсталации. Државните и локалните инспектори се должни меѓусебно да соработуваат и да разменуваат известувања во однос на утврдени состојби кои се добиени при спроведување на инспекцискиот надзор или по пријава на странки. Доколку ЕЛС не го спроведуваат инспекцискиот надзор, МЖСПП најпрво е должно да упати предупредување до ЕЛС со кое ќе ги задолжи во даден временски перод да се надмине состојбата. Во случај ако ЕЛС не постапи по предупредувањето, тогаш МЖСПП може да го превземе спроведувањето на инспекцискиот надзор на локално ниво преку државните инспектори, најмногу до една година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ЗАКОНОДАВСТВО**

Во рамките на CARDS 2005 започна изработка на Национална стратегија за приближување на законодавството за животна средина (2006-2007). Во рамките на оваа стратегија е предвидена и изработка на 9 секторски стратегии за приближување на законодавството во областите: хоризонтално законодавство, отпад, води, воздух, природа и шуми, хемикалии, генетски модифицирани организми, бучава и контрола на индустриско загадување, како и планови за имплементација во кои ќе бидат опфатени специфичните директивите кои бараат значителни финансиски средства (heavy coast directives), кои во себе ќе содржат и финансиски пресметки за нивно целосно имплементирање.

Донесувањето на Стратегијата и инвестиционите планови се очекува до крајот на 2007 година. Врз основа на инвестиционите планови и проценките на трошоците за усогласување со acquis commuautaire ќе се започне со изработка на Стратегија за инвестиции во животната средина во која ќе се даде посебен приоритет на управувањето со отпад и третманот на отпадните води.

Во текот на 2007 година ќе се спроведуваат активности во насока на изработка на Стратегијата за одржлив развој со Акционен план, во која МЖСПП има носечка улога.

**Хоризонтално законодавство:**

Со измените на Законот за животна средина во 2007 година се овозможува создавање на поширок правен основ за донесување на повеќе подзаконски акти. Воедно со измените на законот се утврди начинот, видот и постапката за изрекување на директни казни од страна на Државниот инспекторат за животна средина, кои се усогласени со Законот за прекршоци („Службен весник на РМ " бр.62/2006)

Со цел обезбедување основа за понатамошно транспонирање на acquis commuautaire, планирано е донесување на следните подзаконски акти:

Во областа која се однесува на пристапот на информации за животна средина:

- Одлука на Владата на РМ за објавување на листата на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации кои се однесуваат на животната средина, како и информациите кои ги поседува секој од наведените субјекти;
- Уредба за определување на висината и случаите во кои се наплаќа надоместок за давање на информации за животна средина како и ослободување од обврската за наплаќање на надоместокот за давање информации;
- Правилник за начинот и постапката за обезбедување пристап до информации за животна средина;
- Правилник за начинот, постапката и образецот на кој се доставуваат податоците од државната мрежа, како и начинот и условите на доставување на податоците до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина од локалниот, интерниот и мониторингот на други органи на државната управа; и

Во областа која се однесува на стратешката оцена на влијанието врз животната средина:
- Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми (плански документи), за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, како и критериумите врз основа на кои се донесува одлука за спроведување на стратешка оцена на други стратегии, планови и програми кои можат да имаат значително влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето
- Уредба за содржината на извештајот за стратешка оцена на животната средина;
- Правилник за начинот на објавување на информациите и учеството на јавноста за усвојување на планскиот документ и начинот на подготвување на извештајот.

**Воздух:**
Во оваа година планирано е изменување и дополнување на Законот за управување со квалитетот на амбиентниот воздух со кои ќе се овозможи создавање на поширок правен основ за донесување на повеќе подзаконски акти и усогласување со Законот за прекршоци заради воведување на директни казни.

Воедно се планира и донесување на следните подзаконски акти:
- Правилник за методологијата и начинот за прелиминарна проценка и утврдување на листи на зони и агломерации за квалитет на амбиентниот воздух;
- Правнилник за за воспоставување на националната методологија за инвентаризација на емисиите согласно програмата CORINAIR, и
- Правилник за гранични вредности за стационарни извори на емисии во воздухот.

Во делот на климатските промени континуирано се работи на Вториот Национален извештај за климатски промени со Акционен план на мерки и активности за спречување на причините и ублажување на негативните ефекти од климатските промени (2005-2008).

**Отпад:**
Заради имплементирање на Законот за управување со отпад, Стратегијата за управување со отпад ќе се донесе до крајот на 2007 година, додека Националниот план за управување со отпад ќе се донесе веднаш по усовјувањето на стратегијата..

Во овој период планирано е донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за управување со отпад, со цел допрецизирање и обезбедување законски основи за целосно транспонирање на acquis commuautaire, усогласување со новата рамковна директива за отпад, како и усогласување со Законот за прекршоци заради воведување на директни казни.
Исто така се предвидува донесување на следните подзаконски акти:
- Правилник за постапување со опасен отпад;
- Правилник за постапување со отпадни масла;
- Правилник за начинот и условите за постапување со полихлорирани бифенили и полихлорирани терфенили, условите кои треба да ги исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата којашто содржи ПХБ;
- Правилник за формата и содржината на барањето за основање на депонии;
- Правилник за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола, како и формата и содржината на дозволата за оператор на депонија;
- Правилник за критериумите и постапките за прифаќање на отпадот во депониите од секоја класа, количеството на биоразградливи состојки на отпадот што смее да се депонира, подготвителните постапки за прифаќање на отпадот, општите постапки за тестирање и земање мостри;
- Правилник за начинот и постапката за работа, следење и контрола на депонијата во фаза на затворање и натамошна грижа за депонијата по затворањето, и

- Правилник за видовите на отпад кои подлежат на дозвола за увоз, извоз или транзит, условите за увоз, извоз или транзит на отпад, методите за надзор над увоз, извоз или транзит на отпад.

**Води:**
За овој период се планира донесување на новиот Закон за води, целосно усогласен со правото на ЕУ, како и дел од подзаконски акти кои произлегуваат од него.

Во однос на проблематиката за третман на отпадни води, планирана е изработка и донесување на Стратешка кохерентна рамка и Оперативна програма за транспорт и животна средина до крајот на јуни, 2007 година, како подготвителни чекори во процесот на користење на предпристапната помош  на ЕУ.

Во рамките на CARDS 2006 во февруари започна изработка на техничка документација и апликација за третман на отпадни води за општина Прилеп., што е планирано да се спроведува во период од 15 месеци.

Во областа на управувањето со водите МЖСПП спроведува неколку проекти финансирани од билатерални донатори и меѓународни финансиски институции кои се наведени во делот за странска помош (активна и потребна – Образец 3).

**Природа:**
Во овој период планирано е донесување на Закон со измени и дополнувања на Законот за природа, со цел допрецизирање и обезбедување законски основи за целосно транспонирање на acquis commuautaire и усогласување со Законот за прекршоци заради воведување на директни казни. Воедно со измените ќе се воспостави основа за целосно имплементирање на CITES регулативата и конвенцијата. Во овој период се планира изработка и донесување на:

- Уредба за трговија со диви видови, во која целосно ќе се транспонираат барањата од ЕУ мерката 31997P0338, со што ќе се овозможи и целосна имплементацијата на CITES Конвенцијата;
- Уредба за формирање на еколошка мрежа и меѓународно значајни подрачја, и
- Правилник за утврдување и заштита на типовите на живеалишта.

**Индустриско загадување:**
Во овој период се планира донесување на останатите подзаконски акти за издавање на интегрирани еколошки дозволи, односно дозволи за усогласување со оперативен план и тоа:

- Уредба за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на А инсталациите и за критериумите и начинот на определување и пресметување на надоместокот за Б инсталациите;

Во рамките на CARDS 2006 предвидена е компонента за индустриски жаришта, при што треба да се развијат ремидијациони планови со финансиски барања за елиминирање на индустриски жаришта.

**Генетски модифицирани организми:**
Доработката и поднесување на усвојување во прва фаза на Законот за ГМО е предвиден за II квартал на 2007 година.

**Хемикалии:**
Во областа на хемикалиите се планира отпочнување на реализирањето на петтгодишна програма за техничка соработка со Инспекторатот за хемикалии на Кралството Шведска и МЖСПП, која опфаќа национална и регионална компонента за здраво управување со хемикалии. Програмата ќе опфати и помош во усогласувањето на Закон за хемикалии и Стратегија за здраво управување со хемикалии со која Република Македонија ќе се подготви за имплементација на новиот REACH систем за здраво управување со хемикалии.

Покрај донесувањето на Законот за хемикалии, приоритет ќе се даде на донесување на подзаконски акти за уредување на класификација и обележување на опасни супстанции и подзакоснки акт за безбедносни листови, од причина што истите нема да претрпат измени со имплемнтирањето на очекуваната REACH регулатива.

Во соработка со Секретаријатот за стратешки приод кон меѓународното управување со хемикалии (SAICM/UNEP) во МЖСПП ќе започне реализација на проектот за развивање и давање насоки за национален план за имплементација на стратешкиот приод во РМ за управување со хемикалии.

Во сегментот на елиминација и редукција на ПОПс, во текот на 2007 година се очекува да  започне проектот за Елиминација на ПХБ во РМ, со финансиска подршка на ГЕФ (беше поднесен кон крајот на 2006 во ГЕФ и истиот е во процедура за одобрување за негово финансирање). Се очекува негово одобрување до крајот на II квартал 2007 година

**Бучава:**
Законот за бучава во животната средина е планиран да се донесе до мај 2007 година. Воедно планирано е да се донесат следните подзаконски акти до крајот на годината:

- Правилник за определување на Методите за оценување, граничните вредности и подрачјето на примена на индикаторите за бучава и дополнителните индикатори
- Правилник за критериумите за избор на мерни места од кои се следи влијанието на извори на создавање

**Шумарство:**
Со усвојувањето на Стратегијата за одржлив развој на шумарството, во овој период, ќе се отпочне со нејзина имплементација, односно имплементација  на сите предвидени активности согласно Акциониот план 2007-2009 кој е развиен во рамките на Стратегијата.

**Заштита и спасување:**
Планирано е започнување со изработка на Национална Стратегија за заштита и спасување на Република Македонија, Процена на загрозеност од настанатите природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи во Република Македонија и План  за заштита и спасување од настанатите природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи во Република Македонија. Предвидени се измени и дополнувања на Законот за заштита и спасување, како и донесување на дел од подзаконски акти  кои произлегуваат од истиот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерство за животна средина и просторно планирање донесе нова административно организациската структура заснована на Функционална анализа и План за институционален развој на МЖСПП. Имено, министерството се организира согласно поединечните сектори/области на животната средина кои одговараат на обврските кои произлегуваат од апроксимираното законодавство, а со цел дефинирање и ефикасно исполнување на новите надлежности и одговорности на МЖСПП. Вкупниот број на постојно вработени и планот за идни вработувања се дадени во табела бр 3 дадена подолу.

Органи во состав на МЖСПП се: Државниот инспекторат за животна средина, Службата за просторен информативен систем и Управата за животна средина, која согласно Законот за животна средина се формираше со трансформација на Службата за животна средина.

Во 2007 е планирано е кадровско и техничко зајакнување на Управата за животна средина со приоритет на одделенијата за ИСКЗ, ЕИА и отпад. Во рамките на билатералната соработка со Кралството Шведска планирано е во текот на втората половина од 2007 да започне проект со кој Шведската Агенција за животна средина ќе ги подржи активностите за институционално зајакнување на Управата за животна средина во одделни области.

Паралелно со Управата ќе се зајакнува кадровски и технички и инспекциската служба, преку спроведување специјализирана обука на инспекторите на национално и локално ниво за изрекување на директни казни пропишани согласно законите и новиот закон за прекршоци.

Во рамките на МЖСПП во областа на климата, предвидено е определување на условите за воспоставување на национален авторитет, надлежен за одобрува на проектите на национално ниво,  во насока на  имплементација на Механизмот за чист развој.

Исто така планирано е зајакнување на секторите во министерството за користење на предпристапната помош на ЕУ.

Секретаријатот за европски прашања во соработка со МЖСПП се надлежни за склучување на Меморандум за разбирање со Генералниот директорат за животна средина на Европската Комисија за програмата LIFE. МЖСПП ќе биде надлежен орган (national focal point) за евалуација и доставување на апликациите до Комисијата.

Со Предлог Законот за води предвидено е формирање на тела за управување со водите по речни сливови со цел постигнување на интегриран пристап во користењето на водите, како и формирање на Национален Совет за води како советодавен орган во утврдувањето на политиката за води.

Планирано е институционално зајакнување и на Дирекцијата за заштита и спасување.

Во текот на 2007 година планирани се вработувања распоредени по организациони единици во МЖСПП дадени во табелата 3 која следи

Табела бр. 3

| Органи во состав на МЖСПП | Сектори во состав на МЖСПП | Одделенија во состав на сектори | Нови вработувања 2007 | Вкупно нови вработувања до 2010 |
|---|---|---|---|---|
| МЖСПП | | | 19 | 38 |
| | Сектор за општи работи | | 4 | 3 |
| | | Одделение за управување со човечки ресурси | | 2 |
| | | Одделение за протоколарни и организациони работи | 2 | |
| | | Одделение за управна постапка и документирање | 1 | |
| | | Одделение за буџет, јавни набавки и општи работи | 1 | 1 |
| | Сектор за Европска унија | | 7 | 12 |
| | | Одделение за усогласување на правото и преговори | 3 | 3 |
| | | Одделение за стандарди | 1 | 4 |
| | | Одделение за управен надзор над ЕЛС и управни работи | 1 | 2 |
| | | Одделение за координација, мониторинг и евалуација | 2 | 3 |
| | Сектор за соработка и проектна координација | | 2 | 6 |
| | | Одделение за билатерална соработка | | 1 |
| | | Одделение за мултилатерална соработка | 1 | 2 |
| | | Одделение за предпристапна помош | 1 | 3 |
| | Сектор за одржлив развој и инвестиции | | 3 | 5 |
| | | Одделение за стратешко планирање | 1 | 1 |
| | | Одделение за подготовка на проекти | | 2 |
| | | Одделение за инвестиции | 2 | 2 |
| | Сектор за просторно планирање | | | 3 |
| | | Одделение за планови и просторна политика | | 2 |
| | | Одделение за спроведување на просторни планови | | 1 |
| | Сектор за комуникација со јавноста | | | 3 |
| | | Одделение за односи со јавноста | | 2 |
| | | Одделение за подигнување на јавната свест и едукација | | 1 |
| | | Одделние за координација на регионални канцеларии | | |
| | Македонски информативен центар | | 3 | 6 |
| | | Одделение за аналитика и известување | 1 | 3 |
| | | Одделение за катастри и моделирање | 2 | 1 |
| | | Одделение за информатичка технологија | | 2 |
| Управа за животна средина | | | 24 | 52 |
| | Сектор за животна средина | | 8 | 10 |
| | | Одделение за оценка влијанието врз животната средина | 4 | 2 |
| | | Одделение за отпад и почва | 4 | 3 |
| | | Одделение за лабораторија | | 3 |
| | | Одделение за документирање | | 2 |
| | Сектор за индустриско загадување и управување со ризик | | 8 | 17 |
| | | Одделение за интегрирано спречување и контрола | 5 | 9 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на загадувањето | | |
| | | Одделение за хемикалии и индустриски несреќи | 2 | 2 |
| | | Одделение за управување со ризик и атмосфера | 1 | 3 |
| | | Одделение за мониторинг | | 3 |
| | Сектор за природа | | 6 | 12 |
| | | Одделение за заштита на природното наследство | 2 | 5 |
| | | Одделеието за уредување на просторот во заштитени подрачја и геодиверзитет | 2 | 3 |
| | | Одделение за заштита на биодиверзитет | 2 | 4 |
| | Сектор за води | | 2 | 13 |
| | | Одделение за планирање во управувањето со водите | 1 | 5 |
| | | Одделение за интерсекторска соработка | 1 | 5 |
| | | Одделение за заштита на Охридското езеро | | 3 |
| Државен инспекторат за животна средина | | | 4 | 10 |
| | | Одделение за инспекциски надзор | 4 | 7 |
| | | Одделение за координација | | 3 |
| Служба за просторен информативен систем | | | | 3 |
| | | Одделение за ПИС | | 1 |
| | | Одделение за картографија и далечинска детекција | | 2 |
| **Вкупно за сите** | | | **47** | **103** |
| | **Тело за управување со води** | | **15** | |

Во однос на новите, предвидени вработувања појаснуваме дека се работи за проекции на МЖСПП ,направени врз основа на анализа на функции произлезени од новите закони и надлежности на министерството. Се планира истите да бидат вработени со превземање на државни службеници од другите органи на државната управа, како и со реализирање на нови вработувања.

Во однос на капацитетите на ЕЛС за исполнување на надлежностите во областа на животната средина, поради недостиг на проценка, МЖСПП не е во можност да даде детални проекции за потребите на ЕЛС за спроведување на овие надлежности. За таа цел МЖСПП планира спроведување на проценка на постојните капацитети на ЕЛС и изработка на план за нивен институционален развој. МЖСПП е во преговори со УНДП за обебедување на финансиски средства за реализирање на проценката и планот што се очекува да се реализира во 2007 година.

Сепак МЖСПП со цел зајакнување на капацитетите на ЕЛС како своја редовна пракса во сите активности ги вклучува државните службеници на ЕЛС. На овој начин, како и преку финансирање на ЛЕАП-те, МЖСПП овозможува надградување на капацитетие на ЕЛС, како и подигнување на свеста и знаењето на ЕЛС за нивните обврски и права во областа на животната средина.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ – ПЕРИОД
## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ЗАКОНОДАВСТВО
### Хоризонтално законодавство:

Во овој период се планира усвојување на Националната стратегија за одржлив развој на РМ со Акционен план (2008) и изработка и донесување на Извештај за состојбите со животната средина (2008).

Во оваа област се предвидува донесување на дополнителни подзаконски акти, согласно Законот за животна средина со кои ќе се регулираат, меѓу другите, одговорноста за штета врз животната средина, спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстаниции и климатските промени и тоа:

1. Правилник за начинот и постапката за собирање, обработка, систематизирање, чување, искористување, дистрибуција и презентирање на податоци и информации добиени од државната мрежа за мониторинг, локалната мрежа за мониторинг, од интерниот мониторинг, како и податоците од Катастарот на загадувачи и Регистарот на загадувачки материи и супстанции;

2. Правилник за одредување на професионалните активности, со чие вршење може да настапи одговорност за еколошка штета;
3. Правилник за мерките за ремедијација на сторената еколошка штета;

Во овој период се планира донесување на останатите подзаконски акти кои произлегуваат од измените и дополнувањата на Законот за заштита и спасување.

**Воздух:**
Вториот Национален извештај за климатски промени со Акционен план на мерки и активности за спречување на причините и ублажување на негативните ефекти од климатските промени се планира да се донесе во вториот квартал на 2008 година.

Во овој период е планирано да се донесе Националниот план за заштита на амбиентниот воздух согласно Законот за управување со квалитетот на амбиентниот воздух.

Воедно е планирано да се направи пристапување и ратификација на Протоколите од Конвенцијата за далекусежно, прекугранично загадување на воздухот, како и донесување на следните подзаконски акти врз основа на Законот:
- Правилник за мониторинг и известување за квалитет на амбиентниот воздух;
- Правилник за формата и содржината за подготовка на националниот план за заштита на амбиентниот воздух;
- Правилник за методологија за лимитите на годишните емисии во воздухот, и
- Правилник за гранични вредности за емисии за подвижни извори.

Врз основа на Законот за животна средина планирано е да се донесат следните подзаконски акти кои се однесуваат на климатските промени:
- Правилник за методологија за поблиска содржина и начинот на изработка на Националниот план за ублажување на климатски промени;
- Правилник за условите, начинот и постапката за изготвување на Националниот инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови, и
- Правилник со кој ќе се регулираат шемите на трговија со емисии на стакленичките гасови.

Во однос на мониторинг системот за воздух во овој период е планирана надградба на истиот со 5 нови мониторинг станици, како и софтвер за автоматска валидација на податоците.

**Отпад:**
Со цел справување со илегалните депонии МЖСПП во овој период планира изработка и донесување на Програмата за постапување со илегалните депонии од страна на Владата на РМ.

Планирано е донесување на следните подзаконски акти:
- Правилник за постапување со потрошени батерии и акумулатори, начинот на означување и начинот на информирање на јавноста;
- Правилник за начинот на означување на пакувањето, видот на ознаките, нивната содржина и постапувањето со нив;
- Правилник за формата и содржината на дозволата за повратен прием на искористени пакувања;
- Уредба за постапување со пакувања и отпад од пакувања;
- Правилници за посебните услови и начинот на постапување со искористените моторни возила;
- Правилници за постапување со електрични и електронски направи;
- Правилници за постапување со отпад од титаниум диоксид, како и формата, содржината и начинот на доставување на податоци;
- Правилник за минималните технички услови кои треба да ги исполнуваат инсталациите за горење и согорување на отпад, видот на отпадот наменет за горење или согорување, условите за заштита на животната средина од работата на инсталациите за горење или согорување на отпад, како и условите и начинот на работа на инсталациите, и
- Правилник за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола, како и формата и содржината на дозволата за оператор на инсталации за горење и согорување на отпад

**Води**:
Во овој период е планирано да се започне активности за донесување на Национална Стратегија за води и Водостопанска Основа на Република Македонија.

Планираниот Закон за води предвидува донесување на голем број на подзаконски акти, од кои најзначајни се:

- Листа на загадувачките материи и супстанции, приоритетните материи и супстанции, условите за инсталирање и работа на постројките кои работат со опасни материи и супстанции, и начинот на нивно тестирање пред нивно пуштање во работа;
- Правилник за посебните услови за индиректно испуштање на отпадни води во подземни води и мерките и активностите кои треба да се превземат за нивна заштита;
- Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, имајќи ги предвид посебните барања за заштита на заштитните зони, и
- Правилник за поблиските услови за собирање, одведување и прочистување, начинот и условите за проектирање, изградба и експлоатација на системите и станиците за прочистување на урбаните отпадни води, како и техничките стандарди, параметрите, стандарди на емисијата, и нормите за квалитет за предтретман, отстранување и прочистување на отпадни води, имајќи го предвид оптоварувањето и методот за прочистување на урбаните отпадни води коишто се испуштаат во зоните чувствителни на испуштање на урбани отпадни води.

**Природа:**
Во овој период се планира изработка и донесувањето на Националната Стратегија за заштита на природата, како и ќе се донесат повеќе подзаконски акти од клучни се;

- Листа на строго заштитени и заштитени диви видови и
- Методологија за мониторинг на состојбата на природата

**Индустриско загадување:**
Во овој период се планира спроведување на постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи за усогласување со оперативен план, како донесување на посебни правилници за определување на критериумите за еко етикетирање.

Во областа на спречувањето и контролата на хаварии со присуство на опасни супстанции е планирано да се донесе Правилник за содржината на внатрешните и надворешните планови за вонредни состојби и начинот на нивно одобрување и Правилник за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна.

**Генетски модифицирани организми:**
Се планира донесување на соодветните подзаконски акти со кои ќе се регулираат следните прашања: критериумите за ограничено користење на ГМО; задолжително управување и други услови поврзани со увоз и извоз на ГМО; обем на процена на ризик од ограничено користење и намерно ослободување на ГМО во животната средина; методологија, елементи и обем на процена на ризик при пуштање на производ во промет; означување и пакување на производи; содржина и обем на програма за мониторинг; форма, содржина, методологија и начин на водење на регистар како и висина на материјални трошоци за давање на податоци.

**Хемикалии:**
За овој период е планирано донесување на Националната стратегија за здраво управување со хемикалии и подзаконски акти согласно Законот за хемикалии.

**Бучава:**
Во овој период се планира донесување на следните подзаконски акти согласно Законот за бучава во животната средина:

- Правилник за начинот на изработката и содржината на стратешките карти на бучава;
- Правилник за начинот на изработката и содржината на акционите планови на бучава во животната средина;
- Правилник за начинот на објавување на информациите и учеството на јавноста и начинот на подготвувањето на извештајот од мислењата добиени од одржаната јавна расправа;
- Правилник за условите за заштита од бучавата во животната средина предизвикана од патен, железнички, воздухопловен и прекуводен сообраќај;
- Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава во животната средина;
- Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат уредите, средствата и апаратите за домаќинство во поглед на бучавата во животната средина и местата за престојување, и
- Правилник за техничките мерки и услови кои треба да ги исполнуваат градбите во поглед на звучната заштита од бучавата во животната средина предизвикана од соседството.
- Правилник за начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежите и методологијата за мониторинг, условите и начинот и постапката на доставување на информациите и податоците од мониторингот на бучавата;
- Правилник за содржината на стручната подлога за заштита од бучава која служи за изработка на просторни и урбанистички планови и актите за нивно спроведување

Во овој период се очекува да започнат активности за изработка на стратешки карти за бучава.

**Шумарство:**
Во овој период ќе се работи на донесување на подзаконските акти согласно Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, како и изработка и донесување на нови два закони и тоа: Закон за шумите и Закон за ловството. Воедно планирано е и трансформација на ЈП Македонски шуми.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период клучна активност е зајакнување на Министерството за животна средина и просторно планирање со дополнително вработување на специјализиран кадар, како и спроведување обуки за имплементација на законодавството. Притоа од особена важност е:

- зајакнување на Управата за животна средина, со нови вработувања во насока на спроведувањето на надлежностите согласно законите, а особено во областа на издавањето на дозволи и административните постапки, природата, следењето на состојбата со животната средина и лабораториските анализи;
- зајакнување на Државниот инспекторат за животна средина со вработувања на инспектори и инспектори за заштита на природата и спроведување специфични обуки на инспекторите, особено во делот на надзор на издадените интегрирани еколошки дозволи,
- зајакнување на секторите во министерството за планирање и спроведување на предпристапната помош на ЕУ и инвестиции во животната средина , и
- зајакнување на единиците на локалната самоуправа преку нови вработувања и обука за управувањето со животната средина на локално ниво.

Со новиот Закон за хемикалии ќе направи јасна поделба на надлежностите за управување со хемикалии помеѓу органите на државната управа и други институции. Во оваа насока потребно е да се направи проценка и зајакнување на капацитетите на истите за делот во управувањето со хемикалии за кои се надлежни, вклучувајќи го и известувањето до надлежен орган на ниво на ЕУ.

Во областа на водите ќе се превземат активности насочени кон зајакнување накапацитетите на телото кое ќе биде надлежно за управување со водите.

Во областа на заштита и спасување ќе се спроведе следново: институционално зајакнување за воспоставување на интегриран систем на заштита и спасување за потребите на целосна имплементација на мерките за заштита и спасување утврдени во правната регулатива; трансформација на силите за цивилна заштита и опремување и осовременување на системот за заштита и спасување; планирање, организирање и учество во колективните системи за заштита и спасување, глобални и регионални и пренесување на дел од надлежностите од повисоките кон пониските организациони единици и кон локалната самоуправа.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
**КРАТКОРОЧНА ДО 2007**
**Тековни проекти:**
**CARDS 2003 "Подобрување на управувањето со прекуграничните водни ресурси"**е проект во рамки на кој се развиваaат општи методи, насоки и студии со цел унапредување на управувањето и квалитетот на прекуграничните водни ресурси.
**CARDS 2004 Зајакнување на управувањето со животната средина, програма,** е проект во рамки на кој активностите се од законодавна и институционална природа. Законодавната компонента се состои од подоготовка на подзаконски акти, а институционалната се однесува на развојот и зајакнувањето на капацитетот во МЖСПП и останатите учесници во процесот на управување со животната средина, а особено во делот на воспоставувањето на системот за Интегрираното спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ), постапката за оценка на влијанието врз животната средина, како и сегментите на зајакнување на процесите во рамките на процесите на: децентрализација, следење на квалитетот на амбитенталниот воздух, лабараторииски истражувања, информативниот систем за животна средина и креирање на политиката во животната средина, економска анализа и подготовка на проекти.
**CARDS 2005** проект за **Изработка на Национална стратегија за апроксимација во животна средина програма,** во рамките на кој во тек е изработка на планови за имплементација на одделни директиви (19 директиви) во секој од секторите на поглавјето животна средина, освен шумарство и секторски стратегии за апроксимација.
Во рамките на проектот за развивање на **Локални акциони планови за животна средина - ЛЕАП-и** , финансиски поддржан од СИДА е дефинирана нацрт-национална методологија за изработка на ЛЕАП-и, а во тек е имплемнтација на приоритети дефинирани во рамки на претходно изработените ЛЕАПи за 6 општини.
Во рамки на имплементација на обврските кон НАТО-ПАРТНЕРСТВО ЗА МИР се реализира проект за **Изработка на студија за оценка на влијанијата врз животната средина за воениот тренинг центар Криволак**, во рамкита на која се анализираaат сегашните и идни активности и нивното влијанија врз животната средина, во просторот на воениот

тренинг полигон ,,Криволак“, со цел  да се  да поставаат превентивни и управувачки мерки и стандарди за негово одржливо користење и управување.
Во соработка со програмата за развој на Обединетите нации е поддржана **изработка на физибилити студија за рудникот Лојане**, во рамките на која ќе бидат дефинирани можните решанија за проблемите во ова еколошкото жариште.
**Реконструкцијата на информативен центар во Националниот парк Пелистер** е финансиски поддржана од страна на Швајцарија и на овој начин ќе бидат промовирани вредностите на Националниот парк а ќе се зајакне соработката и комуникацијата помеѓу Управата на Паркот и јавноста.
Во соработка со Генералниот Директорат за животна средина се реализираат два проекти. Првиот се однесува на **административните капацитети за животна средина** и кој има за цел да направи проценка на националните админстративни капацитети, особено во делот на следење на состојбите, инспекцијата и спроведување на законодавството. Вториот проект се однесува на **следење на процесот на апроксимација на законодавството** и во рамки на истиот се пополнуваaат табели на усогласеност за 69 Директиви и регулативи на ЕУ, и исто толкав број на имплементациони табели-прашалници за имплементација.

**СРЕДНОРОЧНА 2008-2010**
**Тековни проекти:**
**Подобрување на квалитет на воздух Twining CARDS 2005,** во рамки на овој проект се поддржуваат активности за апроксимација на законодавството во областа квалитет на воздухот; подобрување на базата која се однесува на инвентарите за емисии во воздухот; подобрување на основите за сеопфатен автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух согласно рамковната директива за квалитет на воздух 96/62/ЕЦ и директивите ќерки како и подобрување на Националниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух и вклучување на релевантните институции во оваа активност.

**Институционална поддршка- реализација на петта фаза од проектот за заштита на озонска обвивка -** координација на националните активности во насока на подготовка и имплементација на проекти во сектори каде супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка наоѓаат апликација; контрола на потрошувачка, увозот и извозот и актѕивности за подигање на јавната свест.

**План за комплетна елиминација на CFCs во Република Македонија -** обезбедува навремена, одржлива и забрзана елиминација на CFCs преку унапредување на законодавството, обука и набавка на опрема за собирање и рециклирање на CFCs фреоните.

**Изработка на втора Национална комуникација за климатски промени (ГЕФ/УНДП) -**основната цел на проектот е изработка на Втората националан комуникација за климатски промени како обрвска кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени. Воедно ќе биде изработен инвентар на стакленички гасови, анализа за ранливоста од климатските промени и мерки за адаптација, стратегија за намалување на емисиите на стакленички гасови и акционен план за справување со климатските промени.

**Програмата за води е финансиски поддржана од Швајцарија и се состои** од неколку компоненети**.** Компонентата А: Рехабилитација на пумпни станици во Охрид. Компонента В: -Оптимализација на снабдувањето со вода за пиење од филтер станицата; -Замена на активен јаглен; -Изградба на дополнителен резервоар; -Рехабилитација на водоводната мрежа; -Изградба на нов колектор од берово до новата пречистителна станица; -Реализација на првата фаза од Пречистителната станица за Берово и околните села. Компонента Ц: Изработка на студија за Управување со сливот на река Брегалница (подслив на река Вардар); -Финансирање на одредени проект (од 4 до 8) за развој на неразвиени подрачја во Брегалнички регион

**Мониторинг на реките во Р.Македонија - II фаза** е финансиски поддржана од Швајцарија во негови рамки се врши реконструкција, доградба и осовременување на мониторинг системот на површинските води, за перманентно следење на квалитативно-квантитативните податоци за состојбата со водата во истите.
Проектот во рамките на кој ќе биде изработена **Национална стратегија за оддржлив развој,** е поддржан од Шведска а освен изработката на Стратегијата се реализираат и активности за зголемување на свеста за концептот за одржлив развој, градење мрежи помеѓу јавниот и приватниот сектор и охрабрување на зголемување на домашни и странски комерцијални инвестиции.

Проектот за **Интегрирано управување со екосистемот во басенот на Преспанските Езера (ГЕФ/УНДП)** има за цел целосна заштита на сливното подрачје на Преспанските Езера, заштита на природните богатства во сливот, изградба на пречистителни станици; заштита на крајбрежјето, развој на еко-туризам, поддршка на Просторен план и др. Проектот е билатерална помош за Македонија и Албанија

Проект **Зелен пакет за образование** е финасиски поддржан од Австрија, и е осмислен да допринесе кон подобрување на состојбата со животната средина во Македонија со подигнување на свеста за животната средина преку едукација на ученици, наставници и родители.

**ESO-PCCM - Еколошки куќи, е** научно-истражувачки прокет финансиран преку Генералниот директоратот за истражување, во кој има партнери од 5 европски земји. Задача во рамките на проектот, е да после преглед на препораките од ЕУ за политиките за енергетска ефикасност и сродни еколошки политики , врзано се разбира и со политиката за намалување на климатските промени и придонес кон одржливиот развој на државата, да се дадат препораки за нивно вградување во националните политики и националното законодавство.

**Заедничка македонско – италијанска канцеларија за климатски промени**, е формирана во рамки на проект кој има за цел реализација на одредбите од Меморандумот за разбирање кои се однесуваат на спроведување на Протоколот од Кјото во Република Македонија. Поддршката се состои во институционална, правна и техничка помош.
**Германска техничка и експертска помош** за припрема на програма и план за работа, техничка и стручна помош во управувањето со државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздухот, учество при калибрација на инструментите во Калибрационата лабораторија како и техничка и стручна помош при одржување и сервисирање на мониторинг станиците
**Станица за пречистување на отпадна вода во Гевгелија -** проектот планира да се изради станица за пречистување на отпадните води на Р. Вардар а финансиски е поддржан во рамки на Грчкиот план за реконструкција на Балканот.
Во рамките на **CARDS 2006** во текот на февруари 2007 започнаа со реализација три одделни проекти за : Првиор се однесува на изработка на план за управување со медицинскиот отпад. Во рамки на вториот проект ќе бидат изработени физибилити студии за одделни индустриски еколошки жаришта; во рамки на третиот проект ќе биде изработена техничка докумнетација и апликација за ИПА фондоивите за станица за пречистување на отпадна вода во Прилеп.

**Планирани проекти**
Во рамки на втора фаза на проектот за **развој на ЛЕАПи** во Македонија е планирано продолжување на активностите за изработка на ЛЕАПи за општините во Република Македонија.
Преку Глобаниот фонд за животна средина (ГЕФ), планирана е реализација на проект во рамки на кој се предвидени активности за **унапредување на управувањето со речниот базен Црн Дрим.**
**Биосферен резерват Преспа Парк** е проект во рамките на кој е планирана реализација на активности за целосна операционализација на работата на администрацијата на Националните паркови, Галичица во Република Македонија и Преспа во Република Албанија. Проектот е финансиски поддржан од KFW – Банка, Германија. Реализацијата на проектните активности е предвидена за 2007 -2009 год. Имплементатор на активностите Администрацијата на НП со поддршка на домашни и меѓународни експерти.
Проектот за **Развој и координирање на национален план за SAICM стратешки приод во меѓународното управување со хемикалиите (SAICM Strategic Approach for International Chemical Management) и имплементаца во Република Македонија,** ќе опфати изработка на Национален хемиски профил (правна и институционална рамка во управувањето со хемикалии на национално ниво, прелиминарни инвентари) и изработка на Акциони планови за редукција и елиминација на опасните хемикалии. Започнувањето на проектот е планирано во февруари-март 2007.
Во соработка со Шведската агенција за животна средина планирана е раелизација на билатерален проект во рамките на кој ќе се поддржат активности за зајакнување на капацитетите на Управата за животна средина.
Следните проекти се планирани но сеуште не се обезбедени сигурни извори нја финансирање:
Планирана е изработка на **техничка докумнетација за системи за третман на отпадни води**, совклучени финасиски и економски анализи, оценка на влијанија врз животната средина, главен проект и сл.
**Изработка на техничка документација за системи за управување со отпадот** за изградба на регионални депонии , согласно Националниот план за управување со отпадот.
Планирана е и подготовка на **Црвена книга и Црвена листа на ретки и загрозени видови флора и фауна во Република Македонија**,
**Подготовка на Менаџмент план за Национален парк Маврово,** во рамките на кој ќе бидат дадаени насоки за управување со Националниот парк Маврово.

# 3.28 ПОТРОШУВАЧИ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

**Заштита на потрошувачи**
**Областа на заштита на потрошувачите** е уредена со Законот за заштита на потрошувачите кој е донесен на 11 јуни 2004 година ("Сл. весник на РМ" бр. 38/04). Законот е усогласен со ЕУ законодавството од оваа област.
Врз основа на **Законот за заштита на потрошувачите** (член 39) донесен е Правилник за својствата на детските играчки што се пуштаат во промет ("Сл. весник на РМ" бр. 90/04), кој е усогласен со Директивата 31988L0378R(04)**,** од 3 мај 1988 година, за приближување на законите на земјите членки во врска со безбедноста на играчките.
Врз основа на член 123 од Законот за заштита на потрошувачите, Владата на Република Македонија донесе Решение за именување на членови на Советот за заштита на потрошувачите ("Сл. весник на РМ" бр. 11/05).

Законот за заштита на потрошувачите е основен закон во областа на заштита на потрошувачите, но поради нејзината мултидисциплинарност, одредени сегменти од оваа област се регулираат и во повеќе други закони и тоа:

- **Законот за туристичка дејност** („Сл.в. на РМ" бр. 62/04), е во целост усогласен со Директивата 31990L0314, согласно кој се донесени единаесет подзаконски акти.
- Со **Законот за угостителска дејност** („Сл.в. на РМ" бр. 62/04), согласно кој се донесени осум подзаконски акти.
- **Законот за безбедност на производи** (Сл.в. бр. 33/06), усогласен со Директивата 32001L0095 за општа безбедност на производите и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот подетално се објаснети во Поглавје 01- Слободно движење на стоки;
- **Законот за медијација** (Сл.в.на РМ бр. 60/06) е усогласен со Препораката од Комисијата 31998H0257, Препораката од Комисијата 32001H0310 и други. Врз основа на член 11 ст.1 т. 4 од Законот за медијација донесен е Правилник за програмата за обука на медијатори и образецот за завршена обука за медијатор.
- **Законот за облигациони односи** (Сл. весник на РМ бр. 18/01, 4/02 и 5/03).
- Со **Законот за санитарна и здравствена инспекција** (Службен весник на РМ бр.71/06), согласно кој се донесени Правилникот за образецот на легитимација, начинот на нејзино издавање и одземање и Правилникот за трошоците на инспекцискиот надзор во постапки поведени по барање на странка, истите се објавени во Сл.весник на РМ. бр. 01/07.

Во поширока смисла заштитата на потрошувачите е регулирана и со:
Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, ("Сл.в. на РМ" бр.54/02), како и тринаесет подзаконски акти кои произлегуваат од законот; Законот за здравје на растенија (Сл.в. 29/05) и Закон за ветеринарно здравство – ("Сл. весник на РМ" 28/98 – сите во поглавје 12; Законот за животна средина, (Сл. в. на РМ 53/05 и 81/05 – поглавје 27, Законот за радиодифузна дејност од 09.11.2005 – поглавје 10; Законот за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала ( Сл. в. на РМ бр. 21/98) – Поглавје 01.

**Јавно здравство**
**Областа на јавното здравство е** уредена со Законот за здравствена заштита (Сл. В. на РМ бр.38/91,46/93, 55/95 ,10/04,,84/05, 111/05 и 65/06) и со Законот за здравственото осигурување ("Сл. В. на РМ" бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02 , 31/03, 84/05, 36/06).
Одделните области од јавното здравство се уредени со посебни законски прописи и тоа:

- ***Тутун* - Областа на заштита на здравјето од штетните последици од пушењето** е уредена со: Закон за здравствена заштита, Закон за заштита од пушење, Законот за производство и промет на тутун кој е потполно усогласен со Директивата 32001L0037, како и други подзаконски акти.
- ***Заразни болести* - Областа на епидемиолошкиот надзор и контролата на заразните заболувања** е уредена со следните прописи: Закон за здравствена заштита, Закон за заштита на населението од заразни болести („Сл. весник на РМ" број 66/04), Закон за санитарна и здравствена инспекција("Сл.в.на РМ" бр. 71/06), Закон за евиденции во областа на здравството("Службен лист на СФРЈ" број 22/78, 18/88 и „Сл. В. на РМ бр. 15/95) и повеќе правилници и Програми.
- ***Безбедност на крв, човечки ткива и клетки* -** Подрачјето на **безбедноста на крвта** е регулирано со повеќе закони, подзаконски акти и правилници.
- ***Зависности* -** Основите на областа на **превенцијата на зависностите** се утврдени со следните правни прописи: Законот за здравствена заштита, Законот за здравственото осигурување, Законот за евиденциите во областа на здравството, Правилникот за поблиските просторни услови, опремата и кадрите за основање и работа на здравствените установи (Сл. в. на РМ бр.11/92, 25/96, 48/02, 30/05 и 62/06).

Владата на РМ носи годишна програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во РМ со која на товар на средствата на буџетот на РМ се финансираат мерките и активностите содржани во програмата, а се однесуваат само на лица зависници кои не се здравствено осигурени по ниеден основ, лица кои користат здравствена заштита на д 30

дена за овие потреби и лица кои издржуваат казна затвор, а се зависници и се во состојба на користење на здравствени услуги од овој вид.

***Незаразни заболувања -*** Правната рамка во областа на **незаразните заболувања** ја сочинуваат**:** Законот за здравствена заштита, Законот за здравственото осигурување, Законот за евиденциите во областа на здравството и Законот за евиденциите во областа на здравството.

Законот за здравствена заштита пропишува остварување на загарантираните права и утврдените потреби и интереси на општеството преку преземање на одредени мерки и активности (Програми) за обезбедување на здравствена заштита од одредени заболувања кај специфични групи на население.
Законот за ментално здравје (Сл. в. на РМ бр.71/06) обезбедува остварување на правата на лицата со проблеми во менталното здравје.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
**Заштита на потрошувачи**
Врз основа на член 121 од Законот за заштита на потрошувачите Владата на РМ на 27 декември ја донесе Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2007-2008 година (Сл.в. на РМ бр. 137/06). Со оваа Програма се определени: политиката за заштита на потрошувачите, мерките и активностите за остварување на политиката за заштита на потрошувачите, советувањето, едукацијата и информирањето на потрошувачите и средствата за реализација на Програмата.

**Јавно здравство**
Основните стратешки правци во областа на јавното здравство се утврдени преку:
- Националната стратегија за контрола на тутунот заради обезбедување и унапредување на заштитата на здравјето на населението 2005-2010, усвоена од ВРМ во јуни 2005;
- Националниот план за активности пред и за време на пандемијата од грип со посебен осврт на пандемија од птичји грип, усвоена од ВРМ октомври 2005.
- Националната програма за сузбивање на злоупотребата на дрогата и недозволената трговија со дрога (Службен весник на РМ бр.35/96);
- Националната стратегија за ХИВ/СИДА 2003-2006 година која има шест приоритетни области: превенција на ширењето на ХИВ/СИДА меѓу групите од интерес; подобрување на пристапот до услугите за советување и тестирање; подобрување на националните системи за епидемиолошко следење и бихевиорално следење; подобрување на обезбедувањето грижа и поддршка за лицата кои живеат со ХИВ/СИДА; спречување на преносот на ХИВ во здравствените организации и зајакнување на капацитетот и координацијата во рамките на националниот одговор на ХИВ/СИДА.
- Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија за 2005-2012година, усвоена од ВРМ во ноември 2005 Владата на Република Македонија во ноември 2005 со која се предвидува децентрализација на хоспиталните установи, како и ресоцијализација и воспоставување на систем за ментално здравје во заедницата за пациентите со проблеми во менталното здравје.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Заштита на потрошувачи**
Заштитата на потрошувачите во Република Македонија е институционализирана со работата на повеќе органи и тела на државната управа и на јавниот сектор кои имаат директни и/или индиректни ингеренции во овој домен, утврдени со Законот за заштита на потрошувачите и со други закони, како следи:
- Влада на Република Македонија - креирање на потрошувачка политика, донесување на програма за заштита на потрошувачите;
- Совет за заштита на потрошувачите при ВРМ (12 членови) - предлага мерки и активности, ја следи реализацијата на програмата за заштита на потрошувачите, ја оценува состојбата на пазарот и сл.;
- Совет за заштита на потрошувачите на ниво на единиците на локалната самоуправа - грижа за заштита на потрошувачите на локално ниво;
- Министерство за економија - Одделение за заштита на потрошувачите - предлага програма за заштита на потрошувачите, спроведува мерки и активности на потрошувачката политика и врши усогласување на правната регулатива со потребите на потрошувачите;
- Државен пазарен инспекторат во рамките на МЕ, спроведувањето на Законот за заштита на потрошувачите, проценка на квалитетот на производите и услугите, заштита на економските интереси на потрошувачите;
- Министерството за финансии;
- Министерството за правда;
- Надлежните судови – потрошувачки спорови;

- НВО – Организација на потрошувачи на Македонија - Законот за заштита на потрошувачите дава можност за вклучување на невладините организации во креирањето на потрошувачката политика, информирањето, едукацијата и советувањето на граѓаните - потрошувачи.

**Јавно здравство**

Клучни институции во областа на јавното здравство се :

- Министерство за здравство – донесување и имплементација на Законите и подзаконските акти, Програми,итн.
- Државниот санитарен и здравствен инспекторат - надзор над спроведување на мерките за спречување и сузбивање на заразните болести; евиденциите во областа на здравството; итн.
- Републичкиот завод за здравствена заштита-Скопје и 10 Регионални заводи за здравствена заштита; Републичкиот завод за трансфузиологија – надлежност во безбедноста на крвта и стандардите за квалитет и сигурност на собирањето, тестирањето, обработката, чувањето и дистрибуирањето на човечка крв
- Психијатриските болници, Општите болници-невропсихијатриски одделенија; Служби за превенција и третман за злоупотреби на droги; Центрите за ментално здравје; Клиничкиот центар – Скопје, итн.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Заштита на потрошувачи**

- Измени и дополнувања на Законот за заштита на потрошувачите, кои ќе се однесуваат на подобрување односно допрецизирање на одредени членови од законот во насока на подобра примена на законот во пракса.
- Реализација на активностите предвидени во Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2005-2006 година и донесување на Програмата за заштита на потрошувачите за 2007 – 2008 година.
- Усогласување на националното со ЕУ законодавството во делот на заштита на потрошувачите при користење на финансиски услуги, и целосна хармонизација со следните ЕУ мерки: Директивата 31987L0102 изменета и дополнета со Директивите 31990L0088 и 31998L0007 и со Препораката на Советот 32001H0193 за претдоговорни информации што треба да им се дадат на потрошувачите од страна на давателите кои нудат станбени кредити. За таа цел ќе се донесе Законот за потрошувачки кредити, а донесена е Одлука за ефективни каматни стапки.
- Донесување на **Законот за Државна пазарна инспекција со кој ќе се** уредуваат надлежноста, овластувањата и организацијата на Државниот пазарен инспекторат. Во однос на заштитата на потрошувачите Државниот пазарен инспекторат спроведува голем број други прописи согласно неговите надлежности дефинирани во Поглавје 01.
- Измена и дополнување на Законот за туристичка дејност и Законот за угостителска дејност.
- Измени и дополнувања на Законот за медијација, со цел за усогласување на националното со ЕУ законодавството во делот на судската медијација.

Во понатамошна смисла безбедноста на потрошувачите ќе се регулира со:

- Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за безбедност на производи (Поглавје 01)
- Донесување на Упатство за начинот и постапка за вршење на инспекциски надзор, согласно Законот за санитарна и здравствена инспекција (Сл.в.бр. на РМ бр.71/06)

**Јавно здравство**

Во владина процедура се наоѓа Законот за заштита на пациентите кој е во согласност со голем број меѓународни документи, односно конвенции на ОН и Советот на Европа, кои се однесуваат на заштитата на правата на човекот и пациентот, а кои што Република Македонија или им пристапила или ги ратификувала. Истиот се очекува да биде донесен во текот на 2007 година.

***Заразни заболувања***

Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл. в. на РМ” бр. 66/04) во тек на подготовка се следните правилници:

- Правилник за начинот и условите за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација со кој ќе се уредат условите по однос на опремата, просторот и кадарот неопходни за вршење на дејноста;
- Правилник за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и за лица кои подлежат на таа обврска кој ќе го уреди календарот на имунизацијата, лицата кои подлежат на имунизација и вакцините со кои таа ќе се врши.
- Упатство за дефинирање на случаи на заразни заболувања (case definition) во кое целосно ќе бидат вградени препораките на Светската здравствена организација, како и ЕУ мерките 32002D0253 и 32003D0534;

За 2007 година се планира да бидат донесени и следните подзаконски акти:

- Правилник за условите и начинот за пренесување на умрени лица, како и за ископување и пренесување на умрени лица со кој ќе се уреди постапката за ископување и пренесување на умрени лица;

- Правилник за здравствените прегледи на лицата што прележале цревен тифус, бациларна дизентерија или салмонелоза со кој ќе се уреди постапката за следењето на лицата кои ги прележале наведените заболувања;
- Правилник за начинот на пријавување на заразни болести со кој ќе се пропише начинот на пријавување на заболувањата кои подлежат на пријавување, ќе се утврдат обврските на здравствените работници и ќе се пропише образецот за пријавување на заболувањата. Се планира во овој правилник да се вградат ЕУ мерките 32000D0096 и 32003D0542;
- Правилник за мерките за заштита од ширење на зараза во самите здравствени организации кој ќе ја уреди организацијата на работата во здравствените организации со цел да се спречи ширењето на нозокомијални инфекции;
- Правилник за здравствените прегледи на лица ставени под здравствен надзор заради спречување на заразни болести со кои ќе се утврдат видовите на здравствено-хигиенски прегледи на лицата вработени во објекти за производство и промет на храна, образовни и здравствени установи.

Се планира и имплементација на превентивните годишни програми кои произлегуваат од Законот за здравствена заштита.

***Незаразни заболувања***

Донесување на Националниот акционен план за примарна, секундарна и терциерна превенција на незаразна болест - рак на дојка.

Имплементација на годишната Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; Годишната Програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената и Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства.

***Безбедност на крв, човечки ткива и клетки***

Донесување Закон за снабдување со крв и крвни продукти, до крајот на 2006 година, во кој ќе биде имплементирана ЕУ мерката 32002L00098 и ќе се воспостави основ за имплементација на 32004L0033, 32005L0062 и 32005L0061.

Националната политика за обезбедување со квалитетна и сигурна крв и нејзина рационална употреба.

***Болести на зависност***

Изготвување на Национална стратегија за droги која предвидува мултисекторски пристап во превенцијата на злоупотребата на droги и третманот на зависниците.

Усвојување на Национална стратегија за превенција на проблеми предизвикани од злоупотреба на алкохол.

Подготовка на Национална стратегија за ХИВ/СИДА 2007-2011.

Континуирано спроведување на активностите од годишната Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависност во РМ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Заштита на потрошувачи**

Потребно е институционално зајакнување на:

- **МЕ -** Одделението за заштита на потрошувачите со 1 лице со високо образование во 2007;
- **МФ -** Сектор за финансиски систем, Одделение за банкарски систем со 1 лица со високо образование во 2007;
- **ДСЗИ -** Со цел намалување на ризиците врз постигнувањето на резултатите потребно е институционално зајакнување на Државниот санитарен и здравствен инспекторат со најмалку по еден вработен во подрачните одделенија за градовите каде ДСЗИ не е застапен како и врз основа на зголемените надлежности. Согласно стратешкиот план за работа на ДСЗИ 2007-2009 година планирано е вработување на вкупно 15 инспектори како и на 7 дипломирани правници чија правна помош е неопходно потребна при решавање на предметите од областа на остварувањето на правата на пациентите согласно законот за здравствената заштита и законот за здравствено осигурување.

Доопремување со техничка опрема - компјутери за сите инспектори, обезбедување на возила во подрачните одделенија каде нема, како и оддржување на обуки во делот на надзорот над остварувањето на правата на пациентите, епидемиологија, хигиена, правни постапки и импликации и обука за компјутерско работење.

**МП -** ќе се формира Сектор за надзор на работата на извршителите, нотарите и медијаторите, Одделение за надзор на работата на нотарите и медијаторите, со две лица со високо образование.

**Јавно здравство**

**Болести на зависност**

Институционалното зајакнување кај болестите на зависност е детално образложен во поглавје 24.

***Незаразни болести***

Предвидено е формирање на нова институција -Центар за ментално здравје- во Скопје, кој ќе произлезе од постоечката Психијатриска болница. Со формирањето на овој Центар ќе се постигне деинституционализација и ресоцијализација на лицата со проблеми во менталното здравје. Центарот за ментално здравје ќе се формира како Јавна здравствена установа која ќе ги згрижува пациентите на регионален принцип. За формирање на овој Центар ќе се користат постојните човечки ресурси. Потребна е дополнителна обука за работа со лица со проблеми во менталното здравје со акцент на вклучување во локалната заедница.

Предвидено е отварање на 3 нови институции - Центри за ментално здравје- со регионален пристап во други региони во Републиката кои ќе произлезат од останатите Психијатриски болници во Републиката и психијатриските одделенија во Општите болници. Со формирањето на овие Центри ќе се постигне деинституционализација и ресоцијализација на лицата со проблеми во менталното здравје. Потребно е и доекипирање на центрите со психолози и работни терапевти

Во МЗ - Секторот за секундарна и болничка здравствена заштита - предвидени се 2 нови вработувања.

Исто така, планирано е кадровско зајакнување на Секторот за примарна и превентивна здравствена заштита со едно лице во Одделението за превентивна здравствена заштита.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

**Заштита на потрошувачите**

- Реализација на активностите предвидени во Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2007-2008 година
- Хармонизација со Директивата 32002L0065 во врска со продажба на финансиските услуги на далечина ќе се изврши со донесување на правен акт за давање финансиски услуги на далечина **чии одредби би влегле во сила со пристапувањето во ЕУ или пак сукцесивно**, зависно од либерализацијата на капиталните трансфери и финансиските услуги и создавањето технички услови (пред се сигурносни системи) за реализација на ваков вид продажба. Се планира актот да биде донесен до крајот на 2008 година.
- Следење на Препораките на ЕУ и имплементирање на високи стандарди за медијација во Законот за медијација.
- Донесување на подзаконски акти согласно Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, (″Сл.в. на РМ″ бр.54/02).

**Јавно здравство**

- Донесувањето на Законот за снабдување со крв и крвни продукти;
- Правилник за спроведување на одредбите од законот за трансфузиона дејност;
- Стандарди за крвни продукти;
- Правилници за добра практика во трансфузиологијата;
- континуирано спроведување на 9-те годишните превентивни програми,
- континуирано спроведување на годишните Програми за обезбедување на трошоците за болите кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената и за здравствена заштита на лица со душевни растројства отпочнување со спроведувањето на Националниот акционен план за примарна, секундарна и терциерна превенција на незаразна болест - рак на дојка и Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија за 2005-2012год.
- Донесување на нов Закон за опојни droги и психотропни супстанции кој ќе биде целосно усогласен со Конвенцијата на ОН против незаконитиот промет на опојни droги и психотропни супстанции, како и со ЕУ мерката 32000P1673.
- Имплементација на ОЕЦД прирачникот за Национална здравствена сметка.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Заштита на потрошувачи**

Потребно е институционално зајакнување на:

- **МЕ** - Одделение за заштита на потрошувачите со по едно ново вработување во 2008, 2009 и 2010 година;
- **МФ** – Сектор за финансиски систем, Одделение за банкарски систем со 1 лице со високо образование во 2009 година. Потребно е јакнење на капацитетот на постојните институции, особено оние надлежни за имплементација на регулативата (Народна банка на Република Македонија - Дирекција за супервизија, Министерство за финансии - Девизен инспекторат).

- **ДСЗИ** – потребно е електронско поврзување и воспоставување на база на податоци за единствен регистар на објекти кои подлежат на санитарно хигиенски и здравствен надзор и софтвер за потребите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

**Јавно здравство**

***Незаразни болести***

Како дел од активностите за имплементација на Стратегијата за ментално здравје предвидено е отворање на 7 нови институции - Центри за ментално здравје- кои ќе произлезат од останатите Психијатриски болници во Републиката и психијатриските одделенија во Општите болници. За доекипирање потребно е да се обезбедат нови вработувања .

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10001: Министерство за економија | МЕ: Сектор за внатрешен пазар/ Одделение за заштита на потрошувачи | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | МЕ: Совет за заштита на потрошувачите | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10001: Министерство за економија Вкупно | | 13 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| 19001: Министерство за здравство | ДСЗИ: Државен санитарен и здравствен инспекторат | 50 | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| | МЗ: Сектор за примарна и превентивна здравствена заштита/одделение за превентивна заштита | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | МЗ: Сектор за секундарна здравствена заштита | 2 | 1 | 3 | 2 | 2 | 8 |
| 19001: Министерство за здравство Вкупно | | 53 | 4 | 5 | 4 | 4 | 17 |
| ФЗО: Фонд за здравствено осигурување | ЦЕНТРИ_Ментално здравје: Центри за ментално здравје | 0 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| ФЗО: Фонд за здравствено осигурување Вкупно | | 0 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| **ВКУПНО** | | **66** | **8** | **9** | **7** | **7** | **31** |

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**Заштита на потрошувачи**

**Краткорочна**

Од јуни 2005 до октомври 2008 година, во Министерството за правда се реализира Проектот за техничка помош на Министерството за правда во областа на медијацијата International Finance Coorporation PEP – Southeast Europe финансиран од ИФЦ и Холандската Влада. Проектот има за цел поддршка и востановување на законската рамка за медијација и имплементација на истата и тоа: обука на идните медијатори, кампања за подигнување на јавната свест за медијацијата, поддршка за пилот проекти и востановување на центри за медијација во Република Македонија.

**Јавно здравство**

***Заразни болести***

Во 2004 година отпочна проектот за Брзо откривање и пријавување на заразни болести (АЛЕРТ СИСТЕМ) кој е финансиран од страна на Светската здравствена организација. Се спроведува како пилот проект во 6 града (Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, Крива Паланка и Кратово) кои се под надлежност на 3 Заводи за здравствена заштита - Скопје, Тетово и Куманово (софтверот е инсталиран, здравствените работници се обучени за работа со него и од почеток на 2006 година стартува пријавувањето на заразните болести согласно препораките на проектот.

Воспоставувањето на овој систем е во тесна врска со имплементацијата на ЕУ мерката 32000D0057 .

Пријавувањето според АЛЕРТ системот продолжува во пилот градовите, а од Светската здравствена организација (СЗО) побарана е техничка и финансиска поддршка за проширување на активностите од проектот низ целата држава.

Преку Глобалниот Фонд за ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија обезбедени се средства за спроведување на петгодишна програма за превенција од туберкулозата во висина од 3.071.097 УСД, односно 1.442.489 УСД за првите две години од програмата.

Потпишан е и договор за продолжување на програмата за ХИВ/СИДА поддржана со грант од Глобален Фонд за период од уште една година со средства во висина од 1.555.768,00 УСД.

***Безбедност на крв,човечки ткива и клетки***
Во јуни 2005 година помеѓу Р. Македонија и Р. Франција потпишан е договор за француска финансиска помош за македонската трансфузиологија. Договорот е тригодишен и има за цел подобрување на квалитетот на крвните продукти и обезбедување поголема безбедност во трансфузиологијата, што би се постигнало преку:

- Изработка на Закон за снабдување со крв и крвни продукти,
- Дефинирање на стандарди за крвни продукти и Правилници за добра практика во трансфузиологијата
- Поставување на систем на следливост во постапките со крвта - хемовигилност
- Помош во реализација, во оптимални услови, на автологни и алогени трансплантати на хематопоетски матични клетки
- Управување со проектот (генерален одбор, повремена евалуација...).

Предвидено е и отпочнување со набавките на техничка опрема и потребните потрошни материјали во вредност од над 150 илјади евра.

**Среднорочна**
***Заразни болести***
Воспоставувањето на системот за брзо откривање и пријавување на заразни болести подразбира опремување на сите здравствени организации со ИКТ опрема, обука на вработените, мрежно поврзување на здравствените установи со Градските заводи за здравствена заштита и Републичкиот завод за здравствена заштита, како и со Министерството за здравство, одржување на опремата и сл. што не е можно да се изведе без странска помош.

***Безбедност на крв,човечки ткива и клетки***
Со договорот за француска финансиска помош за македонската трансфузиологија предвидено е во втората и третата година од отпочнувањето на проектот да се започне со поставувањето на системот за следливост.
Во овој период, во зависност од степенот на имплементација на проектот ќе продолжи и набавката на техничка опрема, потребните потрошни материјали и обуката на вработените за работа со нив.

# 3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Република Македонија во 2005 година воспостави царински систем кој е сличен на царинскиот систем на Европската унија. Со донесувањето на **Царинскиот закон** и **Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** кои почнаа да се применуваат од 1 јануари 2006 година се постигна висок степен на усогласеност на нашето законодавство со законодавството на Европската унија.

Со ова се изврши понатамошно прилагодување на одредбите со кои се уредуваат царинските постапки и процедури, посебно во делот на постапките со економски ефект и поедноставените постапки. Се воведоа и одредби за слободните складови и слободните зони идентични со одредбите на европското законодавство кои претходно беа уредени на поинаков начин.

Во текот на 2005 година исто така беше донесен и Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат во царинската постапка. Со Правилникот е извршено усогласување со Регулативата на Европската унија 32003R2286, како и со повеќе меѓународни стандарди и препораки (ISO 3166 2A за означување на земјите и UN/ECE за означување на видот на единичните мерки, видот на транспортот и видот на пакувањето).

Во месец декември 2005 година беа донесени две законски регулативи за спроведување на Царинскиот закон: Уредба за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки, и Уредба за поблиските услови кои мора да бидат исполнети за стоката да може да биде предмет на автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки, постапката за воведување на автономни мерки, како и начинот на нивно распределување или користење. Со овие две уредби се создаде правна рамка за целосно спроведување на новиот Царински закон.

Новиот Царински закон и Уредбата за спроведување на царинскиот закон се во голем дел усогласени со Регулативата на Советот (ЕЕЗ) бр. 31992R2913 од 1992 година со која е донесен Царинскиот Законик на Заедницата, како и Регулативата на Европската унија (EEC) No 31993R2454 за спроведување на Царинскиот закон.

Во текот на 2005 и 2006, извршени се измени на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направените услуги во царинската постапка. Со овие измени од 1 Јули 2006 се укинува надоместокот од 100 Евра за секое поднесено барање за распределба на тарифните квоти, а од 1 Октомври 2006 се укинува надоместокот од 19 Евра за услуги извршени во царинската постапка согласно обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Во 2003 година, Република Македонија донесе нов **Закон за царинска тарифа**, со инструменти и мерки кои се компатибилни со правилата на Европската унија и со кој се создаде правна основа за усогласување на царинската номенклатура на Република Македонија со Комбинираната Номенклатура на Европската унија. Во согласност со одредбите од Законот за царинска тарифа, Владата на Република Македонија најдоцна до крајот на ноември тековната година ја усогласува Царинската тарифа за наредната година согласно превземените обврски со Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација. Исто така Владата на РМ, врши менување и дополнување на националната царинска номенклатура со цел за усогласување согласно Комбинираната номенклатура на Европската унија. Со ова се создадени услови за полесно транспонирање на Заедничката Царинска тарифа и на сите релевантни инструменти за нејзино спроведување.

**Царинската тарифа** на Република Македонија, која во потполност е базирана на Комбинираната Номенклатура на Европската унија ги пропишува царинските стапки и ги содржи обврзувачките стапки од СТО, изразени во проценти *ad valorem* или како специфични царини изразени во фиксни износи по единица мерка. Царинската номенклатура исто така служи и како основа за царинска или надворешно трговска статистика.
Царинската тарифа на Република Македонија потполно е усогласена со Конвенцијата за Хармонизираниот систем (2007) на Светската царинска организација. Воедно, Царинската тарифа е потполно усогласена со Комбинираната номенклатура на Европската унија (објавена во OJ L 301 од 31 октомври 2006).

Заради еднообразна примена на Царинската тарифа во делот на распоредување на стоки, во тек е постапка за имплементирање и објавување на регулативите издадени од Европската унија за распоредување на одделни стоки.

Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоките во рамките на царинските квоти согласно Договорите за слободна трговија, која беше усвоена од страна на Владата на Република Македонија во 2002 година, предвидува два метода на распределба на царинските квоти, првиот според принципот “прв дојден, прв корисник”, додека вториот кој предвидува распределба на царинските квоти според методот на аукција се применува само за најчувствителните земјоделски производи.

Новиот **Закон за Царинска управа** почна да се применува во 2004 година. Правилата за внатрешната организација на Царинската управа на Република Македонија беа донесени и стапија на сила во 2004 година. Со Законот за Царинската управа и со уредбите за негово спроведување се создаде основа за ефикасно делување и извршување на задачите кои треба да се спроведуваат во царинската област. Со законот за прв пат на царинските службеници им се дадени овластувања за целосно имплементирање на сите царински постапки во согласност со стандардите на Европската унија, како и во кривичната постапка во делот на царинските измами. Кодексот на етика на царинските службеници беше усвоен во 2002 година. Во 2005 година, исто така беа донесени Правилникот за видот на документите и податоците кои се означени како службена, деловна и друга тајна, начинот на нивно чување и заштита, како и Уредбата за носење и употреба на оружје од страна на царинските службеници.

Во областа на заштита на правата од интелектуална сопственост - борба против пиратерија и фалсификувани стоки – во мај 2005 година, од страна на Собранието на РМ беше усвоен **Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост**. Со Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост се постигна потполно усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија и ТРИПС Договорот. Донесувањето на овој закон е новина во однос на постоечките царински прописи и воведува нов квалитет во работењето на царинските органи. При изработката како модел се користеше Регулативата на Советот (ЕЕЗ) Бр. 32003R1383.
Конвенцијата за привремен увоз – Истанбулската Конвенција е ратификувана од Република Македонија во март 2006 година.

Република Македонија е членка на Светската Царинска Организација, Светската трговска организација, како и Договорна Страна на поголем број билатерални и мултилатерални договори кои се однесуваат на работата на царинските органи. И покрај овој податок, сеуште постојат определени разлики помеѓу *Acquis* и македонското законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Институција одговорна за спроведување на царинското законодавство е Царинската управа на Република Македонија, како орган во состав на Министерството за финансии. Царинската служба е одговорна за контрола на стоките преку граничната линија на законските гранични премини, а истовремено и за многу други задачи, како резултат на новите закони и прописи. По добивањето на независноста на РМ, беа формирани голем број на нови царински испостави, како во внатрешноста така и на границата, особено онаа во делот со Србија и Косово.

Во мај 1997 година, Европската Комисија приготви документ *Customs Blueprints*, во кој се наведуваат основните препораки кои треба да ги исполнат земјите во пред-пристапната стратегија, каде Европската унија ги дава основните препораки за подобрување и зголемување на ефикасноста на царинските служби кои имаат аспирација за членство во Европската унија. *Blueprints* јасно наведува дека без адекватна царинска служба не може да се очекува членство во Европската унија, а ги наведува и основните цели кои што треба да ги спроведат царинските управи за да изградат оперативна ефикасност на царинските служби. Со цел да се постигне целосно исполнување на препораките наведени во овие документи, од страна на Царинската управа беше изготвена гап-анализа, како би се одределе понатамошните активности во таа насока. Прегледот на усогласеноста на македонското царинско законодавство со *Acquis communitaire*, покажа висок степен на законска хармонизација.

Од особена важност е да се напомене и Протоколот 4 за дефиниција на поимот Производи со потекло и методите на управна соработка и Протоколот 5 за заемна помош во царинските работи кои се составен дел на Спогодбата за Стабилизација и Асоцијација. Протоколот 4 го дефинира концептот на “производи со потекло” во трговијата помеѓу Република Македонија и Европската унија, врз основа на Царинскиот закон на Заедницата, додека пак Протоколот 5 ги поставува условите за заедничка соработка во царинските работи.

Во 2004 година, Владата на Република Македонија ја донесе Националната стратегија за европска интеграција на Република Македонија, Програмата за приближување на националното законодавство кон законодавството на Европската унија, како и Акциониот план за европско партнерство. Стратегијата за развој на Царинската управа на Република Македонија (2004-2008) за период од пет години дефинира што може да очекуваат министерствата, стопанството и јавноста во однос на раководењето, стандардите на работење и работните постигнувања. Стратегијата

јасно определува каде се очекува Царинската управа на Република Македонија да биде на крајот на овој период во однос на стандардите за услугите наменети за стопанството и јавноста, работните постигнувања, инфраструктурата и опремата (вклучувајќи ја информативната технологија) и управување со човечки ресурси. Понатамошното приближување на законодавството, како и реорганизацијата на царинската служба ќе се базираат на принципите на овие документи.

Во 2006 година Царинската управа изготви ново оперативно Упатство за преференцијални договори со кое се опфатени и дефинирани сите активности на посета/контрола на компаниите - извозници, активностите околу проверката на доказите за потекло кои се издадени од страна на Царинската управа.

Во текот на 2006 година, со новата систематизација се формираше Одделение за нетарифни мерки кое покрај другите надлежности, претставува централна единица во Царинската управа за координација на активностите согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост. Во рамките на секоја царинарница се номинирани по еден координатор и заменик координатор за интелектуална сопственост како специјалисти во оваа област.

Царинската управа ја усвои стратегијата за развој на информатичкиот систем користејќи униформна методологија, каде се утврдени сите приоритети за понатамошен развој на ИКТ секторот, со цел Царинската управа да се модернизира и интегрира со царинските системи на ЕУ.

Приоритетите во јакнењето на ИКТ капацитетите глобално се дефинирани преку **стратегијата за ИКТ** усвоена од Царинската Управа. Стратешките определби пред сè се засноваат на Клучните документи по однос на евроинтеграциските процеси (**интерконекција и интероперабилност со ЕУ системите**) и исполнување на ИКТ стандардите кои произлегуваат од Европската легислатива (во делот на ИТ поддршка на различните царински постапки).

Иницирани се **итни** активности по однос на избор, набавка и имплементација на Царински софтвер и поставување на **нов ИКТ систем** во ЦУРМ. Логиката поставува приоритети и норми кои што пред се се насочени кон ЕУ системите и стандардите. Тоа значи:

- **(Национална поставеност)** Квалитетни софтверски решенија кои ќе ги подржуваат основите на национално поставеното царинско работење со целосно прифаќање на ЕУ легислативата како и ЕУ стандардите во ИКТ работењето како и компатибилно е-влада решение.
- **(Поставеност према ЕУ системите)** Така поставената национална конфигурација и систем треба целосно и директно да бидат насочени кон ЕУ системите.

Утврдена е потребата, чекорите и модалитетите за отпочнување на административната процедура за поврзување со ЕУ системите, пред се CCN/CSI и NCTS.

Од страна на Царинската управа, усвоена е Стратегија за Управување со Ризици, изработени се годишни Акциони Планови заради справување со ризици врз основа на истата стратегија, со цел подобрување на ефективноста и ефикасноста во царинското работење. Изработено е ново Упатство за Селективен Преглед во царинското работење со цел системско идентификување на ризици и превземање мерки против истите, од една страна, и забрзување и олеснување на протокот на стока и патници од друга страна. Модулот на селективност (во состав на АСИКУДА системот) е имплементиран во сите внатрешни царински испостави, каде врз база на Приоритетите донесени од страна на Царинската Управа и добиените информации се изготвени профили и критериуми на ризик, преку кои во електронскиот систем се врши автоматска селекција на стоки и царински работници за контрола. Изготвена е нова база на заплени од каде се извлекуваат ризични профили и се доставуваат на локално ниво.

Донесена е Програма за Обуки според политиките и прописите на ЕУ, како и Програма за јазично оспособување на вработените во Царинската Управа според стандардите на ЕУ.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во текот на 2007 година, активностите на Царинската управа на Република Македонија ќе бидат концентрирани на понатамошна хармонизација на законодавството и зајакнување на царинската инфраструктура. Ќе се изврши и дополнителна измена на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка, со цел нивно потполно усогласување со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и со Acquis communitaire. Во овој дел се предвидува укинување на надоместоците за задолжителна тарифна информација, за одобрение за ТИР карнет.

Откако ќе се изврши анализа и на другите такси кои се наплатуваат при спроведувањето на царинската постапка согласно законот за административни такси, се планира донесување на измени и дополнувања на истиот. Со овие измени се предвидува ревизија на постоечките такси која пред се треба да доведе до укинување односно намалување на административните такси за издавање на одобренија за царински склад, за постапки со економски ефект, за поедноставени постапки, за пренесување на правата, за вообичаени форми на ракување.

Во пред-пристапниот период Царинската управа ќе биде реструктуирана на начин за да може да го спроведе Acquis communitaire, во областа на царинската унија. Модернизацијата на македонскиот царински систем има за цел да ги постигне следниве цели:

- постигнување на потполна хармонизација на царинското законодавство
- постигнување на полна организациона и оперативна ефикасност на царинската служба.

Со новините кои ги предвидува Царинскиот закон ќе се обезбеди градење на царински систем кој ќе обезбеди навремено и ефикасно прибирање на царинските и другите давачки и спречување на внесување на нелегална стока, кој при тоа ќе придонесе кон олеснување на меѓународната трговија и одржлив економски развој, што претставува вистински предизвик. Создавањето на услови за ефективна примена на прописите, изградба на соодветни контролни механизми и истовремено развивање на поедноставените постапки и олеснувањата при спроведувањето на царинските постапки е можно само доколку постои јасно и стандардизирано дефинирање на правата и обврските на сите учесници во царинската постапка, што всушност и се постигнува со овој закон кој овозможува да се дефинира одговорност при работењето на сите учесници во царинската постапка.

Најдоцна до 1 април ќе се изврши анализа на казнените одредби од Царинскиот закон, Законот за царинска управа и Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост со цел за евентуална потреба од усогласување на прекршочните санкции со новите прекшочни санкции согласно новиот Законот за прекршоците.

Во Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост не се пропишани царински прекршоци, според кои царинските службеници би поведувале прекршочна постапка. Во ЕУ Регулативата 1383/2003 е оставена можност секоја земја на национално ниво да ги пропише прекршоците. Според тоа, ќе се изврши дополнување на Законот за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост во казнените одредби - царински прекршоци, како и нивно усогласување со Законот за прекршоци во делот на казнените одредби, доколку по извршената анализа се утврди потреба од тоа.

Ќе се создаде и правна основа , со кој регулативите донесени од Советот на ЕУ за распоредување на одредени стоки ќе бидат обврзувачки во царинската постапка.

Во 2007 година, ќе се донесе Закон за измени и дополнувања на царинскиот закон, како и измена и дополнување на Уредбата за спроведување на царинскиот закон во делот на работење на овластени економски оператори. Измените произлегуваат од измените на Царинскиот закон на ЕУ со регулативата 648/2005 година, како и од измените и дополнувањата на Регулативата за имплементација на Царинскиот закон кои се однесуваат на Регулативата 648/2005, донесени на 18 декември 2006 година. Истите се поврзани со развојот на прашањата на безбедноста, добивањето на информации пред пристигнување и засилување на примената на електронските декларации. Заради обемните подготовки и потребната инфраструктура посебно во ИТ опременост примената на овие одредби најверојатно ќе биде со одложен датум.

За постигнување на оперативна ефикасност на царинската служба ќе се изврши набавка на софистицирана опрема за скенирање на камиони и контејнери.

Исто така, предвидено е ангажирање на меѓународно признатa и искусна консултантска куќа за развој и подобрување на институционалниот капацитет на Царинската управа, како и професионално менаџирање на царинската постапка.

Во иднина се очекува процесот на извлекување на ризични профили да биде автоматизиран со воведување на Систем за Централизирано-електронско администрирање на сите оперативни активности во ЦУ заради анализа на ризик, статистика и разузнавање, кој е во фаза на формирање.

Идентификувани се најголеми стопански субјекти кои покажуваат висок степен на почитување на законските прописи заради нивно информирање и укажување на можноста за користење на поедноставени царински постапки.

Врз основа на ново упатство за транзитна постапка изработено со помош на експертите од КАФАО МАК Мисијата, во текот на 2007 година ќе се преземат активности за понатамошно усогласување на имплементацијата на одредбите за транзитот со acquis. Истотака во текот на 2007 се планира Република Македонија да аплицира за членство во Заедничката конвенција за транзит.
На почетокот на 2007 година, ќе се организираат обуки за транзитна постапка. Со овие обуки посебно ќе се истакнат новините во делот на работењето со поедноставувања во транзитот и употреба на посебни товарници и настанување и наплата на царински долг. Обуките ке бидат наменети за царинските службеници кои работат на граничните премини и внатрешните царински испостави (приближно 300 царински службеници). Ќе бидат организирани и обуки за превозници и шпедитери (се очекува интерес на околу 200 лица).

Со цел да се унапреди постапката за распределба на царинските квоти, а по препорака на Европското партнерство, Министерството за економија до крајот на 2007 година треба да донесе Одлука за начинот и постапката при распределба на стоките во рамките на царинските квоти.
Во почетокот на 2007 година во акциониот план на Царинската управа се предвидени презентации и обуки на деловната заедница за подобро разбирање и спроведување на Протоколот за потекло на стоките.

Конвенцијата за олеснување и хармонизирање на царинските постапики – Ревидираната Кјото Конвенција се очекува да биде ратификувана до крајот на 2007 година.

Заложба на ЦУРМ, преку постојано прилагодување на Стратегијата за ИКТ, ќе биде и прифаќање на приоритетите по однос на новите европски системи (AES, AIS) како и обезбедување на правни и технички предуслови по однос на сигурноста на ИКТ системот, поддршката на безхартиените решенија, имплементација на електронската размена на податоци, поставување на систем за управување со ризик, пред се дефинирани со 32005R0648.

Во акциониот план 2007 се предвидуваат активностите по однос на избор, набавка и имплементација на Царински софтвер и поставување на **нов ИКТ систем** во ЦУРМ **(пред се подготовка на националниот домен)**, активноста може да трае од 1 до 3 години.

По административното отпочнување на процедурата (барањето) за интерконекција со ЕУ системите, би се реализирале ИТ подготовките по однос на мониторинг мисиите на комисијата на ЕУ, како и избор на најсоодветниот модалитет на интерфејс кон ЕУ системите (следните 1 до 2 години и во траење од најмалку 2 години). Континуирано прилагодување на стратегијата за ИКТ како и изготвување на Стратегијата за интерконекција и интероперабилност со Европските ИКТ системи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Членството на Република Македонија во Европската унија ја содржи обврската за усвојување и вградување на царинското законодавство на заедницата, превземање на задачите за заштита и контрола на надворешните граници на Европската унија, укинување на внатрешните граници со Европската унија, имплементација на ефикасен компјутерски систем кој е адаптиран на стандардите на Европската унија, како и зголемување на ефикасноста на Царинската управа.
Оние области на царинското законодавство кои ќе останат нехармонизирани, после првата ревизија ќе бидат конечно хармонизирани за време на втората ревизија на царинското законодавство, што значи дека Република Македонија ќе почне да ги применува нив како дел од Acquis на денот на влегување во Европската унија. Овие области, посебно се однесуваат на: правилата за потекло на стоките - усвојување на правилата за непреференцијално потекло на стоките и на правилата што ги применува Европската унија во поглед на окупираните територии и правилата за примена на GSP; специјални правила и документи кои се применуваат на царинските стоки кои се движат помеѓу земјите членки; специјални правила за размена на различни видови на информации за спроведување на царинските прописи помеѓу земјите членки, или помеѓу земјите членки и Комисијата; специјални правила кои се дел на спроведувањето на Заедничката Земјоделска Политика.

Во текот на овој период се планира воведување на компјутерски софтвер за добивање, ажурирање и преглед на TARIC базата на податоци која ќе ги содржи сите информации за сите мерки кои треба да ги превземе царинската служба при увозот на определени стоки од определени земји.

Со оглед на улогата на царинската лабораторија во однос на контролата на одредени супстанци кои се штетни за озонската обвивка, човековата средина, отровите, дрогите и други психотропни супстанци, како и во однос на квалитетот на стоката при извоз и увоз, предвидено е создавање на современа, опремена лабораторија која ќе работи по стандардизирани методи согласно правилата на добра лабораториска пракса и стандардите ISO 9001. Се планира да се изработи елаборат за истото во првиот квартал на 2007 година.

Царинската управа ќе спроведе голем број на анализи на одредбите на европското законодавство кое е директно применливо за земјите членки во областа на царините, но кое остава можност земјите членки да одлучат врз основа на поединечни случаи кои се важни при спроведувањето и супервизијата на системот.

Пред влезот во Европската унија, мрежа на билатерални договори за меѓусебна помош и соработка ќе треба да бидат посебно проверени, кои се однесуваат пред се на трансферот на надлежностите од националните на европските институции. Во исто време, Република Македонија, со денот на пристапување во Европската унија ќе ги превземе сите меѓународни договори кои што Европската унија ги има склучено со трети земји.

Со реорганизацијата на царинската служба ќе се овозможи: усвојување на споредливо законодавство кое се однесува на организацијата и надлежноста на царинската служба; ќе се осигури висок степен на соработка помеѓу царинската,

даночната и другите државни служби; ќе се воспостави ефикасна царинска контрола, особено во делот на шверцот и прибирањето на јавните давачки; високо квалификувани и мотивирани вработени со висок степен на одговорност и регулиран статус, плати, обуки и можности за унапредување, поддршка на информационен систем кој е споредлив со структурата на Информациониот Систем на Заедницата.

Воспоставување целосна интерконекција со ЕУ системите, (CCN/CSI и NCTS) и продолжување на процедурите за интерконекција со другите ЕУ системи.

Реорганизацијата и обученоста на царинската служба за ефикасно и правилно прибирање на директните приходи на Европската унија, како и заштитата и надзорот на надворешните граници на Европската унија се основни цели кои треба да се постигнат од страна на Царинската управа во исполнувањето на обврските кои произлегуваат од членството во Европската унија.

Царинската управа на Република Македонија учествува во неколку активности за оперативна техничка помош, како во областа на обуките на вработените, така и во областа на подобрувањето на техничката опременост на службата. Техничката помош е обезбедена преку мисијата на Европската унија (CAFAO-MAK), но и преку билатералниот твининг со Царината на Кралството Холандија, кое се однесува на периодот 2005-2008.

Царинската управа на Република Македонија треба да биде зајакната и технички и кадровски, така што во моментот на пристапување во Европската унија таа ќе биде способна за извршување на новите задачи за административна соработка и размена на податоци.

Најголем дел од буџетските средства ќе се искористи за компјутеризација на Царинската управа. Остатокот од средствата ќе се користи за понатамошна хармонизација на царинскиот систем со Царинскиот закон на Европската унија, како и за јакнење на административниот капацитет на Царинската управа, преку нови вработувања и подобрување на инфраструктурата.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09001: Министерство за финансии | МФ: Сектор за даноци и царина | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 09003: Царинска Управа | ЦУ: Царинска Управа | 862 | 10 | 10 | 0 | 0 | 20 |
| 09003: Царинска Управа Вкупно | | 862 | 10 | 10 | 0 | 0 | 20 |
| **ВКУПНО** | | **865** | **10** | **10** | **0** | **0** | **20** |

**ЕУ фондови:**

| Година | Износ во евра |
|---|---|
| 2006 | |
| 2007 | 1,500.000 |
| 2008 | |
| 2009 | |
| 2010 | |
| **ВКУПНО** | **1.500.000** |

Република Македонија веќе активно користи определени форми на техничка помош во рамките на техничката помош CARDS од Европската унија (CAFAO-MAK). Оваа помош се реализира преку КАФАО МАК Проектот во Република Македонија, кој изнесува 1 милион Евра за фискалната 2006 година.

КАФАО МАК Мисијата е тим на царински експерти од земјите членки на Европската унија кои и даваат техничка поддршка на Царинската управа во модернизацијата и создавањето комплетно оперативна царинска дејност во согласност со европските стандарди. Тимот, кој е составен од меѓународни експерти, е наречен Канцеларија за Царинска и Фискална Помош на Македонија (КАФАО-МАК), а освен што доставува опрема и специјалистички обуки, исто така работи заедно со своите македонски колеги на терен, за да се поттикне пренесување на вештини и знаења, со техники за обука за време на извршување на работата. КАФАО-МАК е насочен кон царинското законодавство, управување со човечки ресурси, обука и примена на Царинскиот закон.

Исто така, одредена билатерална помош се користи во рамките на твининг проектот со Царината на Кралството Холандија во периодот од 2005 до 2008 година. Истиот изнесува околу 500.000 евра, а средствата ќе се користат согласно договорените програмски активности.

# 3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

## 3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА И БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија е членка на Светската трговска организација од 4 април 2003 година и ги презеде обврските кои произлегуваат од СТО спогодбите. Република Македонија нема започнато преговори за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки. Во ноември 2005 година Република Македонија ја ратификува Спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови. Министерската декларација за трговија со производи од информатичка технологија е имплементирана во Листата на обврски и отстапки за стоки на Република Македонија во СТО.

Во врска со инструментите на трговската заштита, Република Македонија има инкорпорирано одредби за компензациони мерки и заштитни мерки во Законот за трговија (Службен весник на РМ бр.16/04, 128/06) и врз основа на него донесени се подзаконски акти: Одлука за постапката и начинот на утврдување на заштитни мерки при зголемен увоз и Одлука за постапката и начинот на утврдување на компензациона давачка (Службен весник на РМ бр. 28/05). Овие акти се нотифицирани во СТО, во Комитетот за заштитни мерки и Комитетот за субвенции и компензациони мерки.

Република Македонија воспостави правна регулатива за контрола на извоз на стоки со двојна употреба со донесување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба (Службен весник на РМ бр. 82/05). Сите подзаконски акти на Законот се донесени и неговата имплементација започна во јануари 2006 година.

Република Македонија има склучено договори за слободна трговија со 40 држави и тоа Спогодбата за стабилизација и асоцијација ги вклучува земјите членки на ЕУ (25), 4 државите членки на ЕФТА, 3 држави членки на ЦЕФТА и 8 билатерални ДСТ со државите: Србија, Црна Гора, Турција, Украина, Босна и Херцеговина, Албанија, Молдова и со УНМИК за територијата Косово.

По пристапувањето на Бугарија и Романија во ЕУ ќе престане со примена ЦЕФТА договорот со овие земји и ќе се применува Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Врз основа на член 35 став 3 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки, на 27 ноември 2006 година започнаа преговорите за Протоколот за проширување кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација, по повод влегувањето на Бугарија и Романија во Европската унија.

Под покровителство на Европската Комисија и Пактот за стабилност, Република Македонија ги заврши преговорите и го парафира текстот на Договорот за изменување и пристапување во Централно Европскиот договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006. ЦЕФТА 2006 беше потпишан на 19.12.2006 година во Букурешт од премиерите на државите од ЈИЕ. Имплементацијата на ЦЕФТА 2006 се очекува да започне во втората половина на 2007 година, по завршување на ратификациониот процес од сите држави потписнички.

Република Македонија има склучено и договори за трговска и економска соработка со други држави кои ќе треба да се усогласат со обврските што произлегуваат од членството во ЕУ.

Република Македонија има склучено 26 билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции со трети земји кои се во сила, од кои 12 се склучени со земји членки на Европската унија. Исто така, Република Македонија има ратификувано 4 билатерални договори (од кои еден е со земја членка на ЕУ) кои се уште не влегле во сила и 6 договори кои се парафирани од експертските тимови, но се уште не се потпишани. Во текот на 2006 година Република Македонија парафираше и два Протокола за изменување на Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестиции со Република Бугарија и Република Романија заради усогласување со обврските за членство во Европската унија на овие две земји.

Во моментот не постојат подзаконски акти што ја регулираат материјата на осигурување на извозот од било кои ризици ниту на краток ниту на долг рок, меѓутоа во своето работење Македонската банка за подршка на развојот (МБПР) ги користи Општите одредби на Бернската Унија - Меѓународна унија на кредитни и инвестициони осигурувачи и Кнаепен пакетот. МБПР е во државна сопственост и нејзина основна мисија е подршка на секторот на малите и средните претпријатија и на извозно ориентираното производство. Преку МБПР се врши и осигурување и реосигуривање на извозот од комерцијални и некомерцијални ризици, како и администрирање и менаџирање на странски и домашни кредитни линии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија е надлежна институција за подготовка и имплементирање на најголем дел од правните акти во областа на заедничката трговска политика. Во моментот во Министерството за економија во Секторот за СТО и надворешно трговски режим и Секторот за меѓународна трговска соработка има вкупно 17 вработени.

За дел од правните акти од ова поглавје надлежни се Секторот за финансиски систем и Секторот за меѓународни финансии во Министерството за финансии, како и Царинската Управа на РМ.

Делот што се однесува на развојната соработка и хуманитарната помош е во надлежност на Министерството за надворешни работи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРОРИТЕТИ**

Во наредниот период се планира зајакнување на капацитетите на споменатите институции со нови вработувања и обуки за вработените.

Процесот на ратификација на Договорот за изменување и пристапување во Централно Европскиот договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006 предвиден е за првото полугодие од 2007 година, а потоа ќе следи негова имплементација. Со ЦЕФТА 2006 се очекува да се зголеми обемот на трговска размена во регионот.

Во 2007 година ќе се изврши дополнување на Законот за трговија со одредби за антидампинг мерки. Врз основа на Законот ќе се донесе Одлука за постапката и начинот на утврдување на антидампинг давачка, согласно правилата на СТО и Регулативата на Советот 31996R0384, со што ќе се заокружи правната рамка за инструментите на трговската политика.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

До пристапувањето на Република Македонија во Европската унија домашното законодавство ќе се усогласи со Директивата 31984L0568, Директивата 31998L0029, Одлуката 32001D0076 и Одлуката 32001D0077 кои се однесуваат на заедничките принципи и критериуми на земјите членки на ЕУ во сферата на осигурувањето на извозот. МБПР на среден рок планира да развие инструменти за финансирање и осигурување на среднорочни и долгорочни извозни проекти, во соработка со странски осигурителни агенции.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

Институциите кои се надлежни за имплементирање на acquis веќе се воспоставени. Се планира зајакнување на нивните капацитети преку зголемување на бројот на вработени и нивно техничко опремување.

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 08001: Министерство за надворешни работи | МНР: Сектор за мултилатерални економски односи/ Одделение за СТО, други мултилатерални економски организации и развојна и хуманитарна помош) | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| 08001: Министерство за надворешни работи Вкупно | | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| 10001: Министерство за економија | МЕ: Сектор за СТО и надворешно трговски режим | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | МЕ: Сектор за меѓународна трговска соработка | 7 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| 10001: Министерство за економија Вкупно | | 17 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| **ВКУПНО** | | **17** | **0** | **2** | **2** | **0** | **4** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во тек на реализација е проект на ГТЗ (2006-2008) „Техничка помош за процесот на апроксимација на Македонија кон европското законодавство“ во кој како корисник се јавува и Министерството за економија.

## 3.30.2 РАЗВОЈНА СОРАБОТКА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во оваа фаза Република Македонија има исклучително ограничени можности и капацитети да игра значителна улога во давањето на развојна поддршка на трети земји.

Република Македонија не располага со искуство, ниту со доволен обем на средства за развојна соработка. Во Република Македонија во овој момент не постои правна рамка за “надворешна“ развојна политика, не се дефинирани инструменти за вакваа политика и не постои организациона единица која би ја реализирала политиката. До сега Република Македонија не доделувала развојна, техничка и финансиска помош.
Република Македонија во последните години повеќе пати доделувала хуманитарна материјална помош во рамките на своите можности, заради избегнување на хуманитарни катастрофи или санирање на последиците од природни и други непогоди и тоа за Босна и Херцеговина, за бегалците од Косово, како и за ДНР Кореја, Виетнам, Монголија, Пакистан и Југоисточна Азија (за подрачјата погодени од Цунами).

Вообичаено е во Република Македонија, заради координација на доделувањето на помошта, врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија, ad hoc да се формира координативно тело, најчесто во рамките на МНР, со претставници од повеќе институции во земјата, инволвирани во доделувањето на помошта.

Во рамките на Министерството за надворешни работи предвидено е да се определи лице кое, покрај останатите работни задачи, ќе биде и координатор на идни активности од овој вид.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со приближување и членство во ЕУ и достигнување на повисоко ниво на економска развиеност, на Република Македонија ќе и се отвори можност успешно да се вклучи во развојната политика на ЕУ и да дава свои контрибуции во Европскиот развоен фонд (EDF). За реализирање на оваа цел ќе биде потребно следново:

- изготвување анализа за прописите и ресурсите потребни за имплементација на системот за развојна соработка и хуманитарна помош;
- усогласување со законодавството на ЕУ, како и со меѓународните обврски на тоа поле;
- обезбедување на потребните средства за учество во развојната и хуманитарна политика на ЕУ.

Исто така, неопходно ќе биде основање на Одделение за развојна соработка и хуманитарна помош во рамките на МНР, со потребната кадровска и техничка опременост.

# 3.31 НАДВОРЕШНА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

## 3.31.1 ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА И ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка ја сочинуваат Уставот на Република Македонија, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување, Законот за управување со кризи, Закон за класифицирани информации, итн. Законот за надворешни работи, кој се применува од 1 јануари 2007 е составен дел на правната рамка. Согласно Законот, донесени се неколку подзаконски акти: Правилник за внатрешна организација на МНР, Правилник за систематизација на работните места во МНР, Правилник за утврдување на дипломатските звања на вработените во МНР, Правилник за полагање на дипломатски испит за државните службеници во МНР.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за економија, Министерството за финансии (Царинска Управа и Дирекција за спречување на перење пари), Секретаријатот за законодавство, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување се надлежни институции за спроведување на активностите од обласата на ЗНБП/ЕБОП.

Во текот на 2006 година направено е засилување на административниот капацитет. Во МНР формирани се Одделение за ЗНБП ( во рамки на Сектор за ЕУ), Одделение за контрола на оружје (во рамките на Секторот за мултилатерала) и Одделение за правото на ЕУ (во рамките на Секторот за меѓународно право). Назначени се в.д. Политички директор и Европски кореспондент. Министерството за надворешни работи и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации континуирано ги надградуваат своите информатички капацитети. Министерството за надворешни работи спроведува активности за подигнување на сигурносното ниво на VPN (virtual private network) комуникација со ДКП-ата на Република Македонија.Во Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за разузнавање формирани се регистри на ДБКИ за странски класифицирани информации. Во текот на 2006 година е извршено кадровско екипирање на Дирекцијата за безбедноста на класифицирани информации со превземање на лица од другите органи на државната управа, со што, бројот на вработени изнесува 33 лица. Центарот за управување со кризи кој стана функционален од јули 2006 е делумно оперативен.

**Политички дијалог**

Република Македонија одржува редовен политички дијалог со ЕУ на билатерална основа (Совет за стабилизација и асоцијација, Комитет за стабилизација и асоцијација и Заеднички парламентарен комитет), како и на мултилатерална основа, заедно со останатите пет земји од ПСА, во рамките на Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан. Република Македонија од декември 2003 год.редовно се придружува кон заедничките позиции, декларации и изјави на ЕУ, било врз основа на добиена покана од ЕУ, било унилатерално. Истите континуирано се објавуваат во Службен весник на Република Македонија.

**Соработка со меѓународни организации**

Република Македонија е членка на ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и други меѓународни организации и е активен учесник во регионалните иницијативи.

**Контрола на оружјето (непролиферација на оружје за масовно уништување; извоз на конвенционално оружје; мало и лесно оружје; производи и технологии со двојна намена)**

Република Македонија во различни форуми ја реафирмираше подготвеноста да соработува со ЕУ по овие прашања, како билатерално така и во рамките на меѓународните организации и редовно се придружува, на покана на ЕУ, кон документи на ЗНБП од оваа сфера.

Република Македонија унилатерално ги прифати принципите и критериумите на Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје, а се придружи и кон Заедничката позиција 2003/468/ЗНБП за контрола на посредувањето во трговијата со оружје, Програмата на ЕУ за превенција и борба против нелегалното криумчарење со конвенционално оружје и кон Заедничката акција 2002/589/ЗНБП за придонесот на ЕУ во борбата против дестабилизирачкото акумулирање и ширење на мало и лесно оружје. Во јуни 2006 Република Македонија го изготви првиот Национален извештај за извоз на оружје и истиот го достави до ЕУ. Заедничката воена листа на ЕУ е целосно вградена во Одлуката за распоредување на стоките

на форми на извоз и увоз (Службен весник на РМ, бр. 138/06) во која се распоредени стоките за кои надлежните министерства издаваат дозволи за извоз и увоз.

Република Македонија и Европската Унија усвоија Заедничка декларација за неширење на оружјето за масовно уништување (II Совет за соработка РМ-ЕУ, Брисел, 18.07.2005). На 17.01.2006 ратификувана е Конвенцијата за нуклеарна безбедност и официјално е известена МААЕ за отпочнување со работа на Дирекцијата за радијациска сигурност. .Република Македонија во јануари 2006 година достави Извештај до Комитетот формиран со Резолуцијата 1540 на СБ на ОН за непролиферација на оружје за масовно уништување за активностите на овој план. Собранието на Република Македонија на 31 мај 2006 го усвои Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја во функција на имплементацијата на Конвенцијата на ОН . Согласно членот 5 од Законот, Владата формираше Комисија за имплементација на Конвенцијата. Во ноември 2006 година беа ратификувани Протоколот IV (Протокол за оружја со заслепувачки ласер) и Протоколот V (Протокол за експлозивни остатоци од војна) од Конвенцијата за забрана или ограничување на употреба на извесни видови конвенционално оружје за кои може да се смета дека имаат прекумерни трауматски ефекти или дека дејствуваат без разлика на целите на ООН.

Контролата на извозот на стоки и технологии со двојна употреба во Република Македонија е регулирана со Законот за контрола на стоки и технологии со двојна употреба од 2005 година и подзаконските акти46 кои се во согласност со Регулативата на Советот (ЕЦ) бр. 32000Р1334 и подоцнежните измени воведени со регулативите 32003Р0149 и 32004Р1504. Формирана е Комисија за извоз на стоки и технологии со двојна употреба која еднаш месечно одржува седници на кои се расправа по прашања кои произлегуваат од спорведувањето на законот и еднаш годишно до Владата доставува извештај за својата работа.

На планот на контролата на малото и лесно оружје, Владата на Република Македонија усвои Национална стратегија за контрола на малото и лесно оружје и формираше Национална комисија за нејзина имплементација. Земјата активно учествува и во предвидените активности вп рамките на ОН, ОБСЕ и Пактот за стабилност. Во рамките на годинешното ГС на ОН, Република Македонија ја поддржа резолуцијата во Првиот комитет за договор за трговија со оружје, според која Генералниот секретар на ОН ќе формира група владини експерти со цел да се утврдат изводливоста, опфатот и параметрите на предвидениот инструмент.

Република Македонија, како членка на Конвенцијата за забрана на употреба,складирање, производство и трансфер на против-пешадиските мини и нивно уништување ја заврши постапка за уништување на сите 4000 противпешадиски мини задржани за обука и истражување, со што ги исполни обврските од членовите 3 и 4 од Конвенцијата. На 15 септември 2006 година Република Македонија е прогласена за зона без мини. Министерот за надворешни работи потпиша декларација за завршување на процесот на деминирање, според членот 5 од Конвенцијата, за што беше известен 7-от состанок на државите членки на Конвенцијата. Со ова Република Македонија стана прва држава без мини во нашиот регион.

**Борба против тероризмот**

Република Македонија активно учествува во глобалните активности на планот на борбата против тероризмот во рамките на Обединетите нации, Советот на Европа, ЕУ, НАТО, ОБСЕ и други релевантни организации. Република Македонија има пристапено на најголемиот дел од меѓународните инструменти кои се однесуваат на оваа проблематика. Во 2006 г. беа ратификувани Конвенцијата за спречување на актите на нуклеарен тероризам (потпишана во 2005 година) и Конвенцијата за нуклеарна безбедност на ОН. Согласно резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1373, Република Македонија и во текот на 2006 година продолжи активно да соработува со Контра-терористичкиот комитет на СБ на ОН и со неговиот Извршен директорат (CTED) чија делегација во март 2006 г. престојуваше во земјата. Врз основа на наодите и препораките содржани во Извештајот на Директоратот од посетата, РМ во декември 2006 г. достави нов Извештај до Контра-терористичкиот комитет на ОН. РМ ја поддржа Глобална стратегија на ОН за борба против тероризмот (усвоена на 8 септември 2006) и се залага за имплементација на Планот за акција и мерките содржани во Стратегијата. РМ се залага за конечно надминување на преостанатите разлики и усвојување на текстот на Сеопфатната конвенција против тероризмот, во рамките на Шестиот комитет на Генералното собрание на ОН. Република Македонија со свои експерти активно учествува и на состаноците на Комитетот на СЕ за борба против тероризмот. Во доменот на регионалната соработка, во октомври 2006г. Република Македонија го потпиша Пактот за борба против тероризмот и организираниот криминал заедно со другите шест земји од регионот (Србија, Хрватска, БиХ, Ц.Гора, Романија и Албанија). (види и Поглајве 24 Правда, слобода и безбедност)

---

[46] Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии со двојна употреба, Одлука за утврдување на Листа на држави, организации, ентитети или поединци во однос на кои има ограничувања во извозот на стоки и технологии со двојна употреба, Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, Правилник за формата и содржината на образецот на дозволата за издавање дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и Правилник за формата и содржината на “Сертификатот за краен корисник“ при увоз на стоки и технологии со двојна употреба

**ЕБОП - Учество во операции на ЕУ за управување со кризи**

Република Македонија од јули оваа година започна да придонесува кон воената операција на ЕУ во Босна и Херцеговина Алтеа со хеликоптерски деташман од два хеликоптери Ми-8/17 и персонал од 17 лица. Во ноември оваа година Република Македонија го зајакна придонесот кон Алтеа преку декларирање дополнителен персонал за хеликоптерскиот деташман во Мостар како и со декларирање медицински тим за поддршка на кампот во Бутмир. Со тоа актуелниот придонес на Република Македонија кон Алтеа се состои во два хеликоптери Ми-8/17 и вкупен персонал од 30 лица. Поради значењето на хеликоптерскиот капацитет во рамките на Алтеа нагласено од страна на Унијата, Република Македонија ја продолжи мисијата на хеликоптерскиот деташман по нејзиното иницијално предвидено завршување (15 јануари 2007), за период од шест месеци

На покана на ЕУ, а по стекнувањето на кандидатскиот статус, Република Македонија редовно учествува на состаноците на ЕУ Тројката во одбраната, во рамките на неформалните состаноци на министрите за одбрана или во GAERC формат, како и на состаноците на Воениот комитет на Европската Унија. Република Македонија во мај 2006 го декларираше сопствениот придонес кон зајакнувањето на воените капацитети на Унијата, согласно Главната Цел 2010. Декларираниот придонес ги содржи плановите за тековниот и идниот придонес на Армијата на Република Македонија кон воените операции на Унијата за кризен менаџмент.

Република Македонија во октомври 2006 ја исполни и обврската за декларирање сопствен придонес кон зајакнувањето на цивилните капацитети на Унијата, согласно Главната Цел 2008. Декларирани се вкупно 51 лица во рамките на пет области: полиција 15, владеење на правото 16, јавна администрација 8, цивилна заштита 8 и мониторинг 4.

## 3.31.2 ИНСТРУМЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗНБП (СПРОВЕДУВАЊЕ САНКЦИИ И РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ)

### ПРАВНА РАМКА

Република Македонија спроведува рестриктивни мерки и санкции врз основа на Резолуции на СБ на ОН и на прифатени Заеднички позиции на ЕУ. Спроведувањето на санкции и рестриктивни мерки се реализира од страна на надлежните министерства и институции, врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија. Со цел воспоставување на јасна правна рамка согласно стандардите на ЕУ, Владата на Република Македонија кон крајот на декември 2006 го усвои Предлог-текстот на Законот за меѓународни рестриктивни мерки, кој се очекува да биде донесен од Собранието на Република Македонија во првата половина на 2007 година..

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Рестриктивните мекри и санкции се спорведуваат врз основа на одлука донесена од страна на Владата на РМ со која се задолжуваат надлежните органи да преземат соодветни мерки за спроведување на одлуката. Одлуките се објавуваат во Службениот весник на Република Македонија. Во меѓувреме, до моментот на донесување на одлуката од страна на Владата, извршувањето на меѓународно прифатените обврски за спроведување на санкции се остварува по основ на оперативно известување од Министерството за надворешни работи до надлежните министерства.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА И ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ, во рамките на Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан. Таа ќе продолжи со придружување/прифаќање на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП. Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др.), како најефикасен начин за заштита на светскиот мир и безбедност од глобалните закани на денешнината - тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, организираниот криминал, загадувањето на човековата околина, како и справувањето со економските и социјални проблеми и непочитување на човековите права.

### ПРАВНА РАМКА

Заради унапредување на заштитата при работа со класифицирани информации во 2007 год. предвидена е измена и дополнување на Законот за класифицирани информации и соодветните уредби. Со измените ќе се овозможи Дирекцијата за безбедноста на класифицирани информации да врши надзор над спроведувањето на работата со класифицирани информации во надлежните органи на управата.

Примената на Законот за оружје, кој е донесен во 2005 г. (Службен весник на РМ 7/2005) е одложена до почетокот на 2007. Одложувањето на примената на Законот е направено, заради усогласување на Законот со содржината на унилатерално прифатениот Кодекс за однесување на Европската Унија при извоз на оружје и заедничкиот став на ЕУ за

посредување во трговијата со оружје. Во претходниот текст на законот во делот на категоризацијата на оружјето беа целосно инкорпорирани видовите на оружје предвидени со директивата 91/477/ЕЕЗ на Советот на Европа, но истите не беа распоредени во категориите, со истиот распоред. Со тоа постоеше можност за создавање на одредени проблеми особено при пренесувањето на оружје, за кое е издаден документ за негово носење согласно типизацијата на оружјето од предметната директива. Поради ова, со измените се прави соодветно прераспоредување на видовите на оружје. Се предвидува усвојување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за оружје од страна на Владата на почетокот на 2007 година.

Во однос на учеството на Република Македонија во меѓународни цивилни мисии за управување со кризи (МЦМ), се утврди дека е потребно да се регулираат неколку практични прашања поврзани со ова учество, односно донесување на одлука за учество во МЦМ, начин и постапка за селекција , избор и упатување на персоналот во МЦМ, статусот итн. За таа цел, МНР во соработка со надлежните институции ќе работи на изнаоѓање на најсоодветно решение за правно уредување на овие прашања. Во текот на 2007 предвидено е и донесување на преостанатите подзаконски акти од законот за управување со кризи.

До крајот на 2007 година предвидено е пристапување (ратификација) кон останатите меѓународни инструменти за борба против тероризмот:

- Конвенција за сузбивање на незаконски акти против сигурноста на морската пловидба;
- Протокол за сузбивање на незаконски акти против сигурноста на фиксните платформи лоцирани на континенталниот гребен;
- Конвенција на СЕ за превенција на тероризмот.

Со цел заокружување на правната основа за зголемени права на инспекција од страна на МААЕ, во првиот квартал на 2007 година предвиена е ратификација на Дополнителниот Протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје. Исто така треба да биде ратификуван ревидираниот Протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје. Ратификацијата на протокол на ОН против нелегално производство и трговија со мало и лесно оружје и муниција е предвидена да се реализира до јуни 2007 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел успешна соработка со структурите на ЕУ во доменот на ЗНБП предвидено е зајакнување на неопходните функции и механизми во рамките на Министерството за надворешни работи и тоа:

- кадровско и техничко доопремување на Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика со 2 извршители во 2007 г.;
- кадровско и техничко доопремување на Одделението за контрола на оружјето со 1 извршител во 2007г.;
- кадровско и техничко опремување на Одделението за правото на ЕУ со еден дипломиран правник во 2007 г.

До април 2007 година предвидена е набавка и инсталирање на сертифицирана компјутерска единица за пристап до ЕУ мрежата за електронска размена на класифицирани ЗНБП информации (АЦН).. Инспекциската мисија од Советот на ЕУ (мај 2006) оцени дека Министерството за надворешни работи ги исполнува условите за инсталирање на АЦН системот (мрежа за размена на информации со земјите-кандидати). Воспоставување на АЦН мрежа за електронска размена на ЕУ класифицирани информации со Република Македонија, е предвидено за првиот квартал од 2007 година.

Во текот на 2007 година се планира и зајакнување на безбедносниот систем на ДБКИ преку набавка на ИКТ опрема, безбедносно опремување (ЕУ видео надзор, комуникациска опрема , базни станици итн), како и обука на вработените во ДБКИ за работа со класифицирани информации.

Согласно политичката определба за учество и придонес во Европската безбедносна и одбранбена политика на Унијата, Република Македонија континуирано ги надградува сопствените цивилни и воени капацитети.. Севкупните реформи во безбедносниот и одбранбениот систем во согласност со Националната концепција за безбедност и одбрана и Стратегискиот одбранбен преглед, ќе бидат заокружени до крајот на 2007 година. Дополнително, се интензивираат напорите за вклучување на Република Македонија во сите форми на ЕБОП обука. Во текот на 2007 година предвидено е и учеството на претставници од надлежните институции во тригодишната Програма за ЕБОП обука. Република Македонија ќе биде домаќин на Модулот 2 од оваа обука кој ќе се одржи на крајот од февруари 2007 година.

Заради зајакнување на соработката во доменот на ЕБОП, во план е зајакнување на административниот капацитет на МО, со потенцијално формирање на Одделение за ЕБОП. Истото не би повлекло финансиски импликации бидејќи ќе се реализира на принцип на внатрешно прераспределување.

Предвидено е и кадровско и техничко зајакнување на Мисијата на Република Македонија при Европските Заедници во Брисел и тоа:

- упатување на нови 10 лица на служба во Мисијата во 2007 г. - 2 дипломат, 4 секторски експерти, 1 асистент на амбасадорот и 3 административно-технички лица.
- формирање на Регистар за странски класифицирани информации на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2007 година и одредување на 3 лица од постојаниот состав на мисијата кои ќе работат за ДБКИ.

Исто така, во 2007 се планира кадровско зајакнување на Постојаната мисија на Република Македонија при ОН во Њујорк со упатување на служба на Заменик постојан претставник и еден советник.

Во 2007 се планира кадровско зајакнување на дипломатско-конзуларните претставништва на Р. Македонија во странство, како и обука на амбасадорите и другите дипломати во областа на ЗНБП и другите секторски политики на ЕУ

**ИНСТРУМЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗНБП (СПРОВЕДУВАЊЕ САНКЦИИ И РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ)**

Краткорочен приоритет е донесување закон за меѓународни рестриктивни мерки и зајакнување на административните капацитети за спроведување на рестриктивни мерки и санкции согласно стандардите на ЕУ.

**ПРАВНА РАМКА**

Донесување на Законот за меѓународни рестриктивни мерки во 2007г. Целта на Законот е дефинирање на опфатот на рестриктивните мерки и санкции, регулирање на постапката за нивно спроведување, утврдување на надлежните институции за спроведување на рестриктивните мерки, евиденцијата на податоци и размената на информации меѓу надлежните институции, доставувањето на извештаи до ЕУ, ООН итн. Во Предлог-текстот на законот се вградени сугестиите на експерт од TAIEX и на Европската комисија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

1. Заради зајакнување на административните капацитети за спроведување на рестриктивни мерки и санкции согласно стандардите на ЕУ, нацрт-верзијата на Законот за рестриктивни мерки предвидува утврдување на надлежно министерство за имплементација на секоја од трите општи видови на рестриктивни мерки:
    - Министерството за економија во врска со рестриктивните мерки за ембарго на стоки и економските односи;
    - Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи во врска со рестриктивните мерки за ембарго за оружје;
    - Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи во врска со рестриктивните мерки за забрана за влез;
    - Министерството за финансии во врска со финансиските мерки и финансиските односи;
    - Министерството за транспорт и врски за железничките, воздушните и поштенските комуникации;
    - Министерството за надворешни работи во врска со делумното или целосно прекинување на дипломатските односи.

    За таа цел, започната е анализа и проценка за потребата од кадровско и техничко зајакнување на надлежните министерства.

- Министерството за надворешни работи, во рамките на своите надлежности, ќе го следи спроведувањето на Законот за меѓународни рестриктивни мерки. За работа на оваа проблематика ќе биде задолжен 1 извршител во Одделението за ЗНБП.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Заедничка надворешна и безбедносна политика и Европска безбедносна и одбранбена политика**

Република Македонија ќе продолжи континуирано и активно да учествува во политичкиот дијалог со ЕУ на билатерален и мултилатерален план. Пред пристапувањето на РМ во ЕУ, предвидено е и целосно усогласување со “Водечките принципи на ЕУ за склучување аранжмани меѓу држава членка на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд и САД за условите за предавање лица на Судот” од 30 септември 2002.

**ПРАВНА РАМКА**

**Приоритетните активности ќе бидат детерминирани од развојот на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП/ЕБОП.**

Во областа на борбата против тероризмот во 2008 година ќе биде ратификувана Конвенцијата на СЕ против перење пари, за претрага, заплена и конфискација на приходи од кривични дела и финансирање на тероризмот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

1. Потребата од евентуално формирање на нови институционални капацитети ќе биде оценувана согласно развојот на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП/ЕБОП.

   5. До крајот на 2010 година ќе се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Министерството за надворешни работи, и тоа:

- кадровско и техничко доопремување на Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика со 1 извршител во 2008; 1 извршител во 2009 и 1 извршител во 2010
- кадровско и техничко доопремување на Одделението за контрола на оружјето со 1 извршител во 2008г. и 1 извршител во 2009г.

   6. До крајот на 2010 година ќе се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Мисијата на Република Македонија при Европските Заедници во Брисел, и тоа:

- упатување на нови 9 лица на служба во Мисијата во 2008 г. – 1 дипломат, 6 секторски експерти и 2 административно-
- техничко лице.
- упатување на нови 4 лица на служба во Мисијата во 2009 г. - 2 дипломат и 2 секторски експерти.
- упатување на нови 4 лица на служба во Мисијата во 2010 г. - 2 дипломат и 2 секторски експерти.
- Доопремување и усовршување на инсталираната компјутерска единица АЦН за размена на странски класифицирани информации со ЕУ и подигнување на размената на класифицирани информации на степен повисок од "интерен" во 2010г.

   7. До крајот на 2010 година кадровски комлетирани ќе бидат и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Центарот за управување со кризи.

**ИНСТРУМЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗНБП (СПРОВЕДУВАЊЕ САНКЦИИ И РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ)**

Среднорочен приоритет е зајакнување на административните капацитети на надлежните министерства за спроведување на Законот за рестриктивни мерки, и за учество на Република Македонија во меѓународни цивилни мисии за управување со кризи.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 05002: Дирекција за безбедност на класифицирани информации | ДБКИ: Дирекција за безбедност на класифицирани информации | 33 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 05002: Дирекција за безбедност на класифицирани информации Вкупно | | 33 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 05004: ЦУК Центар за управување со кризи | ЦУК: Центар за управување со кризи | 237 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | ЦУК: Сектор за административно стручна подршка (1. Одд.за подршка на директорот; 2. Одд. на подршка на Ук,ГП,ГШ; 3. Одд. за односи со јавноста) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | ЦУК: Сектор за аналитика, проценка и стратешко планирање (1. Одд. за аналитика и проценка; 2. Одд. За истражување; 3. Одд. За политики и стратешко планирање) | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 5 |
| | ЦУК: Сектор за операции и координација (1. Одд.за соработка со инспекциски служби; 2. Одд. За ургентни состојби, тревожење и криптозаштита; 3. Одд. За информатика, телекомуникации и подршка на системот за јавно тревожење; 4. Одд. За оперативна координациј | 0 | 0 | 2 | 4 | 4 | 10 |
| | ЦУК: Сектор за правни и општи работи (1. Одд.за финансии; 2. Одд. За општи работи; 3. Одд. За продукција) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | ЦУК: Сектор за НАТО и меѓународна координација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 05004: ЦУК Центар за управување со кризи Вкупно | | 237 | 0 | 2 | 5 | 8 | 15 |
| 08001: Министерство за надворешни работи | МНР: Постојана мисија на РМ при ОН-Њу Јорк | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | МНР: Сектор за ЕУ/ Одделение за ЗНБП | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| | МНР: Сектор мултилатерални работи/ Одделение за контрола на вооружувањето | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| | НОВА: Сектор за меѓународно право/ Одделение за право на ЕУ | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| 08001: Министерство за надворешни работи Вкупно | | 6 | 6 | 4 | 3 | 3 | 16 |
| **ВКУПНО** | | **276** | **6** | **6** | **8** | **12** | **32** |

# 3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Усогласувањата со барањата на acquis по однос на финансиската контрола ја подразбира потребата од глобален пристап кон развој на модерни системи за внатрешна контрола во јавниот сектор, кој што води кон доследна комбинација на раководната одговорност и функционално независната внатрешна ревизија. Во оваа насока во Министерството за финансии во тек се активностите за имплементација на кохерентно законодавство кое ќе се спроведува во целата област на внатрешната контрола, покривајќи ги сите важни аспекти на раководната одговорност, независната внатрешна ревизија, централната хармонизација на внатрешната ревизија и финансискиот менаџмент и контрола, како и спречување на измама.

Исто така, во тек се интензивни активности во насока на подобрување на оперативната и финансиската независност на Државниот завод за ревизија како и обезбедување на правна и функционална рамка за соодветно следење на наодите од неговите извештаи.

## 3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА (PIFC)

**ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ И КОНТРОЛА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која ги одредува условите и начините на спроведувањето на финансискиот менаџмент и контрола во Република Македонија е регулирана со следните правни акти:

- Закон за буџетите ("Службен весник на РМ", бр. 64/05);
- Закон за извршување на буџетот за одделна година;
- Закон за организирање и работење на органите на државната управа ("Службен весник на РМ", бр. 58/2000 и 44/02);
- Закон за државните службеници ("Службен весник на РМ", бр. 59/2000, 112/2000, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04 и 81/05);
- Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ", 61/02, 98/02 и 81/05);
- Правилник за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ", 28/03);
- Правилник за организација и работа на Министерството за финансии бр. 01-8440/1 од 09.04.2004 година до бр. 01-8440/6-2004 од 10.10.2006 година;
- Упатство за начинот на трезорско работење ("Службен весник на РМ", 85/06);
- Упатство за начинот на извршување на налозите по решенија за присилна наплата кои ја задолжуваат трезорската сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорската сметка ("Службен весник на РМ", 55/03).

Со Проектот - "Техничка помош на Министерството за финансии за развој на внатрешната ревизија во јавниот сектор" изготвена е Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола (PIFC) во Република Македонија, и истата е усвоена во февруари 2006 година. Стратегијата претставува документ кој е основа за спроведување на среднорочните приоритети поврзани со внатрешната контрола во јавниот сектор.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Основано е Одделение за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола во рамките на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2007 година ќе бидат донесени следните подзаконските акти на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кои се однесуваат на финансискиот менаџмент и контрола:

- Правилник за стандардите за внатрешна контрола и основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола во јавниот сектор; и
- Техничко упатство за начинот на воспоставување и извршување на финансискиот менаџмент и контрола.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Зајакнување на институционалните капацитети во министерството за финансии**

Во 2007 година Одделението за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола ќе се екипира со 2 извршители. Одделението ќе биде одговорно за развој и промовирање на внатрешната контрола и методологии врз основа на меѓународно прифатените стандарди и најдобрите практики и за координирање на имплементацијата на новата регулатива за менаџерска одговорност (финансиски менаџмент и контрола). Одделението за хармонизација на финансиски менаџмент и контрола како централната единица за хармонизација, задолжително еднаш годишно до Владата на Република Македонија ќе доставува извештај за функционирање на финансискиот менаџмент и контрола.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиски менаџмент и контрола во субјектите од јавниот сектор**

Спроведувањето на регулативата за внатрешна контрола во делот на финансискиот менаџмент и контрола ќе се реализира согласно Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола (PIFC) во Република Македонија и со реализација на Твининг Проектот за развој на јавната внатрешна финансиска контрола финансиран од ЕУ. Во рамките на проектот заедно со странските експерти ќе биде спроведена обука за финансиски менаџмент и контрола на 120 државни службеници (државни секретари, финансиски раководители, раководители на други сектори, одговорни сметководители и др.).

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Имплементацијата на Твининг Проектот за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во рамките на КАРДС 2006 ќе започне во 2007 година и ќе се реализира до крајот на 2008 година. Со проектот се планира зајакнување на капацитетите за имплементацијата на системот за финансиски менаџмент и контрола на централно ниво. Финансиската рамка за имплементација на Проектот изнесува 1.0 милиони евра.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2008-2010)**

**Зајакнување на институционалните капацитети во министерството за финансии**

Имајќи ги предвид зголемените надлежности и задачи на Одделението за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола во 2008 година бројот на вработени во ова одделение ќе се зголеми за 2 извршители.

Со цел зајакнување на административните капацитети на Одделението за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола во 2008 година ќе биде спроведена обука за вработените за подобрување на вештините за известување ( изготвување на годишен извештај за функционирање на финансискиот менаџмент и контрола) и градење на капацитети за спроведување на обуки за финансиски менаџмент и контрола во јавниот сектор, а исто така ќе биде реализирана двонеделна обука за двајца вработени во Одделението за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола во една од новите земји членки на ЕУ.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиски менаџмент и контрола во субјектите од јавниот сектор**

Врз основа на спроведените обуки и насоките дадени од Министерството за финансии субјектите од јавниот сектор (особено оние кои ќе користат средства од ЕУ фондовите) ќе развиваат процедури за деловните процеси што ги извршуваат и ќе воспостават внатрешни контроли врз основа на проценка на ризикот.

За таа цел во 2008 година ќе бидат реализирани обуки на раководители на сектори и одделенија во 10 пилот институции од јавниот сектор, за проценка на ризик и за имплементација на процедурите за деловните процеси.

## 3.32.2 ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

**ПРАВНА РАМКА**

Внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија е регулирана со следните акти:

- Закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор ("Службен весник на РМ", бр. 69/04), со кој се уредува системот за внатрешна ревизија заснован согласно меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, целите, принципите, организацијата, функционирањето и надлежностите на внатрешната ревизија на субјектите во јавниот сектор во Република Македонија. Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор и подзаконските акти се изготвени во согласност со Регулативата 32002R1605 за финансиското регулирање, која се однесува на генералниот буџет на Европските заедници.
- Правилникот за основните елементи на упатството за работа, повелбата, годишниот план и програмата за внатрешна ревизија ("Службен весник на РМ", бр. 38/2005) и
- Правилникот за начинот на вршење на работите на внатрешната ревизија ("Службен весник на РМ", 72/03), со кој се усвоени Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија, издадени од Институтот за внатрешни ревизори од САД .
- Прирачник за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Зајакнувањето на институционалните капацитети за развојот на внатрешната ревизија во Министерството за финансии се врши со тоа што во Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола се формирани две одделенија:

- Одделение за хармонизација на внатрешната ревизија - со 3 извршители; и
- Одделение за централна внатрешна ревизија - со 5 ревизори;

Во институциите од централната власт досега се основани 24 единици за внатрешна ревизија, а на локално ниво назначени се ревизори во 18 општини. Почетна и напредна обука за внатрешна ревизија имаат завршено 80 внатрешни ревизори.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**
Зајакнувањето на правната рамка за внатрешна ревизија во јавниот сектор ќе биде постојана задача на Одделение за хармонизација на внатрешната ревизија. Заради зајакнување на независноста на внатрешните ревизори во јавниот сектор со примена на измената на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор ќе се зголеми независноста на единиците за внатрешна ревизија и подобри статусот на внатрешните ревизори. Зајакнувањето на независноста на единиците за внатрешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор, во 2007 година, ќе биде зголемена со донесување на повелби за внатрешна ревизија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Зајакнување на институционалните капацитети во министерството за финансии**
Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија до крајот на 2007 година ќе се зголеми за два извршители.

Одделението за централна внатрешна ревизија кое располага со пет ревизори, ќе се зајакне дополнително со еден извршител - внатрешен ревизор за ИТ ревизија (Information Technology Audit).

Во 2007 година во рамките на твининг проектот капацитетите на Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија ќе бидат зголемени со стекнување на искуства преку студиска посета во земја членка на ЕУ со развиен систем на внатрешна ревизија.

**Зајакнување на институционалните капацитети на единиците за внатрешна ревизија во јавниот сектор**
Зајакнување на институционалните капацитети на единиците за внатрешна ревизија во јавниот сектор во 2007 година ќе се врши преку основање на единици за внатрешна ревизија во институциите во кои истите не постојат и доекипирање на постоечките единици за внатрешна ревизија.

Единиците за внатрешна ревизија на централно ниво во 2007 година ќе се зајакнат со уште 40 внатрешни ревизори преку нови вработувања/преземања.

Во единиците на локална самоуправа во 2007 година ќе бидат дополнително вработени/преземени 20 внатрешни ревизори.

Во 2007 година ќе биде спроведена напредна обука за системска ревизија која покрај теоретскиот ќе има и практичен дел со извршување на пилот ревизии заедно со странските експерти. Исто така, ќе бидат спроведени и обуки на внатрешните ревизори за анализа и проценка на ризик, изготвување на стратешки и годишен план за ревизија, ревизорски техники, основна и напредна обука за IT ревизија, ревизија на јавните набавки и спречување на измами, комуникациски вештини , вештини на презентирање и изготвување на ревизорски извештаи.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во 2007 година ќе започне имплементацијата на Твининг Проектот за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во рамките на КАРДС 2006, кој ќе биде реализиран до крајот на 2008 година. Со проектот се планира зајакнување на капацитетите за внатрешна ревизија.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**
Во 2008 година ќе биде извршена измена и дополна на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор со која ќе се регулира цертифицирањето на овластените внатрешни ревизори, а потоа ќе биде донесен Правилник за стекнување на звање овластен внатрешен ревизор и Наставна програма за обука.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Зајакнување на институционалните капацитети во министерството за финансии**

Во насока на зајакнување на капацитетот на Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во 2008 година, бројот на вработените ќе се зголеми за еден извршител.

Заради обезбедување на услови за континуирана обука на внатрешните ревизори во 2008 година ќе биде спроведена обука на 10 обучувачи за внатрешна ревизија во рамките на твининг проектот.

Заради изготвување на Наставната програма за обука и утврдување на постапката за полагање на испит за стекнување на звање овластен внатрешен ревизор во 2008 година ќе биде спроведена студиска посета во земја членка или земја кандидат за членство во ЕУ во која цертифицирањето на внатрешните ревизори успешно се спроведува.

**Зајакнување на институционалните капацитети на единиците за внатрешна ревизија во јавниот сектор**

Во периодот 2008-2010 година ќе продолжи доекипирањето на единиците за внатрешна ревизија на централно и локално ниво и континуираната обука за внатрешни ревизори.

Во 2008 година во рамките на твининг проектот ќе биде спроведена почетна обука на 40 внатрешни ревизори, како и пилот системски ревизии во 10 институции од јавниот сектор со цел оценување на напредокот во имплементацијата на финансискиот менаџмент и контрола.

## 3.32.3 КОНТРОЛА НА ЕУ ФОНДОВИТЕ

**ПРАВНА РАМКА**

Контролата на користењето на ЕУ фондовите во Република Македонија е регулирана со следните акти:

- Закон за буџетите (“Службен весник на РМ”, бр. 64/05);
- Закон за извршување на буџетот за одделна година;
- Закон за организирање и работење на органите на државната управа (“Службен весник на РМ”, бр. 58/2000 и 44/02);
- Закон за државните службеници (“Службен весник на РМ”, бр. 59/2000, 112/2000, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04 и 81/05);
- Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници (“Службен весник на РМ”, 61/02, 98/02 и 81/05);
- Закон за државната ревизија (“Службен весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04 70/06);
- Правилник за сметководството за буџетите и буџетските корисници (“Службен весник на РМ”, 28/03);
- Правилник за организација и работа на Министерството за финансии бр. 01-8440/1 од 09.04.2004 година до бр. 01-8440/6-2004 од 10.10.2006 година;
- Упатство за начинот на трезорско работење (“Службен весник на РМ”, 85/06);
- Упатство за начинот на извршување на налозите по решенија за присилна наплата кои ја задолжуваат трезорската сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорската сметка (“Службен весник на РМ”, 55/03).
- Закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор (“Службен весник на РМ”, бр. 69/04),
- Правилникот за основните елементи на упатството за работа, повелбата, годишниот план и програмата за внатрешна ревизија (“Службен весник на РМ”, бр. 38/2005) и
- Правилникот за начинот на вршење на работите на внатрешната ревизија (“Службен весник на РМ”, 72/03), со кој се усвоени Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија.
- Прирачник за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Република Македонија се основани централни тела неопходни за користење на средствата од предпристапните ЕУ фондови (IPA) по принципот на децентрализиран систем на имплементација.

Во Министерството за финансии е основано Одделение за управување со фондовите на ЕУ (Националниот фонд) кое е задолжено за: управување со помошта од Европската унија, во согласност со барањата на Европската комисија, обезбедување на информации за следење на нивното користење и известување на Европската Комисија.

За национален службеник за овластување (National Authorising Officer – NAO) е определен министерот за финансии. Тој е одговорен за работата на Националниот фонд, управувањето со финансиските средства од предпристапните програми за помош, планирање на националното ко-финансирање како и обезбедувањето на почитувањето на правилата, законите и постапките на Европската унија кои се однесуваат за набавките, известувањето и финансиско управување.

Одделението за централно финансирање и склучување на договори (CFCU – Central Finance and Contracting Unit) е основано како посебно одделение во Секторот за буџети во Министерството за финансии. Тоа е тело надлежно за спроведување на тендерски постапки, склучување на договори и плаќање за проекти со цел јакнење на административните капацитети на Република Македонија и други проекти во рамки на децентрализираниот систем на имплементација. Одделението ќе биде одговорно и за известување согласно правилата и постапките на Европската унија.

Внатрешни ревизори од Одделението за централна внатрешна ревизија при Министерството за финансии се определени за спроведување на ревизија на користењето на ЕУ фондовите.

Владата на Република Македонија во декември 2006 година го определи Секторскиот координатор за третата и четвртата компонента од ИПА кој во соработката со Министерството за финансии ќе подготви Стратешката кохерентна рамка во функција на економскиот развој на Република Македонија.

На предлог на министерот за финансии Владата на Република Македонија во првиот квартал на 2007 година ќе назначи компетентен службеник за акредитација кој ќе додели акредитација на НАО и Националниот фонд.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во 2007 година ќе започне да се применува Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, согласно кој субјектите кои користат средства од фондовите на Европската унија се должни да ги спроведуваат посебните услови за финансискиот менаџмент, внатрешните контроли и внатрешна ревизија, утврдени од Европската комисија.

Во 2007 година ќе бидат потпишани: Рамковна спогодба за ИПА, Финансиска спогодба и секторски спогодби со Европската комисија.

Во 2007 година националниот службеник за авторизација ќе донесе Прирачник за внатрешните процедури за работа на CFCU и Прирачник за внатрешните процедури за работа на НФ кои ќе бидат објавени на интернет страницата на Министерството за финансии.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

### ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА КОНТРОЛА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Во 2007 година во Министерството за финансии - Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола ќе биде основано Одделение за сертификација на системот за управување со IPA фондовите во кое ќе бидат систематизирани 4 работни места. Ова одделение до крајот на 2007 година ќе биде оспособено да изготвува Годишен ревизорски извештај за работа на IPARD агенцијата и Националниот фонд врз основа на кој раководителот на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола ќе издава Годишен сертификат со кој ќе се потврдува дека целиот систем на менаџмент и контрола во овие институции е во согласност со системот за сигурно управување со финансиските средства од ЕУ.

### СТРАНСКА ПОМОШ

Во периодот од февруари - мај 2007 година со техничка помош од ЕУ ќе биде спроведен проект во рамките на кој ќе биде изготвен извештај за недостатоците на ДИС системот (Gap Assessment Report) и обезбедат препораки за нивно отстранување (Gap Pluging Stage). Во рамки на проектот, ќе биде извршена и проценка на капацитетите на независното ревизорското тело и оценета потребата за зајакнување на истите со спроведување на нов проект со техничка помош. од ЕУ.

Во април 2007 година ќе започне проект за техничка помош во траење од 18 месеци наменет за поддршка на Секретаријатот за европски прашања, Одделението за централно финансирање и склучување на договори и Националниот фонд при воспоставување на децентрализиран систем за управување со претпристапната помош од ЕУ. Со проектот ќе бидат спроведени обуки на вработените и разработени процедурите на ДИС.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

На среден рок децентрализираниот систем за управување со предпристапната помош од ЕУ ќе премине во целосно децентрализиран систем за управување без ex ante контрола од Европската комисија.

## 3.32.4 ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА

**ПРАВНА РАМКА**

Функцијата државна ревизија во Република Македонија е уредена со следните правни акти:

- **Закон за државната ревизија** ("Службен весник на РМ" бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04 70/06);

Со законот се уредени условите и начинот на вршење на државната ревизија на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на единиците на локалната самоуправа, на буџетите на фондовите (во натамошниот текст: буџетите), корисниците и единките корисници на средства од буџетите, јавните претпријатија, Народната банка, правните лица во кои државата е доминантен акционер, политичките партии финансирани со средства од буџетот, агенциите и други институции основани со закон, другите институции финансирани од јавни средства, и корисниците на средства од Европската унија и други меѓународни институции.

Законот за државната ревизија е усогласен со директивата 31984LO253, во делот кој се однесува на условите кои треба да ги исполнуваат овластените ревизори, а со измените на законот во вториот квартал од 2006 година ("Службен весник на РМ" бр. 70/06) извршено е усогласување на овој закон со принципите на ЛИМА Декларацијата и со преформулирање и допрецизирање на одделни одредби зголемена е ефикасноста на државната ревизија.

- **Правилник за ревизорски стандарди за државната ревизија** ("Службен весник на РМ" бр. 56/98).

Со правилникот се прифатени ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) и на ИФАК.

- **Правилник за начинот на полагање на испитот**, формата и содржината на уверението и висината на трошоците за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор ("Службен весник на РМ" бр. 29/01);
- **Правилник за формата, содржината и начинот за издавање и одземање на службена легитимација на овластениот државен ревизор** ("Службен весник на РМ" бр. 85/01, 10/2002)
- **Програма за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор објавена на ВЕБ страната на Државниот завод за ревизија**;
- **Кодекс на етика на ИНТОСАИ -** објавен на ВЕБ страната на Државниот завод за ревизија, во кој се дефинирани вредностите и принципите како професионални обврски при вршењето на работата на ревизорите;
- **Кодекс за деловна етика** и однесување на вработените во ДЗР;
- **Прирачник за државна ревизија -** Финансиска ревизија, публикуван 2005;

Во Прирачникот е разработен општиот пристап на Државниот завод за ревизија при вршењето финансиска ревизија на субјектите од јавниот сектор во кој се образложени клучните прашања на методолошкиот пристап кои треба да се разгледаат, анализираат и просудат и корелацијата во однос на користењето на релевантните ревизорски стандарди и упатства.

- **Прирачник за Ревизија на успешност,** изработен во рамките на проектот на Светска Банка за развој на ДЗР во 2005;
- **Протокол за соработка меѓу ДЗР и МФ** во поглед на размена на информации во областа на финансискиот менаџмент и контрола, внатрешната ревизија во јавниот сектор и државната ревизија, потпишан на 20 октомври 2006;
- **Упатство за нивото на материјалност при изразување на ревизорското мислење**;
- **Документ за развој на ИТ во ДЗР;**
- **План за професионална едукација на државните ревизори**, кој се донесува годишно;
- **Стратегија за развој на Државниот завод за ревизија** за периодот од 2006 – 2010 година (која стапи на сила од 1 јуни 2006)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за државната ревизија, институција за имплементација на правните акти и за реализирање на професионалната надградба (обука) е Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија со Годишната програма за работа која ја донесува Главниот државен ревизор го утврдува бројот на субјектите кои ќе бидат опфатени со државната ревизија како и видот на ревизиите кои ќе бидат спроведени.

Во 2005 година започна реализацијата на Твининг проектот со Холандскот суд за ревизија кој ќе трае до 2008 година, согласно кој се спроведува обука на државните ревизори за вршење на финансиска ревизија и ревизија на успешност.

Заради користење на добрите пракси на ЕУ, Државниот завод за ревизија во 2006 година започна со спроведување на паралелни ревизии на успешност со Врховните ревизорски институции (ВРИ) од земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ во кои помош обезбедуваат и експерти од СИГМА, Европскиот суд на ревизори и РГ за

заеднички ревизорски активности со која раководи ВРИ на Обединетото Кралство. Предмет на паралелните ревизии се проекти финансирани со средствата на ЕУ.

Имајќи ја предвид определбата за постојано понатамошно јакнење на оперативните капацитети на ДЗР во 2006 година бројот на вработени во ДЗР е зголемен за 5 нови работници со што вкупниот број на вработени изнесува 80.

Во април 2006 година дополнет е Деловникот на Владата на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 51/06) со што постојаните работни тела - основни комисии (Комисија за политички систем, Комисија за економски систем и тековна економска политика и Комисија за човечки ресурси и одржлив развој) имаат надлежност да ги разгледуваат извештаите на министерствата и другите органи на државната управа за преземените мерки за надминување на утврдените неправилности во ревизорските извештаи на соодветниот надлежен орган. За таа цел во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија е определен државен службеник кој е одговорен за следење на реализацијата на препораките во ревизорските извештаи на ДЗР.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2007 година ќе биде донесен нов Закон за државната ревизија со кој ќе се обезбеди:

- јакнење на оперативните капацитети и функционалната и финансиската независност на ДЗР согласно препораките на Прашката декларација и добрите практики на земјите членки на ЕУ;
- професионалниот развој на државните ревизори; и
- поефикасното следење на спроведувањето на препораките во ревизорските извештаи.

Во функција на заокружување на правната рамка на надворешната ревизија во Република Македонија, во 2007 година ДЗР:

- Ќе подготви Иницијатива за измена и дополна на Уставот на Република Македонија со која Државен завод за ревизија ќе стане уставна категорија.
- До крајот на јуни 2007 година до Собранието на РМ ќе достави измена и дополна на Тарифата на ДЗР, со која ќе бидат утврдени нови критериуми за пресметување на надоместокот за извршени ревизии.

ДЗР во 2007 година ќе донесе:

- нова Програма за полагање на испит за стекнување на звање овластен државен ревизор со која ќе се изврши ажурирање на компонентите на програмата која е во примена.
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на полагање на испитот, формата и содржината на уверението и висината на трошоците за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор (“Службен весник на РМ” бр. 29/01), со кој ќе се пропише начинот на полагање на испитот во согласност со донесената нова Програма.
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за издавање и одземање на службената легитимација.
- Измена и дополна на актот за организација и систематизација на работните места на ДЗР;

Заради успешно следење на реализацијата на препораките од ревизорските извештаи на ДЗР, во 2007 година ДЗР ќе дефинира инструменти за комуникација и унапредување на соработката со Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

П2 Краткорочен приоритет ќе биде натамошното јакнење на оперативните капацитети на ДЗР

- План за развој на Документ Менаџмент информационен систем во Државниот завод за ревизија, со кој информациите за раководството и вработените ќе бидат постојано ажурирани и лесно достапни во потребната форма и содржина и негова имплементација,
- Подготовка на посебен документ (стратегија) за политиката на човечките ресурси.
- План за професионална едукација на државните ревизори, се донесува годишно;
- ДЗР ќе продолжи со обука на вработените во делот на: основна обука за финансиска ревизија и ревизија на успешност за 28 ревизори; основи на ИТ во функција на ревизијата за 60 ревизори, ревизија на фондовите на ЕУ за 10-15 ревизори, ревизија на заштитата на животната средина за 10-15 ревизори и друго.
- Во 2007 се планираат десет нови вработувања со што бројот на извршители во ДЗР треба да ја достигне бројката од 90.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Со цел подобрување на професионалното ниво и усвојување на добрите практики на Врховните ревизорски институции во ЕУ, во периодот од 2006 до 2008 година ќе се спроведува професионална едукација на државни ревизори преку

Твининг проектот, кој како техничка помош го спроведува Државниот завод за ревизија во соработка со Холандскиот суд за ревизија.

Твининг проектот се реализира преку следните компоненти: законска рамка, организациони и административни капацитети, зајакнување на ревизорските вештини и ревизија на информациони системи. Вредноста на целиот проект изнесува 931.812 евра.

За реализација на обуката за подготовка и полагање на испитот за стекнување звање овластен државен ревизор, ДЗР ќе побара странска помош..

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2008-2010)**
**ПРАВНА РАМКА**
Во периодот на 2008-2010 година, активностите ќе бидат насочени кон натамошно усогласување на државната ревизија со стандардите и праксата на ЕУ.

- Ажурирање на Прирачникот за државна ревизија – за Финансиска ревизија и за Ревизија на успешност;
- Изготвување на детални методолошки и други упатства за вршење државна ревизија и нивно континуирано ажурирање.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**
П1 Среднорочен приоритет останува натамошното јакнење на оперативните капацитети на ДЗР

- ДЗР ќе продолжи со континуирана обука на вработените за развој на техниките за професионално надградување во делот на: ревизорската трага, ревизијата на успешност, ревизија на ИТ системите, ревизија на фондовите на ЕУ, ревизија на заштитата на животната средина и друго.
- ДЗР планира да отпочне со активностите за организирање на испит за стекнување звање овластен државен ревизор. Во таа насока ќе биде организирана и обука за подготовка на кандидатите за полагање на испитот.
- Во насока на јакнење на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2008-2010 бројот на извршители треба да го достигне оптималниот број потребен за извршување на задачите на ДЗР - 125 извршители.

## 3.32.5 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНЕРЕСИ НА ЕУ

**ПРАВНА РАМКА**
Заштитата на финансиските интереси на ЕУ е регулирана со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кој се очекува да биде донесен од Собранието на РМ до крајот на 2006 или почетокот на 2007 година.
Во функција на заштита на финансиските интереси на Европските заедници, Министерството за финансии ќе ги координира активностите за потребите на OLAF и ќе обезбеди упатства за институциите за известување за нерегуларностите со тоа што сите информации за нерегуларности откриени од субјектите при користењето на средства од фондовите на Европската унија или средства добиени од европските фондови со кофинансирање на државата ќе бидат доставени до Одделение за координација на спречување на измами во Министерството за финансии.
Со примена на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола од 2007 година сите корисници на фондовите на Европската унија ќе им овозможат на овластените лица од Министерстовото за финансии, инспекторите од Европската комисија и Европскиот суд на ревизори слободен пристап до целата документација, канцелариииите, средствата и персоналот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во 2006 година во Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола е основано Одделение за координација на спречување на измами со систематизирани 2 извршители.

**Зајакнување на институционалните капацитети во министерството за финансии**
Во 2007 година кадровски ќе биде екипирано Одделение за координација на спречување на измами со 2 извршители.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во 2007 година ќе биде остварен контакт со OLAF и утврден начинот на понатамошна соработка.

## 3.32.6 ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ

### ПРАВНА РАМКА

Правната рамка преку која се уредува системот на заштитата на еврото од фалсификување во Република Македонија ја сочинуваат следните акти:

- Кривичен Законик на Република Македонија („Сл.весник на РМ" бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04 и 81/05), во Глава дваесет -Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, член 268 - Фалсификување пари;
- Законот за кривичната постапка („Сл.весник на РМ" бр.15/97, 44/02, 74/04 и 15/05), во однос на меѓународната соработка и меѓусебната правна помош во кривичната материја;
- Меѓународната конвенција за сузбивање на фалсификувањето од 1929 год. /Лига на народите/, која Република Македонија ја прифати март 2005 година;
- Законот за внатрешни работи („Сл.весник на РМ„ бр.19/95, 15/97, 55/97, 38/92, 13/03 и 19/04).
- Законот за полиција („Сл.весник на РМ„ бр. 114/06)

Постоечки стратешки документи кои ја дефинираат политиката и насоките за развој на системот на заштита на еврото од фалсификување:

- Стратегија за реформа на правосудниот систем;
- Стратегија за реформи во полицијата;
- Акционен план за спречување на организираниот криминал; и
- Акционен план за имплементација на процесот на реформите во полицијата.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Надлежна институција за подготовка на законската регулатива која го регулира статусот на фалсификување на еврото и други странски валути како кривично дело е Министерството за правда кое е предлагач на Кривичниот законик на Република Македонија и Законот за кривична постапка. Надлежна институција за подготовка на правната рамка со која се уредува и имплементира системот на заштитата од фалсификувањето на еврото и другите странски валути е Министерството за внатрешни работи како предлагач на Законот за полиција.

Министерството за внатрешни работи согласно Законот за внатрешни работи и Законот за полиција е одговорно за преземање на мерки за спречување на појавата на фалсификати на еврото и другите странски валути со навремено откривање на изготвувачите на фалсификати и сите учесници во препродажбата и пуштањето во оптек на фалсификуваните пари и нивно предавање на Јавното обвинителство на РМ и судовите.

За реализација на оваа задача во Министерството за внатрешни работи во Одделот за организиран криминал - Секторот за финансиски криминал, основано е Одделение за компјутерски криминал и фалсификати кое непосредно работи на сузбивање и откривањето на фалсификувањето на еврото и други странски валути. Во ова Одделение, според актот за систематизација, предвидени се 5 работни места, од кои се пополнети 2. Доекипирање со 3 нови извршители на Одделението за компјутерски криминал и фалсификати во Одделот за организиран криминал - Секторот за финансиски криминал, во Министерството за внатрешни работи ќе се изврши до крајот на 2007 година.

Покрај ова одделение задолжени за спречување и појава на фалсификувани пари е и Одделението за испитување на спорни документи при Одделот за криминалистичка техника кое работи на обезбедување на докази за утврдување на фалсификат на странски банкноти и ковани пари со спроведување на соодветна техничка анализа. Во ова одделение, според актот за систематизација, планирани се 5 работни места, од кои се пополнети 4. Одделението за успешна реализација на овие цели располага со современа техничка опрема и соодветно обучен кадар.
Обуката на вработените во двата оддела континуирано се одвива повеќе години со учество на повеќе стручни семинари и други форми на стручно оспособување во земјата и странство организирани од експерти и соодветни меѓународни институции.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

До крај на 2007 година ќе биде донесен подзаконскиот акт за образецот и начинот на водење на евиденциите на полицијата, во кој детално ќе бидат регулирани процедурите за водење на регистар за откриени фалсификати на евра и други валути.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Институционалното зајакнување на борбата против фалсификувањето на еврата во 2007 година ќе се изврши со доекипирање со 3 нови извршители на Одделението за компјутерски криминал и фалсификати во Одделот за

организиран криминал - Секторот за финансиски криминал, во Министерството за внатрешни работи и доекипирање со 1 нов извршител во Одделението за испитување на спорни документи при Одделот за криминалистичка техника во Министерството за внатрешни работи.

Во 2007 година ќе биде спроведена обука на вработените во Одделението за компјутерски криминал и фалсификати и Одделението за испитување на спорни документи.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во подобрување на ефективноста во спречувањето на фалсификувањето на еврото и другите странски пари во 2007 година, преку програмата Перикле ќе биде развиен Проект за развој на информатичката поддршка во оваа област, како и соодветна обука. Финансиската рамка за имплементација на Проектот изнесува 97.895 Е.

СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2008 година ќе биде изготвено Упатство за начинот на пријавување на фалсификати на евра и начинот на постапување при откривањето на фалсификатите, согласно процедурите на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Вработените ќе бидат обучувани согласно програма која ќе биде изготвена и реализирана со ОЛАФ и други меѓународни институции од оваа област.

**ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ**

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 02002: Државен завод за ревизија | ДЗР: Државен завод за ревизија | 75 | 10 | 5 | 10 | 5 | 30 |
| 02002: Државен завод за ревизија Вкупно | | 75 | 10 | 5 | 10 | 5 | 30 |
| 09001: Министерство за финансии | МФ: Сектор за ЈВФК/ Одделение за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 5 |
| | МФ: Сектор за ЈВФК/ Одделение за хармонизација на внатрешната ревизија | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| | МФ: Сектор за ЈВФК/ Одделение за централна внатрешна ревизја | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | МФ: Сектор за ЈВФК/ Одделение за сертификација на системот за управување со IPA фондовите | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| | МФ: Сектор за ЈВФК/ Одделение за координацијана спречување на измами | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 9 | 8 | 5 | 1 | 0 | 14 |
| 09002: Министерство за финансии/ Функции на Влада | МФ: Централни институции - Внатрешна ревизија (* трансфер во буџетот на секоја централна институција) | 50 | 20 | 20 | 0 | 0 | 40 |
| | МФ: Единици на локална самоуправа - Внатрешна ревизија (** да се претстави во буџетот на ЕЛС) | 18 | 10 | 10 | 0 | 0 | 20 |
| 09002: Министерство за финансии/ Функции на Влада Вкупно | | 68 | 30 | 30 | 0 | 0 | 60 |
| **ВКУПНО** | | **152** | **48** | **40** | **11** | **5** | **104** |

# 3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Финансиските и буџетските одредби во Република Македонија се регулирани со следните правни акти:

- **Закон за буџетите** ("Службен весник на РМ", бр. 64/05) Во образецот НППА-1 се наведени одлуките (2) и регулативите (9) со кои е усогласен законот за буџетите
- **Закон за извршување на буџетот за одделна година** Овој Закон е пропратен и го регулира извршувањето на буџетот и во целост треба да биде во согласност со Законот за буџетите
- **Закон за организирање и работење на органите на државната управа** ("Службен весник на РМ", бр. 58/2000 и 44/02);
- **Закон за државните службеници** ("Службен весник на РМ", бр. 59/2000, 112/2000, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04 и 81/05);
- **Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници** ("Службен весник на РМ", 61/02, 98/02 и 81/05); Овој закон со дел од одредбите е усогласен со сметководствените стандарди на готовинска основа. По целосното усогласување со стандардите законот треба да престане да се применува
- **Правилник за сметководството за буџетите и буџетските корисници** ("Службен весник на РМ", 28/03 и 62/2006);
- **Правилник за организација и работа на Министерството за финансии** бр. 01-8440/1 од 09.04.2004 година;
- **Упатство за начинот на трезорско работење** ("Службен весник на РМ", 85/06);
- **Упатство за начинот на извршување на налозите по решенија за присилна наплата кои ја задолжуваат трезорската сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорската сметка** ("Службен весник на РМ", 55/03, 45/05, 115/05);
- **Упатство за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи** ("Службен весник на РМ", 8/06);
- **Правилник за класификација на приходите;**
- **Правилник за класификација на расходите;**
- **Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор** ("Службен весник на РМ", бр.69/04); Во однос на усогласеноста на овој Закон дадени се објаснувања во делот кој се однесува на финансиската контрола
- **Закон за јавен долг** (Службен весник на РМ 62/05).

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
Министерството за финансии ја изготвува Фискалната стратегија (тригодишна) на Република Македонија со која се обезбедува основа за дефинирање на вкупните економски политики на Владата на Република Македонија, преку утврдување на насоките на макроекономската и фискалната политика, финансиско управување и контрола на буџетските средства на општиот владин буџет.

Со Фискалната стратегија на Република Македонија за периодот 2007-2009 година се дефинираат: макроекономската рамка за тековната година и проекции на основните индикатори до 2009 година, остварување на приходите и расходите на општиот владин буџет во тековната година и прелиминарните проекции до 2009 година, како и претпоставките и ризиците кои ги детерминираат среднорочните проекции и политиките на Владата за наредните години.

Воспоставувањето и унапредувањето на Стратешкото планирање кај буџетските корисници ќе претставува значителен инпут при подготовката на овој стратешки развоен документ на Владата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерот за финансии е одговорен за подготвување на Буџетот на Република Македонија и за неговото доставување до Владата на Република Македонија.

Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините се однесуваат за период од една фискална година која изнесува 12 месеци и започнува од 1 јануари, а завршува на 31 декември.

Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлог стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика, како и приоритетите на општините.

Планираните приходи и другите приливи се приходите и другите приливи на основниот буџет, приходите на буџетот на самофинансирачките активности, приходите на буџетот на донации, приходите на буџетот на заеми и приходите и другите приливи на буџетот на фондовите и општините.

Буџетите ги содржат одобрените средства по буџетски корисници и утврдени намени кои се однесуваат на финансирање на тековните, капиталните и другите расходи на буџетските корисници и нивните единки корисници за извршување на активностите претставени преку програми и потпрограми.

Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлог стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика, како и приоритетите на општините.

Буџетските корисници не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над одобрените средства со Буџетот на Република Македонија и буџетот на општината.

Неискористените одобрени средства со буџетот престануваат да важат на 31 декември во тековната фискална година.
Во буџетите се утврдуваат и долгорочните права за трошење во наредните фискални години.

Износот на потребните средства за долгорочните права на трошење се утврдува врз основа на преземените обврски по основа на склучени договори, преземени обврски по основа на кофинансирање, договори за задолжување, одлуки за емисии на државни хартии од вредност и обврски по однос на стекнато членство на Република Македонија во меѓународни финансиски институции.

Критериумите, начинот, условите, ограничувањата и постапката за задолжување се утврдуваат согласно со Законот за јавен долг.

Извршувањето на буџетите согласно Законот за буџетите, опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со планот на приходи, како и извршување на плаќања во согласност со одобрените средства. При извршување на буџетите потребно е ефективно и ефикасно да се исполнат целите на буџетската програма преку транспарентни процедури.

Трезорот е организациона единица при Министерството за финансии задолжена за ефикасно и ефективно управување со јавните финансиски средства, преку извршување на следните функции, како особено значаен сегмент од вкупното функционирање на државата:

- Управување со ликвидноста на трезорската и другите сметки на државата;
- Следење на наплатата на јавните приходи и другите приливи на Трезорската сметка;
- Извршување на Буџетот на РМ и буџетите на единиците за локална самоуправа, со плански пристап во динамиката на извршувањето на буџетите;
- Водење на буџетско сметководство за Централниот Буџет на РМ и
- Изготвување на дневни и периодични извештаи за наплатата на приходите и реализацијата на расходите според домашни и меѓународни стандарди.

Трезорската сметка со која управува Трезорот е отворена во Народната банка на РМ и преку неа се одвива централизирано наплатата на сите јавни приходи и извршувањето на јавните расходи (концепт на "Единствена Трезорска сметка"). Во рамки на истата, како потсметки, свои сметки имаат сите буџетски корисници, вклучително фондовите и единиците на локалната самоуправа. Истите согласно Законот за буџетите не можат да имаат сметки надвор од Трезорската сметка. Единствено Министерството за финасии - Трезорот може да отвори и други сметки кај носител на платен промет за одделни финансиски средства за кои е потребно посебно оперативно извршување и следење. За девизните средства од донаторите и за други девизни средства кои ги поддржуваат активностите на буџетските корисници истите можат да отворат девизни сметки во Народната банка на РМ по претходна согласност од Министерството за финансии.

Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Буџетот на Европската унија, согласно одредбите и правилата на Европската унија за финансирање и склучување на договори
Согласно Законот за буџетите, буџетски корисници се корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им се доверено вршење на јавни овластувања;

Во насока на спроведување на регулативите и процедурите пропишани од Европската комисија за реализација на програмите и проектите кои Европската унија и ги доделува на Република Македонија, во текот на 2005 година формирани се две нови одделенија за развивање на системот на финансиското управување.

- Одделение за централно финансирање и склучување на договори (ОЦФСД), со 8 вработени. Ова ново формирано одделение во МФ ќе биде надлежно за планирање, тендерирање, склучување на договори, плаќања,

сметководствените и финансиските аспекти на известувањето до Европската комисија врзани за реализацијата на програмите финансирани од пред-пристапните фондови ("ИПА- Instrument for Pre-accesion") на Унијата.

- Одделение за управување со фондовите на ЕУ (ОУФЕУ – Национален Фонд), преку кое пред-пристапните фондови на ЕУ ќе се насочуваат во земјата корисник , ќе обезбеди цврста финансиска контрола на користењето на средствата од сите 5 ИПА компоненти преку воспоставување и надградба на системот на внатрешна контрола, сметководтво и ревизија .Националниот фонд е одделение во рамките на Сектор Трезор со 5 вработени. Потребно е негово кадровско доекипирање за уште нови 2 вработени до крајот на 2007, а до 2010 постепено негово зајакнување за уште 3 вработени или вкупно до крајот на 2010 се предвидува одделението да има 10 вработени

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2007 година ќе се донесе потребната законска регулатива за хармонизација и развој на системот на финансиското управување со фондовите на ЕУ.

За прецизирање на постапките за управување со ЕУ фондовите ќе се изготви соодветен подзаконски акт.
Ќе биде подготвени и Правилник за процедурите за работа на Одделението за централно финансирање и склучување договори и Правилник за процедурите за работа на Одделението за управување со фондовите на ЕУ кој ќе се однесува на поставеноста на националните структури за децентрализирано управување на ЕУ програмите, во согласност со Регулативата на Европската унија.

Во истата насока дополнително ќе се зајакнат капацитетите со вработување на 8 нови лица ( (2 во Нациионалниот Фонд и 6 во Одделението за централно финансирање и склучување на договори – CFCU). За новите вработувањата ќе се обезбеди ИКТ опрема и обуки.

Во рамките на активности кои се во насока на целосна хармонизација и развој на системот на финансиското управување, се планира донесување на законот во текот на месец мај 2007 година усвојување на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот 2008-2010 година ќе се оцени потребата за понатамошно развивање на стратешкото планирање кое е од суштинско значење за менаџирање на буџетите на одделните буџетски корисници и постигнување на поголема транспарентност, ефикасност, рационалност и законитост во користењето на буџетските средства.

Во насока на претходното се планира исто така изведување на обука со сите министерства и органи на државната управа кои подготвуваат законски и подзаконски прописи со цел да направат согледување на вкупните потреби од неопходни финансиски средства во наредниот период како за потребните ресурси, така и за потребната опрема и потребниот простор, за што е неопходно да бидат утврдени и индикаторите на успешност и бенефитите кои ќе се остварат од предложениот пропис.

Секторот за буџет и фондовите дополнително ќе ги зајакне капацитетите со вработување на 9 нови лица (3 во Нациионалниот Фонд и 6 во Одделението за централно финансирање и склучување на договори – CFCU). За новите вработувањата исто така ќе се обезбедат ИКТ опрема и обуки.

Долгорочните согледувања и политики на Владините ресори квантифицирани во стратешките планови се гаранција за континуиран и одржлив развој на истите во насока на исполнување на поставените цели.
Реформите во буџетот, финансиското управување и контрола несомнено мора да бидат следени и со соодветни усовршувања на постојниот информатички систем за буџетско и трезорско работење, за што е утврдена потребата од набавка на нов софтвер за потребите на буџетското планирање.

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Потребно е развивање на неопходниот капацитет на новоформираните одделенија во Министерството за финансии за управување со фондовите на Европската унија. За таа цел во предвидени се нови вработувања во двете одделнија според следната динамика:

## ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ

| ИНСТИТУЦИЈА | Сектор/ одделение | Состојба 31.12.2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 09001: Министерство за финансии | МФ: Сектор за буџети и фондови/сектор за трезор | 13 | 5 | 4 | 3 | 3 | 15 |
| 09001: Министерство за финансии Вкупно | | 13 | 5 | 4 | 3 | 3 | 15 |
| **ВКУПНО** | | **13** | **5** | **4** | **3** | **3** | **15** |

## СТРАНСКА ПОМОШ

На краткорочен план, во наредниот период за зајакнување на капацитетите на новоформираните две одделенија, ќе се користат средства од програмата КАРДС 2005 во износ од 2,3 милиони ЕВРА од кои дел ќе се користат за изработка на анализа на моменталната состојба на новоформираните структури за управување со ЕУ фондовите согласно ЕУ правилата, дел ќе бидат наменети за обуки на сите релевантни учесници во децентрализираниот систем за управување со ЕУ фондовите, дел за ИПАРД Агенцијата, дел за подготовка на јасни упатства за ефикасно користење на ЕУ фондовите и техничка помош како секојдневна поддршка на двете одделенија надлежни за управување со ЕУ Фондовите.
На среднорочен план, има предвидени средства во рамки на КАРДС 2006 во износ од 1,5 милиони ЕВРА програмата за понатамошно зајакнување на капацитетите и обезбедување на техничка поддршка на двете одделенија и останатите учесници во управувањето со ЕУ фондовите.

# 4 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ACQUIS

### 4.1.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА - РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Стратегијата за реформа на јавната администрација, меѓу другите, го идентификуваше процесот на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ како еден од мотивите за спроведување на реформата на администрацијата. Со други зборови, реформата на јавната администрација треба да допринесе да се исполнат критериумите за членство на РМ во ЕУ, односно да се изгради администрација која ќе биде способна успешно да се справи со процесот на преговори за членство во Унијата и уште поважно, администрација која ќе биде способна ефикасно и ефективно да го транспонира и имплементира европското законодавство. Покрај овие важни хоризонтални реформски зафати, чија основна цел е да се изгради јавна администрација која применувајќи ги заедничките европски административни принципи и стандарди успешно ќе функционира во т.н. „Европски административен простор“, „секторските“ реформи заради приближување на македонското кон европското законодавство спроведени досега веќе имаа и ќе имаат уште поинтензивно влијание врз административната структура во РМ, пред се заради воведувањето на нови институции во системот, но и заради потребата од институционално зајакнување на постојните.

Во функција на поставување **правна рамка за функционирање на системот на државна служба** и остварување на целите на реформата на државната администрација, во јули 2000 година, е донесен Законот за државните службеници ("Службен весник на РМ", бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04. 69/04, 81/05 и 61/2006). Со цел да се надминат проблемите во неговото спроведување, во септември 2005 беа усвоени најсеопфатните измени и дополнувања, кои треба да придонесат кон: зајакнување и доследно применување на воспоставените начела и стандарди во сферата на селекцијата, вработувањето, одговорноста и оценувањето на државните службеници; поедноставување и поекономично спроведување на постапката за вработување; олеснување на хоризонталната мобилност; поажурно собирање на податоците за државните службеници, нивна обработка и внесување во Регистарот на државни службеници. Последните измени и дополнувања на законот („Сл. весник на РМ" бр.61/2006), беа донесени како резултат на потребата да се операционализираат одредбите од новиот Изборен законик за обврската за учество на државните службеници во изборните органи, односно за професионализација на изборните органи.

Согласно Законот за државните службеници, АДС е надлежна за координација на активностите што се однесуваат на **стручното усовршување и обука** на државните службеници, како и промоцијата на ефикасното и ефективното работење на државните службеници. Во таа смисла, АДС го донесе "Националниот систем за координација на обуката и стручното усовршување на државните службеници во РМ" ("Сл. весник на РМ", бр. 91/05).
Во тек е изработка на Годишни програми за обука во сите институции опфатени со овој документ, со кои треба да се обезбеди систематски приод во координацијата, планирањето и спроведувањето на обуката на државните службеници во секој орган поединечно. Овие програми треба да придонесат во остварувањето на стратешките приоритети и цели, во реализацијата на годишните програми за работа и да овозможат планирање на потребните финансиски средства за обука во годишните буџети на институциите.Изработката и доставувањето на Годишните програми за обука планови ќе биде следено од АДС.

Во однос на општинските администрации и потребата од стручно обучување особено заради процесот на децентрализација, врз основа на потпишаниот Меморандум во 2003 година, Трилателарниот комитет за координација на обуките на локално ниво (МЛС; АДС и ЗЕЛС), со поддршка на UNDP изработи „Анализа на потребите за обука на државните службеници на локално ниво" и „Насоки за подготовка на годишна програма за обука", што како краен производ резултираше и со „Програма за обука и стручно усовршување на државните службеници во општинската аадминистрација".
Во 2006 е донесена петгодишна Стратегија за обука на општинската администрација.
Прашањето на обуката е уредено и со следните документи: Стратегијата за обука на службениците од државната администрација во процесот на приближување кон ЕУ, донесена од Владата во 2000 година и трите Оперативни планови за обука што произлегоа од неа (за периодот 2001/2002, 2003/2004, 2005/2006 година).

Согласно заклучоците од Самитот во Солун (2003 г.) заради поефикасно спроведување на реформата на јавната администрација и процесот на европска интеграција како чадор процес на реформите во општеството, беше преземена обврска и изразена подготвеност од страна на ЕУ (ЕК) за формирање на регионална школа за јавна админиситрација. Во мај 2006 година, Република Македонија заедно со останатите земји од Западен Балкан го потпиша Протоколот за соработка за формирање на Регионално училиште за јавна администрација (РеСПА). По потпишувањето на Протоколот, одржани се три состанока на Управниот Комитет на кои се усвои Деловникот за работа на Комитетот , разгледан е планот

на активности за наредните две години и календарот за нивно остварување и отпочната е реализацијата на некои од активностите. Така на пр., согласно планот на активности, на предлог и во организација на ОЕЦД /СИГМА, во соработка со АДС, во ноември 2006 година во Република Македонија се одржа Регионална конференција на тема „Регулаторен менаџмент", како прва активност на РЕСПА.

Заради согледување на состојбите и утврдување мерки и активности за **поефикасно управување со човечките ресурси**, Генералниот секретаријат на Владата, во соработка со АДС, во декември 2005 година изготви Анализа за човечките ресурси во државната управа - состојби, управување, развој и предизвици и Акциски план за спроведување на заклучоците и препораките содржани во Информацијата во јануари 2006 година.

Врз основа на Стратешкиот план и законските одредби, и поради потребата од **зајакнување на капацитетите на „центарот на владата" и министерствата** за креирање конзистентни и одржливи политики, нивна анализа, координација и ефикасна имплементација, во рамки на Генералниот секретаријат беа формирани Сектор за анализа на политики и координација, во чиј состав е Одделението за реформа на јавната администрација и Одделението за соработка со невладините организации, а формирани се и Сектор за стратегија, планирање и следење и Сектор за имплементација на Рамковниот договор. Во 2005 година формиран е и Сектор за економски политики и регулаторна реформа, кој во јануари 2007 година врз основа на Правилникот за внатрешна организација и согласно новите надлежности во функција на отпочнатата регулаторна реформа, се преименуваше во Сектор за економски политики и регулаторна реформа.

Владата со Одлука за воведување гилотина на прописите од ноември 2006 година, ја отпочна **регулаторната реформа** како институционален механизам за преиспитување на прописите заради нивно поедноставување. Реформата е насочена кон укинување на одредени бирократски постапки, со цел намалување на коруптивните дејствија и подобрување на бизнис климата. До август 2007 година, 1500 закони и 1000-1500 подзаконски акти ќе бидат ревидирани, а оние кои се несуштински и некомпатибилни со принципите на пазарната економија ќе престанат да важат. За спроведување на овие активности, Владата воспостави институционална структура: Координативен комитет раководен од Заменик на Претседателот на Владата за економски прашања, Сектор за економски политики и регулаторна реформа, Комисија за регулаторни реформи и работни групи за министерствата и органите на државна управа. Усвоени се два вида образци: образец 1 за подготвка на листа на прописи и образец 2 за оценка на оправданоста на прописот. Реформата ќе се одвива во три фази: 1. изготвување на листа на сите прописи и оценка за оправданоста на секој пропис, 2. преиспитување на мислењата за оправданост на прописите и изготвување мислење за измена, престанување на важност или неменување на прописот и 3. воспоставување единствена електронска евиденција на прописи која ќе се објави на интернет страната на Владата. Секторот веќе започна да добива пополнети образци од работните групи кои се состојат од листа на прописи и нивен опис. Досега примил 1520 прописи додека вкупниот број се проценува дека ќе биде 3000. Првите проценки покажуваат дека прописите кои ќе престанат да важат ќе бидат од областа на економијата, финансиите и внатрешните работи.

Правната рамка преку која се регулира системот за планирање и креирање на политиките ја сочинуваат Законот за Владата на Република Македонија и Деловникот за работа на Владата во кој се поставени основите за процесите на стратешкото планирање и анализа на политиките и координација. Согласно Деловникот за работа на Владата („Службен весник на РМ", бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03 и 51/06), воведени се нови постапки кои придонесуваат кон **поголема ефикасност и координираност на системот на донесување на одлуки**, а утврден и развиен е системот за утврдување на стратешките цели на Владата, нивно поврзување со буџетот и преточување во годишната Програма за работа на Владата. Утврдени се и постапки за следење на годишната Програма за работа на Владата и на заклучоците на Владата.

Во сите министерства и во некои од органите на државната управа беше спроведена **функционална анализа** како основа за подготовка на стратешките планови на министерствата. Зајакнат е и процесот на стратешкото планирање и механизмите за координацијата на политиките. Согласно Законот за буџетите буџетските корисници имаат обврска да изготват тригодишен стратешки план, кој содржи програми и активности за остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, како и целите и приоритетите на буџетскиот корисник за тој период. Во рамките на развивање на процесот на стратешкото планирање, министерствата подготвија стратешки планови за периодот 2006-2008 година и 2007-2009 година, кои се објавени на нивните веб страници.

Во министерствата се развиваат потребните административни капацитети кои ќе го поддржат **стратешкото планирање и процесот на подготвувањето на буџетот**. Генералниот секретаријат минатата година спроведе бројни обуки во областа на стратешкото планирање, неопходни за надградба на административните капацитети во министерствата и другите органи на државната управа, а подготвен е и нов Прирачник за стратешко планирање.

Во однос на анализата на политиките и нивната координација, во изминатиот период се етаблирани **механизмите за анализа на политики и координација** и донесена е Методологија за анализа на политиките и координација („Службен весник на РМ" бр.52/2006), која ги идентификува клучните актери во системот на креирање политики и нивните обврски.

Основните начела при креирањето на политиките согласно Методологијата се: усогласеност на политиките и актите со стратешките приоритети; фискална остварливост на политиките и актите; усогласеност на политиките и актите со законодавството на ЕУ; заснованост на политиките и актите на претходно извршена анализа; транспарентност при подготвување на политиките и актите; планско спроведување на политиките и актите и следење на спроведување на политиките.

Со цел јакнење на капацитетите на министерствата за подготовка на високо квалитетни предлози, **консултации и оценка на влијанијата**, во јануари 2007 година Генералниот секретаријат издаде Прирачник за креирање политики. Во 2006 година Генералниот секретаријат организираше 2 обуки за подобрување на работата на министерствата за подготовка на законите и развој на политики, а во февруари 2007, спроведе обука за примена на Прирачникот за креирање политики .

Во однос на **развојот на информатички систем,** во изминатиот период реализирано е следното: усвоен е концептот за развој и реализација на е-Влада; донесена е Националната Стратегија за развој на информатичкото општество; интензивирана е примената на ИКТ технологијата во органите на државната управа; донесен е Законот за електронски комуникациии; формирана е Агенција за електронски комуникации; воспоставена е базична мрежна, безбедносна, комуникациска, mail и колаборациска инфраструктура и конфигурација на инфраструктурата; воспоставен е владин интранет портал и владин интернет портал.

Во рамки на проектот **е-Влада**, АДС изработи Прирачник за информатичко комуникациски технологии, кој ќе послужи за подобрување на знаењата на државните службеници од ИКТ и како литература за полагање на практичниот дел од стручниот и приправничкиот испит. Целокупниот тираж на Прирачникот (1500 примероци) е дистрибуиран до сите релевантни институции. Електронската верзија на прирачникот се наоѓа на веб сајтот на АДС. Секретаријатот за европски прашања со поддршка на НОРМАК и ГОФРЕ изготви ИКТ прирачник за професионалци во јавната администрација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Унапредување на системот за стратешко управување во органите на државната управа
- Унапредување на системот за креирање политики во органите на државната управа
- Унапредување на управувањето со човечки ресурси
- Операционализација на концептот Е-Влада
- Јакнење на хоризонталните капацитети за пристапување во ЕУ и имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација
- Спроведување на Националниот систем за обука на државни службеници
- Спроведување на Стратегијата за ЕУ обука на државните службеници и Оперативниот план од 2007 година
- Јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со ЕУ фондови
- Унапредување на базата на податоци за следење на НПАА
- јакнењето на административните капацитети (вработувања и соодветна професионална надградба)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Натамошно јакнење на соработката со Министерството за финансии, поради интегрирање на инструментот ИПА со процесот на стратешко планирање и процесот на буџетирање,
- Соодветно проектирање на потребите за развојот на човечките ресури и јакнењето на административните капацитети во процесот на Европска интеграција ;
- Понатамошно унапредување на системот за креирање политики во органите на државната управа
- Операционализација на концептот Е-Влада.
- Понатамошно унапредување на системот за ЕУ обука
- Понатамошно јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со ЕУ фондови

## 4.1.2 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ

Со оваа Национална програма се идентификувани потребите од јакнење на административните капацитети за пристапување во ЕУ. Тие се идентификувани на ниво на поглавје, надлежна институција, до организациона единица – според потребните профили, во соодветна динамика:

| Година | Вработувања |
|---|---|
| 2007 | 713 |
| 2008 | 675 |
| 2009 | 680 |
| 2010 | 701 |
| **ВКУПНО** | **2769** |

Таквата снимка на состојбата овозможува реално планирање на потребните вработувања, кои треба да се обезбедат преку:

- трансфер на вработени од други организациони единици и органи на државната управа
- нови вработувања, според прикажаните потреби на профили.

На хоризонтално ниво се зајакнува административната поддршка за процесот на пристапување и имплементација: на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, преку:

- прераснување на постојните одделенија за ЕУ во сектори за ЕУ во сите министерства, претставен подолу;
- зајакнување на Секретаријатот за европски прашања;
- Зајакнување на Мисијата на Република Македнија при Европските заедници во Брисел.

Со оглед на потребите и фазите на исполнување на реформата на јавната администрација и потребите на процесот на европска интеграција, во септември 2006 година СЕП спроведе Анкетен образец за утврдување на состојбата со админситративнтие капацитетит и потребите од обуки во рамки на процесот на европска интеграција, со кој беа опфатени околу 800 државни службеници. Овој образец во моментот се ажурира, односно се опфаќа поширок круг на инволвирани службеници во процесот на ЕИ, а наодите од него ќе се опфатата со следниот Оперативен план за ЕУ обука.

Системот на ЕУ обуки натаму се унапредува, преку спроведување на проценки за потребите на обуки, воведување на систем за контрола на квалитетот и евалуација, како и развој на модули на обуки. Се предвидуваат посебни модули на обуки за работните групи по поглавјата на НПАА, кои ќе се реализираат најмалку два пати годишно.

Ќе продолжи Програмата за стипендирање за постдипломски студии за ЕУ (покрај средствата од буџетот на Република Македонија, поддржана и од донаторите Холандија, Германија), која покажа исклучителни резултати. Од 2003 година стипендирани се вкупно 41 студент, од кои 17 се во тек на школување. Од 2007 година, покрај оваа мерка, обезбедени се средства во Буџетот на Република Македонија, исто така менаџирани преку СЕП, наменети исклучиво за државните службеници кои го продолжуваат своето образование во деоменто на ЕУ/ЕИ на домашните универзитети, со што ќе се даде дополнителен поттик на процесот на ЕИ.

Од 2007 до средината на 2009 година ќе се спроведе третата фаза на развојот на базата на податоци за ЕУ законодавство – НПАА база, со која се предвидува развој на НПАА портал, унапредување на системот на мониторинг.

Предвидено е целосно електронско следење на правните акти од НПАА од министерство, преку постапката во Владата, собраниската постапка се до објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## Сектор за ЕУ

### Одделение за преговори и интеграција

**Делокруг:**

- Поддршка на преговорите за пристапување
- Планирање, координација на реализацијата и мониторинг на НПАА
- Имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РМ и ЕУ
- Поддршка на работата на телата во рамките на ССА
- Одржување на електронска библиотека на документи и акти поврзани со НПАА
- Одржување на НПАА колаборативна околина (web)
- Утврдување надлежности за ЕУ мерки, утврдување на потреби на превод и ревизија на ЕУ акти;

### Одделение за имплементација на ИПА

**Делокруг:**

- ИПА планирање на приоритети и потреби кои произлегуваат од НПАА
- Програмирање на инструментите за претпристапна поддршка
- Подготовка на проекти и техничка документација
- Координација на подоготовка на проекти
- Имплементација, следење на имплементација и евалуација на проекти
- Следење на друга странска помош и обезбедување комплементарност

### Одделение за координација, мониторинг и евалуација

**Делокруг:**

- Координација, мониторинг и евалуација на активностите за пристапување во ЕУ
- Обезбедување конзистентност со ситемот на стратешко планирање, буџетско планирање и реализација
- Градење на институциите – планирање, следење и евалуација
- Програмирање и реализација на обуки поврзани со ЕУ
- Соработка со субјектите во цивилниот сектор вклучени во процесот на пристапување
- Подготовка и дистрибуција на информации и извештаи

### Одделение за програми на Заедница

**Делокруг:**

(Во оние министерства каде што ќе се утврди приоритет, а не треба посебно тело)

- Програмирање на учеството во Програмите на заедницата
- Реализација на проекти

# 5 НАЦИОНАЛНА ВЕРЗИЈА НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**ПРАВНА РАМКА**

Европската унија е единствена меѓу светските меѓународни организации која активностите од јавен карактер ги спроведува на официјалните јазици на нејзините земји-членки. Повеќејазичноста е утврдена политика на Унијата уште од првиот ден на нејзиното постоење. Моментно, има 23 подеднакво автентични јазици на Договорите (вклучувајќи го и ирскиот јазик).

Основните принципи што се однесуваат на употребата на јазиците во Европската унија се утврдени во:

- Регулатива бр. 1 на Советот од 1958 година (првично 4 официјални јазици, нови јазици се додадени со секој Акт што се однесува на условите за пристапување);
- Член 21, 290 и 314 од Договорот за основање на Европската заедница;
- Член 53 од Договорот за Европската унија;
- Член 58 и 61 од Актот што се однесува на условите за пристапување на Република Чешка, Република Естонија, Република Кипар, Република Летонија, Република Литванија, Република Унгарија, Република Малта, Република Полска, Република Словенија и Република Словачка во Европската унија и прилагодувањата кон Договорите на кои се основа Европската унија.
- Деловник на институциите на Европската унија, како и
- Известувањето на Комисијата до Советот, Европскиот парламент, Економско-социојанлниот комитет, Комитетот на региони за новата Рамковна стратегија за мултилингвалност, КОМ (2005), Брисел, 22.11.2005 година.

Основни начела на Европската унија во врска со јазикот е дека:

- законодавните и политички документи кои ги донесуваат институциите редовно се преведуваат на сите официјални јазици;
- толкување се обезбедува на сите официјални средби на министерско ниво и сите состаноци поврзани со процесот на донесување одлуки;
- секој член на Европскиот парламент зборува на својот мајчин јазик кога се обраќа на парламентарните седници;
- секој жител на Унијата може да пишува до некоја институција или тело на ЕУ на еден од 23 официјални јазици од Договорите и ќе добие одговор на истиот јазик.

Со секое ново пристапување, севкупниот корпус на правото на Европската заедница кое се применува во тоа време – acquis– мора да се преведе на јазикот на новата земја пред пристапувањето, со цел граѓаните да знаат кон што се заложуваат. Уште од првиот ден на членството мора да има преведувачи ангажирани со постојано работно време кои ќе преведуваат на и од новите јазици во европските институции, за да може работата да продолжи на сосема ист начин како и за постојните членки.

Во периодот пред пристапување, владата на земјата-кандидатка, е одговорна за преведување на законодавството на ЕУ кое моментално е во сила на нивниот јазик, и мора да основа специјално тело кое ќе се посвети на оваа задача. Преведувањето и ревидирањето на acquis веројатно е единствената задача во целиот процес на пристапување која е сосема иста за секоја идна земја-членка.

Со приближување на датумот на пристапување, одговорноста се пренесува на Комисијата и Советот бидејќи тие, а не земјите-пристапнички, се одговорни за објавување на автентичните верзии на правото на Европската унија на новите јазици во форма на специјални изданија на Службениот весник.

На преводот на правните акти на ЕУ и на националните правни акти треба да се гледа како на составен дел на целиот процес на усогласување и спроведување на законодавството кое е во врска со интеграцијата во ЕУ. Од суштинско значење е правните акти да се преведат во самиот тек на нивното транспонирање во националните закони. При поднесувањето на нов национален нацрт-закон (веќе усогласен со acquis) за усвојување, мора да се приложи изјава за негова сообразност со правото на ЕУ, како и превод на оригиналниот акт на ЕУ кој веќе е ревидиран од експерти од вклучените ресорни министерства, лингвисти и правници. Преводите на македонските правни акти усогласени со acquis треба да бидат достапни за институциите на ЕУ кои се одговорни за набљудување на напредокот постигнат во приближување на законодавството.

Целите и функцијата на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire се опфатени со:

- Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, 2004 година
- Нацрт-стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања

- Стратешкиот план за подготовка на македонската верзија на acquis communautaire и превод на македонското законодавство, мај 2006 година.

Процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire детално е утврден и со:

- Техничко упатство за процесот на преведување на правните акти на Европската унија
- Прирачник за преведување на правните акти на Европската унија
- Прирачник за преведување на правните акти на Република Македонија
- Упатство за работа на Техничките комитети

Во постапка на изработка се и други упатства кои детално ги определуваат улогите и функциите на сите учесници во процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) се заснова на моделот на мрежа надворешни соработници со едно централно тело, Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire, задолжено за координација и следење на процесот.

Согласно Правилникот за внатрешна организација на Секретаријатот за европски прашања, ноември 2005 година, Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire е надлежен за спроведување на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire. Во рамките на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има две одделенија: Одделение за ревизија и терминологија задолжено за утврдување на критериумите за конзистентност при преведување на правните акти на ЕУ, градење на терминологија, спроведување на контрола врз процесот на преведување како на правните акти на ЕУ, така и на македонското законодавство.

Одделението за координација на процесот на преведување задолжено е за изработка на план за преведување, следење и координирање на процесот на преведување преку централизирани бази на податоци.

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има вкупно 9 вработени државни службеници и 4 лица ангажирани на определен период.

Учесници во процесот на подготовката на националната верзија на acquis communautaire и преводот на македонското законодавство покрај вработените во Секторот се: агенциите за преведување, техничките комитети задолжени за стручна и правна ревизија на преводите.

Моментно, Секторот соработува со 12 агенции за преведување со кои има склучено три годишни договори (2006-2008). Тие располагаат со 40-65 преведувачи. Агенциите за преведување вршат превод и лекторирање на правните акти, технички го уредуваат текстот на актот, како и доставуваат преводна меморија (Традос или Вордфаст).

Техничките комитети се задолжени за стручна и правна ревизија на преводите на правните акти на Европската унија. Формирани се 22 Технички комитети од различни области. Во составот на техничките комитети се претставници од министерството-твата кои се директно задолжени за транспонирање на правните акти од соодветната област во македонското законодавство, како и правник од соодветното министерство или од Секретаријатот за законодавство. Со цел да се обезбеди повеќестрана ревизија на преводот, во составот на Техничкиот комитет влегуваат и професори и претставници од јавниот сектор.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Подготовка на македонска верзија на acquis communautaire (правото на ЕУ)**

До сега *acquis* е составено од приближно 100.000 страници од Службениот весник на Европската унија. Тоа е „подвижна цел" која постојано се дополнува, изменува, зголемува. Секоја година во просек се донесуваат над 5000 страници на Службениот весник на Европската унија.

До крајот на 2006 година преведени се вкупно 2.254 акти на Европската унија, односно 24.825 страници од Службениот весник на Европската унија.

**Превод на македонското законодавство**

Во однос на преводот на македонското законодавство досега се преведени приближно 243 преводи на акти или околу 7500 страници. Досега се ревидираа 31 закон или вкупно 868 страници од Службениот весник на Република Македонија.

**Централни бази на податоци**

Изработени се неколку бази на податоци: регистар за следење на процесот на преведување, база на преводи на македонски закони и подзаконски акти на англиски јазик, база на ЕУ терминологија и корпус на веб.

Регистарот за следење на процесот на преведување има за цел централизирано следење и управувањето со работниот тек на процесот на преведување и на преведените документи, како и евидентирање на сите финансиски аспекти. Со

регистарот се овозможува ефикасно следење на процесот на преведување во сите негови фази, како и се обезбедува врска со постојните правни бази на податоци со што може да се поврзат процесите на усогласување и преведување.

Базата на ЕУ терминологија и корпус на веб предвидено е да биде од јавен карактер. Базата се полни од мултитерм и од преводните мемории добиени преку машинските алатки за превод, како што се Традос (Trados Translator's Workbench) и Вордфаст.

Покрај тоа, со помош на двојазичнио паралелен англиско-македонски корпус на преводи се обезбедува пребарување на термин во контекст на правните акти на ЕУ.

На тој начин, се обезбедува конзистентност во преведувањето од страна на сите вклучени страни во прпроцесот.

Во однос на терминологијата, досега на веб страницата на Секретаријатот за европски прашања постаени се повеќе тематски поимници на повеќе јазици на Европската унија. Моментно, поимниците содржат околу 37.000 термини.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во насока на јакнење на капцитетите и подобрување на процесот на подготовка на македонската верзија на правот на ЕУ и преводот на македонското законодавство, потребно е:

- Да обезбеди надградба на софтвер – да се подобри работата на Регистарот за следење на процесот на подготовка на националната верзија на acquis communautiare со што ќе се обезбеди прецизна евиденција целиот процес.
- Набавка на соодветна ИТ опрема (подобрена инфраструктура, набавка на сервери);
- Разработка на план за обука и негово донесување од страна на Владата на Република Македонија.
- Да се обезбедаат постојани консултации, организирање на семинари и работилници за сите вклучени учесници во процесот на подготовка на националната верзија на acquis.
- Да се започне реализацијата на проектот за преведување на примарно законодавство.
- Да се спроведе постапка на вработување на најмалку 4 лица во согласност со Правилникот за внатрешна организација на Секретаријатот за европски прашања;
- Да се воспостави подобрен систем на стручна и правна ревизија и негово операционализирање.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во насока на јакнење на капцитетите и подобрување на процесот на подготовка на македонската верзија на правот на ЕУ и преводот на македонското законодавство, потребно е:

- Изработка и операционализација на терминологија од областа на Европската унија и корпус на Веб;
- Да се започне реализацијата на проектот за Евровок во соработка со Собранието на република Македонија;
- Да се засили динамиката на преведување и ревидирање на бројот на страници од acquis, како и зголемување на бројот на ревидирани документи прикачени на ЦЦВиста;
- Одржувањето на базата на податоци за терминологија и преводни мемории;
- Отпочнување на информативна кампања поврзана со процесот на подготовка на националната верзија на acquis и јазичните барања кои произлегуваат од интеграцијата во ЕУ;
- Да се вработи потребниот број лица согласно Правилникот за внатрешна организација на Секретаријатот за европски прашања;
- Систематско обучување на преведувачи и толкувачи, правниците-лингвисти за идната работа во националните оддели за преведување во институциите на ЕУ, во соработка со националниот универзитет и институциите на ЕУ.

**КАПАЦИТЕТИ**

Во 2006 година бројката на редовно вработените се зголеми за 2 лица, односно Секторот има вкупно 13 лица, од кои 9 лица се во редовен работен однос и 4 се ангажирани на определено време.

| **ПРЕГЛЕД НА КАДРОВСКО ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Буџетски број** | **Институција** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **Вкупно** |
| 19001 | Секретаријат за европски прашања – Сектор за подготовка на националната верзија на acquis coommunautaire | 2 | 4 | 2 | 2 | 0 | 10 |
| | | | | | | | |
| | **Вкупно** | **2** | **4** | **2** | **2** | **0** | **10** |

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во рамките на Норвешката помош по завршување на првата фаза од проектот за терминологија од областа на Европската унија и корпус на Веб, предвидена е втора фаза за изработка на апликацијата. Проектот се предвидува да заврши во втората половина на 2007 година. Исто така во рамките на Норвешката помош, предвидено е во првата половина на 2007 година да се заврши проектот: Постипмплементациско одржување на Регистарот за следење на процесот на преведување.

Во рамките на проектот на ГТЗ – Германско друштво за техничка соработка, проект: Советодавни услуги за процесот на приближување кон Европската унија, обезбедени се дополнителни средства во Буџетот на Секретаријатот за европски прашања за преведување на секундарното законодавство на Европската унија.

Со поддршка на Британскиот Глобален фонд се реализира проектот: ЕУ поимник за ИПА (Инструмент за претпристапна помош).

# 6 ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

Владата на Република Македонија има широка поддршка за зачленување во ЕУ во сите општествени слоеви и меѓу сите општествени групи. Сите политички партии во Македонија во своите програми членството во ЕУ го имаат зацртано во своите програми. Бизнис секторот, најголемиот дел од невладините организации и граѓанските асоцијации го поддржуваат зачленувањето во ЕУ. Поддршката од населението во континуитет изнесува над 87 отсто од популацијата. Последното истаржување на јавното мислење од јануари 2007 година покажува поддршка од 87.8 отсто. Во ова истражување видливо е зголемување на знаењата кај населението за прашања поврзани со ЕУ како резултат зголемената комуникација со специфични целни групи и како резултат на проектите за инфомирање кои се во тек.

Свесни дека процесот за членство во ЕУ ќе се оствари преку долг и сложен процес и водени од политиката на реален оптимизам, зацртана во „Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста 2006-2010" Владата на Република Македонија започна кампања за подигнување на јавната свест, насочена кон информирање на граѓаните за позитивните и негативните страни од членството во ЕУ како и за условите - политичките, економските, законските и институционалните - кои земјата треба да ги исполни со цел да стане членка на ЕУ.

Во насока на заложбите на Република Македонија за интензивирање на процесот на пристапување на земјата кон Европската Унија, од исклучителна важност е да се задржи јавната поддршка за политиката на Владата за зачленување во Унијата. Со цел да се подобри свеста во јавноста за процесот за пристапување во ЕУ во Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста 2006-2010 зацртани се следниве општи цели:

- Да се продолжи со процесот на приближување на граѓаните на Република Македонија до секојдневните димензии на функционирањето на ЕУ преку зголемување на свеста и разбирање на политиката и процесот на интеграција
- Да се зголеми свеста кај локалните заедници;
- Да се изгради доверба и увереност во капацитетите на македонските институции вклучени во процесот на европска интеграција;
- Да се изгради верба во институциите на ЕУ;
- Да се осигури дека специфичните сектори како што се бизнис, земјоделскиот или правосудниот сектор го разбираат процесот и целосно се вклучени и подготвени;
- Да се осигура дека земјите членки на ЕУ се свесни за подготвеноста на Република Македонија за интеграција и да се добие нивната поддршка.

За да се оставарат овие цели Владата на РМ подготви проекти чија реализација ќе помогне не само во инфомирање дуку и во соодветна едукација на населението и на повеќе општествени групи за темите поврзани со процесот на интеграцијата како и со обврските кои произлегуваат од членството. Следниве проекти се рефлектираат во годишни оперативни планови:

- ***„Учиме за Европската Унија"*** – проект кој ќе придонесе за едукација, запознавање и зголемена свест за суштината на евроинтегративните процеси кај младите генерации, како главен услов во спроведувањето на стратешките определби на Република Македонија за влез во Унијата;
- ***„Социјалната вклученост (инклузија) во Македонија и потребите за нејзино синхронизирање со Отворениот метод на координација на социјалната инклузија на Европската Унија"*** – проект кој ќе придонесе за усогласување на владина политика за синхронизирање на напорите на сите релевантни фактори во земјата во социјалната сфера. Преку развој на ваквиот пристап, Владата на Република Македонија, има за цел да ги дефинира основните проблеми во областите на социјалното вклучување – социјалната заштита, пензиите, здравствената и долгорочната нега, како и транспортот, образованието, домувањето, пристапот и употребата на новите информатички технологии, во соработка со сите релевантни актери во ова важно поле на развој;
- ***„Македонска про – европска лоби група"*** – проект кој ќе придонесе за поактивно ангажирање на Република Македонија кон елиминирање на евентуалните последици од заморот на проширувањето на Европската Унија, што е резултат на различните гео – политички, гео – стратешки, но и социјално – економски причини кои ги загрижуваат граѓаните на одделни членки на Унијата. Оттука, произлегува потребата за формирање на една македонска про – европска лоби група, која би се ангажирала во спроведување на јавна кампања по примерот на она што се нарекува „public diplomacy";
- ***„ЕУ прес центар"*** – проект кој ќе придонесе за генерирање и мобилизација на општествената енергија, во правец на исполнување на потребните услови за побрзо затворање на преговорите за полноправно членство во Европската Унија. Тоа, во голема мера е поврзано со потребата за создавање услови и можности за заедничка

промоција и информирање на јавноста за позитивните примери од нашата секојдневна практика. Од овие причини, произлегува потребата за создавање на еден систем на јавно информирање, кој би ги задоволил потребите на граѓаните и институциите за јавно информирање, кој навремено и целосно би ги дистрибуирал релевантните информации и знаење за тековите и напредокот во процесот за пристапување во Европската Унија;

- ***„Македонија и европскиот универзитет денес“*** – реализација на серија летни школи за млад универзитетски кадар од Македонија, проект кој ќе придонесе за европско интегрирање на македонското високо образование и научната дејност од суштински аспект. Овие активности имаат за цел интегрирање на високо – образовната и научната дејност во Македонија во Болоњскиот процес, главно преку ревизија на курукулумите и усвојување на академски традиции и научни наследства кои се европски по своето потекло. Во насока на унапредување на високо – образовната и научната дејност, не се доволни само формално – техничките реформи, туку и усвојување на тематско – проблемски рамки на студии, кои ќе внесат високи вредности во организирањето на наставата, по примерот на Европската Унија.
- ***„Одиме локално“*** – проект кој ќе придонесе за зајакнување на свеста кај клучните субјекти на локално ниво – градоначалниците и советниците, дека работејќи локално придонесуваат за напредокот на национално ниво, но истовремено да се мобилизира и зајакне учеството на граѓаните, граѓанскиот и бизнис сектор во креирањето на одлуките поврзани со европската иднина на Македонија на локално ниво;
- ***„Центар за европски култури“*** - проект кој ќе придонесе за интеркултурно и интердисциплинарно промовирање на вредностите на европската култура во Република Македонија и на македонската култура во Европа, со што ќе се овозможи надминување на стереотипните претстави кои европските народи ги имаат едни за други;
- ***„Македонија одблизу“*** – проект кој ќе придонесе за запознавање со темелните вредности на македонската култура и нејзините современи општествени состојби кај младите од македонската дијаспора кои бележат извонредност во своите области на дејствување. Преку реализација на оваа проектна активност, се очекува да се покрене долгорочен процес на можно организирање на овие млади луѓе како лобистичка група, која би дејствувала во полза на матичната држава.
- ***„ЕУ инфо центар“ –*** информативен простор во центарот на главниот град каде што сите граѓани ќе можат да добијат информации за ЕУ, брошури. литература, итн.